# Предговор

Годинава (2013) се навршуваат 120 години од основањето на Македонската револуционерна организација (МРО), 110 години од Илинденското востание и 100 години од Букурешкиот договор. Првата, 120-годишнина го означува почетокот на организираната македонска револуционерна борба за автономија на Македонија во рамките на Османлиската Империја. Втората, 110-годишнината од Илинденското востание го симболизира врвниот дострел на револуционерната борба за автономија на Македонија. Третата, 100-годишнината од Букурешкиот договор ја симболизира поделбата на Османлиска Македонија, а со тоа и поразот на идејата за автономија на Македонија во нејзините природни и географски граници.

Споменативе годишнини се повеќе од повод за објавувањето на овој документарен Зборник, токму годинава. Поместените документи во него ги обединуваат 120-годишнината од основањето на МРО и 110-годишнината од Илинденското востание како една заокружена целина од борбата за автономија на Македонија. Временската дистанца е повеќе од доволна преку овој Зборник документарно и без предрасуди да се соочиме самите со себе, со своето минато, со сопствената историографија, но и со другите.

Ако наведениве годишнини претставуваат само повод за објавување на Зборникот годинава, потребата за неговото составување ја чувствуваме од порано. Во македонската историографија до сега не постои таков Зборник кој на едно место, низ документи, настанати првенствено од Организацијата, а делумно и од организации, институции и поединци, кои биле во непосредна комуникација со неа, нуди можност за континуирано, систематско и проблемско проследување на позначајните процеси во македонското револуционерно движење од создавањето на МРО заклучно со Илинденското востание. Постојните публикации кај нас се скудни со материјали од таков вид[1] и само парцијално зафаќат одредени сегменти од македон-

---

[1] Првиот посериозен исчекор при публикувањето на документација од македонското револуционерно движење е направен во 1953 година од Љубен Лапе по повод педесет годишнината од Илинденското востание. Види: Љубен Лапе, Нови документи за Илинденското востание, Илинденски Зборник 1903–1953, Институт за национална историја, Скоје 1953, 3–151. Во овој Зборник Љ. Лапе публикувал 35 документи за Илинденското востание од кои речиси половината се

ската револуционерна борба. Поради тоа, тие не даваат можност за комплексно согледување на процесите во македонското револуционерно движење, а уште помалку за расчистување на некои напластени историографски дилеми, контроверзи и противречности.

Поаѓајќи од начелото дека секое изолирано претставување и анализирање на документите надвор од својот историски контекст без критички пристап и споредување со другите извори често води кон нецелосни, а понекогаш и до погрешни констатации и заклучоци, ние пристапивме кон составувањето на Зборников со намера дека со понудените материјали на едно место го прошируваме прозорецот за поглед кон минатото. Се разбира, Зборникот не претендира да биде сеопфатен, но сепак се надеваме дека со претставените документи ќе даде скромен придонес за согледување на повеќе прашања и некои воспоставени стереотипи. Сметаме дека претставените документи даваат поголеми можности за соочување не само со изворната документација, туку и со поедини историографски интерпретации кои се засновани врз одбрани документи. Се разбира, многу прашања и дилеми и понатаму ќе останат отворени.

Во Зборникот се поместени 153 документи. Од нив 123 документи потекнуваат од Организацијата, или поточно од нејзините институции, раководители и протагонисти. Другите триесет документи потекнуваат од организации, институции и поединци кои по разни основи биле во непосреден контакт, или судир со Организацијата. Таквите документи не само што ги претставуваат погледите

---

од институции или поедници активисти на Организацијата. Покрај тоа, овде ќе го спомнеме и третото дополнето издание од едицијата „Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ“ под редакција на Љубен Лапе каде се поместени 41 документ од Организацијата, т.е од нејзини институции и поедници за периодот од 1893–1903 година. (Види: Љубен Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел, трето дополнето и проширено издание. Универзитет Кирил и Методиј – Скопје, Скопје 1975). Овде би го вброиле и репрезентативното издание „Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава“, каде се објавени 22 документи за периодот од 1893 до 1903 година. (Види: Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први, Универзитет „Кирил и Методиј“, Скопје 1981). Сепак до сега единствевена заокружена тематска целина претставува преписката на Гоце Делчев, која беше публикувана од Христо Андонов Полјански во репрезентативното шесттомно издание за Гоце Делчев. (Види: Христо Андонов Полјански, Гоце Делчев, – II преписка, Скопје 1972). Покрај наведените во македонската историорграфија постојат и други публикации во кои се објавени поедини документи од македонското револуционерно минато за периодот 1893–1903 година, со сиот респект кон нив и авторите што ги објавиле, поради карактерот на овој труд, овде нема да ги наведуваме.

и стремежите на другите кон македонското революционерно движење, туку истите на посреден начин го отсликуваат автохтониот идентитет на Организацијата. Во тој контекст во Зборникот се поместени 12 документи кои потекнуваат од Врховниот македонски комитет; 9 документи од официјални бугарски институции; 4 документи од Бугарското тајно революционерно братство; и 5 документи од поединци.

Документите од Организацијата првенствено се од истакнати раководители и активисти, или пак од името на нејзините институции: Централниот комитет, Задграничното претставништво, Главниот штаб на II револуционерен округ и тн. Покрај бројните писма (индивидуални и институционални), во Зборникот се поместени повеќе окружни писма, устави, правилници, извештаи, протоколи од конгреси, повици, одлуки од Главниот Штаб на II округ, декларации и т.н. Претставените документи овозможуваат да се согледат идејните основи на Организацијата, нејзините цели, организациската поставеност, методите на дејствување, начините на агитација, финансирање и вооружување, функционирањето на организациските канали, изградувањето на четничкиот институт, влијанието на врховистичката востаничка провокација од 1902 година при донесувањето на одлуката за востание, подготовките и реализацијата на востанието, како и првичните согледување на ефектите и последиците од востанието врз натамошниот развој на ослободителното движење.

Покрај тоа низ документите може да се следат односите на Организацијата со други институции и организации и нивните ставови кон неа. Така низ нив може да се согледа иницијативата на Организацијата за преземање на контролата во егзархиските црковно-училишни општини, односите со Бугарската егзархија, со Врховниот македонски комитет, со бугарската влада, со Тајното бугарско революционерно братство, односите со гемиџиите, иницијалната комуникација со Србија и тн.

При изборот на документите нашето основно начело беше да понудиме материјали низ кои може да се следи севкупната активност и развојот на Организацијата. Притоа настојувавме да презентираме документи кои според својата содржина даваат можност за согледување на суштината на македонското революционерно движење и за деконструирање на некои стереотипи кои се издигнати на ниво на парадигма.

Документите во Зборникот се претставени под редакциски наслов. Во него вообичаено стои од кого или која институција е сос-

тавен документот и кому е испратен или наменет. Од овој принцип се иземени уставите, правилниците, окружните писма и сличните ним документи кои се дадени според оригиналните наслови. За полесно користење на материјалите веднаш под насловот на документот следува кратка регеста во која е претставена основната содржина или поентата од документот. Притоа исклучок е направен кај уставите и правилниците и уште неколку документи од сличен карактер.

Сите документи се датирани според стариот Јулијански календар, како во оригиналот. Двојно датирање (според Јулијанскиот и Грегоријанскиот календар) има само кај предупредувачкото писмо од Главниот Штаб на Битолскиот револуционерен округ до Дирекцијата на Ориенталните железници. Недатираните документи ги датиравме според нашите согледувања и убедувања. Таму каде што констатиравме дека постојните датирања се непрецизни, врз основа на компаративни методи и индиректни информации се обидовме да го определиме најблиското можно време на настанување на документот. Нужните објаснувања и аргументите за тоа се дадени во белешките кон документите.

При проучувањето на документите утврдивме дека за некои од нив постојат повеќе верзии, кои настанале како последица на разни преводи или кратења. При таквите случаи ние се определивме за верзијата која ја сметаме за автентична или најблиску до автентичната. Потребните објаснување за тоа се дадени во белешките кон документите. Истовремено за оние документи чии оригинални примероци не се сочувани, туку ни се познати од подоцнежни извори (како Крушевскиот манифест и сл.) настојувавме да обезбедиме дополнителни индиректни сведоштва кои го потврдуват нивното постоење.

Нечитливите делови од документите се одбележани со три точки во квадратни загради, пример [...], а во белешката е назначено дека се работи за нечитлив дел. Повеќето кратенки што се среќаваат во оригиналните верзии на документите се расчитани низ квадратни загради, како на пример Мак[едоно]-Одр[инска]. Многу ретко во квадратни загради [ ] се дадени одредени зборови кои можеби биле испуштени во оригиналот, или пак заради покоректна конструкција на реченицата. Искористените псевдоними низ документите се објаснети во белешките при нивното прво спомнување. Еднаш објаснетите псевдоними не се третирани при нивното понатамошно спомнување низ документите. Бидејќи во документите се спомнуваат многу личности, за најголемиот дел од нив во белешки-

те се дадени елементарни биографски информации. Во тој поглед се изоставени само попатно споменатите лица и оние кои не успеавме да ги идентификуваме.

На крајот од секој документ е наведен изворот од каде е преземен, или уште неколку извори каде е објавен. Кај повеќе документи, особено кај преписката помеѓу Централниот комитет и Задграничното претставништво на Организацијата е наведен архивскиот фонд каде се наоѓаат документите и публикацијата каде се објавени. Всушност, овие документи кон крајот на минатиот век ги користевме при нашите истражувања во Архивот на Македонија, а сознанијата од нив ги цитиравме во нашите трудови.[2] Токму оваа преписка во меѓувреме е објавена во Бугарија.[3]

На крајот должиме објаснување за насловот на Зборникот. Кога пишуваме за историјата на македонското револуционерно движење во нашите трудови Организацијата доследно ја именуваме според нејзините официјални имиња во конкретниот период. Така за периодот од 1893 до Солунскиот конгрес 1896 година го употребуваме името Македонска револуционерна организација (МРО), за периодот од Солунскиот конгрес (1896) до Рилскиот конгрес (1905) го користиме името Тајна македоно-одринска револуционерна организација (ТМОРО), а потоа Внатрешна македоно-одринска револуционерна организација (ВМОРО).[4] Во меѓувреме, кога официјалното име на Организацијата е ТМОРО, некаде во 1899 година, неофицијално започнува да се користи и името Внатрешна организација, првенствено заради дистинкција со Врховниот македонски комитет. Со оглед на фактот дека за периодот што го обработуваме низ документите (1893-1903), Организацијата користи две официјални и едно неофицијално име, пред нас изби дилемата под кое име да ја

---

[2] Види: Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт. Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893–1903 година, Табернакул, Скопје, 2003.

[3] Види: Из архивата на Гоце Делчев. Задграничното претставителство на ВМОРО в София до края 1902 г., подготвили за печат: Ива Бурилкова и Цочо Билярски, Главно управление на архивите при Министерския съвет, София, 2003.

[4] Види: В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов, Прилог кон проучувањето на македонското националноослободително движење, Матица Македонска, Скопје 1997; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт. Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893–1903 година, Табернакул, Скопје, 2003; В. Ѓорѓиев, Вардарски (Петар Поп Арсов), Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници, Табернакул, Скопје, 2006; В. Ѓорѓиев, Подземната република. Даме Груев и македонското революционерно движење, Тримакс, Скопје 2010.

претставиме Организацијата во насловот на Зборникот. Бидејќи ниедно од посочените имиња не го покрива прашањето, ние се одлучивме да го искористиме последното име на организацијата, ВМРО, под кое што таа останала во колективното сеќавање на македонскиот народ и е најпрепознатлива во поширок историографски контекст.

***

Кон крајот на XIX век, Македонија била периферна, неразвиена, небезбедна и зафрлена османлиска провинција во која околу 80% од населението живело на село. Независно од тоа, поради својата географска местоположба и природните ресурси, османлиска Македонија била привлечен обејкт за територијални претензии на соседните држави: Грција, Бугарија и Србија. Трите земји повикувајќи се на своите „историски права“ развиле силни пропагандни активности во Македонија за да привлечат што повеќе привзаници меѓу македонското христијанско население во прилог на своите национални каузи. Покрај нив на пропагандното поле за „своја народност“ во Македонија заиграла и Романија. Оваа земја иако немала директни територијални претензии кон Македонија, играјќи на картата на Власите се надевала на територијална компензација од Бугарија во Добруџа. Почетниот пропаганден натпревар во Македонија набрзо прераснал во бескомпромисна војна за секое село, за секоја црква, за секоја православна христијанска душа, сеедно жива или мртва. Во такви околности често се случувало одредени лица, или цели села, повеќе пати да ги променат покровителите, не поради вистинско убедување, туку поради посилниот притисок или подобрата понуда од другата страна. Во врска со тоа, рускиот интелектуалец А.В. Амфитеатров во својата книга „Земја на раздорот“ пишува: „Во селата и градовите околу Салоники ќе сретнете мноштво Бугари, бивши Грци кога било угодно да се биде Грк и готови да станат Срби, ако скоро стане угодно да се претворат во Срби“. [5]

Србија, Грција и Бугарија, честопати своите противречни интереси во Македонија се обидувале да ги надминат преку преговори за поделба на сфери на влијанија. Таквите разграничувања требало да послужат како основа за идната поделба на османлиска Македонија. Меѓутоа, првичните преговори не дале особени резултати поради преголемите амбиции на преговарачките страни. Во тој поглед се чини попопустлива била Србија, чие пропагандно влијание во

[5] А. В. Амфитеатров, Земја на раздорот, (избор, превод и редакција: Цветан Становски), Скопје, 1990, 70.

Македонија било послабо во споредба со Бугарија и Грција. Како и да е самиот факт што трите земји меѓусебно преговарале за поделба на османлиска Македонија, недвосмислено зборува дека секоја од нив ѝ го признавала правото на другата. Токму тоа го делегитимира наводното „историско право“ на секоја од нив врз оваа територија и ги открива нивните завојувачки претензии кон земјата и народот за кој тврдела дека се нивни, но биле подготвени да ги поделат со другите.

Од друга страна со член 23 од Берлинскиот конгрес (1878) Османлиската Империја била задолжена во европските владенија да воведе реформи согласно Критскиот органски устав од 1868 година. Империјата играјќи на картата на противречностите помеѓу големите сили вешто ги одбегнала обврските од оваа одредба. Токму неисполнувањето на обврските од член 23 од Берлинскиот договор станало појдовна основа во политичките барања на македонското револуционерно движење. Непосредно по Берлинскиот конгрес европските сили влегле во трката по колони и прераспределба на влијанието во светот. Во таква констелација кон крајот на векот веќе почнале да се оцртуваат контурите на двата спротивставени блокови кои подоцна ја донеле Првата светска војна. Во меѓувреме поради спротивставените интереси, големите сили во однос на османското наследство на Балканот, протежирале политика на „статус кво“, иако потајно секоја настојувала да ги спроведе своите намери. Таквата сложена меѓународна и балканска констелација на испреплетени и противречни интереси не отворала перспектива за решавање на македонското прашање.

Во такви услови созревала младата македонска интелигенција. Значаен дел од неа се образувала во бугарските егзархиски училишта, а повеќето од нив биле учители во истите училишта. Малкумина своето образование го стекнале во еропските земји, но и тие претежно работеле во егзархиските образовни институции. Младите македонски интелектуалци загрижени за иднината на својата татковина излезот од османлискиот македонски лавиринт го гледале преку создавање на Револуционерна организација и изведување на општо востание како средство за притисок врз дипломатијата и свртување на вниманието на големите сили кон Македонија.

Основачкиот состанок на Македонската револуционерна организација (МРО) се одржал на 23 октомври / 4 ноември 1893 годи-

на во Солун.[6] На состанокот учествувале: Даме Груев, Петар Поп Арсов, Христо Татарчев, Иван Хаџи Николов, Андон Димитров и Христо Батанциев. Тогаш споменативе шестмина се конституирале како група без никакви формалности. Конкретното конституирање на МРО било на 5 јануари 1894 година за време на Коледната ваканција пред Богојавление.[7] Тогаш било утврдено името на Организацијата, политичката цел и средствата за постигање на зацртана цел. На истиот состанок шестмината основоположници се самопрогласиле за членови на Централниот комитет. Притоа за претседател на ЦК бил избран Христо Татарчев, а Даме Груев за секретар и благајник. Тогаш, Петар Поп Арсов бил задолжен да подготви нацрт Устав за Организацијата и да напише брошура со наслов „Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници".[8] Преку оваа книшка Поп Арсов, под псевдонимот Вардарски открива дека во Македонија постои „бугарска пропаганда" која има за цел „да создаде Бугари", но додава дека „народност со пари не се купува".

На јануарската конститутивна средба било одлучено организацијата да се именува Македонска револуционерна организација со која ќе раководи Централен македонски револуционерен комитет (ЦМРК). При определувањето на целта, основоположниците за појдовна основа го имале член 23 од Берлинскиот договор. Меѓутоа, според Х. Татарчев, откако овој член им се видел прилично апстрактен, тие одлучиле да се „замени со една попластична фигуративна формула – автономија на Македонија во нејзините географски и етнографски граници".[9]

Идејата за автономија на Македонија била прифатена од тактички и прагматични причини.[10] При дефинирањето на целта, творците на МРО пошле од сложеноста на македонското прашање. Ним им биле познати меѓународните обврски на Османлиската Империја и го знаеле ставот на големите сили за зачувување на постојното

---

[6] Повеќе за тоа види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 127–130; В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 79-89.

[7] В. Ѓорѓив, Слобода или смрт..., 130.

[8] Види: Вардарски (Петар Поп Арсов), Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници, превод, редакција, коментар и предговор д-р Ванчо Ѓорѓиев, Табернакул, Скопје, 2006.

[9] Д-р Христо Татарчев, Вътршната македоно-одринска революционна организация като митологична или реална сщност, Съставители: Цочо Билярски, Валентин Китанов), Македония Прес, София, 1995, 25.

[10] Повеќе за тоа види: В. Ѓорѓиев, Автономијата – тактика или цел на на МРО, ЗБ. 100 години Илинден 1903-2003, прилози од научниот собир одржан на 6-8 мај 2003, том 1, МАНУ, Скопје, 2005, 257-264.

статус кво на Балканот. Освен тоа, тие ги чувствувале претензиите на соседните балкански држави кон Македонија и последиците од дејствувањето на нивните пропаганди. Оттука автономијата на Македонија во дадениот момент изгледала како најпогодно решение од повеќе причини: 1. Автономијата имала меѓународна поткрепа во §23 од Берлинскиот договор; 2. Со автономија на Македонија формално-правно не се нарушува територијалниот интегритет и суверенитет на Османлиската Империја; 3. Околу идејата за автономија полесно можело да се привлече поголемиот дел од разединетото македонско население; и 4. Со идејата за автономија на Македонија се очекувало да се амортизираат аспирациите на соседните држави од каде се очекувала морална и материјална помош.

Факт е дека прашањето за автономија на Македонија, не добило поширока елаборација во основните акти на Организацијата. Оттука оваа формула во бугарската историографија врз основа на една реченица од спомените на Христо Татарчев, најчесто се толкува како етапа за присоединување на Македонија кон Бугарија. Меѓутоа, ако поинаку се проследат работите, тогаш не само што не може да се понуди издржан аргумент во прилог на оваа теза, туку напротив, може да се каже дека зад автономниот принцип се криела идејата за независна македонска држава, која требало да дојде како втора етапа. За тоа постојат повеќе индиректни сведоштва.

Гоце Делчев за Македонија како „*слободна државичка*“ му пишува на Еврем Каранов уште во 1895 година.[11] Петар Поп Арсов за „*идна македонска државичка*“ пишува во 1897 година.[12] Во весникот „Право“ кој важел за неофицијален орган на Организацијата во една статија од 1902 година пишува: „Внатрешната револуционерна организација ќе му даде на секој да разбере дека работи за *единството и независноста на Македонија, како слободна држава на Балканскиот Полуостров*. Таа организација, давала и во иднина ќе дава докази дека не е агент на никоја од балканските држави, туку агент само на македонската слобода и независност. Со таквите докази таа постепено ќе ги отстранува племенските разлики во Македонија и ќе го организира идниот, ако и разнобоен, но способен да се самоуправува мирно и тивко, *македонски народ*.[13] Истата 1902 година Петар Бошњаков во својата книшка „Бугарската пропаганда во Македонија“ пишува дека целта на Орагнизацијата не била да ја

[11] Види: документ бр. 6.

[12] В. Ѓорѓиев, Автономијата – тактика или цел на на МРО..., 260.

[13] Вѫтрешната революциона организация. Месни прѣчки, Право, II/31 (39), 22.09. 1902, 3.

осуштестви „Голема Бугарија", туку да „*прогласи самостојна македонска државичка на Балканот*".[14] Јане Сандански во расправата со врховистите за време на востанието во 1903 година меѓу друго истакнал: „Ние не сакаме да ја замениме турската тиранија и турските султани со други такви, дури ни со бугарската тиранија и бугарскиот кнез. Ние сакаме *Македонија да биде автономна, независна, слободна, Македонија на Македонците...* ".[15]

Самата организација своето сфаќање за автономијата сосема кратко го изнела во својот официјален весник „Револуционерен лист" во 1905 година: „*Автономна Македонија од организацијата се сфаќа како самостојна држава*".[16] Истата 1905 година, Даме Груев ќе истакне дека Организацијата дејствува наполно самостојно издигајќи ја паролата „*Македонија на Македонците*" и дека "*не сака за ништо судбината на Македонија да ја потчини на Кнежевството* (Бугарија б.н)", потоа дека главна цел е автономија на Македонија, а никакво присоединување кон Бугарија.[17] Давесетина години подоцна Никола Зографов пишува дека раководителите на Организацијата биле со „цврсто убедување дека само автономна *слободна држава Македонија* ќе даде задоволување на нејзиното население, ќе го ослободи од турската држава и ќе го постави во најповолни услови за развој со соедите држави: Србија, Грција и Бугарија".[18] Во тој контекст Тодор Поп Антов во своите спомени пишува: „Целта на Революционарната организација беше отцепување на Македонија во нејзините географски граници и нејзино издгигнување во *автономна држава*".[19] Ако го имаме предвид изнесеното, лесно ќе сфатиме зошто Организацијата уште во својот зародиш од проегзархиските средини била маркирна како „сепаратистичка",[20] а нејзините протагонисти за „сепаратисти".[21]

МРО била прагматична и при мобилизирањето на членство. Имајќи го предвид фактот дека творците на МРО произлегувале од

---

[14] Единъ Македонец (Петар Бошњаков, б.н.), Българската пропаганда въ Македонийа и Одринско, София 1902, 10.

[15] Г. Ив. Бѣлевъ, На гости у Сандански, Изъ живота на четите, Ил. Илинденъ, V/6 (46), София 1933, 5-6.

[16] Официйална притурка, Революционненъ листъ, 2 юни, 1905, 3.

[17] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијта и дележот, IV том, 57.

[18] Никола Зографовъ, Строежа на живота, София 1927, 44.

[19] Тодор Поп Антов, Спомени, редакција и коментар д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2002, 151–152.

[20] Н. Зографовъ, Строежа на живота..., 44.

[21] Вардарски (Петар Поп Арсов), Стамболовштината...51; 59; 73; 78; 80; Види документ бр. 1 и документ. бр. 18.

егзархиски средини, а поголемиот дел од македонското христијанско население било под духовно и образовно покровителство на Бугарската егзархија, во почетокот било одлучено членството да се регрутира од тие средини. Меѓутоа, интересно е дека при врбување на членство се прифаќале оние личности кои биле критички настроени кон егзархиската црковно-просветна политика во Македонија.[22] Според сведоштвата на основоположниците, но и според првиот устав на Организацијата од 1894 година член можел да биде секој „Бугарин“.[23] Согласно османлискиот милет системот тоа подразбира секој припадник кон Егзархијата. Меѓутоа, според Уставот на ТМОРО, кој е изработен по Солунскиот конгрес од 1896 година е предвидено дека член на Организацијата може да биде секој „Македонец и Одринец“. Според истиот Устав, Организацијата се изјаснила за премавнување на „шовинистичките пропаганди“, кои го делат и ослабнуват македноското и одринското население во неговата борба против заедничкиот непријател.[24] Терминот Македонец во овој Устав е искористен во политичка смисла. Меѓутоа, определбата за борба против шовинистичките пропаганди сугерира тенденција за обединување на македонското население под името „Македонец“ околу идејата за автономија на Македонија.

Според официјалната документација се забележува дека Организацијата во врска со националното прашање била воздржана, или пак тактизирала. Сепак некои сегменти од оваа прашање делумно биле отворени во 1902 година во кругови блиски до Организацијата и со учество на нејзини протагонисти. Во тој период се разговарало за потребата од „независна политика, чисто македонска“,[25] потоа за унија со Римокатоличката црква,[26] за отцепување од Егзархијата и формирање на одделен синод и самостојна црква со изговор дека се обновува Охридската архиепископија,[27] а населението ако треба да се именува како „македонски славјани“.[28] Во истиот период во в. Право на опозицискиот Врховен комитет, кој ги застапувал ставовите на Организацијата почесто почнува да се користи тер-

[22] Мѣрки за засилване на революционната организация (Изъ запискитѣ на Ив. Х. Николовъ, Ил. Илинденъ, 2 (72), София 1936, 6.

[23] Д-р Х. Татарчев, Вътршната..., 26; Види член 3 од Уставъ на Бълг. Македон. – Одр. Revол. Комитети, документ бр. 4.

[24] Види: член 2 и 4 од: Уставъ на Тайната Македоно–Одринска Революционна организация, документ бр. 16.

[25] Ефтим Спространов, Дневник, т., 1 (1901–1907), София, 1994, 104.

[26] Исто, 153–154.

[27] Исто, 154–157.

[28] Исто, 155.

минот „македонски народ“ во контекст на Организацијата. Така во еден текст од 1902 година пишува: „Внатрешната револуционерна организација не може и не треба да се солидаризира со погледите на патриоти надвор од сферата на Македонија, зашто таа не може и не треба да го смета *македонскиот народ за кал, од кој може да се прави денес едно, утре друго,* без да се плаши дека ќе се претвори во пепел и прав“.[29]

Со оглед на фактот дека во Зборникот пред нас ги даваме уставите и правилниците на Организацијата од Предилинденскиот период за кои во историографијата (македонската и бугарската), постојат различни погледи, особено околу нивното датирање, овде поопширно ќе се осврнеме на оваа прашање. Оригиналните документи од овие примероци не се датирани. Меѓутоа, самото датирање не е толкав проблем, туку заклучоците што се извлекуваат врз основа на датирањето.

До шеесеттите години од минатиот век беше познат само Уставот и Правилникот на ТМОРО. Во 1961 година, Иван Катарџиев го обелодени постоењето на Уставот и Правилникот на БМОРК,[30] а во 1965 година ги објави двата правилника (на БМОРК и на ТМОРО).[31] Притоа, Катарџиев Уставот и Правилникот на БМОРК ги датира во 1894, а оние на ТМОРО во 1897 година. Врз основа Уставот и Правилникот на БМОРК, Катарџиев извлекува несодветен заклучок дека првото име на Организацијата било: „Бугарски македоно-одрински комитети“.[32] Можеби, ако Катарџиев бил повнимателен кон член 8 од Уставот на БМОРК, каде е определен печатот на ЦК ќе забележал дека за печатот е предвиден натписот „Македоно-одрински централен револуционерни комитет“.[33]

Ако ги следиме официјалните документи ќе забележиме дека првиот досега познат документ од име на Организацијата е потпечатен со печат на кој стои текст „Македонски централен револуционерен комитет“, при што Одринско не е споменато, а на почетокот од

[29] Право, II/36 (44), 01 11. 1902.

[30] Иван Катарџиев, Некои прашања за уставите и правилниците на ВМРО до Илинденското востание, ГИНИ, бр. 1, Скопје, 149–164.

[31] Иван Катарџиев, Два правилника на ВМРО од предилинденскиот период, Историја, I/1, Скопје 1965, 39-50.

[32] И. Катарџиев, Некои прашања за уставите и правилниците..., 158; И. Катарџиев, Два правилника на ВМРО..., 40; И. Катарџиев, Серскиот округ од Кресненското востание до Младотурската револуција, Национално-политички борби, Скопје, 1968, 102; И. Катарџиев, Сто години од формирањето на ВМРО, сто години революционерна традиција, Скопје 1993, 20.

[33] Види член 8 од Уставот на БМОРК, документ бр. 4.

документот во левиот агол стои кратенката ЦМРК.[34] Токму овој печат неоспорно го потврдува пишувањето на првиот претседател на Организацијата д-р Христо Татарчев, кој вели дека името било „Македонска револуционерна организација“, на чело со „Централен македонски револуционерен комитет (ЦМРК)“.[35] Сепак и овде можеме да констатираме извесни недоследности, бидејќи на писмата стои кратенката ЦМРК, но во печатот стои натписот „Македонски централен револуционерен комитет“.

Меѓутоа оваа не е единствен пример на недоследност при именувањето на Организацијата и нејзините тела, ниту пак единствен пример на недоследност помеѓу пропишаното во актите и онаа што се практикува. Во тој контекст за илустрација ќе наведеме дека во член 7 од Уставот на ТМОРО за ЦК се користи именувањето „Централен таен револуционарен македоно-одрински комитет“.[36] Додека во член 13 од Уставот за ЦК се користи кратенката ТЦРМОК и се вели дека тој има печат со натпис „Македоно-одрински централен революционерен комитет“.[37] Всушност, тоа е истиот текст како што стои во §8 од Уставот на БМОРК. Од друга страна во Правилникот на ТМОРО во челн 1 за ЦК се користи именувањето „Централен македоно-одрински революционерен комитет“.[38]

Ако следиме што се случува во пракса ќе констатираме дека Христо Матов во 1898 година во писмото до бугарскиот премиер К. Стоилов се обраќа од името на „Централниот Македоно-Одрински Революционерен комитет“, точно како што стои во член 1 од Правилникот на ТМОРО, но во печатот стои текст „Македонски централен революционерен комитет“,[39] што е спротивно од член 13 во Уставот на ТМОРО. Всушност евидентно е дека ЦК продолжил да го користи стариот печат на Организацијата. Такви недоследности помеѓу официјалното, пропишаното и практиката се често присутни во документите на Организацијата, дури и во еден ист акт. Проникливиот читател лесно може да го забележи тоа низ документите. Меѓутоа, прашањето е колку разнобразноста во условувањето ја дава ос-

[34] Види: Михајло Миноски, Прилог кон прашањето за името на македонската револуционерна организација во почетниот период од нејзиното дејствување (1893–1896), Прилози МАНУ, XXVI/2, Скопје 1995, 79-80; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 134; В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 93.

[35] Д-р Х. Татарчев, Вътршната..., 25-26.

[36] Види член 7 од Уставот на ТМОРО, документ бр. 16.

[37] Види член 13 од Уставот на ТМОРО, документ бр. 16.

[38] Види член 1 од Правилникот на ТМОРО, документ бр. 17.

[39] Види документ бр. 28.

новната слика за суштината на Организацијата, за нејзиното именување и колку тоа може да помогне при датирањето на основните акти (Уставите и Правилниците). Ние лично сметаме дека тие може да помогнат во висок степен и да дадаат одговор на повеќе прашања.

Според нас нема дилема дека првото име на Организацијата е Македонска револуционерна организација, а нејзините први акти се Уставот и Правилникот на БМОРК. Впрочем овие два документи како први акти на Организацијата ги акцептирале повеќе македонски историографи.[40] Отфрлањето[41] или резервираноста[42] кон овие документи речиси се сведува на поединечни појави.

За полесно надминување на дискрепанцата околу именувањето на Организацијата низ официјалната документација од најраниот период, (писма, печат, устав и правилник) уште еднаш ќе се повикаме на Христо Татарчев. Имено, тој пишува дека откако бил прифатен принципот за автономија на Македонија тие биле доследни и за да не предизвикаат сомнеж кај другите за некаков „тесноград национализам“ намерно го изоставиле зборот „бугарска“ како од името на Организацијата, така и од името на Централниот комитет.[43] Тоа се потврдува од официјалната документација. Од друга страна Татарчев подолу пишува дека член на Организацијата можел да биде секој „Бугарин“,[44] а то пак стои во Уставот на БМОРК. Очигледно Татарчев ја зборува вистината и немаме причина да не му ве-

[40] И. Катарџиев, Некои прашања за уставите и правилниците..., 149–164; И. Катарџиев, Два правилника на ВМРО..., 39-50; И. Катарџиев, Серскиот округ... 102; И. Катарџиев, Сто години од формирањето на ВМРО..., 20; Петар Стојанов, Петар Поп Арсов, Скопје, 1963, 82. Историја на македонскиот народ, книга втора, ИНИ, Скопје, 1969, 164; Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893–1903), второ издание, Скопје, 1982, 142–146; Д. Димески, Гоце Делчев, 44-48; Д. Димески, Гоце Делчев, Скопје, 2003, 75-80; В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 44-46; В. Ѓорѓиев..., Слобода или смрт..., 135–142; В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 95–104; Историја на македонскиот народ, том трети, ИНИ, Скопје, 2003, 162–163.

[41] М. Миноски во еден прилог за првото име на Организацијата, без особено образложение вели дека Уставот и Правилникот на БМОРК „не се и не можат да бидат акти на МРО“. (М. Миноски, Прилог кон прашањето за името..., 78).

[42] Марија Пандевска врз основа на негирањето од страна на М. Миноски во врска со Уставот на БМОРК пишува дека станува збор за: „спорен документ, за кој сè уште не е со сигурност утврдено дали воопшто ѝ припаѓал на Македонската револуционерна организација“. М. Пандевска, На патот кон Илинден: Уставот на ТМОРО и неговото датирање, 100 години Илинден 1903-2003, прилози од научниот собир одржан на 6-8 мај 2003, том II, Ману, Скопје 2005, 143.

[43] Д-р Х. Татарчев, Вътршната..., 26.

[44] Исто.

руваме, бидејќи тој немал намера еднаш да и угодува на македонската, а друг пат на бугарската историографија.

Оваа недоследност може да се објасни еднинствено ако се има предвид духот на времето за кое зборуваме. Веќе нагаласивме дека основоположниците на Организацијата произлегувале од егзархиските средини и во прво време тие се обраќаат токму на овие средини. Меѓутоа, откако била воспоставена базичната мрежа на МРО, Организацијата се отворила и за населението од другите конфесионални заедници, а тоа нашло директен одраз во терминологијата во новиот Устав и Правилник на ТМОРО.

Од друга страна кога зборуваме за тоа време секогаш треба да се има предвид османлискиот милет систем според кој за одбележување на населението под духовно покровителство на Бугарската егзархијата се користел терминот „булгар милет“. Овој термин под влијание на балканските национализми и интензивната вестернизација, бил изедначен со терминот „Бугарин“ кој што не претставува етноним, туку синоним за означување на сите припадници кон Егзархијата, независно од нивната етничка припадност. По истиот принцип терминот „рум милет“ кој означувал припадност кон Патријаршијата бил изедначен со терминот „Грк“, независно од етничката припадност дали се работи за Грци, Власи, Бугари, Македонци, Албанци и други.

Според изнесеното сметаме дека воздржаноста кај некои македонски историогарфи во однос на Уставот и Правилникот на БМОРК, е предизвикана поради термнинот „Бугарин“ и стравот од негова лаичка злоупотреба меѓу неупатените во милет системот – надвор од историскиот контекст.

Од друга страна бугарската историографија врз основа на селектирани факти и со заобиколување на милет системот, интензивно го протежира терминот „Бугарин“ од Уставот и Правилникот на БМОРК. Меѓутоа за да може овој термин да покрие подолг период од историјата на македонското револуционерно движење, а со тоа да се потенцира неговиот наводно бугарски карактер, таму се пристапи кон поинакво датирање на споменативе документи. Така во 1969 година Константин Пандев низ една хипотетичка конструкција со строго одбрани аргументи лансираше тезата дека Уствот и Правилникот на БМОРК се изработени по Солунскиот конгрес (1896г.), додека Уставот и Правилникот на ТМОРО се изработени некаде во

првата половина на 1902 година.[45] Овие ставови К. Пандев подоцна ги доразвиваше во своето дело „Националнослободителното движение во Македонија и Одринско 1878-1903“.[46] Таквото датирање на Уставите и Правилниците на Организацијата од страна на К. Пандев во бугарската историографија беше прифатено како „епохално“ откритие,[47] а од таму брзо се пресели кај некои западни автори.[48] Меѓутоа, дека сепак станува збор за хипотеза најдобро зборува фактот што во последно време Цочо Билјарски постојано се обидува да ја потхранува истата со нови претпоставки и неиздржливи аргументи.[49] Последниот согледувајќи дека при едно такво датирање на Уставите и Правилниците на Организацијата, најраниот период (1894-1896) останува непокриен со соодветни програмски документи, оваа празнина се обиде да ја покрие со тоа што за „најран програмски документ“ ја понуди книшката „Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници“.[50]

Интересно како К. Пандев и Ц. Билјарски за поткрепа на хипотезата во врска со датирањето на Уставите и Правилниците на Организацијата селектираат аргументи, но истовремено и двајцата строго ги премолчуват документи и информациите кои не им одат во прилог, иако ги имале на располагање, а Билјарски многу од нив ги објави.

---

[45] Константин Пандев, Устави и правилници на ВМОРО преди Илинденско-преображенското въстание, Исторически преглед, год. XXV, кн. 1, София 1969, 68-80.

[46] Константин Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско 1878–1903, София1979, 199–136; 204-208; 286.

[47] М. Пандевска, На патот кон Илинден..., 143–144.

[48] Duncan Perry: The Politics of Terror. The Macedonian Liberation Movements 1893–1903, London 1988, 41; Fikret Adanir: Die Makedonische Frage. Ihre Entstehung und Entwicklung bis 1908. Wiesbaden 1979, 111–112; Dimitris Livanios: The Macedonian Question. Britain and the southern Balkans, 1939–1949. New York 2008, 18; Vemund Aarbakke: Ethnic Rivalry and the Quest for Macedonia, 1870–1913. New York 2003, 98; Jutta de Jong: Der nationale Kern des makedonischen Problems. Ansätze und Grundlagen einer makedonischen Nationalbewegung zu Ende des 19. Jahrhunderts und ihre Trägergruppe (1890–1903). Frankfurt am Main 1982,146–149; Hugh Poulton: Who are the Macedonians? (second edition) London 2002, 53; Alexander Jossifidis: Die slawophonen Griechen Makedoniens. Mannheim 2006, 142,147.

[49] Вътрешната македоно-одринска революционна организация (1893–1919 г.). Документи на централните ръководни органи (устави, правилници, мемоари, декларации, окръжни, протоколи, наредби, резолюции, писма), том 1, (част 1), Съставителство: Цочо Билярски, Ива Бурилкова, София 2007, 5–14.

[50] Исто, 5; 75–112.

Овде особено е интересно да одбележиме дека кога К. Пандев пишува за формирањето на Организацијата го акцептира ставот на Х. Татарчев, дека таа била наречена „Македонска революционерна организација“ (МРО) на чело со „Централен македомски революционерен комитет“, но допушта дека можеби се именувала како „Македонски револуционерни комитети“.[51] Понатаму, кога зборува за Уставот на БМОРК, кој наводно бил изработен по Солунскиот конгрес (1896), К. Пандев се воздржува да го определи името на Организацијата.[52] Но затоа за периодот што следи ја користи кратенката ВМОРО, или синтагмата Внатрешна организација. Додека пак кога зборува за Уставот и Правилникот на ТМОРО, кои наводно биле изработени во 1902 година, К. Пандев без да ја констатира промената на името на Организацијата почнува да ја користи кратенката ТМОРО,[53] а веднаш потоа се враќа на терминот Внатрешна организација. Конечно кога зборува за Окружните писма од ЦК на ТМОРО од јуни 1902 година, К. Пандев нагласува дека во нив Организацијата била именувана со своето „ново име“ – „Тајна македоно-одринска револуционерна организација“.[54] Неспорно тоа е времето што му одговара на К. Пандев каде се обидува да ги лоцира наводните промени во Уставот и Правилникот на БМОРК со Уставот и Правилникот на ТМОРО. И повторно за да се извлече од бројните противречности, К. Пандев како димна завеса продолжува да го користи терминот Внатрешна организација.

Со оглед на документите што ги користел при конципирањето на трудот, К. Пандев со името Тајна македоно-одринска револуционерна организација, или со разните изведени кратенки од него се сретнал многу пати и порано, меѓутоа тоа го одбегнува и се затскрива зад терминот Внатрешна организација, бидејќи името ТМОРО во претходниот период не се вклопува во неговата конструкција за датирањето на Уставите и Правилниците. Оттука произлегува дека бидејќи документите кои што ги користел К. Пандев од аспект на именувањето на Организацијата се во спротивност со неговата хипотеза за датирањето на Уставите и Правилниците за да не падне во противречност тој алтернативата јаноѓа во кратенката ВМОРО или во терминот Внатрешна организација.

Според нас хипотезата на К. Пандев е неиздржлива и тенденциозно конструирана. Околу Уставот и Правилникот на БМОРК ве-

---

[51] К. Пандев, Националноосвободителното движение..., 77-78.
[52] Исто, 129–136.
[53] Исто, 206-208.
[54] Исто, 286.

ќе се произнесовме дека тие документи се од 1894 година. Затоа овде ќе се задржиме околу датирањето на Уставот и Правилникот на ТМОРО кои се изработени по Солунскиот конгрес (1896) година од страна на Гоце Делчев и Ѓорче Петров, за кои К. Пандев претпоставува дека се од 1902 година. За таа цел ќе ги искористиме документите кои К. Пандев и следбениците на неговата хипотеза ги премолчуваат, иако повеќето од нив самите ги објавиле.

Дека Уставот и Правилникот на ТМОРО се производ на решенијата на Солунскиот конгрес од 1896 година во мемоарската литература за тоа единствено зборува Христо Татарчев. Во другите мемоари за тоа не постојат никакви конкретни информации. Така Х. Татарчев пишува дека Солунскиот конгрес од 1896 година, меѓу другото бил свикан за да се определи ставот на Организацијата спрема „другите етнички единици во Македонија и Одринско“.[55] Понатаму Татарчев пишува дека на конгресот се истакнала потребата револуционерната идеја да се прошири меѓу другите незадоволни народи „без разлика на вера и народност, при што се поаѓаше од становиштето дека делото тогаш ќе има чисто македонски карактер“. Според Татарчев тоа би помогнало „за премавнување на пропагандите и националните раздори, како и за создавање на мир, согаласност и взаемна соработка – за напредокот и благосостојбата на татковината“.[56] Понатаму Татарчев пишува дека врз основа на тоа било решено да се изврши промена во Уставот во смисла дека член на Организацијата може да биде „секој Македонец и Одринец, без разлика на народност и вера“.[57] Неспорно Татарчев не само што кажува кога биле извршени промените, туку истите ги цитира така како што била вградени во Уставот.

Основни елементи и промени во Уставот и Правилникот на ТМОРО кои лесно се препознаваат низ документацијата и револуционерната практика се одредницата Тајна, термините Македонец и Одринец, македоно-одринско население, како и околиските чети кои се предвидени со член 11 од Устав на ТМОРО, а кои не постојат во Уставот на БМОРК.

---

[55] Д-р Х. Татарчев, Вътршната... 41.

[56] Исто, 42.

[57] Исто, 42-43. Бидејќи ова тврдење на Татарчев не се вклопува во шемата за датирање на Уставотот и Правилникот на ТМОРО што ја воспостави К. Пандев, редакторот на овие спомени на Татарчев – Ц. Биљарски кон ова тврдење на Татарчев ставил белешка во која едноставно вели „Оваа промена во Уставот не била извршена на Солунскиот конгрес, туку во преработениот Устав на ВМОРО од 1902 г.“. (Исто, белешка 16, стр. 196).

Сега да видиме како овие промени во Уставот и Правилникот на ТМОРО се одразиле во постојната документација се разбира во контекст на датирањето на овие документи. Првиот засега познат документ во кој се чувствуват промените е писмото кое Христо Матов го напишал од името на ЦК до бугарскиот премиер Константин Стоилов од 27 септември (ст. стил) 1898 година.[58] Во него Матов пишува од името на „Централниот Македоно-Одрински Револуционерен комитет“, а тоа е во полна согласност со член 1 од Правилникот на ТМОРО.[59] Во истото писмо Матов го користи и терминот „македоно-одринско население“, што е во согласност со терминологијата од §2 од Уставот на ТМОРО.[60] Притоа писмото е потпечатено со стариот печат со текст „Македонски централен революционерен комитет“, што е спротивно од член 13 во Уставот на ТМОРО.

На 24 ноември (ст. стил) 1898 година ЦК му издал расписка на бугарскиот трговски агент, Димитар Ризов – за примени 500 наполеони во каста на „Македоно-Одринските Револуционерни Комитети“.[61] Во горниот лев агол на документот стои каратенката Ц.М-Одр.Р.К што е во согласност со §1 од Правилникот на ТМОРО, но и овој документ е потпечатен со стариот печат.

Иван Гарванов на 24 септември 1899 година му пишува на Кочо Аврамов за растурањето на Тајното революционерно братство и неговото присоединување кон „ТРМОЦ Комитет“.[62] Иако редоследот на иницијалите кај оваа кратена е измешан, таа неспорно го одразува тајниот карактер на Организацијата што е една од основните карактеристики согаласно промените во Уставот и Правилникот на ТМОРО.

Ѓорче Петров во писмото до Владимир Бочуков од 5 ноември (ст. стил) 1899 година, за означување на ЦК на Организацијата ја користи кратенката ЦРМ-ОК.[63] И овде како и во претходниот пример имаме различен редослед на иницијалите, но во основа тие произлегуваат од член 1 од Правилникот на ТМОРО каде се користи терминот „Централниот Македоно–Одрински Револуционерен комитет“.

На 27 јули 1900 година Битолскиот окружен комитет му доставил расписка на бугарскиот трговски агент во Битола – Петар Ми-

[58] Види: документ бр. 28.
[59] Види: член. 1 од Правилникот на ТМОРО, документ бр. 17.
[60] Види: член 1 од Правилникот на ТМОРО, документ бр. 16.
[61] Види документ бр. 29.
[62] Види документ бр. 31.
[63] Види документ бр. 32

хајлов со која побарал 40 турски лири за касата на „Македонските тајни револуционерни комитети".[64] Очигледно тајниот карактер на Организацијата кој е еден од основните белези во официјалното име е потенциран и во овој документ.

Во Протоколот №. 57 од заседанието на Врховниот македонски комитет од 14 декември 1900 година во врска со обвинувањато против Ѓорче Петров за непочитување на мајската спогодба е предвидено да се информира и „ТЦРМО комитет".[65] Ова е во согласност со член 13 од Уставот на ТМОРО. Во врска со истиот случај според Протоколот №. 59 од заседанието на ВМК од 19 декември 1900 година е донесена одлука за протерување на Ѓорче Петров од Бугарија. Во овој протокол неколку пати се користи кратенката „ТРЦМ-Одр. Комитет", а само еднаш кратенката „ЦТРМ Одр. Комитет".[66] Двете кратенки претставуват само варијанти од основното именување на Централниот комитет на ТМОРО.

Работите во врска со именувањето на Организацијата, а со тоа и за датирањето на Уставот и Правилникот на ТМОРО станувaат уште појасни откако ќе се проследи излагањето на Гоце Делчев пред VIII конгрес на ВМК кое е регистрирано во Протоколот од 7 април 1901 година.[67] При својот настап пред делегатите на конгресот на ВМК, Г. Делчев меѓу другото истакнал дека за валидни треба да се сметаат само оние расписки кои го носат печатот на „Тајниот Централен Револуционерен комитет" и дека претставниците на „Т.Р. Централен комитет не само што имаат за цел да ги подржуваат врските меѓу двете организации, туку и да ги одбиваат посегањата на овдешниот Врховен Комитет врз Тајната организација во Македонија и Одринско".

Во Вонредниот протокол на ВМК од 16 мај 1901 година со кој се регулираат односите помеѓу ВМК и Организацијата, последната е именувана како „Тајна револуционерна организација во Македонија и Одринско".[68] На 23 септември 1901 година ЦК од Солун издал полномоштво на Димитар Стефанов и Туше Делииванов за задгранични претставници во Бугарија. Притоа, полномоштвото е издадено од името на „Централниот македоно-одрински комитет".[69] Во

[64] Види документ бр. 35.
[65] Види документ бр. 36.
[66] Види документ бр. 37.
[67] Види документ бр. 42.
[68] Види документ бр. 43.
[69] Види документ бр. 45.

полномоштвото е потенцирано дека тие се единствени претставници преку кои „ТЦМО комитет“ одржува контакти со сите работници по македоно-одринското ослободително дело во Кнежеството. Очигледно условувањето на ЦК е во склад со усвоените промени со таа разлика што во двата случи е испуштен терминот „револуционерен“. Како и другите дотогашни акти, така и овој документ е потпечатен со стариот печат кој го носи текстот „Македонски централен револуционерен комитет“. Задграничното претставништво во својот опширен извештај до ЦК од јуни 1902 година го цитира Протоколот №. 9 на ВМК од 9 октомври 1901 година во кој била евидентирана согласноста на ВМК дека ги прифаќа Туше Делииванов и Димитар Стефанов како задгранични претставници на „Тајниот централен македоно-одрински комитет“.[70]

На 5 март 1902 година Задграничните претставници Туше Делииванов и Димитар Стефанов од името на „Тајниот централен револуционерен комитет во Македонија“ издале тајно Окружно до македоно-одринските друштва во Бугарија со кое ги информираат дека Организацијата ја прифатила фрлената ракавица од страна на ВМК со кој влегуват во отворена војна.[71] Во јуни 1902 година кога судирот со ВМК е во полн разгор од името на ЦК е испратено окружно писмо до „Тајните революционерни комитети во Македонија и Одринско“,[72] во кое се објаснува суштината на судирот помеѓу ВМК и ТМОРО. Притоа во Окружното се користат термините „Тајна революционерна македоно-одринска организација“ потоа „Македонци и Одринци“ и „македоно-одрински народ“. На крајот од окружното стои дека е издадено од „Централниот македоно-одрински револуционерен комитет“, што е во полна согласност со член 1 од Правилникот на ТМОРО, како и во многу до тука цитирани документи.

Токму ова Окружно, К. Пандев го зема како некаков репер, кога наводно биле извршена промена во името на Организацијата.[73] Доколку К. Пандев бил коректен името „Тајна македоно-одринска революционерна организација“, или сите негови варијанти можел да ги констатира многу порано, низ документите кои ги наведовме до тука, меѓутоа тоа се коси со неговата хипотеза за Уставот и Правилникот на ТМОРО дека се донесени во 1902 година, па затоа најчесто го користи неофицијалното име Внатрешна организација кое

70 Види документ бр. 55.
71 Види документ бр. 48.
72 Види документ бр. 56
73 К. Пандев, Националноосвободителното движение..., 286.

се појавува некаде во 1899 година. Меѓутоа, К. Пандев сепак не успеал до крај да го затвори прашањето кога точно биле извршени такви крупни промени и кога биле верификувани.[74] Скудните информации кај Христо Матов за одржување на конгрес во Солун во август 1902 година,[75] на кој наводно биле санкционирани овие промени не бил доволно убедлив аргумент за К. Пандев дефинитивно да се определи по тоа прашање.

Заради неодржливоста на тезата последниве години на помош притекнува Ц. Билјарски. Тој со значителна доза на резерва смета дека треба да се прифати дека Уставот и Правилникот на ТМОРО биле изработени во втората половина на март 1902 година.[76] Понатаму Билјарски предлага, но не тврди категорично, дека уставните промени биле санкционирани на конгресот во Солун кој се одржал од 1-5 септември 1902 година.[77] Поткрепа за тоа наоѓа во едно писмо од ЦК на ТМОРО од 23 август (ст. стил) 1902 година во кое се предлага одржување на конгрес, а како негова втора точка е предвидено „разгледување и измени на правилникот".[78] Меѓутоа, одржувањето на таков конгрес не може да се потврди, освен едно проширено советување на ЦК.[79] Од друга страна од наведеното во писмото не е јасно за каков Правилник станува збор, а Уставот пак воопшто не е ни спомнат. На крајот на краиштата овде се зборува за разгледување и измени, а не за усвојување (санкционирање).

Очигледно хипотезата поставена од К. Пандев и обидите за нејзино потхранување од страна на Билјарски е сосема погрешно поставена од методолошки аспект. Според овие тврдења излегува дека Гоце Делчев и Ѓорче Петров на своја глава подготвиле Устав и Правилник, при што го промениле името на Организацијата и нејзина физиономија, дека во меѓувреме создале цела нелегална армија, а ЦК сето тоа требало да го санкционира дури во почетокот на септември 1902 година, кога Организацијата се наоѓала во извонредно сложена ситуација поради врховистичката востаничка провокација.

---

[74] Исто, 204.

[75] Види: Хр. Матовъ, За своята революционна дейность (лични бѣлешки), София 1928, 51.

[76] Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 14.

[77] Исто.

[78] Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., 14; Види документ бр. 58.

[79] За оваа поопширно види белешка 278 кон документот бр. 58.

Врз основа на изнесените аргументи до тука едноставно неспорно е дека Уставот и Правилникот на ТМОРО се резултат на Солунскиот конгрес од 1896 година. На крај ќе го цитираме англискиот конзул од Пловдив – А.К. Вратислан кој во извештаите од 16 март 1897 година и 25 февруари 1898 година информира за посетата на „еден џентлмен“ кој што во името на Тајната македонска организација (Secret Macedonian Organization) се интересирал дали „владата на Нејзиното височество“ би била наклонета кон оваа Организација бидејќи нејзината цел била „да ја ослободи Македонија во интерес на самите Македонци, а не за сметка на било која од околните држави“.[80]



проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев

[80] М. Пандевска, На патот кон Илинден... 153.

# РЕГИСТАР НА ДОКУМЕНТИ

1. Писмо од Дамјан Груев до Никола Дејков

   Состојбите во Солунската егзархиска гимназија; сепаратизмот на МРО; односот на МРО кон просветната егзархиска политика; отворање на Неделно училиште и др.

2. Писмо од Дамјан Груев до Никола Дејков

   Судирот меѓу Солунската црковно-училишна општина и директорот на гимназијата; ставот на МРО кон просветната политика на Бугарската егзархија; тенденцијата на МРО за преземање на контролата врз црковно-училишните општини; формирање комитети во внатрешноста; потреба од задграничен комитет.

3. Писмо од Дамјан Груев до Никола Дејков

   Начин на агитација; тактика за преземање на црковно-училишните општини; предавство во Битола од проегзархиската групација; Груев бара пари за Организацијата.

4. Устав на Бугарските Македоно-одрински Революционерни Комитети

5. Правилник на Бугарските Македоно-одрински Револуционерни Комитети

6. Писмо од Гоце Делчев до Ефрем Каранов

   Е. Каранов како претседател на македонското друштво во Ќустендил треба да го помага македонското дело; осудува на А. Чакаров поради обидот да испровоцира востание во Виничко; треба да се пробуди народот од петвековниот сон кој го направил Македонецот доста дебел во сознанието за човечки правдини; во Македонија се развива систематска агитација за едно внатрешно востание.

7. Писмо од Врховниот македонски комитет до претседателот на Централниот македонски революционерен комитет во Солун

   Решенијата на II вонреден македонски конгрес во Софија; политиката на бугарската влада и кнезот спрема македонското прашање и нивните манипулации со македонското дело; расцеп во Македонскиот комитет.

8. Писмо од Централниот македонски революционерен комитет до претседателот на Врховниот македонски комитет

   ЦК изразува жалење за расцепот на II македонски конгрес; МРО го подготвува населението според својата програма и е подготвена за соработка со сите што ја споделуваат нејзината девиза.

9. Извадок од Протоколот №. 11 од заседанието на Врховниот македонски комитет

   ВМК не е задоволен од ставовите на Гоце Делчев и ЦК на МРО; ВМК настојува за одлучувачко влијание по прашањето за востание.

10. Писмо од Гоце Делчев до Никола Зографов

Испраќање на оружје и други материјали; ВМК под претседателство на Д. Николаев може да направи повеќе штета, отколку корист за македонското ослободително дело; улогата на пунктовиот началник.

11. Извадок од Протоколот №. 14 од заседанието на Врховниот македонски комитет

Даме Груев пред ВМК за независноста на МРО; ВМК претендира на врховен и единствен раководен фактор во македонското ослободително дело.

12. Писмо од ВМК во Софија до претседателот на ЦК на МРО во Солун

ВМК настојува да се наметне како врховен раководен фактор во македонското ослободително движење.

13. Писмо од Дамјан Груев до Андреј Љапчев

Информација за затворањето на Доне Стојанов Тошев во Битола; Груев, предлага превентивни мерки за заштита на Г.Делчев; упатства за кореспонденцијата со ВМК; протестира против изопачувањето на фактите од страна на ВМК дека бил согласен со условите на ВМК.

14. Извештај од Кирил Прличев, претседател на околискиот комитет во Воден до ЦК на МРО во Солун

Број на членство; собирање пари со расписки; селаните даваат повеќе пари, отколку граѓаните; револуционерната идеја е добро прифатена; потреба од оружје.

15. Писмо од Дамјан Груев до Андреј Љапчев

Д. Груев протестира поради настојувањето на ВМК да го дискредитира пред ЦК на МРО; иронично ги исмева интригите на ВМК.

16. Устав на Тајната Македоно–Одринска Револуционерна Организација

17. Правилник на Тајната Македоно–Одринска Револуционерна Организација

18. Писмо од Христо Тенчев до Христо Станишев

Улогата на ЦК на ТМОРО во ученичкиот бунт во Солунската егзархиска гимназија; ТМОРО настојува да ги контролира општините и училиштата.

19. Писмо од Гоце Делчев до Никола Малешевски

Разменети писма; пренесување на оружје; искажува незадоволство од пројавените шпиони; вистинските патриоти се занимаваат со возвишени цели, а не со гонење на предавници.

20. Писмо од Гоце Делчев до Никола Малешевски

Искажува незадоволство од арамискиот војвода Дончо Златков; Дали има народ кој толку многу трпел од своите синови изроди колку македонскиот.

21. Писмо од Христо Станишев до Христо Тенчев

Станишев негодува поради формирањето на Бугарското тајно револуционерно братство; тоа ќе има штетни последици за македонското дело; за да ги спречи поделбите во македонското движење не го испечатил Уставот на Братството.

22. Писмо од Гоце Делчев до Никола Малешевски

Делчев искажува незадоволство кон бугарските управници, кои настојуваат да ја повторат провокацијата од 1895 година.

23. Доверлив извештај №. 57 од Атанас Шопов, бугарскиот трговски агент во Солун до Константин Стоилов–претседател на бугарската влада и министер за надворешни работи и вероисповед

ТМОРО под водство на Христо Татарчев и Дамјан Груев победила на изборите за Солунската егзархиска црковно–училишна општина во 1898 година; ТМОРО е народна партија, крајно либерална и антиегзархиски настроена.

24. Писмо од Константин Стоилов, министер–претседател на бугарската влада до Атанас Шопов–трговскиот агент во Солун

Средбата на К. Стоилов со Дамјан Груев; К. Стоилов настојува да ја стави ТМОРО под контрола на бугарската влада и да ја искористи за борба против ривалските пропаганди во Македонија.

25. Писмо од Атанас Шопов–бугарскиот трговски агент во Солун до Константин Стоилов–министер претседател

Дамјан Груев изјавува дека ТМОРО не може да се сообразува со политиката на бугарската влада и против неа ќе се бори како против сите непријатели.

26. Окружно од Министерството за надворешни работи и вероисповед до бугарските трговски агенти во Македонија

Политиката на бугарската влада кон Македонија; владата се заканува со апсење на дејците на Организацијата кои ги нарекува разбојници; односот на бугарските трговски агенти спрема ТМОРО.

27. Доверливо писмо №. 85 од Атанас Шопов до Константин Стоилов

Односот на ЦК на ТМОРО кон окружното №. 39 од 3 септември 1898 г; Бугарското тајно револуционерно братство дејствува против ТМОРО.

28. Христо Матов од името на ЦМОРК до Константин Стоилов–министер претседател на бугарската влада

Реакција и протест на ЦМОРК против Окружното на К. Стоилов.

29. Расписка од Централниот македоно-одрински револуционерен комитет за 500 наполеони од бугарскиот трговски агент Димитар Ризов

30. Писмо од Иван Гарванов до претседателот на VI Македонски конгрес во Софија

Братството ја обвинува ТМОРО за партизанство, бара помирување и обединување со ТМОРО под покровителство на ВМК.

31. Писмо од Иван Гарванов до Андреј Тошев

Продлабочување на конфликтот меѓу Братството и ТМОРО; Братството е во апатична положба бидејќи ја загубило поддршката од ВМК од бугарската влада и од Егзархијата; повикува на одмазда против ТМОРО.

32. Писмо од Иван Гарванов до К. Аврамов

Помирување меѓу Братството и ТМОРО; Братството капитулирало пред условите на ТМОРО; Гарванов иако негодува, сепак е задоволен бидејќи Братството реално не преставувало сериозна организација.

33. Писмо од Ѓорче Петров до Владимир Бочуков

Ѓ. Петров во својство на задграничен претставник дава инструкции за революционерното движење во Ахчелебиско и ги појаснување основните начела на програмата на ТМОРО.

34. Мајската спогодба од 1900 година меѓу ВМК и ЦК на ТМОРО според Протоколот №. 3 од заседанието на Врховниот македонски комитет

35. Протокол №. 6 од заседанието на Врховниот македонски комитет

ВМК го предлага Димитар Венедиков за член во ЦК на ТМОРО, а Софрониј Стојанов за член на Битолскиот окружен комитет.

36. Расписка од Вториот македоно-одрински революционерен комитет, врачена на бугарскиот трговски агент во Битола, Петар Михајлов

37. Протокол №. 57 од заседанието на Врховниот македонски комитет

ВМК го обвинува Ѓорче Петров за непочитување на мајската спогодба

38. Протокол №. 59 од заседанието на Врховниот македонски комитет

Одлука на ВМК да го протера Ѓорче Петров од Бугарија поради непочитување на мајската спогодба.

39. Правилник за четите на Тајната македоно–одринска революционерна организација

40. Писмо од Гоце Делчев до Никола Малешевски.

Откриен каналот преку с. Ветрен; прекин на односите со ВМК; ВМК настојува да ја искористи ситуацијата по Солунската провала за преземање на раководството во Организацијата; голема потреба од пари.

41. Писмо од Гоце Делчев до околискиот комитет во Горна Џумаја

Членовите на ЦК на ТМОРО се затворени; секој реон привремено да дејствува на своја одговорност; врските со ВМК се прекинати; голема потреба од пари.

42. Окружно писмо од Гоце Делчев и Ѓорче Петров до окружните, околиските и селските раководители и до началниците на четите

Анализа на состојбите во ТМОРО по Солунската провала; прекин на односите со ВМК; воведување на привремена децентрализација; предупредување за опасноста од избивање на предвремено востание; инструкции за да се спречи навлегувањето на врховистите во Македонија.

43. Изјава на Гоце Делчев пред VIII конгрес на ВМК

Помеѓу ВМОК и ТМОРО може да постојат врски само доколку ВМОК не се меша во работата на ТМОРО; задграничните претставници имаат за цел да ги одбиваат посегањата на ВМОК кон ТМОРО.

44. Вонреден протокол за соработка меѓу ВМК и ТМОРО 1901 г.

45. Писмо од Дамјан Груев до Охридскиот околиски комитет

Главната задача на четите да биде агитаторско–организаторска; набавка на оружје; придобивањето на автономија најмногу зависи од сопствената дејност.

46. Полномоштво од ЦК на ТМОРО на Димитар Стефанов и Туше Делииванов за задгранични претставници во Софија

47. Писмо од Туше Делииванов и Димитар Стефанов до претседателот на Казлагачкото македоно–одринско друштво

Прекин на односите меѓу ТМОРО и ВМК

48. Писмо од Борис Сарафов до Задграничното претставништво

Сарафов го кани Г. Делчев во Женева за да се договорат за повеќе прашања во врска со македонското ослободително дело.

49. Тајно окружно писмо од Задграничното претставништво на ТМОРО до македоно-одринските друштва во Бугарија

ВМОК испраќа чети во Македонија и агитира за востание; бугарскиот дворец и влада тргуваат со македонското дело; ТМОРО прифаќа отворена војна со ВМОК; македонските револуционери се борат против неправдата во Турција, како дел од таа држава, а не како агенти на Бугарија.

50. Писмо од Лазар Киселинчев до Задграничното претставништво

Можности за набавка на оружје од Грција; обид за ангажирање на поранешни учесници од грчко–турската војна за македонското ослободително движење; Грција спроведува систематска агитација меѓу Македонците во Атина.

51. Писмо од Васил Чекаларов до Гоце Делчев

Набавка на оружје од Грција и уредување на канал; доставувањето оружје преку Грција е тешко, грчките власти ги следат активистите на ТМОРО.

52. Писмо од Лазар Киселинчев до Гоце Делчев

Грчките власти приведуваат активисти на ТМОРО; Коте и гркоманите од Костурско одржуват контакти со грчкиот министер за надворешни работи.

53. Писмо од Јордан (Орце) Поп Јорданов до Гоце Делчев

Орце негодува пред Делчев од име на гемиџиите и се заканува на ЦК поради недоразбирања.

54. Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

Преследување на врховистичката чета на Иван Карасулијата; сарафистите прават проблеми во Кукуш поради што се бара интервенција на Делчев; гемиџиите се непокорни, трпението на ЦК кон нив е на граница, Б. Сарафов да ги повлече или да им ја прекине издршката.

55. Писмо од Лазар Киселинчев до Гоце Делчев

Активистите на ТМОРО во Грција се провалени и затворени.

56. Отчет на Задграничното претставништво до ЦК на ТМОРО во Солун

Опширен извештај за односите меѓу ТМОРО и ВМК; недоразбирања, надмудрувања и непријателства; ВМК уфрла чети во Македонија и агитира за востание во есента 1902 година.

57. Окружно писмо од ЦК на ТМОРО до тајните револуционерни комитети во Македонија и Одринско

Населението да се надева само на сопствените сили; врховистите настојуваат да го вовлечат населението во предвремено востание; до прогласување на внатрешно востание и ослободувањето на Македонија и Одринско останува уште малку време.

58. Окружно писмо од ЦК на ТМОРО до револуционерните организации во Малешевско, Џумајско и Петричко

Строго предупредување до месните организации да престанат со поддршка на врховистичките чети кои настојуваат да покренат предвремено востание.

59. Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

Средување на кадровски прашања; полковник Јанков го поминал Вардар; достава на дневен ред за конгрес на ЦК.

60. Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

Состојбата во Воденско е критична поради присуството на врховистички чети; Јанков заминал за Леринско; зголемена опасност во Костурско; битолските раководители сметаат да им предложат на врховистите да се покорат на Внатрешната организација; ЦК предлага директен ангажман на авторитетни личности како Г. Делчев, Б. Сарафов, М. Герџиков и др.

61. Битолскиот револуционерен округ до полковник Анастас Јанков

Повик до Јанков да престане со издавање заповеди во Костурско и да не презема ништо додека не се разберат.

62. Писмо од Нишо Трајков до Гоце Делчев

Признание за заслугите на Делчев во македонското дело; критика кон Делчев дека е заразен од интернационалниот социјализам; во интерес на Македонците и македонското дело предлага помирување на Делчев со ВМОК.

63. Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

Состојбата се комлицира, особено во Петричко; ЦК се интересира за ставот на бугарската влада.

64. Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

Населението во Воденско со одвратност гледа на врховистичките постапки; врховистите се заканувaат со предавства дури подметнуваат писма наводно од Г. Делчев за побрзо востание; ЦК пројавува интерес за топови.

65. Писмо од Битолскиот револуционерен округ до Анастас Јанков

Апел до Јанков да ги отповика повиците за востание во спротивно ќе биде гонет како непријател на татковината.

66. Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

Разоружана врховистичка чета во Воденско; Сандански го очистил реонот од врховистите, но негодува против прифаќањето на Б. Сарафов во Организацијата; Х. Татарчев е во затвор во Атина; ЦК се интересира за цена на горски топови во Бугарија.

67. Повик од Битолскиот револуционерен округ до населението во Костурско и Леринско

Населението да се откаже од делумно и предвремено востание, бидејќи слободата на татковината може да дојде само преку едно повсеместно востание.

68. Писмо од Борис Сарафов до Гоце Делчев

Претставници на српската влада на Б. Сарафов му предлагаат соработка и поддршка за ТМОРО со намера да ја засилат српската пропаганда во Македонија; обиди за набавка на оружје од западноевропските земји.

69. Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

Егзархијата не ги назначила сите учители според списокот на ТМОРО; врховистите продолжуваат со закани и предавства; Пожарлиев предизвикал разбегување на селаните во Воденско; Јанков е во Костурско–Леринско; недоразбирања во Кукуш.

70. Писмо од Битолскиот револуционерен округ до Анастас Јанков

Управата му благодари на Јанков што го одложил почетокот на востанието, но одбива да испрати делегат за преговори со него.

71. Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

Доставување оружје; назначување учители; успехот на Јанков во Костурско е нула; Сандански се заканува доколку Б. Сарафов влезе во неговиот реон; положбата во Поројско и Воденско.

72. Писмо од Задграничното претставништво до ЦК на ТМОРО

Борис Сарафов е приведен па ослободен во Србија; во Србија постојат две теченија по македонското прашање: едно за автономија, другото за поделба; испраќање на чети.

73. Писмо од Задграничното претставништво до ЦК на ТМОРО

Мисијата на Сарафов во Србија е неуспешна; нема потреба од топови бидејќи ТМОРО нема артилерија; распоредување на чети; испратени пари и оружје; учителското прашање.

74. Писмо од Борис Сарафов до Задграничното претставништво

Весниците во Париз пишуваат за востание во Македонија; ставот на Сарафов за врховистичкото востание.

75. Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

Гласините за востание во Македонија не одговараат на реалната состојба; востанието е објавено без востаници; има опасност од афери поради предавства од врховистите; П. Тошев е интерниран во Прилеп.

76. Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

Врховистите во Јужна Македонија се парализирани; постои опасност во Малешевско; врховистите проституираат со востанието; востание во Македонија нема; да се демантираат гласините за востание преку печатот; кадровски прашања; прекинати односите со Егзархијата.

77. Писмо од Борис Сарафов до Гоце Делчев

Ставот на Б. Сарафов за Јанковото „востание“; отворање на канал преку Албанија.

78. Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

Последици од врховистичките активности во Воденско; турски злосторства во Тиквешко; односите со Егзархијата; ЦК се интересира дали бугарската влада го променила ставот;

79. Писмо од Задграничното претставништво на ТМОРО до ЦК во Солун

Кадровски прашања; испраќање чети; врховистичките продолжуваат да навлегуваат во Македонија; ЗП ги демантира гласините за востание.

80. Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

ЦК под притисок на врховистите го менува ставот за востание; ЦК се интересира за ставот на бугарската влада и предлага омекнување на ставот спрема врховистите.

81. Писмо од Задграничното претставништво до ЦК на ТМОРО

Врховистичката фама за востание во Македонија тешко се разбива; повелението на бугарската влада не е јасно; грофот Игнатиев смислено ги вознемирува духовите; тековни кадровски прашања; односи со Егзархијата; ЗП размислува за поставување на прашањето за востание.

82. Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

Врховистичко востание во Петричко; Турците испраќаат воени сили, но не се вознемирени; ЦК се интересира за улогата на бугарскиот кнез и владата.

83. Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

Десетина востанати села во Петричко; ЦК нема прецизни информации за настаните.

84. Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

Османлиските власти распоредуваат редифи; ЦК се интересира за улогата на бугарскиот кнез во врховистичкото востание.

85. Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

Серското раководство негодува заради ненавремено испраќање на материјали; врховистите имаат делумен успех во Петричко и Мелничко; Јанков ветил помирување колку да се извлече.

86. Писмо од Задграничното претставништво до ЦК на ТМОРО

Ставот на ЗП за врховистичкото востание; центарот и тежината треба да биде во Македонија и никаде на друго место; препораки до ЦК на ТМОРО да биде на висина на положбата; при евентуално усложнување на положбата ЗП допушта покренување востание.

87. Писмо од Задграничното претставништво до ЦК на ТМОРО

Врховистичкото востание има делумен успех во Петричко и Џумајско; врховистичка чета се судрила со бугарската погранична стража; ослободени тројца затвореници од Грција.

88. Писмо од Задграничното претставништво до ЦК на ТМОРО

Тековни материјални и кадровски прашања; да се спречи преминувањето на врховистичките чети преку Вардар.

89. Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

ЦК бара да се испрати специјана делегација кај бугарскиот премиер Данев; тековни кадровски и технички прашања.

90. Писмо од Задграничното претставништво до ЦК на ТМОРО

Доставување адреси за испраќање на архивата на ЦК; ВМОК апелира кон бугарската јавност и европските дипломати и научници за поддршка на врховистичкото востание.

91. Писмо од Борис Сарафов до Гоце Делчев

Испорака на материјали; каналот преку Албанија; написите за врховистичкото востание не влијаат многу врз јавното мнение; Сарафов предлага востание со напади на големите градови, рушење железници и европски фабрики за да се предизвика европското внимание.

92. Писмо од Задграничното претставништво до ЦК на ТМОРО

Тешко може да се сфати суштинското мнение на бугарската влада во врска со македонското револуционерно движење.

93. Писмо од Задграничното претставништво до ЦК на ТМОРО

Различни проценки помеѓу ЦК и ЗП за успехот на врховистичкото востание; доколку „генералското“ востание се пролонгира преку зимата, ТМОРО треба здраво да мисли за востание на пролет.

94. Писмо од Борис Сарафов до Гоце Делчев

Каналот преку Албанија; обезбеден експлозив кој се активира со електричен детонатор од далечина и многу е погоден за дигање на возови во воздух.

95. Писмо од Битолскиот револуционерен округ до Анастас Јанков.

Предупредување до Јанков да се потчини на Организацијата, или да го напушти регионот.

96. Писмо од А. Јанков до Управата на Битолскиот револуционерен округ

Јанков одбива да се потчини на ТМОРО, а луѓето на Организацијата ги нарекува „коцкари“ и „кокошкари“, кои му попречиле да крене востание.

97. Писмо од Христо Чернопеев и Крсто Асенов до Задграничното претставништво

Состојбата во Струмичко е драматична; ЦК на ТМОРО веднаш да прогласи востание.

98. Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

ЦК инсистира за помирување со ВМОК; положбата во Воденско е сложена; тековни прашања.

99. Писмо од Лазар Киселинчев до Гоце Делчев

Јанков е во Атина; можности за спогодба со Македонците во Атина во интерес на македонското ослободително дело.

100. Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

Положбата во Струмичко; да се направат отстапки за помирување со врховистите; продолжувањето на борбата со врховистите ја истоштува Организацијата и го расипува населението; да се забрзаат подготовките за востание на пролет; Делчев да ги уреди односите со гемиџиите бидејќи трпението кон нив е на граница.

101. Окружно №. на ВМОК на Христо Станишев

Предлог реформи за Македонија претставени на рускиот министер за надворешни работи грофот Ламсдорф; претставени од Задграничното претставништво на ТМОРО, од претставници на ВМОК и македоно–одринската емиграција.

102. Протокол на Солунскиот конгрес 1903 година

Одлука за востание во Македонија и Одринско во 1903 година.

103. Управата на Вториот (Битолски) революционерен округ до реонските и центровите началници и до сите работници

Денот за одмазда наближува; да се забрзаат подготовките за конечната победа и слободата; да се остават на настрана националните расправии; европската дипломатија е заинтересирани за македонското прашање.

104. Писмо од Задграничното претставништво до Михаил Герџиков

Покана за М. Герџиков да присуствува на средбата со делегатите на ЦК на ТМОРО во врска со решението за востание од Солунскиот конгрес; Г. Делчев заминал за Македонија.

105. Писмо од Пере Тошев до Никола Малешевски

Информација за решението на Солунскиот конгрес и за доаѓањето на Иван Гарванов и Велко Думев за да учествуваат на советувањата во Софија, кои според П. Тошев претставуваат „комедија“.

106. Писмо од Пере Тошев до Никола Малешевски

Потреба од манилхери; преминување на чети; бугарската влада презема строги мерки против комитаџиите; на советувањето во Софија биле наклонети за востание; Делчев е информиран за решенијата од советувањата.

107. Известување од ЦК на ТМОРО за одлуката за востание

ТМОРО реши да крене востание; предупредување до врховистите да не преземат иницијативи кои би попречиле на планираното востание и покана да ја поткрепат борбата на македоно–одринското население.

108. Апел од македоно–одринското друштво во Атина кон Македонците во Атина за учество во претстојното востание

109. Доверливо Окружно №. 45 од Министерството за надворешни работи и вероисповед до бугарските трговски агенти во Солун, Одрин, Битола и Сер

Упатство за бугарските агенти да ги убедат водачите на населението против кревањето на востание во Македонија, во спротивно да не се надеваат на бугарска помош.

110. Многу доверлив извештај №. 112 на бугарскиот трговски агент во Битола до министер–претседателот Стојан Данев

Водачите на револуционерната организација во Битолскиот вилает се самоуверени и не сакат да ги прекинат подготовките за востание по барање на бугарската влада; Востанието може да се одлага до крајот на мај, но не воопшто да се одложи.

111. Писмо од Гоце Делчев до Пеју Јавров

Делчев го разрушил мостот на Ангиста и блискиот тунел; набрзо заминува за Солун за редба со луѓето од ЦК и со Даме Груев во врска со прашањето за востание.

112. Протоколите од Смилевскиот конгрес 1903 година.

Одлуката за востание во Битолскиот револуционерен округ и мерки за негова реализација.

113. Востаничкиот дисциплински устав, усвоен на Смилевскиот конгрес

Права, должности и одговорности на учесниците во востанието во II (Битолски) револуционерен округ.

114. Циркулар од Главниот штаб до реонските раководни тела на II македоно-одрински револуционерен округ

Г ги потврдува избраните реонски началства; пренесување на ингеренциите од градските управни тела врз подвижните реонски началства; формирање на градски дежури; канали за кореспонденција меѓу реонските началства и Главниот штаб; забрзување на подготовките за востание.

115. Васил Пасков до Задграничното претставништво на ТМОРО

Да не се прифаќа иницијативата на бугарската влада за одлагање на востанието, бидејќи тоа ќе го поткрепи убедувањето на дипломатијата дека македонското движење се поттикнува, поддржува и раководи од Бугарија која има завојувачки цели, а тоа ќе има штетни последици за ослободителното дело.

116. Општ план и цели на востанието 1903 година

117. Проект–Мемоар на бугарскиот кнез Фердинанд до рускиот император

Положбата на славјанското население во Македонија е лоша; револуционерното движење не може да се запре; предлог за реформи: христијански управник–губернатор, обласно собрание, посебен буџет, полна политичка амнестија; македонскиот народ ќе биде восхитен од реформите, бидејќи не се води од панбугарски идеи.

118. Мемоар од Григор Начович до Младотурците од бугарско потекло за подобрување на турско–бугарските односи

Македонците се стремат кон слободен живот одделен од Бугарите и од Кнежевството; тие се против Сан Стефанска Бугарија и сакаат македонска автономија; Македонците се многу влијателни во Бугарија, а од нив се плаши дури и кнезот; турско–бугарска војна може да доведе само до руска окупација на Бугарија и австриска окупација на Македонија, а Македонците пак си остануваат Македонци и ќе се бунтуваат ако не се спроведат реформи.

119. Главниот штаб до Дирекцијата на Ориенталните железници

Предупредување за почетокот на востанието и опасноста од невини жртви поради евентуални атентати по железницата.

120. Окружно од Главниот штаб на II (Битолски) револуционерен округ до Центровите и селските началници и до народот

Повик за почеток на востанието на 20 јули 1903 година.

121. Окружно писмо № 212 од Охридското горско началство до војводите во Охридската околија

Востанието почнува вечерта на 20 јули; да се прочитаат повиците од Главниот штаб; инструкции за дејствување според Општиот план за востание.

122. Прокламација до турскиот народ во Крушевската револуционерна околија (Крушевскиот манифест)

123. Известување од Задграничното претставништво на ТМОРО до сите партии, весници и дипломатски претставници во Софија за избувнувањето на востанието

Народот во Македонија на 20 јули се крена на востание и ќе се бори до извојување на својата слобода.

124. Писмо од кметот на село Алданци до Крушевските востаници

125. Писмо од село Алданци до Крушевските востаници

126. Писмо од Али–командант на крушевскиот гарнизон до Крушевските востаници

127. Писмо од Васил Пасков до Главното боево тело на VII (Одрински) востанички округ

Бугарскиот министер–претседател Рачо Петров го прекорува Христо Матов, бидејќи Организацијата не го одложила востанието и настојува да ја вовлече Бугарија во војна; Организацијата не сака ништо од Бугарија, бидејќи не им верува на празните ветувања и лаги; Битолскиот вилает е во хаос, побрзо да се објави востанието во Одринско.

128. Демант од Задграничното претставништво на ТМОРО против турските клевети за наводна жестокост на востаниците

129. Главниот штаб до дипломатските претставници на Големите сили во Битола

Протест поради жестокоста на власта при задушувањето на востанието со палење на села и убивање на жени и деца.

130. Декларација од ЦК на ТМОРО испратена преку Задграничното претставништво до претставниците на големите сили

Причини за избувнување на востанието и политичките барања на Организацијата.

131. Писмо од Задграничното претставништво до Јане Сандански и Димитар Лазаров Минѓо

Информации за текот на востанието; барање да започнат востаничките акции во Серскиот округ.

132. Писмо од Задграничното претставништво до раководството на Серскиот револуционерен округ

Текот на востаничките дејствија во востанатите окрузи; неофицијално помирување со врховистите; навлегување на врховистите во Серско, неопходност од започнување на востанието во Серско.

133. Писмо од Задграничното претставништво до раководството на Серскиот револуционерен округ

Неопходност од започнување на востанието во Серскиот округ; врховистите се стават на услуга на ТМОРО без претензии, поради што не треба да се гонат, туку да се искористат.

134. Писмо од Христо Татарчев до Христо Матов

Престои средба на рускиот цар со англискиот крал и германскиот кајзер во врска со македонското прашање; да се дадат поголеми ефекти на движењето; Србија предлага морална и материјална помош за ТМОРО.

135. Писмо од Христо Татарчев до д-р Ламбрев

Татарчев бара прием кај бугарскиот кнез Фердинанд во врска со македонското прашање.

136. Писмо од Задграничното претставништво на ТМОРО до Главниот штаб во Битолскиот револуционерен округ

Текот на востанието; меѓународна положба на македонското прашање; Русија и Австро–Унгарија имаат главна улога за балканското прашање; бугарскиот кнез се плаши да објави војна на Турција заради својата положба; Романија ѝ се заканува на Бугарија; Грција предлага сојуз на Турција против востаниците; Србија предлага морална и материјална помош за ТМОРО; Мемоар до големите сили; Татарчев ќе разговара со бугарскиот кнез.

137. Христо Татарчев бара прием од Рачо Петров, министер–претседател на Бугарија

138. Писмо од Главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ до бугарската влада

Поради влошената положба, Главниот штаб бара бугарската влада да објави војна на Османлиската империја.

139. Меморандум од ТМОРО до претставниците на големите сили во Софија

Турските жестокости во Македонија при обидите за задушување на востанието.

140. Писмо од Задграничното претставништво на ТМОРО до бугарскиот егзарх Јосиф I во Цариград

Барање за назначување на учители од редот на ТМОРО, независно дали се компромитирани, или не, пред власта.

141. Отворено писмо од Даме Груев до Хусеин Хилми Паша

Османските сили да се придржуваат до правилата на воената чест и да престанат жестокостите над мирното христијанско население, во спротивно се заканува со палење на турските села; не е далеку денот кога над Македонија ќе светне сонцето на слободата.

142. Повик од IV Пирински (Серски) револуционерен округ за објавување на востание

143. Протест од Задграничното претставништво до весник „Нов век“

Протест против провладиниот в. „Нов век“ бидејќи објавил неоснован демант од Османското комесарство во Софија за гласините за турските ѕверства за време на востанието.

144. Писмо од Даме Груев и Анастас Лозанчев до Борис Сарафов

Груев и Лозанчев бараат Сарафов да го врати знамето на Битолскиот револуционерен округ, бидејќи неговото место не е во Софија.

145. Писмо од Задграничното претставништво до Михаил Герџиков.

Подготовки за испраќање на Борис Сарафов и Михаил Герџиков во Западна Европа.

146. Писмо од Задграничното претставништво до Михаил Герџиков.

Издавање полномоштво за Борис Сарафов и Михаил Герџиков за нивната мисија во Западна Европа.

147. Писмо од Петар Самарџиев до тиквешкиот војвода Петар Јуруков

Негодувања на советувањата во Софија поради заминувањето на Б. Сарафов во Европа да собира пари за ослободителното дело.

148. Предлог од Кирил Прличев до Задграничното претставништво

Предлог за заземање на австрискиот и рускиот конзулат во Битола од страна на дејците на ТМОРО.

149. Окружно писмо од Главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ

Историска оцена за востанието; Турција е изнемоштена; симпатиите на слободољубивото човештво во Европа и Америка се освоени; прогласените реформи не се доволни; револуционерното знаме ќе развие одново при поблагопријатни моменти.

150. Окружно писмо од Главниот штаб на Битолскиот револуционерен круг

Востанието ќе се обнови при благопријатни услови; распуштање на Главниот штаб и на горските началства; ТМОРО ќе дејствува согласно Уставот и Правилникот од пред востанието.

151. Писмо од Христо Татарчев до Борис Сарафов и Михаил Герџиков

Инструкции за ставовите кои треба да се застапуваат при интервјуа во Западна Европа: подобро да се зборува за минатото, а не за востание во иднина, Мирцштегските реформи не ги задоволуваат минималните барања на Организацијата.

152. Резиме од писмото на Никола Пушкаров до Христо Шалдев

Советувањата во Софија; морална криза во Организацијата; Х. Матов се залага за вештачко востание за следната пролет; формирана комисија за изработка на Директивата за привремено раководење на Организацијата.

153. Писмо од Битолскиот револуционерен округ до Задграничното претставништво на ТМОРО

Незадоволство поради слабото учество на другите окрузи во востанието; потреба од општ конгрес во Македонија; потреба од преустројство на Централниот комитет; идната дејност на Организацијата; прегледување на сметките; недоверба кон српските предлози за соработка.

# ДОКУМЕНТИ

## Документ бр. 1

### Писмо од Дамјан Груев до Никола Дејков

**Состојбите во Солунската егзархиска гимназија; сепаратизмот на МРО; односот на МРО кон просветната егзархиска политика; отворање на Неделно училиште и др.**

Солун, 7 февруари 1894 г.

Ничо,[1]

Исаф, бе душко, ептен клониме да се заборавиме! Ти пак како заколнат изгледа се плашиш и од писалката. Мене ме гледај, јас сум под построга повелба, отколку ти при куциот. Многу чемер ми се набрало од мојот запален мајстор, туку ајде нека оди засега.

Чесен збор, многу пати се канев да ти одговорам на писмото добиено од тебе уште во предисториско време, но кој знае како, ете едвај дури денес пристапувам. Си ја признавам грешката. Извини!

Од овде доста важни и шарени новини ми претстои да ти соопштам. Се набрале. Одамна не сме си пишувале. Сум изумил до каде сум стигнал во минатите писма, но најпосле да започнам од каде и да било – сè претставува интерес.

Прилеп ќе го пропуштам, верувајќи дека, Иван, брат ти, редовно треба да те бомбардира од таму. Претпоставувам дека тамошните настани ти се на располагање и за запознавање, доволно само ако имаш потреба од подробности. Тука, силни непријателства беснеат меѓу бугарското општество, Сарафов,[2] аќибет,[3] не ќе го ќердоса[4] својот пост. Учителите – едни во осој, други – во присој, само мојот Мирчев[5] изгледа дека заповеда на страста. Тој, како што из-

---

[1] Никола Дејков, прилепчанец, школски другар на Даме Груев од Солун и Софија, член на Младата македонска книжевна дружина. Д. Груев со него редовно се допишувал до крајот на животот.

[2] Михаил Сарафов, (1854–1924) бугарски политички деец. Бил министер за просвета (1880–1881); министер за финансии (1884); (1902–1903); министер за внатрешни работи (1901–1902); бугарски дипломатски претставник во Цариград (1904–1909) и во Виена (1909–1912). Во периодот од 1893 до 1896 година бил директор на машката егзархиска гимназија во Солун, а во 1895–1896 и на женската.

[3] Најверојатно.

[4] Прокопса.

[5] Димитар Мирчев, (1865, Прилеп–1938, Вршец). Школски другар на Д. Груев од Белград и Софија, член на Македонското студентско друштво, еден од основа-

гледа, со сите се претставува дека е добар, но на сите би им подготвил бездна, доволно само ако му се даде без жртви. Пак ми се кичи, дека нашите стари идеали го движат, но веројатно, тоа е – единствено заради забава. За време на Божиќната ваканција беше во Битола за да се види со брат му Јована, кој во тоа време опасно беше болен. Неговите браќа станаа содружници со Белезелков[6] и работат на крупно во Битола. На неговото господство му била потребна уште една година служба, за конечно да ја обезбеди својата фамилија, следствено, засега не е законски идеалот да изискува големи жртви од него. „Принуден сум на глув да се претставувам“ е начелото според кое се раководи при неговото смело дејствување. Но, да го оставиме него, бидејќи и кажаното е многу.

Како и да е, но меѓу постојните, најзначителна партија е горе–долу титулираната „Сепаратистичка“,[7] на која ѝ претстои успех. Ти, не е чудо, од високо да гледаш на тоа движење, но треба да знаеш дека и Исус бил од Назарет.

Работава еве како е.

Пред сѐ сепаратистичкиот стремеж не треба да го сметаме за утопија. Тој не ги обзема крајностите на вистинскиот сепаратизам, како што си претставуваат крајните шовинисти. Тој е плод (разбирам нашиот нов сепаратистички правец), та имено плод на неспособноста на Бугарија да спомогне на кај нас. Тој го наоѓа излезот само во заземањето на едно друго поведение од страна на Македонците спрема соседите. Постоењето на нашите училишта при таква управа и поддршка го сметаме за сосема штетно за земјата и способно само да ја исцедува земјата од нашите млади сили и да го ослабува духот меѓу позадржаното население. Имајќи ги предвид штетите од таа тактика на дејствување, новите сепаратисти си поставуваат за цел спроведување меѓу населението на мислата за самостојно работење. Сѐ започнува од училиштата, бидејќи таа тема може да биде достапна пред секого.

Но, тоа не значи уште од сега со бајрак да се проповеда. За некое време ние се стремиме тајно да пропагандираме, додека се подзасилиме, но и за да не им дадеме можност на непријателите да се вардат и да ни пречат.

---

чите на Тајното бугарско револуционерно братство (1897), член на ЦК на ТМОРО и секретар на Солунскиот конгрес во 1903 година.

[6] Прилепски трговец.

[7] Се однесува на Македонска револуционерна организација (МРО) која од конспиративни причини се појавила како неформална групација со претензија да се наметне во егзархиските црковно–училишни институции во Македонија.

Нашите дејствија ќе се сообразуваат со месноста. Така, на пр[имер], послабо пробудените места како Костур, Сер и др[уги], засега остануваат пренебрегнати, бидејќи таму веќе започнало да се работи со пари, а ние за сега се чувствуваме слаби за таков дуел.

Овде изгледа доста прогресираме и за прво дело го сметаме успешното отворање на „Неделното училиште“ како продолжение на вечерното. Го поставивме на сосема самостојна основа, па бај ти Сарафов и покрај сите лукавства не успеа да го потчини.

Без да се обраќа никој до него, сиромавиот, беше испратил посредници да нè канат да се собираме во егзархиското училиште. Удирајќи на тој начин на камен, неговото господство почна да се оплакува зошто не сме му го потчиниле, како што се другите училишта, за да може и тоа да цвета и да се развива под неговиот ретрограден режим.

До сега е сомнително дека тие ја сфатиле нашата крајна цел, но ишала[8] ќе дојде ред да ја почувствуваат.

Ами се досетив да те прашам како си ти со нашето некогашно бладање за извојување на правдините, допуштени од Берлинскиот договор? Ама канцелариски размислувања сме си допуштале, де! Пиши нешто по тоа прашање, бидејќи Букурешт клони да не претекне. Мене оково ми ја јаде Туркијава, што мислиш ти? Одговори побрзо во врска со загатнувањата во минатото писмо, за да се видиме. За многу нешта ни претстои да разговараме, а страшливецу ниеден!

Се уморив веќе, а бело уште има, за да се црни. Да прекратам – грош и така ќе давам; да продолжам – изгубив фурка и вретено, како што гледаш, уште едно останува, и јас како и твојата милост со по еден збор ред да полнам. Никола Наумов[9] налево–надесно пројавува дејност во својата епархија. Панта се насладувал со „покит“.

Многу здравје на Вишин[10] и неговото творештво, коешто во немалку примероци спокојно спие во рафтовите.

Твоето поведение со Груев[11] и Крапчев[12] не ми се допаѓа. Не ви претстои само со намрштеност времето да го губите. Рака со рака се мие.

---

[8] Дај боже.

[9] Никола Наумов (околу 1871, Штип–1927, Софија). Член на Македонското студентско друштво, член на Врховниот македонски комитет (1896); секретар на бугарското трговско агентство во Скопје (1897); редактор на в. „Право“ (1894–1896; 1901–1903); на сп. „Македоно-одрински преглед“ (1905–1907) и на в. „Изгрев“ (1913), пратеник во XVII народно собрание на Бугарија (1914–191).

[10] Вишин Лазар, познаник на Д. Груев.

Селјам на Ил. Ѓаков и Мутафов. Од Македонија нема ни да се поместам, иако мајсторот ден за ден чека пратот да ми го удри.

Побрзај со одговорот, и тоа на адреса преку книжарницата на Ив. Х. Николов,[13] Френкчаршија, за шутрако.

*Д.*[14]

*Објавено:* Коста Църнушанов, Новооткрити писма на Дамян Груев, ИВИНД, т. 47, София 1989, стр. 233-236; Даме Груев – Спомени. Кореспонденция (предговор, съставителство и бележки: Цочо Билярски), София 1999, стр. 127-129.

[11] Се однесува на Димитар Груев – прилепчанец, поради кого Д. Груев во 1891 по грешка бил притворен од бугарските власти.

[12] Крапчев Јордан, познаник на Д. Груев.

[13] Иван Хаџи Николов (1861, Кукуш–1934, Софија), еден од основоположниците на МРО, член на ЦК на МРО (1894–1901), учесник на Солунскиот конгрес (1896). Во 1901 година во врска со Солунската провала е осуден на доживотно заточение во Мала Азија, бил амнестиран во 1902 година. Учествувал на Софиските советувања во врска со прашањето за востание (декември 1902 – јануари 1903).

[14] Дамјан Груев (1871, Смилево–1906, врв Петлец, Малешевско), главен иницијатор за формирање на МРО и еден од најекспонираните нејзини раководители. Бил член на Македонското студентско друштво во Софија (1890–1891), прв благајник и секретар на ЦК на МРО, учесник на Ресенското советување (1894), на Солунскиот конгрес (1896), претседател на Смилевскиот конгрес (1903), претседател на Прилепскиот конгрес (1903) и на Рилскиот конгрес 1905), член на Главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ. Во врска со Поп Ставревата провала (1900 г.) бил осуден на десет години заточение во Мала Азија, на почетокот на 1903 година бил амнестиран.

## Документ бр. 2

### Писмо од Дамјан Груев до Никола Дејков

**Судирот меѓу Солунската црковно-училишна општина и директорот на гимназијата; ставот на МРО кон просветната политика на Бугарската егзархија; тенденцијата на МРО за преземање на контролата врз црковно-училишните општини; формирање комитети во внатрешноста; потреба од задграничен комитет.**

Солун, 9 март 1894 г.

Бугарија – Луковит, Н. Дејков, Мировен суд
Во г. Луковит (Плевенски округ)

Ничо,

Одамна ти испратив писмо и не ми се верува дека не си го добил, иако уште молчиш. Ти го научив табиетот, та веќе не си ја стегам душата. Молчи, молчи, душко, дури да се умориш.

Работите кај нас земаат добар пресврт. Во минатото писмо, верувам, дека допрев нешто и за солунските недоразбирања меѓу општината и директорот на машката гимназија, па излишно е, повторно да навлегувам во подробности.

По откажувањето од страна на директорот да ја признае новоизбраната комисија за пансионите, општината веднаш зеде решение да ги прекине сите соопштенија со Училишниот оддел,[15] па на крајот и со самата Егзархија по причина, бидејќи очигледно последните се наклонети да ја одобрат постапката на Сарафова.[16] Решено – свршено, и писмото, со кое беше соопштено на Егзархијата за намерата на општината, пристигна во Егзархијата 2–3 дена покасно по заминувањето на општинскиот претседател[17] кој специјално беше заминал да даде устен одговор на Блаженството. Неговото одење беше предизвикано од дрскоста на општината, единствено како чиновник, за да не се случи во време на нивниот заговор спрема неговото началство.

---

[15] Станува збор за Училишниот оддел при Бугарската егзархија во Цариград, кој бил надлежен за егзархиските училишта во Македонија.

[16] Се однесува на директорот Михаил Сарафов кој не сакал да ја признае панси-онската комисија која била избрана од општината со поддршка на штотуку формираната МРО.

[17] Претседател на солунската црковно–училишна општина бил архимандритот Козма Пречистански.



Даме Груев

Изгледа, црнокапецот ја избегнал одговорноста, како што се научивме, по некој ден сакал повторно да ни се истресе. За нашата мисла тој е добар. Неговата положба пред Самарџиев[18] и с–ие е разнишана, па е принуден да ни угодува нам, бидејќи единствено тоа го осигурува неговото задржување во Солун. Тој не ги знае нашите крајни стремежи, па сите наши дејствија ги толкува како да се прават за неговата милост. Со судирот меѓу општината и Сарафов нам ни се даде можност да создадеме љубов и интерес кај масата која се беше претворила во прост набљудувач и сè беше доверила на одделни избраници, а и тоа за сега не е малку. Назад сè уште вистинските ѓурултии, но тие се неизбежни, за да се посоживи народот. Ептен го убија со тие пусти помошти.[19] Ретки се дури луѓето што знаат дека имаме гимназија. Што може да очекуваш од таков народ и дали може најпосле да се нарекува и народ, кога нема ништо што би го сврзувало и поттикнувало. Тој недостаток на досегашното дејствување се осуди на многу места и во нашата внатрешност, па наред почнаа да се создаваат тајни кружоци од месни луѓе, што ќе работат за самостојно издигање, или во краен случај – бидејќи на многу места сме допуштиле националното сознание и единство само со пари да се добива, тогаш дејствијата на Егзархијата барем да се поставаат во зависност од општините, нешто што не малку би помогнало за создавање интерес меѓу населението.[20] Кружоците се потчинуваат на извесна организа-

[18] Коне Самарџиев, (1854, Прилеп–1912, Солун), проегзархиски ориентиран издавач, трговец и претприемач, член на Бугарското тајно револуционерно братство.

[19] Се однесува на финансиската помош што доаѓала од Бугарија преку Егзархијата за поддршка на бугарските училишта во Македонија.

[20] Тактиката и стратегијата на МРО за преземање на контролата во егзархиските црковно–училишни општини опширно е разработена од Петар Поп Арсов во неговата книшка Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници која е напишана по барање на ЦК на МРО. Види: Вардарски, Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници (превод, редакција, коментар и предговор: д-р Ванчо Ѓорѓиев), Скопје, 2006.

ција и се наоѓат во взаемни односи. Во случај на потреба ќе се поткрепуваат едни со други против општиот непријател. Инструкциите се уважуваат само откако ќе станат решение на Централниот, кој што исто така е во внатрешноста.

Таквото преземање беше нужно од прв степен за да се увериме колку нашинецот е готов тајно да работи.

Се чувствува особена неопходност од создавање на таков и зад границата, бидејќи има потреба од орган. Целта може да се зголемува во согласност од подготовката и расположението на членството.

Битолската случка не малку ги поттикна слабодушните и ги разубеди заблудените.

Одговори, а да би ти занемела устата. Денес доста работев, а и машините силно бучат, па верувам дека сум ти пишувал расеано. Мачно ми е да го читам, а и време нема – ти да си жив; одбери го ако имаш потреба.

Мирчо е здрав и те поздравува. Бајо заштедил, ама пак не дава. Ми домачне веќе да драскам, ила[217] грошот лаком ме прави.

Како си со Лаза? Дали се подготвувате за Лазаров ден?

Оф, каде сум јас да кркнам некоја! Честитај му и за мене, ако заборавам официјално да го поздравам.

Твој,
*Дамко*

*Објавено:* Коста Църнушанов, Новооткрити писма на Дамян Груев..., стр. 236-238; Даме Груев – Спомени. Кореспонденция... стр. 130-131.

[21] Само.

## Документ бр. 3

### Писмо од Дамјан Груев до Никола Дејков

**Начин на агитација; тактика за преземање на црковно-училишните општини; предавство во Битола од проегзархиската групација; Груев бара пари за Организацијата.**

Солун, 31 март 1894 г.

Ничо,

(...)[22]И ние овде доста прогресираме. Тоа се гледа, дека со јажето или куршумот рано или касно ќе треба да се бакнувам, но нека се погрижиме барем малку – од малку да биде за цел. Народот ни е затапел, своето го презира, а за вера во себе тешко сака и да слушне. Црковно-училишните работи од [пред] неколку години станале владение само на неколцина, та биле тие директори или Ацејановци.[23] Народот се повлекол целосно, малку ги согледува и цени своите интереси. Затоа сега барањето на негово содејство честопати удира на камен, како да се кани за поход на Кина.

Основањето кружоци следува доста прогресивно, иако се ограничуваме со малку членови. Мирчо не знае, имај предвид.

Крајната цел за сега останува во бездејство меѓу приватните, дури на мнозина членови од главниот уште не им е откриена, па и уште ќе се држи во тајност, додека не се искалат да станат претпазливи, карактерни и таинствени. Нешто повеќе: откривањето на крајниот стремеж би и попречило на групата, бидејќи народот е плашлив до крајност, дури не би се решил да има односи, доволно ако се посомнева во некого, дека многу остро работи против законот. Некое време нека навикнат на тајно работење, да се увериме во пракса, дека може и со поделикатни работи да се зафатиме; нека се одделат благонадежните уште од сега и да им воскресне духот, а потоа ќе правиме како што времето и искуството ќе ни свири. А за сега се ограничуваме во групата со цел да се дејствува за црковно-училишното подобрување. Треба прво во секој град и село да добиеме превез во управата за да можеме непогодните да ги искорениме и од нашата секта да установиме. Наследниковци, Наумовци, Ѓорче-Петровци[24] и др[уги] треба да се отстрануваат бидејќи самото нивно

[22] Текстот што го изоставивме не е во врска со активностите на МРО.

[23] Се однесува на Аце Јанев од Прилеп.

[24] Ѓорче Петров (1865, Варош, Прилепско–1921, Софија). Истакнат деец во македонското револуционерно движење, идеолог и публицист, член на ЦК на ТМО-

присуство и пречи на проповедта, а камо ли пак должноста и дејствањето.

Минатиот петок Гр[игор] Пенџерков, Н[икола] Наумов (инспектор во Бит. окр.) и Трајче Доревски (учител во IV класното училиште) ги затворија в затвор по поткажување (сопствена изјава) на Наследников, за Неофит, претседател и Доре Книжарот. Григор и Трајче се пуштени, а Никола уште е под сенка. Ете во што е причината:

Во 15-от бр. на „Глас Македонски“ беше поместена една дописка со која се бичуваше Наследников. Некој му предал еден број од испратените на секаде за сам да се огледа дали успешно е насликан. Тој оди при муарифот,[25] кому, наводно со пријателски образ, му се пожалил, при што му кажал, дека не само за тоа, туку имало луѓе, кои ѝ за „други работи“ пишуваат надвор. На прашањето, кои се, тој се воздржал и само ветил, дека ќе успее да ги открие и ќе ги посочи за некој ден. Се расчуло низ градот и за некој ден се појавуваат сатирите по црковните ѕидови. Биле исмевани само споменативе тројца патриоти, кои не задоцниле да дадат изјави против тројцата наши. А овдешните со тоа се фалат.

Како и да е, за среќа на Никола во тоа време во Битола се истресол и некој си Никола Велков, помошник – пристав во III–от участок во Софија, кој што само распрашувал, или, пак, отишол да поткажува, но работата излегла поиспукана. Се посомневале дека човекот е шпион (каков што бил) и двајцата во јамата. Уште немаме повторно известување за последиците, но ете како почнаа да дејствуваат прослепителите, ете како се гази делото од страста.

Друго нешто, кое што е и најважно. За членовите задолжително е да внесуваат по извесна сума во фондот сообразно состојбата, а подобро – добрата волја. Кој по лира, кој по половина т[урска] л[ира] внесуваме ете толку време секојмесечно. Од внатреноста има некои, кои и помалку внесуваат, но има пак и надеж коџа сума да внеле.

Надежта повеќе е таму друже; таму е најболното место, кое што малку по малку треба да се лекува. Се сеќаваш каде ми сечат мислите, нели? Да јас дури можам и да се посомневам, да не се отка-

---

РО, учесник на Солунскиот конгрес на ТМОРО (1896), задграничен претставник (1897–1901) и (1905–1906), учесник во Илинденското востание (1903), учесник на Прилепскиот (1904) и на Рилскиот конгрес (1905), член на привременото претставништво на бившата ВМРО.

[25] Началник на просветното одделение во вилаетот.

жеш. На твоја добра волја останува, но верувам – не ќе отидеш да псуеш по она, што и тебе те бранува. И без еден може да биде, но и со еден често пати многу бидува. Оттаму има и други, кои што земаат учество, а не би било лошо и таму со таква цел – да се формира група. Со целиот свој копуклук, цел сум се заложил, што останува за тебе 350, и тоа во Луковит. Секогаш во крпа сум те имал, останува да потврдиш дека не сум се лажел. Прости слуги со 10 лири годишна плата се воодушевуваат и 5 – ти внесуваат, па што останува сега за тебе, е, бароне, луковитски.[26] На Лазо би можел доста да повлијаеш, но внимавај пак да не се изнесува на пазар. Ако ти, откриваш нешто по тоа прашање, тоа е само со претходно одобрување на главата, кон која припаѓам и на која твоето име не сум го открил, ниту пак би го открил без твоја согласност. Членовите меѓу себе не е неопходно да се познаваат, а само претседателите контактираат.

Ќе треба и свој орган да се покрене, но тоа е лесно, пред сè треба да се создаде кој да го чита.

Со здравје и лапај поезија крај „Алтан Панига“!

Твој,
*Д. Бо̄ој*[27]

*Објавено:* Коста Църнушанов, Новооткрити писма на Дамян Груев..., стр. 238-241; Даме Груев – Спомени. Кореспонденция..., стр. 131-134.

[26] Д. Груев бара од Н. Дејков (тогаш чиновник во Мировниот суд во Луковит) да внесе пари во касата на МРО.

[27]Псевдоним на Д. Груев.

**Документ бр. 4**

## Устав на Буг[арските] Македон[о] – Одр[ински] Револ[уционерни] Комитети

[1894 г.]

### Глава I

*Цел*

§1. Целта на БМОРК е придобивање полна политичка автономија за Македонија и Одринско.

§2. За постигање на таа цел, тие се должни да го пробудуваат сознанието за самозаштита кај бугарското население во наведените во §1 области, да распространуваат меѓу него револуционерни идеи преку печат или усно и да подготват и подигнат едно повсемесно востание.

### Глава II

*Состав и устројство*

§3. Член на БМОРК може да биде секој Бугарин, без разлика на пол, кој што не е компромитиран со ништо нечесно и безкарактерно пред општеството и кој што ветува да биде со нешто полезен за революционерното Ослободително Дело.

§4. Членовите на секој комитет се делат на групи со по еден началник, определен од раководителот. Секој член на групата, како и началникот, носат по еден број, даден од надлежниот комитет. Секој работник ги знае само членовите на неговата група и началникот, а последниот го знае само раководителот на комитетот или посредникот.

§5. БМОРК се делат на *окружни, околиски и селски* комитети, а над сите нив стои *Централен* БМОРК кој што раководи со општите работи по Делото и го претставува. Реонот и бројот на окружните комитети ги определува Централниот, на околиските – окружниот, на селските околиските.

§6. На чело на секој комитет стои едно управно тело. Управните тела на окружните комитети се назначуваат од ЦБМОРК, на околиските се определуваат од окружните и се назначуваат од Централниот, а на селските се назначуваат од околиските. ЦБМОРК во извесни случаи има право да го довери раководството на работите

во окрузите и околиите во рацете на едно избрано од него внатрешно, или ополномоштено надворешно лице.

§7. Секој член на управното тело носи псевдоним, даден од ЦБМОРК.

§8. ЦБМОРК има печат со амблем знаме, сабји, пушки и бомба, со натпис Македоно-одрински Централен Револуционерен комитет и со големина во радиус 2 см. и 6 мм. и обиколка 16 см и 8 мм. Со него тој ја поткрепува важната кореспонденција.

§9. За контакт со околните комитети секој окружен, околиски и селски комитет си има своја тајна пошта.

§10. За следење на делата на внатрешните и надворешните непријатели и за вардење од нив, секој комитет има своја тајна полиција.



Уставот на БМОРК

§11. Секој комитет за работите во својот реон го држи во тек погорниот комитет од него, а на крајот на секој месец му дава подробен отчет за сите свои работи во секој однос.

## Глава III

*Матерејални средства на Р [еволуционерните] Комитети.*

§12. Р[еволуционерните] Комитети ќе се снабдуваат со пари: 1) од доброволни прилози; 2) од редовни членски вносови; 3) од пари, собрани по начин, каков што ЦБМОРК ќе го најде за целесообразен, или пак месниот со претходна согласност на Централниот.

## Глава IV

*Казни*

§13. Секој, што ќе се згреши со штета на делото, било тој работник или не, Бугарин или не Бугарин, се казнува. Казната му се

определува од месниот комитет и се извршува во согласност со Централниот.

§14. Врз основа на овој устав, е изработен подробен внатрешен правилник.

КРАЈ.

Уставъ на Бълг. Македон. – Одр. Револ. Комитети, *Архивско оделение (натаму: АО) на ИНИ,* Скопје, сл. I. 354.

## Документ бр. 5

### Правилник на Буг[арските] Македон[о] – Одр[ински] Револ[уционерни] Комитети

[1894 г.]

### Глава I

*Состав, устројство и должности на Р[еволуционерните] Комитети.*

§1. Централниот Буг[арски] Мак[едоно] – Одр[ински] Рев[олуционерен] Ком[итет], како и управните тела на месните Р[еволуционерни] Комитети се состојат од 1) претседател, 2) секретар, 3) касиер и неколку членови за советници.

§2. Членовите на ЦБМОРК се избираат секоја година со мнозинство гласови од раководителите на окружните комитети, или нивни полномошници. Местото и времето на изборот се определува од ЦК.

§3. На тоа собрание од пратениците се определува место за седиште на ЦБМОРК, кое треба да остане тајна за сите останати членови на Комитетите и нивните управни тела.

§4. ЦК ги има следните должности: 1) Ги раководи управ[ните] тела на месните Комитети, го следи општиот тек на Делото и ги дава потребните совети и поткрепа. 2) Тој директно од надвор, или преку месните Комитети од внатре се грижи за доставување оружје, револуционерна литература и др[уги] с[личи] нешта, потребни за развојот на делото. 3) Нему му е предоставено правото и грижата за распределување по месните Комитети на внесеното од надвор, како и излишните материјали на месните Комитети. 4) Тој ги води односите со надворешните М[акедонски] Р[еволуционерни] К[омитети], ако има такви и во договор со нив и со окружните внатрешни комитети го прогласува денот на востанието, го уредува планот за дејствија и го раководи движењето директно, или преку посебна комисија, составена од него во договор со надворешните комитети.

### Глава II

*Должности на управ[ните] тела на месните Р[еволуционерни] Комитети*

§5. Освен предвидените во §2 должности, Р[еволуционерните] Комитети се должни да формираат колку што може повеќе комитети во нивните реони, да се грижат за воведување строг ред во

работите, да ги вооружуваат сиромашните работници, да се грижат за доставување на потребното оружје, за зголемување на материјалните средства и воопшто за сето она, од кое зависи успехот на революционерното дело во нивниот реон. Грижата и одговорноста за сите тие работи се споделува подеднакво од сите членови на управ[ното] тело.

§6. Окружните комитети директно, а околиските преку окружните, треба да го држат ЦК во тек со работите во нивните реони, а на крајот од секој месец даваат отчет за бројот на членството, за направеното по вооружувањето, за состојбата на Комитетската каса и воопшто за состојбите на работите во нивните реони. На крајот од секоја година даваат подробен извештај во кој изложуваат: 1) колку другари борци за слободата имаат во секој град и село и колку од нив се способни со оружје в рака да се борат против непријателот; 2) колку оружје имаат и уште колку им е потребно; 3) квалитетот и дејноста на полицијата; 4) уреденоста и дејноста на поштата; 5) состојбата на касата; 6) духот на членството и противниците и 7) постојаните турски вооружени сили: војска, заптии, полиција, башибозук и сл.

§7. Никој Б[угарски] М[акедонски] К[омитет] не може да влегува во односи со други комитети, било внатрешни, било надворешни, без дозвола на ЦК. Исклучок од тоа се прави меѓу соседните Комитети за ненадејни работи и за потреби, кои не трпат одлагање. Во таков случај, раководителите се договараат со приватни писма, и веднаш тоа го соопштуваат на ЦК.

## Глава III

*Должности на членовите на управ[ните] тела.*

§8. *Претседателот* на комитетот ги свикува и раководи со собранијата, кои се одржуваат редовно секоја седмица и вонредно, кога ќе се јави потреба.

*Забелешка. Прашањата се решаваат со мнозинство гласови.*

§9. Претседателот сам или со посредство ги соопштува комитетските решенија на началниците на групите; тој сѐ распоредува сам, или со посредство на тајната полиција и пошта и ја поткрепува кореспонденцијата со својот потпис.

§10. *Касиерот* го заведува паричниот дел на Комитетот; тој ги прибира членските вносови, доброволните помошти и др. и от-

пушта пари за комитетските потреби само по заповед на претседателот. Тој не може да троши комитетски пари за своја потреба.

§11. Касиерот во секој момент треба да биде готов да даде сметка како на Централниот, така и на месниот комитет.

§12. *Секретарот* ги води протоколите на заседанијата и сите писмени работи на Комитетот.

## Глава IV

### *Должностите на началниците на групите*

§13. Началниците на групите се должни: 1) да ги пренесуваат на потчинетите ним групи кажаните од раководителот или од посредникот порачки; 2) да соопштуваат на претседателот или посредникот секоја седмица за состојбата во групите во секој однос: дисциплински, вооружување и сл.; 3) да се грижат за држење во исправност на оружјето на момчињата; 4) да ги собираат редовно секоја седмица ним потчинетите и вонредно, секогаш, кога има потреба, за да ги поучуваат и обучуваат; исто така да им раздаваат и читаат револуционерни книги и воопшто да им го засилуваат револуционерниот дух на разни начини; 5) да ги собираат месечните вносови и доброволни помошти на ним потчинетите и да ги предаваат на претседателот или посредникот.

## Глава V

### *Должностите на членовите – работници*

§14. Нови членови се примаат само по препорака на некој стар член и со дозвола на претседателот.

§15. Секој член при пристапувањето во Комитетот треба да положи заклетва која гласи: „Се заколнувам во Бога, верата и својата чест, дека ќе се борам до смрт за слободата на Бугарите во Македонија и Одринско, дека безусловно ќе се покорувам на началството и без приговор ќе ја исполнувам неговата заповед; дека нема да ја издадам никому, ниту со збор, ниту со дело тајната, со која денес се веначам и сето онаа, кое од денес натаму ќе го чујам, видам и разберам за делото. Во спротивен случај, нека бидам убиен од еден од другарите со револвер или кама, кои овде ги бакнувам".

Заклетвата се дава пред евангелие, револвер, кама, или какво оружје ќе се најде; се прават три поклонувања, се бакнуваат изброените нешта, кои по заклетвата пак се бакнуваат. Заклетва може да

даде било кој член на Комитетот, но се претпочитаат духовните лица.

§16. Пред да се препорача новиот член, треба директно, или индиректно да се дознае неговото мнение за востанието, чувствата, степенот на неговата решителност и каде што се може, неговото минато. Кон заклетва се пристапува, само откако ќе му се укажат најголемите опасности и смртта и ако тој не покажува никаква малодушност. Пред заклетвата не треба да му се соопштува ништо за делото, било какви ветувања да дава.

*Забелешка. Како агитационо средство за придобивање нови работници, служат бунтовни весници, брошури и книги, разговори од општ карактер за положбата, животот, потребите и нашите должности и др[уго] сл[ично].*

§17. Секој работник дава паричен внос според својата состојба, должен е сам да се грижи за своето вооружување и да го држи своето оружје исправно. За вооружување на сиромашните членови се грижи Комитетот.

§18. Секој член ги знае само другарите и началникот на неговата група. Ако некој од членовите од друг член се обидува да ги дознае, било лицата на управното тело, било другите членови или некои подробности за Делото преку поставување двосмислени и лукави прашања, прашаниот член треба отворено да го изобличи испрашувачот и за тоа да јави на својот началник. Работниците треба да бидат трезвени, чесни, тајни и неподатливи; тие не треба ниту да се пијанчат, ниту да говорат никому што ѝ да било за революционерното дело, неисклучувајќи ги и најблиските пријатели, домашни и роднини. Тие не треба да имаат заканувачки јазик спрема никого и систематски да го избегнуваат сето она што може да предизвика кај луѓето сомнеж, дека тие се членови на Комитетот. На работниците им се забранува пеење на бунтовни песни и изливи на патриотски чувства, не само пред непредани луѓе на Делото, туку и пред другари.

§19. Никој работник под никаков изговор не може да откаже неказнето исполнување на нему наложенета должност од началството, било таа да е лесна или тешка, во местото или на друго место.

§20. Секој работник што ќе дознае и чуе нешто корисно или штетно за Делото, должен е навреме да го соопшти на своето началство.

§22.[28] Ако некој член попадне во рацете на полицијата при извршување на некоја комитетска работа или едноставно како револуционер биде осомничен не по негова вина, Комитетот е должен да се грижи за неговото ослободување со сите возможни средства и да му притече на помош нему, како и на неговото семејство со пари.

Од тоа право се исклучуваат оние членови, кои на своја глава прифатиле да вршат некои работи и попаднале во рацете на полицијата по сопствена вина или по приватна работа.

§23. Секој работник е должен да притекне на помош на својот другар кога ќе го види во некоја беда.

§24. На работниците им е забрането без дозвола на раководителот на своја глава да прават каква и да било работа дури и тогаш, кога јавно гледаат дека работата ќе биде од полза за Делото. Кој со таква работа на своја глава ќе нанесе штета на делото, не само што се лишува од правото на заштита, туку и се казнува.

§25. Работниците од една група не треба да се откриваат на работници од друга група или од друг Комитет, освен кога тоа им е заповедано.

§26. За штетни за делото се сметаат оние работници, кои што ги критикуваат и напаѓаат своите началници, управното тело или Делото воопшто.

## Глава VI

### *Кореспонденцијата*

§27. Кореспонденцијата меѓу комитетите секогаш се води со хемиско мастило и со прифатената шифрирана азбука која ја знаат само секретарот и претседателот и се испраќа со тајна пошта. Во адресите, ветувањата и сл. секогаш треба да се употребуваат псевдонимите и броевите.

§28. Архивата на Комитетите се состои од протоколите на управното тело, од кореспонденцијата со потчинетите и повисоките Комитети, од сметките, копии од извештаите, од картата и геогра-

[28]Во оригиналниот примерок од Правилникот е направена очигледна грешка при номерирањето на членовите, така што по член 20 следува член 22. Поради доследност со оргиналот, ние го задржавме истото номерирање по §20 следи §22. Ова навидум незначителна грешка при номерирањето, всушност ги довела во заблуду сите проучувачи на споменатава проблематика да констатираат дека овој Правилнк содржи 50 члена. Меѓутоа, со оглед на пропустот при номерирањето, овој Правилник реално содржи 49 членови.

фско–статистички белешки и список на работниците. Таа треба да биде напишана со шифрирана азбука и со прифатеното мастило за архивата.

## Глава VII

### *Тајната пошта*

§29. За сигурно водење на кореспонденцијата, секој Комитет си има своја тајна пошта.

§30. За курири се избираат тајни и мажествени луѓе со цврст карактер. Ти се должни да ги предаваат писмата неоштетени на назначеното лице. Усните порачки куририот треба да ги предава директно и буквално на определеното лице без никакви пропусти и додавки. Имињата на куририте претходно треба да се соопштат на лицата до кои е испратена кореспонденцијата.

*Забелешка. Специјалните пратеници се снабдени со полномошство, или нивните имиња се соопштуваат преку друг канал.*

§31. Со тајната пошта се пренесуваат и покрупни материјали како оружје, книги и сл.

§32. Кога се пренесува важна кореспонденција или важни материјали, куририте задолжително треба добро да се вооружени и снабдени со отров.

§33. Патните трошоци и дневните загуби на куририте кога тие специјално се испратени се исплаќаат од касата на месниот Комитет.

## Глава VIII

### *Тајната полиција*

§34. Секој комитет има тајна полиција, која се состои од две одделенија: *истражно и казнено*. Раководителот на Комитетот избира еден помеѓу работниците за началник на истражната комисија, а тој си избира тројца помошници кои не треба да се познаваат помеѓу себе.

§35. Тајната истражна полиција ќе ги следи: 1) поведението и делата на членовите на Комитетот, 2) зборовите и делата на турското и христијанското население по однос кон Делото, 3) мерките што ги презема кон него турската власт, 4) да ја следи стапка по стапка турската јавна и тајна полиција и нејзините постапки против Делото и 5) да ги следи и проучува сите новодојдени туѓинци во гра-

дот без разлика на народност. За сето видено и чуено таа преку својот началник му соопштува на раководителот на Комитетот.

§36. Казнената полиција се избира по истиот начин како истражната и, е потчинета на раководителот на месниот Комитет. Началникот дава заклетва на раководителот за безусловно исполнување на неговите заповеди, а помошниците таква заклетва му даваат нему.

§37. Должност на казнената полиција е: да ги извршува по заповед на раководителот предвидените од месниот Комитет и пропишаните од Централниот Комитет казни на лица кои се обвинети по Делото.

§38. Извршителите на казните се избираат со ждрепка. Тие имаат слобода да го изберат начинот на казнувањето, но времето на извршување се определува од раководителот.

§39. Секој член на каз[нената] полиција секогаш треба да е вооружен со револвер и кама, а во време на дејствување – со два револвера.

§40. Тајната каз[нена] полиција, цела, или делумно по ждрепка, по заповед на раководителот е должна да притекне на помош на соседните Комитети во округот, а по заповед на ЦБМОРК и надвор од округот.

## Глава IX

### *Казни*

§41. Обвинетите членови – работници подлежат на следните казни: 1) ако престапот е слаб, како на пример слабост во некој разговор, нередовност во задолженијата и исплаќањето на вносот и др[уго] сл[ично] му се прави забелешка од началникот, а ако ја повтори истата постапка се казнува со глоба согласно неговата состојба; ако и потоа не се поправи и стане опасен за Делото, се казнува со *смрт*; 2) ако грешката е погубна за Делото, особено ако извршителот на грешката ризикува да пропадне и да го доведе Делото во опасност, тој се казнува со *смрт* дури и тогаш, кога грешката е несакана; 3) ако некој откаже да ја исполни заповедта на началството, за прв пат му се прави приговор, а ако истото го повтори, се казнува со *смрт* и 4) ако некој умислено издава тајна или со несовесно исполнување на нему наложената должност го изложи Делото на опасност се казнува со *смрт*.

§42. За оние кои му пакостат на Делото, а не се членови на Комитетот, предвидени се следните казни: 1) ако некој говори и го разгласува постоењето на Комитетот, се подбива со Делото и открива имиња на работници – револуционери, прво му се сугерира, дека тоа поведение не е патриотско и е поврзано со ризик, а потоа ако не се вразуми, се казнува со *смрт*; 2) кој со умисла му пречи на Делото, било тој Бугарин, или не, се казнува со *смрт*.

§43. На смртна казна подлежат уште: шпионите и оние чиновници на владата кои се истакнале со гонење на Делото, оние Бугари, внатрешни или надворешни кои што се обидуваат да сеат раздор и расцепи во Комитетот; предавниците курири, членовите на тајната полиција кои одбиваат да исполнат заповед на началникот и оние членови на комитетот кои при прогласувањето на востанието ќе откажат да го кренат оружјето.

§44. Смртните казни се извршуваат од месната казнена тајна полиција или од тајните пратеници на Централниот Комитет. Тие се исполнуваат со претходно одобрение на Централниот Комитет.

## Глава X

*Вооружување*

§45. Секој член треба да биде снабден со пушка, а таму каде што се може – и со револвер и кама. Купување на оружје се случува со претходна согласност на ЦБМОРК, при што му се соопштува цената, видот и сл.

§46. Секој член, според пропишаното од началството, за себе треба да има готови алишта, опинци, пексимит, памук, преврски за рани и сл.

## Глава XI

*Материјални средства на Комитетот*

§47. За задоволување на потребните расходи на Комитетот, а главно за вооружување на работници, Комитетот обезбедува средства: 1) од редовни секојмесечни вносови на членовите, определени според нивната положба и 2) од доброволни прилози кои се дадени доброволно, или се наложени.

*Забелешка. Доброволни помошти се тие кои се даваат како од членовите, така и од луѓе, кои не се решаваат да станат работници, но го симпатизираат Делото и сакаат да го помогнат, па даваат извесни суми. Наложените помошти се земаат*

*со заплашување или на сила од луѓе, кои можат, но не сакат да помогнат.*

§48. Како за едните, така и за другите помошти на дарителите им се издават расписки номерирани и потпечатени со печатот на ЦБМОР Комитет.

*Забелешка. Најпрво се собираат помошти од оние што сакаат да помогнат, а кога ќе има потреба и од друга помош, кон нејзиното собирање се пристапува со претходно одобрение на ЦБМОР Комитет.*

§49. Сумите, како за едните, така и за другите помошти се определуваат од месниот Комитет со согласност на ЦБМОР Комитет.

*Забелешка. При собирањето на наложените помошти, еден од казнената полиција или друг член, поднесува заплашувачко писмо со чек што го носи печатот на ЦБМОР Комитет а, откако ќе ги даде парите му се издава расписка за нив.*



Правилникот на БМОРК

§50. Секој комитет задолжително во каста на ЦБМОР Комитет испраќа третина од собраните пари заедно со сметките. Тие се должни во кастата на Централниот Комитет на ист начин да го внесат и останатиот дел од парите, кога ќе им се побараат.

КРАЈ.

Правилникъ на бълг. македон. – одр. револ. комитетъ, *АО, ИНИ,* Скопје, сл. I., 355.

## Документ бр. 6

### Писмо од Гоце Делчев до Ефрем Каранов

**Е. Каранов како претседател на македонското друштво во Ќустендил треба да го помага македонското дело; осудува на А. Чакаров поради обидот да испровоцира востание во Виничко; треба да се пробуди народот од петвековниот сон кој го направил Македонецот доста дебел во сознанието за човечки правдини; во Македонија се развива систематска агитација за едно внатрешно востание.**

17 октомври 1895 г.

Господин Каранов,[29]

Нема посвета, но и поделикатна должност од оваа со која сте се нагрбиле. Зборот ми е за претседателската должност во Ќустендилското друштво. Таа е света, зашто сте поставени да раководите едно друштво чија цел е света: да избави милиони луѓе од канџите на тиранијата; да ја подобри судбината на толку несреќни души. Деликатна е пак затоа, што една мала грешка, една необмислена ништожна постапка, повлекува по себе затворање по влажните зандани, бесилки, залудно пролевање на свежа и млада крв и сл. Малкумина се оние што се натоваруваат со таа толку тешка должност, па не може и секој да се натовари, зашто тука станува збор за избавување или за уште полошо обесреќување на цел еден народ. Таа должност, колку поголемо признание му носи на оној што ја извршува добросовесно, промислено и разумно, толку, дури и повеќе народни проклетства печали оној кој што гледа лесно на секоја една иницијатива што се однесува на целта. Ќустендилскиот комитет благодарение на географската местоположба би можел да направи многу повеќе за постигање на целта, отколку сите комитети во внатрешноста на Бугарија заедно собрани. Ќустендилскиот комитет претставува еден брод зад кој одат други и бидејќи е поблиску до брегот е определен да бара спасоносен пат, за да може сите бродови да стигнат до брегот. Меѓутоа, колку е поблиску до брегот, толку е поопасно, зашто на непознатиот пат постои опасност да удри во некоја карпа, па да се скрши на илјади парчиња. Тоа веќе зависи од опитноста и од разумното управување на капетанот. Далеку сум од помислата да се произнесувам дали Вие сте достоен да го управувате

[29] Ефрем Каранов (1852, Кратово–1927, Ќустендил), претседател на македонското друштво во Ќустендил, кое било клон на Македонскиот комитет во Софија.

споменатиот брод, зашто јас ниту Ве познавам лично, ниту пак ги знам Вашите дела. Ни најмалку да не Ве чуди, зашто подолу ќе разберете што ме натера да Ви пишувам.



Гоце Делчев

Пред неколку недели г. Чакаров се појавил со офицерска униформа (чин поручник) во Виница со намера да прогласи внатрешно востание.[30] Благородна намера! Нема поспасителен лек од оној со кој се зафатил Чакаров. Ослободувањето на Македонија лежи во внатрешно востание. Кој мисли дека Македонија ќе се ослободи поинаку, тој се лаже и себеси и другите. Но, кои се тие што ќе се кренат сега на востание? Г-н Чакаров ли? Ако востание може да се подигне со 1–40 души, тогаш Македонија одамна ќе беше слободна државичка. Но бидејќи тоа е невозможно, а треба народ, тогаш што треба да се прави? Треба тој народ да се разбуди од петвековниот длабок сон, којшто го направил Македонецот доста дебел во сознанието за човечки правдини. И тоа ако не целиот народ, барем еден дел од него, па тогаш, наместо г. Чакаров да бара 40 души, него ќе го бараат 400, за да застанат под неговото знаме. Ако не стане така и ако се прогласи востание, жално ќе биде за народот, а тешко и горко за виновникот. Жално е зашто напразно ќе се загубат најмладите сили (едни по зандани, други по бесилки), ќе се остават невини Македонки на самоволието на скотските и жестоки страсти на дивјаците и најпосле ќе се оставаат под јатаганот на Азиецот 5-годишни деца и 70-годишни старци, а за сето тоа виновникот ќе биде одговорен и пред својата совест, и пред народот, и пред историјата.

---

30 Летото 1895 година, Македонскиот комитет се обидел да импровизира востание во Источна Македонија. По неколку месеци, слична акција се обидел да преземе Александар Чакаров во Виница, но во тоа бил спречен од Македонската револуционерна организација. Оттука и реакцијата на Гоце Делчев до Ефрем Каранов.

Го мисли ли тоа Ќустендилскиот комитет заедно со Чакаров? Јас се обраќам и кон Вас, зашто според кажувањето на Чакаров тој бил испратен од вашиот комитет (а пак на други им кажал дека е испратен од Главниот).[31] Тој (Чакаров) влегува да прогласи востание, и тоа со кого и со што?! Со 30 пушки, 7 бомби и 3 кутии динамит! Мислел ли, неговото господство, во случај да нашол 40 души и ако си ја исполнеше задачата, каков ќе беше резултатот? Дали оние што го испратија предвидуваа дека ќе беа извалкани, ако не и потопени, од крвта на своите поробени браќа. Ама остроумна мисла! Ама ослободителна идеја! Еден човек со 40 души да прогласи востание!... Ама план? Да не се родил некој бугарски одисеј? Или да се лажеме еден со друг, да го лажеме простиот народ додека сосема не се разочара и да ја изгубиме довербата на народот. Верувал ли, неговата милост на сопствените зборови, што му ги кажал писмено и усно на Г. Иванов[32] : „Ќе кренам внатрешно востание, па штом ќе се развее знамето и тогаш Русија, о славна Русија, веднаш ќе навлезе во Македонија и ете ти, ние сме ослободени" (??!!) Така ли мисли тој, така ли мислите и Вие, па најпосле така ли треба да се воспитуваат востаниците? Ако им давате такви голи надежи на востаниците, знајте дека и првиот херој во извесни моменти ќе дојде до најголемо разочарување. Не, така со ништо не помагаат лагите, особено оваа. Грижете се да се искорени таа слабост (очекуваната помош од рускиот тиран) и од најзаблудениот страшливец, па наместо неа нека се роди непобедливата сила на самодовербата и решителноста и тогаш, верувајте, секој еден ќе се бори до крај со најголема жестокост. Работете, работете, г-да, но тоа нека биде малку повеќе во согласност со разумот. Доволно е толку за ова, а да Ви кажам за она што најмногу ме натера да Ви пишувам.

Господин Чакаров при враќањето во Ќустендил се пофалил некому (ако не се лажам на тајната пошта), дека ќе му се одмазди на Георги Иванов зашто не тргнал по неговиот ум – да подигнат востание. Но знае ли тој, дека луѓето, колку и да се прости (сепак, Георги е едно од доста совесните момчиња), не се повлекуваат така лесно – неподготвени. И да Ви кажам ли дека благодарение на тоа се избегнаа залудните крвопролевања кои што не беа предвидени од ограничената проникливост на Чакаров и на оние што го испратиле. И не е виновен Георги зашто не успеа Чакаров да подигне востание.

---

[31] Се однесува на Македонскиот комитет во Софија.

[32] Георги Иванов, член на МРО во Виница, близок соработник на Г. Делчев. За време на Виничката провала (1897 г.) запливал во предавнички води поради што подоцна бил ликвидиран од Организацијата.

Вие, колку што знам, го познавате многу добро Георги, сте ја разбрале неговата чесност и неговиот патриотизам. Како може тој да се согласи на востание, кога не гледа никаков успех во него и ништо друго во Чакаров освен лаги (ако сакате, може да се испратат писмата и Вие ќе видите до каде отишол Чакаров). Не е чудо дека тој последниот ќе сака да го оцрни пред вас Г. (како и што направи пред некои штипјани и виничани, обвинувајќи го дека тој, Георги, зел од Ќустендилскиот комитет 30 наполеони), па не е чудо, како што и самиот Георги претполага, да го нарече во Ќустендил подлец, лажливец, интригант, ако не и предавник; но наместо да го слушате, бидејќи Георги си е истиот, надахнат со патриотизам и силно предаден на татковинскиот долг, прашајте го какво му било поведението како бунтовник и што правел низ селата, каде што го криеле. Ако тој сакал да принесе поголема корист за својата татковина, за слободата за која срцето толку силно му пламти, тој ќе ме слушаше мене, да остане оваа зима, како би се вовлекол, да се зафати за една засилена агитација и ете ти напролет не 40 души, туку 4000. Но тој, наместо да го направи тоа, оди и ги присилува селаните полошо и од најлошите спахии и наместо да живее скришно и скромно, оди да бара чиста соба и раскошни јадења. Така ли треба да постапува еден бунтовник за да ги придобие симпатиите на луѓето и да ја развие во нив мислата дека тој е нивниот избавител? Не само тоа, туку тој гледал само и само како да се покаже пред стар и млад, пред машко и женско, дека има офицерска униформа и дека е произведен во чин поручник, па кој и да дојдеше од Виница, носеше вест за неговиот престој таму. Благодарение што не се најде некоја подла душа, зашто инаку ќе се наполнеа скопските зандани со селани на чело со херојот. Овде доаѓаат многу поплаки, но бидејќи Георги ме извести дека Ви пишувал, затоа и не Ви пишував. Да го оставиме веќе тоа – поминало, не се враќа, туку треба да послужи само како лекција. Едно само ќе заборавев, што е најважно и за најголема осуда, а тоа е што Чакаров не го остави внесениот материјал овде, туку го изнесе.

Не можам надолго да Ви пишувам бидејќи доволно се уморив, а само површно ќе Ве запознам со работите во Македонија, со кои верувам дека сте запознаени ако не од Чакаров, барем од Главниот комитет. Во Македонија се развива систематска агитација за едно општо внатрешно востание, која што зела големи размери, и нема катче во Македонија кое што не е опфатено. Населението се подготвува во едно блиско време за востание, затоа должност е на секој еден родољубец да помага колку што се може повеќе, а уште повеќе на комитетите со таква цел, особено пак на Ќустендилскиот, којшто би можел во сè да помага. Немојте да мислите дека штом Ча-

каров не можеше да подигне востание во Кочанско, нема луѓе. Како пречка за исполнување на неговата задача се јави нашиот комитет,[33] кој го убеди Георги да не се согласи со Чакаров, бидејќи во спротивен случај многу ќе му се попречеше на општото востание. Луѓе има многу, но за жал страдаме од недостиг на најнеопходното за едно востание: без оружје сме и Вие, ако сакате да ни помогнете, помогнете ни во тоа, пратете колку што се може повеќе оружје. Јас му пишував и на Главниот комитет од кој не сум добил одговор. Секој вика: пушка, пушка и пак пушка. Пригответе ни оружје, барем 500 пушки, донесете ги до бугарскиот Ветрен, до куќата на Петре П. Димитров, и ние сами ќе си ги внесеме. Нашата надеж да нè снабдите со оружје е силна, чекаме одговор веднаш штом ќе го добиете ова.

На Ќустендилскиот комитет му лежи и еден друг товар, а тој се состои во препраќање на 60–70 броја од весниците во Штип, од каде ќе се распраќаат по други места на Македонија. И нив (весниците) ќе ги донесете до бугарскиот Ветрен, до истата куќа, од каде што ќе ги зема нашата тајна пошта – воопшто што има за испраќање, праќајте преку горната куќа. Писмата да бидат адресирани директно до Штип.

Имајте доверба во Георги Иванов.

Во блиско време до Вас ќе пристигне еден или повеќе врзопи книшки со револуционерна содржина, испратени од Ал. Конев, студент во Софија, на кого молиме да му го препратите придружното писмо. Книшките се за штипскиот комитет, затоа, штом ги добиете, организирајте се да ги препратите.

Верувам дека сте свесни за штетата од разгласувањето на внатрешното подготвување, врз основа на што и се надевам, дека не ќе излезе ниту збор од Вашата уста.

Ако нешто се сомневате во моето име, обратете се за сведение во Главниот комитет во Софија. Не е чудо по неколку недели скришно да се вовлечам во Ќустендил.

*Г. Делчев*[34]

*Објавено:* Сборник, Илинденъ 1903-1926, София 1926, стр. 15-20.

---

[33] Се однесува на Македонската револуционерна организација.

[34] Гоце Делчев (1872, Кукуш–1903, с. Баница, Серско), член на ЦК на МРО, идеолог и организатор на македонското револуционерно движење. Учесник на Солунскиот конгрес (1896), задграничен претставник на Организацијата во Софија (1896–1901), подвижен член на ЦК, творец на четничкиот институт и главен ревизор на четите на ТМОРО, учесник на Софиските советувања (декември 1902–јануари 1903).

## Документ бр. 7

### Писмо од Врховниот македонски комитет до претседателот на Централниот македонски революционерен комитет во Солун

**Решенијата на II вонреден македонски конгрес во Софија; политиката на бугарската влада и кнезот спрема македонското прашање и нивните манипулации со македонското дело; расцеп во Македонскиот комитет.**

Софија, 28 декември 1895 г.

Тајно
До Претседателот на Централниот революционерен
македонски комитет во Солун.[35]
Копија до претседателот на Цариград.[36]
Господин претседателе,

Најпосле се случија низа настани од многу важно значење за нашето дело. Свикувањето на II Македонски конгрес,[37] неговите решенија и изборот на Врховниот македонски комитет кој се случи на 16 овој [месец] се нешта, за кои сметам дека е потребно да Ве запознам, бидејќи сочинувате дел од нашата општа организација.[38]

Познато Ви е, дека поранешниот Македонски комитет ги беше свикал друштвата во Бугарија на вонреден конгрес кој се отвори

---

35 Претседател на ЦК на МРО бил Христо Татарчев (1869, Ресен–1952, Торино). Лекар, еден од основоположниците на МРО и прв претседател на ЦК. Учесник на Ресенското советување (1894) и на Солунскиот конгрес (1896). Во врска со Солунската провала 1901 година бил осуден на 5 години заточение во Мала Азија, но во 1902 година бил амнестиран. Бил задграничен претставник на ТМОРО во Софија (1902–1904), учесник на Ќустендилскиот конгрес (1908). Еден од иницијаторите за формирањето на Македонската федеративна емигрантска организација во Софија (1921). Подоцна емигрирал во Торино (Италија).

36 Станува збор за Димитар Љапов – Гурин (1870, с. Бобиште, Костурско–1941, Софија), секретар на бугарската егзархија во Цариград, претседател на Македонскиот революционерен комитет во Цариград, во 1896 е избран за член на ВМК. Бил секретар на министерот за внатрешни работи на Бугарија (Васил Радославов).

37 Во декември 1895 година бил одржан II (вонреден) конгрес на македонските друштва во Бугарија. Тогаш, Македонскиот комитет бил преименуван во Врховен македонски комитет, а за негов претседател бил избран генералот Данаил Николаев.

38 МРО никогаш не претставувала дел од ВМК. Тоа е само тенденција на ВМК за време на претседателствувањето на генерал Данаил Николаев. Оттука произлегувале извесни недоразбирања меѓу ВМК и МРО.

овде на 3 овој [месец], а се затвори на 16 истиот [месец]. Причините за свикувањето на Конгресот беа следниве: 1) по смртта на покојниот претседател Китанчев,[39] Бирото на поранешниот комитет, поради немање на взаемна доверба и солидарност, не беше во можност да ја продолжи својата дејност, без штета по интересите на делото; 2) од горната причина, со предвид на распространетите компромитирачки гласини за некои лица, произлезе една особено важна задача за Конгресот, а имено: прегледување и проверување на сметките на поранешниот Комитет; 3) воспоставената организација на I–от Македонски конгрес, според упатствата во пракса се покажа многу недоволна и затоа се пристапи кон нејзина промена и поправка; 4) се разгледа поведението што треба да го држи веќе избраниот Комитет и 5) на крајот се пристапи кон избирање на составот на Комитетот.

Во дискусиите на Конгресот зедоа учество 37 делегати, испратени од разни друштва во Бугарија. Веднаш по отворањето се пристапи кон проверка на полномоштвата на г-дата делегати. Во врска со овој случај во Конгресот пристигна само едно полномоштво од Револуционерниот македонски комитет во Цариград со кое беше ополномоштен резервниот поручник Ј[ордан] Венедиков.[40] Поради овој случај принципиелно беше разгледано прашањето: дали можат Револуционерните тајни комитети во Турција да испраќаат свои делегати на Конгресот, или не? При разгледувањето на ова прашање, кое зеде доста широки размери, поранешниот потпретседател на Комитетот г. Наум Туфекчиев[41] соопшти дека тој испратил уште 8 или 9 такви покани и до Тајните комитети во Македонија, при што ја поставил кандидатурата на резервните офицери кои ова лето одеа во Македонија; меѓутоа, од спомenатите комитети со исклучок на Ц[ари]градскиот не се појавија полномоштва во Конгресот. Од сведенијата, што ги дадоа другите членови на Бирото, се покажа, дека г. Н. Туфекчиев совршено самоволно, без согласност не само на Комитетот, туку и на неговите другари од Бирото, ги испратил споменативе покани, и тоа со цел, како што ќе видите подолу, однапред да ги распореди г-дата офицери во своја корист.

---

[39] Трајко Китанчев, (1858, с. Подмочани, Ресенско–1895, Софија). Прв претседател на Македонскиот комитет во Софија.

[40] Јордан Венедиков (1871, с. Бања, Разлошко–1957, Софија), офицер во бугарската армија, учесник во акцијата на МК од 1895 година.

[41] Наум Туфекчиев (1864, Ресен–1916, Софија), потпретседател на МК, сопственик на фабрика за експлозивни материјали, трговец со оружје.

По долги расправии, кои продолжија во две заседанија, Конгресот, откако ги зеде предвид долните образложенија реши да не допушта други за делегати на Конгресот, освен оние што беа испратени од друштвата во Бугарија. Образложенијата на Конгресот по тоа прашање се следниве: 1) нашата организација има двоен карактер: таа е тајна и јавна со главен центар во Софија; оттука произлегува, дека за успехот на делото неопходно е поголемиот дел од нашите активности да бидат покриени со мракот на таинственоста. Во спротивен случај, не само што ќе ги изложи на преследување од турските власти лицата што го раководат делото во внатрешноста, туку што е уште поважно: ќе му ги открие нашите сили на противникот, а во тој случај ризикуваме да ја загубиме онаа вредност и сила во неговите очи, што можеме да ја имаме ако го покриваме своето дело со мракот на таинственоста. 2) Приговорите од страната која беше за прифаќање на делегатите од Тајните комитети беа засновани на тоа, дека тие делегати можат да дадат многу корисни информации за нашата внатрешна организација; меѓутоа, големото мнозинство на Конгресот на овие приговори го спротивстави следново: а) ако дојдат делегати од внатрешноста и од самите комитети, тогаш нивното враќање назад веќе е незамисливо, а тоа е голема загуба за делото; б) ако, напротив, тие комитети дадат полномоштва на лица, кои одамна, или неодамна ја напуштиле Турција, а поради тоа не така добро ги познаваат условите при кои се развива нашата дејност таму, таквите лица нема да бидат покорисни од оние, што се испратени од друштвата во Бугарија; тие и така ополномоштени делегати, наместо некаква корист, ќе донесат штета, со тоа што, при еден Конгрес кој се состои од 40–50 души, а во иднина можеби и од повеќе, ќе се открие во кои места во неослободената наша татковина постојат тајни комитети – нешто многу ризично за целоста и здравоста на нашата организација, и 3) Конгресот остана согласен со духот на нашата организација, така што, и во иднина Централниот македонски револуционерен комитет да има тајни односи со Врховниот македонски комитет, за да може не само дејноста, туку и местонаоѓањето на комитетот да остане тајна. Тоа се г-не претседателе, околностите од кои се раководеше Конгресот за да не го прифати полномоштвото на Ц[ари]град[скиот] комитет и принципиелно да се произнесе против прифаќањето на делегати од тајните комитети во Турција.

При разгледувањето на горното прашање, Конгресот воден од околностите: 1) да го потврди своето уважение кон г-дата офицери кои оваа година беа да се бијат во Македонија и 2) за да го кори-

сти нивното мнение по разни прашања, реши да ги покани, во знак на почит, да присуствуваат на Конгресот со советодавен глас, т.е. како и членовите од Комитетот кои не беа ополномоштени од никое друштво. Г-дата офицери, гледајќи во тоа решение некаков обид против нив, со една изјава до Конгресот одбија да земат учество во него и уште пред да биде разгледано прашањето за идната дејност се заканија дека тие се отцепуваат и сочинуваат нов комитет кој ќе бил таен и чисто револуционерен. Од тоа, што ќе Ви го соопштиме за идната дејност на Врховниот македонски комитет Вие ќе имате можност да си изградите мнение колку тоа решение на г-дата офицери е погубно за делото и колку постоењето на друг комитет во Бугарија може да има свој raison d'etre.

Конгресот со жал констатира, дека г-дата офицери се вовлечени од г. Туфекчиев, поради ветувањата што им ги давала сегашната влада, дека таа ќе одобри пушки и пари за Комитетот под претседателство на г. Туфекчиев. Конгресот смета дека тие ветувања немаат никаква реална вредност за делото бидејќи се даваат со неискрена цел како што се докажа од поведението на сегашната влада спрема летошното движење. Бидејќи говорам за тоа прашање јас сметам за потребно да бидам совршено отворен кон Вас: Позната Ви е борбата меѓу партиите овде со цел да го преземат управувањето на Бугарија во свои раце. Сите Бугари, вклучувајќи ги ѝ Македонците што живеат овде влегуваат во оваа, или онаа партија. Тоа е многу природно за конституциона земја каква што е нашата, но злото не е во тоа, туку во оној погубен стремеж на некои што таквиот светол идеал, каков што е ослободувањето на нашите поробени браќа сакаат да го експлоатираат и користат во полза на една партија, или влада, а таков стремеж во некои партизански сфери, за жал не недостасува.

Ослободувањето на Македонија е најсветлиот идеал на целиот бугарски народ кој овие свои чувства ги потврди ова лето. Повторувам и ќе кажам, дека ослободувањето на Македонија припаѓа на целиот бугарски народ и поради тоа, ниту една опозициска, ниту една владина партија, нема право да го монополизира, а уште помалку да го експлоатира за свои лични цели. Треба да кажам нешто повеќе за владите на Бугарија, принципиелно, бидејќи тие можат да принесат голема полза, но и голема штета на делото; опозицијата, каква и да е таа, во тој однос секогаш стоела и уште стои поназад од владата. Погледнато од гледна точка на еден разумен патриот и државен маж на Бугарија, не може да се одрече моралното влијание на која било бугарска влада врз ова дело. Тоа влијание уште се опра-

вдува и со чисто материјални причини: нема да сокријат, дека за делото е неопходно не само дипломатското, туку дури и вооружено застапување на Бугарија во решителниот момент; неопходна е уште и материјална и вооружена подготовка на нејзината влада за подготвување на тој момент; а не помалку е неопходна и нејзината пасивна улога, т.е. прикривањето, трпението и непреследување на нашите активности. Несомнено е, дека една бугарска влада која раководи со судбината на народот, која ја дава сета поддршка во името на Бугарија и која не може да не води сметка за текот на општата политика – несомнено е, велам, бугарската влада да сака да има морално влијание врз делото и да знае до кој степен на развој е стигнато тоа. Меѓутоа, тоа влијание, не може да ги надмине границите што ќе ги диктира еден просветен патриотизам; тоа не може и не треба никогаш да ги претвори луѓето кои ќе раководат со македонското дело во послушници на посакувањата на една развратна бугарска влада, а заедно со тоа од ослободителното дело да направи орудие за политички, партизански, па дури и полициски шпекулации.

Прашањето што нè интересира – взаемните односи на бугарската влада кон македонското дело и неговите раководители е од чисто морално својство, а за прашања од таков карактер е тешко и едвај е возможно да се спроведе една ограничена линија на взаемно влијание. Уредувањето на тоа прашање зависи од моралните квалитети на лицата од двете страни и од квалитетот на тукашната организација која треба да служи за отпор спрема настојувањата на секоја бугарска влада. Господаречка идеја по тоа прашање на Конгресот беше: да не се допушта никакво неморално влијание на која било бугарска влада во ослободителното дело, а горните мисли се поопширниот развој на таа идеја во Конгресот.

Откако Ви ги изложив принципиелните погледи на Конгресот по горното прашање, јас ќе Ви соопштам некои факти кои фрлија јасна светлина врз односот на сегашната бугарска влада и кои доволно добро го илустрираат поведението на оние господа кај кои се забележува тенденција за отцепување. Познати Ви се начелата искажани во одговорот кој што кнезот Фердинанд го даде на делегацијата на Првиот Македонски конгрес; тие начела ја раководеа бугарската влада во нејзиниот однос кон македонското дело до крајот на мај, т.е. некое време, по преминувањето преку границата на четата на Димо Дедото и двајцата Николовци за чие формирање владата направи многу пречки. Во тоа време, нашата влада, или подобро нашиот агент во Ц[ари]град беше лошо третиран од турската влада,

а главно во Европа започнаа редица настани при што нашата влада за некои свои цели поска да го стави во движење и нашето прашање, а за таа цел му помогна на Комитетот при вооружувањето на четите и нивното пропуштање преку границата. Таа положба, меѓутоа, не потраја дури ниту еден месец, бидејќи бугарската влада кон крајот на јуни, не само што ја затвори границата за навлегување на пристигнатите доброволци во Софија, туку го доведе и Комитетот во тешка положба; таа не само што ги разместуваше вратените востаници низ внатрешноста на Бугарија при што ги принудуваше со сиот полициски срам, но тоа што е најважно, сегашната бугарска влада која е морален учесник и поттикнувач на движењето не направи никаква дипломатска постапка, а со своето молчење, па дури и понижување на движењето преку својот печат, послужи да ја погуби во дипломатски однос онаа громка вредност која си ја спечали од почетокот со преземањето на Мелник и бојот кај Струмица.

Од горното станува јасна недоследноста дури и несовесноста на сегашната бугарска влада спрема македонското дело, зашто државниот и народниот интерес изискува кога владата ќе реши да поддржи едно вооружено македонско движење, тогаш да ги преземе сите мерки за да обезбеди и дипломатски успех на пролеаната крв; а тоа нешто, како што видовте погоре, ни најмалку не помисли да го направи сегашната бугарска влада. При разгледувањето на тоа прашање треба да се имаат предвид следниве извонредно важни услови од нашиот сегашен политички живот: 1) дека надворешната политика на Бугарија се управува лично од кнезот Фердинанд; 2) дека сегашната бугарска влада се крепи на власт со исклучива доверба на кнезот, под услов, дека наполно ќе ги слуша неговите наредби и 3) дека единствена политичка задача на кнезот и на владата е да дејствуваат со сите средства за признавање на законитоста на првиот од европските држави.[42] Бидејќи овие три услови се познати може да се објасни недоследноста дури и несовесноста на сегашната бугарска влада во однос кон ослободителното дело за кое Ви говорев погоре. Со возбудувањето на македонското прашање од една страна и неговото ненадејно сопирање од друга, со една телеграфска заповед на кнезот од Карсбад, која тој ја соопшти на некои кореспонденти, не се гонеле друга цел, туку само таа: кнезот да се претстави како фактор на Балканскиот П[олуостр]ов, фактор кој што ги држи клучевите на мирот на Исток. Овој поглед наоѓа потврда уште и во

[42] Поддршката од бугарската влада на Македонскиот комитет за време на востаничката провокација во летото 1895 година, меѓу другото била насочена како средство за притисок токму за меѓународно признавање на кнезот Фердинанд.

околноста што не се направи никаква дипломатска постапка за да се обезбеди успехот на пролеаната крв. Сегашната бугарска влада поаѓајќи од оваа гледна точка во врска со општонародните прашања не може да остави без внимание едно такво важно прашање, какво што е македонското, за кое живо е заинтересирана европската дипломатија и со кое можат да се разигруваат важни интереси. Според таа причина, владата поска или да го држи во свои раце македонското дело преку доверливи лица, или, ако не успее во тоа, да го растури и да ја уништи секоја друга независна иницијатива. Начелото за постигање на една од двете алтернативи е поставено.


Христо Татарчев

Конгресот со жал констатира, дека поранешниот потпретседател на македонскиот комитет г. Н. Туфекчиев ја игра определената нему улога од сегашната влада. Веројатно, за постигање на таа цел г. Н. Туфекчиев без согласност на неговите другари ги препорачал пред Вашите комитети г-дата офицери за делегати на Конгресот, притоа, на тој начин мислел да го ангажира нивното честољубие; а освен тоа, преку нив, тој мислел да направи едно вештачко мнозинство во Конгресот за да го преземе во свои раце сегашниот Комитет, па да може, покрај другото да ја прикрие нередовноста во претставените смеки од него и од Браќа Иванови. Владата, откако виде, дека г. Н. Туфекчиев ќе биде отстранет од идниот Комитет се обиде да ги приврзе г-дата офицери кон последниот со ветување и покрај ангажманот што тие го имаа кон него од честољубие; така што, под услов дека ќе состават посебен Комитет под раководство на г. Н. Туфекчиев, владата им вети пушки и пари кои наводно ќе им ги даде идното лето. Во дадениот случај интересно е да се знае: 1) ако следното лето се појави едно движење со навлегување *на чети од тука,* дали со него не ќе се послужи сегашната бугарска влада за свои сопствени интереси, како што тоа го направи минатата година?

2) едно такво слабо, само надворешно движење, дали не ќе предизвика повеќе штета идната година, кога Турците нема да

бидат толку ангажирани во Ерменија, како што беше минатата година? и 3) кога таа се убеди дека Европа стои ладнокрвно спрема клањата на незаштитените христијани, дали не ќе се повторат истите ужаси и во Македонија каде нашето население исто така е невооружено? Пред да се преземе какво било дејствие, тие прашања треба сериозно да се обмислат, да се премерат и противничките сили и да се води сметка за општата политичка ситуација. Врз основа на горните околности, Конгресот ја прифати мислата, дека ветувањата на владата немаат никаква реална вредност за ослободителното дело, и дека со нив се гони целта, да се измамат г-дата офицери да формираат одделен Комитет на чело со г. Н. Туфекчиев како доверливо лице на владата и на тој начин да се разруши тоа дело кое е создадено со толку жртви на народот и е запечатено со крвта на најодбраните синови на татковината. Тоа беа погледите и околностите на Конгресот по тоа прашање и јас се потрудив да Ви ги пренесам колку што е можно со поголема точност.

Во врска со II–от пункт од задачата на Конгресот заслужува да се одбележат следните факти: Од страна на Бирото реферираше г. А. Љапчев[43] за општиот тек на делото; од страна на Комитетот со специјален извештај за сметките беше натоварен г. д-р А. Радев,[44] а од страна на Конгресот за истата цел беше избрана една комисија чии што заклучоци беа изнесени од делегатот на Ловчанското друштво, г. А. Башев. Последните двајца – известувачи на Комитетот и Конгресот беа согласни за следниве нешта: 1) општиот расход не може точно да се определи, но тој излегува околу 120 и[љjади] л[ева], а приходите само 92 и[љади] лева. 2) во сметките на Браќа Иванови се покажа една сметка од 12 и[љади] лева за која недостасуваат документи за оправдување 3) во сметката на г. Н. Туфекчиев има две сметки – една за 12 и и[љади] л[ева], а другата за 7 и[љади] л[ева] – вкупно за 19 и[љади] л[ева], без документи за оправдување, 4) во последната сметка од 7 и[љади] л[ева], се запишани расходите за динамитот и бомбите, расходи кои известувачите врз основа на сведенија добиени од специјалисти ги сметаат за извонредно високи и

[43] Андреј Љапчев (1866, Ресен–1933, Софија), член на ВМК, истакнат политички деец на Бугарија. Бил министер за трговија и земјоделство (1908–1909); министер за финансии (1910–1911) и (1918); бил прво цивилно лице како воен министер (1918–1919); премиер на Бугарија (1926–1931).

[44] Александар Радев, (1864, Битола,–1911, Виена), бугарски општествен и политички деец, претседател на адвокатскиот совет и на друштвото на правниците, претседател на ВМОК (1898–1899); еден од лидерите на Прогресивнолибералната партија; министер за правосудство (1901–1902) и министер за народна просвета (1902–1903).

5) се покажа дека во сметките на г. Н. Туфекчиев не фигурираат некои суми испратени од друштвата преку него за Комитетот. Конгресот, откако ги ислуша известувачите, г. Браќа Иванови и Н. Туфекчиев, утврди, дека прашањето не е исцрпено и затоа избра една тричлена анкетна комисија која се состоеше од осоичкиот делегат г. А. Константинов, од разградскиот делегат г. д-р Сава Иванчев и од софискиот делегат г. Н. Наумов. На таа комисија и се наложи должност да ги проучи сметките во суштина и да реферира пред Комитетот.

Минатогодишниот систем се покажа како многу недоволен затоа што сета власт беше концентрирана во Бирото, всушност во неговиот претседател, или само потпретседателот. Кон минатогодишното именување на Комитетот се додаде и титулата „Врховен“ за разликување од постојните во земјата и странство тајни и јавни комитети. Во иднина комитетот ќе се состои од 12 членови.

При разгледувањето на идната дејност на Комитетот, Конгресот призна еден суштински принцип, имено: Врховниот македонски комитет треба да дејствува независно од секое внатрешно и надворешно влијание при што ќе се сообразува единствено со интересите на целокупниот бугарски народ. Во глава II–ра од прифатените „Статути“ се предвидени средствата со кои ќе се служи Комитетот. Таму фигурираат сите видови средства како зафаќање со најневините и заврши со §3, во кој буквално се вели следново: „прилагање мерки, диктирани од силата на околностите“, кое што во тајните протоколи фигурира вака: „терор и востание“. При опширното разгледување на ова прашање на Конгресот се искажаа следниве мисли: „Македонското прашање живо го интересира целокупниот бугарски народ, кој што во секој момент е готов да ги даде сите жртви за своето конечно ослободување; но, во исто време, се призна, дека тоа како прашање од капитална важност за постоењето на Турција и за историска рамнотежа, не помалку ја интересира и европската дипломатија; дотолку повеќе, бидејќи сегашната положба во Македонија се должи на извесни трактати и тоа не може да биде променето, освен по истиот начин од дипломатијата. Овие мисли го наведоа Конгресот на следните заклучоци: дека факторите за ослободување на Македонија се два: прв по ред и важност е нашата сила, која треба да се појави во решителен и погоден момент и вториот кој што произлегува од првиот е европската дипломатија. Оттука произлегува и двојниот карактер во дејноста на Комитетот: таа е: 1) воено организациска и револуционерна и 2) дипломатска. Оваа двојна дејност наложена од Конгресот е така тесно поврзана што не може

да се говори за едната без другата. Несомнено е, дека ние треба да го искажеме својот протест пред Европа и да ги бараме своите права, а за да нè слушне таа, нашиот протест треба да биде од таква природа за да не гледаат во нас само незаштитени робови на кои им омрзнал животот па доброволно се изложуваат на непријателскиот меч, туку напротив, достојни богаташи за слобода, која ја сакаат. Бидејќи меѓународниот карактер на нашето дело не може да се одрече, тогаш, овде, сметам за потребно да додадам и еден важен принцип на меѓународното право, а имено: за да се признае правото на завојувана страна на еден востанат народ, а следствено, правото за вмешување на дипломатијата, тој во својата одбрана треба да биде така силен, така што, барем во извесни моменти, да воспостави сопствена надмоќ над непријателот; во спротивен случај, востанатиот се смета за внатрешен непријател против кој државата има право и власт сама да се справи според внатрешните закони. Нагледното прилагање на тој принцип го гледаме во ерменското востание и во опсадата на градот Зејтун.

Во дипломатски однос важна е следната околност, дека при сегашната политичка констелација, државите во својата далекувидост се стремат да го предупредат со едни или други средства избувнувањето на каква била искра, особено на Исток, која може да ги вовлече државите во некоја општа војна, од која тие сè уште многу се плашат. Не е тајна за никого, дека нашата дејност ги подготвува тие искри, од кои дипломатијата многу се плаши. Ете зошто, насоката што ќе ја држи дипломатијата кон нашето дело не ќе биде определена само од нејзините сопствени интереси, туку уште и од тоа, колку ние ќе се претставиме себеси како една компактна, организирана и решителна сила на Балканскиот П[олуостр]ов која ќе задава страв, дека во даден момент може да ја изненади Европа со избувнувањето на некој страшен оган. Тие околности, особена важност добиваат денес, кога смислено се одлага судбината на Ерменците. Ако тие околности се во состојба да влијаат врз европската дипломатија, тогаш што да се каже за влијанието, што тие можат да го извршат на односите на турската влада спрема нашите поробени браќа. Благодарение на нашата погодна политичка ситуација, ние ова лето направивме многу поголема штета и ѓурултија на Турција, а какви се нашите загуби во споредба со тие на Ерменците, Вие знаете. Откако ќе ја земете предвид неопходноста за сегашниот момент да се претставиме себеси како една компактна организирана и решителна сила на Балканскиот П[олуостр]ов, како што кажав погоре, Вие можете да си претставите, надвор од другите загуби, ка-

ква е загубата во политички однос од оној расцеп, што сегашната бугарска влада го поддржа и какво свесно орудие станува г. Н. Туфекчиев, а несвесно г-дата офицери.

Комитетот откако го прифати тој став на Конгресот, во својата двојна дејност главно ќе се потпира на бугарскиот народ чии неразделен дел претставува и неговата влада. Комитетот ќе ги црпи потребните средства од нив, без да прифаќа некаков ангажман, зашто тој нив ги смета за должни да ја дадат таа помош само од патриотски причини. За исполнување на наложената задача, Комитетот на едно од последните заседанија реши при Комитетот да се формира еден Генералштаб, во чии состав ќе влезат некои резервни офицери, заедно со оние, што ова лето беа во Македонија. Ставањето во дејство на ова решение му се остави на претседателот. Генералниот штаб ќе има задача да ги проучи месните услови, да подготви еден план за идните воени дејствија и да најде средства за одбрана и напад. Во дипломатски однос, Комитетот ќе ги користи политичките текови и ќе превзема некои постапки од дипломатски карактер кога тоа ќе се најде за добро. Тоа се решенијата што комитетот ги усвои на Конгресот по ова прашање и ќе се грижи да ги приложи во реалност дотолку, доколку силите и опкружувачките околности му дозволат.

По завршувањето на сета работа, Конгресот ја заврши својата мисија со избор на составот на идниот Комитет. Избрани се следните лица: г. резервниот генерал Данаил Николаев, Јосив Ковачев, Д. Матов, А. Константинов, Д. Ризов, Илија Георгов, А. Љапчев и Т. Карајовов. После тоа конгресот се затвори на 16 овој [месец].

Комитетот врз основа на прифатените „Статути“ во конститутивното собрание на 17 овој [месец], за претседател го избра резервниот генерал Д. Николаев, за потпретседател Јосиф Ковачев, за касиер: д-р Радев и за секретар: г. д-р Г. Паунчев, до чие пристигање во Софија должноста ќе ја исполнува Т. Карајовов.

Откако Ви го соопштуваме тоа, Ве молам, да го земете предвид горниот избор.

Со почит,<br>
Претседател: И. д.<br>
секретар: *Т. Карајовов*

П.С. Анкетната комисија, која влегла во трагите на некои злоупотреби во врска со подготвувањето на бомбите и динамитот и

нивното пренесување го моли Комитетот да достави некои сведенија за тоа дело. Врз основа на тоа, Ве молам, г. прет[седателе] да ми соопштите: колку динамит и бомби се внесени во Внатрешноста на Македонија и во Цариград и 2) колку пари испратиле Ерменците од Ц[ари]град до г. Н. Туфекчиев за испратените од тука бомби и динамит.

*Објавено:* Вътрешната македоно–одринска революционна организация (1893-1919г.). Документи на централните ръководни органи, том I, част I, съставителство: Цочо Билярски, Ива Бурилкова, София 2007, стр. 106-112.

## Документ бр. 8

### Писмо од Централниот македонски револуционерен комитет до претседателот на Врховниот македонски комитет

**ЦК изразува жалење за расцепот на II македонски конгрес; МРО го подготвува населението според својата програма и е подготвена за соработка со сите што ја споделуваат нејзината девиза.**

[Солун], 20 јануари 1896 г.

Ц.М.Р.К
20 јануари 96 год.
№. 115
До г[осподин] рез[ервен] генер[ал] Николаев,[45]
претседател на Врх[овниот] М[акедонски] комитет
во гр. Софија
Копија: г[осподи]н Н. Туфекчиев

Вашето писмо со кое нè информирате за резултатите на II–иот мак[едонски] конгрес го добивме на време и да се исповедаме дека, Вашиот расцеп таму, предизвика најгрозен впечаток кај нас. Ние го искажуваме своето горчливо сожалување за расцепот кој што настанал кај Вас и се плашиме тоа да не повлијае погубно и деморализирачки на целото наше дело воопшто.

При таква состојба на работите, право да си кажеме, ние не гледаме никаква сериозна помош за делото, дотолку повеќе, што вашето разединување се случува токму во моментот, кога се чувствува најголема потреба од хармонија и севкупност на сите што дејствуваат во тој правец. Го гледаме вашето разединување токму сега, кога ни остануваат уште неколку седмици, за да бидеме внатре материјално помогнати. Штом ќе се растопат снеговите по планините, а нам патишта веќе ни се фатени, со тоа нашите работници ќе бидат немоќни до другата зима.

Независно од тоа, ние продолжуваме да го подготвуваме народот во духот на нашата зацртана програма и ќе останеме согласни со сите што ја споделуваат нашата девиза.

[45] Данаил Николаев (1852, Болград, Русија–1942, Бања, Бугарија), бугарски генерал, претседател на ВМК (1895–1897), воен советник и аѓутант на кнезот Фердинанд, воен министер на Бугарија (1907–1911).



Факсимил од писмото од Централниот македонски револуционерен комитет до претседателот на врховниот македонски комитет

Нашиот народ негодува за оружје, а ние сигурно веруваме во подготвеноста на ангажираните да се пожртвуваат – треба да побрзате со испраќање на помош!

Со братски поздрав,
Претседател, *А. Светимиров*[46]
Секретар, *Брајан Митрев*[47]

Печат: „Македонски централен револуционерен комитет“

*Објавено:* Документи и материали за историята на българския народ, БАН, София 1969, стр. 268-269; Македония. Съборник от документи и материали, София 1978, стр. 393-394.

[46] Псевдоним на Христо Татарчев.
[47] Псевдоним на Даме Груев.

## Документ бр. 9

### Извадок од Протоколот №. 11 од заседанието на Врховниот македонски комитет

**ВМК не е задоволен од ставовите на Гоце Делчев и ЦК на МРО; ВМК настојува за одлучувачко влијание по прашањето за востание.**

Софија, 10 февруари 1896 г.

Протокол №. 11

Заседание на 10 февруари 1896 г.

Отсутни: Диамандиев и Паунчев. Заседанието се отвори од претседателот и по извештајот на пратениците при рускиот дипломатски агент г. Чариков се пристапи кон разгледување на следните прашања:

*I. Напоменување со писмо на Солун[скиот] комитет за условите на нашата организација.*

Бидејќи од зборовите на пратеникот[48] на Солун[скиот] комитет се гледа дека тој комитет си присвојува права кои не му припаѓаат и кои што можат да бидат гибелни за делото *се реши:*

1) Да му се пишува на тој комитет и да му се напоменат условите на нашата организација, неговите права и задолженија спрема Врховниот комитет, како и за последиците кои произлегуваат од тоа во врска со определувањето на датумот за подигање на востание во Македонија, и 2) Да се пишува преку Д. Матов[49] на г. В. К’нчов[50] за

---

[48] Станува збор за Гоце Делчев кој во својство на претаник на ЦК на МРО имал средба со претседателот на ВМК, генералот Данаил Николаев.

[49] Димитар Матов (1864, Велес–1896, Дрезден, Германија), бугарски етнограф и филолог. На II конгрес на македонските друштва во Бугарија е избран за член на ВМК. Во 1894 година објавил критика на книшката „Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници“ која била напишана од Петар Поп Арсов по барање на ЦК на МРО.

[50] Васил К’нчов (1862, Враца–1902, Софија). Бугарски просветен и општествен деец, учител во Солунската егзархиска гимназија (1888–1891), директор на гимназиите во Сер (1891–1892) и Солун (1892–1893), главен инспектор на егзархиските училишта во Македонија (1894–1897), министер за просвета (1902), еден од идејните творци на Бугарското тајно револуционерно братство.

преместување на П. Тошев[51] од Битола во Солун, кој што во интерес на делото ќе треба да го преземе раководењето на работите во тој град.[52]

*Објавено:* Княжеството България и македонският въпрос. т. I; Протоколи от конгресите на Върховния Македоно-одрински комитет 1895-1905, Съставител: Цочо В. Билярски, София 2002, стр. 79-80.

[51] Пере Тошев (1865, Прилеп–1912, Дреновска Клисура). Член на Битолскиот окружен комитет, член на ЦК на ТМОРО (1898–1901), учесник на Солунскиот конгрес (1896). Во врска со Солунската провала (1901) бил осуден на 101 година заточение во Подрум Кале, но во 1902 година е амнестиран. Учесник во Илинденското востание (1903), на Прилепскиот подвижен конгрес (1904) и на Рилскиот конгрес (1905) кога повторно е избран за член на ЦК.

[52] Со овој потег ВМК се надевал дека ќе воспостави влијание врз ЦК на МРО во Солун.

## Документ бр. 10

### Писмо од Гоце Делчев до Никола Зографов

**Испраќање на оружје и други материјали; ВМК под претседателство на Д. Николаев може да направи повеќе штета, отколку корист за македонското ослободително дело; улогата на пунктовиот началник.**

(без место и дата)

Брате Н. Зографски,[53]

Ги добив двете твои писма. Ми бараш список за работите што сум ги добил, но сега нема потреба од список, бидејќи уште не сум добил никакви работи освен двата товари лештани,[54] (4 сандака, пратени уште пред да дојдам таму). Идната недела верувам дека ќе стаса сето испратено, за што ќе ти испратам список, ако сакаш дури и расписка.

Ти праќам два наполеона за камите; направи сметка – колку недостигаат, ќе ги испратам.

Голема надеж ми даваш за Врховниот, но да ти кажам ли, брате, тој комитет таков впечаток ми направи, такво силно оладување предизвика кај мене, што јас не гледам дали ќе помогнат, туку се плашам да не му нанесат голема штета на делото. Дека има луѓе што мислат како нас (не наполно, има чувствителна разлика), во тоа лично се уверив, но „рибата смрди од главата“, така е исто и со Врховниот. Додека тој се раководи од такви лејки грандомани (генералот),[55] додека потпретседателствува оглупениот веќе од старост Ковачев[56] и с–ие, дотогаш тој не ќе го фати потребниот правец во своите дејствија, дотогаш тој комитет ќе биде на име Врховен. Има надеж, ако горните екземплари ги управуваат младите, но тоа може да се случи, ако тие млади се такви и на срце, а не само по годините.

---

53 Никола Зографов (1869, с. Ораовец, Велешко–1931, Софија), часовничар во Ќустендил, пунктов началник на МРО во Ќустендил. Преку него се испраќало оружје, литература, поединци и чети во Македонија и обратно во Бугарија. Во 1901 година бил сменет од должноста бидејќи застанал на страната на Борис Сарафов.

54 Така е во оригиналот, очигледно станува збор за оружје.

55 Се однесува на претседателот на ВМК – генералот Данаил Николаев.

56 Јосиф Ковачев (1839, Штип–1898, Софија), истакнат педагог – реформатор, главен секретар на министерството за внатрешни работи на Бугарија, градоначалник на Софија, доцент на Великата школа во Софија, потпретседател на ВМК (1895–1896 г.).

Ми пишуваш, [дека] Врховниот ќе доставел 1000 револвери и ками, па штом ќе се уверел во нивното зачувување, ќе пристапел и кон доставување на пушки. Тоа е бесмислица, ако не друго, уште повеќе тоа е за осуда, бидејќи се решава под претседателство на еден генерал, кој е вешт во военото искуство. Дали не знае неговото господство колку можат да послужат револверите при едно востание? Да, тоа оружје е потребно, но не во таков размер – најмногу до 200, и тоа за вооружување на полицијата, а не и за востаници. Сумата за 1000 револвери би стасала да се купат 500 пушки и тоа карабини манлихерови. Или [тие] располагаат со безбројни суми, па овие напразно потрошени суми се ништо! Ќе кажеш или ќе кажат можеби да се увериме дали ќе се зачуваат. Како одговор на тоа нека знаат дека нема да биде прв пат пренесувањето на пушки, ниту пак, само оттаму сме чекале, туку ние сме си набавувале и од внатрешноста. Пиши им, па и јас ќе пишувам да се откажат од тој мерак.

Сте зборувале на долго и широко со Љапчев;[57] жалам, бидејќи најпосле не можев да се сретнам (по глупавата резолуција, искажана од устата на генералот)[58] со тој идеален момок, срдечно преданен на народот. Верувај во неговите зборови, но малку да се надеваш во нивното исполнување, бидејќи тие ќе наидат на лоши спроводници. Едно само да знаеш, патриотизмот не е патентиран, делото има потреба од помошти – тоа е олтар што ги проголтува жртвите на сите чисти поднесувачи без разлика на богати и сиромаси, на врховни и Туфекчиевци;[59] затоа ти како канал си должен да ја пропуштиш секоја една помош. Немој да ти причинува Т[уфакчие]в главоболка со постојаното барање пушки. Тој засега нема, освен неколку десетини; ветил само б. и д.,[60] па ако најде пушки ниту час нема да ги задржи кај себе.

Во твоето писмо уште среќавам, дека од Врховниот сакале да ми пишуваат на долго во врска со теророт(?). Несфатливо!

Добро правиш со прекорувањето на внатрешните браќа што се обраќаат кон тебе; тоа многу повеќе ќе повлијае, отколку моите упатства. Патроните праќај ги броени, за да не настанат некои злоупотреби.

*Објавено:* Гоце Делчев. Писма и други материали..., стр. 53-59.

---

[57] Се однесува на Андреј Љапчев.

[58] Г. Делчев го има предвид судирот со генералот Данаил Николаев за време на нивната средба во февруари 1896 година.

[59] Се однесува на отцепничкиот Македонски комитет на чело со Н. Туфекчиев.

[60] Веројатно барут или бомби и динамит.

## Документ бр. 11

### Извадок од Протоколот №. 14 од заседанието на Врховниот македонски комитет

**Даме Груев пред ВМК за независноста на МРО; ВМК претендира на врховен и единствен раководен фактор во македонското ослободително дело.**

Софија, 7 март 1896 г.

Протокол №. 14

Заседание на 7 март,

Отсутни: Д. Николаев, В. Диамандиев, Г. Паунчев, Ризов. Во заседанието присуствуваше уште и Д. Груев, пратеник на ЦРМК во Солун. Заседанието се отвори од потпретседателот, а потоа беше разгледано прашањето:

*За организацијата на делото и за односите на ЦРМК во Солун спрема ВМК.*

Г. Д. Груев ги претстави барањата на ЦРМК, кои се состојат во следното: Последниот да ја зачува за себе не само внатрешната автономија во однос на пропагандата и подготовката во Македонија, туку уште ѝ да остане наполно независен спрема ВМК во дејствија како: избирање на датуми за востание, негово прогласување и водење на преговори во врска со делото, како со приватни и официјални лица и институции, така и со некои влади. ВМК решително ги отфрли тие барања, раководен како од потребата за зачувување на единството во нашата организација, така исто и од предвиденото во „Статутите на II конгрес", според кои врховенството во раководењето на ослободителното дело му припаѓа на ВМК. По разменетите погледи по тие прашања, ВМК останува согласен со пратеникот на ЦРМК во врска со следните точки:

1. Само со решение на ВМК ќе бидат преземани какви било дејствија во Македонија; тој е единствено компетентен за определување на датум за востание.

2. Решенијата на ВМК ќе бидат ставени во исполнување преку ЦРМК; меѓутоа последниот, ако го наоѓа за невозможно или неудобно исполнувањето на тие решенија, тој заедно со мотивите тоа го соопштува на ВМК; ако последниот и по повторно проучување и разгледување на донесеното решение и претставените мотиви на-

стојува за своето прво решение, ЦРМК се задолжува безусловно да ги исполни.

3. ЦРМК без знаење и согласност на ВМК не треба да влегува во преговори ниту со приватни и официјални лица и институции, ниту со која и да е влада; тој не треба да прима од нив каква било помош во пари, во оружје или во совети.

Освен тоа, г. Д. Груев се задолжи од името на ЦРМК, дека последниот, откако ќе побара согласност од комитетите во Македонија во врска со наведените решенија, за резултатот да му соопшти на ВМК.

*Објавено:* Княжеството България и македонският въпрос..., стр. 81-82.

## Документ бр. 12

### Писмо од ВМК во Софија до претседателот на ЦК на МРО во Солун

**ВМК настојува да се наметне како врховен раководен фактор во македонското ослободително движење.**

Софија, 20 март 1896 г.

Писмо №. 58
До господинот претседател на
Централниот револуционерен македонски комитет во Солун

Господине претседателе,[61]

По едногодишната дејност на раководните патриоти во нашата неослободена татковина и по настаните што се случија тука, нашето дело влегува во една нова и многу важна фаза на својот развој. Воопшто во споредба со минатата година може да се констатира една подобра подготовка на духовите во Македонија; меѓутоа, политичката положба во Кнежевството, барем засега, изгледа, отворено спротивна на таа подготовка и на тоа расположение. Лесно е да се разбере дека на таквото поведение на кнежевската влада се должат неодамнешните настани[62] и уште повеќе оние, што едвај пред неколку дена се извршија во Цариград.

Во замена на извлечената жртва од Македонија, справедливо е што кнежевската влада содејствува за олеснување на положбата на Македонецот. Меѓутоа, Комитетот сè уште не е во состојба да Ви соопшти дали ќе се случат тие општи посакувања, и тоа, затоа што тој (Комитетот) сè уште не може да добие одговор на постапките што се направени од него пред некои виши дипломатски места.[63] Има надеж дека во блиско време тој одговор ќе го добиеме, а потоа ќе биде определена линијата на поведението, што ќе треба да го држиме ова лето.

Единството во начинот на дејствувањето, единството во организацијата, секогаш било крајниот аголен камен во дела од сличен карактер. Тоа единство е толку неопходно денес, кога се наоѓаме

---

[61] Претседател на ЦК на МРО бил Христо Татарчев.

[62] Се однесува на расцепот на II македонски конгрес.

[63] Се однесува на иницијативата на ВМК за спроведување реформи во Македонија. Во врска со тоа ВМК подготвил предлог за реформи во Македонија кој бил доставен и до ЦК на МРО во Солун.

пред толку важни настани и спротивставени факти. В.М. Комитет, убеден дека само преку тоа единство ние ќе можеме да го одржиме на потребната висина делото и да го извадиме на посакуваниот брег, е решен, при какви било услови да остане доследен на тој принцип. Од истиот тој принцип се раководеле двата досегашни македонски конгреси кои му го предадоа на овдешниот комитет врховенството во раководењето на нашето дело. Едно површно разбирање кај мнозина може да предизвика страв, дека ова право на ВМК ќе стане извор за наметнување на незрели и необмислени мненија. ВМК сфаќа, дека од правото што му е дадено нему, произлегува и едно сразмерно задолжение и соодветна одговорност и затоа неговиот стремеж бил, и останува, достојно да одговори на тоа задолжение преку своите зрели и обмислени задолженија и мерки.

Тоа прашање беше опстојно третирано со Вашиот пратеник[64] во заседанието на Комитетот од 7 овој месец.

На тоа заседание Вашиот пратеник остана согласен[65] со ВМК со следното: 1) само со решение на ВМК ќе бидат преземени какви било дејствија во Македонија; тој ќе се смета единствено компетентен за определување на датумот за подигање на востание; 2) неговите решенија ќе бидат ставени во исполнување преку ЦРМК; но, ако последниот го наоѓа за неудобно, или невозможно исполнувањето на тие решенија, тој заедно со мотивите тоа го соопштува на ВМК; ако тој и при повторното проучување и разгледување на земеното решение и претставените мотиви настојува за своето прво решение, ЦРМК се задолжува безусловно да го исполни; 3) ЦРМК без знаење и согласност на ВМК не ќе може да влегува во преговори ниту со приватни и официјални лица и институции, ниту со која било влада; тој не ќе може да добива од нив каква и да е помош во пари, во оружје, или во совети.

Вашиот пратеник ги ислуша мотивите кои што ги наложија горните решенија и ние се надеваме, дека тие мотиви веќе Ви се по-

---

[64] Станува збор за Даме Груев, кој во својство на пратеник на ЦК на МРО, присуствувал на заседанието на ВМК од 7 март 1896 година. Види го претходниот документ.

[65] Очигледно ВМК заменувајќи ги формулациите манипулира со фактите. Конкретно во протоколот No. 14 стои дека по „разменетите погледи по тие прашања ВМК останува согласен со пратеникот на ЦРМК...“. Меѓутоа, во писмото до ЦК на МРО, ВМК ги заменува формулациите на следниов начин: „На тоа заседание Вашиот пратеник остана согласен со ВМК...“. Поради таквата игра Даме Груев остро протестирал во писмото до Андреј Љапчев. Независно од оваа надмудрување, од протоколот на ВМК №. 14 од 7 март 1896 година се гледа дека Даме Груев имал сосема спротивни ставови од тенденцијата на ВМК.

знати Вам. Освен тоа, Вашиот пратеник се задолжи од името на ЦР-МК, така што последниот, откако од нему потчинетите комитети ќе добие согласност за наведените решенија, да му соопшти на ВМК за резултатите. Потребата од постигање на тој краен резултат е толку неопходна, бидејќи многу е возможно во блиска иднина да бидеме принудени во интерес на делото да преземеме дејствија од посериозен карактер. Се надеваме, дека Вие ќе побрзате со известувањето за земеното решение за горните прашања од ЦРМК и од нему потчинетите комитети.

*Објавено:* Вътрешната македоно-одринска революционна организация..., стр. 121-122.

## Документ бр. 13

### Писмо од Дамјан Груев до Андреј Љапчев

**Информација за затворањето на Доне Стојанов Тошев во Битола; Груев, предлага превентивни мерки за заштита на Г. Делчев; упатства за кореспонденцијата со ВМК; протестира против изопачувањето на фактите од страна на ВМК дека бил согласен со условите на ВМК.**

Солун, 10 април 1896 г.

Андреј,

Битолската случка,[66] што накратко ти ја изложив во моето вчерашно писмо, тука уште не е разгласена, но изгледа владата е силно изненадена и презема доста строги мерки. Не подлежи веќе на сомнение, така на сите полициски органи им е сугерирана строга внимателност, истовремено со тоа и воената управа си го прави своето. Денес на пример еден воз со војска замина за Битола, а ние очекуваме да се објави воена состојба. Освен веќе фатените 10 парчиња, ништо друго не се слушна дека е откриено некаде до сега, а за во иднина, баклм[67] на провидението. Пристигнатите патници од местото на настанот нè уверуваат дека кај турските духови се забележувало силно вкаменување, додека меѓу Бугарите – обратното. Сакат да кажат дека ова, дури послужило како поткрепа на самата пропаганда за делото. По мое мислење, направената грешка, дури во некој однос и да е корисна, пак си останува грешка. Додека размерот на жртвата се ограничува само со затворања, како и да е, но ако повлече и други жртви по себе – тогаш удривме слепо. Впрочем, еднаш станато, тоа и ќе си остане како станато.

Во врска со горното, брзам да ти соопштам и друго нешто. Претходно дојдениот мој пратеник кај Вас,[68] со кого твоите другари се беа извалкале, не е чудно и сега да се наоѓа во Ќуст[ендил], без да знае за настанот во Битола. Неговото доаѓање во споменатиот град се токмеше пред да се случи споменатава случка, та не е чудно, наоѓајќи се во неизвесност, своевремено да побрза да се најде на своето место, нешто што може да повлече друга грешка. Неговото ранде-

[66] Се однесува за фаќањето на Доне Стојанов Тошев од османлиските власти во Битола бидејќи во товарите со ориз пренесувал бомби за потребите на МРО.

[67] Баклм – очекувам, гледам.

[68] Се однесува на Гоце Делчев, кој во тоа време бил на пат кон Ќустендил. Меѓутоа за настанот во Битола дознал во Виница и веднаш се вратил назад во Штип.

ву[69] беше проектирано главно со окол[искиот] н[ачални]к од односната околија, од кој, верувам дека ќе може да добиете сведенија за местото каде се наоѓа. Потребно е веднаш да преземете мерки за негово задржување зад границата, додека се провери дека не постои опасност за неговото прибирање назад. Засега уште ништо не може да се предвиди бидејќи арестуваниот продолжува да ја одрекува сопствената вина, а уште повеќе и соучеството на други, но дали може да се верува во неговата цврстина и за напред? За понатаму веќе останува на Вас.

Друго. Двете писма од В[рховниот], како и твоето до мене ги примивме на време. Лошо направиле бидејќи првото го пратиле преку турската пошта. Да им забележиш, за друг пат да не се повторува, а во иднина иако ги адресираат со „Via Zemlin“[70] *секогаш* да бидат и *рекоманде*,[71] услов кој што твојата милост го беше занемарила во приватното писмо. Голема неразбраност имате и во поштенск[ите] писанија, бидејќи нивното господство на препорачаните писма не обраќа внимание, па нè принудувате да се пребруваме кога куририот од турската пошта ни носи писма со наслов „V[ia] Z[emlin]“. Замолете го и Стојановича[72] да им сугерира поголема внимателност.


Андреј Љапчев

За малку ќе заборавев да ти ја искажам мојата лутина од соопштението на В[рховниот] до Ц[ентралниот], во кое, откако ги предлага трите точки за прифаќање ги претставува како решение и со моја согласност. Е, кусо да беше,

---

[69] Рандеву – средба.

[70] Преку Земун (Австро–Унгарија).

[71] Препорачано.

[72] Иван Стојанович – директор на поштата.

барем во дадениот случај немаше потреба од слично изопачување, но и тоа нека остане за сметка на составувачот.[73]

П.П. Ете, ќе пропуштев уште нешто.

Привремено, веќе по опишаниот начин на другиот лист, писмата можете да ги адресирате вака:

„*Reverend Frère Antoin, Ecole des Frères – Salonique*", а внатре на другиот плик:

M-r A. B. Lambro, ingenieur.[74]

Уште подобро ќе биде, ако содржината на писмото биде во врска со занимањето на последниот, особено напишано на некој европски јазик, а големите страници [да бидат] испиш[ани] со хем[иско] мастило. Зошто не употребувате шифрирана азбука, или мислите дека ние живееме во Швајцарија? Кога пишувате до Ц[ентралниот], избегнувајте да му ги редите титулите, а особено местото на наоѓање. Ние се криеме од ѓаволот, а вие не вадите на пазар. Така што, во иднина едноставно како на едно лице без никакво претходно назначување на претсед[ателот] и др[уги] слични излишности, да се започнува и завршува само со предметот.

Покрај тоа, за да не биде забележуван попот[75] од службениците во поштата, кои особено многу ги сакаат буг[арските] поштенски марки (!) писмата, што не се итни, да ги препраќате преку некое лице во Австрија, а само брзите директно. Меѓутоа, задолжително, истовремено со испраќањето на пратката на поштата да предавате и по една визит карта на мојата или од Хаџијата[76] адреса само со некој поздравен иницијал или збор, од што ќе знаеме дека има писмо за да си го бараме.

Долж целата земја владее можеби до сега невидена економ[ска] криза. Безработица царува по сите страни. Во многу места веќе е пројавен вистински глад во буквална смисла. И верувај, Андреј, еј Богу, никакво преувеличување не си допуштам во тоа. Како што ме уверуваа некои блиски, безделништвото дошло до таков размер, што само од нашиот град биле подадени неколку колективни

---

[73] Станува збор за писмото од ВМК до ЦК на МРО од 20 март 1896 година.

[74] Преподобен брат Антуан. Училиште на браќата во Солун. М-р А. Б. Ламбро, инжинер.

[75] Се однесува на поштенските марки на кои бил претставен кнезот Фердинанд со брада.

[76] Станува збор за Иван Хаџи Николов.

барања до валијата со кои го повикувале да се погрижи за нивно поставување на какви било работи. За селата не прашувај, а пак за внатрешноста не треба ни да се загатнува. Големо очајување ги обзело луѓето, па кој знае каде ќе му излезе крајот. Тука трговијата спие доволно безнадежно за соживување; трговец од внатрешноста едноставно нема ни за иљач човек да бара.

Но доста толку, бидејќи е касно.

Многу поздрав на сите.

*Брајан*[77]

*Објавено:* Борис Николов, Писма на Дамян Груев, ВИС, София 1985, кн. 5, стр. 196-197.

[77] Брајан – псевдоним на Даме Груев.

## Документ бр. 14

### Извештај од Кирил Прличев, претседател на околискиот комитет во Воден до ЦК на МРО во Солун

**Број на членство; собирање пари со расписки; селаните даваат повеќе пари, отколку граѓаните; револуционерната идеја е добро прифатена; потреба од оружје.**

[Воден] 1 мај 1896 г.

Список на посветените во делото: 1. Во градот – поп Туше, Вани Занешев, Зано Занешев, Ичо Занешев, Вангел Занешев, Васил Занешев, Гаци Саракинов, Христо Марков, Гаци Бизовец, Васил Димов, Вани Ташков, Костадин Гешев, Андон Марков, Георги Гребенаров, Костадин Донсанлијски, Т. Хаџи Пејов, Никола Чолачев, Христо Лажев, Вани Лажев, Петар Думов, Георги Попов, Адамаки Чамов, Михаил Занешев, Никола Трпчев, Стојанчев, Јордан Парчев, Таши Гацев, Димитар Карпузов, Иван Лажев, Туши Лажев, Радомир Атанасов, Георги Хлебаров, Петар Хлебаров, Мици Паљанга, Вангел Петков. 2. Во селата: Саракиново – 70 души распоредени меѓу соодветниот број десетници, со тајна полиција, група терористи, редовна пошта до С'ботско и случајна – за Битола. Пожарско – 100 души, исто распоредени. С'борско – 80 души и четворица терористи. С'ботско – 15 души со еден началник, добра пошта до Рајново и еден курир меѓу С'ботско и Воден; Цакони – 20 души, Бизево – 10 души, Тресино – 15 души, Кронцелево – 20 души, Горно Родево – 20 души.

За сите места имаме подробни списоци. Најпосле во С'ботско е основана каса во која неделно се собираат (заедно со вноските од Цакони) околу 50 гроша. Владово и Месимер...

Распределување на расписките:

1. Воден: Гацо Саракинчев – 25 лири турски, Вани Занешев – 25, Ѕано Занешев – 30, Јордан Кусев – 10, Христо Марков – 5, Иван Лажев – 5.

2. Селата: Саракиново – 30 л. турски, Пожарско – 30, Цакони – 20, тројца селани од истото село Цакони – 6, Иван Цакончев од истото село – 5, С'ботско – 10, С'борско уште 5, Горно Родево повеќе од 5, Баово, Бизово, Тресино, Струпино –ќе видиме. Кронцелево не може (селаните се многу бедни!). Иван Занешев ја прими расписката, но бара рок до Петровден. Ѕано Занешев од страв вети да даде до кожурците, а на своите браќа Иван и Ичко вели – „30 пари не давам".

Добиени пари за расписките има од Саракиново – 30 лири, Пожарско – 20, С'ботско – 5. Тушим веќе не влегува во нашиот округ.

3. Каса. Членски (неделен) внос, кога се смета од 1 јануари ова година: Гацо Саракинчев – 8 гроша, Иван Занешев – 10 гроша, Ѕано Занешев – 10, Иван Лажев – 5, Ичо Занешев – 5, Георги Гребенаров – 2, Пандопуло – 15. Попот ништо не дава. Андон Марков дал 20 гроша. Трпче Димитров Шаламанов – 10. Донсанлијски не дал 5 пари. Ѕановиот внос остана само ветен.

Мала, но многу значајна подробност. Саракинци требаше да бројат 30 лири за расписката. Ќе дадеа и 40, ако оној, што ги држеше вакафските пари од пред 3–4 години, не ги беше потрошил за свои потреби. Што прават саракинци? Удираат помеѓу чорбаџиите и фукарата, секој десетник фрла врз своите потчинети определен налог и на крај не излегува есапот! Се собрале 19 лири! Тогаш започнуваат од своите жени: обетки, гривни, прстени, сребро, стари пари – собираат сè, друг си го продава прасето, трети – волот, четврти – позајмуваат со лихва и т.н. Доаѓаат овде (Воден) и ги стокмуваат парите. Скоро ќе полудев. Ги враќам назад сите работи, ги повикав чорбаџиите, тестир–меремет, па беа принудени да земат пари на заем од тука и да ја дополнат расписката. Дали тоа не е најсилниот доказ, дека револуцијата наидува на љубезен прием меѓу најизмачените слоеви на населението?! И тоа е доволно...

Доста трговци слушам да велат: „Кој дал досега – дал, кој зел – зел". – „Аман ! До тука тера веќе"– ти вика измачениот и очаен селанец. А, пак да знаете каква болка си имаме од тоа, што наполно се чувствува отсуството на оружје! Туку слушаш од време на време некој настрвен бездомник да те потпраша со скршено срце: „Уште ли, бе џанам, нема да видиме нешто? Слушам оти на филјан место веќе... ами за нас... "

Навистина, времето ќе ни покаже какви ќе бидеме на дело, но сакаме да констатираме дека сознанието веќе е развиено до задоволителен степен, а за оружјето ќе кажеме дека е неопходно побрзо да се испрати извесно количество зашто тоа ќе послужи како најсилно агитациско средство во многу односи: за зацврстување на верата на тие што веруваат; за уверување на тие што сочувствуваат, но не веруваат, дека ќе видиме оружје и кај нас; за затворање на устите на некои селски, како и градски чорбаџии, кои велат дека тие пари се собираат за не знам какви готовановци, а не за оружје; за разврзување на кесињата на многу Томовци и. т.н. Така што испраќањето оружје ќе биде од голема полза и бидејќи тоа праќање го сме-

таме за своевремено, најнастојчиво молиме во блиска иднина да биде разрешено во позитивна смисла. Не веруваме дека за тоа има потреба од тукашните пренесувачи, но ако има, ги имаме на располагање. Се разбира, дека имаме и места за криење. Испратете и неколку од малите револверчиња кои ќе можат да се распродадат на оние што одамна порачале и кои постојано ми ја дуваат главата. Тие ќе бидат потребни за поштата и за другите пренесувачи кои постојано треба да носат оружје.

Мојата изолирана положба речиси е мачна. Сега со селаните имам работа не само во сабота, туку речиси секој ден. Јас сам треба да се среќавам и расправам за сè со нив. Единствено Гаци Саракинчев ме одменува по малку. Чорбаџиите се плашат да не се „испуштат“ пред секој. Впрочем тие немаат средина за агитација во градот, па и по селата. Даскалите А. Марков и К. Дорсанлијски во ништо не ми помагаат. Сам треба да ја определувам висината на расписките и сам да ги поднесувам, сам ја водам целата кореспонденција, сам пишувам еден неделен лист. Како да нема специјална комисија, како да не постои посебен комитет што ќе ги носи грижите на својот грб, туку сè е стоварено врз мене, но сам да правам сè, е надвор од моите сили. Имам потреба од двајца силни помошници, а најмалку од еден. Доаѓа ваканцијата: јас сум во недоумица што да правам. Од една страна сакам да си отидам дома, но од друга – овде пак би се разништиле. Ми се чини, дека тоа прашање на Велигден само беше начнато, но нема посебно решение. Добро, но што да се прави во тој случај?

Ако судиме по нашински и за други места, смело можеме да кажеме, дека агитацијата преку револуционерна литература е доста слаба. Весник „Востаник“ ниеднаш не видовме. Кон крајот на месец март добивме три броја од „Глас Македонски“ бр. 30, 31 и 32 – двата доста ризично испратени директно, едниот преку Рајново (овој псевдоним стои во оригиналниот извештај, но кој град или село го нарекувавме така не сум запомнил) – и една збирка од неколку стихотворенија. Од тогаш до сега ништо не сме добиле. Доста долго време напразно ја очекувавме и биографијата на Васила. Ако располагавме со повеќе време и ако не се плашевме од здодевност, ни се сакаше да кажеме неколку зборови за некои целесообразности во кажаните листови...

*Објавено:* 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев, съставител и редактор Кирил Пърличев, София 1999, стр. 15-17.

## Документ бр. 15

### Писмо од Дамјан Груев до Андреј Љапчев

**Д. Груев протестира поради настојувањето на ВМК да го дискредитира пред ЦК на МРО; иронично ги исмева интригите на ВМК.**

Солун, 27 август 1896 г.

Господине Љапчев,

Едно време – не помнам кога беше, но веројатно по Велигден – Христо[78] доби едно писмо од Божидар,[79] во кое последниот, искажува сожалување, дека д[октор]от во Солун бил опколен од „најниски суштества", според неговото соопштение од Софија. Судејќи според инструкциите на градот од каде му бил возбуден овој еремиев плач, нема сомнение, дека авторството на предметната сожалувачка клевета треба да се должи на вас, или барем на вашиот круг. Горкиот, изгледа од скромност, пропуштил да ги изреди поимено лицата што ги подразбира, но и без тоа, лесно може да се разбере дека мојата милост треба да е началото.

Помина и тоа, пристигна Панов, а по него уште двајца, Ѓоре и Матов.[80] И тројцата беа услужливи за да ме запознаат за средбите и разговорите со вас речиси во подробности. Јас останувам смаен, но затоа пак и задоволен, бидејќи ми се даде можност да проверам, што се мислело и прифатило надвор, макар за мене и непријатно. Во знак на мојата благодарност, се токмев да ви се издолжам веднаш, но ајде, си реков откако ќе се посмирам, па ете, едвај дури денес ми се падна тоа да го направам.

Обвинителните точки, по кои неправедно сум обвинет слушнав дека се повторуваат од трите горепосочени лица, исклучок е размерот на вашата огорченост и епитетите со кои сум бил украсен, според тоа кој колку можел да помни. Нема да го повторувам текот на вашите разговори, бидејќи како соучесник, верувам, дека сами поточно можете да ги возобновите во својата памет. Но, од сето тоа се гледа, дека не напразно сте собрани повеќето адвокати.

---

[78] Христо Татарчев.

[79] Божидар Татарчев, братучед на Христо Татарчев.

[80] Се однесува на Ѓорче Петров и Христо Матов кои летото 1896 г., престојувале во Софија при што контактирале со бугарскиот премиер Константин Стоилов, но и со повеќе дејци од ВМК. Притоа биле наговарани дека Даме Груев бил главна пречка во односите меѓу ВМК и МРО поради што треба да се отстрани од Солун.

Дека сум син на „селанец“ и дека можеби страдам од „селска простотија“ и јас не одрекувам, но дека уште сум и невоспитан, од повеќе, тоа прв пат го слушам сега по вашето предавање. Без сомнение од тоа јас не треба да се вознемирувам, бидејќи декорацијата ми се прави од луѓе како г. г. Ризов,[81] Карајовов[82] и с–ие, кои малку ме познаваат, а првиот дури никако – ! сметам малку потешко се чувствува и вашата загриженост, како што се забележува, но нема што да се прави, жив в гроб не се оди. Но друго. После тоа и многу други ваши слични успеси и празнословија, јас не можам да не ве сожалам, бидејќи со своето врховенство го убивате своето призвание, а пак вам место ви било подготвено во некоја порнографска академија. А, пак луѓето не сакат да признаат, дека сето тоа го правите во интерес на братството и взаемната доверба, ама пусто нивно кусоумие!

Рековте, дека сте имале ангажман спрема „царигр[адските] големци“, како резултат на што било и моето повикување пред В[елиг]ден во Ц[ари]град. Вај, вај, а ние пак уште ништо да не знаеме! и гледај, какви грижи и старателство Вие горките сте полагале за нашето внатрешно растројство во интерес на делото! Ама тоа не помогнало, доволно е што низ вашиот град минуваат патници, па преку нив ќе се обидете. Најпосле сте се обиделе да ги ориентирате тројцата гореспоменати, меѓутоа јас жалам што не можат да се изредат сите жители на Макед[онија], па да можат лично да се уверат во вашите стремежи и на тој начин да се вратат со поголемо разочарување во спасителната мисија на вашето Олимписко тркало. Со оние, кои што до сега ве посетиле, не сакајќи ни направивте доволно услуга бидејќи им го закрепнавте сознанието од неопходност за нашето внатрешно единство, баклм, што ќе следи од вашите идни интриги.

---

[81] Димитар Ризов (1862, Битола–1918, Берлин, Германија). Бугарски дипломат и публицист, член на ВМК, инспектор на егзархиските училишта во Македонија, бугарски трговски агент во Скопје (1897–1899); дипломатски агент во Цариград (1903–1905); Белград (1905–1907); Рим (1908–1915), Берлин (1915–1918), посредник во преговорите помеѓу ТМОРО и бугарската влада (1897–1898).

[82] Тома Карајовов (1868, Скопје–1951, Софија), член на ВМК, публицист и дипломат, секретар на бугарското трговско агентство во Битола и Одрин, секретар на бугарското дипломатско претставништво во Виена, Рим, Санкт Петерсбург, генерален конзул во Албанија (од 1924 ). Од 1895 бил член на ВМК, а во 1902 година бил член на ВМОК на Христо Станишев кој се објавил против ВМОК на Михајловски – Цончев. Иницијатор за формирањето на Бугарските конституциони клубови во Македонија (1908).

Колку за од наша страна, како и досега, можете да бидете уверени, дека никогаш нема да ни бидете предмет на занимање, барем додека страдате од досегашната бездејност. Каков бил овој или оној, ние секогаш спротивно сме мислеле да ве опишуваме пред светот, а нашето улично воспитание и јогуртчискиот сталеж не ни дозволуваат да бидеме еднакво строги со вас. Е, како луѓе од долен слој и со ограничени претензии, сме гледале и ќе гледаме да се движиме во границите на можностите, па малку ни значи кој како не разбрал. Не сте сакале за друг пат да бидам ополномоштен, бидејќи немало да ме примите; со секоја благодарност од вашето желба земаме акт, но тогаш не се оплакувајте од прекинување на соопштенијата, за што барем досега не сте имале повод. Сте се чувствувале навредени од неизделканоста на нашите обраќања, а ние пак слепци сакавме да гледаме дека со тоа закрепнува фамилијарноста меѓу нас, за каков плач измивате, а забораваме дека нас не делела бездна по различност на положбата. Но гледате ли, како сега со *Вие* и со гос[подин] своите обраќања ги украсувам?

На крај, откако ви ја искажувам мојата лична благодарност за фактот и вашите обиди, ви посакувам среќа во распростран[увањето] на акциите, кои што навистина ќе ви се ослободат од досегашната самозаслужена агонија.

Моја благодарност и за грижите на г. Тома, кого го поканувам да ги обнови своите задолженија спрема „Ц[ариградските] големци“ па и мене ми се сака да се скријам негде в дно земја.

– Ете тоа сте ми реткост на времето – бабам – раководители, де!...

Со слично уважение и благодарност,<br>
Ваш познаник – *Дамјан*

*Објавено:* Даме Груев – Спомени. Кореспонденция..., стр. 142-143.

**Документ бр. 16**

**Устав на Тајната Македоно–Одринска Револуционерна Организација**

[1896-1897 г. ]

Глава I

*Цел*

§1. Тајната Македоно–Одринска Револуционерна Организација има за цел да ги сплоти во едно цело сите незадоволни елементи во Македонија и Одринско, без разлика на народност, за извојување преку револуција полна политичка автономија за тие две области.

§2. За постигање на таа цел Организацијата се бори за премавнување на шовинистичките пропаганди и националните караници кои го цепат и обессилуваат македонското и одринското население во неговата борба против општиот непријател; дејствува за внесување на револуционерен дух и свест кај населението и ги употребува сите средства и усилби за поскорешно и своевремено вооружување на населението со сè што е неопходно за едно општо и повсеместно востание.

Глава II

*Состав и устројство*

§3. Тајната Македоно–Одринска Револуционерна Организација се состои од месни революционерни организации (дружини), составени од членовите на секоја одделна месност (град или село).

§4. Член на ТМОРО може да биде секој Македонец и Одринец, кој што не е компромитиран со ништо нечесно и бескарактерно пред општеството и кој што ветува и се задолжува да биде полезен за революционерното ослободително дело.

§5. Секоја месна организација се дели на групи со по еден началник (десетник).

§6. Секоја месна организација се раководи и управува од свој месен комитет (управно тело). Комитетите се делат на селски, околиски и окружни.

§7. Селските комитети се потчинети на околиските, околиските на окружните, а целата организација се раководи и управува

од Централниот Таен Револуционерен Македоно-одрински Комитет.

§8. Селските комитети (управни тела) се избираат од членовите на месните организации и се потврдуваат од околиските комитети (управни тела); последните се уредуваат од членовите на околиските центри и се утврдуваат од окружните со согласност на Центр[алниот] Комитет; а окружните се назначуваат директно од последниот. Во вонредни случаи ЦК има право да го довери раководењето на работите во окрузите и околиите во рацете на едно избрано од него внатрешно лице или ополномоштено надворешно лице.

§9. Членовите на Центр[алниот] комитет се избираат секоја година од околиските и окружните комитети по спогодба. Изборот се врши по начин каков што го диктираат условите. Местото и времето на избор се определува од ЦК.

§10. При изборот на ЦК се определува неговото седиште, кое ќе им биде познато само на окружните и околиските комитети.

§11. Секој околиски револуционерен реон си има своја чета, чија што задача се определува во специјален правилник.

§12. Секој член од комитетот носи псевдоним, кој му е даден од Центр[алниот] комитет.


Уставъ на Тайната Македоно-Одринска революционна организация
Глава I
Цѣль
Глава II
Съставъ и устройство.

Факсимил од уставот на ТМОРО

§13. ТЦМОРК има печат со амблем, знаме, сабји, пушки и бомба со натпис: *Македоно-одрински Централен Револуционерен Комитет*. Големината и особените знаци се определуваат од Центр[алниот] комитет и се соопштуваат на окружните и околиските комитети со специјално окружно.

§14. За контактирање со околните комитети секој окружен, околиски и селски комитет си има своја тајна пошта.

§15. За следење на делата на надворешните и внатрешните непријатели и за претпазливост од нив, секој комитет си има своја тајна полиција.

§16. Секој комитет за текот на работите во својот реон го држи во тек погорниот комитет од него, а на крајот од секој месец му дава подробен извештај за сите свои работи во секој однос.

## Глава III

## *Материјални средства на револуционерната организација*

§17. ТРО ќе се снабдува со пари: 1) од доброволни прилози; 2) од редовни членски вносови и 3) од пари, собрани на начин каков што ЦМОРК ќе го најде за целесообразен или пак, месниот со претходна согласност на Централниот.

## Глава IV

## *Казни*

§18. Секој, што е виновен за штета на делото, било тој работник или не, се казнува. Казната му се определува од месниот комитет и се извршува со согласност на Централниот.

§19. Врз основа на овој устав е изработен подробен внатрешен правилник.

## Крај

Уставъ на Тайната Македоно–Одринска Революционна организация, *АО. ИНИ*, Скопје, инв. бр. 10928/59; *Објавено:* Љубен Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел, трето дополнето и проширено издание, Скопје 1976, стр. 334-337; Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први, Скопје 1981, стр. 331-333.

## Документ бр. 17

### Правилник на Тајната Макед[оно] – Одр[инска] Револ[уционерна] Организација

[1896-1897 г.]

### Глава I

*Централен Комитет*

§1. Ц[ентралниот] М[акедоно] – Одр[ински] Р[еволуционерен] К[омитет] се состои од: 1) претседател, 2) секретар, 3) касиер и неколку членови за советници.

§2. ЦК ги има следните должности: 1) Ги раководи комитетите на месните организации, го следи општиот развој на делото и ги дава потребните упатства и поткрепа. 2) Тој директно однадвор и преку месните комитети од внатре се грижи за доставување оружје, революционерна литература и др. сл. такви нешта, потребни за развој на делото. 3) Нему му е предоставено правото и грижата за распределување на внесените материјали од надвор, како и излишните на месните организации. 4) Тој ги одржува контактите со надворешните Револуционерни комитети, ако има такви. 5) Со согласност на окружните и околиските комитети го прогласува денот на востанието, го уредува планот на дејствијата и го раководи движењето директно или преку посебна комисија, составена од него. 3) За тој ден тој може да влезе во договор и да побара содејство на надворешните Револуционерни комитети.

### Глава II

*Селски, околиски и окружни комитети*

§3. Селските, околиските и окружните комитети се состојат од еден раководител и неколку советници, меѓу кои се избира еден за касиер и друг за помошник на раководителот.

§4. Р[еволуционерните] комитети се должни да се стремат колку што може повеќе за распространување на револуционерните идеи во нивниот реон, да се грижат за воведување строг ред во работите, да ги вооружуваат неимотните работници, да се грижат за доставување на потребното оружје, за зголемување на материјалните средства и воопшто за сето она, од кое зависи успехот на революционерното дело во нивниот реон. Покрај тоа тие треба да ги изгладуваат приватните расправии меѓу членовите. Грижата и одговорно-

ста за сите тие работи се споделува подеднакво од сите членови на управното тело.

§5. Окружните комитети директно, а окол[иските] преку окружните треба да го држат ЦК во тек со работите во нивниот реон, а на крајот од секој месец да даваат отчет за бројот на членовите, за направеното по вооружувањето, за состојбата на комитетската каса и воопшто за состојбата на работите во нивниот реон. На крајот од секоја година даваат подробен извештај во кој изнесуваат: 1) колку другари работници за слободата има во секој град и село и колку од нив се способни да се борат со оружје в рака против непријателот; 2) колку оружје имаат и уште колку им е потребно; 3) квалитетот и дејноста на тајната полиција; 4) уреденоста и дејноста на поштата; 5) состојбата на касата; 6) духот на членовите и на противниците и 7) постојаните вооружени турски сили: војска, заптии, полиција, башибозук и сл.

§6. Никој месен комитет не може да влегува во односи со други комитети, било внатрешни, било надворешни, без дозвола на ЦК; исклучок од тоа се прави меѓу соседните внатрешни комитети за неодложни работи и за потреби кои не трпат одлагање. Во таков случај, раководителите се договараат со приватни писма и тоа веднаш го соопштуваат на ЦК.

§7. Раководителот на комитетот ги свикува и раководи со собранијата, кои се одржуваат редовно секоја седмица и вонредно, кога ќе има потреба.

*Забелешка: Прашањаша се решавааш со мнозинсшво іласови.*

§8. Раководителот се задолжува да се советува со своите другари од комитетот (Раковод[ното] тело) за сите прашања во нивниот реон и наполно да ги држи во тек со сите комитетски работи.

§9. Раководителот сам или индиректно ги соопштува комитетските решенијата на началниците на групите; тој сѐ распоредува сам или посредно преку тајната полиција и пошта и ја поткрепува кореспонденцијата со својот потпис.

§10. *Касиерош* го заведува паричниот дел на комитетот; тој ги прибира членските вносови, доброволните помошти и др. и отпушта пари за комитетски потреби само по заповед на раководителот. Тој не може да троши комитетски пари за свои потреби.

§11. Касиерот се задолжува секој месец да дава подробна сметка во општото собрание на комитетот (Раковод[ното] тело).

§12. Помошникот ги исполнува сите должности на раководителот во негово отсуство.

## Глава III

### *Должности на началниците на групите*

§13. Началниците или (десетарите) на групите во месните организации се должни: да го пренесуваат на потчинетите ним групи кажаното од раководителот или порачаното од посредникот; 2) да му соопштуваат на раководителот или на посредникот секоја седмица за состојбата во групите во секој однос: дисциплина, вооружување и сл.; 3) да се грижат за држење во исправност на оружјето на момчињата; 4) да ги собираат редовно секоја седмица ним потчинетите и вонредно – секогаш, кога има потреба, за да ги поучуваат; исто така да им раздаваат и читаат револуционерни книги и воопшто да им го засилуваат револуционерниот дух на разни начини; 5) да ги собираат месечните вносови и доброволните помошти на ним потчинетите и да ги предаваат на раководителот или посредникот; 6) да го следат поведението на работниците, а особено оние нивни постапки што можат да бидат штетни за делото.

## Глава IV

### *Должности на членовите–работници*

§14. Нови членови се примаат само по препорака на некој стар член и со дозвола на раководителот.

§15. Секој член при постапувањето во Организацијата треба да положи заклетва, која гласи: „Се заколнувам во Бога, верата и својата чест, дека ќе се борам до смрт за слободата на нашата татковина Македонија и Одринско, дека безусловно ќе се покорувам на началството и беспрекорно ќе ја исполнувам неговата заповед; дека нема да му ги издадам никому ниту со збор, ниту со дело организациските работи и сето она, кое што од денес натаму ќе го слушнам, видам и разберам за делото. Во спротивен случај, нека бидам убиен од еден од другарите со револверот или камата, кои овде ги бакнувам“.

Клетвата се дава пред евангелие, револвер, кама, или било какво оружје ќе се најде; се прават три поклонувања, се бакнуваат наведените нешта, кои по клетвата пак се бакнуваат. Клетва може да даде било кој член од комитетот.

§16. Пред да се препорача новиот член, директно или индиректно треба да се дознае неговото мнение за востанието, чувствата,

степенот на неговата решителност и каде што се може, неговото минато. Кон заклетва се пристапува само откако ќе му се посочат најголемите опасности и смртта и ако тој не покажува никаква малодушност. Пред заклетвата не треба да му соопштува ништо за делото, било каки ветувања да дава.

*Забелешка: Како агитационо средство за придобивање на нови работници служат бунтовничките весници, брошури и книги, општи разговори за состојбата, животот, потребите и нашите должности и др. сл.*

§17. Секој член дава паричен внос според својата состојба, должен е сам да се грижи за своето вооружување и да го држи своето оружје исправно. За вооружување на неимотните членови се грижи комитетот.

§18. Никој работник под никаков изговор не може да откаже неказнето исполнување на нему наложената должност од началството, била таа лесна или тешка, во местото или на друго место.

§19. Секој работник што и да дознае и слушне нешто корисно или штетно за делото, должен е навреме да го соопшти на своето началство.

§20. Ако некој член попадне во рацете на полицијата при извршување на некоја комитетска работа или едноставно како революционер е осомничен не по негова вина, Комитетот е должен да се грижи за неговото ослободување со сите можни средства.

Од тоа право се исклучуваат оние членови, кои на своја глава презеле да вршат некои работи и попаднале во рацете на полицијата по своја вина или по приватни работи.

§21. Секој работник е должен да притекне на помош на својот другар кога ќе го види западнат во некоја беда.

§22. На работниците без дозвола на раководителот и на своја глава им е забрането да прават било каква работа. Кој со таква работа на своја глава ќе нанесе штета на делото, не само што се лишува од правото на заштита, туку и се казнува.

§23. Работниците од една месна организација не треба да се откриваат на работниците од друга месна организ[ација], освен кога тоа им се заповеда.

## Глава V

### *Кореспонденција*

§24. Кореспонденцијата меѓу комитетите секогаш се води со хемиско мастило и со прифатената шифрирана азбука, што ја знаат

само помошникот и раководителот и се испраќа со тајната пошта. Во адресите, обраќањата и сл. секогаш треба да се употребуваат псевдонимите.

§25. Архивата на комитетите се состои од кореспонденцијата на потчинетите и повисоките комитети, од сметките, копии од извештаите, од картата и географско–статистичките белешки и од списокот на работниците. Таа треба да биде напишана со шифрирана азбука и со прифатеното мастило за архивата.

## Глава VI

### *Тајна пошта*

§26. За сигурно водење на кореспонденцијата, секој комитет си има своја тајна пошта.

§27. За курири се избираат луѓе потајни, мажествени и со цврст карактер. Тие се должни да ги предаваат писмата на назначеното лице неоштетени. Усните порачки куририот треба да ги предава директно на определеното лице и буквално без никакви пропусти и додавки. Имињата на куририте претходно треба да се соопштат на лицата до кои е испратена кореспонденцијата.

*Забелешка. Специјалните пратеници или се снабдени со полномошто, или преку друг канал им се соопштуваат имињата.*

§28. Со тајната пошта се пренесуваат и покрупни материјали како оружје, книги и др.

§29. Кога се пренесува важна кореспонденција или важни материјали, куририте задолжително треба да бидат добро вооружени и снабдени со отров.

§30. Постојаните бедни курири се издржуваат од касата на месната организација.

## Глава VII

### *Тајна полиција*

§31. Секој комитет има тајна полиција која се состои од две одделенија: истражно и казнено. Раководителот на комитетот избира еден меѓу работниците за началник на истражната полиција, а тој си избира тројца помошници кои не треба да се познаваат меѓу себе.

§32. Тајната истражна полиција ќе ги следи: 1) поведението и делата на членовите на Комитетот; 2) зборовите и делата на тур-

ското и христијанското население во однос кон делото; 3) мерките, кои ги презема против него турската влада; 4) да ги следи стапка по стапка турската јавна и тајна полиција и нивните активности против делото и 5) ќе ги следи и проучува сите новодојдени туѓинци во градот без разлика на народност. За сето чуено и видено таа преку својот началник го известува раководителот на Комитетот.

§33. Казнената полиција се избира по истиот начин, како истражната и е потчинета на раководителот на месниот комитет. Началникот дава клетва на раководителот за безприговорно исполнување на неговите заповеди, а помошниците таква клетва му дават нему.

§34. Должноста на казнената полиција е: да ги извршува по заповед на раководителот предвидените од месниот комитет или пропишаните од Централниот комитет казни на лица кои се обвинети во врска со делото.

§35. Лицето и времето за извршување на казната се определуваат од раководителот, а начинот на извршувањето се остава на избраното лице.

§36. Секој член на казнената полиција секогаш треба да биде вооружен со револвер и кама, а во време на акција – со два револвера.

§37. Тајната казнена полиција цела или делумно е должна да притекне на помош на соседните комитети по заповед на раководителот во округот и по заповед на ЦМОРК надвор од округот.

## Глава VIII

### *Казни*

§38. Обвинетите членови работници подлежат на следниве казни: ако престапот е слаб, како на пр. слабост во некој разговор нередовност во задолженијата и исплаќањето на вносот и др. сл. му се прави забелешка од началникот, а ако ја повтори истата постапка се казнува со глоба според неговата состојба; ако и после тоа не се поправи и стане опасен за делото се казнува со *смрт*; ако грешката е гибелна за делото, особено ако извршителот на грешката ризикува да пропадне и да го стави делото во опасност, тој се казнува со *смрт* дури и тогаш, кога грешката е несакана; 3) ако некој откаже да ја исполни заповедта на началникот, за прв пат му се прави приговор, а ако го повтори истото, се казнува со *смрт* и 4) ако некој со умисла издава тајна или со несовесно исполнување на наложената должност го изложи делото на опасност се казнува со *смрт*.

§39. За оние, кои му пакостат на делото а не се членови на Комитетот се предвидуваат следните казни: 1) ако некој говори и го разгласува постоењето на Организацијата, се подбива со делото и подметнува имиња на членовите –революционери, прво му се укажува, дека тоа поведение не е патриотско и дека е поврзано со ризик, а потоа, ако не се вразуми, се казнува со *смрт*; 2) кој смислено му пречи на делото се казнува со *смрт*.

§40. На смртна казна подлежат уште шпионите и оние чиновници на владата што се одликуваат со гонење на делото, кои се обидуваат да сеат раздор и расцеп во Комитетот; предавниците курири, членовите на тајната полиција што откажале да ја исполнат заповедта на началникот и оние членови на Комитетот, кои при прогласувањето на востанието ќе откажат да се кренат со оружјето.

§41. Смртните казни се извршуваат од месната тајна полиција или од тајни пратеници на ЦК. Тие се исполнуваат со претходна дозвола на Централниот Комитет. Исклучок се прави за докажаните шпиони и предавници, кои можат да бидат убиени само по решение на месните комитети.

## Глава IX

### *Вооружување*

§42. Секој член треба да биде снабден со пушка, а таму каде се може – и со револвер и кама.

§43. За крупни доставки на оружје се грижат Централниот, окружниот и месните комитети; а за купување оружје на ситно е должен да се грижи секој член на Организацијата.

§44. Секој член треба да ги има готови пропишаните од началството за него алишта, опинци, пексимит, памук, преврски за рани и сл.

## Глава X

### *Материјални средства на комитетот*

§45. За задоволување на потребните расходи на Комитетот, а главно за вооружување на работници, Комитетот набавува средства: 1) од редовни секојмесечни вносови на членовите, определени според нивната положба и 2) од доброволни прилози што се дадени доброволно, или се наложени.

*Забелешка. Доброволни помошти се тие, што се даваат како од членовите, така и од луѓе, кои не се решаваат да станат*

*работници, но го симпатизираат Делото и сакат да го помогнат, па даваат извесни суми. Наложените помошти се земат со заплашување или на сила од луѓе, кои можат, но не сакат да помогнат.*

§46. Како за едните, така и за другите помошти на дарителите им се издаваат расписки номерирани и потпечатени со печатот на ЦМОРК.

*Забелешка. Најпрво помошти се собираат од оние кои сакат да помогнат, а кога ќе има потреба и од друга помош кон нејзиното собирање се пристапува со претходно одобрение на ЦМОР Комитет.*

§47. Сумите, како за едните, така и за другите помошти се определуваат од месниот комитет со согласност на ЦМОР Комитет.

*Забелешка. При собирањето на наложените помошти, еден од казнената полиција или друг член, поднесува заплашувачко писмо со чек кој носи печат на ЦМОР Комитет а, откако ќе ги даде парите му се издава расписка за нив.*

§48. Секој комитет задолжително испраќа во каста на ЦМОР Комитет третина од собраните пари заедно со сметките. Тие се должни во кастата на Централниот Комитет на ист начин да го внесуваат и останатиот дел од парите, кога ќе им се побараат.

Крај

*Објавено:* Константин Пандев, Устави и правилници на ВМРО преди Илинденско–Прображенското въстание, ИИИ, София 1970, т. 21, стр. 259-265.

## Документ бр. 18

### Писмо од Христо Тенчев[83] до Христо Станишев

**Улогата на ЦК на ТМОРО во ученичкиот бунт во Солунската егзархиска гимназија; ТМОРО настојува да ги контролира општините и училиштата.**

Солун, 2 март 1897 г.

Ицо,[84]

Твоето писмо ме зачуди. Јас не можам да разберам каква совест имаат луѓето, што распространуваат слухови, дека Лазаров,[85] и некои учители во чиј број сигурно влегувам и јас, сме биле на мислење за конечно затворање на гимназијата! Слично мислење немало и не може да има. Тоа е една подлост од највисок степен од оние, кои го направија бунтот и еднаш за секогаш го вселија развратот во оваа институција, која раѓа деца за нашата татковина. Тоа наликува на слуховите на партизаните, противници на Стамболов,[86] кои настојуваа да ја убедат публиката, дека убиството на Белчев,[87] е дело скроено од Стамболов!? Како што се гледа и тука, како и таму, нашата мила Бугарија се служи со едни исти средства во борбата со своите противници.

Тој бунт, кој се случи на 7 февруари, не е нешто ново. Тој бунт ќе се случеше многу порано, пред 2–3 години, но Сарафов,[88] и надгледувачите во пансионот беа будни и го парализираа уште во

---

[83] Христо Тенчев, еден од основачите на Бугарското тајно револуционерно братство. По растурањето на Братството влегол во ТМОРО. Во 1905 година станал претседател на Солунскиот револуционерен округ. Призврзаник на Јане Сандански и активист во Народната федеративна партија.

[84] Христо Станишев (1863, Кукуш–1952, Софија). Градежен инжинер – претприемач, претседател на ВМК. Завршил инжинер во Гент, Белгија. Во 1896 г. се вклучил во ВМК, а од јуни 1897 до јули 1898 г., е негов претседател. Во 1902 бил претседател на паралелниот ВМОК кој дејствува како опозиција на ВМОК на С. Михајловски и генерал Иван Цончев.

[85] Никола Лазаров, началник на училишниот оддел при Бугарската егзархија во Цариград.

[86] Стефан Стамболов (1854, Трново–1895, Софија). Бугарски револуционер, општественик и политичар. Неколку пати бил народен пратеник, потпретседател на Народното собрание (1880–1884) и негов претседател (1884–1886), министер претседател (премиер) на Кнежевството Бугарија (1897–1894).

[87] Христо Белчев (1857, Трново–1891, Софија). Министер за финансии во владата на Стамболов, убиен во 1891 година при обид за атентат врз Стамболов.

[88] Михаил Сарафов, директор на Солунската гимназија во претходната година.

неговиот зародиш. Тој бунт од одамна се подготвувал, а сега нашол почва за избувнување. Тој бунт не е ученички бунт; тој е дело на една партија од граѓани и учители, чија цел е *долу Лазаров, К'нчов*[89] и завладување на гимназијата. Тие луѓе сакаат да ѝ диктираат на Егзархијата во сè, тие сакаат да ги назначуваат и отпишуваат учителите тука, но ми се чини, дека немаат тикви за тоа!

„Наумов,[90] директно егзархиско лице овде, требаше да падне, да рухне, а потоа е ред на К'нчов и Лазаров". Тоа се зборовите на еден од тие партизани, а не мои, или измислени од некого. Ги говорел учителот Ѓ[орче] Петров (човек мизерен, демон на злото, човек без човечки идеали и стремежи, пијаница, пезевенк, главатар и сè лошо, што може да се каже)[91] на учителот Ив. Гарванов,[92] чесен човек, на кој секогаш може да му се верува.

Пишуваш дека јас сум му бил десна рака на Наумов и дека сум работел! по негова директива. Тоа е лага. Моето мислење за Наумов, ти го знаеш, јас сум на тоа мислење и за ништо нема да го променам. Меѓутоа, во оваа работа Наумов е чист.

По Сарафов, не требаше да биде Наумов, но за тоа никој не е крив. Егзархијата немаше директор, зашто Стоилов и Величков[93] не ѝ го дадоа; таа привремено ја *довери* должноста на Наумов, и Бог ми е сведок, дека Наумов на самиот почеток на годината три пати пишуваше за негово ослободување од таа работа, која не е за него. Јас го читав писмото на Лазаров со кое го молеше да истрпи уште малку, додека Стоилов се согласи за Гарванов или Кожухаров. Дали е виновен Наумов, дали е виновна Егзархијата? Ми се чини, дека не! Егзархијата се преследува од: 1) Турци, 2) стоиловштината – причина Величков и 3) нашиот сепаратизам тука во Македонија. Што да прави бедната Егзархија, со кој попрво да се справи и да се бори?

---

[89] Васил К'нчов, актуелен егзархиски училишен инспектор.

[90] Атанас Наумов, актуелен директор на Солунската гимназија.

[91] Ваквите квалификации по адреса на Ѓ. Петров од Х. Тенчев се резултат на нивната спротивставеност.

[92] Иван Гарванов (1869, Стара Загора–1907, Софија). Учител, претседател на Бугарското тајно революционерно братство (1897–1899). По помирувањето меѓу Братството и ТМОРО бил кооптиран за член на Солунскиот окружен революционерен комитет (1899–1901), а по Солунската провала (1901) станал претседател на ЦК на ТМОРО. Бил претседател на Солунскиот конгрес (јануари 1903) кога е донесе одлука за востание во Македонија. По Солунските атентати е затворен од турските власти, но во 1904 година бил амнестиран. Убиен е во 1907 година заедно со Борис Сарафов од Тодор Паница по налог на Јане Сандански.

[93] Константин Величков (1855, Татар Пазарџик–1907, Гренобл, Франција) бугарски културен и политички деец, актуелен министер за просвета.

Јас и моите другари: Гарванов, Ганов, Колушев, Градинаров и Десковски не се боревме за Наумов, ниту за Ангелов; нашата борба беше за законот, за принципите на институцијата. Нашата желба беше да ја зачуваме пред учениците и народот честа на институцијата и на неговото началство од осрамотувањето што го подготвуваа темни луѓе со нечесни средства. Но дали успеавме да го постигнеме тоа? Не, зашто началникот Лазаров излезе баба, дури поплашлива баба од секоја баба. Тој ги остави учениците, неказнети, го избрка Наумов, го избрка Ангелов и го избрка од пансионот Колушев. Тоа беше тогашното решение на прашањето и утрето гимназијата се отвори. Како ќе ги гледаме ние тие бујни ученици? Во што се претвора оваа гимназија? Што ќе подготвува таа за во иднина? – разбојници и расипани луѓе, ништо друго.

Јас и моите другари не поднесовме оставка за да не бидеме причина за затварање на горните класови. Иднината ќе покаже кој е прав, а кој крив. Впрочем прашањето е порамнување на сметките на институцијата!

Погоре ги употребив зборовите „темни луѓе со нечисти средства“. Да го оправдам тоа.

Темни луѓе јас ги нарекувам сите наши овдешни *патриоти* (?), а и некои (малцина) од провинцијата кои влегуваат во „револуционерниот комитет“. Тие луѓе се служат со тие свети зборови за да ги остварат своите егоистички и партизански работи. Тие луѓе не се стремат да подигнат востание. Нивната цел е да добијат повеќе луѓе и пари, за да земаат врв во општинските и училишните работи. Тоа се потврдува од сето извршено од нив до денес. Со посредство на Р[еволуционерниот] К[омитет] тие ги добиваат изборите во општините, неделните училишта и училишните настојателства. Се прашувам, кој Р[еволуционерен] К[омитет] се занимава со општина, училиште? дали тоа влегува во дејноста на еден Револуционерен комитет? Ми се чини не, и тоа е дури за осуда! Притоа дали тие во борбата употребуваат чесни средства? Тоа се гледа од сегашниот бунт. Ги покренаа учениците против законот и учителите, ги деморализираа откако се послужија повторно со учениците – срам за звањето – Л. Димитров, Бл. Димитров, Конев, Коцов, Ѓ. Петров и други. Тоа се делата на РК а нивната дејност и во иднина ќе биде иста. Што направи со нив потполковник Јанков, тебе ти е добро познато и понатаму ти оставам да судиш сам за нив.

Што се однесува за работата за 400 лири (цифрата е точна) јас соопштив каде треба и ќе видиме што ќе направат.

Јас сакам ти со едно писмо до мене да пишуваш официјално за работата и да го оправдаш таму вашето решение со кое вие ги сакате парите и зошто не треба да се дадат на овдешниот Р[еволуционерен] К[омитет].

Адрес: Via Zemlin, M-u Albert Maroc. Poste restante.

*Ицо*

*Објавено:* Иван Гарванов, Спомени, Документи, Материали, съставители: Валентин Китнов, Цочо Билярски, София 2005, стр. 137-139.

## Документ бр. 19

### Писмо од Гоце Делчев до Никола Малешевски

**Разменети писма; пренесување на оружје; искажува незадоволство од пројавените шпиони; вистинските патриоти се занимаваат со возвишени цели, а не со гонење на предавници.**

Ќустендил, 4 април 1897 г.

Никола,[94]

Писмото што ти го испратив по Деспот верувам дека досега си го добил, но не можам да си објаснам зошто не ми одговараш, или пак си заминал за Бораново? Но, пред заминувањето, требаше да ме известиш дали моето писмо од Софија со 115 – те зл. левови го доби, или не. Навистина со телеграмата и со твоето писмо од први овој месец ме извести, но тоа известување беше прибрзано, бидејќи моето писмо треба, или требаше да го добиеш, откако си го предал писмото и телеграмата во поштата. За да се објасниме, побрзај веднаш да ми пишуваш или телеграфски да ми одговориш дали го доби моето писмо од 29–ти м[инатиот] м[есец] со парите, или не.

Сега при секојдневното циркулирање на поштата, лесно можеме да комуницираме. Ако си заминал за Бораново, соопшти ми го резултатот; ако тој е добар – ако средивте, тогаш неодложно почни да препраќаш пушки. Ами Демиревскиот пост[95] да не попречил нешто на пренесувањето? Од Џумаја преку Софија ми соопштуваат, дека војникот Димитар Манолев му попречил на курирот да ја помине линијата[96] за да пренесе навака некои ствари – побарај подробни сведенија за горната случка. Колку пушки до сега се пренесени преку тој канал, дали има подробни сведенија или ништо не знаеш.

Дали браќата Иванови испратиле друга пратка после она од 260–те? Ми загатнуваш за некој фатен шпион, без да ми дадеш подробности во врска со неговото иследување. Ние сме опкружени со цел полк такви *народни пријатели*, но кој може да се занимава со нив. Во задачата на вишите патриоти не влегува гонењето на штетните елементи, затоа и вишисти, и патриоти и патриотчиња не сакат ни да слушнат кои се и како работат шпионите – нив ги интере-

[94] Никола Малешевски (1850, Берово–1945, Дупница), началник на пунктот на ТМОРО во Дупница (Бугарија).

[95] Демиревски пост–пункт во с. Демирево, Горноџумајско, покрај границата.

[96] Границата.

сираат крупни задачи, оттаму е и нивната немарност кон предавниците. Жално! Но што да правиме, кога ние самите, не можеме да ги свршиме сите работи.

Тие гадови нашле село без кучиња, како што се вели, па слободно циркулираат по сите краишта на Бугарија. Турците, колку побезумни се покажуваат со мерките преземени за зачувување на нивната држава внатре во Македонија, толку помудри стануваат тука пред самозаборавот на овдешните Македонци, кои со својот *решителен патриотизам* не само што одат да даваат материјал на шпионите, туку и го обезбедуваат животот на последните. „Ќе дојде умот, но откако ќе си појде кумот!!“ Горко на внатрешните страдалници!!!

Го чекам писмото тука. Сето до сега испратено од тебе сум го добил.

Ќустендил,

4. IV [18]97 г.

Со братски поздрав,

*Ахил*[97]

*Објавено: Гоце Делчев.* Писма и други материали, издирил и подготвил за печат Дино Кьосев, София 1967, стр. 145-146.

[97] Ахил – псевдоним на Гоце Делчев.

## Документ бр. 20

### Писмо од Гоце Делчев до Никола Малешевски

**Искажува незадоволство од арамискиот војвода Дончо Златков; Дали има народ кој толку многу трпел од своите синови изроди колку македонскиот.**

Софија, 22 април 1897 г.

Никола,

Сите досега испратени писма ги добив на време, но разни причини ме тераа да не одговорам ниту на едно. Никогаш не би сакал да добивам писма со содржина, какво што беше денешново. Кога на сцената се појавува несреќата, [таа] тогаш не се задоволува да игра само во еден крај, во еден кат, туку сака да зафати колку што е можно пошироко пространство. Не само што гласот за фаќањето (ако е, се разбира, точен) е поразителен, туку многу погрозен се јавува Дончо[98] со своите *херои*. Дали има народ, кој што толку многу трпел од своите синови изроди – отколку македонскиот !...

*Што да се прави?...*

Добро си направил, што си дал такви упатства на габровските селани. Горките – им се стемнило, сакат поскоро да се избават.

Ми пишуваш за телеграмите, пратени против началникот; бугарските партизанства се такви, што човек се одвраќа и од *чесните елементи*, и од приврзаниците на владата, и од самата влада. Началникот да не се плаши од отпуштање, зашто не веруваат на депешеата; разбојникот знае, дека и неговите другари се *разбојници*.

Ако можеш, пиши му на Казанџиев да го испрати тутунот по Ст. Костадинов,[99] кога ќе намине наваму од Кочариново.

По 4 – 5 дена можеби ќе заобиколам кај вас. Наскоро ќе се пратат 13-те *мартинки* и други 100 *кримки* и некои други *работи*.

Со братски поздрав,

[18]97 г. Софија, 22.IV

*Ахил*

*Објавено:* Гоце Делчев. Писма и други материали..., стр. 152.

---

[98] Дончо Златков (1856, с. Палат, Петричко–1918, Дупница), ајдутски арамиски војвода, учесник во четничката акција во 1895 година и во Горноџумајското востание (1902). Г. Делчев во 1897 година безуспешно настојувал да го превоспита и да го ангажира за ТМОРО.

[99] Стефан Костадинов, активен член на ТМОРО од с. Хотово, Мелнишко.

## Документ бр. 21

### Писмо од Христо Станишев до Христо Тенчев

**Станишев негодува поради формирањето на Бугарското тајно революционерно братство; тоа ќе има штетни последици за македонското дело; за да ги спречи поделбите во македонското движење не го испечатил Уставот на Братството.**

Софија, 30 април 1897 г.

Ицо,

Уште пред три дена го добив твоето писмо и уставот на анонимното братство.[100] Денес по тридневно размислување од сите страни за прашањето, седнав да ти пишувам.

Некои од причините, кои ми вдахновуваат страв од создавањето на една нова организација, кога постои друга, му ги кажав овде на Ковачев.[101] Јас дури му кажав, дека ние сме решени да влеземе во борба и со тамошните дејци, да им ја одземеме постојната организација преку поставување во Ц[ентралниот] к[омитет] на луѓе, кои ќе дејствуваат во согласност со В.М. К[омите]т; но да создаваме нова организација не сме помислувале, а тоа прашање бара поопстојно обмислување. Тој К[оваче]в ми даде некои објаснувања во врска со тие стравувања, но тие не ме убедија и јас му реков да направи постапка пред претседателот на К[омите]от, при што го замолив да се сретнеме потоа за пошироко да го разгледаме тоа прашање.

Не можевме повеќе да се сретнеме.

---

[100] Станува збор за Тајното бугарско революционерно братство основано во март 1897 година на чело со Иван Гарванов. Братството било под покровителство на бугарскиот трговски агент во Солун – Атанас Шопов и под заштита на Бугарската егзархија. Индиректно Братството уживало поддршка од бугарскиот премиер К. Стоилов. Во организациска смисла, освен централата во Солун и неколкуте слаби клонови во Прилеп, Велес, Кавадарци и Сер, Братството не успеало да воспостави сериозна мрежа на територијата на Македонија за да ѝ противречи на ТМОРО. Независно од тоа, Братството моралната сила ја црпело од своите покровители, кои го користеле како механизам за притисок врз Организацијата. Во 1899 г. помеѓу Братството и ТМОРО дошло до помирување. Всушност, Братството било принудено да се саморастури, а неговите членови влегле во ТМОРО. Ѓорче Петров, тоа го оценил како втерување на волкот во трлото.

[101] Јосиф Ковачев.

Јас го разгледав прашањето од сите страни. Дојдов до заклучок, дека голема несреќа за нашата татковина е постоењето во Македонија на две организации, кои ќе се гонат меѓусебно.


Христо Станишев

Си го претставувам двоумењето на секој Македонец, кога од една страна ќе го повлече еден и му заповеда да се колне пред револвер и кама, дека ќе работи за добивање човечки права за Македонија, а од друга страна – ќе се појави некој „Зихни“ или „Калигула“ и го кани да стапи во „братството“ за да се бори за нешто исто. Сомнежот и разочарувањето ќе го обземат и тој во недоумие ќе се праша: зарем и тука може да има разногласност? Тоа е што се однесува до масата. Самите главни дејци неизбежно ќе дојдат во директни судири и заемни противдејствија од кои ќе следи уништување на енергијата за борба со нашите народни непријатели, а од тоа – ќе се подготви добра почва за нашите мачители, како и за посегнувачите по нашата народност.

Како сакате да гледате на прашањето, последиците ќе бидат сосипувачки за Македонија. Делењето на македонската емиграција тука, придружено со делење и взаемно противдејство меѓу дејците во Македонија со една таква црна боја со која може да се наслика една единствена слика – црн крст над слободата на Македонија. Меѓу бугарската емиграција во Влашко имаше делење и страшни взаемни борби, но тие поделби не можеа да го препливаат Дунав. Косата ми се ежи, кога си ја претставувам сликата, што ни ја подготвуват делењата таму во Македонија.

Ето зошто јас сум многу очаен за иднината на нашата окајана татковина. О misera patria, што ли уште те очекува! Шестогодишното ропство не ти стасало. Требало уште. Требало да го видиш и *самојадството на твоите синови*. Каков престап пред тебе, о измачена родно земјо!

Но, да ја оставам мојата рана и да ти го кажам мислењето за патот, по кој би требало да се оди.

Вие би требало да станете членови на постојната од пред две години наваму организација и преку своите усилби, водени од патриотизам, да ѝ дадете еден правилен и силен поттик. Ако тоа не можете да го направите, тогаш би требало да мирувате, а не да создавате нова организација како противтежа на првата; бидејќи за претпочитање е да нема никаква организација и да се остави по грбот на Македонија мирно да се тркала тркалото, кое ја гнети, отколку со взаемни гонења да служи како *пречка – подлошка*, која на ова тркалање му овозможува и потскокнувања, кои се чувствителни за несреќниот грб на нашата татковина.

Затоа јас ти го враќам уставот неотпечатен, за свесно да не подметнувам еден расцеп во Македонија. Во К[омите]от ќе гласам против поттикнувањето на тој расцеп; зашто претпочитам тој, К[омите]от да нема никаква врска со македонските дејци таму, да биде една, можеби, никому непотребна институција, отколку да служи за ражен, кој ќе се врти во раните по телото на нашата несреќна татковина.

Dixi.[102]

Тајната за се што ми е соопштено за вашата организација ја запазувам.

Со братски бакнеж
твој *Ицо*

*Објавено:* Иван Гарванов, Спомени, Документи, Материали..., стр. 140-141.

[102] (Лат.) Реков, завршив.

## Документ бр. 22

### Писмо од Гоце Делчев до Никола Малешевски

**Делчев искажува незадоволство кон бугарските управници, кои настојуваат да ја повторат провокацијата од 1895 година.**

Ќустендил, 4 мај 1897 г.

Никола,

Тешко е човек да има работа со шарлатани, какви што се тукашните управници; горко и нам, кога потребата нѐ турнала да ја бараме нивната помош; но што да се прави, „давеникот и за сламка се фаќа“. Знам, дека власта е симбол на измамата, насилството, грабежот, но, ти велам, нашата потреба ни наложува да се обраќаме кон такви политички камелеони. Многу лесно се поставувам во положбата на сите курири, кои ги напуштиле своите домашни работи и пак празни да се вратат; но нема кој да се постави во мојата положба, кој што е лишен од силата со еден замав да се одмазди на таквите нечовечни акробати и со гордост да напредувам [?] во идејата, која станала незаштитена и немоќна жена за тие измамници.

Ми пишуваш да ти телеграфирам да заминеш за Софија за да се забрза испраќањето. Знај, дека си немоќен пред нивните насмевки (скриени подигравки) и нивните големи ветувања; ќе се вратиш побос, отколку што си бил пред тоа. Гешефт, гешефт и пак гешефт – ете ти сѐ. Нека молчиме, тајно солзи нека рониме, нека проколнуваме сѐ живо, погребано во грубиот интерес, занесено во материјализмот. Малку сум очекувал, многу сум нашол. Не ми треба по смртта да одам во огнените печки на маките: туку многу, многу потешки и погрозни ја покриле мојата душа. Ќе удри утрешната зора и за нас, па тогаш тешко ним...

Ете тоа е мојот одговор, тие се зборовите, кои наместо по телеграфска жица, нека поминат по твоите чувствителни струни и нека се отпечатат во твојата душа под наслов: *гони ги управниците, мрази и востанувај против секој властелин.*

И да дојдеш во Софија, ништо не би направил, таму е Ѓорче Петров, наводно му ветиле, но кога – кога ќе се појави потреба да си прикријат некои свои гешефти. Не жали, не очајувај, ниту пак да дадеш повод да очајуваат куририте. Пак и тие нека не брзаат. Дури и да би имало, ние требаше да престанеме да испраќаме, зашто истите тие управници, надвор од својата подлост, сакаат, се гледа да ја повторат нечесната игра со нашето дело од 95-та година.

Овие движења сè ми се чини дека се по диктат на пигмеите управници, барем ние да се чуваме од некоја катастрофа – да не се случи некое заловување во случај со движењето на четите. Смири ги и успокој ги сите курири.

Со братски бакнеж,

*Ахил*

[На 4 страна на маргината]: Не можам да го напуштам Ќустендил.

[На 1 страна на маргината]: Алиштата за Банско препрати ги; ако дојдат 13 мартинки, задржи ги, немој никому да ги праќаш и да ги даваш.

*Објавено:* Гоце Делчев. Писма и други материјали..., стр. 157-158.

## Документ бр. 23

### Доверлив извештај №. 57 од Атанас Шопов, бугарскиот трговски агент во Солун до Константин Стоилов – претседател на бугарската влада и министер за надворешни работи и вероисповед

**ТМОРО под водство на Христо Татарчев и Дамјан Груев победила на изборите за Солунската егзархиска црковно–училишна општина во 1898 година; ТМОРО е народна партија, крајно либерална и антиегзархиски настроена.**

Солун, 16 јануари 1898 г.

Кнежевско бугарско трговско агентство

№. 57

Доверливо

Господине Министре,[103]

Сметам за потребно да Ви соопштам, дека завчера во недела се спроведе изборот за нови членови на Солунската бугарска општина, избор, кој што вообичаено се спроведува во почетокот на секоја година. Како минатата, така и оваа година, во изборот надвладее таканаречената народна партија, предводена од д-р Татарчев и Груев. Другата партија,[104] во која влегуваат речиси сите видни бугарски трговци и учители и која за свои водачи ги има книжарот Самарџиев и банкарот Кондов,[105] речиси не зеде учество во изборите. Партијата на Груев – Татарчев се смета за партија крајно либерална и противегзархиска, спротивставена на партијата Самарџиев – Кондов. Поимено избраните општинари се следниве: свеш[теник] Христо, свештеник Стамат,[106] д-р Татарчев, Т. Х[аџи]мишев, Ил. П. Стефанов, Д. Петров, Хр. Пиперов и И. Јанушев.

---

[103] Константин Стоилов (1853, Пловдив–1901, Софија), бугарски политичар, министер за надворешни работи (1881, 1883, 1886); министер за правосудство (1883 –1884, 1886–1888); министер–претседател (1887, 1894–1899).

[104] Станува збор за проегзархиската групација во Солун која била организирана околу Бугарското тајно револуционерно братство.

[105] Јосиф Кондов (1868, Прилеп–1944, Хасково), трговец и банкар во Солун, член на Бугарското тајно револуционерно братство.

[106] Поп Стамат Тончев (1857, с. Бугариево, Солунско–1904, Солун), свештеник, еден од првите членови на МРО во Солун, член на Солунскиот окружен комитет (1899–1901). Во 1901 во врска со Солунската провала е осуден на 5 годишно заточение, амнестиран во 1902 година.

Претседател на општината, назначен од Егзархијата е свештеникот Ив. Маџаров,[107] тукашен енориски свештеник, кој од пред неколку години ја извршува должноста претседател. Една од главните причини за честото лошо одење на овдешните општински работи е тоа што општината е лишена од еден достоен и постојан општински претседател, како што се предвидува во егзархискиот буџет. Би било добро, побрзо да се назначи таков за да не страдаат општинските работи. Мое мнение е дека најпогодни кандидати за тој пост се: архимандрит Теофилакт или архимандритот Софрониј. Би требало да се возбуди и разреши тоа прашање.

Примите Господине Министре, уверување во моето одлично почитување кон Вас.

Кнежевски трговски агент,

*А. Шопов*[108]

*ДАРМ,* ф. Бугарски генерален конзулат Солун 1896-1915, микрофилм бр. 4275, №. 57.

---

[107] Иван Маџаров (1849, с. Негован, Лагадинско, 1911 ?).

[108] Атанас Шопов (1855, Панаѓуриште–1922, Софија), книжевник, дипломат и публицист, секретар на Бугарската Егзархија (1884–1897), трговски агент во Солун (1897–1908), генерален конзул во Солун (1908–1913), член на БАН.

## Документ бр. 24

### Писмо од Константин Стоилов, министер–претседател на бугарската влада до Атанас Шопов – трговскиот агент во Солун

**Средбата на К. Стоилов со Дамјан Груев; К. Стоилов настојува да ја стави ТМОРО под контрола на бугарската влада и да ја искористи за борба против ривалските пропаганди во Македонија.**

Софија, 25 април 1898 г.

Министер–Претседател

№. 29

Конфиденцијално

Драг мој господин Шопов,

Го користам случајов наеднаш да одговорам на три Ваши доверливи писма од 8, 10 и 18 април о[ваа] г[одина]. Г. Груев навистина беше во Софија и јас имав долга средба со него.[109] Мојата цел беше да видам што гонат тие господа, да им дадам да разберат, дека тие не можат да ни ги налагаат нам – на владата нивните погледи и дека ако сакаат да работат корисно, тие треба да бидат во хармонија со нас. Сакав да ги ангажирам водачите на Организацијата да рабо-

[109] Контактите помеѓу бугарската влада на К. Стоилов и ТМОРО започнале летото 1896 година. Тие се интензивирале во 1897–1898 година. Бугарската влада настојувала да воспостави контрола врз ТМОРО и да ја искористи како орудие за борба против другите пропаганди во Македонија. ТМОРО, пак, настојувала од бугарската влада да извлече материјална корист во пари и оружје, но да ја зачува самостојноста. Притоа ТМОРО ги поставила следниве услови: 1) Бугарската влада да ја почитува самостојноста на Организацијата и да не се меша во нејзините дела „ниту непосредно, ниту преку своите агенти“. 2) Бугарската влада да преземе мерки против преминувањето на разбојнички банди од Бугарија во Македонија. 3) Бугарската влада „да преземе врз себе грижа за назначување како егзархиски учители на оние членови на револуционерната организација, кои биле, сѐ, или може да бидат учители во Македонија“, а кои ќе бидат посочени од Организацијата. 4) Бугарската влада да ѝ наложи на Егзархијата да постави тројца раководители на Организацијата за училишни инспектори во Солунскиот, Битолскиот и Скопскиот вилает. 5) Бугарската влада „да даде строги и категорични упатства“ на своите агенти во Солун и Битола за да се отстрани недовербата помеѓу нив и Организацијата, а на испразнетото секретарско место во Солун да се назначи лице во кое Организацијата има доверба. 6) Бугарската влада да даде оружје за пограничните области на Солунскиот и Скопскиот вилает, а за Битолскиот и за дел од Солунскиот да даде пари за набавка на оружје од Грција.

тат со нас, зашто јас мислам, дека постоењето на Организација како средство за пробудување на народното чувство и како средство против нелојалните дејствија на нам спротивставените пропаганди е нешто корисно. – Наместо таа пропаганда да стои под влијание на неодговорни луѓе со сомнителен патриотизам и уште посомнителен здрав разум, подобро е да се наоѓа под контрола на владата. – Г. Груев ми ги изложи навистина многу отворено нивните погледи и положбата на работите во Македонија. Јас му ги изложив многу категорично и јасно моите идеи за пропагандата. – Тој наполно се согласи со тоа. На крајот ми се помоли да им дадеме оружје, за да може да го разделат на населението по окрузите кои граничат со Бугарија и пари за да купат оружје од Грција за да го разделат на населението во оние окрузи, кои граничат со Грција. – Јас му возвратив дека раздавањето оружје на населението само по себе е нешто добро, бидејќи го пробудува во селанецот самосознанието и чувството за сопствената сила. Кој има една пушка, тој е погорд и посамостоен. Меѓутоа, искуството ни покажа дека тие пушки можат да дадат повод за несреќни настани како во Виница[110] а во секој случај е констатирано, дека тие пушки не остануваат кај Бугарите, туку се земаат од Турците, така што од тоа нема полза, бидејќи се од оној систем што се наоѓа во Бугарија. Секоја пронајдена пушка фрла сомнеж врз бугарската влада, а кога ќе дојде часот за дејствија и нашите војски ќе стапат во дејство и кога ќе се најде за корисно да се стави во дејство населението во Македонија, тогаш нашата влада ќе ја има грижата да го снабди населението со потребното оружје. Од сега нема потреба да се подготвуваме за тој момент. Што се однесува за идејата за купување пушки од Грција, јас ја наоѓам за практична и кога ги правев за неа белешките, кои ги направив погоре за пушките, мислам, дека може да се искористи. Меѓутоа, му забележав на г. Груев, дека за оваа година немам пари со кои можам да располагам. – Г. Груев ми одговори, дека за поттикнување добро би било да им отпуштам барем една мала сума уште оваа година. Јас поскав време за да се информирам и на другиот ден преку г-нот Топчилешов, главен секретар на Министерскиот совет, му соопштив, дека конечниот одговор ќе му го дадам преку г-нот Д. Ризов.[111] Го определив г-нот Ризов, бидејќи тој има врски со нив и сакав да го повикам во Софија

[110] Се однесува на Виничката провала од 1897 година. Тогаш поради убиството на Ќазим ага, власта започнала опширна истрага при што била откриена мрежата на ТМОРО и запленето голем дел од оружје кое Организацијата го набавувала од Бугарија.

[111] Димитар Ризов, тогаш бугарски трговски агент во Скопје.

за да разгорам со него, а по објаснувањата што ќе ми ги даде, да го донесам своето решение.

Тоа е во тој случај целиот наш разговор со Груев. Како што гледате немало никакво ветување и ако се зборува за ветување и други нешта, тоа е со цел за експлоатација. Нашата политика е јасно определена во нашите циркулари и само нашите официјални органи имаат право да говорат од името на владата и да ги толкуваат нејзините намери. Тие намери се мир и тишина, никакви авантури. Ваша должност е да внимавате, така што тие намери на владата да се знаат од сите и да не се дрзнува некој да противдејствува или да осуетува.

Ве поздравувам и сум Ваш предан.

*Д-р К. Стоилов*

*Објавено:* Атанас Шопов, Дневник, дипломатически рапорти и писма, София 1995, стр. 78-79.

## Документ бр. 25

### Писмо од Атанас Шопов – бугарски трговски агент во Солун до Константин Стоилов – министер претседател

**Дамјан Груев изјавува дека ТМОРО не може да се сообразува со политиката на бугарската влада и против неа ќе се бори како против сите непријатели.**

Солун, 1 јули 1898 г.

Г-н Д-р К. Стоилов, министер – претседател

Во Софија

Длабокопочитуван мој Г-н Стоилов,

Вчера се сретнав и разговарав со Д. Груев. Целта ми беше да го убедам, дека не е во интерес ниту на делото, ниту на Организацијата, туку напротив, многу е ризично, да се собираат пари од луѓето со заплашување и убиства. Јас притоа уште еднаш му ги изложив погледите на кнежевската влада по тоа прашање. Тој ми одговори, оти и самиот е свесен дека тоа е против интересите на Организацијата, но немало друго што да се прави, зашто инаку, ако не се работело ништо, Организацијата сосема ќе се распаднела. Тој ми даде да разберам, дека доколку имале други извори, немало да собираат пари со сила и со убивање. Притоа ми се оплака, дека кнежевската влада не си стоела на зборот и не била искрена спрема Организацијата на која и правела големи пречки, дека ги интернирала нејзините луѓе и сл. При такви услови, Груев ми повтори, ние не можеме да се сообразуваме со политиката и желбите на кнежевската влада, туку ќе работиме самостојно и ќе се бориме и со неа така, како што се бориме со сите наши противници.

Со длабока почит,

*Ат. Шопов*

*Објавено:* Даме Груев – Спомени. Кореспонденция... стр. 142-143.

## Документ бр. 26

### Окружно од Министерството за надворешни работи и вероисповед до бугарските трговски агенти во Македонија

**Политиката на бугарската влада кон Македонија; владата се заканува со апсење на дејците на Организацијата кои ги нарекува разбојници; односот на бугарските трговски агенти спрема ТМОРО.**

Софија, 3 септември 1898 г.

Министерство за надворешни работи и за вероисповед
№. 39
ОКРУЖНО
До г. Трговските агенти
Копија до г. Дипломатски агенти
За увид
Г. А. Шопов, Кнежевски трговски агент во Солун

Почитуван Господине,

Во моето лично конфиденцијално писмо №. 12 од 31 јануари о[ваа] г[одина] до г. Шопов, трговски агент во Солун, од кое беше испратена копија до повереното Вам трговско агентство, Вие знаете какви се моите погледи во однос на револуционерната организација во Македонија и какви треба да бидат односите на нашите трговски агенти спрема неа.

Резимирано содржината на тоа писмо се состои во следниве две мисли:

а) Организацијата е еден факт, кој што може да има влијание врз развојот на самосознанието меѓу Бугарите во Македонија и врз нашата надворешна политика.

б) Кога е така, должност на нашите трговски агенти е да се запознаат со таа Организација, да ги знаат нејзините дејствија и врз неа да стекнат такво влијание, така што [таа] да не може да прави ништо спротивно на погледите на бугарската влада. Со жал констатирам, дека во последно време таа Организација е падната во нечисти раце и од една институција, која треба да има патриотска цел, таа станала една банда од разбојници, кои така нашле начин за да

се прехрануваат и збогатуват.[112] Некаков си таканаречен „комитет“ со заплашувачки писма барал пари од видни луѓе. Тој истиот „комитет“ со заплашувачки писма бара од Св. Егзархија назначување на извесни лица на извесни должности. Тоа во моите очи е чисто разбојништво и ако кнежевската влада успее да фати некој од тие разбојници, бидете сигурни, дека тој ќе ја почувствува сета строгост на законот за разбојниците. Ние сме цврсто решени да не оставиме да се компромитира едно свето дело од нечесни раце.

Ви напоменувам задолжително да настојувате да се разберат овие погледи на кнежевската влада во најшироките кругови. Сите да знаат како ние гледаме на таа работа и да не сметаат на нашата помош, кога ќе ги снајде нешто. Бугарската влада во иднина нема никако да се застапува за оние, кои што дејствуваат против нејзините погледи.

По тој случај јас сметам да дадам некои поподробни упатства за нашите агенти:

I. Господата трговски агенти, кои имаат за задача да ја набљудуваат Организацијата и да ги следат нејзините дејствија, треба строго да се вардат да не земат учество во нејзините дејствија. Тие треба да ја играат улогата на објективни набљудувачи спрема Организацијата, но не и на соучесници – дејци, уште помалку на интелектуални раководители. Тие треба да ги спроведуваат погледите на владата и да им дадат на сите да разберат, дека надвор од тие погледи, тие не може да сметаат на никакво сочувство на кнежевската влада.

II. Училишното дело треба да се чува, колку што е можно, подалеку од Организацијата. Секое вмешување на Организацијата во делата на образованието ќе има за последица само компромитирање на училишното дело. Имам сигурни податоци, дека турската влада многу добро ги знае нишките на Организацијата. Ако до сега не сторила ништо посериозно, тоа е зашто чека погодна прилика за да вмеша повеќе луѓе и така со еден удар да може да постигне поголем резултат, да го направи со нас Бугарите тоа, што го направи со Ерменците и така со еден замав да се ослободи од сета наша интелигенција. Тоа ни налага за должност да бидеме многу внимателни и да го штедиме нашето учителско тело.

[112] Оваа радикална реакција на премиерот К. Стоилов против Организацијата уследила откако увидел дека не може да ја потчини, особено по изјавата на Д. Груев пред А. Шопов, дека Организацијата нема да се сообрази со политика на бугарската влада и дека со неа ќе се бори како со сите други противници.

III. Треба да внимаваме, така што Организацијата по никој начин да не се меша во работата на нашето духовенство. Нашите владици, претседатели на општините, со еден збор сите духовни лица во Македонија, претставуваат една идеја и еден систем. Тие треба да се оставаат да работат за општото дело, така како што тие разбираат, би било престап од Организацијата, ако таа сака да им ги налага своите погледи и својот начин на дејствување. Духовенството треба да се остави на страна, тоа нека го работи она што совеста и разумот му го налагаат. Вие имате должност да го употребите сето свое влијание и сите средства, што се на Ваше располагање, за да не се меша Организацијата во училишното дело и во работите на духовенството. Дејноста на духовенството и на училишното дело е јавна, нивните резултати се познати и тие и даваат полно право на нашата поддршка и сочувство. Организацијата, напротив, денес се наоѓа во сомнителни раце, а нејзините резултати до сега биле само штетни. Тоа задолжително ни налага кон неа да бидеме многу скептици и сомнителни.

Јас Ве молам во сите Ваши дејствија да се вдахновувате од овие мои погледи, да ги соопштите на сите што се заинтересирани, за во даден момент, никој да не може да се оправдува со тоа, дека не ги знаел погледите на бугарската влада и да не може да се префрла моралната одговорност за грешките и престапите врз бугарската влада или врз нејзините агенти.

Примите, Господине агенте, уверување во моето одлично почитување кон Вас.

*Д-р К. Стоилов*

*Објавено:* Атанас Шопов, Дневник, дипломатически рапорти и писма..., стр. 83-84.

## Документ бр. 27

### Доверливо писмо №. 85 од Атанас Шопов до Константин Стоилов

**Односот на ЦК на ТМОРО кон окружното №. 39 од 3 септември 1898 г; Бугарското тајно револуционерно братство дејствува против ТМОРО.**

Солун, 26 септември 1898 г.

Г-н К. Стоилов, министер – претседател

Љубезни и длабокопочитуван г. Стоилов,

Вашето доверливо окружно од 3 септември под №. 39 го добив и јас се трудам да им дадам најширока гласност на главните точки меѓу заинтересираните кругови. Сите сфаќаат дека содржината на окружното е исправна и дека делото треба да оди по тој пат, ако не сакаме да уследат катастрофи. Критички се однесоа само водачите на Организацијата, т.е. членовите на тукашниот комитет, кои во ова време се д-р Татарчев, лекар, Ив. Х[аџи] Николов, книжар и Гр. Попев,[113] комисионер. Во бројот на директни раководители влегуваат и новоназначените учители во Солун, Матов[114] и Тошев.[115] Сите од ова господа веќе ја знаеја содржината на односното окружното кога јас го добив; можеби зашто тоа кај мене стаса по десет дена откако беше издадено. Кога повикав еден од тукашните комитетски водачи д-р Татарчев за да му го прочитам, тој ми одговори дека не сака да слуша непријатни работи. Истото ми го кажа и еден друг. Во секој случај како наведените две лица, д-р Татарчев и Матов, така и другите членови од Комитетот во најголема подробност ја знаат содржината на окружното. Најмногу ги докачила строгоста на окружното и изразот „разбојници", што им се дава во него. Не направил добро оној, кој им го читал буквално, или им дал препис од ова окружно. Требаше да им се пренесат само главните негови точки. Во секој случај, за да го ослабнат добриот впечаток што го

---

113 Григор Попев (1869, Прилеп–1938, Софија), трговец, член на Битолскиот окружен комитет, и на ЦК на ТМОРО (1896–1901).

114 Христо Матов (1869, Струга–1922, Софија), учител, член на ЦК на ТМОРО (1898–1901), учесник на Солунскиот конгрес (1896). Во 1901 година во врска со Солунската провала е осуден на заточение во Подрум Кале, амнестиран е во 1902 година. Член на Задграничното претставништво (1902–1904). Автор е на повеќе текстови во врска со македонското револуционерно движење.

115 Се однесува на Пере Тошев.

предизвика окружното воопшто во јавноста, предметната господа ги уверуваа луѓето, дека Вие сте се покајале зашто сте го издале, дека другите министри биле против неговото издавање и сл. Тоа им го соопштиле од Софија веднаш по издавањето на предметново окружно.

Овде во Солун само поединци сочувствуваат со крајно ризичните, нечесните, неморалните и разрушувачки постапки на водачите на Организацијата. Јавноста се гнаси од крадењето на деца, од разните заплашувања и убиства со цел за собирање пари и сл. Сите знаат по селата и градовите, дека најпосле крадењето на децата од Кукуш, Крушево и с. Јунчиј, Солунско е сторено од Организацијата. Сите ги гледаат погубните последици за делото од тоа, бидејќи затворите се полни со најдобрите бугарски првенци. Ако четите, кои одвлекуваат деца, земаат од нивните родители петстотини или илјада лири, полицијата и разните чиновници отпосле собираат, во вид на рушвет и разни поткупи, две – три илјади лири од бугарското население. Но, нашата главна загуба не е тука, туку во околностите, што од таквите ризични постапки нашите непријатели добиваат причини и поводи и го уништуваат и она малку, што се спечалило од пред неколку години навому во Јужна Македонија.[116] Да не Ве зачуди почитуван г-н Стоилов, ако Ви кажам, дека бугарските села, за да се избават од затворите и преследувањата, причинети од ризичните постапки на Организацијата, одново ќе започнат да стануваат гркомански.

Овде никој не верува, дека парите, што се собираат од родителите на украдените деца и од бугарските првенци на кои им се испраќаат заплашувачки писма, одат во полза на делото, бидејќи секој знае, дека луѓето кои ги сочинуваат четите, се обични арамии.

Јас повторувам, дека целото учителско тело и сите трговци, т.е. целата интелигенција и мислечката бугарска јавност во Солун е противник на тие опасни и разрушувачки постапки на Организацијата. Несреќен исклучок прават само некои поединци, кои се најобични експлоататори и ништо повеќе.

---

[116] Мошне интересно самопризнание на А. Шопов. Тој пишува за „спечаленото од пред неколку години", кое лесно може да биде уништено од непријателите (грчката пропаганда). Тоа само ја поткрепува констатацијата дека бугарското сознание во Македонија е последица на дејствувањето на бугарските пропагандни институции во Македонија, а не на некаква природна бугарска самоидентификација. Во спротивно нема причини за страв дека тоа лесно може да биде уништено.

Гледајќи ги гибелните постапки и делата за осуда на Организацијата, солунската интелигенција – учителите и трговците, уште пред две години го ставија почетокот на една втора организација,[117] чија главна цел е да противдејствува на сите опасни и разрушувачки дејствија од чија било страна и да сее меѓу населението дух на самосознание и соживување. Главатари на таа организација се учителите: Гарванов, Наумов – директор во Сер, Мирчев, Кусев, Тенчев и др. учители, како и трговците: Самарџиев – книжар, Кондови и др. трговци. Таа организација има свои клонови на секаде во Македонија.[118] Во последно време таа им изјави на водачите на првата организација да престанат со испраќање на заплашувачки писма до бугарските првенци, зашто инаку ќе ги сретнат револверите на втората организација. На тој начин собирањето пари со заплашување малку намали во градот.

Од пред една недела наваму претставниците на двете организации се собираат и водаат преговори за помирување и обединување. Втората организација сака да внесе чесност и умереност во првата. Условите за помирување се да престанат обирите, убиствата, разбојништвата и воопшто ризичните и разрушувачки акции. Се сомневам дека ќе се дојде до добар резултат. Во секој случај ќе ве држам во тек.

Предан,
*Ат. Шопов*

*Објавено:* Атанас Шопов, Дневник, дипломатически рапорти и писма..., стр. 85-87.

[117] Станува збор за Тајното бугарско революционерно братство.

[118] Со оглед на фактот што А. Шопов бил покровител на Братството, јасно е зошто тој во своите извештаи го преувеличува Братството, иако реалноста била сосема спротивна.

## Документ бр. 28

### ХРИСТО МАТОВ ОД ИМЕ НА ЦМОРК ДО КОНСТАНТИН СТОИЛОВ – МИНИСТЕР ПРЕТСЕДАТЕЛ НА БУГАРСКАТА ВЛАДА

**Реакција и протест на ЦМОРК против Окружното на К. Стоилов.**

Солун, 27 септември 1898 г.

№. 68

До Господинот Претседател на Министерскиот Совет во София

Господине Претседателе,

Пред неколку дена г. К. Стоилов, во својство на министер за надворешни работи, преку окружно издал наредба на бугарските трговски агенти, од сега натаму да проповедаат на населението да се варди од Револуционерната организација, која не била ништо друго, освен чета од „разбојници“, кои сакале да се збогатуваат за сметка на населението, – и затоа доколку некој од нив паднел во рацете на правосудството на бугарското Кнежество, ќе бил суден според законот за разбојници.

Тоа известување, навистина, го зачуди и изненади Централниот Македонско–Одрински Револуционерен Комитет. Го зачуди и го изненади, зашто Комитетот никогаш не можеше да си помисли, дека еден ден ќе се најде високопоставен Бугарин, кој би се дрзнал на тој начин да квалификува едно дело, кое специјално си поставило за цел да служи на најсветлиот идеал на неослободеното македонско – одринското население, а засега и најсвет идеал на целокупниот бугарски народ. Известувањето уште повеќе го зачуди и изненади Комитетот, бидејќи високопоставениот Бугарин е истиот тој, кој до пред неколку седмици, во својство на човек што стои на чело на политиката на бугарското Кнежество, не само што го одобрувал постоењето на Организацијата, туку имал односи со нејзините луѓе, водел преговори и ветувал поддршка.[119]

Што го натерало сега г-н Министер Стоилов да се реши на таква постапка?

---

[119] Во писмово се иронизира бидејќи К. Стоилов во своето окружно луѓето на Организацијата ги оквалификувал како „разбојници“ при што им се заканил со апсење, а претходно имал директни средби со Ѓорче Петров, Христо Матов, Гоце Делчев и на крај со Даме Груев.

Да истапи против Организацијата, [тоа] уште може и да има некаква смисла, особено ако се има предвид неговиот неискрен однос спрема Комитетот, однос, кој што тој, очигледно го смета за дипломатска мудрост, иако има работа не со туѓинци, туку со домашно општество, не партизанско, туку општество со јасна определена цел; да истапи против Организацијата уште би значело една политичка неопределеност, нерешителност, непредвидливост, – пак нешто неодложно, невообичаено. Но, зошто да се служи со неподносливи епитети и изрази? Зошто? Дали за поголема тежина, за поголем ефект? Ами што беа мажите од 1868 до 1876 година? Црковниците можеа и можат да не бидат согласни со бунтовниците, но не и да ги нарекуваат „разбојници“. Инаку ќе биде самоплукање недостојно до висок степен. Дали е умесен и прифатлив епитетот „предавници“, со кој некои бујни револуционери ги нарекуваат нашите големци и црковници? Како и да е, Комитетот е наклонет да верува, дека ѝ самиот г-н Стоилов веќе се покајал, бидејќи луѓето на Организацијата ги нарекол „разбојници“. Тој епитет, подеднакво упатен по адреса на илјадно бугарско население (од Македонија и Одринско), сигурно со поискрен и попламенит патриотизам е обид против сите неослободени, па и ослободени Бугари, обид, кој што само благоразумноста на тие имено „разбојници“ е во состојба да го поднесе, кога ќе се задоволи со следниот протест.

II.

Да видиме сега – со поспокојна совест и со поголема ладнокрвност – дали требаше да се излезе со окружно против Организацијата.

Пред сè револуционерните организациии во историјата на народите не се нешто невообичаено. Познато е, дека се среќават кај сите колку – годе културни народи, а во таа смисла и кај нашиот. Во нашата историја, стара и нова, неколку пати се повторуваат револуционерни обиди. Што е чудно, што и сега се прави таков обид? Ако условите се променети, според тоа променет е и начинот на дејствување.

Дека може да се случуваат грешки и опустошувања во една револуционерна организација, тоа не е ново, туку е заедничко за сите слични организации, за сите народи и во сите времиња.

Тие што решиле да направат организација каде и да било, пред сè треба да предвидат место и за непредвидени грешки и ризици. А тие што сакаат без ризици да се заврши работата, тие спокојно

можат да си бројат уште 500, покрај досегашните 500 години. Ако немаше ризици во секоја революционерна организација, немаше потреба ниту од организација; тогаш сите угнетени, кои немаат ништо против слободата, по правило би требало да се нарекуваат револуционери.

Следствено и нашата Организација не е без пропусти, меѓутоа воопшто гледано, таа е поставена на доста здрави основи, согласно со условите и околностите. Ете зашто имено таа во едно релативно кратко време можеше да го постигне тоа, кое што од мнозина се смета, дека треба да биде крајна цел на една револуционерна организација во земјата.

1) Организацијата го запре заплашувачкото распространување на српската пропаганда, а во многу места – особено во Скопската епархија – дури и ја уништи. Овде зборот е за пропагандата меѓу населението, меѓу масата, а не за наречените – српски – училишта, чие отворање и постоење веќе не зависи директно од населението, туку од турската влада, за да не кажеме и од поведението на бугарската влада.

2) Организацијата го воспита денешното поколение. Таа го научи да не се занимава со политичка алхемија (што прави Русија, Франција, Англија и сл.), туку да се сврти кон сопствените сили, самото да стане фактор, – а со тоа се спечалија десетици години. Таа ги спроведе сегашните мажи низ страшни степени – комити на зборови, комити со свои весници и комити со готово оружје; таа ги научи на маки, затвор, заточение, па и смрт. Пред организацијата лежат цела галерија уништени шпиони – србомани и Турци – крвопијци.

3) Организацијата макар по неволја, излезе пред Европа со една Виничка афера – со сума готови материјали.[120] Сега пред европската дипломатија, македонското прашање стои сосема поинаку: Македонија веќе не е само земја во која секојдневно се случуваат грабежи и убиства, земја за која копнее едно слободно братско кнежество, земја, која пред три години ја полазија револуционерните чети, што дојдоа од надвор,[121] туку таа е земја прошарана со складови од оружје, подготвени од самото внатрешно население, земја готова да го запали огнот од внатре. Организацијата испакна како фактор.

---

[120] Се однесува на Виничката провала од есента 1897 година.

[121] Станува збор за вооружената акција на Македонскиот комитет од летото 1895 година.

4) Тој фактор е потребен на бугарската влада за да ја плаши кога турската, кога европската дипломатија. Со него таа се служела[122] и ќе се служи. Утре да се поднесе меморандум за реформи, поткрепа ќе биде Виничката афера.

Ете ја досегашната корист од Революционерната организација. По првите две точки Организацијата има значење за населението внатре во земјата: населението се чувствува како сила; по вторите две точки Организацијата има значење за Врховниот македонски революционерен комитет и за бугарската влада.



Христо Матов

Треба ли да спомнуваме за идеалот на Организацијата како идеал кој го крепи духот на целото население? При овој економски застој и при овој административен поредок, на кој неспособноста и анахронизмот од ден на ден сѐ повеќе се чувствуваат, – што ли ќе биде со тоа население, ако немаше еден таков идеал кој ќе го држи на штрек. Треба ли да спомнуваме, дека во најтешките моменти за црковно – училишното дело на лице излегувала Организацијата? А после тоа за отплата требало да се клоца по неа. И што е чудно, ако Организацијата изјави – и тоа во најблага форма – на една наша компетентна институција,[123] дека не е добро да се преследуваат нејзините луѓе и дека во границите на можноста не чини да се остане без работа, зашто инаку не може да се избегне сомнежот на турската влада?

По сето кажано до тука, една бугарска наредба против Организацијата ни изгледа сосема непотребна, за да не кажеме апсурдна; таа исполнува чисто турска улога: да се уништи Организацијата. Разбираме – да се сака подобрување во неа. Но, тоа кој не го сака? Кој повеќе од самата Организација би се погрижил и би можел да знае какви промени и подобрувања се потребни, за да нема ризици?

---

[122] Х. Матов, го потсетува К. Стоилов за настаните од 1895 година, кога вооружената акција на МК била искористена од бугарската политика за меѓународното признавањето на кнезот Фердинанд, како и за актуелизирање на прашањето за нови берати за егзархиски владици во Македонија.

[123] Се однесува на Бугарската егзархија која ги преследувала револуционерно ориентираните учители во Македонија.

Или треба да се мисли, дека тие луѓе сакаат да прават занает од делото, а не сакаат еден ден и тие да се одморат и да се успокојат? Вината е навистина во карактерот на делото: секоја комитетска перспектива од околностите не чини да излегува на пазар, како и секоја слична перспектива на која и да е влада. Инаку, ако денес општеството ја обвинува Организацијата за едно, утре би ја обвинувало токму за спротивното, можеби за попустливост и слабост.

Така или инаку, Организацијата, еднаш родена, на никој начин не може да се уништи. Нејзините работници нема да се откажат од својата зацртана цел; тие нема да се стреснат од никакви заплашувања и од никакви задкулисни, подземни дејствија. Тие може да се судат во кнежеството по законот за разбојниците, но тоа ќе биде правосудство на г. Стоилов, а не бугарско правосудство: такво петно никогаш нема да си стави бугарското правосудство, а со него и бугарскиот народ. И ако најпосле некои раководители на Организацијата падналe или ќе паднат под ударите на страшната судба и на неразбрано – создадените тешки околности од нивни еднородници, – Организацијата нема да загине, како што нема да загине нејзиниот извор – самото население. Населението преку својата Организација ќе се труди да не остави неговата судбина да зависи само од благонаклонетоста на Европа и уште помалку – од наклонетоста на одделни лица, кои што (под притисок или од нејасно сфаќање) можат да му повлечат разни „сфери на влијанија“,[124] прашање за шизмата итн.

Како заклучок Комитетот го искажува своето крајно сожалување, што се најдоа високопоставени Бугари, кои му пречат на слободниот и правилен развој на Организацијата, наместо да ја оставaт на мир, ако не и да ѝ помагаат, во тој случај би се спечалиле сили и време, би се намалиле ризиците и воопшто би се извлекла сета можна полза од една добро уредена револуционерна мрежа.

*Од управата*

Печат: „Македонски централен револуционерен комитет“

П. С. Копија испратена до Неговото Блаженство, Поетот Вазов и Врховниот македонски комитет.

*Објавено:* Архив Христо Матов. Документален сборник,съставител: Цочо Билярски, София 2004, стр. 37-40.

---

[124] Се однесува на српско–бугарската спогодба од 1897 г. во врска со Македонија.

## Документ бр. 29

### Расписка од Централниот македоно-одрински революционерен комитет за 500 наполеони од бугарскиот трговски агент Димитар Ризов

[Солун], 24 ноември 1898 г.

ЦМ-ОРК
24 ноември 1898 г.
№. 266

***Расписка за 500 наполеони***

Добиена е од г[осподинот] Димитар Ризов, горната сума од ***петстотини (500) наполеони***, во касата на Македоно–одринските револуционерни комитети.

*Од Управата*

Печат: „Македонски централен революционерен комитет"

*Објавено* Даме Груев – Спомени. Кореспонденция... стр. 151.


АРХИВЪ
Д-РЪ КОНСТАНТИНЪ СТОИЛОВЪ
1853 – 1901

Ц.М.-О.р.Р.К.
1898 г.
№ [redacted]

Расписка
За 500 наполеона

Расписката на Димитар Ризов

## Документ бр. 30

### Писмо од Иван Гарванов до претседателот на VI Македонски конгрес во Софија

**Братството ја обвинува ТМОРО за партизанство, бара помирување и обединување со ТМОРО под покровителство на ВМК.**

Солун, 28 април 1899 г.

До Господинот Претседател на VI Македонски конгрес во Софија[125]

Господине Претседателе,

Сметам за потребно да Ви претставам еден извештај за революционерното дело овде, бидејќи забележувам, дека некои заинтересирани луѓе свесно посакале да ги воведат во заблуда тамошните македонски дејци. Ако тоа не сум го правел до сега, тоа е затоа што јас и моите другари порано мислевме, дека тие луѓе ќе престанат со слична неубава работа, која ѝ најелементарниот патриотизам ќе ја осуди. Кога забележав, дека молчењето[126] во врска со случајов станува причина за нецелосно познавање на работите, со согласност и решение на Управниот революционерен комитет во Солун, чиј претседател сум јас, решив да Ви го поднесам следниов извештај, кој го испраќам преку нашиот другар[127] во Софија и со кој длабоко верувам, дека се прави еден чекор кон подобрување на револуционерното дело овде.

Тука постојат две револуционерни организации со една иста цел. Едната од нив се управува од комитетот со кој претседателствувам јас, од чие име Ви го пишувам овој извештај.

---

[125] Претседател на VI македонски конгрес бил Александар Радев. Конгресот заседавал од 1 до 5 мај 1899 година. Писмото од И. Гарванов било прочитано на заседанието од 4 мај. Во врска со ова информација во протоколот №. 5 од истиот датум меѓу другото е запишано: „Да се наложи на идниот комитет да искаже жалење за станатото и да ја посоветува оваа организација час поскоро да се слее со постарата, со што ќе исполни еден свет долг, кој што ѝ се налага од интересите на самото дело". Види: Княжеството България и македонският въпрос..., стр.136

[126] Оваа изјава на Гарванов не е точна. Напротив, според достапните документи очигледно е дека Братството уште од основањето настојувало да добие поддршка од ВМК и други институции во борбата против ТМОРО. Очигледно Гарванов е контрадикторен сам со себе. Во понатамошниот текст на писмото тој самиот зборува за претходните контакти со луѓето од ВМК.

[127] Извештајот е испратен преку Кочо Аврамов.

Прво прашање, што ќе ни го постави секој е: зошто е тоа делење?

За оваа поделба, за која ние искрено жалиме и која во нашите мисли е привремена, има многу причини, од кои некои последователно ќе Ви ги изложам, при што ќе започнам од најглавната.

1. Уште во почетокот, Револуционерната организација овде, беше поставена на месна партизанска основа. Првото основање на комитетот овде и на Централниот комитет е направено од луѓе, кои биле жестоки партизани и злобно настроени кон голем дел од граѓаните, меѓу кои има луѓе, готови да ја дадат својата пара за ослободителното дело. Поранешните партизани кои влегле во Организацијата со презир гледале на своите противници – партизани и со тек на времето започнале да ги нарекуваат предавници, шпиони, чорбаџии и сл. и сл. Партизанскиот дух неосетно се пренесе и во самата Организација од лицата што се влезени во неа. На прашања во врска со тоа, членовите на Организацијата заинтересирани во партиските борби, одговарале дека тие луѓе се *предавници*. Ние не познаваме погрозно и нешто попрестапно од ова, да наречеш еден добар патриот – предавник на татковинските интереси, кога дури и тој, што го кажува, е длабоко убеден, дека тоа е лага и со нејзиното кажување прави еден неопислив престап пред својата татковина.

Така отстранети од првооснованата Организација, ние се чувствуваме виновни пред татковината за својата бездејност. А вратите на Револуционерната организација за нас беа затворени.[128] – Меѓутоа, ние бевме решени да чекаме додека настапи едно отрезнување и додека времето го избрише тој партиски дух, кој уште од почетокот се внесе во тоа дело, кое не трпи ништо партизанско. Тоа го направивме, бидејќи знаевме, *дека делењето ќе не ослаби, дека тоа до висок степен е штетно за делото*. Но се излажавме во нашите очекувања. Лицата, кои влегоа во Организацијата и го презедоа нејзиното управување во свои раце, постепено докажаа, дека тие се непоправливи партизани, дури и дека се готови да го изложат нашето дело и да ги преследуваат своите противници со сите сили.

[128] Тоа е уште една исконструира невистина од И. Гарванов. Барем, Димитар Мирчев имал можност да се вброи меѓу основоположниците на МРО. Меѓутоа, токму во тоа време тој се поврзал со преоегзархиската групација во Солун, бидејќи таа ветувала кариера и перспектива. Освен тоа, за време на Солунскиот конгрес 1896 г., Пере Тошев од името на ЦК преговарал со споменатава групација за помирување. Тогаш иако не било постигнато помирување, Конгресот сепак одлучил да им стави до знаење дека вратите на Организацијата се подотворени за сите што ги прифаќаат нејзините принципи.

– Освен со убавата светлина на револуцијата тие отидоа до таму, што дури за општинските избори во Солун се служеа со клетвата, која револуционерите, невклучени во нивната борба им ја даваа!... Преследувањата на омразените ним лица отидоа до таму што им се пречи во трговијата и на семејната среќа и сето тоа се прави од името и со средствата на револуционерната идеја!...

Но, тоа не треба да се зема како дело, правено од целата Организација. – Споменав погоре и сега пак ќе споменам, дека тоа се прави *само од две лица*, благодарение на тоа, бидејќи во Солун немаше други видни револуционери, па тие го зеле во свои раце управувањето на Централниот комитет и ревносно го чуваат до денес.

За илустрација на карактерот на едно лице, ќе Ви посочам еден од нив од што можете да судите за понатаму: Едно од тие две лица, поранешен и сегашен најзлобен и одмаздничи партизан, забележал, дека двајца од овдешните Бугари, кои не ги одобрувале неговите дела, живеат многу добро, а тој немал можност да се доближи до едниот, за да се одмазди на другиот. Меѓутоа, си помислил дека може крвно да ги скара, откако ќе ја вмеша нивната семејна чест. Затоа напишал две анонимни писма поодделно за секој од нив, при што одделно го клеветел секого во нечесните намери кон жената на другиот. Писмата биле дадени на еден член на Организацијата, заколнат од авторот на писмата во име на Организацијата да бидат испратени на адресите.

Тој пример го наведуваме, за да видите, дека зад таа поделба има виновни лица и дека идејата не е онаа што не дели. Тие лица со своето поведение и дела, не како револуционери, туку како приватни лица се причина за нашето делење воопшто. Нивното отстранување од работата речиси целосно ќе го реши прашањето за слевање и заедничка работа. Треба да додадам, дека погоре споменатите граѓани се добри Бугари, чие што минато претставува низа заслуги за нашето дело и засега членови на нашата организација.[129]

Факти за вмешано партизанство во Револуционерната организација и за лични гонења има многу.

Ние преминавме и преку брошурата: „Стамболовштината в Македонија“[130] и преку бунтовите во Солунската гимназија и преку постојаните дописки со кои се полнеа весниците и преку интригите,

[129] Се однесува на Бугарското тајно револуционерно братство.

[130] Се однесува за брошурата „Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници“ која била напишана во 1894 г. од Петар Поп Арсов по барање на ЦК на МРО.

дури и предавствата, кои што се прават во име на организацискиот карактер и кои секогаш биле и сѐ дело направени или инспирирани од тие две лица. Кон таа важна и решавачка причина се вбројуваат уште многу други.

2. Организацијата како една од најважните цели сака да го вооружи населението. Далеку сум од помислата за осуда на Организација под управа на Централниот комитет, но треба да кажам, дека дејците од внатрешноста велат, дека населението станувало нетрпеливо во очекување на ветеното оружје, за кое парите претходно се собирале. Самите дејци од внатрешноста велеа, дека населението започнало да покажува недоверба и да ја посведочува својата недоверба кон нив. Оваа положба продолжува до денес и мене многу ми е жал да Ви јавам, дека тоа ја поткопува почвата на револуционерното дело. – Лично мене ми се случувало да слушам приговарања од прости селани, кои не можат да си претстават, дека јас не сум вмешан во собраните пари од селото, и да ми напомнат дека дале 10 –15 лири за една пушка, а не добиле ниту еден револвер. Недовербата на луѓето оди до таму, што тие почнуваат јавно да зборуваат за некакви злоупотреби. Јас и моите другари ни од далеку не веруваме во тоа. Но, тоа настроение на населението постои како факт. Како последица на тоа, ние посакавме да спасиме колку што е можно од таа недоверба, доставувајќи оружје без претходно собирање пари. По истата точка сметам дека се прави грешка, бидејќи внесеното оружје не се раздава на населението, туку се држи по складови, па полесно е неговото откривање од властите бидејќи се чува на куп, како и негово оштетување бидејќи се чува по складови.

Многу пати од внатрешноста пред нас се јавувале дејци и нѐ повикувале да го преземеме во свои раце делото, па да се уреди, зашто времето минува, а подготвеното е речиси ништо. Демирхисарско, Мелничко, Серско, Струмичко, Дојранско и Кукушко се места, од каде што дејците со докази зборуваат, дека при едно евентуално движење, тие не можат да изведат ниту по 10 вооружени луѓе.

3. Ние го осудуваме насилното собирање пари од Бугари. Со тоа не велам, дека Организацијата нема потреба од пари. Напротив, подржувањето на Организацијата и нејзината добивка при едно движење, кога се има предвид готовноста на целото население, има потреба само од *пари*. Пробаа да собираат по доброволен начин, но доволно е ако луѓето од кои се бараат пари се третираат како добри Бугари, какви што се во стварност. Тука во Македонија со сигурност може да се каже, дека Бугарин непатриот нема и дека сите се готови да дадат нешто за револуцијата. Ако ние, бедните, ја даваме својата

работа, богатите се готови да го дадат продуктот на својата работа, доволно ако, тие бидат сметани за патриоти како нас и доволно ако не се оди кај него како во едно време при нашите чорбаџии, чија епоха одамна е замината за Македонија. Денес цела бугарска Македонија е революционерна и за делото ќе даде сè што има, а тогаш ние ќе имаме сè што ни треба.

Поаѓајќи оттука, ние го осудуваме општото насилство и собирањето пари со заплашување. Исклучоците за случајот се толку мали што нема потреба да се зборува за нив. Доволно населението да има вера во чесноста и патриотизмот на оние, што ги собираат парите, тогаш насилствата ќе бидат излишни.

4. Поделбите кои настанаа во земјата пред да се основа нашето Револуционерно братство ја зацврстија во нас верата за партизанскиот мотив и за недобриот и неправилен развој на Организацијата. Расцепувањето во Прилеп за нас беше свршен факт. Поголем дел од граѓаните, водени од еден добар и виден патриот кој дури и сега ги исплаќа своите гревови во затвор, се беа откажале да одат по патот диктиран од Солун, и покрај тоа што веќе биле членови на Организацијата.

5. Најпосле ние уште пред основањето на Револуционерното братство чувствувавме, дека е потребно едно единство меѓу ВРМК и овдешната Револуционерна организација. А тоа не било до тогаш, не станало ни до сега. Ние не ја одобруваме оваа изолираност на тукашната организација; тоа не се одобрува и од многу дејци на Македонија.

Извесно време по основањето на Револуционерното братство, ние влеговме во спогодување со тогашниот претседател на ВМК, покојниот Ковачев. Ние му го искажавме својот стремеж и тој го одобри. Таа наша желба му е позната на сегашниот претседател на ВМК г. Хр. Станишев и на потпретседателот А. Љапчев.

Кога се има предвид горното, станува јавно, дека нам ни беше оневозможено да влеземе во Организацијата. Ако седевме во бездејство сметавме, дека правиме престап пред својата татковината,[131] која нè вика на работа. Ние видовме, дека не ни недостасува ниту решителност, ниту патриотизам, за да станеме революционери и да се пуштиме во течението на целиот бугарски народ во Македонија. Тоа го направивме со полно сознание за својот долг кон тат-

[131] Сепак, татковината на И. Гарванов е Бугарија, а не Македонија. Тој македонското прашање секогаш го гледа низ бугарска призма. Токму затоа Ѓ. Петров вели дека И. Гарванов секогаш се чувствувал како човек на Бугарија.

ковината. Ние знаеме дека тој долг изискува голема решителност спрема нашите непријатели и голема отстапливост спрема нашите сонародници. Светоста на делото ни налага чистосрдечност и искрено работење, голема и самоодрекувачка пожртвуваност. Меѓу нашите редови се чета луѓе, чија положба е многу завидна. Но тие повнимателно се вслушуваат во страдалниот глас на Бугаринот од Македонија, отколку во мирниот безгрижен живот. Ние имаме луѓе, кои жртвуваат половина од своите приходи за делото, притоа не сакаат ништо и не помислуваат за своето лично благо. Тие се готови да го поткрепат ослабениот организам на македонскиот роб или да паднат заедно со него. Ние ќе ја потпомогнеме секоја револуционерна активност од каде и да доаѓа таа, како што ќе пресретнеме и ќе одговориме на секој непријателски куршум, од каде и да доаѓа.

Треба да споменеме нешто и за двете постојни организации.

Кога се имаат предвид причините, што ја родија нашата организација, лесно е да се предвиди нејзиниот зацртан пат. Ние немавме и немаме намера да отвораме војна со постојната до тогаш Револуционерна организација; нејзината цел беше и наша цел. Ние ги групиравме оние луѓе, кои сакаа да работат во тој правец, но немаа можност. Во својата активност ние бевме револуционери и работевме во тој правец пред секој добар Бугарин, без да го прашаме на која организација припаѓа тој. Му помагавме морално и материјално на секој револуционер, кога имавме можност и прилика да го направиме тоа; дури и на такви, чии што дела, не ги одобрувавме. Поранешниот претседател на Централниот комитет,[132] на двапати беше избавен благодарение на ризикот и излагањето на наши луѓе. Секогаш сме давале совети да се прават сите отстапки таму, каде што се појавувале недоразбирања меѓу дејците револуционери. Не затоа што не сме можеле да осудуваме и да казнуваме, туку затоа што малите внатрешни грешки треба да се посочуваат, а не да се губи време и енергија за нивно осудување и казнување, па со тоа да пречиме на револуционерниот развој.

Подолу јас ќе Ви цитирам случки, одвратни по својата природа, правени од револуционери спрема свои браќа по идеја. Ако нешто слично би се направело од другонародец, тогаш тој ќе ја почувствуваше сета тежина на својата постапка и сета сила на револуционерот. Ние отстапувавме, бидејќи не сакавме да се ангажираме со луѓе, кои имаат иста цел како нас, а следствено на тоа се наше

[132] Единствен претседател од основањето на ЦК на ТМОРО па до тој момент е Христо Татарчев.

другари. Меѓутоа, така не работат некои лица од другата организација, што покажува, дека духот на партизанската одмазда уште живее во тоа дело.

Ќе се погрижам да Ви го изложам во неколку точки тоа, што накратко може да се каже за нашите односи со постојната организација:

1. Уште првата година по организирањето на нашето Револуционерно братство ние посакавме да влеземе во договор со постојната Револуционерна организација, да се слееме и да работиме заедно. Се започнаа преговори, при што ние посочивме лица и услови за слевањето.

Полномошниците од другата организација не прифатија ниту еден од нашите услови па преговорите прекратија.

Еден од нашите најсуштествени услови, беше, да се прифатат две, или барем едно лице од нашето братство во Централниот комитет и тоа, она лице, што ќе го изберат тие.

Од сите други предлози, кои беа со малку значење, освен еден, а тоа беше условот да се признае ВМК како врховно тело на Организацијата, ние се откажавме при преговорите, само и само да се постигне посакуваното единство од нас. Поради какви причини не се прифати ниту едно од нашите посакувања, ние тоа си го објаснуваме само со партизанскиот дух на некои од членовите на Управниот совет на Централниот комитет, дух кој сѐ уште продолжува да го трови нашето дело.

2. Членовите од другата организација употребуваат една непростлива агитација меѓу населението против нашите дејци, при што ги нарекуваат турски шпиони, предавници и сл. и сл. Таа агитација се спроведува писмено и усно. Ние имаме куп факти за таа неубава агитација, која настојува да посочи, дека нејзините автори напуштиле сѐ и си поставиле за цел да се борат против нашата револуционерна организација. Јас ќе Ви избројам само неколку и ќе Ве молам да обрнете сериозно внимание на она, што би се случило, кога чашата на трпението ќе се скрши и можноста за трпени ќе заврши ... Мојата љубов кон татковината за чија слобода сум се заколнал да умрам, ми налага да Ви го соопштам тоа, како на врховно тело.

а) Еден член од Управниот комитет на нашата организација,[133] оди во провинцијата по сосема приватна работа и тоа по селата,

[133] Се однесува на Атанас Наумов.

каде поделбата беше неизвесна и каде беше посакувано да остане неизвесна засекогаш. Тој наш член покрај приватната работа, не го испуштил случајот да го воодушевува населението во духот на революцијата, при што никаде не спомнувал лица, како водачи на една или друга организација, ниту пак отворил уста за Организацијата. Луѓето од ЦК, веднаш по него испараќаат специјално човек, кој без притеснување на некои селани им зборувал, дека пристигнатиот пред тоа бил турски шпион и доколку говори нешто за револуција, тоа било со цел за да ги дознае тајните?

б) Еден заколнат наш член, кој според уставот го познава само оној, кој што го заколнал, се запознал со друг кој припаѓал на другата организација. По разговорот тие сфатиле, дека припаѓаат на револуционерното дело и дека работат за него. Меѓутоа, припадникот на другата организација не го испуштил случајот да му каже на својот собеседник, дека тука има Бугари *„полоши од Турците“* и дека треба да се варди од нив, при што му ги наредил имињата на највидните дејци од нашата организација, меѓу другите и тоа, на оној кој што го заколнал!... Дали се сфаќа сета деморализација од тие постапки?

в) Еден од полномошниците на другата организација при водењето на преговорите за слевање, во еден приватен разговор со еден член на Управното тело на Револуционерното братство ја изговорил следнава фраза: „Како сега ќе одиме да им кажеме на луѓето, дека се помиривме и дека Вие сте добри патриоти !“

г) Пред неколку време од Софија во Солун дојде еден пратеник за да ја проучи состојбата на работите на лице место. Ние претходно бевме известени за неговото пристигање во Солун. Едно лице од Софија, кое е меѓу Вас и има голем интерес да Ве заблудува (бидејќи прифатив принцип да не спомнувам имиња во ова писмо, па го премолчувам и тоа име, и покрај мојата голема желба да го кажам) и чија што активност само ние добро ја познаваме,[134] му дал упатства да се среќава само со оној член од ЦК, кој што е автор на горепоменатите анонимни писма. Од средбата со тоа лице, софискиот пратеник заклучил, дека не чини да се среќава со кого и да било од нашата организација, зашто ќе го предаде на турската власт!...

Кога си го спомнувам тој низок и подол факт, крвта во главата ми бликнува и јас не сум во состојба да го дадам потребниот епитет на тоа грозно клеветење, од кое веројатно поцрвенуваат сите,

[134] Се однесува на Ѓорче Петров.

кога ќе го слушнат. Лицето дојде во Солун. Ние знаевме и сакавме да се јави пред некој од нас. Тој пратеник е кај вас. Вие го знаете или ќе научите кој бил и во името на страдална Македонија заколнете го да Ви каже со кој од нас се сретнал и од кого избегнувал, како од предавник...

Јас мислам, дека тие факти се од таква природа за да ја потресат од дно душата на секого. Многу од нашите другари, како што се научив, затоа го подвиткаа својот јад и негодување, за да избувне во сила и одмаздничка дејност, од која навистина нема многу да спечалат причинителите на тие недоразбирање.

3. Во својата желба да бидат ревносни отежнувачи на нашата револуционерна дејност, некои од членовите на другата организација, под диктат на двете лица, кои се на чело на ЦК,[135] одат до предавство, без да го гледаат тоа. И овде ќе ви посочам еден од многуте факти:

Овде од нашето Револуционерно братство беше решено убиството на двајца српски агитатори. Сите подготовки беа завршени. Бидејќи слични работи не можат да се скријат од сите Бугари, за нив дознал еден од членовите на ЦК и вечерта, која беше определена да се изврши нападот, тој револуционер велегласно говорел на сите во кафеаната, дека таа вечер ќе се случи убиство, при што претходно испратил човек кај определените лица за напад, да им пренесе, дека тие немаат работа во Солун и треба да се вратат!...

Уште еден покарактеристичен случај: еден наш деец од с. Порој испратил едно шифрирано писмо со важна содржина до Сер. Луѓето од другата организација успеале по пат да го пресретнат носителот на писмото и насила да му го земат. Истиот тој деец по упатства од Солун бил заплашуван со смрт, зашто зборувал пред населението за револуција, му раздавал весници со револуционерна содржина, му зборувал за потребата да се вооружи и бидејќи ветувал дека ќе донесе оружје.

Ние секогаш сме давале најстроги упатства за нашите дејци, да не се ангажираат во слични непатриотски работи, а членовите од ЦК не можат да посочат ниту еден случај, каде нашите дејци правеле било каква пречка на нивната дејност; ние можеме да посочиме најмногу примери, кога сме помагале, притоа изложувајќи се многу повеќе од поставените во опасност нивни дејци. Претставникот на ЦК во Софија, според нашите најточни сведенија на четири страни распрснува гласини, дека ние сме биле *предавници*.

[135] Се однесува на Христо Татарчев и Иван Хаџи Николов.

Посакајте од тој господин да посочи еден пример за наше предавство со место, дата, лице, како и последиците од таа опасност, а кога ќе се уверите дека тој не може да го направи тоа, веќе не ги слушајте неговите клевети. Ние не го сметаме него за предавник, но ако таков се појави меѓу нас, сами ќе знаеме добро да го казниме.

Како што гледате, г. Претседателе, сличните необјасниви дејствија на едни револуционери спрема револуционерното дело се од таква природа да ги доведат работите до таму, каде што никој Бугарин не би сакал да ги види.

Ние веруваме, дека извршуваме едно патриотско дело, кога Ви соопштуваме, за да не бидеме обвинети, дека не сме го дале нужното објаснување дури имало време за да се одврати злото, кое нѐ загрозува. Уште еднаш Ви јавувам, кога работите стигнуваат до преследувања на какви што не предизвикуваат и какви што по секоја веројатност ги сака едно лице, кое се наоѓа во Софија, дека ќе биде доцна да запреме. Татковинските интереси ни налагаат да заборавиме сѐ и сите заедно да работиме. Во името на тоа заедништво, ние апелираме кон вашиот патриотизам и Ве молиме да се ослободите од нечистите совети, од каде и да доаѓаат тие.

Мојата желба и онаа на сите мои другари е да работиме и да умреме за ослободителното дело на поробениот Бугарин. Ние ќе работиме во тој правец. Но, ние сакаме, да го слушнеме вашето мислење и совети. Ние сме далеку од мислата, дека можеме да работиме со Вас и при едно вмешување на ВМК да се спогодиме со тукашниот ЦК.

Се надевам, дека направениот краток извештај од мене за тукашните работи нема да се протолкува и ќе помогне за заедничко работење и слевање на сите револуционерни организации под знамето на Врховниот македонски комитет.

Примите, ги г. Претседателе, моите најсрдечни поздрави и почитувања.

Претседател на Управниот совет на Тајното револуционерно братство во Турција:

*Атила*[136]

*Објавено:* Асѣнъ Аврамовъ, Неизвесни материали по освободителното движение въ Македония, Сборникъ Илинденъ 1903-1929, София 1929, стр. 18-29.

[136] Псевдоним на Иван Гарванов.

## Документ бр. 31

### Писмо од Иван Гарванов до Андреј Тошев

**Продлабочување на конфликтот меѓу Братството и ТМОРО; Братството е во апатична положба бидејќи ја загубило поддршката од ВМК од бугарската влада и од Егзархијата; повикува на одмазда против ТМОРО.**

Солун, 12 јули 1899 г.

Драги Андреја,

Од писмото до Сарафов[137] и другите пријатели ти веќе знаеш подробности за нападот на Наумов,[138] неговата жена и неговото дете, па нема зошто повторно да ти го опишувам, доволно е да ти соопштам дека Наумов речиси е здрав, но жена му, која завчера родила осуммесечно мртво дете и која има 4 рани оди кон полошо и кој знае дали ќе се спаси. За мене најзбунувачки од таа историја е тоа што посакале да го заколат и неговото мало двегодишно дете. Се гледа дека имале инструкции во таа смисла. Фактот си е факт темен, црн или мрачен сè едно. За нас, па и за сите Бугари треба да ни значи причината за оваа случка и последиците од неа, бидејќи под булото на приватни интереси и интриги се крие една цела Организација, за која што, иако може да се каже сè најлошо по нејзина адреса, нејзе и припаѓаат и некои добри Бугари и искрени патриоти.

Ете едно прашање кое јавното мнение во Бугарија треба со најмоќниот зголемувачки микроскоп да го разгледа, зашто инаку спечаленото со толку маки и труд ќе летне,[139] а нашата положба во

[137] Борис Сарафов (1872, с. Либјахово, Неврокопско–1907, Софија), Претседател на ВМОК (1899–1901), член на Главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ (1903). Учесник во акцијата на МК од 1895 година, учесник на Смилевскиот (1903) и на Рилскиот конгрес (1905). Убиен во 1907 година заедно со Иван Гарванов од Тодор Паница по заповед на Јане Сандански.

[138] Атанас Наумов (1861, Битола–1920, Софија), просветен работник, член на Бугарското тајно революционерно братство. Бил егзархиски дирЕктор во Прилеп (1888–1891), на Солунската егзархиска гимназија (1896–1897) и во Сер (1897–1899), егзархиски училишен инспектор и др. Голем приврзаник на егзархиската еволуционистичка политика и жесток противник на ТМОРО. Организацијата на двапати организирала неуспешни атентати врз него. Во вториот обид била убиена жена му Фанија.

[139] Интересно самопризнание на И. Гарванов. Тој пишува за „спечаленото“ во Македонија со „многу маки и труд„, кое за „неколку дни може да летне“. Ако имаме предвид дека И. Гарванов, кој е неспорно Бугарин, во ова, како и во претходните писма постојано зборува за Бугари во Македонија, тогаш јасна е алузи-

Македонија ќе биде многу пожална и окајана од онаа на Ерменците. Секој Бугарин кој одблиску е запознаен со македонските работи е должен да вложи најголеми грижи да се осветли сегашната положба па да може да се преземат брзи мерки, ако не може сосема да се премавне злото, тогаш барем да се ограничи. Ете зошто јас ти ги пишувам претстојните редови и сакам од тебе да повлијаеш врз средината во која се движиш – офицерството – и да им ги отвориш очите, бидејќи како што се гледа нашите самопрогласени и патентирани патриоти најсилна поддршка имаат кај нив. Секое молчење од сега натаму е престапно. Особено молчењето од ваша старана – поранешни работници во Македонија – бидејќи голема одговорност лежи и врз вас за замешаната каша. К'нчев е највиновниот, бидејќи без да знае што работи, ги создаде,[140] за да го плукаат него и да ги убиваат неговите другари и луѓето кои сакаат развојот на земјата да се одвива правилно, макар и револуционерно.


Иван Гарванов

Неуспешниот обид за убиство на Наумов е извршен по решение од тукашните централисти на чело со Хаџи Николов и Татарчев, а воглавно со согласност на нивниот пријател Ѓорче Петров – највалканиот шпион и подлец. Факти за тоа има многу. Уште од четвртиот месец тие пуштија гласини преку Манов – учител во Сер, дека Наумов ќе биде убиен, бидејќи наводно при инспекторската обиколка зборувал против организациите воопшто и приватно против нивната. На 23 април овие гласини се потврдија од сигурно место и бидејќи Нау-

јата што е спечаленото во Македонија, кое може да летне за само неколку дни. Од друга страна, тоа само ја потврдува констатацијата дека бугарското сознание во Македонија е последица на дејствувањето на бугарските пропагандни институции во Македонија, а не на некаква природна самоидентификација.

[140] Ова констатација на И. Гарванов е сосема неточна и претставува клевета кон неговиот соидејник. Веројатно истата е производ на крајна разочараност на Гарванов во Васил К'нчов од кого очекувал силна поддршка против ТМОРО. Наспроти, Гарванов, ТМОРО, В. К'нчов го сметала за интелектуален и идеен творец на Братството. Оттука летото 1897 година ТМОРО дури имала еден неуспешен обид за ликвидација на В. К'нчов во Цариград.

мов, беше во Солун со Train de Plaisir и откако објасни пред нас – втората организација – во што се состои работата, решивме да побараме објаснување од нив. Тој и јас се сретнавме со Христо Матов и Пере Тошев – видни столбови на прикриените дејствија – и се објаснивме.

Наумов побара да му се посочат лицата, местата и времето, кога зборувал, зашто поинаку изгледа дека работата е курдисана. Јас им припомнав, дека сега може да се случуваат многу мистериозни работи, особено кога се има предвид Драјфусовото дело во Франција, па и писмата, кои ги пишувал Хаџи Николов до некои овдешни граѓани, притоа задирајќи во нивната семејна чест со цел да ги скара и раздели. Тие ни одговорија и дадоа ветување, дека ќе се распрашаат и ќе ни дадат информација. Разделбата беше многу љубезна, кокетлива до таму, што на станицата Пере Тошев се бакна со Наумов.

За мое големо изненадување на 3 мај добив едно долго и широко писмо од Наумов, во кое со поразителна јасност и сфатливост за каква што само Наумов е способен, беше опишан еден обид за негово убиство. Писмото јас го чувам и еден ден, ако се испечати ќе видиш како добро Наумов го сфатил и разбрал обидот. Храброста, што тој ја покажал, стравот на напаѓачот и згодната позиција што ја зазел го спасиле. Отидов кај Матов и кога му ги посочив дури и лицата определени за напад како и нивниот разговор со Матов и Николов, го прашав што мислат да прават и дали не им е жал за делото и за бугарскиот народ, зашто организацијата на која припаѓа Наумов ќе го заштити и ќе се одмазди за него, а со тоа ќе започне самоуништувањето, во кое ние како помалку можеме да бидеме побрзо истребени, но без сомнение, дека и од нив ќе паднат луѓе, а со тоа ќе се раздели народот на две спротивставени страни, од што полза ќе извлечат само Србите и Грците. Тој ме увери, дека такво нешто немало и дека Наумов се посомневал од страв. Нашата организација е толку силна, рече тој, што не се плаши од ништо. Јас од тоа се поуспокоив, но кога по неколку денови рече, дека отсега ќе убиваат Бугари, подобро му ги разбрав зборовите „толку силна“.

Има многу други факти од кои е јасно дека напаѓачите се луѓе на централистите, дотолку повеќе, што тоа е трет обид за убивање на Бугарин. Првите два обиди беа во Прилеп, каде ние сме силни, но без активност. Чемков и Гавазов на кои во Софија и Пловдив им правеа свечени панихиди за да се заблуди општеството, беа испра-

тени со цел да го убијат Б. Крапчев и Ил. Самарџиев во куќата во која двапати неуспешно прескокнуваа.[141]

За нас е несомнено дека оној изрод и гад Ѓорче Петров, е најсреќно избраното лице, преку кого ги спроведуваат своите намери Хаџи Николов и Татарчев. Таму, Ѓорче, откако успеа да ги измами македонските друштва и ги воведе во заблуда офицерите, го отфрли Љапчев и другите од ВМК и постави свои креатури од млади, добри патриоти, но неискусни офицери со кои што сега си игра како што ќе најде за добро.[142] Сепаратизмот, македонштината на интелигенцијата, интригантството и личните интереси и грижи, прикриени под булото на највисокиот идеал на македонскиот Бугарин, го надмина „врвот на врвовите“.

Ние, слаби и разнебитени, изоставени од Егзархијата, која од страв не знае каде да се сокрие, исклоцани од владата, бидејќи и таа си има своја сметка, заборавени од своите поранешни другари,[143] иако нивната борба ја продолжуваме и нивните мисли ги реализираме, засега се наоѓаме на устата на топот и треба да станеме жртви на бугарските куршуми. Но дали се плашиме? Не. Не, зашто цврсто веруваме во правдината на своето дело; не, зашто сме убедени дека врз нашите трупови ќе се порамни патот за правилниот развој на бугарското прашање; не, зашто ние ќе станеме причина, Егзархијата и владата да се стреснат и да не се самозадоволуваат со мислата „Македонија е наша“.

Одмазда, одмазда е нашата парола сега. Откако се пониживме толку многу да посакаме пријателство на тие луѓе кои се плашат зашто кошулите им се многу валкани, што друго ни останува, освен на ножот со нож да му се спротивставиме?! Дали помниш, Андреја, кога прв пат патувавме за Солун кога навлеговме во Скопското поле, кога ти реков „заслужува човек да се жртвува за Македонија“. Јас ќе

[141] Повеќе за саможртвениот чин на Јордан Гавазов и Христо Чемков види: Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893–1903), второ издание, Скопје, 1982, 307-309.

[142] И. Гарванов алудира на VI македонски конгрес (мај 1899 г.), кога под закрила и менторство на Ѓорче Петров за претседател на ВМК бил избран Борис Сарафов.

[143] И. Гарванов по своето извештај до VI македонски конгрес (види го претходниот документ), заминал за Софија да бара поддршка за Братството. Притоа остварил средби со владините претставници: К. Стоилов, Р. Петров и В. Радославов. Покрај тоа И. Гарванов се сретнал и со Борис Сарафов (претседател на ВМК). На враќање од Софија, Гарванов поминал низ Цариград каде се сретнал со бугарскиот егзарх. Меѓутоа, речиси сите го пресретнале ладно и му советувале да се помири со ТМОРО.

се жртвувам, но не се вознемирувам, ако треба од бугарски куршум да умрам. Нема, ништо, јас машки ќе умрам. Од вас се бара само да го поведете јавното мнение во Бугарија, па во поскоро време да ја посеете вистината. Пишете во весниците, зборувајте на големците, расправајте на своите пријатели, влијајте врз офицерството, само и само побрзо да се разбере, дека луѓето како Ѓорчета, кои ги обиколуваат капиите на турското комесарство не стануваат патриоти, туку тоа го прават од интерес или за безгрижен живот, зашто поинаку, не можат да го поминат овој свет.

Кажи му на Љапчев дека тие дезертираа како непотребни и дека не им прави чест совесно да го расипуваат правилниот развој на делото, Македонија не е готова за револуција, тие го знаат тоа и ако сакаат да прават обид, притоа оставајќи ги младите офицери сами да си ги скршат главите, овој обид многу скапо ќе го чини народот. Ако можеш да собереш некоја пара, испрати, расписка ќе ти испратам, зашто имаме луѓе кои сакаат да јадат за да работат, а ние насилно пари не собираме. За сега поздрав на Госпоѓата, тебе, на Славето и пријателите.

Ќе чекам да ми одговориш.

Твој,
*Ив. Гарванов*

*Објавено:* Ц. Билярски, Документи за живота и дейността на Иван Гарванов, Стара Загора 1995, стр. 34-37.

## Документ бр. 32

### Писмо од Иван Гарванов до К. Аврамов

**Помирување меѓу Братството и ТМОРО; Братството капитулирало пред условите на ТМОРО; Гарванов иако негодува, сепак е задоволен бидејќи Братството реално не претставувало сериозна организација.**

Солун, 24. IX 1899 г.

Драги мој Боз Дагски,[144]

Сите твои писма пишувани до сега се добиени, некои од Страхила и Делјана, некои од мене; меѓутоа, до сега не ти е одговорено поради околностите, туку само на некои тековни прашања, зашто, како што и самиот знаеш, тука беше пратеникот на ВМК, Камбуров – Јоцов и ние сето време се наоѓавме во една треская состојба, состојба на човек кој го чека крајот на некаков судбоносен настан за него.

Сега прашањето за помирувањето, или подобро кажано капитулирање е завршено, па јас со поголема смелост можам да погледнам во зинатата уста на злото, преку кое ние, така или инаку, требаше да поминеме. Јас веќе отрпнав од преживеаните настани и за нив можам да судам, ако не со многу голема јасност, тогаш барем со таква, која ја поседува човек, незасегнат од куршумот што го очекува. „Не може да суди човек, вели Хајне, за калибарот на куршумот, кој му ја пронижал главата“, но во случајот ако човек остане жив, ќе знае, дека преживеал едно големо премрежје, би додал јас. Навистина сега за сега, во овој момент јас не знам друго, освен дека се случи нешто и тоа многу важно нешто; но што ќе дојде потоа, јас не знам, па не верувам дека и некој друг знае. Ти ги знаеш околностите, под кои работевме, тебе ти е познат и недостатокот од метеријални средства, позната ти е и ладноста со која јас бев пресретнат во Софија, зашто не зборови, туку дела се потребни за тие прашања, кон тоа треба да додадеш, дека мене во Цариград ми рекоа: при какви и да било услови да дојде до помирување, иако Неговото Блаженство уште покажуваше признаци за живот и подготвеност да започне некаква борба, речиси сосема нејасна и неформулирана во неговата глава, од друга страна треба да ја земеш предвид и несреќата на сите наши потфати и настојувања и најпосле да си го поста-

[144] Псевдоним на К. Аврамов.

виш прашањето: Дали можеше да се направи нешто повеќе од тоа, што го направивме ние, или подобро: што е за претпочитање, направеното, или една борба, која би нѐ одвела по ѓаволите, нас, нашите противници, па и целото дело?

Моралното понижување, душевната мака и срдечните болки што ние ги преживеавме беа големи: но страдањата, крвта и ропството на несреќна Македонија, нѐ натераа да згазиме врз нашето човечко достоинство и да ја наведнеме главата, па белким потоа ќе настапат посреќни и попријатни денови. Ние отстапивме до некаде од нашите принципи, бидејќи нашите противници наликуваат на оние галени деца, кои само за да ѝ наштетат на својата мајка си ја пикаат раката во огнот и ја запалуваат куќата за да се одмаздат. Правото беше на наша страна, но силата на нивна. Меѓутоа, вечна вистина е, дека правото е на врвот на ножот.

Да си признаеме, дека ние на делото не ќе дадеме ништо, освен неколку идеални борци и два пункта во кои имаше само признаци на организација, но не и дисциплинирана организација. Неколкуте пушки и петте револвери не се материјали на кои можеме со значење да посочуваме. Кога јас бев во Софија постигнавме согласност, како основа за помирување да ги предложиме петте точки, кои ти подробно ги опишуваш во едно од твоите писма, но како што ќе видиш подолу од подробното опишување за помирувањето, ние не можевме да ги спроведеме повеќето од нив бидејќи во времето на преговорите, сѐ беше свртено против нас, па ние бевме принудени од двете зла да го избереме помалото. Ние не диктиравме, туку баравме, а од оној што бараш природно е да ти даде толку колку што тој сака и колку што нему му одговара; при сето тоа јас и сите браќа сме на мислење, дека тоа што се случи, ако е направено срдечно од нашите поранешни противници и ако тие навистина биле чесни и идеални борци, а не само одделни личности што го маскирале делото до сега, треба да нѐ натера да го заборавиме минатото и со заеднички сили да го започнеме градењето на онаа идеална градба, која до сега само ја дала слободата на ропските народи, дури и при најтешките загуби за нив.

Јас од името на нашето меѓусебно задолжување, од името на нашата досегашна заедничка дејност и од името на македонскиот роб, те молам да се потчиниш на општото решение и да тргнеш по патот, по кој од сега натаму ќе одат сите наши браќа, но во случај, ако се покаже, дека сме имале земање – давање со нечесни дејци, тогаш како членови на таа организација можеме да го кренеме својот глас во името на правдата и вистината. Засега зошто да не

допуштиме, дека таа организација, која споредбено направила доста во земјата, дека во своите редови има и идеални дејци, кои ако не повеќе, тогаш барем колку нас копнеат за делото! Сите ние веруваме, дека од денот на помирувањето ќе излезат како полжави по дожд, сите шарлатани, доколку имало такви, па ако мнозинството се покаже такво, тогаш по ѓаволите и дело и организација, па и револуција! Сега за сега по сите колебања, маки, повредени честољубија и најважно по погазувањето на некои наши очевидни прави принципи, сите ние го прифаќаме помирувањето и со сета душа и срце ќе се предадеме на работа, притоа заборавајќи го минатото, барем до тогаш, додека тоа биде заборавено и од спротивната страна. Ти повторувам, сите наши браќа треба да се потчинат на општото решение, инаку треба да се откажат од нас и сѐ што знаат за нашите работи треба да го заборават. Јас немам причина да се сомневам, дека ти ќе се откажеш од нас, но те молам да повлијаеш на твоите другари, па сите преминете во редовите на Организацијата која за врховен претставник ќе го има ВМ Комитет. Не се сомневам, дека ќе има некои од другарите, кои не ќе погледнат со добро око на овој акт, но јас од нив би сакал да си ја стават раката на срцето па тогаш да псујат и да фрлаат навреди. Сѐ, што направивме ни се наложи од чист патриотизам, но ако и потоа уште не укоруваат, тогаш не ни останува друго, освен да се преселиме на небото за да си ја свршиме работата еднаш за секогаш на земјата.

Сега да ти ги опишам условите, начинот и предлогот за помирувањето.

На 1 септември јас веќе бев во Солун и со нетрпение го чекав доаѓањето на пратеникот на ВМК. Од Цариград понесов многу лоши впечатоци. Сите освен Егзархот, беа исплашени од заплашувањата на Комитетот и беа готови на севозможни отстапки, доколку Егзархот би се согласил. Воопшто егзархиските големци сакаат да бидат и тие се големи сеирџии на работите, затоа гледаат да има мир на секаде, за да можат да преживеат, како чиновници – кукли. Иницијатива од нив не чекај. Сѐ што беше предложено од мене во врска со назначувањето го отфрлија.[145] Нешто повеќе, држењето на нашите другари во Солун го ставија во врска со помирувањето.

До 5 септември пратеникот не дојде во Солун, по тој повод јас напишав остро писмо до Б. Сарафов, кое тебе тие е познато, зашто мислев дека нѐ излажа и бидејќи бев многу вознемирен од поста-

[145] Станува збор за назначување на учители во егзархиските училишта во Македонија.

пката на Генадиев во Ахчелебиско. Од нашите луѓе во Дојран кои така подло нè излажаа, бидејќи не го извршија убиството на ср. архимандрит, туку побегнаа, немав никакви информации. Дури подоцна се научивме, дека имале односи со централистите и дека нивниот војвода Минчо Стојков е убиен од своите другари. Од Прилеп имав доста утешителни сведенија, бидејќи таму одново се организираа и броеја неколку десетини мажи за работа. Во тоа време дознавме, дека еден од нашите видни луѓе, кого по наше барање го назначија за директор во Прилеп – Бано Кушев[146] – откажал да замине на назначеното место – нешто повеќе тој се откажал од нас и преминал во лагерот на нашите противници, според зборовите на еден млад и фанатизиран, велешки патриот. Во тврдењето на последниот ние се уверивме од молчењето на Кушев на двете наши писма што му ги испративме. Наумов веќе го беше напуштил Сер и според неговите зборови пред Страхил за во иднина се откажал од борбата, бидејќи сакал да се посвети на воспитувањето на своите деца. Нашите редови кои и без тоа беа доста ретки се разредија до полна прозрачност и ние 3 – 4 требаше да поведеме борба чиј што крај ќе завршеше со паѓањето на неколку наши глави во замена на оние, што требаше да се земаат од противниците, со тоа ќе завршеше нашето дело, а можеби и тоа на противниците, со таа разлика, што идните поколенија на нас ќе гледаа, само како на луѓе, кои се поставиле, иако дури и справедливо, против народното революционерно движење од кое можеше да излезе слободата на Македонија, што е ризично навистина, но од ризикот честопати излегуваат и добри резултати.

Ние пак не веруваме во боевата подготвеност на нашите поранешни противници, но за да им го претставивме порелјефно тоа, требаше да отстапиме, дури и нашите сили да ги дадеме, па белким така појасно ќе ја согледаат опасноста од една јалова револуција, или ако не ја согледаат, да не можат да се правдаат и да велат: имаше опозиција, пречки, затоа движењето кое толку добро беше подготвено од нас, излезе неуспешно и погубно за земјата и делумно за бугарското дело.

При тоа доцнење на пратеникот од ВМК, кај нас толку многу се зголемуваше желбата за одмазда, што да си признаеме ако уште 2–3 дена се забавеше, главата на најмаскарата според нас од нашите

[146] Бано Кушев (1863, Велес–1910, Велес), просветен работник, приврзаник на Братството, но брзо преминал на страната на ТМОРО.

противници ќе однесеше многу здравје на поранешниот другар Пејчиновски.

Околу 9–10 септември јас во книжарницата на Самарџиев видов еден приличен, стокмен и убаво облечен господин, од чие поведение разбрав, дека тој е очекуваниот пратеник. Не заборавај, дека јас претходниот ден добив едно отворено алегорично писмо од Б. Сарафов од кое сфатив дека пратеникот веќе е тргнат. На другиот ден тој господин Јоцов, за кого Делјан се сомневаше дека му бил познат студент – шарлатан, ме повика во Партенон, каде што беше слегол. При првата средба тој ми кажа зошто е дојден и побара да му го изложам текот на работите. Во општи црти долго и широко му го изложив развојот на работите, меѓутоа му реков дека ќе го признаеме за посредник, кога ќе ни го претстави своето полномошто. За седум дена, јас се видов 3–4 пати со него, а тој чекаше, но централистите до кои требаше да стаса полномоштвото, постојано велеа дека не стасало, додека најпосле Х. Николов му рекол: „ние сме готови да те признаеме, ако братството те признае". Како и секогаш, така и сега, ние ја протолкувавме целата работа како комедија и кога еден од граѓаните ни соопшти, дека Тефиков, аѓутантот на валијата, преоблечен шетал да бара некаков Бугарин, ние замрзнавме и помисливме дека ни се крои некаква стапица: на пример да нè извадат предавници, како што му зборувале на Бозуков.[147] Камбуров рече дека сака да си замине и дека е бесмислено да чека подолго време без работа. Тој беше во право. Во принцип и ние имавме право. Најпосле решивме да го признаеме, доколку централистите прифатат да третираат со него. Тие од почеток одбегнуваа, но потоа признаа, дека тој е човекот и дека ќе третираат со него. После тоа ние не можевме да откажеме и да не влеземе во преговори.

Првата средба со нас, тој ја имаше во мојата соба во присуство на целиот управен совет, освен еден, кој не беше во Солун. По долги и широки принципиелни дискусии, ние ги поставивме тебе познатите точки, со исклучок на условот еден од нашите луѓе да влезе во ВМК под условите на Ѓ. Петров, при што ја заменивме со следново, бидејќи ни се кажа, дека горново никако не може да биде: Никој од централистите да не го претставува ЦК, туку еден претставник на ВМК да седи во Солун и да ги следи работите. Потоа: училиштата и општините да се задеваат само до толку, до колку тие јавно и смислено му пречат на целта на Комитетот. Овие наши пред-

[147] Антон Бозуков (с. Кортен, Сливенско – ?), поручник во бугарската армија, член на ВМОК (1899), (1901) и (1902). Учесник во акцијата на МК во 1895 година, доброволец во Англо – Бурската војна (1900).

лози беа прифатени од пратеникот, но за жал, тие сосема беа видоизменети, а некои дури елиминирани во собранието на централистите, кое според пратеникот траело 4–5 часа. Уште една средба со нас и една со нив, на третата пратеникот ни предложи еден протокол, со кој што ние требаше однапред да се согласиме, ако воопшто го сакаме помирувањето. Ние бевме изненадени па од 7 до 12,30 часот во ноќта не можевме да се помириме со новата ситуација, на крај во 12,30 при едно расположение, слично со она, во кое се наоѓа човек, кога е прав, а сепак треба да отстапи на силата, решивме да го потпишеме протоколот. За мене оваа минута е еден психолошки момент, кој што на едно вешто перо би му дал материјал за едно обемно дело. Јас сум немоќен да го опишам, иако го чувствувам.

Во протоколот по формалниот вовед беа наредени 3–4 нивни точки, кои ги определуваа условите за помирување. Тие ако не точно, тогаш приближно сфатени се следниве: 1) ТР Братство во Турција се растура и присоединува кон постојниот ТРМОЦ Комитет. 2) Се, што поседува братството, ќе се отстапи на ЦК. 3) Централистите ќе изберат од 6 посочени од нас лица еден за член во управниот совет на ЦК во Солун, а друг за член во управниот совет на месниот солунски комитет. Исто ќе стане со месниот комитет во Прилеп и Устово. 4) Сите членови на братството ќе бидат примени како такви во Централниот, откако ќе ја положат потребната заклетва. 5) Членовите на братството треба да престанат да бидат такви во братството „Милосрдие“. Овој протокол потпишан и потпечатен од д-р Татарчев и од мене се изготви во два примерока, од кои еден ќе се чува во архивата на ВМК.

Како што гледаш од точките, особено од петата точка, човек лесно може да се посомнева во искреноста на помирувањето, меѓутоа, при сето тоа, ние го сметаме за срдечно и искрено ќе работиме барем до тогаш, додека не ни се даде да разбереме сосема јавно, дека се подиграле со нашата искрена наивност. Ние сме вистински и чесни патриоти и такви ќе останеме, дури и кога курвински, може би, ќе бидеме убиени. За нас се скапи нашите принципи, но не помалку ни е скапа совеста на г-ѓа Наумова, таа вистинска хероина; но делото, македонското дело, рѓосаниот од крв ум на Бугаринот – роб, не тера, барем за сега, да заборавиме сѐ, па еден ден кога ќе блеснат зраците на светлината, со кренато чело ќе можеме да побараме сметка (ако не ние, барем нашите потомци), не од делото, туку од лицата, кои блудничеле со него.

Дали може еден Марат со своите гадни дела, до толку да ја оцрни револуцијата, па нејзините зраци да не проникнат по целиот

свет. Не. Марат беше еден од главните борци на револуцијата, но тој беше убиен од самата револуција. Историјата се повторува. Јас верувам, дека и нашите Маратовци ќе завршат како францускиот.

Како што гледаш од горните точки, тоа што го имаме се предава на Комитетот, а долговите си остануваат за наша сметка. Ете зошто јас те молам, да претставиш формални расписки од Бр. Иванови и да ни соопштиш уште колку треба да внесеш. Прашањето за в. „Автономија" остана да се уреди меѓу вас и ВМК. Евентуално може да стане втор орган на ВМК, или да престане, зависи како ќе се согласи Чакаров со Комитетот. За Ѓорче Петров, пратеникот рече, дека ќе биде испратен во земјата. Дали не може и Чакаров да дојде до таква согласност со ВМК. Колку ќе биде убаво, ако сите ние се согласиме да дејствуваме заедно, а потоа ако се покаже непреодниот пат на ВМК сите со заеднички сили да го спасиме делото од пропаст! По делото на „Автономија" со Б. Димитров, јас му кажав на пратеникот да му се наложи од ВМК да го прекине, бидејќи инаку ние ќе бидеме принудени да разоткриеме некои работи и да ја докажеме неговата виновност. Зборувај на Чакаров да не го дразни, во случај ако го прекине делото. Ако го продолжи, документите се на ваше располагање, пиши само најкасно до кога да ти ги испратам. Ако „Ав" оди по истиот правец и воопшто продолжи да излегува без согласност на ВМК, ние исто така, според помирувањето, се одрекуваме да имаме било што заедничко со него. Од тебе, Чакаров и другарите браќа јас сакам да нè разберете и засега да одите по заедничкиот пат. Според спогодбата, тие се должни да ве земат во редовите на ЦК, ако сакате вие се разбира. Прочитај му го ова на Наумов и кажи му дека долгот си е долг.

Со братски поздрав,
*Атила*

П.С. Со денешната пошта ти ги праќам писмата на Славов и Дочев, кои ти сакаш да ти ги вратам. До сега не сме издале окружни за помирувањето за внатрешноста и уште не се избрани од ЦК потребните лица. Пет души од нас положија заклетва на ЦК, но уставот не им е прочитан.

*Објавено:* А. Аврамовъ, Неизвесни материали..., стр. 30-37.

## Документ бр. 33

### Писмо од Ѓорче Петров до Владимир Бочуков

**Ѓ. Петров во својство на задграничен претставник дава инструкции за револуционерното движење во Ахчелебиско и ги појаснување основните начела на програмата на ТМОРО.**

Пловдив, 5. XI 1899 г.

Брате Бочуков,[148]

Моето идење во Чепеларе беше најмногу за да се видам со тебе и со некој друг од вас, внатрешните пријатели, како и за вие да ме осветлите за состојбата на работите и условите кај вас, така и јас да ве поосветлам за духот и насоките на нашите работи. Посакуваното не се случи. Кој е прав, а кој крив не знам, но мене ми е многу јад. Заслужува ако има можност некогаш да земеш отпуст и да дојдеш да се видиме. Твоето доаѓање овде е полесно, отколку моето таму. Си имал пречки од некои од селските дерибејовци. Постави се така што ти да ги владееш со зло или со добро. Од твоето писмо до комитетот, од разговорите со некои момчиња во Софија и со пријателите во Чепеларе гледам, дека ти слабо си проникнат во суштината на нашите работи. Ќе го користам секој случај преку писмата да ја пополнам празнината. Не е пожелно да ги повторувате нашите грешки при горчливите работи кои што нам ни ги донесе досегашното искуство. Ете ти сега некои укажувања:

1) За ослободителното дело постојат две организации, една внатре, друга овде. Управни тела: ЦРМ–ОК таму, „Врховен Мак[едонски] комитет" овде, [двата] се во сојуз без да се мешаат во работата едни на други.[149] Посредник сум јас, како член на Ц[ентралниот] комитет и таков по полномоштво во ВМК. Вие сигурно влегувате во реонот на ЦК (во кој округ уште не е определено) и треба да влезете во директни односи со него.

Овде ќе се обраќате до мене само за брзи работи и за оние што зависат од Бугарија. Посредници за тоа ќе бидат нашите чепеларски пријатели. Бидејќи соопштенијата со внатрешните уште не

---

[148] Владимир Атанасов Бочуков, претседател на Смолјанскиот околиски комитет.

[149] На VI конгрес на македонските друштва во Бугарија (мај 1899 г.) со поддршка на Ѓорче Петров за претседател на Врховниот македонски комитет бил избран Борис Сарафов. Оттогаш помеѓу ВМК и ТМОРО започнала соработка. Оттука Ѓ. Петров нагласува дека двете организации се во сојуз без да се мешаат во работата едни на други.

ви се уредени, засега односите ќе се одвиваат преку овде. Надвор од тука никакви односи со кого и да било во Бугарија не се допуштаат на одделни комитети. Тоа го бара како потреба од целост во Внатрешната организација, така и интересот на месните погранични комитети. Сто стапа по туѓ грб не се ништо. Овдешните луѓе се безбедни од секаква опасност, а со своето вмешување само пакости можат да ви нанесат. Имаме горчлив пример од тој вид. Вардете се од такви вмешувања на неканети патриоти, ако не сакате да ве стаса судбината на пограничните македонски комитети. Основните начела на нашата организација се – подготовка на едно повсеместно востание со чисто народни средства и сили, начело кое во себе содржи и едно друго – самодоверба, вера во себе си. Тешко е спроведувањето на тоа начело, но тоа е неопходно за среќно изведување до крај. Тешко е зашто нашите луѓе без храброст и силна волја со многу зацврстени ропски црти очекуваат сè однадвор, сè на други се надеваат, сè јака потпора сакаат. Тоа е неопходно, зашто не може да се нарече готов за востание оној народ, оној негов дел, па ако сакаш и оној индивидум, кој не се надева на себе си, не верува во своите сили и уште зашто без него (тоа начело) ние ќе бидеме играчка на шарлатаните и бездушните политиканти. Во духот на тоа начело сами се сеќавате каков правец да им давате на работите при секој конкретен случај. Силата во секој еден од нас треба да врви одгоре надолу. Работниците поодделно со својата готовност на материјални и морални жртви за општите потреби на местото, готови секој за себе во морален и материјален однос ја сочинуваат силата на месниот комитет, одделните месни комитети – на ЦК. Заблуда или подобро слабост е одделни лица да бараат сè од комитетот. Истото се однесува и за месните комитети во однос на ЦК. Секој работник ќе се труди, откако ќе го набави и направи потребното за себе да послужи и на цен[тралното] управно тело за општите потреби, секој месен комитет ќе го прави истото за себе и за ЦК. Бараното од тебе оружје од тука, како што гледаш не одговара на горното. Кога комитетите Ц[ентралниот] и Врхов[ниот] ќе најдат средства да достават оружје, тоа ќе биде на нивно располагање како резерва – нема да го раздаваат. Доста толку теорија. Практични работи. Во почетокот се полакомивме за луѓе. Горчливи резултати добивме. Не ја повторувајте грешката – со други зборови прави избор на луѓето.

Труди се да создадеш бројно ограничена, но здрава организација во твојот крај; од прва рака главното управно тело кај вас ќе треба да има полиција и курири со потребното оружје за нив. Канали здрави. Скривалишта за луѓе и материјал и извесен број одбрани

момчиња готови да излезат со пушка в рака во секој случај и секогаш, а не само во моментот на востанието и заедно со сите, како што обично велат. Тоа е тоа, Организацијата во суштинска смисла на зборот. Надвор од тоа преку весници и усна агитација се води широка агитација. Главно, треба да се убедува населението да се вооружува, без разлика дали се членови или не.

2) Правилникот строго да го спроведувате. Пропустите на мали работници ќе ве разглобат со време.

3) Откај вас има гурбетчии работници, кои мислат дека тука и воените им содејствуваат. Штом ја минат границата, зборуваат како да се дома. Затоа да се предупредат сите членови, доколку не сакате шпионите овде да го знаат тоа што го правите таму.



Ѓорче Петров

4) Членски внес да има, макар и малку. Тоа има морално значење. Со нив ќе ги пресретнеме неодложните потреби. Недостатокот ќе го дополнувате со доброволни помошти од добри, но неподготвени на смрт работници и сочувственици. За собраните и потрошените пари секаде треба да се води сметка. За пресретнување на крајните потреби на Организацијата и месните комитети приватно собираат пари со расписка од ЦК и едно да знаеш, дека расписка не се издава за помалку од 5 т[урски] лири. За таа цел да ми испратиш список на луѓето за да се напишат расписките. Ако сметаш на голема добивка, пиши ми за да ти испратам човек од тука за другар.

Расписките ќе се даваат на луѓе, кои нема да издадат, зашто самите вие не сте закрепнале, а пак и други работи времено ќе пречат на теророт. Добро ќе биде, ако настојуваш да ангажираш луѓе за оружје за да може потивко да се сврши планот со него.

Мојата постапка за Тошевото преместување беше задоцнета па затоа не успеав. Го викав во Чепеларе со вас, но не дојде. Крајни мерки кон него ќе преземете дури откако ќе добиете писмо од ЦК, а за таа цел треба да пишувате, за да пишувам и јас.

Петте револвери на братството[150] нека останат комитетски, а вие и раководителите приватно ќе си купите по еден, бидејќи и тие ќе бидат при вас, но ќе требаат за куририте на т[ајната] пошта.

Два товари пушки наскоро треба да заминат за Габрово. За таа цел договорете се со В'лчев[151] во Чепеларе.

На крај ќе кажам, дека времето не дозволува да одиме полека, туку брзо, бидејќи не знаеме при каква пролет ќе нѐ раздени.

Работете за некогаш да не се каете.

*Марко*[152]

*Објавено:* Хр. Ив. Караманджуков, Родопа през Илинденско–Преображенското въстание, Спомени и документи, София 1986, стр. 117-120.

[150] Според протоколот за самораспуштање на Тајното бугарско револуционерно братство, истото било должно своите материјали (вклучително и револверите) да ги предаде на ТМОРО.

[151] Станува збор за В'лчо Костадинов Сарафов.

[152] Псевдоним на Ѓорче Петров.

## Документ бр. 34

### Мајската спогодба од 1900 година меѓу ВМК и ЦК на ТМОРО според Протоколот №. 3 од заседанието на Врховниот македонски комитет.

Софија, 1 мај 1900 г.

1 мај 1900 г. Отсутни: Бозуков, д-р Шопов.[153] Присутни: г. полковник Цончев,[154] потполковниците: Николов[155] и Јанков,[156] поручник Гаруфалов[157] и Атанас Мурџев.[158] Се зедоа следните решенија:

1. По долги и опстојни дискусии по прашањето за дејствијата на Врховниот македонски комитет, од една страна, и на Централниот комитет во Турција за поголема солидарност во дејствијата на двата комитета се состави следниот протокол:

а) Да се предложи на Централниот комитет да прими во својот состав двајца членови во кои Врховниот македонски комитет има полна доверба.

б) По приемот на спомнатите двајца во Централниот комитет, Врховниот македонски комитет во сегашниот состав станува клон од Централниот комитет, а решавачкиот глас по сѐ што се однесува за делото, пак го има последниот.

---

153 Спиридон Шопов (1868, Штип–1918, Неврокоп), лекар, член на ВМОК.

154 Иван Цончев (1858, Дреново–1910, Софија), генерал во бугарската армија, потпретседател на ВМОК. Организатор на Горноџумајското врховистичко востание (1902). Учесник во востанието во 1903 година во Мелничко – Разлошкиот регион.

155 Стефан Николов (1859, Прилеп–1915, Софија), потполковник во бугарската армија, член на ВМОК, врховистички војвода, учесник во Горноџумајското востание (1902) и во Илинденското востание (1903).

156 Анастас Јанков (1860, с, Загоричани, Костурско–1906, с. Влахи, Мелничко), полковник во бугарската армија, член на ВМОК, врховистички војвода. За време на врховистичката востаничка провокација во 1902 година продрел до Костурско каде се обидувал да испровоцира востание.

157 Стојчо Гаруфалов (1869, Малко Трново–1924, Софија), полковник во бугарската армија, учесник во акцијата на МК од 1895 година, член на ВМОК, врховистички војвода.

158 Мурџев Атанас (1872, Прилеп – ?), еден од првите членови на МРО (1894), гевгелиски војвода, учесник во организирањето на бомболеарницата со с. Сабљер – Ќустендилско. Подоцна преминал на страна на врховистите, учесник во Илинденското востание.

в) Да се предложи на Централниот комитет за раководители на реони да прими првенствено воени лица, испратени од овде.

г) Сите лица, испратени од Врховниот македонски комитет за внатрешноста, било за членови на Централниот комитет, било за раководители на реони или прости работници, во местото полагаат востановена клетва според правилникот на Внатрешната организација; [тие] во своите активности се раководат според тој правилник, конечно и целосно стануваат предани на Внатрешната организација и ги прекинуваат сите односи со Бугарија во врска со делото, со исклучок за случаите, кога за тоа се определени од Централниот комитет.

д) Да се предложи на Централниот комитет прекинување на секаква приватна кореспонденција во врска со делото како од членовите на Централниот комитет и раководителите од реоните со било кого во Бугарија, така и од членовите на Врховниот македонски комитет со било кого во Македонија и Одринско.

е) При било какви околности тукашните лица од сегашниот Врховен македонски комитет и нему преданите другари по делото остануваат засекогаш неразделно сврзани во Внатрешната организација.

ж) Со овој протокол се поништуваат сите до сега разменети писма во врска со уредување на односите меѓу комитетите.

*Објавено:* Македония. Съборник от документи и материали..., стр. 412-413; Величко Георгиев – Стайко Трифонов, История на Българите 1878-1944, в документи, том I, 1878-1912, част втора, София 1995, стр. 368; Княжеството България и македонският въпрос..., стр. 142-143.

## Документ бр. 35

### Протокол №. 6 од заседанието на Врховниот македонски комитет

**ВМК го предлага Димитар Венедиков за член во ЦК на ТМОРО, а Софрониј Стојанов за член на Битолскиот окружен комитет.**

Софија, 15 мај 1900 г.

15 мај 1900 г. Отсуствуваат Бозуков, д-р Шопов и Саракинов.[159] Се зедоа следните решенија:

1. Согласно протоколот №. 3 се пристапи кон избор на лицата, кои ќе бидат испратени во внатрешноста било за членови на Централниот комитет, било за реонски раководители или прости работници. По долги и опстојни дискусии по ова прашање дојдовме до следното решение: сите еднодушно се произнесоа за капетан Димитар Венедиков[160] да биде член во Централниот комитет, кој по заминувањето во Солун заедно со останатите членови во Централниот комитет ќе го определат и другиот член од споменатиот комитет, прифатен и одобрен во заседанието на комитетот на први овој месец. Капетан Венедиков своето опстојување ќе го прикрива на начин каков што ќе го најде за најприменлив и најсоодветен.

Исто се зборува и за поручникот Софрониј Стојанов,[161] кој, откако ќе го експедира оружјето од Штаерската фабрика, ќе замине за Битола за реонски раководител, каде заедно со месниот (битолски) раководител ќе ги управуваат работите во Битола и округот. Стојанов ќе го прикрива своето опстојување како што ќе најде за добро.

За тоа решение уште денес да се пишува на Централниот комитет за сведение и надлежно распоредување.

*Објавено*: Княжеството България и македонският въпрос..., стр. 144-145.

---

[159] Христо Саракинов (1872, с. Саракиново, Воденско–1908, Софија), бугарски офицер, член на ВМОК, врховистички војвода, учесник во Горноџумајското (1902) и во Илинденското востание (1903).

[160] Димитар Венедиков (1866, с. Бања–1939, Софија), бугарски офицер. Воен советник на Трајко Китанчев за време на акцијата на МК во 1895 година, еден од основачите на Тајните офицерски братства. Кратко време (1896) исполнувал улога на задграничен претставник на ТМОРО.

[161] Софрониј Стојанов (1871, с. Цер, Битолско–1903, с. Габрово, Горноџумајско), поручник во бугарската армија. Војвода во Малешевско и Горноџумајско.

## Документ бр. 36

### Расписка од Вториот македоно-одрински револуционерен комитет, врачена на бугарскиот трговски агент во Битола, Петар Михајлов

[Битола], 27 јули, 1900 г.


Мин/то на Външ/те Раб/ти
Приложение къмъ
Вх. № 1051 отъ 1900

Втори Мак-Одр. Револ.
Окрѫгъ.
27 юлий 1900 г.
№ 277

Господине,

Въ името на светото освободително дѣло поканваме ви да броите на приносителя на настоящето, най-късно три дни слѣдъ получването му, сумата [illegible] за Касата на Макед.-Одринскитѣ Тайни Революционни Комитети, срѣщу която сума ще получите надлежна разписка.

Вий знаете цѣльта, която преслѣдва Революцион. Организация, както и нежелателнитѣ послѣдствия за оня, който би отказалъ да ѝ помогне.

Отъ Управлението.

Расписката од Вториот (Битолски) округ

Втор Макед. Одр. Револ. Округ
27 јули 1900г.
№. 77
Господине,

Од името на светото ослободително дело ве покануваме да му изброите на доставувачот на оваа, најкасно три дена по добивањето, сума од четириесет турски лири за касата на Макед[оно]–одринските тајни револуционерни комитети, за која сума ќе добиете соодветна расписка.

Вие ја знаете целта, која што ја преследува Револуцион[ерната] организација, како и несаканите последици за оној, кој би откажал да ѝ помогне.

*Од Управата*

[Печат:] Македонски революционерен комитет

*Објавено*: Величко Георгиев и Стайко Трифонов, Македония и Тракия в борба за свобода (краят на XIX и началото на XX век). Нови документи, София 1995, стр. 37.

## Документ бр. 37

### Протокол №. 57 од заседанието на Врховниот македонски комитет

**ВМК го обвинува Ѓорче Петров за непочитување на мајската спогодба.**

Софија, 14 декември 1900 г.

Заседание на 14. XII 1900 г. Отсуствува Минков.[162] Се зедоа следните решенија:

1. Се утврди дека членот од Комитетот Ѓорче Петров од пред 7–8 месеци бил во редовна кореспонденција со внатрешните комитети со што се нарушуваат решенијата одбележани во вонредниот протокол од 1 мај о[ваа] г[одина]. Освен тоа, како последица на горното, Комитетот не можел да има полни односи со Внатрешната организација, а заедно со тоа немал можност поопределено да се изјасни поволно за состојбата на работите во М[акедонија] и Одринско. Природно, дека од слично поведение на еден член од Комитетот често би можеле да се породат најнесакани нешта кои не се во интерес на делото, па за избегнување на сите можни грешки кои што би настанале од слични односи на комитетите од внатрешноста, приватно со членот на ВМ Одр[ински] комитет Ѓорче Петров и воопшто со самиот ВМ Одр[ински] комитет, се Реши: да се повикаат на заседание на 19 о[вој] м[есец] следните лица: резервниот потполковник Николов, капетан Д. Венедиков, резервниот поручник Саев,[163] капетан Гаруфалов, Никола Зографов и Никола Малешевски, пред кои ќе се изложи горното, како и да се преземаат потребни мерки за подобрување на односите меѓу двата комитета и појасно определување на положбата на секој еден член од ВМ Одр[ински] комитет спрема Внатрешната организација.

На тоа заседание да се побараат од членот на Комитетот – Ѓорче Петров потребни објаснувања за некоректното поведение, кое од пред 7 месеци наваму го држел спрема последниот.

---

[162] Георги Минков (1864, Лозенград –1943, Бургас), член на ВМОК.

[163] Тодор Саев (1872. с. Белица–1903, с. Цапарево, Петричко), бугарски поморски офицер, член на ВМОК, врховистички војвода, учесник во Горноџумајското востание (1903).

Резултатот од тоа заседание своевремено да се соопшти на ТЦРМО комитет за сведение и надлежно распоредување.

Претседател: Сарафов, потпретседател:..., секретар: В. Ковачев,[164] касиер: Петров[4], советници: Саракинов

(Печат; „Врховен македоно-одрински комитет – Софија")

*Објавено*: Княжеството България и македонският въпрос..., стр. 219-220.

[164] Владислав (Славчо) Ковачев (1875, Штип–1924, Софија), полковник, секретар на ВМОК (1899–1901), војвода во Малешевско и Кратовско, учесник во Илинденското востание.

[4] Георги Петров (1862, с. Белица, Разлошко–1914, Софија), касиер на ВМОК (1899–1901).

## Документ бр. 38

### Протокол №. 59 од заседанието на Врховниот македонски комитет

**Одлука на ВМК да го протера Ѓорче Петров од Бугарија поради непочитување на мајската спогодба.**

Софија, 19 декември 1900 г.

Заседание на 19. XII 1900 г. Отсуствува Минков. Присуствуваат и капетан Д. Венедиков, резервниот поручник Саев и Никола Зографов. Се зедоа следните решенија:

1. Претседателот ја соопшти целта на сегашното собрание согласно протоколот №. 57 од о[ваа] г[одина] притоа се посочија и прочитаа повеќе писма кои што најочигледно го сомничат членот на Комитетот – Ѓорче Петров во неискреност спрема останатите членови на Комитетот. Освен тоа со невистинитите извештаи кои Ѓорче Петров во продолжение на цели 7–8 месеци редовно ги изложувал пред ТРЦМ–Одр[ински] комитет, направил така што односите на последниот со ВМ Одр[ински] комитет да не бидат такви, како што тоа го изискуваат интересите на делото. За свое оправдување Ѓорче Петров не можеше да даде еден задоволителен одговор, туку заплеткано се оправдуваше со општата фраза „во интерес на делото“.

По заслужените укори, кои членовите на Комитетот еднодушно ги упатија по адреса на бившиот член на Комитетот – Ѓорче Петров, се зеде следното решение:

Од ред документи и факти што се на располагање на Комитетот се истакна жалниот факт, дека членот на истиот комитет – Ѓорче Петров по земените решенија одбележани во вонредниот протокол од 1 мај о[ваа] г[одина], од тогаш па до ден денешен се однесувал крајно престапно спрема своите другари од Комитетот, при што ги игнорирал во сѐ што се однесува до Внатрешната организација. Бидејќи Ѓорче Петров криво го информирал почитуваниот ТРЦМ–Одр[ински] комитет за дејноста на ВМ Одр[ински] комитет и го заблудувал за суштината на тукашните работи, затоа ВМ Одр[ински] комитет во својот денешен состав изјавува дека му е невозможно понатаму да другарува со Ѓорче Петров, поради тоа на овој последниот му предложи во еден (15) петнаесет дневен рок од денес да ја напушти Бугарија и да престане да дејствува во реонот на ВМ Одр[ински] комитет.

За горното неодложно да се соопшти на почитуваниот ЦТРМ Одр[ински] комитет и да се замоли согласно точка 2 од вонредниот протокол од 1 мај о[ваа] г[одина] да испрати за членови во ВМ Одр[ински] комитет на местото на Ѓорче Петров, други двајца свои другари.

2. Се прочитаа писмата од ТРЦМ Одр[ински] комитет со кои се обвинува Зографов за претерување во нему наложената работа со што се нанесувало штета на делото.

Се реши да се побара од ЦК препис на оние писма од Зографов кои го сомничат во посоченото претерување во нему наложената задача.

Претседател Сарафов, потпретседател:..., секретар: В. Ковачев, касиер: Петров, советници: Саракинов.

(Печат; „Врховен македоно-одрински комитет – Софија")

*Објавено*: Княжеството България и македонският въпрос..., стр. 220-221.

## Документ бр. 39

### Правилник за четите на Тајната македоно–одринска революционерна организација[165]

[1900 г.]

Глава I

Во секој револ[уционерен] околиски реон се уредува една чета како неразделен дел од Организацијата. Таа се движи тајно низ реонот по потреба на делото и по наредба на месниот комитет.

Глава II

*а) агитација*

§1. Четата, како дополнителен дел на месната реонска организација ги објаснува и распространува меѓу населението идејата, целта и задачите на Организацијата, определени во нејзиниот устав и правилник.

§2. Во местата, каде што има формирано организации ги подготвува членовите на тие организации за вистински народни борци, ги упатува во духот и насоките на Организацијата и ги зацврстува во организациски и дисциплински однос; додека во местата, каде што нема организација, но има почва, организира таква, согласно уставот и правилникот на Организацијата а за направеното

[165] Правилникот за четите на ТМОРО бил изработен од Гоце Делчев и Ѓорче Петров во 1900 година. Истиот бил испратен во ЦК на ТМОРО на одобрување и за хектографирање. Еден примерок од Правилникот за четите паднал во рацете на османските власти за време на Солунската провала (јануари 1901 г.). Истиот бил преведен на турски јазик и доставен до странските дипломатски претставништва во Солун. На тој начин Правилник стигнал до рацете на бугарскиот, српскиот, австрискиот, францускиот и други дипломатски претставници кои потоа го превеле и препратиле до своите влади. Меѓутоа, треба да се нагласи дека при слободниот превод на Правилникот од бугарски на турски јазик, а потоа од турски на другите јазици се направени повеќе слободни интерпретации и неточности. Во таквите варијанти од Правилникот, дури постојат одредби кои воопшто ги нема во оригиналниот Правилник за четите на ТМОРО. Така распространетата верзија од Правилникот за четите содржи 40 членови, додека оригиналниот примерок содржи 47 членови, притоа не вклучувајќи ја одредбата во првата глава, која доаѓа како еден вид преамбула. Оттука спомената верзија на Правилникот за четите, која османските власти ја доставиле до дипломатските претставништва, а тие ја препратиле до своите влади не треба да се зема предвид и да се претставува како Правилник за четите.

го информира Реонскиот комитет (раководно тело) за сведение и надлежно распоредување.

§3. Преку убедување и морално влијание меѓу населението ја спроведува идејата за самовооружување.

*б) организација*

§4. Како дополнение на дејноста на месните раководители во селата и градовите, четата ги уредува управните тела, групи, извршната полиција, тајната пошта, ги уредува сметките и списоците на членовите во селските месни комитети и воопшто уредува сè што е предвидено во правилникот, но дотогаш не било извршено.

§5. Четата ги организира силите на Организацијата во содејство со раководителите по селата и градовите во воен однос, ги обучува момчињата во воено искуство и ги подведува под воена дисциплина.

*в) извршна задача*

§6. Четата по наредба од реонскиот раководител, сама врши, или го поткрепува преносот на воени материјали во својот реон. Нејзе и се остава грижата за раздавање на оружјето меѓу населението (членови на Организацијата) и за негово чување во добра состојба, било во складови, било кај работниците.

§7. Ги поткрепува раководните тела при принудно собирање пари, при што употребува морално и физичко влијание и насилство врз посочените лица од раководителите; воздејствува врз разни членови и нечленови на Организацијата за нивно вразумување.

§8. По наредба од Комитетот ги истребува лицата осудени на смрт.

§9. Го дебне и парализира пренесувањето на оружје кое припаѓа во непријателски раце; дебне и преследува разбојници без оглед дали се Турци или христијани, како и секоја чета која не припаѓа на Организацијата и во согласност со месното реонско раководно тело презема потребни мерки за нивното истребување или за парализирање на нивните активност.

§10. Четата врши политички обири и грабежи, но само со одобрение и по наредба на месното реонско раководно тело и на Централниот комитет во името на ослободителното дело и за него. Земените пари на тој начин, припаѓаат на општата организациска каса; тие се прибираат со знаење на целата чета и се предаваат со расписка на месното раководно тело, кое ги препраќа во Централ-

ниот комитет. Во исклучителни случаи се внесуваат во општата организ[ациска] каса на начин, каков што ќе се најде за најсигурен.

*ī) крајна задача*

§11. Четата е определена да служи во својот реон како јатка и смртна дружина во време на востанието; таа прва треба да го подигне знамето на револуцијата по наредба на Централниот комитет, да го поддржи и соживи духот на борците во самата борба и во најтешки времиња и моменти. За постигање на ова крајна задача во време на нејзината подготвителна активност таа треба да има предвид: а) со своето примерно поведение кон населението да стане почитувана за тоа да ја следи во време на борбата; б) со зборови и смели дела, бескористољубие, кои произлегуваат од искрена преданост кон ослободително дело да служи пред членовите на Организацијата како пример на вистински народни борци за слободата на земјата и со тоа да ги поттикне, охрабри и приврзе кон себе; в) да подготви меѓу членовите на Организацијата колку што може верни другари способни да ја издржат борбата до крај, при што ќе потканува избрани луѓе да земат учество задно со неа во разни ризични потфати или ги подбуцнува и ги тера самите да преземат такви.

## Глава III

### *Ойшйи одредби за чейайа*

§12. При своето движење и активност четата треба да настојува да го зачува во тајност не само делото, туку и своето постоење, како и да одбегнува активности, кои што можат да повлечат голема несреќа за месното население и катастрофа за Организацијата.

§13. Како дел од револуционерната организација, таа треба да го сообразува своето поведение и дела со правилникот на Организацијата со општите упатства од Централниот комитет и воопшто со духот и управувањето на Организацијата.

§14. Таа треба строго да внимава на пропишаното во правилникот на Организацијата за таинственоста: а) работа по делото од едно село не треба да се соопштува во друго; б) за своите дела и работи по Организацијата треба строго да ја чува тајната пред секој друг, освен пред главниот месен раководител и пред полномошникот на Централниот комитет; в) по можност по патиштата и по селата да ги одбегнува средбите со луѓе туѓи на ослободителното дело; г) на момчињата од четата им се забранува од проста љубопитност да распрашуваат и разузнаваат за работите на Организацијата кои не влегуваат во нивните задачи.

§15. За извршување на некоја акција од полза за делото каде се потребни повеќе сили, или за зачувување од силен непријател, четите од соседните реони може привремено да се спојат во една под команда на началникот на месната чета. Повикот за спојување може да биде по покана преку раководителите или во краен случај на началниците на четите. Четата од еден реон може да влезе во друг без дозвола, уште за да се прикрие од прогонот на непријателот, во тој случај таа едноставно е гостин под команда на тамошниот началник на четата и под надлежност на тамошното месно раководно тело. Во сличен случај, т.е. спојување за определена акција во корист на делото и за самозаштита, четата привремено може да се послужи и со надворешни луѓе и да влегува во директно разбирање со дејците од друг реон. Надвор од тие случаи, без наредба, четата по никој начин не може да оди во друг реон.


ПРАВИЛНИКЪ

ЗА

ЧЕТИТѢ НА ТАЙНАТА МАКЕДОНО-ОДРИНСКА РЕВОЛ. ОРГАНИЗАЦИЯ.

Глава I.

Въ всѣки Револ. Околийски Районъ се урежда една чета, като не раздѣлна часть отъ Организацията. Тя се движи тайно изъ района по нужди на дѣлото и подъ разпорежданeто на мѣстния Комитетъ.

Глава II.

**Назначение на четата.**

а) агитация.

Чл. 1. Четата, като допълнителна часть на мѣстната района организация, обяснява и разпространява между населението идеята, цѣльта и задачитѣ на организацията опрѣдѣлени въ нейния уставъ и правилникъ.

Правилникот за четите на ТМОРО

§16. Напади на цели села, обиди за подигање на селата на бунт – и воопшто акции од покрупен карактер, кои можат да ја вовлечат Организацијата предвремено во борба се сметаат за престапни и предавнички дела. Виновниците се преследуваат и казнуваат како престапници и народни душмани.

§17. Четата нема право да извршува никакви убиства без одобрение на месниот реонски комитет (раководното тело). Исклучок од ова се прави при следните случаи: а) за докажани шпиони и предавници при што се внимава при нивното истребување да не се даваат непотребни жртви; б) кога е спречена од случајна средба да го направи тоа за самозаштита или зачувување на делото; в) истребување на некоја разбојничка банда или чета, која не припаѓа на Организацијата.

§18. Четата го проучува својот, а по можност и соседниот регион во географски и воен однос: патишта, патеки, реки, распоред на планини, сите стратегиски пунктови погодни за прикривање, за отпор или за напад на непријателот; духот, бројноста и вооружената подготовка на революционерното и турското население; воените сили на непријателот воопшто и делумно по пунктовите во реонот и слично.

## Глава IV

### *Однос на чешаша со комишешош*

§19. Четата во општите работи е потчинета на месното реонско раководно тело. Таа ги исполнува неговите наредби и за сите свои работи и потфати од него бара одобрение и дозвола и му реферира за сето извршено. Контактите со него ги одржува на начин, каков што заедно ќе го определат.

§20. Наредбите на ЦК и на реонското раководно тело до селските комитети, четата не може да ги потцени и игнорира. Треба да го поддржува воспоставениот ред во реонот меѓу селата и градот. Таа е должна секој месец на раководното тело да му дава целосен отчет за извршеното од неа, кој се испраќа во ЦК.

§21. Раководното тело е должно да се грижи за навремено доставување на сѐ што е потребно за четата, за вооружувањето, исхраната, облеката и нејзиното поддржување. Тоа кога дава наредби на четата за работа и движење во исто време е должно да ги преземе сите мерки за да ѝ даде можност, олеснување и поткрепа за нејзино брзо и сигурно движење и криење или за извршување на нејзините акции, како и навреме да ги задоволува сите нејзини справедливи барања.

§22. Четата за свои јатаци, посредници и поддржувачи треба да има само луѓе на Организацијата, затоа пак раководното тело е должно да нареди до сите месни организации во реонот да ѝ го даваат потребното содејство и поддршка и да се грижат за нејзината безбедност.

§23. Договарањата меѓу началникот на четата и комитетите (раководното тело) може да се одвиваат и усно преку здрави и сигурни луѓе, пратеници од едната, или другата страна, или писмено по уредениот организациски канал. За активности од поважен карактер, поврзани со некаква одговорност, како убиства, обири и слично, раководното тело треба да издава писмена наредба за четата да има документ.

§24. Недоразбирањата меѓу четата и селскиот комитет ги разрешува реонскиот комитет (раководно тело), а оние меѓу последниот и четата ги разрешува Ц[ентралниот] комитет, било од реонското раководно тело, било воопшто од состојбата на работите по делото, реонското раководно тело е должно да даде тек по комитетски канал.

§25. Четата може да го смени и напушти својот реон само по писмена наредба на Ц[ентралниот] комитет.

§26. Самоволното напуштање на реонот се смета за неодговорност. Растурање на четата може да стане само по наредба на Ц[ентралниот] комитет.

## Глава V

*Состав и внатрешен ред на четата*

§27. Четата вообичаено се состои од 7 или повеќе души, според потребите и условите на реонот во кој се наоѓа. Таа има свој началник кој се определува од Ц[ентралниот] комитет.

§28. Момчињата од четата треба да бидат готови и способни да ги поднесат сите тешкотии на горскиот и илегален живот и ризикот на нивната работа: тие треба да се заколнати членови на Организацијата, по можност побудни и совесни борци со докажан карактер, постојаност, морални и некористољубиви – со еден збор да бидат борци за пример за да ја направат и самата чета таква. За момчињата кои бараат приватна одмазда и личен интерес во четата нема место.

§29. Изборот на момчињата за четата се врши со согласност на месното реонско раководно тело. Четата не може да прими во својот состав нов член без согласност на раководителот, ниту последниот не може да ѝ наложи таков без согласност на четата.

§30. Четата служи како привремено сврталиште на работници кои се прогонуваат и кои се компромитирани пред власта за работи поврзани со делото и кои станале невозможни за легално живеење во своето место. Тие или други луѓе на делото, кои директно би дошле во четата, таа ги држи кај себе едноставно на чување, додека се разбере со раководното тело.

§31. На момчињата им се препорачува: а) скромност во облеката, воздржаност во односите со луѓето и во барањето храна. Добивање на храна, прибежиште и поддршка преку населението се забранува, освен во крајно неизбежни случаи. Самоволието и недоличноста на момчињата по куќите кои можат да ја компромитираат четата пред населението се осудуваат, а тие со пијанство и блудничење се казнуваат најмалку со разоружување и исклучување од четата и Организацијата; б) момчињата треба да се почитуваат меѓу себе како браќа и секој од нив да биде готов да се жртвува за својот другар. Секој е должен да притекне на помош на другарот кога е изложен на опасност.

§32. При првиот признак, дека некое момче за лично самозапазување и спасување ќе го напушти својот другар во момент на

опасност и доколку не му помогне ако има можност за тоа, тој се исклучува од четата и Организацијата како страшливец.

§33. Секое момче е должно да отстапува од личните желби и предлози за работа, ако дружината не се согласува со него. Итрувањата и интригите во четата се осудуваат во неа, а виновниците се предупредуваат од другарите.

§34. Како луѓе, кои служат на едно свето дело момчињата братски делат меѓу себе сѐ (храна, облека и др.) што ќе им попадне или ќе им се даде. Во тој случај началникот нема особено право. Среброљубието, користољубието и себичноста на момчињата се сметаат за лоша особина.

§35. На оние момчиња кои се родум од местото каде што работат им се препорачува да ги одбегнуваат средбите со домашните, роднините и пријателите. Без дозвола на началникот никое момче не може да ја напушти четата и да си замине дома или кај некој познат. По можност момчињата треба да ги кријат своите имиња, потеклото, местото на раѓање и живеење.

§36. Никое момче не може да ја напушти својата чета за да отиде во друга, без дозвола. При сличен обид и при напуштање на четата без оправдани причини се исклучува од Организацијата засекогаш.

§37. Оружјето на четата се смета за комитетско и кога некое момче ќе ја напушти четата засекогаш, началникот на четата му го прибира оружјето и го предава на комитетот.

§38. Началникот на четата ги раководи сите работи што се однесуваат до животот, движењето на четата и исполнувањето на разни задачи. Тој го определува местото и времето за сместување, преспивање и криење на четата: определува стража и ги презема сите потребни мерки за заштита. Наредува сѐ за доставување и раздавање храна и други реквизити на четата; тој ги разрешува недоразбирањата меѓу момчињата, или пак, меѓу последните и населението.

§39. Планот за акциите го определува началникот по советување со целата дружина, а исполнувањето се раководи и командува од началникот кој по свое согледување има право да ги распределува момчињата и да им дава работа, да го избира местото и времето за работа на секое момче и др. Кога се бара од раководителот некое момче за работа, началникот прави избор; негово право е да назначи момче од четата за обука кога тој самиот не може да раководи.

§40. Во сите гореизложени случаи дружината е должна да му се потчинува и да го слуша, но и тој (началникот) е должен во односите со четата да биде вистински нивен другар. При наредбите да избегнува грубост и недоличност и да ги почитува мислењата и желбите на дружината, доколку со тоа не се нарушува редот на работата.

§41. Во случај на разногласност меѓу момчињата за некој план, или некое друго прашање, гласот на началникот е решавачки. Општите спорови, кои началникот не може да ги разреши, како и недоразбирањата меѓу дружината и началникот ги разрешува реонското раководно тело при лично иследување на спорот од него или негов пратеник. Началникот е должен да им дава тек на поплаките на момчињата и да ги препраќа до месниот или Цен[тралниот] комитет. До разгледување на поплаката, оној што се жали е должен со ништо да не го нарушува редот на четата.

§42. Од момчињата во четата многу зависи дали ќе ги исполни добро своите задачи. Од нивното примерно поведение спрема населението многу зависи дали ќе бидат почитувани од него: само при добро зачувување на внатрешниот ред од *целата дружина*, и при полн заговор меѓу момчињата, таа може да стане пример за работниците. Успешното извршување на било каква работа е можно само кога секое момче служи со ревност и ја исполнува наложената работа од началникот. Во сите односи за грешките на четата пред *комитетот* еднакво се одговорни и началникот, и момчињата.

§43. Момчињата имаат еднакво право со началникот да земаат учество во агитациите во духот и насоките на Организацијата, притоа да се спазува редот во говорењето.

§44. За внатрешниот ред и примерната дисциплина во четата, толку неопходна за неа во секој однос, главната грижа лежи врз началникот, но од тоа не е ослободена и целата дружина. Недоразбирањата, обичните грешки и нередовноста во четата се изгладуваат на мирољубив начин. Грубоста треба да се одбегнува.

§45. Поголемите престапи и прекршоци, како нередовност во стражата, во исполнувањето на некоја наложена мисија, спротивставување со умисла на началникот или на целата чета, отклонување со зборови или дела од духот на Организација и за слично друго, виновните се опоменуваат во присуство на целата чета. При непоправливост, повторно непокорство, големо отклонување од духот на Организацијата, при докажано користољубие и неморалност, за пијанство и лоши односи со другарите и работниците на Организа-

цијата и за напуштање на четата по своја волја, дури и со дозвола на началникот на четата се отстранува од четата и засекогаш се исклучува од Организацијата.

§46. Смртна казна се предвидува во следните случаи: а) кога некое момче ќе се обиде да изврши, или ќе се дознае, дека се подготвува да изврши предавство за некој работник на делото или кон четата на Организацијата; б) кога ќе издаде тајни работи од кои би произлегла опасност за Организацијата или за четата или некои работници; в) кога на своја глава за личен интерес и по лични причини ќе изврши работи кои не се во согласност со задолженијата на четата и со духот на Организацијата; г) кога во време на акција на четата ќе се обиде да избега од неа, не ја исполнува наложената работа и со тоа ќе ја доведе во опасност целата чета или ќе ги спречи нејзините активности; д) кога целата дружина врз основа на долго набљудување ќе утврди дека некој заслужил смрт.

§47. Решенијата за смрт се носат од целата чета со одобрување на реонското раководно тело.

Правилникъ за четитѣ на Тайната М. Одр. Рев. организация, ДАРМ, ф. FO. МФ. 329. 195/1215, №. 207.

## Документ бр. 40

### Писмо од Гоце Делчев до Никола Малешевски

**Откриен каналот преку с. Ветрен; прекин на односите со ВМК; ВМК настојува да ја искористи ситуацијата по Солунската провала за преземање на раководството во Организацијата; голема потреба од пари.**

Софија, 4. III 1901 г.

Пишувано во Висока,[166] на горната дата

Брате Никола,

Го добив твоето писмо, кога Јане[167] беше заминал за Дупница. Жална е случката во Ветрен,[168] но уште пожално е што во иднина внесувањето речиси ќе биде невозможно. Помина, одлета благопријатното време за пренесување на оружје. И ако се обидуваме да внесуваме, секогаш треба да очекуваме слични разоткривања, речиси дури придружени со човечки жртви. Препорачај строго внимание на внатрешните.

Треба да знаеш, дека јас и Ѓорче[169] не одиме во Комитетот.[170] Не стапнуваме таму, каде бесовесноста е стигната до таму, што со демонска насмевка да ти се радуваат на жестоките удари, нанесени од турската власт на Организацијата,[171] како последица на што им се дала можност да ја заземат положбата (?!). Поставувам прашалник, зашто сè уште е прашање. Но сега нам ни требаат пари, за да може-

---

[166] Висока – псевдоним за Софија.

[167] Јане Сандански (1872, с. Влахи, Кресненско–1915, Мелничко), истакнат македонски револуционер во Серскиот револуционерен округ. Учесник во акцијата на МК од 1895 година, главен актер во аферата Мис Стон, непомирлив противник на врховизмот, учесник во востанието 1903 во Серскиот округ, учесник на Рилскиот конгрес (1905). Учесник во младотурскиот походот на Цариград за детронизација на султанот Абдул Хамид II (1909). Во првата Балканска војна го ослободил Мелник и влегол во Солун пред грчката и бугарската армија.

[168] Се однесува на раскривањето на каналот на ТМОРО низ с. Ветрен (Ќустендилско).

[169] Ѓорче Петров.

[170] Во ВМОК.

[171] Станува збор за Солунската провала од јануари 1901 година кога меѓу другите биле уапсени и членовите на ЦК на ТМОРО. Тогаш ВМК на чело со Борис Сарафов се обидел да ја искористи тешката положба за да го преземе раководството на Организацијата.

ме да ги извршиме најважните работи, особено таму, каде што најмногу е растроено. Од каде да ги земеме, воопшто не знам. Ќе се обратиме кон Цумаја, за каде што овде приклучувам едно писмо. А додека пратат оттаму, веднаш штом ќе го добиеш ова, испрати ја кесијата, која ти ја оставив со неколку наполеони внатре. Гледај час поскоро да ги испратиш, бидејќи времето е најскапо, особено за работата, која сметаме да ја вршиме. А уште подобро, писмото за Цумаја, ако можеш уште истиот ден, или истата вечер да го пратиш, а носителот никако да не го држи кај себе.

Иако не ти појаснувам во што се состои работата, верувам дека ја сфаќаш цената на времето, затоа потруди се, така што и парите да ги испратиш најбрзо и писмото по можност да го испратиш побрзо. Со братски бакнеж за тебе и Јане.

*Ахил*

Ако не си ја пратил лирата на Стоицовиот брат, немој да ја праќаш. Ќе видиш од писмата зошто. Прати во Панчарево три револвери, ако можеш, и тоа такви, какви што ти кажав; само треба добро да ги испробаш. Прати ги и опинците во Лешко, четири чифта. Немој да заборавиш да го пратиш оставеното писмо од лешковскиот учител за сестра му.

*Објавено*: Гоце Делчев. Писма и други материали..., стр. 215-216.

## Документ бр. 41

### Писмо од Гоце Делчев до околискиот комитет во Горна Џумаја

**Членовите на ЦК на ТМОРО се затворени; секој реон привремено да дејствува на своја одговорност; врските со ВМК се прекинати; голема потреба од пари.**

Софија, 4. III 1901 г.

Пишувано во Висока деветстотини и прва, трети месец, четврти ден. За браќата во Перник.[172]

Централниот речиси цел е окован во пранги. Растројството таму е големо. Времено секој окружен реон да дејствува на своја одговорност без да се застранува од основната програма. Подоцна ќе добиете окружно со кое ќе ви се даде поцелосно осветлување за сегашната положба на работите. Ние овде сосема ги прекинавме врските со Врховниот и за тоа ќе бидете запознаени.

Ви драскам набрзина. Важни работи ни престојат, а за нивното исполнување требаат пари и тоа барем од педесет до сто лири. Бидејќи вашиот реон е најблизок се обраќаме кон вас, и тоа штом ќе го добиете ова, веднаш испратете со посебен курир до Малешевски, кој што веднаш треба да ни ги донесе нам, или пак куриот директно нам да ни врачи барем педесет лири на прва рака. Не доцнете ниту ден, ниту минута. Ако немате готови, земете на заем, па после ќе ги враќате. Тие пари (внесените од вас) ќе ги оправдаме пред Централниот, ако го ослободат или ако жестоката судба не ги ослободи – пред новоконституираниот. А вам за оправдување ќе ви дадеме една расписка од Марко.[173]

Во Панчарево има собрано триесет до триесет и пет лири. Побарајте ги барем триесетте, откако формално ќе издадете организациска расписка на име на селото од името на вашиот комитет. И тие пари час побрзо пратете ги. Скапо е времето. Положбата на делото е усложнета. Побрзајте да го направите тоа.

За да може да ги извлечете парите од Панчарево, приклучувам едно писменце за таму, за да не се допрашувате до Каменица, под чија надлежност е тоа (Панчарево).

---

[172] Псевдоним за Горна Џумаја.

[173] Псевдоним за Ѓорче Петров.



Факсимил од писмото на Гоце Делчев до околискиот комитет во Горна Џумаја

Пратете специјално човек до тамошниот учител Трајчо Манчов. Брзо фаќајте.

Со братски бакнеж,
*Ахил*

Една лира покасно ќе земете во Панчарево од сумата назначена во расписката и усно ќе им кажете таа лира да се даде на Стоицовиот брат, од кој ја зедов овде.

*Објавено*: Гоце Делчев. Писма и други материали..., стр. 244-248.

## Документ бр. 42

### Окружно писмо од Гоце Делчев и Ѓорче Петров до окружните, околиските и селските раководителите и до началниците на четите

**Анализа на состојбите во ТМОРО по Солунската провала; прекин на односите со ВМК; воведување на привремена децентрализација; предупредување за опасноста од избивање на предвремено востание; инструкции за да се спречи навлегувањето на врховистите во Македонија.**

[помеѓу 8-14 март 1901 г. ][174]

Окружно писмо до окружните, околиските и селските раководители и до началниците на четите на Внатрешната револуционерна организација од Марко, Ахил и внатрешните сомисленици што живеат во Бугарија.

Два настани, еден од друг посудбоносни за ослободителното дело, едновремено ѝ нанесуваат удар на нашата Организација – едниот од внатре, другиот од надвор[175] – и ја прават нејзината положба толку деликатна, колку што не била никогаш до сега. Мислиме, дека при таква положба правиме една услуга, пополнуваме (?) една празнина во работата, при што со ова окружно испраќаме осветлување за тие настани, и мерки, кои ги сметаме за неопходни да се преземаат.

Прво. Со разни афери и аферчиња турската влада вечно нè држи нас на штрек, а целото население во тревога. Очигледно, незадоволен од своите досегашни ѕверства, извршени над нашите браќа без разлика дали се комити или не, султанот решил по секој начин да ја смири земјата, откако со еден удар ќе го смачка революционерното дело. Жестокиот Хамид[176] сега најде благопријатен мо-

[174] На оригиналниот текст кој е пишуван со шифра и размножен на хектограф не постои датум. Меѓутоа, според содржината и други писма од Г. Делчев се претпоставува дека истото е пишувано помеѓу 8 и 14 март 1901 година. Окружното содржи 12 шифрирани страници од кои првите шест ги напишал Ѓорче Петров, а другите шест страни – Гоце Делчев.

[175] Внатрешниот удар е последица на Солунската провала и апсењето на членовите на ЦК на ТМОРО, а надворешниот удар доаѓал од тенденцијата на ВМК на Б. Сарафов за преземање на раководната улога во ТМОРО кога таа била во најдлабока криза.

[176] Абдул Хамид II (1842, Цариград–1918, Цариград), османлиски султан (1876–1909).

мент да го примени одамна подготвуваниот удар. Зимата го обезбедува од едно внатрешно вооружено спротивставување од страна на населението на ѕверствата на неговите џелати, а благонаклонетоста кон него на неговите колеги тирани – европски господари – го обезбедуваат од надворешни сплетки. Изјавите на бездушните цариградски дипломати во полза на задушување на револуционерното движење послужија како сигнал, а некои ситни случки од разни краишта на нашата многустрадална татковина му послужија за повод. На крајот на краиштата кај нас денес е во полн развој еден ужасен погром, кој што особено силно се projави и разви во оние места (Солунско), каде Турците најпосле забележале поголема живост. По општа заповед од Цариград и по претходно осмислен план, турските власти во целата земја речиси едновремено преземаат мерки, кои ги гонат следните три општи цели:

*Прво*. Да ги изловат сите поважни, побудни и појунаци Бугари за кои има информации [?], сомнеж или едноставно за кои може да се допушти дека се во состојба да го побудуваат и да го водат народот; преку нив, преку фатени документи и комитетските книги и по претресите да ги фати сите нишки на револуционерното дело и да ја пресече главата на револуционерното тело, за да може наеднаш да го смачка.

*Второ*. Да го сосипе материјално и да го убие морално селското население како понезаштитено и да посее ужас и трепет кај градското население, за да може на тој начин да ја отстрани почвата за виреење на револуционерното дело во земјата, доколку побегнатите од неговите раце или некои новодојдени водечки сили би се обиделе да го обноват и продолжат.

*Трето*. Градовите и селата, дури горите и полињата да ги стегне во железен обрач, та сигурно да стане невозможна секоја општествена дејност за Бугаринот.

За постигање на овие три цели се употребени драконски мерки. Сите други турски смирувачки мерки, надвор е објавено како Македонија да е во револуционерна положба, без да има револуција во неа. Излишен е трудот да се опишуваат мерките, кои вам ви се познати подобро; не сакаме да ги опишуваме трогателните слики од страдањата на нашите браќа по потекло и идеја, за да не ја дразниме сè уште незатворената братска рана.

Пристапуваме директно кон целта на сегашново: дали ќе ја постигне султанот својата цел да го уништи револуционерното ослободително дело кај нас?



Факсимил од окружното писмо на Гоце Делчев и Ѓорче Петров

Светлиот дух, кој ги осветли срцата и душите на нашите браќа и револуционерната идеја – мајка на тој дух – се нескршливи, нив ниту железната арнаутска рака, ниту штикот на алабакот – војник може да ги пробие, ниту пак, куршумот може да ги пробие. Тие заканувачки се издигаат нагоре, колку што турската валкана рака се обидува да ги фати и загуши. Тој дух, таа идеја, кои еднаш проникнале во народната маса и во неа пуштиле корења и клонови, ќе ја крепат храброста на борците и ќе го обноват нивното воодушевување. Забележлива е великодушноста и трпението со кое нашите браќа поднесуваат неописливи страдања. Тоа ги издига како велики маченици – борци, непоколебливи работници за светата кауза на нашето ослободување.

При таков дух кај населението, ние негуваме цврста вера, дека и оваа бура како и другите ќе замине и зад себе ќе остави траги од опустошувања и поедини несреќи, но нема да го убие народниот дух, нема да ја ослабне преданоста на народните маси кон ослободителното дело. Дури допуштаме дека ќе даде обратни резултати, зарем пострадаdаните браќа нема да станат пожестоки и очајни непријатели на турската власт, зарем неподносливите маки, бесчестењата и грабежите нема да ги доведат до последен очај и да возбудат во нив чувство за одмазда! А знаете ли каква ќе биде одмаздата на еден очаен роб? Задоволителен впечаток прави констатираната појава во разни места од Солунско каде спокојно гледаат на тамошните турски дивјаштини и си ја тераат работата без страв. Не другари, нема зашто да очајуваме, ниту да даваме данок на чувствата заради пострадалите браќа. Со спокојно око и цврста вера да погледнеме кон иднината и смело да одиме напред.

За жал за Организацијата не можеме да го кажеме истото, што го кажавме за широкото ослободително дело воопшто. Неспорно, овие удари ќе ѝ причинат едно силно стреснување и своевремено ќе го попречат нејзиниот правилен и развиен тек на работите, а на некои места тие можеби привремено ќе бидат сосема прекинати. А за загубата на толку наши браќа со возвишени и велики души што да кажеме? Плач во прво време, па после црпење храброст од нивната непоколебливост. Тоа ни се налага да го правиме за нив. Организацијата силно ќе ја почувствува нивната загуба.

Кога го велиме горново за Организацијата, ние не сакаме да кажеме, дека таа е сосипана, изгубена. Чувај боже од таква помисла кај нас. Тоа може да го кажат, ќе го кажат сигурно само слабите луѓе во верата и во храброста. Еднаш убедени дека широкото ослободително дело не губи и не страда многу од турските жестокости, треба

да бидеме уверени и во нескршливоста на Организацијата. Да, таа е нескршлива, зашто таа е народна, а султанот дали може да го истреби целиот народ?

Ако за Организацијата не говориме така, како што говориме за широкото ослободително дело, тогаш тоа го правиме само за да покажеме дека нашата Организација преживува една фаза и влегува во нова, и да го свртиме вашето внимание кон наложената потреба секој во својот реон да ги прегледа своите работи и да осмисли мерки за новата состојба на работите, бидејќи мерките на власта и новосоздадените услови налагаат да се преземат. Изрично ве поканувам кон тоа, при што напомнувам да не се заборави, дека да управуваш и да раководиш со работи, тоа значи да предвидуваш, дека колку и да е важно нешто да се заврши, толку е важно тоа да се зачува и зацврсти и да се истера до крај.

Мислам дека во тој однос ќе ви бидеме корисни, ако од наша страна во својство на постари другари и членови на Централниот комитет ви ги дадеме за ваше раководење следните упатства:

*а)* Бидејќи последните настани ги направија речиси невозможни брзите соопштенија меѓу центарот[177] и околиските пунктови, привремено се налага децентрализација. За сите прашања и за тековните активности на комитетите, кои досега се решаваа од Централниот, сега решение ќе се бара од окружните, а оние околии, кои директно зависеа од Централниот, ќе ги разрешуваат и извршуваат на своја одговорност. Неопходен услов, за кој како окружните, така и околиските [комитети] треба строго да внимаваат, тоа е – треба строго да се придржуваат до словото и смислата на Правилникот и окружните на Централниот и до практикуваниот до сега систем и начин на дејствување за разни области на нашата активност. Да не се допуштат никакви новини и крупни иницијативи. Веруваме дека на тој начин одделните комитети ќе ја продолжат својата работа како до сега и на тој начин, нашата Организација нема да настрада од привремените пречки. Што се однесува до општите работи и прашања, тие брзо се средуваат, штом одделните комитети сами по себе се здрави и силни.

*Второ.* Неспорно, нашиот непријател е силен и располага со многу силни средства за да ни пречи и да нè бие, но тоа немаше и нема да биде сосипувачки за Организацијата целосно и за некои комитети одделно, ако со нашите грешки при своите активности не

[177] Се однесува на ЦК во Солун, чии членови во тој момент биле притворени во врска со Солунската провала.

му даваме можност да не бие со наши камења по нашите глави. Предвидливоста и претпазливоста, кои се толку неопходни во едно такво сложено дело какво што е нашево им недостасувале на нашите дејци. Воопшто, целата наша активност не се базирила врз добро осмислен и строго приложуван план за акција, туку сме ја терале речиси по турски со негелирсе.[178] Досега видовме доволно последици од нашата распашаност, рамнодушност и разлабавеност. Да се поправиме барем за во иднина! Се налага должност на секое раководно тело да ги прегледа сите свои работи и да ги поправи сите оние слабости и недостатоци во Организацијата од кои може да се претпоставаат и да се предвидат штети. Нашата Организација треба да стане поприбрана и постегната. Да се обрне поголемо внимание на дисциплината на работниците. Препорачливо е привремено да се одбегнуваат сите работи што може да подигнат голем шум и да предизвикаат прогони од власта.

*Треѿо.* Колку повеќе нашата Организација се засилува, толку поголема станува опасноста од избувнување на некое месно востание, кое може да предизвика општо востание, бидејќи паралелно со засилувањето се зголемува процентот на бојните елементи, а се засилува и вриењето и нетрпеливоста кај населението. Провокациите од Турците се зголемуваат. Според нас, најголем престап што може да го направи еден наш деец пред народот и историјата, тоа е да подигне едно предвремено и неподготвено востание. Тоа ќе биде ни повеќе, ни помалку, едно самоубиство за нас. Многу револуции запреле на половина пат и излегле недоносени поради такви причини. Зошто да не ја допуштиме можноста за слична несреќа кај нас? Обрнувајте поголемо внимание врз дејноста на четите, советувајте ги работниците – умереност и воздржаност при несреќите и турските провокации. Вардете се од луѓе, кои навлегле внатре од Бугарија.

Истовремено со овој пораз, кој што ја засегна нашата Организација од надвор, една внатрешна рана се подготвува од внатре да ги изгриза нејзините корени и да го доврши опустошувањето. Зборот е за посегнувањето, кое некои амбициозни во Бугарија, повеќето воени, на чело со младите офицери, кои влегуваат во составот на софискиот комитет сакаат да го сторат врз Внатрешната организација. Местото не ни дозволува да дадеме пошироко објаснување за ова прашање, колку ситно по своето потекло, но толку крупно, дури и судбоносно поради последиците што може да ги предизвика. Ќе се

[178] Како што ќе дојде (турски).

потрудиме накратко да изложиме како стои суштината на прашањето (ние ги оставаме настрана ситните и нивните лични работи, иако тие играат доста видна улога во одот на работите и доволно јасно го определуваат нивното разбирање за револуцијата).

Познато е дека во името на Внатрешната организација, кога се разби старото дипломатско [нечитлив збор] струење овде, кое беше со завојувачки стремежи за Бугарија, на чело на овдешните работи избија повеќе млади офицери, поранешни наши сочувственици и помошници во нашата работа овде. Токму кога мислевме, дека делото веќе се ослободува од разногласијата по неговите принципиелни основи, токму кога сожинувањето на работите овде ни даваше надеж, дека на Внатрешната организација од овде ќе ѝ се даде очекуваната помош, токму тогаш, нашите овдешни другари и приврзаници на нашите идеи и начела на Внатрешната организација ги пројавија претензиите на стариот комитет за првенство и врховенство во раководењето на општите работи по ослободителното дело со мотивација, дека досегашните раководни сили биле неспособни за раководители (офицерско разбирање) и, што е уште полошо, пројавија класни претензии – војништвото со сите свои глупости, диви и груби погледи да му се наметнат на едно народно револуционерно дело, да го земаат во свои раце делото и да му дадат класен секташки карактер. Отпрвин прикриено, а отпосле јасно искажаа желба и намера да ја превртат нашата сегашна Организација од револуционерна во чисто воена, т.е. непобедливиот идеен дух да се преврти во касарнски, кој што нема ништо заедничко со идејниот.

Нема да се впуштаме во историјата и подробностите по тоа прашање, нема да ја опишуваме ниту борбата која се водеше овде по него. Тоа го правевме во своите писма до Централниот. Ќе ја претставиме само неговата последна фаза.

Планот на воените е следниов:

Овде на чело на работите да останат офицерите. По нивно општо офицерско решение неколку офицери ќе влезат во Централниот [комитет], други пак со плејада пониски чинови по назначување од овде ќе навлезат внатре како началници на реони, при што ќе ги обезличат сегашните реони и нивните раководители. Началниците – генерали ќе имаат еден општ началник – генералисим. Тие ќе известуваат за сè, и ќе се допрашуваат до генералисимот, кој што од своја страна ќе го информира Централниот или Врховниот според потребата и работата. Тие внатре во содејство со четите и нивните помошници, кои мислат порано да ги испратат, ќе воспо-

стават една чисто воена организација со воен ред и воена дисциплина. После заедно со овдешните ќе состават план за дејствување и под команда на еден главен командант ќе ги поведат тукашните јунаци, доколку ги најдат, и ќе подигнат востание.

Мотивите за тоа, надвор од субјективните се следниве:

Внатре сега за сега немало ништо (?!!!). Таканаречената Внатрешна организација според нив била „воздушна". Даскалчињата, кои сега се занимаваат со борбата се „баби" (нивни зборови), неспособни ниту да наредат, ниту да почнат, ниту да вршат работа. „Тие едноставно сакаат да прават занает од револуцијата за материјални и морални блага". Даскалчињата треба да ги отстапат местата на офицерите за да започнела една вистинска (?) револуционерна дејност, а не да се тера бабешки како до сега и никогаш да не се дојде до саканиот крај. Толкување.

Што се однесува до нивното брзо кандидирање за началници, тие сметаат дека е несоодветно за офицерското достоинство да се потчинуваат и да одат по патот на некое „плашливо даскалче". Прашањето за востание тие претходно го решаваат од овде. Не се согласни за долга и широка дејност меѓу народот. Ним им било доволно едно малцинство подредено по војнички и од офицерите, кое под нивно раководство ќе го дигне знамето на револуцијата и потоа на сила со нож и со камшик ќе го принудат другиот дел од народот да земе учество во борбата. Тие не оддаваат значење на народната сила, туку само на организираниот дел од нив. Односите меѓу работниците според нив не требало да бидат, како кај нас, засновани на принципот на другарство и братство и почитување на взаемни чувства, туку на строго потчинување по чисто војничко–касарнски ред.

Накратко тоа е нивниот замислен систем и план на работа. Како што сами, веруваме, насетувате, дека целиот овој план наликува на сон на луѓе кои што никогаш немале работа со некого надвор од послушните војници во касарните – сон кој по првиот контакт со грубата реалност ќе исчезне како чад. Поради тоа, ако беше само нивниот план, ние не би правеле прашање. Овде е важен фактот од навлегувањето на офицерите внатре, бидејќи тој влече зад себе последици, судбоносни за делото, како што ние го разбираме.

Бидејќи добро го познаваме духот на офицерите и на воените воопшто, нивните разбирања за револуционерното дело, за животот и светот воопшто, нивниот еднostран развој и личен морал, а од др-

уга страна, бидејќи го познавме духот и душевните мисли на нашите дејци и условите за работа во внатрешноста, кога ќе ги земеме предвид уште и личните квалитети на оние офицери што се подготвуваат да влезат во внатрешноста, ние со сигурност тврдиме, дека заедничка работа меѓу нашите и воените е апсолутно невозможна и следствено, за да се допуштат тие внатре, ние прво треба да ја признаеме нашата Организација за пропадната, нашите дејци за банкротирани, да го погазиме светлиот спомен за толку загинати дејци на таа Организација. За нас е повеќе од сигурно, дека во моментот кога Внатрешната организација ќе падне во рацете на офицерите и особено во рацете на сегашните кандидати за овде и таму, не само што се става крај на сета досегашна активност, туку се руши сѐ што е досега создадено. Ете зашто ние до сега силно се боревме по тоа прашање во договор со Централниот, истото ќе продолжиме да го правиме и понатаму; ве каниме и вас да го правите истото.

Другари, Внатрешната организација, произлегува од народната маса и се потпира врз неа, бидејќи ги претставува нејзините стремежи и страсни желби, таа е призната за една моќна сила, дури од нејзините непријатели, а во наши очи само таа е силата која може да ги скрши ропските окови. Во активот на својата работа таа веќе брои доволно дела со висока морална вредност и практично значење за револуционерното ослободително дело. Моралната револуција – револуцијата во умот, срцето и душата на еден ропски народ, знаете е најголемата задача. Таа револуција кај нашиот поробен народ, речиси ја изврши денес наклеветените даскалчиња и селани со една неуморна, идеална и чисто апостолска дејност со примери од лично морално и физичко саможртвување за слободата. Нашиот народ е пробуден, општиот дух силно е подигнат. Борбениот дух денес се вее над секоја куќа во нашата земја. Сето тоа го заврши Организацијата. Во редовите на своите живи и загинати борци и членови, таа брои илјадници идеални типови, а и мнозинството нејзини членови што друго претставуваат од себе, ако не високоморални типови и борци со силна вера во себе и светото ослободително дело? Ние не зборуваме за улогата, што Организацијата ја игра пред надворешниот свет по нашето прашање, зашто не му даваме значење на тоа.

За оваа Организација денес се поставува прашање да се прогласи за неспособна за живот; илјадници нејзини дејци, скромни, но совесни и вистински борци и готови во секој момент да се жртвуваат морално и физички, денес станува прашање да се прогласат за неспособни борци, и тоа од кого и од какви побуди се подига тоа

прашање? Тоа се предлага од надворешни луѓе, кои се далеку од борбата, а се предлага не врз основа на докажани потреби на земјата или делото, туку под околности на класни интереси и претензии, околности кои се плод на чисто субјективни побуди, засновани на личната состојба на неколку поединци. Дали нема да станеме престапници пред идејата и пред себе, ако ние направиме или допуштиме некој друг да изврши светотатствено посегање врз Организацијата?...

Ние настојуваме да тврдиме, дека прашањето е судбоносно за делото и како такво, штом се подложи на разгледување, не треба и не може да биде конечно разрешено само од Централниот, туку од поширок круг на внатрешни дејци за да се подели тешката одговорност помеѓу повеќе другари. Наскоро ќе се преземат мерки за општо советување, но бидејќи офицерите кандидати сакаат да ја искористат зафатеноста на внатрешните другари, особено на светагорци[179] по случај на катастрофата, и од друга страна, гонети од причини кои произлегуваат од нивната лична положба во Бугарија,[180] сакаат да ја наложат својата желба и брзаат со сила да си пробијат пат во внатрешноста, па затоа ние им ги препорачуваме на окружните и околиските комитети и на четите следниве мерки за претпазливост:

*Прво.* Да не се дава гостопримство и поддршка, да не пропуштаат низ своите реони и по можност да се разоружа секоја чета, предводена од кого и да било, штом не поседува билет од нас двајцата (потпис Марко Ахил, секогаш двојно име). Засега Централниот [комитет] ја запре работата по тоа прашање, затоа сами треба да ги преземете потребните мерки.

*Второ.* Исто така да не се дава доверба и гостопримство и да се парализира задачата на оние одделни лица, кои се испраќаат од овдешниот комитет, за да сеат внатре расцеп.

*Трето.* Да се прекинат секакви односи со овдешниот комитет, директно, или, преку пограничните агенти на комитетот што живеат овде, иако тоа е на штета на задоволување на некои привре-

---

179 Терминот светагорци е изведен од Света Гора (псевдонимот за Солун). Во случајот светагорци се однесува за членовите на ЦК на ТМОР во Солун.

180 Овде се има предвид незгодната положба на Борис Сарафов во Бугарија првенствено поради аферата Мухајљану. Токму поради последново, бугарската власти под притисок на меѓународната јавност на 23. 03. 1901 година во пресрет на VIII конгрес на ВМК привремено го затворила Б. Сарафов. На тој начин, десетина дена по издавањето на Окружното од Г. Делчев и Ѓ. Петров, Сарафов бил отстранет од ВМК.

мени потреби на пограничните внатрешни комитети. Да се дадат определни инструкции во тој дух на сите работници, кои доаѓаат овде било по приватна, било по општа работа.

*Четврто*. Пограничните комитети да ги дисциплинираат куририте и другите погранични работници во духот, така што внатрешните работи да си останат достојни за внатрешните луѓе.

Ние ги уверуваме нашите другари, дека сите овие мерки се диктирани и одговараат на вистински разбраните интереси на ослободителното дело.

До собирот ние двајцата ја преземаме моралната одговорност за овие мерки.

*Објавено*: Гоце Делчев. Писма и други материали..., стр. 305-316.

## Документ бр. 43

### Изјава на Гоце Делчев пред VIII конгрес на ВМК[181]

**Помеѓу ВМОК и ТМОРО може да постојат врски само доколку ВМОК не се меша во работата на ТМОРО; задграничните претставници имаат за цел да ги одбиваат посегањата на ВМОК кон ТМОРО.**

Софија, 7 април 1901 г.

Г-н Г. Делчев, претставник на Внатрешната организација, рече, дека уште пред 1895 година луѓето во Македонија се установиле на средството „политичка“ борба против турската тиранија со оружје. Внатрешната организација не се стреми да дава само оружје на луѓето, туку и да го разбие нивниот ропски дух. Пред да влеземе во врски со Комитетот од 1899 година, нам ни помагаа офицерите. Врската сега не постои, бидејќи г. Б. Сарафов сакаше да испрати од овде свои луѓе за раководители на Внатр[ешната] организација. Но таа организација си е месна, тајна. Си има месни комитети – градски и селски. Нивните активности се во насока според месните потреби и услови од месните управни тела: околиски и окружни комитети, а над нив има еден Централен комитет. Се противставивме на Сарафов, зашто ако тој испратеше од овде луѓе за раководители, тоа ќе бидеше еден почеток на револуцијата, ќе создадеше катастрофа, воопшто тие работи можеше да им се наметнат од надвор. Само ако овдешната организација го одобрува духот на Внатр[ешната] организација и не се стреми да ѝ дава импулс, воздејство, т.е. не ѝ се меша во нејзините работи, само во таков случај може да постои врска меѓу тие две организации.

Во однос на отчетот рече, дека треба да се сметаат за валидни само расписките кои го носат печатот на Тајниот Централен Револу-

---

[181] VIII конгрес на ВМК се одржал од 4 до 8 април 1901 година. На конгресот присуствувале 123 делегати меѓу кои и Гоце Делчев. Тој зборувал пред конгресот на 7 април 1901 година, а неговото излагање е резимирано во протоколот №. 5 од записниците на ВМК. Конгресот избрал ново раководство на ВМК. Новоизбраниот комитет бил компромисно решение од три групации: Претседател бил Стојан Михајловски (цончевист); потпретседател Владимир Димитров (ТМОРО), секретар Иван Кепов (ТМОРО), касиер Георги Петров (сарафист), членови советници: д-р Димитар Владов (цончевист) и Георги Минков (сарафист). За уредник на в. „Реформи“ бил избран Никола Харлаков (социјалист – анархист). На конгресот Гоце Делчев добил 46 гласа, само 2 гласа помалку од Стојан Михајловски, додека Б. Сарафов добил само 6 гласа.

ционерен Комитет. Ако за некои суми нема соодветни расписки, а е речено дека се потрошени за Внатр[ешната] организација, тогаш тие суми не се добиени внатре, туку се потрошени овде за луѓе во една касарна во Софија основана од Комитетот,[182] луѓе кои никако не се потребни на Внатр[ешната] организација.

Делегатите[183] од Т. Р. Централен Комитет имаат за цел не само да ги подржуваат врските меѓу двете организации, туку и да ги одбиваат посегањата на овдешниот Врховен Комитет врз Тајната организација во Македонија и Одринско.

*Објавено*: Гоце Делчев. Писма и други материали..., стр. 316-317.

[182] Станува збор за т.н. „касарна" која била основана од ВМК на Борис Сарафов. Во неа се обучувале и престојувале војводи и четници, кои биле користени за терористички активности.

[183] Станува збор за задграничните претставници на ТМОРО во Софија.

## Документ бр. 44

### Вонреден протокол за соработка меѓу ВМК и ТМОРО 1901 г.

Софија, 16 мај 1901 г.

Вонреден протокол

Денес на 16 мај 1901 г., потпишаните членови на В[рховниот] М[акедоно]–одр[ински] к[омитет], Вл[адимир] Димитров, Г[еорги] П[етров], Г[еорги] М[инков], И[ван] К[епов],[184] д-р Вл[адов][185] од една страна, делегатот на Револуц[ионерната] орг[анизација] во М[акедонија] и Одринско Г[оце] Делчев и членовите на таа орг[анизација] д-р Руменов[186] и М[ихаил] Герџ[иков],[187] од друга, рез[ервниот] генерал Ц[ончев] и рез[ервниот] подп[олковник] Ст[ефан] Н[иколов] од трета, се собравме на вон[редно] заседание во седиштето на ВМК за да ги резимираме и конечно да ги формулираме нашите тридневни расудувања и дебати, кои се одржаа на [...] мај по прашањето за досегашната дејност и взаемните односи на двете м[акедоно] – одр[ински] организации, како и за побрзо остварување на нивната крајна цел – осл[ободување] на М[акедонија] и Одр[инско].

На заседанието кога зедовме предвид:

1. Дека Тајната р[еволуционерна] ор[ганизација] во М[акедонија] и Одр[инско] се развива и дејствува при посебни месни услови;

2. Дека поради тоа е независна и самостојна во сите свои активности и не може да трпи било какви присилувања од надвор;

3. Дека М[акедоно]–одр[инската] организација во Кн[ежевството] Буг[арија] е чисто легална институција, која постои и се развива во кругот на постојните закони во тоа кн[ежевство];

4. Дека след[ствено] нејзините задачи се сведуваат само на м[атеријална] и м[орална] помош и поткрепа на рев[олуционерната] орг[анизација] во М[акедонија] и О[дринско];

---

[184] Иван Кепов (1870, с. Бобошево, Ќустендилско–1938, Софија), секретар на ВМОК.

[185] Димитар д-р Владов (1873, Ресен–1917, Софија), лекар, член на ВМОК (1901), член Битолскиот окружен револуционерен комитет (1904).

[186] Владимир д-р Руменов (1870, Крушево–1939, Софија), лекар, член на Окружниот комитет на ТМОРО во Скопје (1898–1901). Поради османскиот прогон емигрирал во Бугарија каде постапил на служба во армијата.

[187] Михаил Герџиков (1877, Пловдив–1947, Софија), анархист, војвода, еден од главните раководители на востанието во Одринско (1903).

5. Дека најпосле, за да можат да дејств[уваат] независно и во полна согласност тие две орг[анизации], сите *еднодушно* решивме:

1. Во составот на Ц[ентралниот] к[омитет] на р[еволуционерната] о[рганизација] во М[акедонија] и О[дринско] да влезат како членови 2–3 офицери, како спец[ијалисти] по воено дело, со еднакви права како др[угите] чл[енови] на истиот комитет;

2. Во сите револ[уционерни] р[еони] на М[акедонија] и Одр[инско] тој комитет има право да назначува по еден рез[ервен] оф[ицер] како спец[ијалист] по в[оено] д[ело], кој ќе дејствува со еднакви права на член во реонското упр[авно] тело;

3. Рев[олционерната] ор[ганизација] во М[акедонија] и Од[ринско] има право да се претставува пред В[рховниот] М[акедонски] к[омитет] од специјално ополномоштени делегати, кои со еднакви права со членовите на тој комитет ќе ги третираат со него сите прашања што се однесуваат на потребите (м[атеријални] и м[орални]) на таа организација;

4. Сите пог[ранични] пунктови и канали на бугарска територија се неотуѓива соп[ственост] и владение на рев[олуционерната] о[рганизација] во М[акедонија] и О[дринско];

5. Бојните материјали и експлозиви, кои се наоѓаат во скл[адовите] по буг[арската] граница се соп[ственост] на ВМК, тие се заведуваат и чуваат од специјално назначено и ополномоштено лице, кое ќе ги предава тие мат[еријали] и експлозиви на В[натрешната] р[еволуционерна] орг[анизација] по изрична заповед и решенија на Ц[ентралниот] М[акедонско] О[дрински] к[омитет].[188]

*Објавено*: Преображенското востание..., 182-184; Из архивата на Гоце Делчев. Задграничното претставителство на ВМОРО в София до края на 1902 г., подготвили за печат Ива Бурилкова и Цочо Билярски, София 2003, стр. 519-520.

[188] Поради последната одлука Ѓ. Петров смета дека Г. Делчев при потпишувањето на спогодбата се „потслизнал“. Против ова спогодба биле Никола Малешевски и Јане Сандански. Веднаш по преземањето на оружјето по пунктовите, генерал Цончев го сменил односот кон ТМОРО. Поради тоа Иван Кепов и Владимир Димитров (двајцата приврзаници на ТМОРО), поднеле оставка во ВМК.

## Документ бр. 45

### Писмо од Дамјан Груев до Охридскиот околиски комитет

**Главната задача на четите да биде агитаторско–организаторска; набавка на оружје; придобивањето на автономија најмногу зависи од сопствената дејност.**

Битола, 14 јули 1901 г.

Пишувано во Ерусалим[189] за Белград.[190] Четиринаесетти. Вашите писма ги добивме. Четата ќе дејствува вака. Штом прв пат ќе отиде во едно село, се разбира каде што има наши луѓе, вие за тоа претходно ќе ги предупредите луѓето за да им изберат здрави јатаци, а тоа од вас да биде сторено. Потоа прва работа на војводата ќе биде да го искалапи тој човек, да го проагитира, да го создаде. Потоа со негово посредство да повика други работници во селото, ако ги има, ако не пак, други луѓе на кои смета работникот и ги агитира, посетува. Им избира раководно тело, им распределува членски внос, доброволни прилози, каде што може да се земаат и каде што има. Најважно е да си изберат верни курири, кои што ќе служат за спроведување од едно во друго место. Од таму заминува во друго село. За сè што е направено во селата ќе ви јавува своевремено. Кажано со еден збор, главно да се оддава на агитацискиот дел. Да се гледа, каде што оди да организира, да собира пари за оружје и да ги остава во селските каси. Зошто определувате каква е цената, толку ли немате пари да направите пратка на наша сметка за пет оружја, барем пари да земете. Најпосле направете го тоа за уверување на нашите луѓе, бидејќи почнаа да не веруваат дека ќе им се достави, како последица на тоа не даваат ни пари за оружје. Откако ќе земете колку да било оружје на наша сметка, веднаш јавете ни за да се организираме за негово пренесување, кое што ќе служи за уверување. Пак ќе повторам, тоа ви го велиме, бидејќи толку пари сме затвориле во Корзика[191] и во Мадрид[192] за оружје, а пак ниту едно оружје не можеме да видиме со очи. Добро сте направиле, што сте ги вооружиле луѓето. Привремено давајте им работа, додека пристигне војводата. Ако нема момчиња пишете. Многу ни е жал зашто Гора-

---

[189] Ерусалим, псевдоним за Битола.

[190] Белград, псевдоним за Охрид.

[191] Корзика, псевдоним за Костур.

[192] Мадрид, псевдоним за Лерин.

нов[193] уште не пристигнал. Порачките што ги направивте се готови, пратете специјално човек за да се земаат. За оружјето што ќе го земете, определете добар склад при верен човек. Ако не друго, по секој начин земете здрави патрони ако има и ако може во брзо време да се донесат во Ресен, а од таму ќе бидат земени. Ако има, купувајте побрзо, бидејќи времето не чека многу. Добри известувања доаѓаат, најмногу настојуваат на тоа, колку што може побрзо да се образуваат четите. За амнестија, веќе е поволно, како и за реформи, но сепак да се надеваме на нашите реформи – нашата дејност, ми се чини со тоа најмногу можеме да ја најдеме автономијата, а не во друго. Само со нашата дејност ќе ги свртиме очите на алчните Европејци, како што им се свртени делумно, особено на Австрија и Германија. Големи застапувања прават пред султанот.

Горанов, овде делумно минува за добар, но не дури до таму. Отиди при Кешишот зборувај му и задолжи го од страна на Дамета по каков било начин да го назначи Петар Ацев пак за Крушево, зашто инаку делото таму пропаѓа. Пишете што има особено таму. За оружјето, најпосле ако немате пари да ви пратиме да земете, но претходно направете пратка за проба.

*Јосиф*[194]

*Објавено*: З. Нонева, Неизвесни писма на Дамян Груев, ИНБК, т. XVIII (24), София 1983, стр. 487-488.

193 Тале Горанов (?– 1902, Прилеп), предводник на првата чета во Охридско, меѓутоа поради недолично однесување и повеќе престапи кон Организацијата, бил осуден на смрт и егзекутиран од Мето Патчев.

194 Јосиф, псевдоним на Даме Груев.

## Документ бр. 46

### Полномоштво од ЦК на ТМОРО на Димитар Стефанов и Туше Делииванов за задгранични претставници во Софија

Солун, 23 септември 1901 г.

Централниот македоно-одрински комитет ги ополномоштува[195] г-дата Димитар Стефанов[196] и Туше Делииванов[197] да го претставуваат и да бдеат за неговите интереси во Кнежевството Бугарија. Тие се единствените негови претставници, преку кои ТЦМО комитет контактира со сите работници по м[акедоно] – о[дринско-то] ослободително дело во Кнежевството.

Со оваа се анулираат сите полномоштва издадени со поранешен датум, и оние, што не се напишани на платно.[198]

Од *Централната управа*

[Печат: „Македонски централен револуционерен комитет"]

*Објавено*: Константин Пандев, Документи за македоно–одринското националноосвободително движение от архивата на Димитър Стефанов, Исторически преглед, г. XXXVIII, кн. 6, София 1982, стр. 101.

---

[195] Именувањето на Димитар Стефанов и Туше Делииванов за задгранични претставници претставува привидна отстапка од ТМОРО спрема ВМК на Михајловски – Цонев. Меѓутоа, двајцата задгранични претставници биле под целосно влијание на Гоце Делчев. Нивните ставови и односи со ВМК наполно го потврдуваат тоа.

[196] Димитар Георгиев Стефанов (1871, с. Караагач, Болградско, Бесарабија–1940, Бургас), правник, околиски судија во Русе, директор на егзархиската гимназија во Битола. Задграничен претставник на ЦК на ТМОРО (1901–1902) и (1905–1906). Бил претседател на конгресот на Серскиот револуционерен округ во 1903 година и член на Раководното тело за време на востанието во Серско.

[197] Туше (Петруш) Делииванов (1869, Кукуш–1950, Софија), основач на МРО во Кукуш, учителствувал заедно со Гоце Делчев во Штип, задграничен претставник на ЦК на ТМОРО 1901–1902, член на Бившата обединета ВМРО.

[198] Полномоштвото е напишано со црно мастило на бело свилено платно со димензии 27 см. и ширина 19,5 см.

## Документ бр. 47

### Писмо од Туше Делииванов и Димитар Стефанов до претседателот на Казлагачкото македоно–одринско друштво

**Прекин на односите меѓу ТМОРО и ВМК.**

Софија, 14 декември 1901 година

Тајно

До г. претседател на Македоно–одринското друштво во г. Казлагач.

Со ова, Господине Претседателе, Ви јавуваме, да знаете, дека Внатрешната организација од 8 овој [месец] за секогаш ги прекина своите врски со Врховниот македоно-одрински комитет во неговиот сегашен состав.

Принудени сме да Ви го соопштиме ова директно, бидејќи Врховниот македоно-одрински комитет, со окружното №. 1035 од 2 ноември Ви беше соопштил, дека е во полна согласност со Внатрешната организација, и покрај нашата молба од 8 овој [месец] со предвид на новонастанатите околности, за 48 часа да го отповика окружното №. 1035, но до сега сè уште не го сторил тоа.

Делегати на Внатр[ешната] организација: *Т. Д[ели]иванов и Дим. Стефанов*

Софија, 14 декември 1901 г.

*Објавено*: Преображенското въстание..., 195.

## Документ бр. 48

### Писмо од Борис Сарафов до Задграничното претставништво

**Сарафов го кани Г. Делчев во Женева за да се договорат за повеќе прашања во врска со македонското ослободително дело.**

Женева, 25 февруари, 1902 г.

Другари,

Хаосот, кој што постои во делото, од една страна и нашето нецелосно разбирање, од друга, се од таква природа која разочарува, очајува и ги обезвреднува не само масата и второстепените работници, туку и самите нас.[199] Срамните таинствености, кои се разигруваат меѓу нас, тесното сфаќање на интересите на каузата и царството на маглата на кое сите сме станале верни поданици, на крајот на краиштата ќе нè погребат нас морално, а делото конечно ќе биде умртвено како рожба на ниски и престапни инстинкти.

Жал ми е да продолжам во истиот дух и да разјаснувам сè. Во свое време ние наполно се разбиравме со Ѓорче и Делчев, а сега некаков си нов фактор, Гарванов,[200] заседнал во Солун, кому вие му ги исполнувате заповедите и кому ќе треба и ние да му палиме свеќи преку вас, за да станеме „добри работници“. Не би сакал да верувам во тој куриоз, но сведенијата ми го говорат тоа, а најпосле и писмото на Ковачов, кој ми ги разјасни вашите погледи во однос на српската граница, дојде да ме увери, дека вие многу сте различни со своите идеи за текот, насоките и положбата на каузата со Делчева – Ѓорче. А меѓутоа, вие ја претставувате Внатрешната организација! При таква перспектива и најостриот ум се превртува во овчи мозок!

При своите средби овде успеав да ангажирам доста млади сили, студенти – жедни да се предадат целосно на македонската кауза и да ги заменат нашите пријатели кои гнијат по затворите по Мала Азија, ама жал мие е, право да ви кажам, за тие нерасипани

---

[199] Борис Сарафов откако ги загубил позициите во ВМК одново се свртел кон Гоце Делчев и Ѓорче Петров, нудејќи ги своите услуги на ТМОРО, особено против ВМК на Михајловски – Цончев. Од септември 1901 до крајот на јули 1902 година Б. Сарафов во потрага по финансиски средства ја прокрстарил Европа, посетувајќи ги Виена, Париз, Лиеж, Женева, Минхен, Будимпешта, Нови Сад и Белград. Во меѓувреме барал да му се придружат Г. Делчев или Ѓ. Петров, или некој од задграничните претставници.

[200] Иван Гарванов – актуелен претседател на ЦК на ТМОРО.

души! Жал ми е да ги направам сопатници на нашиот талкачки караван!

Време е најпосле, другари, да ставиме крај на таа морална мизерија што владее во умовите, душите и делото!

Без да се расплинувам понатаму, ете го мојот предлог:

Штом Делчев ќе пристигне таму,[201] придружен од едниот или од вас двајцата,[202] да тргне веднаш наваму, да се сретнеме и да се разбереме за сè. Делчев треба да дојде тајно во Бугарија и уште потајно да замине за овде, инаку веднаш ќе го фатат и ќе го интернираат како Ѓорче. Има многу работи за кои треба *усно* да се разбереме; овде ќе ги споменам само поглавните:

1. Купување на оружје.

2. Уредување на српскиот и албанскиот канал.

3. Нашиот сојуз со Албанската *внатрешна* организација (навистина по еден месец ќе бидам повикан на нивниот собир од внатрешни дејци, кој ќе биде свикан во Бриндизи – Италија).

4. Начин за конечно смачкување на генералите.

5. Уредување на нов комитет во Бугарија.

6. Уредување на т[аен] комитет во Србија.

7. Заедничко уредување на нешто совесно во Ц[ари]град во сојуз со Ерменците (со Ерменците се наоѓам во прекрасни односи, кои нема да дејствуваат, освен во момент кога ќе почнеме и ние).

8. Започнување одново весник во странство.

9. Уфрлање на нови сили во внатрешноста и најпосле

10. Уредување на совесен и животоспособен Централен комитет во внатрешноста.

Без да се разбереме по овие прашања, ни чекор понатаму не одам со никаква организација. За да биде мирна мојата совест, ќе ве оставиме да работите, како што разбирате, а ние од своја страна, без да ви се мешаме, ќе гледаме, доколку ни оди од рака, да го исполниме својот долг, така како што го разбираме. Ќе заборавев да додадам кон наведените 10 точки уште една – најважната –

---

[201] Во тоа време Гоце Делчев е во Македонија, речиси при крај на долготрајна обиколка која ја започнал есента 1901 година. Во Софија пристигнал во почетокот на март 1902 г.

[202] Во тоа време задгранични претставници се Туше Делииванов и Димитар Стефанов.

11. Да се разбереме јасно: *дали ние сме македонски революционери или бугарски патриоти?*

Со нетрпение го чекам вашиот одговор.

Адреса: K. Tsipoucheff, Rue Ecole de medicine, №.8, Geneve

Внатрешен плик за Иванов.

Многу поздрав на сите другари.

Женева, 25 февруари 902 г.

Одаден на вас,

*Борис*

*Објавено*: К. Пандев, Документи за македоно–одринското национално-освободително движение..., стр. 102-103.

## Документ бр. 49

### Тајно окружно писмо од Задграничното претставништво на ТМОРО до македоно-одринските друштва во Бугарија

**ВМОК испраќа чети во Македонија и агитира за востание; бугарскиот дворец и влада тргуваат со македонското дело; ТМОРО прифаќа отворена војна со ВМОК; македонските револуционери се борат против неправдата во Турција, како дел од таа држава, а не како агенти на Бугарија.**

Софија, 5 март 1902 г.

Тајно

Натоварени сме од Тајниот централен револуционерен комитет во Македонија да Ви ги испратиме следниве редови:

„Општественото мнение во Бугарија е заблудено. Со ништо друго не може да се објасни ситуацијата, дека една легална организација, каква што е Македоно–одринската организација во Бугарија може да презема нешта, какви што презел и прави Врховниот комитет на таа организација. Тој комитет од пред 3–4 месеци испраќа чети кај нас овде, во Македонија, за да ни диктираат едно безумие: да не уверат нас и населението, дека наесен ќе има востание и дека за него пушки ќе достави тој комитет.

Ние овде мислевме и мислиме, дека безумијата на сегашните раководители на легалната Македоно–Одринска организација во Бугарија веќе одамна го убедиле и најкусогледиот Бугарин, дека никаква корпорација во Бугарија не смее да прави такви изјави пред македонскиот роб под страв:

1. На околноста, дека тоа не може да се сокрие од светот, што значи, ќе излезе дека македонското движење е инспирирано од Бугарија што е еднакво на морално банкротирање на тоа дело.

2. Дека со тоа се поткупува робот во Македонија, т.е. тој се подведува да се надева не на себе си, туку на бугарскиот војник, т.е. да се надева, дека ќе се ослободи преку една војна на Бугарија со Турција, што е измама и разврат, и

3. Дека со тоа македонскиот роб ќе биде измамен, да се почувствува посилен, отколку што е, и да преземе едно неподготвено и ненавремено движење, кое може да доведе само до нови баташки клања – нешта опасни, смртоносни за народите, а корисни само за разнишаните султани, кнезови и влади.

Штом започна тоа безумие на Врховниот комитет на легалната Македоно-одринска организација во Бугарија, ние замоливме преку г-та Д. Стефанов и Туше Делииванов да им се соопшти на искрените пријатели на нашето дело во Бугарија, за да се оддалечат од тие безумија на тој срамен Комитет и да го изолираат.

Ние се надевавме со тоа да ги стреснеме тие криворазбрани пријатели на нашето дело и да ги доведеме до едно опаметување.

Ние се надевавме на тоа, при што не допуштавме дека тие луѓе работат под друго влијание освен под влијанието на своите плитки чувства.

Меѓутоа, сме се лажеле. Тие своеморални дејци излегуваат од границите на возможното и веќе покажуваат дека се орудие на зол гениј.

Тие ставија во движење невидени средства: солидни дружини – од по 20 до 50 души, – составени од одамна изгонети од нашата организација убијци и разбојници, ја минуваат едни по други границата, навлегуваат меѓу нас овде, прибегнуваат до најлукави средства, за да го подмамат населението да не ја слуша својата интелигенција, ветуваат пушки, бомби и офицери, создаваат кружоци преку кои опонираат на тајната организација, ја парализираат, дури прибегнуваат и до убиства.

Ние долго се колебавме, при што се надевавме, дека општественото мнение во слободна Бугарија ќе се сепне и ќе го заузда тоа безумие. И ние долго се прашувавме: кој ги дава тие средства за да се вооружуваат Хаљо,[203] Дончо, Пеливанот,[204] Ризо,[205] Кутрулот[206] и сл. со големи чети? Кој ги дава тие средства? Дали македонската емиграција во Бугарија? Дали пожртвуваниот патриотизам на бугарските граѓани?

Ние долго се колебавме, додека стасаа крвавите трагедии за да нè стреснат: до ден денес се убиени неколку наши незаменливи другари – учители, раководители на револуционерни реони! Разгонети се и неколку агитаторски групи на нелегална нога! Преку предавство, од една страна, и едномислие со бугарската влада, од друга, бугарските граници за нас денес се недостапни: нè шпиони-

[203] Михаил Ставрев (Хаљо), војвода на ВМК, еден од убијците на бугарскиот премиер Стефан Стамболов.

[204] Васил Пеливанот (1870, од с. Будинарци, Малешевско – ?), врховистички војвода во Малешевијата.

[205] Никола Ризов, (1855, с. Влахи. Мелничко – ?), врховистички војвода.

[206] Христо Димитров Кутрулот, (? с. Робово, Малешевско–1905, с. Митрашинци), врховистички војвода во Малешевијата (1902–1905).

раат наши „пријатели“ и нè предаваат на Турците преку бугарската полиција и војска!

Станува очигледно д[ека]: еден дворски режим во Бугарија искористува сè, со што располага, за да го преземе во [свои] раце незадоволството на македонскиот роб и да си игра со него така, како што си играше во несреќната 1895 година.

Тие сакаат да го задушат секое независно движење во Македонија и утре, кога ќе можат да кажат: „нишките на македонското незадоволство се во рацете на бугарското воено министерство“, па да тргуваат со него.

Ете со таква категоричност нам ни е фрлена ракавицата. Ние ја прифативме.

И денес ние војуваме.

Страшни се зборовите, но единствено тие ја изразуваат реалноста. Ние војувавме со Грците, војувавме со Србите – не од бугарски фанатизам, туку да го зачуваме духовното единство и револуционерната целост за нашето поробено општество.

И сега, кога нам ни се предлага дилемата или да станеме играчка – бездушна, гнасна играчка – во рацете на дворските луѓе, или со своите гради да опстоиме на независноста на своето дело... тогаш го прифаќаме страшното дело да војуваме и со вас.

Иднината ќе ни биде судија.

Овие свои редови ги испраќаме кон вас со надеж, дека општественото мнение во Бугарија е заблудено и дека тоа за да биде обвинето од иднината за своето безумие, треба да се осветли.

Ние, македонските робови, се бориме со неправдата во Турција како дел од таа држава, а не како агенти на Бугарија. И ако нашите слободни браќа не сакаат да проникнат во нашата положба и не сакаат да ни помагаат, тогаш барем да не ни пречат, да не ја компромитираат нашата кауза, да не го срамотат лостот на слободата, да не го клоцаат културното дело на македонските Бугари.

Ние апелираме кон совеста и разумот на слободните Бугари. А ја повикуваме под нашето знаме македонската емиграција.

Да живее слободата! Да живее Македонија!

*Објавено*: Кой е родоначалник на братоубийствата в македонското движение? Един ценен документ на старата ВМРО, Македонско дело, V/102, 25 ноември, 1929, 8; Документи и материали за историята на българския народ, БАН, София 1969, стр. 287-289.

## Документ бр. 50

### Писмо од Лазар Киселинчев до Задграничното претставништво

**Можности за набавка на оружје од Грција; обид за ангажирање на поранешни учесници од грчко–турската војна за македонското ослободително движење; Грција спроведува систематска агитација меѓу Македонците во Атина.**

Атина, 12 април 1902 г.

Од Атина за нашите раководители во Софија, пишувано на дванаесетти април оваа година.

Вашето писмо го испратив денес и брзам да ви одговорам за сѐ. Што се однесува за трговецот кој ни предложи да ни дава пушки и динамит, ние уште кон крајот на месец јануари пишувавме во Света Гора и од тогаш наваму не можеме да се разбереме. Ете какви се условите: трговецот ветуваше да ни даде пушки Гра оригинални од француската армија; за пушките бара по 9 франци зл[атни] предадени во лотките; за патроните 66 фр[анци] за илјада; динамитот секоја каса од 30 килограми 90 фр[анци]; динамитните капсули 2,50 за сто и барут од прва класа за врекичка од 9 оки по 18 драхми во таа цена, предадени во лотката, лотканиите барат по 100 бели меџидии за секоја тура. Бараат двајца наши луѓе за да им кажат точно на кое место да излезат.

Ние влеговме во преговори со горниот трговец, откако ни беше пишувано од Света Гора, доколку е можно пренесување на оружје со лотки кај Екатерина[207] за Еницевардарско. Забележете дека трговецот е еден резервен офицер од грчката армија. Во Енице Вардар најголемата улога ја играше еден доста имотен човек. Само едно е лошо, за секоја порачка половината пари ќе ни ги сака однапред, а останатите по предавањето во лотката. Грција презеде такви мерки, што многу тешко ми се гледа купувањето оружје од овде.

За Дамјан Илиев не можам ништо да ви кажам. Јас зборував со Чекаларов[208] уште кога беше овде и Чекаларов ми велеше, дека во Костурско се потребни тројца војводи, а за Д. Илиев од многу луѓе се слушаат лоши зборови. Но нема да ги испратите додека не

---

[207] Екатерина, псевдоним за Гуменце.

[208] Васил Чекаларов (1874, с. Смрдеш, Костурско–1913, Вич, Костурско), костурски војвода на ТМОРО (од 1901), приврзаник на Б. Сарафов, учесник на Смилевскиот конгрес (1903), член на Костурското горско началство (1903).

ви пишува Коларов дали има готов канал. Јас денес му пишував за сè и неодложно ќе ни одговори.

Овде има еден човек доста корисен за нашата Организација. Тој е родум од Косинец, сам револуционер создаден од природата, 32 годишна возраст и доста претставителен. Во 1897 г., беше војвода во Грчко–турската војна, командуваше 170 души. Од овдешната влада е снабден со потребните документи. Тој човек, велам, сигурно не го знае постоењето на нашата Организација, бидејќи живее во провинцијата. Минатата година Павел Христов[209] ни пишуваше да му предложиме да замине за Костурско. Набрзо во нашинско се случи афера. Прашањето остана да виси. Бидејќи пристигаат Велигденските празници, тој ќе дојде овде, а јас ќе му расправам сè. Уверен сум од него, дека самиот ќе посака да замине внатре за да работи. Сега ве молам да ни пишете, дали ќе биде прифатен ако оди внатре, или ние да не му дозволиме да оди внатре. За тоа зборувавме со Чекаларов, не му беше пријатно, иако лично му беше непознат.

Грците започнаа една систематска пропаганда меѓу нашите Македонци. Секоја недела ги собираат и им зборуваат да не стануваат шизматици и да не даваат содејство на комитетите. За жал, има многу што ги слушаат.

Од Костур има писмо за некои Грци овде, дека таму бил запленет некој богат Евреин (Чино), на кого му зеле 4 илјади лири од дома.

По некое време ќе ви испратам сигурна адреса за уставите и правилниците.

Ваш неразделен другар,

*Аврам Кисала*[210]

*Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 154-155.

---

[209] Павел Христов (1874, с. Цапари, Битолско–1922, Софија), раководител на ТМОРО во Костурско и на Битолскиот револуционерен округ, член на ЦК на ВМРО, член на привременото претставништво на бившата ВМРО.

[210] Аврам Киселац, псевдоним за Лазар Киселинчев (1874, с. Косинец, Костурско–1946, Софија), завршил V клас гимназија во Атина, организатор за пренесување на оружје од Грција во Македонија; костурски војвода, резервен член во Костурското горско началство.

## Документ бр. 51

### Писмо од Васил Чекаларов до Гоце Делчев

**Набавка на оружје од Грција и уредување на канал; доставувањето оружје преку Грција е тешко, грчките власти ги следат активистите на ТМОРО.**

Атина, 18 април 1902г.

Пишувано на 18 април од Атина до г. Ахил во Софија.

Токму кога пристигна вашето прво писмо, јас заминав за Лариса. Тогаш ги испратив момчињата и добитокот во Трикала да товарат патрони и пушки, но напразно се мачеа толку време. Најпосле ги фати власта со добитокот и им зедоа еден револвер кој им го дадов да го носат. Од Лариса ми телеграфираа и покрај опасноста отидов. Уште при одење ќе ме фатеше полицијата, но се извлеков со бегство и се скрив во една влашка куќа. Со истите Власи искусно купив 5000 патрони и [9]5 пушки. Благодарение на еден Влав – адвокат, кој се заложи и ги ослободи нашите Власи и добитокот, како и со помош на трикалските Власи, но скапо платени, ги испратив нашите до границата. Дали поминаа натаму добро, не знам.

Во Ларисенско ги претресоа сите мои свrталишта, страшно се мачат да ме фатат. Моето останување овде веќе е невозможно. Утре мислам да заминам преку Солун за Корзиканско.[211]

Весниците пишуваа доста подробности за твојата обиколка низ Македонија.[212] Денес дојдов овде и го прочитав вашето второ писмо што сте го напишале до Киселинчев. Што се однесува до Дамјан Илиев и другите луѓе да ги испратевте побрзо ќе беше подобро. И сега, ако луѓето ги одобруваш и наоѓаш за добро, испрати ги веднаш. Само сега ќе биде малку потешко зашто јас ќе заминам. Илиев овде го познава Киселинчев, тој ќе ги упати на Лариса, таму ќе го сретнат Коле Влашето; Коле ќе им набави што е потребно, ќе ги испрати, но треба да ги обезбеди со средства за пат, зашто ние останавме без пари. Ви повторувам луѓето да бидат добри, бидејќи доста ни е од главоболки. Според едно писмо на Кљашев,[213] Пет-

[211] Корсиканско од Корзика, псевдоним за Костурско.

[212] Станува збор за големата обиколка на Гоце Делчев низ Југозападна Македонија 1901–1902 година.

[213] Пандо Кљашев (1882, с. Смрдеш, Костурско,–1907 с. Дреновени, Костурско), костурски војвода, учесник на Смилевскиот конгрес (1903), член на Костурското горското началство, член на Битолскиот окружен комитет (1906).

ров[214] замина со Коте[215] и направиле силна агитација низ Корештата. Москов[216] и Кљашев доволно го изгубиле авторитетот. Поп Трајков[217] божем ги убедил да заминат за Преспанско, но дали ќе опстојат. Во Смрдеш се раскарале, комисијата се растурила. Со еден збор развојот за сега не е добар. Уставите и правилниците испрати ги веднаш со поштата, за да ги земе од овде натаму Илиев. Адресирај ги до Бугарското дипломатско агентство, до куриротот Киро Николов. На друго место е посомнително. Ставете и малку весници „Крвавата свадба“[218] и врзете ги убаво (но ако ги пипнат Грците си има газда).

Знај дека од овде е невозможно да се пренесува оружје. Границата строго се чува. Сега има нова кралска заповед да се испратат 400 војници погранична стража. Низ море Камчагези и Катеринско, никако не се може, освен ако со гркоманите го излажеме грчкиот владика[219] во Костур со некоја итрост или пак со притисок. Во Киселенчевото писмо им пишувате да престане со работа овдешното друштво. Јас не сум согласен да престане. Знај дека најпосле добро се средија и многу подобро оди од минатата година. Навистина полицијата следи, но до сега никој нема фатено и никој не е арестуван, а да се плашиме само од сенките, тоа се вика малодушност.



Васил Чекаларов

[214] Атанас Петров (?С. Шестово, Костурско–1902, Долна Преспа), костурски и преспански војвода.

[215] Коте Христов (1860, с. Руља, Костурско–1905, Битола). Отпадник од ТМОРО. Со негова согласност е убиен Лазар Поп Трајков, чија глава е испратена на костурскиот владика Каравангелис. По востанието се здружил со грчките андартски чети. Во 1904 година е фатен од османлиските власти и осуден на смрт. Обесен е на Ат мегдан во Битола во 1905 година.

[216] Лазар Москов (1880, с. Д’мбени, Костурско–1902. с. Вишени, Костурско), костурски реонски началник.

[217] Лазар Поп Трајков (1877, с. Д’мбени, Костурско–1903, с. Трново, Костурско), костурски војвода, организатор на првите комитети на МРО во Костурско, учесник на Смилевскиот конгрес (1903), резервен член во Главниот штаб на Илинденското востание, член на Костурското горско началство.

[218] Пиеса од Војдан Чернодримски.

[219] Станува збор за патријаршискиот костурски владика Германос Каравангелис.

На Киселинчева дајте му малку надеж, меѓутоа да не осети дека јас сум ви пишувал. Најпосле се покажа доста плашлив, но што да се прави кога немаме попогоден за кореспонденција. Од Лариса Ви бев пишувал едно доста опширно писмо.

Молам преку Киселинчев пишете ми ја општата сума од сметката што ви ја дадов минатата година, бидејќи сум заборавил, инаку [...] предадам остатокот од сметката.

Со братски бакнеж,
твој *Чакаларов*
(псевдонимот ми е *Леонида*).

Спиро Олчев, ако сака да стане четник, испрати го, тој е добар.

*Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 155-156.

## Документ бр. 52

### Писмо од Лазар Киселинчев до Гоце Делчев

**Грчките власти приведуваат активисти на ТМОРО; Коте и грко-маните од Костурско одржуват контакти со грчкиот министер за надворешни работи.**

Атина, 10 мај 1902 г.

Од Атина за Ахил во Софија

На моите писма од 13 минатиот [месец] не ни одговоривте. Чекаларов стаса среќно во Костурско. Вчера добив писмо од него. Ни пишува, дека работите таму одат добро. Овде се научив, дека Коте води преговори со некои Грци од Костур и со грчкиот владика, па да работи со нив. Пред една седмица испратил еден човек, кој што е овде. Намерно го следат наши луѓе, двапати се среќавал со министерот за надворешни работи.

На 28 минатиот месец полицијата овде арестуваше еден наш човек, осомничен за комитетски работи. На 7 овој месец го судеа, но бидејќи ништо не му фатија го ослободија. Сето тоа се случи поради интриги на грчките костурчани. Исто и во Лариса, арестуваа двајца наши, за кои уште не знаеме што се случи. По 12–15 дена ќе испратиме 7–8 души внатре за четници. Можете да ги испратите правилниците, па преку нив да ги препратиме. Адреса за правилниците: Киро Попкиров во Буг[арското] дипл[оматско] агентство.

Со поздрав,
*Аврам*

10. V. 1902

На 4 овој [месец] започна да се разгледува делото на затворениците од ланската афера во Костурско.

*Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 156-157.

## Документ бр. 53

### Писмо од Јордан (Орце) Поп Јорданов до Гоце Делчев

**Орцето негодува пред Делчев од име на гемиџиите и се заканува на ЦК поради недоразбирања.**

Солун, 14 мај 1902 г.

14. V. 1902, Солун

Гоце,

Кога бев во Софија посакав да се сретнам со тебе. Јас мислев дека нашите стари односи ми дозволуваат да ја направам ова нахалност. Ти не прифати, иако тоа не го кажа директно.

Сега пак, ти текнало да научиш нешто за нас и си пуштил една сурија загари по нас. Јас ти дадов можност, а ако имаше нешто интересно, ти можеше да го научиш директно. Така што немаш потреба од загарија. Но се гледа ним повеќе им веруваш.

Едно време, Гоце, (ако не си заборавил) ти се колнеше, се печеше да нè увериш, дека ни сочувствуваш, дека штом ќе се појави случај ќе работиш солидарно и уште какви ли не ветувања. Но, тоа беше едно време, а сега друг ветар вее, та затоа остави, бидејќи не сакаш да слушнеш за некаква поддршка за нас, туку си започнал да ни пакостиш. Тешко ви е пак, кога не ви признаваме власт за морални сили. Можеби ќе приговориш – на средината има недоразбирање. Тогаш објасни се директно, без да се служиш со посредници, бидејќи тие се опасни.

Минатото лето два пати беа растурени лажни гласини, дека во Солун била издадена некаква тајна. Ти побрза да ме прашаш – дали и ние имаме прсти во таа работа, тогаш јас ти реков, дека во иднина ако работиме солидарно со Вас, или пак ако не работиме – ние претходно ќе ви кажеме сè што мислиме да правиме. Бидејќи видовме дека вашите пријатели, ако не за друго, барем за шпиони ги бидува. Тебе ти е познато како пропадна Цариградската работа.[220] Па во иднина ќе работиме со отворени карти. Ако правиме нешто, ќе треба или да не нè задевате, или пак претходно со вас ќе си ги испробаме силите.

---

[220] Се однесува за разоткривањето на подземниот канал под Отоманската банка во Цариград.

Ние имаме работа со стариот Централен – ќе се позанимаваме со пародијата и на сегашниот Централен.[221] Па дај боже да е силен и сегашниот. Но да го ебам, наводно не се плашиме од султанот па од него ли ќе се плашиме.

Во секој случај јас би сакал да ми пишуваш.

Многу здравје.

*Орце*[222]

*Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 59.

[221] Станува збор за ЦК на ТМОРО под водство на Х. Татарчев до Солунската провала (1901 г.) со кој гемиџиите имале разбирање и новиот ЦК под водство на Иван Гарванов со кој биле во конфликт.

[222] Јордан Поп Јорданов (1881, Велес–1903, Солун), анархист, еден од водачите на гемиџиите. Орце го активирал експлозивот под Отоманската банка во Солун за време на Солунските атентати.

## Документ бр. 54

### Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

**Преследување на врховистичката чета на Иван Карасулијата; сарафистите прават проблеми во Кукуш поради што се бара интервенција на Делчев; гемиџиите се непокорни, трпението на ЦК кон нив е на граница, Б. Сарафов да ги повлече или да им ја прекине издршката.**

Солун, 4 јуни 1902 г.

Од Света Гора за Висока, четврти јуни, втора година.

Едвај денес пристигна нашиот терорист по шестдневно обиколување низ тринаесет села и најпосле во Бер[223] успеал да ги најде заедно Апостол[224] и Павле[225] на два часа оддалеченост од Бер. Од проверката се покажа, дека тие ги добиле сите наши писма и од пред 15 дена се по трагите на Иванчо,[226] но не наоѓаат згоден случај за напад. Ако се судриме, велеле тие, ќе загубиме многу момчиња, бидејќи неговите се искусни и подобро вооружени. Меѓутоа, овие денови тоа прашање ќе биде решено конечно.

Уште не сме се расправиле со генералите,[227] а принцовите пичови[228] започнаа да пројавуваат живот. Особено добро познатиот на Ахил, Вано Манолев[229] веќе е неподнослив. Ви соопштив, дека брат му Никола во Меѓурек ги беше поделил селаните. Овие последните и мутиловци признале пред Григор дека добивале упатства од

[223] Бер – псевдоном за Енице Вардар.

[224] Апостол Петков (1869, с. Бојмица, Гевгелиско–1911, с. Крушари, Еницевардарско), еницевардарски војвода на ТМОРО, учесник во Илинденското востание, по востанието води жестоки борби со грчките андартските чети.

[225] Павле Граматиков Кониковски (? с. Кониково–1902, с. Киркалово), еницевардарски војвода на ТМОРО.

[226] Иван Христов Карасулијата (1875, с. Карасуле–1905. с. Лесково), војвода на ТМОРО. Во 1902 година потпаднал под врховистичко влијание и дејствува како врховистички војвода. Учесник во Илинденското востание.

[227] Се однесува на врховистите.

[228] Терминот „принцови пичови“ се однесува на гемиџиите кои биле под влијание на Борис Сарафов со прекар „Принцот“.

[229] Иван Манолев (1871, Кукуш–1930, Софија), анархист, приврзаник на Борис Сарафов, личен придружник на Гоце Делчев за време на големата обиколка во Македонија (1901–1902).

манолевци. Григор ставил ред во Лагадин,[230] но ако не беше авторитетот и умешноста на раководителите, кој знае какви последици ќе имаше. Вано преку својот роднина Анго Попов[231] и неговиот овчар Курумов, наговориле околу сто членови од дружините да побараат сметка, бидејќи знаеле, дека парите се злоупотребуваат. Испратиле една делегација од пет души и откако раководното тело им ја дало сметката, тие се задоволиле и опасноста била премавната. Меѓутоа, Анго и манолевци не престануваат да роварат. Последните неколку денови Манолев на многу наши селски учители им говорел, дека тој е сарафист и набрзо меѓу нив и нас ќе дојде до компромис, па учителите да заминат по селата како принцови луѓе. Исто прават и три копилиња од Орцевата компанија.[232] Денес дојде еден од Лагадинските раководители и настојуваше за убиство на Манолев. Најдов за подобро да го помолам Ахил да му напише едно писмо директно до него и да му каже да се откаже од старите постапки, бидејќи инаку ќе бидеме принудени да се ослободиме од него еднаш за секогаш. Тој направил толку штета на делото, што само за старите постапки го заслужува тоа. Три пати го викав на објаснување и тој бесрамно ми изјави, дека ништо не прави против нас. Сега ќе го повикам и Анго од Лагадина, но ако ме предаде – мајка му.

Ако принцот мисли со овдешните орцевци да ја ослободува Македонија, тешко нему и нам. Тие луѓе, не можат да му дадат друго на делото, освен петно. Ќе натераат само подобрите сили да се отстранат од работата, или пак да се борат со нив. Тој треба да ги повика назад, или да им ја прекине паричната издршка. Тие по цел ден, од утро до вечер се пијанчат и се без работа како скитници. При првиот обид за работа ќе паднат во рацете на полицијата. Пишете што ќе направите по тоа прашање, бидејќи трпението кај нас е на границата. Со нетрпение ја очекуваме прокламацијата и весникот.[233] Тие се неопходни за сега. Праќајте на адреса: Иван Дренков, учител, Жимназ бюлгар; десет броја од весникот „Право“. Соопштете ни кога ќе се свика конгресот.[234] Полномоштвото на Влахов,[235]

---

[230] Лагадин – псевдоним за Кукуш.

[231] Анго Попов, кукушки чорбаџија, приврзаник на ВМК.

[232] Орцева компанија – се однесува на гемиџиите.

[233] Веројатно станува збор за окружните писма од јуни 1902 година кои од името на ЦК на ТМОРО ги подготвиле Гоце Делчев и Ѓорче Петров. Додека за весникот веројатно станува збор за в. „Дело“, кој го издава Пеју Јаворов како „независен македонски лист“.

[234] Се однесува на претстојниот X конгрес на ВМОК кој се одржал во јули – август 1902 година.

со право од наше име да држи неколку предавања во Бугарија. Дајте ни една адреса за да ви ги испратиме сметките, како и кореспонденцијата со внатрешноста. Нашите писма, како и оние, што ви ги испраќаме од земјата, треба добро да се чуваат. За сметките што ви ги испративме ќе ни пишете на една страница на писмата: добивме сметка за толку и документи за толку.

Со братски поздрав,
*Давид*[236]

Ви праќам и едно писмо од Лагадин за да видите што пишуваат од таму.

ДАРМ, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 1; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 15-16.

[235] Димитар Влахов (1878, Кукуш–1953, Белград), член на ЦК на ТМОРО (1903–1904), еден од основачите на Народната федеративна партија (1909), пратеник во турскиот парламент, член на ВМРО – Обединета (1925), член на БКП и КПЈ.

[236] Давид, псевдоним на Иван Гарванов, претседател на ЦК на ТМОРО.

## Документ бр. 55

### Писмо од Лазар Киселинчев до Гоце Делчев

**Активистите на ТМОРО во Грција се провалени и затворени.**

Атина,
затвор Палестрон,
9 јуни 1902 г.

Ахил жални новини ќе ви пишувам. Нашата афера започна од овде прво со неколку арестувања тука. Најпрво немаше опасност да пропадне нешто, бидејќи имавме превземно мерки, како што ви пишував и порано. Дамјан и неговите другари се наоѓаа во Тесалија. Токму кога се беше готово да заминат, ние бевме арестувани. Од весниците дознавме дека четворица Бугари биле најдени удавени во реката Селаматија Падијас. Труповите беа најдени по три дена сосема обезличени. Кога ја минувале реката, нивната лотка се превртела, а тие бидејќи не знаеле да пливаат се удавиле.

Сите устави и правилници и неколкуте пушки останале во лотката. Кога ја пронашле лотката ги нашле и нив. Сѐ падна во рацете на грчката полиција. Уставот дури беше преведен и во еден весник го објавија. По неколку дена научивме, дека во Тесалија арестувале уште единаесет души. Меѓу имињата го среќавам и Дамјановото име. Неколку од нив кажаа дека се членови на комитетот, а неколку одрекоа. Велат дека, пронајдените книги се на удавените луѓе. До сега така стои работата. Требаше и тоа да го истеглиме. Многу нешта ќе се откријат од горните случки.

Ние сме затворени и еден со друг не можеме да се видиме; со многу мака ви пишувам, особено откако почна да пишува печатот за нас стана многу тешко. Околностите не нѐ натераа да откриеме ништо. Ако откриеме мали работи, ќе пропаднат многу луѓе. Сега, откако се арестувани момчињата во Тесалија, не знам каква тактика да држиме. Решивме да стоиме на првото. Вие што велите? Она, што го пишуваат весниците, повеќе проличува на роман. Овде до сега се затворени Ламро Рали, Димитар Узунов, Христо Јамбруки, Наум Рука, Димитар Константинов, брат ми Христо Киселиндис. М (IV). Поп Трајков нека не доаѓа од тука. Едно негово писмо е фатено во Лариса.

Ќе пишувате со хемиско мастило, нишестето на адреса Киро Николов. Чекаме инструкции како да ја тераме работата.

Пишувано на деветти јуни, оваа година од атинскиот затвор Палестрон.

Со другарски поздрав,
*Аврам*

*Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 161.

## Документ бр. 56

### Отчет на Задграничното претставништво до ЦК на ТМОРО во Солун

**Опширен извештај за односите меѓу ТМОРО и ВМК; недоразбирања, надмудрувања и непријателства; ВМК уфрла чети во Македонија и агитира за востание во есента 1902 година.**

[јуни] 1902 г.[237]

Велат, дека Цончев веднаш по последниот конгрес[238] во присуство на 15 д[уши] делегати на еден од нив му рекол: „Нам не ни се симпатични внатрешните дејци; ние ќе преминеме преку трупови, но ќе ја преземеме Внатрешната организација!“... Фактите брзо стасаа за да ги потврдат зборовите на генералот.

Набрзо по формирањето на комитетот Михајловски[239] – Цончев, последниот повеќе пати изјавувал пред дејци од внатрешноста, дека тој не признава никакво претставништво, никаква Внатрешна организација и дека е решен да се бори. Во исто време агентите на Комитетот во пограничните пунктови Ќустендил и Дупница отворе-

[237] Ц. Билјарски и И. Бурилкова предметниов извештај го датираат после 11 мај 1902 година. Види: Из архивата на Гоце Делчев..., 548; Вътрешната македоно–одринска революционна организация..., 206. Очигледно таквото датирање е изведено според едно писмо од Алексо Поројлијата кое се спомнува во документот со датум 11 мај 1902 г. Меѓутоа, ако внимателно се анализираат фактите во извештајот, тогаш ова најдолна граница на датирањето може да се помести барем до втората половина на јуни. Овој став го поткрепувам врз основа на фактот што во извештајот е спомнато заминувањето на полковник Анастас Јанков во Македонија, а притоа е спомната и неговата активност во Малешевско и Радовишко. А. Јанков во своите спомени вели дека од Софија за Македонија заминал на 29 мај (стар стил) 1902 г., а дека границата ја поминал на 4 јуни (ст. стил) што одговара на 17 јуни според Грегоријанскиот календар 1902 година. (Види: От София до Костур, Спомени: Анастас Янков, майор Димитър Думбалков, поручик Борис Сарафов, инж. Христо Станишев, Георги белев, Коста Шахов, (съставителство: Ива Бурилкова и Цочо Билярски), София, 2003, 117. Ако кон ова го додадеме и периодот што Јанков се задржал низ Џумајско и Малешевско тогаш предметниов извештај може да се датира дури кон крајот јуни 1902 година.

[238] Се однесува на IX конгрес на ВМК, кој се одржал кон крајот на јули и почетокот на август 1901 година во Софија. Тогаш за претседател на ВМК бил избран Стојан Михајловски, но примарната улога во комитетот ја имал потпретседателот генерал Иван Цончев.

[239] Стојан Михајловски (1856, Елена–1927, Софија), претседател на ВМОК (1901–1903).

но и на дело ја започнаа борбата. Така, Тане Мурџев во Ќустендил нападнал еден од куририте на Внатрешната организација, го тепал и му ги зел опинците, кои ги носел со себе. Истиот Мурџев го зел оружјето на Гоце Делчев и Васил Попов[240] кои се готвеле да заминат внатре, но тоа таму било вратено со сила... Во Дупница, комитетскиот агент Саев ги пресретнувал куририте од внатре, им ја земал кореспонденцијата и таму јавно отворил војна против делегатите на Внатрешната организација и против сите внатрешни дејци, а со својата злоба оди до таму, што со специјално подготвени банди посегна врз познатиот македонски деец Ефрем Чучков.[241] Овие и уште многу други факти возбудија силно негодување кај голем дел од јавноста; грмнаа весниците, Комитетот беше свикан за да се оправда, а за да ја успокои јавноста го издаде следното окружно кое беше испратено до мак[едоно] – одр[инските] друштва во Б[угариј]а (види: „Реформи“, бр. 28, од 18 август 1901 г.): „Поставени на чело на Макед[оно]–одринската организација во Бугарското кнежевство, наша прва должност е да ја истакнеме целта и задачата на организацијата чие раководство го прифативме. Движењето во Мак[едонија] и Одринско е револуционерно и тоа е дело на самиот роб во тие области; тоа се раководи и организира од самиот него; револуц[ионерното] движење во Мак[едонија] и Одринско го буди духот на поробеното население, го подготвува, го групира во моќна боева организација за да може еден ден со успех да ја отфрли тиранијата. Макед[оно]–одринската организација овде во кнеж[евството] е легална, основана според законите; таа има широк простор да дејствува, да се развива и да ја преследува својата цел слободно и непречено. Следствено нашето поле за дејност е одовде Рила и Родопите. Од тоа станува јасно каква е нашата цел и каква е нашата задача. Нашата цел е да помагаме на населението во Македонија и Одринско да се здобие со една автономија која ќе го гарантира слободниот развој на тие две области. Нашата задача не е да раководиме и управуваме со револуц[ионерното] движ[ење] во Македонија и Одринско, туку само морално и материјално да му содејствуваме на тоа движење, да ги толкуваме и појаснуваме неговите цели и стремежи и да бараме помош и поткрепа по целиот свет. Ете ја целта, ете ја задачата“...

---

[240] Васил Попов (1877, Стара Загора–1903, с. Баница, Леринско), малешевски војвода, учесник на Смилевскиот конгрес (1903).

[241] Ефрем Чучков (1868, Штип–1923, Софија), член на Скопскиот окружен комитет и на ЦК на ВМОРО. Војвода во Кочанско, Штипско, Кратовско, Малешевско и Пијанечко. Во 1902 година по наредба на Г. Делчев помагал на Ќустендилскиот пункт на ТМОРО.

Тоа беше парафразирање на директивата од последниот конгрес и природно, тоа предизвика добар впечаток.[242] Кога Комитетот беше запрашуван за неговите цели и задачи, тој со гордост го посочуваше ова окружно. А кога му ги посочуваа делата на неговите агенти во Ќ[устенди]л и Дупница, кои не престанаа да го потврдуваат спротивното, тој велеше: „ако тие“ – неговите агенти – „прават такви работи, тие ги прават без негово знаење“...

Како и да е, Комитетот беше доволно стреснат од нападите против него и од големото јавно незадоволство на некои друштва од дејноста на неговите агенти. Тој стана повнимателен и поумен, дури даде симптоми, дека е наклонет кон еден компромис со дејците од Внатрешната организација. Во крајот на август и почетокот на септември се одржаа неколку собранија од внатрешните дејци, Комитетот и некои негови сочувственици овде. Тогаш стана јавно, дека Комитетот е наклонет кон еден компромис со дејците од внатре врз основа на таканаречената *Мајска спогодба*, и по предлог на Цончев беше дадена изјава до Комитетот од групата внатрешни дејци кои тогаш привремено се наоѓаа овде. Во неа беа посочени главните точки на една можна спогодба меѓу нив и Комитетот.

Една од главните точки за таа спогодбата според изјавата која носеше датум 3 септември 1901 година, беше прашањето за делегатурата.[243] Во истата изјава беа посочени и лицата, кои во иднина ќе бидат делегати на Внатрешната организација. Комитетот се обврза брзо да ги разгледа условите за спогодбата и да одговори дали е согласен со нив. Меѓутоа, тој не брзаше. Со писмо од 10 септември минатата година под №. 860, наместо да ни одговори јасно и категорично дали ги прифаќа, или не, условите од Мајската спогодба, тој нè извести, дека Комитетот ќе влезе со нас во разгледување на прашања што се однесуваат за Внатрешната организација, само тогаш, кога ќе му претставиме редовни полномоштва од врховното управно тело на Организацијата, потпишани и потпечатени по надлежен ред. Ние веднаш јасно и категорично го поставивме прашањето пред Комитетот и го поканивме да каже отворено дали ги прифаќа условите изложени во изјавата од групата дејци на Внатрешната организација со датум од 3 септември минатата година, или не. Меѓутоа, како одговор на тоа со писмо од 13 септември мин[атата] год[ина] под №. 875 ни беше повторено писмото од истиот месец под №.

---

[242] За целиот текст на директивата на IX македонски конгрес види: Княжеството България и македонският въпрос..., стр. 277-278.

[243] Се однесува на делегатите на ЦК на ТМОРО т.е. Задграничното претставништво.

860. Во исто време еден од членовите на Комитетот по кафеаните и пред еден наш другар д-р Руменов не се засрамил да каже, дека Комитетот не одговара јасно и категорично бидејќи сака да печали време, – бидејќи ние мислевме, рекол тој, колку повеќе се развлекува водењето на преговорите, толку подобро ќе биде за Комитетот. Ние веднаш категорично и јасно го поставивме прашањето пред Комитетот и му напомнавме, ако тој не сака отворено да одговори во најкусо време, дека ние ќе ги прекинеме сите односи со него. Околу тоа време се пушти гласина, дека Хаљо и Стефо[244] од К[омитетот] биле испратени внатре кон Струмичко, а една друга чета преку Паланка. Комитетот беше запрашан на најкатегоричен начин за тоа, дури пред неговите најдоверливи луѓе, но тој го отфрли тоа. Весниците грмнаа и раструбија насекаде за испраќањето на Хаљо и Стефо и сл. Неколку друштва почнаа да зборуваат за отцепување од Комитетот па последниот омекна. Тој престана да комуницира со нас писмено, но неколку пати нè повика и усно нè замоли да ги претставиме своите полномоштва како делегати и да склучиме спогодба врз основа на Мајската спогодба. Набрзо пота, ги добивме нашите полномоштва од Централниот [комитет] и со писмо од 3 октомври мин[атата] год[ина] го информиравме за тоа. Меѓутоа, Комитетот, пак не брзаше, но Хаљо посрамено се врати и за сите стана познато, дека К[омитет]от испраќа чети внатре.

Негодувањето против К[омитет]от се засили и за да се закрепи, тој побрза да склучи со нас спогодба на 9 октомври мин[ата] год[ина]. Протоколот №. 9 од 9 октомври мин[атата] год[ина], што ја формулира и санкционира ова спогодба, буквално гласи вака: „1) В.М. Одрински к[омитет] ги прифаќа како претставници на Тајниот Центр[ален] М[акедоно] – Одрински к[омитет] господата Д. Стефанов и Т. Д[ели]иванов; 2) ВМО к[омитет] наполно ја прифаќа спогодбата изложена во вонредниот протокол од 16 мај 1901 год" и т.н. Прашан уште пред да се склучи спогодбата, зошто К[омитет]от го испратил Хаљо, Стефо и др[уги] и зошто посега против независноста на Внатрешната организација – неговиот претседател – Михајловски, одговорил, дека Хаљо, Стефо и tuti–quanti се наследство, оставено на Комитетот од неговите претходници, дека тие се една краста на овдешната организација и за да се ослободи од нив, К[омитет]от бил принуден да ги фрли внатре. Кога му се приговараше на Михајловски, дека Внатрешната организација не е клоака во која може да се исфрлат секакви гадотии, дека овдешната ор-

[244] Стефо – Стефан Николов (1855, с. Бесвина, Преспанско–1902 с. Горничево, Леринско), врховистички војвода во Леринско.

ганизација има илјада начини за да се ослободи од своите слични красти, дека е осудувачки и престапно една организација, која има за цел да го помага робот, да фрла врз неговиот грб такви луѓе, какви што се Хаљо, Стефо и др. кои не се во состојба да му принесат ништо, освен несреќа, тогаш Цончев го прекина Михајловски, зеде збор и го рече буквално следното: „до сега ние бевме завојувани страни, ние се боревме – на тоа се должи испраќањето на четите. Меѓутоа, по склучувањето на спогодбата, од името на другарите Ви изјавувам и Ви давам чесен збор, дека К[омитет]от веќе никогаш нема да испраќа чети, дури ако други испраќаат такви, К[омитет]от се обврзува да им попречи при минувањето и навремено да соопшти да се преземаат мерки за нивно пресретнување внатре". По оваа декларација на потпретседателот на К[омитет]от дадена во присуство на целиот состав на последниот, се потпиша спогодбата и односите меѓу двете организации, барем привремено се израмнија. Веднаш по потпишувањето на спогодбата К[омитет]от побрза тој факт да го соопшти на д[руштва]та за да ги сталожи духовите. Своевремено сѐ се смири; освен овде – онде при преземањето на некои непокорни друштва од страна на К[омитет]от...

Меѓутоа, спогодбата, изгледаше, неискрена од страна на Комитетот. Цончев кој што е фактички господар во К[омитет]от не можеше рамнодушно да ги слуша имињата на внатрешните дејци. Неговата омраза кон „даскалетините" веќе беше јавна. Се гледаше, дека спогодбата му била натрапена под притисок на околностите и дека тој е непријатно обврзан со точката 5 од спогодбата и првин Бозуков, а потоа Цончев и другите членови на К[омитет]от го покренаа прашањето за толкување на оваа точка, која гласи, дека каналите и пунктовите покрај границата на бугарска територија се на располагање на Внатрешната организација, а складовите се сопственост на В[рховниот] к[омитет].

Комитетот, ова точка сака да ја толкува така што каналите и пунктовите (старите) да останат на располагање на Внатр[ешната] организација, а К[омитет]от да го задржи правото да спроведува и основа нови канали и пунктови покрај постојните. Треба да забележиме, дека Привремениот комитет остави, а К[омитет]от Цончев – Михајл[овски] наследи една таква положба, што пунктовите и каналите покрај границата останаа на располагање на Внатр[ешната] организација. Истата положба остана до и во самиот момент на прифаќањето на последната Октомвриска спогодба. Надвор од тоа како пред (прифаќањето), така и во моментот на прифаќањето на спогодбата никој од членовите на К[омитет]от не противречеше на ова

точка од спогодбата, ниту пак предлагаше некакво нејзино толкување. Прашани, како ние ја толкуваме ова точка од спогодбата, одговоривме, дека единствено толкување било и ќе биде она, кое што одговара на реалноста затекната од нив по преземањето на К[омитет]от и спогодбата со нас, имено, дека Внатрешната организација има исклучиво сервитутно[245] право врз својата погранична зона меѓу складовите на К[омитет]от и границата. По силата на овој сервитут, единствено Внатрешната организација има право да спроведува и да основа канали и пунктови во таа погранична зона; К[омитет]от не може да има пунктови и канали во истата. Мотивите што му ги понудивме на Комитетот во прилог на ова состојба, беа следните: 1) Овдешната организација е легална, внатрешната е револуционерна. Како таква последната има потреба од манипулации, кои најдобро може да се изведат на овдешната територија. 2) Овдешната организација, која има за цел да ѝ помага на внатрешната е должна да остави извесно сервитутно право на Внатрешната организација врз пограничниот дел на својата територија. 3) Бидејќи Внатрешн[ата] револ[уционерна] организација е тајна, тогаш, во интерес на последната е, тие толку важни манипулации крај границата да се прават тајно – во интерес имено на таа тајна, никој друг не може да има право да ги спроведува истите манипулации врз споменатава територија. Бидејќи К[омитет]от неколку пати се менува во текот на годината и бидејќи ги менува своите луѓе крај границата, штом ќе добие право да има канали и пунктови во истата зона, ќе ја изложи тајната на Внатрешн[ата] организација пред мнозина, а ќе ја изложи и самата организација...

Единствена околност во прилог на барањето на К[омитет]от, беше дека тој немал доверба во внатрешните дејци, а за да биде сигурен, дека оружјето што го дава за внатре оди според назначувањето, тој сака да го даде на самата граница... Јасно беше, дека Комитетот со ништо не можеше да ги оправда своите барања по тоа прашање, освен со недоверба кон внатрешните дејци. Овој мотив беше многу глупав, но тој беше истакнат само и само за да се извлече едно такво толкување на точка 5 од Мајската спогодба, кое ќе му одврзе раце и ќе му даде можност слободно да дејствува покрај самата граница и побрзо да посега внатре.

Комитетските делегати во пограничните пунктови Ќ[устендил] и Дупница со поткупување на работници од внатре кои привре-

---

[245] Сервитут (*lat. Servitus*) робување, служење, потчинетост; *правно значење*: вистински отстапено право на користење на нечија сопственост; пример: право на слободен премин преку нечиј двор.

мено доаѓаат овде – јавно го докажа овој стремеж на К[омитет]от. Прашањето за толкувањето на точката 5 од Мајската спогодба во оваа, или онаа смисла, доби карактер на прашање за допуштање или недопуштање на овдешната организација да посега внатре – со други зборови доби карактер на допуштање или недопуштање на посегање од овде врз самостојноста на Внатрешната организација. Бидејќи така гледавме на прашањето, ние изјавивме во К[омитет]от, дека допуштаме само такво толкување на точката 5, како што изложивме и дека при спротивно толкување како што предлага К[омитет]от совршено се анулира Мајската спогодба и ако К[омитет]от настојува на свое толкување, спогодбата губи смисла, а врските меѓу нас и нив ќе бидат прекинати.

При еден таков третман на прашањето, К[омитет]от се почувствува притиснат до ѕид и постојано го одлагаше решавањето на тоа толку важно за нас прашање, но ги задоволуваше сите наши барања надвор од него. Така, во почетокот на ноември ние дадовме предлог К[омитет]от да отпушти оружје и воени резерви за вооружување на две чети, тој веднаш ги пушти; му посакавме пари за издршка на пунктовите: Ќ[устенди]л и Дупница – тој пушташе по малку, иако во принцип не го беше разрешил прашањето дали овие пунктови треба да се издржуваат од овде, или од внатре и т.н. Меѓутоа, од момчињата кои доаѓаа од внатре, кои поминале низ Петричко почна да се слуша, како разбојникот Дончо Златков, кој е осуден од Организацијата на смрт се спогодил со Алексо,[246] разбојник од Пороj, исто така осуден на смрт, дека започнале да формираат чета и се подготвуваат да ја уништат нашата чета во Петричко на чие чело стоеше Александар Илиев.[247] Последниот неколку пати праќаше известувања да му се испратат 10–15 момчиња на помош, зашто инаку ќе биде убиен од Дончо и Алексо. Последното известување од А. Илиев го донесе неговиот другар – поројскиот учител Чаков,[248] кој што сам бил сведок на тешката положба на Илиев. Под влијание на овие околности, ние посакавме од К[омитет]от да вооружи 13 момчиња од Петричко и да ги снабди со воени резерви. К[омитет]от

[246] Алекса Николов Поројлијата ( 1868, Долни Порој, Демирхисарско–1903, Аџиица, пл. Огражден), отпадник од ТМОРО, врховистички војвода во Поројско и Петричко.

[247] Александар Илиев (1879, Враца–1901, с. Добри Лаки, Петричко), петрички околиски војвода на ТМОРО.

[248] Михаил Чаков (1873, Гуменце–1938, Софија), војвода на ТМОРО во Петричко, Драмско, Серско, Кумановско и Велешко. Учесник во битката кај Баница 1903 при загинувањето на Гоце Делчев. Подоцна ги собрал коските на Делчев и ги предал на Илинденската организација.

се обиде да го одложи прашањето под изговор, дека за него уште не било разрешено прашањето по принцип дали тој може да отпушта резерви за четите или не, но поради нашето силно настојување неодложно да го разреши прашањето во позитивна смисла, К[омитет]от едногласно реши да ги отпушти бараните нешта за четата. Четата брзо се формира, но К[омитет]от ги забавуваше резервите при што се правдаше дека немаат готови патрони. Меѓутоа, известувањата од Петрич за положбата на А. Илиев беа сѐ поочајни. За побрзо да се испрати потребната помош на Илиев, на К[омитет]от му предложивме сами да ја обезбедиме четата со патрони, а останатите резерви да ги даде К[омитет]от. Последниот се согласи и момчињата брзо беа испратени во Ќ[устенди]л, каде требаше да ги вооружи К[омитет]от. Побаравме писмо од К[омитет]от до тамошниот комитетски н[ачални]к на пунктот[249] за побрзо да се вооружат и да не се задржуваат одовде границата. Николов,[250] кој го управуваше К[омитет]от во тоа време, се обврза веднаш да пишува во Ќ[устенди]л, така што писмото да стаса истиот ден, кога ќе пристигне четата, но одби да даде писмо од К[омитет]от за заштита на момчињата. Другиот ден, еден од нас отиде во К[омитет]от да провери дали навистина е испратено писмото во Ќ[устенди]л. Николов, кој продолжуваше да управува со К[омитет]от на прашањето одговори, бидејќи претседателот бил во град, па тој (Николов) не го напишал писмото за Ќ[устенди]л, но му рекол на Михајловски, дека момчињата се испратени и треба да се испрати писмо во Ќ[устенди]л. Николов, настојчиво беше поканет да го повика во К[омитет]от Михајловски за да го напише писмото, или пак да го испрати својот курир со белешка неодложно да се напише писмото и да се испрати во Ќ[устенди]л. Николов го прифати последното и се обврза неодложно уште истиот ден да го натера Михајловски да го напише и испрати писмото. Другиот ден, еден од нас отиде пак да провери дали е испратено писмото, но беше недела и во К[омитет]от немаше никој. Меѓутоа од Ќ[устенди]л пристигна известување дека делегатот од Комитетот не давал ниту оружје, ниту резерви, а од друга страна полицијата ги следи момчињата и дека нивното останување таму е невозможно повеќе од 1 – 2 дена. Четвртиот ден – во понеделник – еден од нас пак се јави во К[омитет]от за да провери дали е напишано писмото. Тогаш М[ихајлов]ски беше во К[омитет]от и на нашето прашање дали испратил писмо во Ќ[устенди]л за вооружување на четата, ни одговори дека (тој) го чека Цончев. Овој ден Цончев пристигна во

[249] Пунктов началник на ТМОРО во тоа време во Ќустендил бил Ефрем Чучков.

[250] Стефан Николов, потполковник.

градот и му се објасни работата, а тој се обврза да испрати писмо. Другиот ден одново направивме проверка – се покажа дека Цончев го испратил писмото. Меѓутоа од Ќ[устенди]л добивме известување, дека комитетскиот делегат по никој начин не се согласувал на момчињата да им даде манлихери, туку им предлагал кримки или шнајдерови пушки. Другиот – шести ден од испраќањето на четата, еден од нас се јави во К[омитет]от и соопшти за известувањето од внатрешните луѓе во Ќ[устенди]л. Тогаш, Цончев призна дека тој му пишувал на делегатот во Ќ[устенди]л да даде други пушки, но не манлихери. Запрашан зошто го направил тоа, кога К[омитет]от сам решил манлихерите да се дадат на оваа и уште две други чети, Цончев одговори, дека К[омитет]от уште не го разрешил прашањето принципиелно: дали да се даваат манлихери на четите или не и дека – К[омитет]от – мисли таквото скапо оружје, како манлихерите, треба да се чува за крајниот момент – рече тој и предложи допрво да се разгледа тоа прашање во К[омитет]от.

Откако К[омитет]от сам зеде две решенија да се отпуштат манлихери за три наши чети и откако шест дена го одолговлекуваше пишувањето на писмото за Ќ[устенди]л за отпуштање на пушки, К[омитет]от допрва да предлага да се разреши принципиелно прашањето за отпуштање или не на манлихери пушки, особено откако редовно ветуваше дека ќе пишува за манлихери за вооружување на Петричката чета, а тајно му пишувал на својот делегат по никој начин да не дава манлихери (особено, кога се знае, дека да вооружиш една чета со кримки или шнајдерови пушки и да ја испратиш на нелегална работа во Турција, чија армија е вооружена со маузерки, тоа е исто како да испраќаш против луѓе вооружени со огнострелно оружје, луѓе вооружени со стапови и лакови). Тоа отворено беше гнасна игра и нашиот посетител му изјави на К[омитет]от, дека при таква ниска игра – тој повеќе не може да работи со К[омитет]от и дека заедно со својот другар ќе изложат сѐ, каде што треба и оттаму ќе чекаат разрешување на прашањето.

Категоричната изјава, очигледно ги стресна па Цончев рече: „тогаш, ако сакате, ние веднаш ќе телеграфираме да ги отпуштат 13-те манлихери“. Нашиот последен збор беше: „ако сте кавалери на своите зборови, ќе ги исполните своите решенија земени од порано за отпуштање на пушките, дури ако сега ги сметате за глупави. Меѓутоа, за доверба и заедничка работа во иднина, после оваа игра не може да стане ниту збор“... Треба да кажеме дека прашањето за 13-те пушки беше своевиден повод за да ги прекинеме нашите врски со К[омитет]от – меѓутоа, причината беше подлабока.

Поплаките против делегатите на К[омитет]от во пограничните региони не престануваа. Саев, поддржан од полицијата и офицерите од пограничната стража, фаќаше писма од курири, кореспондираше со внатрешноста, агитираше против внатрешните дејци и ги тероризираше нашите другари во Дупница. Известувањата од Петричко од Ал. Илиев и неговите другари, а исто така фатените писма од К[омитет]от во Петричко јасно посочуваа, дека Дончо е орудие на К[омитет]от и дека последниот преку него се стреми да создаде своја организација внатре – организација која ќе биде во непосредна врска со К[омитет]от и директно да зависи од него.

Што се однесува до прашањето за посегањата на К[омитет]от, покрај статути, друштва и спогодба, посегање врз основните принципи на Внатрешната организација – нејзината самостојност и независност, прашањето за 13-те пушки беше, своевиден, пробен камен, преку кој се почувствуваа намерите на К[омитет]от спрема Внатрешната организација. Тој не дозволи да се испрати на помош на Ал. Илиев една чета, за да не се уништи во зародиш работата на Дончо за последниот да може слободно да основа организација одделна од Внатрешната и наполно зависна од од К[омитет]от. Бидејќи знаеше, дека Дончо слободно ќе може да го разигрува својот коњ во Петричко, само доколку од овде не замине бараната помош и само при тие услови Дончо ќе може да ја уништи единствената пречка за него во Петричко – Ал. Илиев и неговите другари – тој, К[омитет]от под разни изговори го одлагаше испраќањето на таа четата, додека најпосле ја доведе работата до прекинување на нашите односи со него... К[омитет]от ја постигна својата цел – четата не се испрати. Ал. Илиев, оставен без помош, набрзо падна убиен од Дончо и Алекса...

За прашањето за 13-те пушки, како и воопшто односот на К[омитет]от спрема нас и нашите другари тука и спрема внатрешноста, беше информирана Централната управа. Последната ја проучила работата во Петричко и кога се уверила во посегањата на К[омитет]от врз независноста на Внатрешната организација – ни испрати писмо со датум 4 декември 1901 г., кое требаше да се испрати во К[омитет]от и да му се соопшти, дека спогодбата од 9 октомври пропаѓа и се прекинуваат врските меѓу Внатрешната организација и К[омитет]от. Писмото од Централната управа беше препратено, согласно наредбата. Меѓутоа, К[омитет]от продолжи да агитира и да зборува дека тој е во добри односи и во согласност со Внатрешната организација. Ние бевме принудени со специјално писмо да го помолиме К[омитет]от во рок од 48 часа официјално да им

соопшти на друштвата, дека врските меѓу К[омитет]от и Внатрешната организација се прекинати. Меѓутоа, К[омитет]от не направи ништо. И бидејќи агентите на К[омитет]от продолжија да го лажат општеството, дека Внатрешната организација е добра со К[омитет]от, ние бевме принудени да им го соопштиме на друштвата само голиот факт, дека односите меѓу Внатрешната организација и К[омитет]от се прекинати. К[омитет]от наместо да го призне тој факт и да ја преземе одговорност врз себе, со окружно до друштвата од 19 декември 1901 г. №. 1206, откако изрига клевети и навреди врз нас, ги заблудува друштвата, дека К[омитет]от престанал да има врски со нас – Т. Делииванов и Д. Стефанов – но, не и со Внатрешната организација. „Односите на К[омитет]от со Внатрешната организација – се вели во тоа окружно – сè и ќе останат такви, какви што се налагаат од интересите на општото дело. Од поведението на овие двајца господа за К[омитет]от стана јасно, дека тие не се претставници на Внатрешната организација, туку претставници на една група, чие сврталиштето е во Бугарија"... К[омитет]от така подло лажеше една цела организација овде, така ниско нè клеветеше, иако го имаше во раце соопштението од Централниот к[омите]т со датум од 4 декември 1901 г., дека тој Централниот к[омите]т ги прекинува своите врски со него, иако знаеше, дека ние, како делегати на истиот Централен, поседуваме формално полномошство, иако најпосле, самиот тој нè прими и работеше со нас, како делегати на Централниот к[омите]т врз основа на истото полномошство.

Оттука натаму започнува отворената борба на К[омитет]от против нас овде и внатре. Во Софија, Ќ[устенди]л и Дупница, комитетските банди слободно се шетаа и ги тероризираа и тепаа нашите другари и сомисленици, со пари ги поткупуваа нашите работници за да ги добијат на своја страна, а таму каде што не помагаа пари – со сила и заплашување ги принудуваа да бездејствуваат. Членот на К[омитет]от, Бозуков, заедно со делегатот на К[омитет]от во Ќ[устенди]л, Стојанов,[251] поддржани од полицијата и пограничните офицери, дури заедно со последните одеа од пункт на пункт крај границата, го заграбуваа оружјето со сила и поставуваа свои луѓе. Истото порано се случи во Дупничкиот реон.

Озлобувањето стаса до таму, што кога нашите работници изнесувале оружје за една чета која требаше да замине преку Ќустендилско, една комитетска банда од околу 17 д[уши] ги нападнала

[251] Веројатно се однесува на капетан Јурдан Стојанов (1869, с. Долна Вереница, Монтанско–1910, Софија), офицер на бугарската армија, врховистички војвода.

нашите работници за да им гоземе оружјето, но кога не успеала да го направи тоа, предизвикала ѓурултија во која се вмешала полицијата и го конфискувала оружјето. Членот на К[омитет]от, Бозуков, во тоа време бил во Ќ[устенди]л и во кафеаната се фалел, дека тоа е негова работа и дека тој попрво претпочита оружјето да биде во рацете на полицијата, отколку во рацете на Внатрешната организација. Малку било тоа, тој дури отишол до таму, што се фалел, дека отишол во Ќ[устенди]л за да исполнува смртни пресуди.

Покрај тоа врските меѓу К[омитет]от и Дончо станува сè појасни. Дончо собираше од населението махзари во полза на К[омитет]от. Фативме писма од Дончо до К[омитет]от и 27 пушки манлихери, испратени од К[омитет]от специјално за вооружување на Дончо и неговата чета. Дончо отворено се прокламираше како човек на К[омитет]от, предаваше и уништуваше сè што му пречеше. К[омитет]от, непрекинато му испраќаше луѓе кои по цели месеци ги хранеше овде по Ломскиот и другите анови. За да си пробие пат во Џумајско, Дончо преку писмо до џумајскиот кајмакам ги предал главниот учител во Џумаја – Сава Михајлов[252] и неколку негови другари. Заменикот пак на Михајлов – Ал. Китанов,[253] набрзо беше грабнат од истиот Дончо како заложник и околу 4–5 месеци, врзан бил воден по Џумајските, Петричките и Малешевските планини. Главен услов за пуштањето на овој заробеник било писмено признание со потписи од него, од неговиот татко и неговото родно село Лешко, дека го признаваат Врховниот к[омите]т и се откажуваат од Внатрешната организација. Благодарение на една случајност пред еден–два месеци несреќниот момок успеа да избега од рацете на разбојникот. Татко му на Китанов, првенец во селото Лешко, по никој начин не сакал да го признае Комитетот, а заедно со него и целото село не сакало. Дончо пишувал писмо до кајмакамот во Џумаја и го наклеветил пред власта како комита и тој веднаш беше арестуван... За да се воспостави ред во Петричко, Внатрешната организација испрати чета во тој реон. Дончо ја предаде и таа имаше жесток судир кај Игуменец.

[252] Сава Михајлов ( 1877, с. Мачуково, Гевгелиско–1905, с. Смол, Гевгелиско), гевгелиски војвода на ТМОРО, учесник во грабнувањето на Мис Стон, учесник во Илинденското востание.

[253] Александар – Сандо Китанов, (1881, с. Лешко, Горноџумајско–1906, с. Русиново, Малешевско), малешевски и кукушки војвода на ТМОРО. Загинал заедно со Дамјан Груев.

Од февруари К[омитет]от засилено започна да испраќа чети внатре под водство на познатите разбојници: Иванчо,[254] Кутрулот, Стефо и др. Заедно со нив влезе и т.н. капетан Стојанов (Разлогов). Тој го фатил левиот брег на Струма и одејќи од село на село со сила ги земал селските печати. Во селото Србиново тој бил лошо прифатен. Неговите ветувања кон селаните никако не повлијаеле за да го признаат К[омитет]от. У[чител]от Икономов[255] и неколку селани – првенци, силно му се спротивставиле. Стојанов бидејќи не можел да ги победи противниците со убедување, го подложил Икономов на измачување и со сила го зел печатот од коџобашијата. Не стасало тоа, другиот ден тој му напишал писмо на кајмакамот со кое го предал учителот и селаните: Спасе и Миле. Благодарение на една случајност, тој успеал да избега. Во селото Мечково капетанот на ист начин го зел печатот и ги предал на власта селаните: Кипре, даскалот Годлевски, св[ештеник]от Илија и Стојан ковачот – од нив првите тројца успеале да избегаат, а последниот е фатен и фрлен в затвор. Во селото Оштава на ист начин извлекол неколку потписи во полза на К[омитет]от. Оние селани што одбиле да ги дадаат своите потписи, како поп Јане и др[уги], тој ги предал на власта и тие биле фрлени в затвор. Во селото Влахи, селаните кога разбрале за судбината на своите браќа од другите села, избегале по чарковите во гората. Коџобашијата кој одел за Мелник по управни работи, бил пресретнат од четата на Стојанов и со сила бил принуден да потпише, дека неговото село наводно го признава Врховниот к[омите]т.

Во Поројско, Алексо отишол во Долни Порој и го посакал општинскиот печат, дека го признаваат Врховниот к[омите]т и се откажуваат од Централниот. Тој неколку денови редовно се појавувал со четата и ги заплашувал. Претседателот на општината исплашен, Алекса да не направи некоја лудост, па да пострада целото село, бил принуден да го удри печатот и да го признеа К[омите]от претставуван од Алекса. После тоа тој се нафрлил во другите села од реонот и на ист начин извлекол махзир во полза на Врховниот к[омите]т. Кога забележал, дека населението не го прифаќа добро и бидејќи мислел дека причина за тоа е Филипов,[256] у[чите]л во По-

[254] Иван Карасулијата.

[255] Димитар Иванов Икономов (1873, с. Ловча, Неврокопско–1922, Неврокоп), неврокопски околиски војвода на ТМОРО, член на Невркопскиот околиски комитет и на Серскиот окружен комитет.

[256] Стојан Николов Филипов (1877, с. Старчиште, Неврокопско–1944, Неврокоп), неврокопски и поројски војвода, раководител на поројскиот регион (1900–1901), учесник во востанието 1903 година.

рој, тој испратил еден човек за да му каже, дека ако не се мавне од селото, тој – Алексо – ќе го сосече во училиштето пред децата. Истиот ден му напишал писмо на мудирот со кое го наклеветил у[чите]лот Филипов и неколку првенци, дека тие зеле учество во запленувањето на Мис Стон. Предадените веднаш биле фатени и фрлени во затвор, меѓутоа двајца од кои едниот е Филипов успеале да избегаат од затворот, а останатите и денес лежат таму.

Во Малешевско влезе Софрониј Стојанов придружен од 27 души најдолни луѓе на чело со Иван Илиев. Стојанов поминал низ 6 – 7 села и зборувал за злоупотреби на учителите и ги наговарал селаните да се откажат од нив и да го слушаат Врховниот со кој бил кнезот и рускиот цар и кој што за два месеци ќе дигне востание, при што на населението ќе му даде пушки и патрони без пари. Иван Илиев бил со долга брада и се претставувал пред населението за делегат, испратен од рускиот император.

Кај с. Нивичино, Стојанов се сретнал со Делчев и др[уги] наши другари при што меѓу нив имало долга дискусија во присуство на четите и селаните. На крајот на краиштата, Стојанов ветил дека ќе се врати во Бугарија и дека ќе го убеди К[омитет]от да го запре испраќањето чети и да ги повика назад дотогаш испратените. Тој се врати назад со неколку момчиња, меѓутоа, поголемиот дел од неговите другари останаа да агитираат во полза на К[омитет]от против Внатрешната организација. Што зборувал тој во К[омитет]от не знаеме; меѓутоа пред другарите се исповедал, дека му дал извесно ветување на Делчев и не можел да го сокрие од нив своето восхитување од подготовката во духот на населението што ја сретнал внатре. Меѓутоа, К[омитет]от не престана да испраќа чети, а тие на престанаа да агитираат внатре за К[омитет]от против Внатрешната организација, да зборуваат за востание, дури и да го определуваат денот за востанието, при што главните надежи не ги полагаат врз силата и плеќите на робот, туку врз милоста на бугарскиот кнез и рускиот цар.

Кога борбата доби остар карактер и кога стана јавно, дека К[омитет]от не само што се бори, туку е решен да дигне востание наскоро, ние се обративме со апел кон друштвата и ги поканивме да се освестат, дури уште е рано.[257] Меѓутоа, К[омитет]от веднаш излезе со одговор на нашиот апел [„Реформи“], (бр. 7 од 9. III 1902 г.), во кој одговор на еден најнесовесен начин тврдеше, дека тој секогаш

[257] Станува збор за Окружното од двајцата задгранични претставници од 5 март 1902 г.

проповедал, како Внатрешната организација треба да биде наполно независна, бидејќи не треба да се дава повод на европската дипломатија да мисли, дека македонските борци се кукли, разигрувани од некакви софиски куклоиграчи – го тврдеше тоа и го отфрлаше обвинението, дека се испратени чети и дека внатре се подметнува раскол. Тоа беше злоупотреба на положбата, тоа беше подигравка, исмевање со довербата на друштвата кон К[омитет]от, како врховна институција со цел да се успијат тие, а К[омитет]от да ја доврши својата иницијатива. И тој успеа. Мнозинството друштва си спиеја. Одговорот на К[омитет]от им даде основа да заспијат уште подлабоко и тие се успаа. Во меѓувреме К[омитет]от продолжи да испраќа чети внатре, кои пак продолжија со собирање махзири против Внатрешната организација, да агитираат во полза на К[омитет]от како спасител на робот, бидејќи тој, К[омитет]от се состоел само од „паши“ со кои бил кнезот и цела Бугарија, а зад нив Русија. Тие веќе зборуваа и за денот на востанието, при што отпрвин го определија Ѓурѓовден, после 1 мај, попосле Илинден и најпосле свеченоста на Шипка.[258] Тие го мамеа невиното и доверливо население, дека маневрите при таа свеченост се своевиден благопријатен предлог за дигање на нога на бугарската војска, која поткрепена од Русите што ќе бидат на свеченоста и од оние што ќе чекаат во Варна и Бургас – сите на број околу 40 000 души – ќе се фрлаат во Македонија и ќе ја ослободат. „Даскалите, централистите“, зборувале тие „ни пречат да Ве ослободиме, тие сакаат Вие да останете уште 15 – 20 години во таква положба, тие ги злоупотребуваат парите, кои се собираат во Бугарија, тепајте ги, гонете ги, предавајте ги...“ Така учеа агентите на тие големи патриоти, кои постојано овде се кичат дека тие се поклоници на самостојноста и независноста на Внатрешната организација, за чија независност толку плачат органите на К[омитет]от, па и самиот тој... Така учеа тие и сами на дело го применуваа тоа свое учење...

Четата на Внатрешната организација, кога го држела Џумајскиот регион се јавила во с. Железница за да ја обори агитацијата на Врховниот к[омите]т, но во истото село, тогаш била една чета на

[258] Во 1902 година се навршувале 25 години од пробивот на руските војски кај Шипка за време на руско–турската војна (1877–1878). По тој повод во Бугарија почнале масовни подготовки за одбележување на јубилејот на кој требало да присуствуваат високи руски воени претставници и ветрани. Токму овој момент ВМК го искористил како маркетиншки трик пред македонското население дека руското присуство на свеченоста на Шипка претставува поддршка за бугарска воена интервенција во Македонија.

Врховниот. Последната, никако не сакала да допушти во истото село да влезе четата на Внатрешната организација. Но, последната настојувала да влезе во селото. Тогаш четата на Врховниот испратила да им соопштат, дека ако влезат во селото, ќе бидат предадени на власта. Четата на Внатрешната орг[анизација] влегла, но по малку и станало јасно, дека е предадена. А малку потоа, таа веќе имала судир со потерата недалеку од селото... Набрзо потоа во Мелник била предадена една друга чета на Внатрешната организација... Во Малешевско пак, ненадејно бил нападнат В. Попов, кога тој се одделил од своите другари по работа – убиен е Георги Данчев и е предадена четата во тој реон... На 11 мај Алексо, поројскиот разбојник, агент на К[омитет]от со писмо до мудирот предал 5 души видни дејци во Сер и Серско, тие биле принудени да побегнат – кој овде, кој во горага. (Препис од тоа писмо, ако не се лажам, е испратен во овдешното Министерство за надворешни работи).

Селата Банско (Разлошко) и Лешко (Џумајско) многу пати се заплашувани ако не поминат на страна на К[омитет]от, дека ќе бидат изгорени и изложени на ужасни последици на една афера, која ќе им ја создаде четата на К[омитет]от. Меѓутоа, тие останаа непоколебливи и затоа силно ја поткреваа жолчта на луѓето од К[омитет]от... Кога влегоа офицерите Јанков, Саев, Сракинов и други требаше да се очекува, дека методите и средствата употребени од Дончо и с–ие, ќе се напуштат, но на дело излезе токму спротивното. Луѓето, кои едно време овде поставуваа стапици, го тероризираа населението – луѓето кои не жалеа никакви средства за да го компромитираат делото овде – тие луѓе кога влегоа внатре уште повеќе ја разгоруваа војната меѓу Внатрешната организација и К[омитет]от... Тие со поголема жестина го нападнаа идолот на внатрешноста – Делчев и другарите, тие го убедуваа населението дека неговите водачи досега злоупотребувале пари, правеле професија од революционерното дело, дека тие не го сакаат ослободувањето за до може подолго да експлоатираат за своја сметка. Се посочувале самите себе како единствени спасители на тоа население... Сè што не наведнуваше глава, тие го уништуваа.

Во с. Селиште сред бел ден Саев и с–ие нападнале и стрелале врз еден младич, кој според нив, бил причина за непризнавање на К[омитет]от од тоа село. „Капетан Разлогов“[259] извардил и убил виден работник по делото, Ангел Мазнеев.[260] Истиот го фатил суши-

[259] Капетан Разлогов, псевдоним за Јурдан Стојанов.

[260] Ангел Мазнеов (1863, с. Градево, Горноџумајско–1902, с. Градево, Горноџумајско), селски војвода на ТМОРО.

чанецот Георги Стоилов, туку – што избеган од рацете на турската потера, му зел 200 турски лири и го заклал. Саракинов фатил 4–6 души Турци близу до селото Банско и им посакал 30 лири откуп. Парите биле дадени брзо, но неколцина од Турците заробеници уште не се вратиле по своите домови. Власта е под тревога и под дрво и камен ги бара исчезнатите заробеници. Заробениците што се вратиле расправале, дека тие биле пленети од бугарски комити, а власта извела околу 300 души селани во планината за да ги бараат комитите. Истовремено по селата се спроведуваат силни измачувања. Речиси по ред во околината се спроведуваат претреси – и многу народ е одведен во затвор. Селото Банско е превртено наопаку за да ги најдат комитите. Во исто време, велат „капетан Разлогов“ наближил до селото и пратил абер по селаните, дека ако не се предадат тој ќе предизвика уште поголема афера... За да го преземе пак Лешко, Саев се здружил со други чети и некои селани од селото, влегол внатре и настојчиво барал да го признаат К[омитет]от. Се обидел да формира управно тело, раководено и управувано директно од К[омитет]от, но не успеал. Тој повеќе пати го заплашувал селанецот Китан, таткото на Ал. Китанов кој беше пленет од Дончо, со убиство и палење на селото, но до сега ништо не постигнал, селото цврсто останува со Внатрешната организација. Злобата на луѓето од К[омитет]от против ова село е силна и не е чудо еден ден да нè раздени со известување, дека Лешко е изгорено од генералски чети, а Китан е убиен...

Во Радовишко, глупавиот полковник Јанков ги собрал селаните и им зборувал за востание. Меѓу другите слушатели на Јанков бил и падарот на едно од блиските села. Полковникот отворено зборувал за востание пред него и дури го заколнал и тој да им помага во тој момент. Падарот се согласувал со сè, но другиот ден предал сè на власта, селаните биле фатени, измачувани и фрлени во затвор.

Аферите, преследувањата и убиствата на луѓето внатре, кои не го признаваат К[омитет]от не престануваат ниту ден и не е чудо еден ден сите во овие погранични реони каде К[омитет]от си го разигрува коњот, да се обидат и да го прекинат секое дело... Залажувањето, дека во август ќе има востание, уште го крепи населението, но утре кога последното ќе се убеди, дека и овде го лажат ќе напушти сè и можеби ќе биде најголемиот непријател на секое револуционерно движење...

К[омитет]от изврши илјада престапи внатре благодарение на немарливоста и незаинтересираноста на друштвата овде. Внатрешната организација ги исцрпи сите легални средства, за да ја одврати

земјата од злото, кое ѝ се испраќа од тука, но досега овдешната организација, подржувач на К[омитет]от, не направи ништо, сега, кога овдешната организација има можност да го уништи злото – иако многу доцна – во случај ако таа не го исполни својот долг, Внатрешната организација ќе бара свои средства, средства какви што и налагаат околностите... Денес Вам ви припаѓа последниот збор и со нетрпение ќе чекаме да го слушнеме...

*Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 548-558.

## Документ бр. 57

### Окружно писмо од ЦК на ТМОРО до тајните револуционерни комитети во Македонија и Одринско

**Населението да се надева само на сопствените сили; врховистите настојуваат да го вовлечат населението во предвремено востание; до прогласување на внатрешно востание и ослободувањето на Македонија и Одринско останува уште малку време.**

јуни, 1902 г.

ОКРУЖНО[261]

До тајните револуционерни комитети во Македонија и Одринско

Браќа,

Пред неколку години јасно беа осуетени сите наши надежи во христијанската милосрдност на христијанска Европа, во славјанското сочувство на славјанска Русија и во братската помош на братска Бугарија. Пред неколку години за нас стана јавно, дека моќната христијанска Европа со својата моќност ја крепи раскапаната Турција во името на своите европски интереси, дека великата славјанска Русија со својата величина му служи на крволокот Султан во името на своите завојувачки интереси, дека немоќната братска Бугарија со својата немоќ не може да даде ниту отпор на непријателските соседи во име на своето загрозено спокојство. И тогаш ние видовме, дека ако можеме и ако уште треба да се надеваме, тогаш можеме и треба да се надеваме *само на себе си, на своите гради и плеќи, само на својата волја и сила*.

Меѓутоа, да бидеме една гранитна сила, од која би можел да се разбие прогниениот кораб на турската држава, да бидеме една гороломна стихија, која што би можела да ја помете црвливата постројка на крвавата империја, ние два и повеќе милиона христијани робје во Македонија и Одринско би требало да пројавиме таква целокупна цврстина, каква што пројавува гордо извишениот гранит, и таков незадржлив устрем, каков што пројавува ураганот што пустоши низ пространствата. За да бидеме тој гранит и за да бидеме тој

[261] Константин Пандев смета дека автор на споменатово окружно е поетот Пеју Јаворов. Види: Константин Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско 1878–1903, София 1979, 286.

ураган, ние ограбуваните и сосипуваните, обесчестуваните и презираните, мачените и истребуваните, ние би требало да бидеме едно живо нераскинливо тело со една глава што постојано мисли едно исто, со две раце што секогаш работат едно исто, глава и раце чии што постојани и стамени усилби треба да бидат насочени кон една и иста претпоставена цел.

Македонци и Одринци!

Оние смели апостоли на слободата, кои што први се појавија меѓу нас, знаеја дека само обединувањето е сила – знаеја, дека само со општи усилби ние можеме да извојуваме човечки правдини за себе си и за тие што ќе не наследат; затоа тие ни го посочуваа како пример Кресненското востание во кое нашите браќа се дигнаа со оружје в рака, без да ги прашаат другите дали се готови или не, дури без да ги известат најблиските до себе... Затоа тие ни го посочуваа како пример тоа необмислено, пребрзано, востание без никаков резултат и ни велеа, дека треба да си подадеме раце сите притеснети, дека треба да се подготват мали и големи, дека дури тогаш треба да излеземе на позиции млади и стари и со заеднички грмеж, од едниот до другиот крај на Европска Турција, да ја објавиме нашата прва и последна желба: *Слобода или смрт.*

Ние слушнавме, ние разбравме, ние одобривме, ние го дадовме своето содејство на вистинските народни борци – ние ги поттикнавме и тие крстосуваат по сите правци на нашата широка татковина. За кратко време на секаде беа основани тајни револуционерни комитети, кои ја образуваа онаа густа мрежа, која денес го носи името Тајна Револуционерна Македоно-одринска Организација која ја покрива целата земја – од Дарданелите до Албанско и од Рила и Родопите до Белото Море.

Браќа!

Познато ви е што претставува Организацијата.

Познато ви е, дека таа во својата историја веќе има запишано низа имиња на идеални борци кои ги положија главите и коските за нејзиното зацврстување.

Познато ви е, дека таа во своите редови вбројува неустрашливи борци, кои преку крв и оган високо го издигаат и го носат нашето знаме, кое е знаме на сенародно востание.

Познато ви е најпосле, дека таа има потреба од малку, уште од сосема малку време, за да го направи својот последен чекор – прогласување на востание, и да ја оствари својата крајна цел – самоуправувањето, слободата на Македонија и Одринско.

Но онаа, што можеби е познато само на многу малку од нас, тоа е, дека се најдоа наши сонародници во Бугарија, кои од овде се испречија на патот на Организација, кои посакаа да го запрат нејзиниот правилен развој, кои што посакуваат и дејствуваат за нејзиното сосипување.

Луѓе, на кои не им се дозволи да ја имаат Организацијата како орудие со чија помош ќе ги спроведат своите скриени намери, луѓе, на кои им се забрани да тргуваат со нашите солзи и со нашата крв за постигање на своите задни цели – такви луѓе се објавија против нас, против Организацијата, против целиот Македоно-одрински народ!

Нивната мечешка брлога е во Софија, нивното поле за гнасни подвизи е во нашите македонски и одрински села.

Испратени разбојници од нив убија двајца наши незаменливи работници на Организација.

Испратени разбојници од нив и по нивна порака, најпосле, оделе по некои села и зборувале за востание за ова лето – востание без знаење на Организацијата.

Ние дознавме нешта, кои ни даваат право да се сомневаме, дека тие пакостници без шега се зафатиле да ја изнасилуваат нашата мајка – родина и да ја доведат до состојба да помете едно ништо и никакво килаво копиле.

За тоа, само за тоа, тие денес ни ги испраќаат своите избувливи баби, своите наконтани офицери, кои доаѓаат да собираат евтина слава, наменета за нашиот грб, и своите одбор арамии, кои доаѓаат да ни одиграат едно крваво оро за наша крвава награда.

И, за да го вовлечат простиот народ во својата крвава игра тие порачале, а нивните луѓе лажеле, дека Русија и Бугарија ќе се кренат против Турција и ќе ни помогнат при пукањето на првата востаничка пушка кај нас.

Безобразни лажливци. Дали можеме да се надеваме, дека ќе ни помогне онаа сила, по чие барање беа фатени, судени и испратени на заточение во Подрум Кале, во Акија, во Родос и други места, нашите најдобри другари? Дали можеме да се надеваме, дека ќе биде во состојба да ни помогне и онаа мајка Бугарија, која не може дури сама да се зачува?

Да, на себе си, единствено на себе си сме оставени да се надеваме?

Но, луѓето имаат уши и не сакаат да слушнат, дека ние уште не сме готови, дека ние уште не сме за востание.

Но, луѓето имаат очи и не сакаат да видаат, дека ние сме луѓе, дека ние не сакаме да бидеме поведени како јагнања на колење.

Косите ни се наострија од ужасот само при едно претставување на сликата, која што ги претставува оние краишта од нашата татковина, кои што би послужиле како театар на едно пребрзано востание.

Ако се кренеме со празни раце ние ќе дадеме само добар повод на Турците да се нафрлаат врз нас, да нè изнемоштат, да нè сосипат; зашто денес пробудени од својот ропски сон, ние сме едно грозно плашило за Султанот – плашило, кое треба да се уништи... Ние нема да имаме само повторување на комедијата од 1895 г., не! Тогаш населението не зеде учество во четите кои беа испратени за ќеифот на бугарскиот кнез. Ние ќе имаме повторување на ерменските работи во најгрозни размери. Затоа што, оние што сега го токмат востанието, токмат во него да вовлечат невооружено население.

Плен, пожар, сеч, запустување и за што? Затоа, што на неколцина безумници им се посакало тоа, затоа што на Фердинанд, може би, му текнало да се пошегува со нас, за да стане цар, како што во 1895 година му текна да се пошегува со нас, за биде признаен.

Македонци и Одринци!

Веќе толку години по ред се работи за општа подготовка и повсеместно востание, преку кое само, повторуваме и по трет пат, ќе може да го постигнеме своето ослободување.

И денес, кога останува да се направи уште сосема малку, за да бидеме наполно готови, дали може и дали треба да го оставиме овој или оној да се исмева со нас и да го упропастува сето она, што е постигнато со толку труд и жртви, кое што е издигнато врз грбовите на толку илјади маченици и светци загинати по Пиринпланинските врвови и Струмичките рамнини, по Солунските зандани, Одринските бесилки, сред Родопските огради и Дијарбеќирските пустелии?

Не, браќа, ние нема да го дозволиме тоа!

Ние ве каниме само да ни го дадете своето содејство.

Никогаш сплеткации како посочените, не треба да имаат место на нашите трпези!

Никогаш лажливци како нив, не треба да најдат засолниште под нашите стреи!

Никогаш престапници како нив, не треба да ги валкаат нашите села и градови со своето присуство!

А од сега натаму Организацијата е доста внимателна и доволно силна, порано или подоцна да ги истури цревата на секој измамник, да ги завитка околу неговиот гнасен врат и да го задуши со нив...

Впрочем, внимание и работа!

Да живее Македонија! Да живее Одринско!

Да живее слободата!

*Од Централниот револуционерен*
*Македоно-одрински комитет*

*Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 560-563.

## Документ бр. 58

### Окружно писмо од ЦК на ТМОРО до революционерните организации во Малешевско, Џумајско и Петричко

**Строго предупредување до месните организации да престанат со поддршка на врховистичките чети кои настојуваат да покренат предвремено востание.**

јуни, 1902 г.

ОКРУЖНО[262]

До револуционерните организации во Малешевско, Џумајско и Петричко

Од пред неколку месеци наваму по нашите села и колиби скитаат и се кријат големи чети, а вие ги подржувате и храните, чети – предводени од познатите на сите нас разбојници Дончо, Алексо, Кутрулот, Пашалијата и други...

Организацијата, кон која припаѓате, неколку пати ви обрнуваше внимание, дека тие разбојници немаат ништо заедничко со неа, дека тие не работат во врска и со согласност на нејзините раководители, туку се испраќаат од Бугарија од луѓе туѓи на ослободителното дело, со единствена престапна цел, да сеат меѓу нас раздор и неслога и да го срушат од основи она големо револуционерно здание, кое што се издига врз крвта и коските на безброј наши скапи жртви... Сето тоа вие добро го знаете, но сепак не ви пречи да ги трпите меѓу вас тие разбојници, да ги криете, дури и да ги храните... А од тоа произлегува, дека вие не само што немате ништо против нив, но уште и (о, срам!) наполно сте согласни со нивната престапна дејност, и следствено, сè што тие прават, го прават со ваше знаење, согласност и одобрување !...

А знаете ли што правите вие?

Тие разбојници на најѕверски начин го убија во вашите места идеалниот борец за вашата слобода *Александар Илиев*; истите раз-

[262] Окружното го напишал Ѓорче Петров, а е испратено од негово и од име на Гоце Делчев. ЦК на ТМОРО на чело со Иван Гарванов, немал доволно авторитет па затоа побарал Окружното да биде испратено од име на Ѓ. Петров и Г. Делчев. Види: Ѓорче Петров, Спомени. Кореспонденција (вовед, коментар и редакција: Љубен Лапе), Скопје, 1984, 159.

бојници ја нападнаа кај Владимирово четата на Васил Попов, го убија и со секира го досекоа младиот борец *Георīи Данчев*; истите тие ги предадоа нашите чети во Петричко и Џумајско – судирите на нашите чети кај Игуменец и Железница се последица на предавствата од тие разбојници; судирот над Берово во кој паднаа седум наши момчиња, пак беше поради нивно предавство: Дончо – нечесниот, разбојникот Дончо, за да ја спаси својата кожа со сила натерал тројца селани да ја предадат четата на аскерот; четите на Коце Пејков[263] и Савов[264] со толку одбир момчиња, кои предано ѝ служат на идејата за вашето ослободување до еден беа истребени од Турците; селаните, истите тие за чија слобода овие скитаат по горите и планините ги предадоа на вековниот душман. Александар Китанов, тој неуморен и бескрајно предаден деец, кој со години работеше меѓу вас за ослободителното дело, беше фатен од истите тие разбојници и врзан беше воден по вашите села, планини и полиња.[265]

Вие тоа го гледате и молкум го одобрувате.

Овие гадни предавства и убиства, сите овие грозни престапи и нечесности се извршија кај вас и преку вас, а вие ниту се гнасите од нив, ниту почувствувавте одвратност, ниту ги казнивте предавниците и убијците! Нешто повеќе: вие продолживте да ги држите меѓу вас, да ги храните и криете! Значи вие ги трпите меѓу вас, не само носителите на раздорот и растројството, туку уште и гнасните престапници!... А со тоа докажувате, дека вие сте согласни со сите тие престапи...

***

Дали го разбирате значењето на сето тоа што се прави по вашите места било од тие разбојници, било од самите вас? Дали некогаш сте се замислиле, што може да излезе од тоа приватно за вас и за целото ослободително дело во нашата многустрадална татковина? Дали ја согледувате големината на престапите со кои сте опколени? – Се разбира – не, зашто, ако сето тоа го разбиравте, зами-

[263] Коце Пејков (1873, Велес–1902, с. Бигла, Кочанско). На 6 јануари (ст. стил) 1902 г., селаните по наговор на врховистите, прво подметнале опиум во храната на еден дел од четата на Пејков, а потоа ги предале на турските власти. Дрогираните четници, заедно со војводата во престрелката со жандармеријата не биле способни да дадат отпор и биле убиени сите заедно со војводата.

[264] Иван Савов (1870, с. Калугер, Белоградчиско–1902, меѓу селата Грлјани и Бигла, Кочанско).

[265] Повеќе за врховистичките престапи во овој регион види: Димо Хаџидимов, Одбрани дела I, (избор, предговор и редакција: Манол Пандевски), Скопје, 1984, 155–164.

случувавте и сфаќавте, одамна ќе се згнасевте и одвратевте не само од разбојниците и нивните ортаци и потстрекнувачи во Бугарија, туку и… од самите себе… Ние кон вас ќе го исполниме *последниот* братски и човечки долг, да ви го објасниме сето тоа, а потоа сиот товар од големиот грев и уште поголемиот престап што го правите за себе си и за цела Македонија, ќе падне *само* врз вашите глави…

За вашето пробудување и подготвување за борба против Турците, меѓу вас работеа цела редица идеални борци, чесни и некористољубиви дејци, наши другари, ваши и наши браќа. Заради вас долги години со ред Васе скиташе по вашите села и гори и најпосле, за пример на вас ги положи своите маченички коски… Бидејќи се наоѓате на патот меѓу Бугарија и Македонија, низ вашите села поминуваа стотици наши другари, достојни и бестрашни синови на нашата татковина. Вие ги слушавте и гледавте како тие како вистински чеда на нашиот народ, искрено и срдечно ви говореа за слободата на нашата татковина, како ги слеваа своите срца со вашите, како вашите болки беа нивни болки, и најпосле, каков тежок крст носеа на своите плеќи, за да ве видаат вас слободни! Вие ја имавте сета можност наполно да се уверите во нивната чесност и некористољубивост, бидејќи и при идење и при одење секогаш ги гледавте голи и боси, напатени, измачени и без скршена пара; вие бевте живи сведоци на нивните херојства и самопожртвуваност – тие ја презираа смртта! За кого мислите тие умираа? – Тие умираа *само* за вашето добро и благосостојба, *само* за вашата слобода!

Тие апостоли – маченици тие ве сакаа, така што многу пати претпочитаа да останат гладни, да одат боси и голи, и да си го дадат животот, само за да не пострадате вие, или да не се наштети на ослободителното дело. Михаил Попето,[266] Ташо Мицев,[267] Савов, Пејков, Ването, Александар Илиев, Мирче Ацев,[268] Бабамов[269] и уште многу други кои денес целиот наш народ ги оплакува и ги боготвори, беа меѓу вас, па вие веќе ги знаете нивните заветени мечти, па за да ги направат и ваши, јуначки ги положија своите коски.

---

[266] Михаил Апостолов Попето (1871, с. Дикања, Радомирско–1902, с. Чугунци, Кукушко). Резервен офицер во бугарската армија, учесник во четничката акција на МК од 1895 година, основоположник на четничкиот институт на ТМОРО во Солунскиот вилает.

[267] Ташо Мицев Трајков (1876, с. Шлопница, Гевгелиско–1904, с. Калиново, Кукушко), учител, кукушки војвода.

[268] Мирче Ацев (1859, с. Ораховец, Прилепско–1901, с. Уљанци, Штипско), неврокопски и прилепски војвода.

[269] Ефтим Бабамов, од Струмица, член на Струмичкиот окружен комитет.

А вие со што им отплативте на нив и како се однесувате кон поменот за нив? – Не само што не го исполнивте заветот што ви беше оставен вам од тие маченици – да служите бестрашно, чесно и искрено, туку уште и се потсмеавте на нивните подвизи, го погазивте светиот помен за нив! Вие се покажавте неблагодарни кон тие сенародни светци – грев, кој со црни букви ќе биде запишан во историјата на ослободителното дело. И да беше само тоа! Вие станавте дури предавници спрема нив и нивните живи другари! Нешто повеќе: вие станавте убијци на нивните и вашите другари! Михаил Попето, тој сенароден љубимец, тој легендарен херој, но бич за Турците, немаше да загине ако не беше вашето предавство. Тој шеташе по вашите села, за да го буди во вас духот на слободата, за да влева во вашите срца одмазда кон тиранијата, да ве подготвува за очајната борба. И сега, кога тој идеше кај вас за да ве вразуми и да ви укаже на опасноста од поддршката на тие туѓи чети, тој предвреме загина. Духот на Александар Илиев, тој прочуен борец, вечно ќе лебди над вашите села и ќе сипе врз вашите глави најтешки проклетства! За вас тој скиташе по планини и долини, сред толпа турски потери, гладен, гол, но неговата смрт, не го потресе никој од вас. Крвта на Пејков и Савов, убиени при Бигла и Грлјани, вика за... одмазда! Со вашето поддавање, со вашето поведение, предизвикавте братско самоистребување, кое ќе тежи врз вашите души... Вие подобро знаете од нас кои се и какви се Дончо, Алексо, Пашалијата, Пеливанот и нивните другари. Долги години се вртат околу вашите куќи и колиби, ги знаете сите нивни валкани дела, бидејќи сами ги искусивте бедите од нивните разбојнички подвизи; вие добро знаете, какви закоравени разбојници се тие и колку се погодни за народна работа. Ако некогаш се случувало да убијат по некој Турчин, стопати повеќе убивале Бугари, поради што станале причина илјада ваши и наши браќа да гнијат по затворите не за ослободителното дело, не за народни работи, туку само за нивниот ќеиф – да јадат печени јагниња преку летото и откако ќе ви ги испразнат вашите ќесиња, да има со што да се пијанчат преку зимата во Бугарија. Други пак, што влегле во редовите на Организацијата, набрзо биле исклучени од неа, зашто вие самите сте ги виделе и осудиле нивните работи.

Значи, заради тие разбојници вие ги предавате вистинските народни борци и во нивни раце го доверувате светото ослободително дело во вашиот крај. Но што да мислиме ние за вас, па и што ќе помисли светот за сите нас, кога слуша дека наводно водиме народна борба против тиранијата, а во нашите редови гледа закоравени

разбојници? Кога го предавате делото во рацете на тие разбојници, дали не гледате, дека го срамите целиот наш народ? – Не, народот не сака да го носи на чело сиот овој срам! Тој го фрла врз самите вас, за да го носите вие...

***

По долговековниот мрак, најпосле и во нашата земја засвети светлината. Слободољубивиот дух, идејата за една вооружена ослободителна борба во Турција проникна насекаде во нашата земја. Како плод на тој слободољубив дух се појави ослободителното дело во кое што сите, заедно со вас, сме се заколнале на верност и чесно служење. Вие, бидејќи сакате да го направите разбојничко ја погазувате клетвата и светотатствувате со него.



Тайнъ Централенъ
Македоно Одрински
Революцион. Комитетъ
1902

ОКРѪЖНО.

## До революционнитѣ организации въ Малешевско, Джумайско и Петричко.

Отъ нѣколко мѣсеци насамъ по нашитѣ села и паланки се скитатъ и криятъ, а отъ васъ поддържатъ и хранятъ голѣми чети, прѣдводителствувани отъ извѣстнитѣ на всички ни разбойници Дончо, Алексо, Кутрула, Пашалията и др. . . . .

Организацията, къмъ която се числите, не веднъжъ е обръщала вашето внимание, че тия разбойници нѣматъ нищо общо съ нея, че тѣ не работятъ въ свръзка и съгласие съ нейнитѣ ръководители, а се изпращатъ изъ България отъ чужди на освободителното дѣло хора, съ единствената прѣстѫпна цѣль, да всѣятъ между ни раздори и несъгласия и да срутятъ отъ основитѣ онова голѣмо революционно здание, което се издигна върху кръвьта и коститѣ на безброй наши скѫпи жертви. . . . Всичко това вие добрѣ знаете, но все пакъ не ви бърка да търпите между васъ тия разбойници, да ги криете и даже храните. . . . А отъ това слѣдва, че вие не само нѣмате нищо противъ тѣхъ, но и още (о, позоръ!) напълно сте съгласни съ тѣхната прѣстѫпна дѣятелность, а, слѣдователно, всичко, което тѣ вършатъ, вършатъ го съ ваше знание, съгласие и удобрение! . . . . .

А знаете ли какво вършите вие?

Тия разбойници по най-звѣрски начинъ убиха въ нашитѣ мѣста идеалния борецъ за нашата свобода Александъръ Илиевъ; сѫщитѣ тия разбойници нападнаха при Владимирово четата на Василъ Поповъ, убиха и съ сѣкира досѣкоха младия борецъ Георги Данчевъ; сѫщитѣ прѣдадоха нашитѣ чети въ Петричко и Джумайско — сраженията на нашата чета съ джумайския аскеръ при Игуменецъ и Железница се дължатъ на прѣдателството на тия разбойници; сражението надъ Берово, въ което паднаха седемь наши момчета, стана пакъ по тѣхно прѣдателство; Дончо — безчестния, разбойника Дончо, за да избави своята кожа, силомъ накара трима селяни да прѣдадатъ четата на аскера, четитѣ на Коне Пейковъ и Савовъ съ толкова отборъ момчета, прѣданно служащи на идеята за нашето освобождение, до единъ биха изтрѣбени отъ турцитѣ; селянитѣ, сѫщитѣ тия, за свободата на които тѣ се скитаха по гори и планини, гладни и страдни изровиха имъ гроба — гнусно ги измамиха и подло ги прѣдадоха на вѣковнитѣ душмани.

Александъръ Китановъ, тоя неуморимъ и безкористно прѣданъ дѣятель, който съ години работи между васъ за освободителното дѣло, биде заловенъ отъ сѫщитѣ тия разбойници и вързанъ развеждванъ изъ нашитѣ села, планини и полета. Вие това виждахте и мълчаливо удобрявахте.

Всички тия мръсни прѣдателства и убийства, всички тия грозни прѣстѫпления и безчестия се извършиха у васъ и чрѣзъ васъ, а вие нито се погнусихте отъ тѣхъ, нито почувствувахте отвращение и не наказахте прѣдателитѣ и убийцитѣ! Нѣщо повече: вие продължавате да ги държите между васъ, да ги храните и укривате! Значи, вие търпите между си не само носителитѣ на раздоритѣ и разстройството, но още и гнуснитѣ прѣстѫпници! . . . . А съ това доказвате, че вие сте съгласни въ всички тѣхни прѣстѫпления . . .

∴

Разбирате ли значението на всичко, що се върши по нашитѣ мѣста било отъ тия разбойници, било отъ самитѣ васъ? Дали сте се замисляли нѣкога, какво може да излѣзе отъ това частно за васъ и за цѣлото Освободително Дѣло въ многострадалната ни татковина? Съзирате ли голѣмината на прѣстѫпленията, съ които сте обвинени? — Разбира се — не, защото, ако всичко това разбирахте, замисляхте и схващахте, щѣхте отдавна да се погнусите и изпъдите не само отъ разбойницитѣ и тѣхнитѣ оръдия и подстрекатели въ България, но . . . отъ сами себе . . . . Ние ще изпълнимъ спроти васъ послѣдния братски и човѣшки дългъ, да ви обяснимъ всичко това, та сетнѣ всичкия товаръ отъ голѣмия грѣхъ и още по-голѣмото прѣстѫпление, което вие вършите за себе и за цѣла Македония, да падне само върху вашитѣ глави . . .

Между васъ работиха за вашето пробуждане и подготвяне за борба противъ турцитѣ цѣла редица идеални, честни и безкористни дѣйци, наши другари, ваши и наши братя. Заради васъ дълги години наредъ Васе се скита по вашитѣ села и гори и, найсетнѣ, за примѣръ на васъ, сложи своитѣ мъченически кости . . . . . Бидейки на пѫтя между България и Македония, прѣзъ вашитѣ села

Окружното писмо од ЦК на ТМОРО до революционерните организации во Малешевско, Џумајско и Петричко

Револуционерната организација кога го зеде во свои раце ослободителното дело, најпосле, по неверојатни усилби и скапи жртви, успеа да го издигне на онаа висина, на која што му прилега да стои. Целиот народ се собра околу знамето на таа организација, даде клетва верно да му служи и не е далеку денот, кога тој ќе востане како еден човек за да ги скрши тешките пранги на ропството. Од своите редови Организацијата до сега даде илјадници жртви, кои со својата крв и со своите коски уште повеќе ги зацврстија нејзините основи. Раководителите и народот подеднакво ревносно работат за успешноста на тоа дело, даваме еднакви жртви, а како што ни се заеднички заветените мечти, така треба заеднички да ни бидат болките и страдањата. А колку се потешки тие страдања, колку се поголеми жртвите, толку поголема е нашата стабилност, трпение и вера во успехот.

Меѓутоа, при таа борба на еден цел народ, што направивте вие?

Вие го погазивте светиот идеал на тој народ; го откинавте како суво гранче од здраво дрво за да им служите на туѓи луѓе – на непријателите на ослободителното дело, станавте народни отцепници, народни предавници и престапници на клетвата спрема Организацијата.

Свежи се сеќавањата во вашата совест за 1895 година.[270] Ја видовте ползата од четите што ви ги испраќаа од Бугарија... дали тогашните комити ве прашуваа како сте и кои сте? Како туѓинци за вас дојдоа, како туѓинци си заминаа. Ниту вие се здруживте со нив, ниту тие се доближија до вас, за да ги проучат вашите страдања и да побараат лек за вашите болки. Тие си отидоа, од каде што дојдоа – ги повика оној, што ги испратил – а вие останавте да ги полните затворите и да ги отплаќате нивните гревови, без некаде да стане ниту збор за вашата тешка судбина. Вие подобро од друго место во Македонија го знаете тоа и затоа требаше порано од сите да разберете, дека само браќата по страдање се вистински и браќа за секогаш во доброто и злото, само внатрешните дејци, како ваши браќа по страдање, можат да служат искрено и некористољубиво на светото дело. И покрај сето тоа, вие први се одметнавте од Македонската револуционерна организација и се предавате во туѓи раце, станувате орудија на надворешни луѓе во нивната борба против... против самите вас, против вашето сопствено дело... Тоа го прави вашиот грев уште

[270] Станува збор за вооружената провокација на Македонскиот комитет од 1895 година.

поголем, бидејќи тоа го правите после толкугодишна тешка работа во името на тоа дело и таа Организација, која вложила за вас толку труд, а за вашето вооружување потрошила огромни суми.

Нешто повеќе. Надворешни луѓе, туѓи за вас и за делото, било од човечко слепило, било од човечки слабости, се мачат да посеат во целата земја раздори и расцепи со престапна цел да го растројат онаа, за кое во последните години се дадоа толку жртви и толку труд се вложи од нас и од целиот народ. Не стига, што први се поддавате на тие луѓе, туку вие уште им ги отворате патот и вратите за да го фрлат семето на раздорот и неслогите повнатре во нашата земја. На тој начин вие, станавте сенародни штетници и врз вас ќе падне проклетството на целиот народ, ако оваа расипано семе пушти корења и на друго место.

Во текот на оваа година по вашите места сноваат повеќе потери, судирите на четите со нив се почести, отколку порано; а лошите последици од сето тоа се струпуваат и ќе се струпуваат уште повеќе *само* врз вашите глави. За тоа зло не треба да се лутите никому; единствени виновници за него сте самите вие, зашто самите поддржувате големи разбојнички чети, кои и да сакаат да се кријат – не можат, а и не се кријат, бидејќи малку ги боли за вас и за делото.

Вие станувате убијци на самите вас и на вашето дело!

Во текот на целата година, откако ги прибравте во својата средина тие разбојници и се отцепивте од Организацијата, вие ништо не направивте за вашето вооружување и подготвување, туку живеевте во лагите на туѓи луѓе, кои ви го копаат гробот.

Нешто уште полошо. Испречени на нашиот пат, вие го сопирате напредокот на делото и по другите места на внатрешноста, бидејќи добро знаете, дека при предавства, гонење и силни потери по вашите места, ниту четите можат слободно да се движат кај вас, ниту пак да се пренесува оружје надолу. А дали знаете што значи да се запре делото за една година? Најмалото зло од тоа запирање е – излишно да се дадат неколку стотини, а може би и илјади човечки жртви. А крвта на тие скапи жртви ќе тежи само врз вашите глави... Вие сами гледате каков голем престап правите спрема ослободителното дело.

Ние ви ги наброивме сите престапи спрема ослободителното дело што вие ги извршивте. Но има уште еден грев, кој ние намерно го одделуваме од другите, зашто тој ќе биде венец на сите и сам по себе чини колку сите, земени заедно.

Зборот ни е за востанието.

Врховниот комитет во Софија не гледа на ослободителното дело и не работи *за него* како нас. Народно востание тие не мислат да прават, зашто не ве сметаат за способни и достојни за него. Затоа имено и не обрќаат внимание дали сте готови или не. Што може да стане со вас од едно востание – тие малку мислат, зашто нивните и вашите души не мислат исто, нивните мисли сосема се разликуваат од вашите. Дали знаете зошто тие сакаат востание и од какви побуди сакат да го направат? Впрочем вие, уште ја паметите 1895 год., за да има потреба од објаснување; но бидејќи оваа лекција не ве освестила, тогаш ние ќе ви кажеме отворено. Вашите нови пријатели – разбојници сакаат побрзо да биде востанието за да можат да ловат риби во матна вода. Нив не ги движи вашето страдање, тие нема да го направат за вашата слобода, туку ќе го направат само за грабежи... Задачите на четите со офицери испратени од Комитетот, наполно одговараат со целта, која што ја проследува тој комитет. А таа цел е: не да прават општо народно востание, туку делумни буни, кои сигурно ќе завршат несреќно, како што заврши вам позната Кресненска буна,[271] минувањето на четите во 1895 год. и делумните арамиски буни.

Според сознанијата што ги имаме од Бугарија, софиските комитаџии без да гледаат дали сме готови или не, и без да обрќаат внимание што може да произлезе за населението, во пограничните места (а тие места се вашите) каде успеале да се вгнездат некои нивни чети се подготвуваат да подигнат бунт! Со таа цел тие во Бугарија ги собираат најдолните луѓе, ги собираат сите жедни за грабеж, сите непогодни и исфрлени од нашата Организација, ги вооружуваат и постојано ги испраќаат по вашите планини. Тоа, вие не само што го знаете, туку и го гледате со вашите очи. По сето тоа уште ли не се досетивте, дека нивната цел не е да се бранат од нас, како што ве уверуваат, туку да дигнат бунт? Дури да допуштиме, дека тие немаат таква намера, бунтот ќе се случи сам по себе, бидејќи толку големи чети и толку многу потери не можат да вирејат заедно.

А што ќе излезе од тој бунт?

Нека ви кажеме сè за да знаете од напред.

Бидејќи бунтот ќе се случи само по вашите места, тогаш турските војски и башибозуци од вашите и околните места ќе се соберат заедно и ќе се нафрлат од секаде врз вас. За четите работата е многу лесна. Тие ќе се скријат по горите и планините и само од време на време ќе се судрат со Турците, колку да не се каже, дека не се

[271] Се однесува на Македонското (Кресненско) востание од 1878–1879 година.

бијат, но штом ќе се најдат во тесно, наеднаш ќе ве остават и ќе се префрлат во Бугарија. Тогаш што ќе се случи со вас? Дали сте готови да се браните со пушка в рака против турските потери? Изоставени од вашите лажни спасители, непоткрепени од нас, сите вие, проколнати од целиот народ ќе минете под турскиот нож, без да има кој да ви помогне...

Нешто уште полошо. Несомнено, дека турските зулуми и насилства ќе се прошират и по околните места, а можеби и подалеку. И тогаш... целата земја ќе се претвори во една човечка касапница... Прашуваме: дали може да се замисли поголем престап и грев кон светото ослободително дело, кое се подготвува долги години, за кое се потроши толку труд и жртви, за да пропадне на таков начин? А тоа без друго ќе уследи. Нашето дело има предвид само едно сенародно и повсеместно востание и тоа само кога ќе биде подготвено и подредено насекаде, горе – долу подеднакво добро, а вие денес многу добро знаете дека тоа денес уште не е постигнато.

Дали знаете кои ќе бидат причинителите на тоа страшно зло, вистински грешници за сосипувањето на целиот народ, за пропаѓањето на светото ослободително дело? – Тоа ќе бидете вие – нашите другари и синови на измачената татковина. Дали оваа страшна мисла не ве стреснува?

Рековме, дека вие и само вие сте (или подобро ќе бидете) грешници на тој голем убиствен престап за народот, зашто разни Дончовци, Кутруловци, Алексовци, Пашалиевци и други, и други од тој род луѓе, како и нивните другари и началници во Бугарија, без ваша поддршка не би можеле да го извршат тоа. Како вистински чеда на еден и ист народ, кому му се готви убиство, уште ли треба да ја гледаме опасноста?...

Не! Престапите, кои погоре ги изредивме, а особено последните, се толку тешки, што ние уште не веруваме, дека имено вие нашите другари, свесно ги правите и дека тие вам ви се својствени. Колку и да е јавна вашата вина, ние уште не можеме да допуштиме, дека таа е со умисла. Вие исто така сте синови на Македонија, како и ние; вие сте дел од оној многустрадален наш народ, кој што денес, со своето трпение и стабилност, со својата идеална и јуначка борба што ја води – го стресна султанот Хамид, од дно го разниша неговото царство, ги натера да се испокријат сите турски злодеи и го зачуди целиот свет! Можеби ви сте поназад во борбениот дух, послаби во верата, поназад во подготовката и помалку смели; можеби вие не можете да ги правите оние чуда од храброст и самопреданост, како што прават вашите браќа по другите кази на нашата многустрадал-

на татковина, но како синови на еден и ист народ, не може да бидете такви грозни престапници, какви што ве претставуваат горенаведените дела. Македонија денес не може да роди такви синови! Навистина, овде треба да има некоја голема измама и недоразбирање, а вашата вина сигурно произлегува од вашата податливост или од некоја заслепеност.

Но, какви се измамите.

Златните гори од ветување го помрачуваат умот, го заслепуваат и го зашеметуваат човека. Се наоѓаат луѓе, кои што сакаат да си играат со страдањата на народот при што му ветуваат златни гори, ако тој ги следи нивните пеколни совети. Најверојатно, таквите ветувања вас ве направиле податливи.

А ете какви сведенија имаме:

Поручник Стојанов, облечен во офицерска капетанска униформа, шетал по селата во Малешевско и му говорел на народот, дека бил испратен од Комитетот за да ги слушне неговите желби. Ако навистина народот страда од Турците и сака да се ослободи од нив, тогаш Комитетот, кој ја имал поддршката на рускиот цар а кнезот ќе испрател офицери за да го ослободат, без, меѓутоа, тој да пострада и да се бори. Ние, кои ги знаеме мислите и работите на сите што се вртат околу делото, ви велиме, дека тоа е една голема лажа. Таа лажа е јамката во која вие се фативте за да го следите погубниот пат по кој сега одите. Знајте, дека царевите и кнезовите ќе ги протријат своите раце, ако вие станете жртва на турските ѕверства. Во замена на поткрепата, која вашите спасители ви ја ветуваат, тие сега бараат само по едно писмо од секое село во смисла, дека вие признавате некаков си комитет во Софија, а не вашата Внатрешна организација. Тој говорел уште, дека „ако сакате оружје, складовите од бугарската армија се отворени за вас и не само кримки, туку и манлихери ќе ви се дадат, доволно да го признаете Комитетот... Ако тоа лето не се случи нешто, никогаш друг пат нема да се случи, зашто бугарскиот кнез, неговата војска и бугарската влада *само* во ова лето сакаат да биде востанието. Согласете се да го направите тоа востание преку претстојното лето, зашто, инаку, Бугарија никогаш нема да ви помогне...“ Тоа е уште поголема лажа. Тие луѓе уште ја осудуваат Организацијата, дека од вас зема пари за пушки и ги караат селаните зашто давале. Тие ви зборувале, дека комитетот во Софија имал големи суми (?!!...) за таа работа и ќе ви ги даде вам, откако ќе го признаете. А последното е најголемата безбожна лажа.

А дека сето тоа е лажа, како најголем доказ служи примерот, што агентите на Врховниот комитет побрзаа да собираат од вас пари, дури да фаќаат некои од чорбаџиите, како што направил капетан Стојанов (Разлогов) во Џумајско.

Да не даваш жртви и да те ослободат, да не даваш пари и да имаш пушки и тоа манлихери, да не работиш ништо и сѐ да ти биде свршено од друг – на сон да е, пак ќе ти биде пријатно... А таков сон ви раскажувал Стојанов, а најверојатно и сите други што ги обиколуваат вашите села, куќи и колиби. Итреци по природа, тие ги сфатиле вашите желби, но ги сфатиле и вашите слабости и согласно нив ви давале цели гори од ветување, додека ве подмамат и заплеткаат во својата јамка.

Навистина, лажите и клеветите лесно ги воодушевуваат слабите и прости душички, нивните лажи се многу плитки и брзо излегуваат на јаве. Ние сме длабоко уверени, дека нема да мине многу време и сами ќе се убедите, дека сте биле безбожно лажени од агентите на софискиот комитет и дека ќе се згнасите како од самите нив, така и од нивните лажи. Со широко трпение би чекале сами да се ослободите од заблудите, за да не се поддавате друг пат, доколку опасноста не стои на прагот, а како што видовме погоре – опасност од еден бунт во вашиот крај. Пред стравот од таа опасност, ние се решивме да го исполниме кон вас последниот наш долг, при што ве каниме час побрзо да се стреснете, свестите и ослободите од заблудите, за да го испревариме големото зло со заеднички усилби. Еднаш за секогаш, вие треба да разберете, дека вашето избавување нема да дојде од нив. Треба да разберете, дека вашето и нашето спасение, спасението на целиот наш народ лежи во сенародно и повсеместно востание, кое што за да биде направено, потребно е полна согласност, истомисленост и еднодушност на целиот народ.

Ако не го разберете тоа и ако на време сами не ги преземете потребните мерки за да го отстраните злото, кое ви се готви, вие ќе бидете проколнати од целиот народ, ќе го носите петното на срамот преку целиот живот и ќе бидете исфрлени од нашата Организација. Притоа не заборавајте, дека Организацијата од главните виновници ќе бара точна сметка за извршените престапи и за пролеаната крв за нашите добри другари и идеални борци. Што се однесува до вашите нови „пријатели“ и „лажни спасители“ таа умее да се расправи и со нив како прилега и без вашето содејство.

Откако ви укажуваме на големата опасност, која виси над вашите глави и над целиот народ, ние за последен пат ве покануваме:

1) Да не се поддавате на лажите и измамите, кои што ви ги зборуваат туѓите агенти дојдени од надвор.

2) Да се стреснете од сите престапи, кои ги извршивте до сега.

3) Да ги изгоните од своите средини сите лажливци, предавници и туѓи агенти, дојдени од надвор за да ве мамат да се потчините на некаков си Софиски комитет.

4. Ви заповедаме да не се поддавате на никакви измами од страна на четите по вашите места за некаков бунт и час побрзо да ги изгоните, зашто тие не го сакаат вашето избавување, туку вашата пропаст и пропаста на целиот народ.

5) Најпосле ве покануваме да се вратите на стариот пат, да одите под знамето на Внатрешната организација како единствена сила, која што се бори и ќе ја извојува слободата на земјата.

Ако не го направите сето тоа, запомнете добро, дека вие не сте наши браќа, не сте синови на многустрадалната татковина, туку наши непријатели, предавници и штетници на целиот народ.

Најпосле, немојте да заборавите, дека во денот, кога вие ќе ги последувате вашите божем спасители со пушка в рака, народот нема да се мрдне од своето место. А вие оставени да се борите сами, ќе завршите така, како што заврши добро познатата вам Кресненска буна.

Стреснете се побрзо, додека уште не е доцна!

*Од Тајниот Македоно-одрински*
*Револуционерен Комитет*

*Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 563-570.

## Документ бр. 59

### Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

**Средување на кадровски прашања; полковник Јанков го поминал Вардар; достава на дневен ред за конгрес на ЦК.**

Солун, 23 август 1902 г.

Од Света Гора за Висока, 23. VIII.

Вашето писмо го добивме. Учителскиот персонал од околу го средивме заедно со Селџобалиев,[272] кога тој беше овде. Сфативме дека Рошанов е неопходен за Скопје со оглед на тоа, дека во овој град нема ништо, како и во поголемиот дел од овој реон. Централниот, малку знаеше ова година за работите во Скопскиот реон, па и вие можеби малку знаете за Скопско. Ете зошто Рошанов заминува за Скопје по желба на Централниот. Дополнително од ново да бараме префрлање на Тома Рошанов во Сер, откако персоналот е наполно стокмен со тоа ќе дадеме повод за многу разместувања кои се крајно несакани, а особено откако учителите се назначени.

Што стана со патроните за Григор и другите резерви за Тиквешката чета? Пишувавте дека ќе ги испратите по Аргир,[273] меѓутоа такво нешто нема ниту кај Аргир, ниту кај Филипов.[274] Последниот пристигна во Поројско, а Аргир во Гевгелиско. Што стана со нашата, Дојранската и Воденската чета? Испратете ги побрзо, само да не се најдат овде сред зимата.

Јанков[275] го поминал Вардар со 110 души (според гласини).

Што направивте со назначувањето на Лазар Димитров[276] како чиновник на Одринското агентство? Толку пати ви пишувавме а одговор немаме. Веројатно вие не сте презеле никакви постапки. Знаете, дека неговиот престој подалеку од Одрин ќе биде загуба за

---

[272] Константин Селџобалиев, сметководител во Училишниот оддел при Бугарската егзархија во Цариград.

[273] Аргир Манасиев (1873, с. Сехово, Гевгелиско–1932, Горна Џумаја), гевгелиски околиски војвода, член на ТМОРО од 1894, учесник во Илинденското востание.

[274] Стојан Филипов (1877, с. Старчиште, Неврокопско–1944, Неврокоп), учител, раководител на ТМОРО во Поројско, поројски и неврокопски војвода.

[275] Полковник Анастас Јанков.

[276] Лазар Димитров (1869, с. Дренок, Дебарско–1945, Пловдив), претседател на Одринскиот (1902) и на Серскиот револуционерен округ (1902–1903), делегат на Солунскиот конгрес 1903 година, реонски началник за време на Илинденското востание во Дебарско.

Организацијата во Одринско. Со скопскиот Тенчев[277] се објаснивме. Испратете за скопскиот реон 200 лири по Елена Шулева, која живее на ул. „Солунска“ №. 8. Таа заминува учителка за Скопје и е една од нашите доверливи.

Централниот реши да свика конгрес[278] од први до пети септември. На тој конгрес ќе се разгледаат следниве прашања: 1) санкционирање на Централниот комитет; 2) разгледување и измена на правилникот; 3) односите на Организацијата спрема Егзархијата и нејзините органи; 4) односите на Организацијата спрема разните пропаганди; 5) разгледување на прашањето за издавање внатрешен весник; 6) извори за материјална издршка на Организацијата; 7) односите на Организацијата спрема комитети и друштва надвор од Македонија и Одринско; 8) уредување на бироа при управните тела, кои ќе го следат странскиот печат и ќе ја проучуват земјата во етнографски и географски однос. На тој конгрес ќе присуствуваат сите реонски раководители и некои поважни околиски. За конгресот соопштете му и на Давида, ние го известивме, меѓутоа во писмото не му ги наведовме прашањата, кои ќе се разгледуваат на конгресот. Затоа, известете го, ако е во тамошната болница.

Со братски бакнежи,
пишува *Цијан*[279]

ДАРМ, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 2; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 17-18.

---

[277] Во текстот стои Скопскиот Тенчев, најверојатно за да се направи разлика со Христо Тенчев во Солун.

[278] Оваа е единствена информација која најавува одржување конгрес во овој период, меѓутоа нема никаква документарна потврда дека конгресот се одржал. Во мемоарската литера единствено Христо Матов спомнува дека тогаш бил одржан конгрес (види: Хр. Матовъ, За своята революционна дейность (лични бѣлешки), София, 1928, 51). Најверојатно оттука оваа информација ја презел и Христо Татарчев, (види: Д-р Христо Татарчев, Вътрешната Македоно–Одринска революционна организация като митолгична и реална същност, София, 1995, 118). Меѓутоа, по се изгледа, дека конгресот не бил одржан поради сложеноста на ситуацијата од врховистичката „востаничка“ иницијатива. Наместо конгрес било одржано проширено советување на ЦК на кое присуствувале дел од штотуку амнестираните заточеници од Мала Азија меѓу кои: Пере Тошев и Христо Матов, додека Петар Поп Арсов одбил да учествува, (види: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 407-408; истиот, Петар Поп Арсов. Прилог кон проучувањето на македонското национаноослободително движење, Скопје, 1997, 91-92).

[279] Цијан, псевдоним на Димитар Мирчев.

## Документ бр. 60

### Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

**Состојбата во Воденско е критична поради присуството на врховистички чети; Јанков заминал за Леринско; зголемена опасност во Костурско; битолските раководители сметаат да им предложат на врховистите да се покорат на Внатрешната организација; ЦК предлага директен ангажман на авторитетни личности како Г. Делчев, Б. Сарафов, М. Герџиков и др.**

Солун, 29 август 1902 г.

Од Света Гора до браќата во Висока

Страшимир[280] пред десет дена замина за Ерусалим,[281] патем се видел со раководителот во Воден кој му ја изложил состојбата на работите во тој реон. Состојбата се претставува извонредно критична. Силите со кои што располагаат нашите таму се сосема ништожни: еден поранешен учител, Тр. Шаламанов, и 5–6 души момчиња, сите [без] никакво искуство. Освен тоа, од порано нашите направиле компромис со Атанас,[282] војвода на една голема врховистичка чета, чии што момчиња се распрснати по неколку при нашите во околните реони, па така Атанас станал војвода на нашата чета, а Шаламанов секретар.

Меѓутоа, сега, кога Јанков со 54 души стасал во реонот на Воден ја потчинил нашата чета. Самиот Јанков заминал за Леринско, а 54 – те момчиња што останале во Воденскиот реон ги поделил на четири дела: Атанас со 12–13 момчиња оди кон Тушим, а од таму кон Вардарскиот мост кој ќе го разрушуваат; во с. Пожарско останал Тома Пожарлиев[283] како инструктор за да ги подготвува и вежба селаните; со слична мисија на Тома, во с. Саракиново е оставен Ботушанов, а Карабиберов заедно со Шаламанов заминал за Острово каде ќе дејствуваат за време на востанието. Јанков ги повикал раководителите од Воден и им го кажал планот и времето кога ќе започне движењето. Тоа е денот на свеченоста кај Шипка.

---

280 Страшимир, псевдоним за Спас Мартинов (1872, Битола–1937, Софија), член на ЦК на ТМОРО (1902–1903), учесник на Солунскиот конгрес 1903 година.

281 Ерусалим, псевдоним за Битола.

282 Најверојатно Атанас Николов од с. Мачуково, Гевгелиско.

283 Тома Пожарлиев, (1878, Ениџе Вардар–1938, Софија), брат на Иван Пожарлиев, војвода во Воденско и Кратовско.

Јанков уште зборувал дека самиот ќе дејствува во Леринско, а ако не може таму, тоа ќе го прави во Битолско. Во Костурско ќе се обиде преку свои луѓе доколку може да подметне оган, а во Воден ќе дошол Иван Пожарлиев[284] и Саракинов.[285]

Страшимир ни пишува од Ерусалим, дека нашите луѓе таму биле на мислење да не ги гонат и убиваат врховистите, туку да им предложат да се покорат на Внатрешната организација, откако ќе ги распрснат, каде што ќе најдат за потребно; меѓутоа, сепак биле наклонети да го променат овој став и да дејствуваат според нашето мислење; но, друго писмо не добивме ниту од Страшимир, ниту од нашите луѓе таму. Затоа не знам што направиле за прогонувањето на Јанков и дали мислат да направат такво нешто, или пак влегле во некакви односи со него.

Пред две седмици од тука заминаа многу костурски момчиња за своите родни места, имало и други момчиња што се подготвувале да отидат, доволно е во Костурско да ја прифатат идејата на Јанков, а тоа сигурно ќе го направат мнозина, бидејќи Јанков таму има влијание како тамошен, како полковник, кој пред извесно време, кога бил во Костур се јавил со својата величина, а тоа прави впечаток кај простите луѓе, па уште многу момчиња од Костур по покана од таму ќе влезат во редовите на врховистите. Пишувавме во Костур да им јават на своите во Цариград да се потчинуваат на тамошното управно тело, но од Цариград ни пишуваат дека не ги слушаат.

Штом разбравме дека Јанков е во Воден, ние веднаш пишувавме во Еницe Вардар и во Гуменџе да ги најдат четите на Аргир[286] и Апостол[287] за да заминат за Воденско и да ги преследуваат врховистите или барем да ги парализираат. Денес испративме курир директно за Гевгелиско при Аргир. Веруваме дека овие две чети таму ќе направат нешто. Опачината е во Леринско, Костурско и Битолско. Таму има малку наши сили, па и ситуацијата во Леринско и воопшто во Битолскиот вилает придонесува за намерите на врхов[истите]. Ние мислиме ако таму се јават авторитетни личности, дека само тие ќе можат да го спасат населението од една авантура, каква што подготвуваат врхов[истите]. Имено, Ахил да влезе кон Воденско, Бо-

[284] Иван Пожарлиев (1868, Еницe Вардар–1943, Софија), полковник во бугарската армија, врховистички војвода.

[285] Христо Саракинов (1872, Воден–1908, Софија), офицер во бугарската армија, активен член на ВМК, врховистички војвода.

[286] Аргир Манасиев.

[287] Апостол Петков.

рис и Давидов во Битолско и Костурско, а Славчо, Герџикот и Трајче во Струмичко.[288]

Овде дојде Радомир Атанасов, раководителот од Воден и ни ја претстави вистинската положба на работите таму. Сметаме за неопходно да дојде таму и лично сам да ви ја опише положбата подробно за да се преземат брзи мерки. Од сѐ се гледа, дека врхов[истите] ќе произведат шум со силите со кои што располагаат.

Добивме 300 лири преку Ќулева во Прилеп. Веруваме знаете дека со чета од 20 души шета Григор (врхов[ист]). Дајте му на воденскиот раководител до 300 турски лири.

Со братски бакнежи,
Зошто не ни пишувате?
Браќата од *Свет̄а Гора*

ДАРМ, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 3; *Објавено*: Гоце Делчев. Писма, Документи, Материали, София 1978, стр. 336-337.

---

[288] Се однесува на Гоце Делчев, Борис Сарафов, Тома Давидов, Владислав (Славчо) Ковачев, Михаил Герџиков и Трајчо Христов.

## Документ бр. 61

### Битолскиот револуционерен округ до полковник Анастас Јанков

**Повик до Јанков да престане со издавање заповеди во Костурско и да не презема ништо додека не се разберат.**

31. август 1902 г.

Управа на II Организационен округ
№. 371, X, 31 август 1902
До г. Полковник Јанков
Во Костурско

Вие веќе сте во нашиот округ. Тоа нè радува и Ве поздравуваме, толку повеќе, бидејќи потребата од началници за нашите реони беше незаситна. Од нашите органи уште дознавме, дека вие сте распрснувале некакви „заповеди" помеѓу населението во нашите реони. Сопрете го тоа, за Бога, додека се разбереме.

Ние, нашиот округ, не сме ниту за централистите, ниту за врховистите, ние сме за слободата на робот и секоја помош, од каде и да доаѓа таа, ние ја пресретнуваме со радост. Ние имаме потреба и од вашата помош, но пред да ни ја дадете, ние ве заколнуваме во името на слободата на татковината, за која и вие сте готови да ја пролеете вашата крв, во најкратко време да ни јавите за вашата намера и правецот на вашата идна дејност, а за да се избегнат секакви неминовни недоразбирања кои ќе бидат погубни за таа слобода, до тогаш ништо да не преземате.

Со почит,
Од *Управата*

Печат: „Македонски револуционерен комитет"

*Објавено*: От София до Костур. Спомени. Полковник Анастас Янков, майор Димитър Думбалков, поручик Борис Сарафов, Георги Белев, Коста Шахов, инжинер, Христо Станишев, Съставителство: Ива Бурилкова, Цочо Билярски, София 2003, стр. 158-159.

## Документ бр. 62

### Писмо од Нишо Трајков до Гоце Делчев

**Признание за заслугите на Делчев во македонското дело; критика кон Делчев дека е заразен од интернационалниот социјализам; во интерес на Македонците и македонското дело предлага помирување на Делчев со ВМОК.**

б.м. [по август 1902 г.]

Сотатковинец Гоце

Пред сѐ, бидејќи не сме се виделе меѓу себе на поголема возраст од онаа во нашето дребно детство (1879 година), па така не си ги знаеме меѓусебните погледи за положбата на работите во животот, јас сега решив да ти пишувам како на лице кое што најмногу работело и најмногу извршило за македонското дело. Пред сѐ ќе ти се исповедам, дека јас иако служам речиси 16 години во воениот ресор не сум заразен од милитаризмот, па при читањето на моето писмо да не допуштиш, дека имаш средба со човек со назадни разбирања и погледи. Напротив, ти изјавувам, дека моите мисли за личната, политичката и економската слобода се развиени до таму, што речиси анархистичките мисли многу пати ми се превртуваат во главата.

Како што реков погоре, јас не сум ги разменил моите погледи со тебе, меѓутоа од страна од блискостоечки до тебе лица можев да заклучам, притоа, се разбира, имајќи го предвид напуштањето на Военото училиште, кога тебе за доврщување ти остануваа само неколку месеци, дека ти си заразен од интернационалистички социјализам. Јас не сум против националните социјалисти, какви што најмногу ги има во Франција, која дури во ова време ја управуваат тие, но јас сум непомирлив непријател на социјалистите со интернационалистички мотив. Така на пример кружокот од в. „Право“ не е за ништо друго, освен за пеколот.

По македонската кауза, иако сум малку далеку од активните кругови, меѓутоа сепак горе – долу имам едно позитивно разбирање за неа. Никој нема да оспорува, како што загатнав и погоре, дека за македонската кауза најмногу си работел ти и пак ти најмногу си направил. Историјата нема да ги премолчи твоите големи заслуги. Вмешувањето во оваа кауза на други лица како активисти нема да ги омаловажи твоите заслуги кон Македонија – таков е природниот процес на секое преземање. И навистина, кој е тој, откако презел

нешто сам и застанал на чело на некое движење, што успеал сам да го заврши до крај преземеното. Да погледнеме во нашата преродба – колку лица се појавиле, но ниту при еден не можела да се добие слободата. Секое лице работело за делото (какво и да е тоа), без да го монополизира тоа дело, т.е. дејствувањето било секогаш колективно, со општи усилби, а не монополизирано дејствие. Паисиј, Х. Димитар, Стефан Караџа, Ботевци, Левски не работеле со монопол за ослободувањето на Бугарија.

Меѓутоа, во врска со македонската кауза расцепот меѓу македонските дејци покажува, дека некои луѓе сакаат да ја монополизираат таа кауза, така што други дејци освен нив да не се појават. Јанковци, Николовци, Despite Цончевци и други луѓе кои си ги напуштиле децата, жените и своето спокојство биле царски луѓе, сакале да креваат бунтови во Македонија за да ја зацврстат положбата на кнезот Фердинанд е најголемиот аргумент на отцепниците, на втората и третата организација,[289] а најмногу на онаа последната. Дали можете за право на Бога да си претставите, дека тие луѓе до толку станале куртизани, до толку царски, што само за една услуга кон кнезот да си ги остават своите деца, своите жени и спокојството на улицата и да отидат во Македонија на јавен гибел? Јас мислам, дека останувањето во Македонија со оружје в рака не е исто како да одиш на парада. Ете зошто сметам, дека тие луѓе се воодушевуваат од истиот патриотизам, од истите чувства кон својата татковина, како што се воодушевуваш и ти. Патишта многу, да, многу се, но целта да биде иста. Но кога едното и другото се различни, како на пример противдејствувањето од страна на третата (интернационалистичка) организација во Македонија, противдејствување кое одело до самоистребување и сеење на социјалистички разбирања меѓу македонското население за мене е неразбирливо и ми се гледа многу ниско. Таму, каде што уште нема лична (индивидуална) слобода, без да зборуваме за политичка и економска, кои се добиваат покасно, да се проповедаат социјалистички идеи е просто предавство.

Дај Боже да сум излажан, заблуден во тоа што го мислам за тебе, јас од тебе свечено ќе побарам прошка.

Сега при критичната положба на Македонија, твоето мирување и индиферентност ќе се одрази многу штетно, дури непопра-

[289] Терминот „трета организација“ се однесува на Задграничното претставништво на ТМОРО во Софија. Оваа пропаганда конструкција е наметната од ВМОК на Михајловски – Цончев за дисквалификација и деградација на институцијата Задграничное претставништво.

вливо за Македонците. Ако за момент го оставиш на страна себељубието, кое признавам е штетно чувство кај секој, ти ќе принесеш најголемо благодејание, најголема услуга на Македонија. Кога ќе подадеш рака на Комитетот Михајловски, а тој последниот многу пати предлагал помирување, верувам дека ќе се поправи, дека ќе се предодврати опасноста за Македонија. Тогаш сите Македонци со радост ќе тргнат зад тебе, а таму во Македонија, каде што тебе те познаваат сите и мало и големо, и старо и младо – ќе те пресретнат со радост и извици, со утеха, дека веќе можеме да се надеваме за нешто добро, олеснително, бидејќи дошло до помирување помеѓу тебе и Комитетот Михајловски. За Комитетот Станишев не треба да се говори зашто тие ќе останат како генерал без војска, откако ти ќе решиш да се помириш со Комитетот Михајловски. Сите подржувачи на Комитетот Станишев, кои впрочем се малку, ќе тргнат по тебе, така што вториот комитет во Софија ќе биде само една институција од службеници, но без работа. Јас сигурно знам, дека ти не го подржуваш Комитетот Станишев, но стоиш неутрален и затоа велам, дека спасот на Македонија, предодвраќањето на катастрофата која се подготвува за неа, зависи од тебе.

Ако тоа не биде, тогаш по задушувањето на востанието ти ќе бараш еден свој пријател во Македонија, но со чудење ќе видиш, дека не останал никој од твоите пријатели. И ете како делото рипнало уште сто години назад.

Најпосле те молам, Гоце, во името на патриотизмот, на човештината реши и подај си ја раката, помири се и биди уверен, дека поколението ќе ти го ***овековечи*** името.

На крај те молам да ми простиш за моите малку отворени и дрски мисли, кои ги изнесов во писмото и биди уверен, дека јас тоа не го правам од злоба или од завист, туку напротив тоа е изблик на моите искрени, чистосрдечни чувства кон тебе како сотатковинец и најмногу заслужен за македонското дело.

Поздрави ги нашите сотатковинци и пријатели.

Твој сотатковинец,
*Нишо*

*Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 462-463.

## Документ бр. 63

### Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

**Состојбата се комлицира, особено во Петричко; ЦК се интересира за ставот на бугарската влада.**

[Солун], 2 септември 1902 г.

Втора година, втор ден на деветтиот месец

Вашето писмо од дваесет и осми од минатиот месец го добивме. Од него се гледа дека не сте ја добиле архивата[290] што ја праќавме до госпоѓата на Христо.

Јанков и Коте се на пат, но опасно е кога ќе види, дека во Петричко има ѓурултија да нè се врати. Овдешните конзули имаат слично сведение, дека тој решил да го прекине движењето, зашто наближува зимата. Од писмото на ерусалимци[291] се гледа дека тој е немоќен, но изгледа, дека тој конечно не им се предал.

Во Петричко навистина има востание, но тоа повеќе се должи на четите, отколку на селата. Точни сведенија немаме. Ви го приложувам писмото на Лазар од Кавала,[292] но и тоа не содржи нешто повеќе од гласини. Се ставам во вашата положба, но интересот на работата бара колку може помалку да се раскрива работата, па нападите во борбата пак може да си останат напади,[293] поткрепени со безвредни факти. Што ви пречи на пример под наслов „Херојство" да информирате за бесењето на Танче од Рибница. Најпосле и Алексо сврши една работа, тој ја прекинал телеграфската жица на железницата од Аканџали до Пороj, а началникот на станицата во Порој расправал дека иако се слушало сечењето на столбовите, војниците што се наоѓале таму (60 души) веделе: „немаме наредба, не сакаме да дејствуваме". Вие таму може да имате подобри сведенија од границата, па штом дознаете нешто, известете нè.

[290] ЦК на ТМОРО заради безбедност својата архива ја препраќал до Задграничното претставништво во Софија.

[291] Ерусалимци (битолчани), се однесува на Битолскиот окружен комитет.

[292] Кавала, псевдоним за Сер. Во случајот станува збор за писмо од Серскиот окружен раководител, Лазар Дидмитров.

[293] Станува збор за нападите при легалната борба помеѓу ВМК и ТМОРО преку печатот во Бугарија.

Нема зошто да се вознемирувате од народното негодување против нас, бидејќи тоа подоцна сигурно ќе биде против врховистите.

Пишете секој ден и брзајте со оружјето. Сакаме да знаеме што мисли владата, но [од] нејзин директен одговор на некој наш човек, а не врз основа на претпоставки и толкување на некои факти.

Ви ги приложувам расписките од Марко Секулички.[294] Примите ги нашите братски поздрави.

Пишува,
*Давид*

ДАРМ, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 4; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 20-21.

---

[294] Марко Стојанов Секулички (1848, с. Секулица, Кратовско–1925, Ќустендил), војвода, пунктов началник во Ќустендил.

## Документ бр. 64

### Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

**Населението во Воденско со одвратност гледа на врховистичките постапки; врховистите се законуваат со предавства дури подметнуваат писма наводно од Г. Делчев за побрзо востание; ЦК пројавува интерес за топови.**

Солун, 6 септември 1902 г.

Пишувано на шести, деветти во Света Гора за Висока.

Пристигнав на трети и состојбата ја затекнав очајна, но јас не се обесхрабрувам, бидејќи ние сме на правиот пат, само за десетина дена треба нашите чети да заминат за Лерин и Костур, па и за Воден. Нека навлезат сите момчиња, а ние ќе им посочиме каде има потреба. Давидов[295] да замине побрзо и малку да се задржи во Воден, каде по шест дена ќе биде Аргир. Тој (Аргир) денес беше во нашиот град и се испрати со Перо.[296] Му се дадоа инструкции и си замина. Можеби работата во Воден ќе се заврши и без него, бидејќи населението со одвратност гледа на детските постапки на Пожарлиев и Иванчо Карасулијата, кои Јанков ги остави за свои заменици.

Туку што го завршив разговорот со бај Костадин од Саракиново и бај Петре од Пожарско, кои беа испратени како делегати од осум села за да дознаат како стои работата за востанието на кое ги кани и присилува Пожарлиев. Од пред дванаесет дена господине затворивме сѐ, не работиме, ниту јадеме, кој ќе се јави и ќе каже, дека е детска работа, го заплашуваат со смрт. Со овој ли ќе одиме да се биеме? Ќе одите по нас, велел Иванчо, и кога ќе убиеме Турчин ќе му ја земете пушката. Како Христос нѐ чекаат селаните што ќе им кажеме од Солун, рече бај Костадин. По долги објаснувања тие ветија, дека ќе свикаат собир и ќе им предложат на иванчовци да си одат, во спротивен случај ќе ги разоружат. Јас верувам, дека ќе успеат, дотолку повеќе, што и Радомир утре си заминува, а окружното е распратено по селата за објаснување на положбата. Потешко е за Костурско, каде што е Јанков и кој знае дали вашиот план ќе ни по-

[295] Тома Давидов (1868, Ловеч–1903, с. Оздолени, Охридско), поручник во бугарската армија, потпретседател на ВМОК, во 1902 г. по иницијатива на Г. Делчев е назначен за војвода на ревизорската чета во Битолскиот револуционерен округ.

[296] Веројатно со Пере Тошев.

могне. Мислиме и Пере да му пишува – да го одврати од планот за востание, па после е лесно. Во секој случај нашите чети не треба да се задржуваат.

Во Гевгелиско се служат со писма наводно испратени од Ахил за побрзо востание. На некои места заплашуваат со предавства. Шаламанов бил заробен, но побегнал со четири момчиња.

Сарафовиот Вано,[297] пак не си го држи јазикот и многу го навредил Тишина. Анархистите[298] како малку да се покоректни, но пак со својата детештина. Кавала[299] од овде ќе даде повеќе, отколку што јас се надевав, доволно да не го загубиме италијанчето – и топови е согласен да ни носи. Набрзо ќе пристигнат 288 и други петстотини пушки. Преносот е гарантиран од снаодливите кукушани.

Од Радомир добивме сто лири и од моите добивме триста, зашто во Лимончев[300] има двеста. Видете ако не ги пренесе, пратете ги по другите. Од Ќулева добивме триста, а Аце ги однесе своите за Ерусалим. Пратете уште пари. Во Егзархијата е пишувано анонимно писмо до егзархот, како наводно сум дал список на Илиев и тој се согласил да го исполни. Но лицата биле многу расипани, на пример Пушкаров[301] бил педераст. Тоа било демантирано од Илиев. Нашите со заплашувањето на Софронија[302] ја поминале границата кон Егзархијата, па да видам. Лазар[303] внесува многу лични работи во делото, но веќе биднало.

Поздрав од заточениците, од мене бакнежи, особено за Митето,[304] ако е избричен.

Пишувајте често и не оставајте ниедно писмо без одговор.

*Давид*

ДАРМ, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 5; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 21 -22.

---

[297] Иван Манолев.

[298] Станува збор за гемиџиите.

[299] Кавала, псевдоним за Сер.

[300] Веројатно Димитар Лимончев од Охрид.

[301] Никола Пушкаров (1874, Пирдоп–1943, Софија), учител, раководител на ТМОРО во Скопје, скопски војвода.

[302] Архимандрит Софрониј, управник на одринската егзархиска епархија.

[303] Лазар Димитров.

[304] Веројатно Димитар (Митко, Мите) Стефанов.

## Документ бр. 65

### Писмо од Битолскиот револуционерен округ до Анастас Јанков

**Апел до Јанков да ги отповика повиците за востание во спротивно ќе биде гонет како непријател на татковината.**

Управа на II Организациски округ
№. 397, X, 7 септември 1902 г.
До Господин Полковник Јанков
Во Костурско


Анастас Јанков

Не добивме одговор на писмото №. 371, но веќе ги знаеме Вашите намери. Сопрете, за Бога, додека е време. Не го внесувајте во пропаст убавото Костурско, за кое сте решени да умрете. Не ги газете коските на толку скапи народни дејци, не правете да се стега срцето на толку затвореници, кои пожртвувале сѐ и зошто? За да видат еден свој човек решен да умира, да се запусти сѐ бесповратно, да направи илјадници жени и деца, вдовици и сирачиња. Вам ви се потребни ловорови венци. Дали мислите, дека тие се по толку ниска цена, па може да ги собирате кога сакате. Не треба да бидеме пророци, за да ве предупредуваме, дека се лажете. Да, треба борба, лута борба со вековниот непријател, но дали премеривте со што сѐ располагате? Слушајте и отпосле правете го престапот. Зборуваме за одовде Вардар за Битолскиот вилает. Целото население со ретки исклучоци учествува во подготовката за борбата, но нему многу му недостасува. Пред сѐ, кога ќе го оставиме настрана недостатокот на оружје, населението не е обучено во стрелаштво, во воени вештини, а пред да го внесеме во борбата треба да создадеме борци. Му недостасуваат началници. Само за Битолскиот вилает се потребни не по-

малку од 100 души началници, а знаете колку имаме? А од досегашното искуство се знае дека само еден добар началник може да направи нешто добро. Освен тоа, потребни ни се и воени материјали, а тие материјали ќе ги доставиме, иако не знаеме со какви жртви, за да може еден ден да фрлиме во воздух илјадници мостови по железниците и патиштата, па така светот да може да слушне дека повеќе од петвековниот роб се буди и е подготвен да заживее нов живот. Да не заборавиме уште, дека настапува зима, а од искуство се знае, дека секое движење, дури и само на една чета колку е тешко преку зимата. Уште да ви дадеме на знаење дека вашите пријатели Цончев и Николов со кои сте споделувале мисли и подготвувале планови за ненавремена борба се интернирани во внатрешноста на кнежеството и така им било попречено да сосипат некој друг реон. Ние од наша страна направивме сè, друг реон да не ве следи.

Сообразете се со до тука кажаното и дајте „контразаповеди“ на секаде. Ве очекува плодотворна дејност до настапувањето на моментот за повсеместно востание. Ако не запрете? Историјата ќе ви лепне срамно петно наместо ловоров венец, а ние кои имавме намера да ве обожаваме, ќе ве преследуваме како гнасен непријател на татковината.

Дајте да ве почитуваме, зошто да ве гониме.

Од *Управата*

Печат: „Македонски револуционерен комитет“

*Објавено*: От София до Костур. Спомени. Полковник Анастас Янков..., стр. 159-160.

## Документ бр. 66

### Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

**Разоружана врховистичка чета во Воденско; Сандански го очистил реонот од врховистите, но негодува против прифаќањето на Б. Сарафов во Организацијата; Х. Татарчев е во затвор во Атина; ЦК се интересира за цена на горски топови во Бугарија.**

Солун, 9 септември 1902 г.

За Висока од Света Гора, деветти септември.

Вчера добивме известување од Аргир, дека ја фатил четата на Атанас Петровски и неговите (тројца) другари. Наредено е разоружани да се испратат во Бугарија. Аргир заминал за Воденско, а Апостол и Павле постојано му пречат на работата.

За Јанков оној ден се добиени три писма преку Христо Патера, но не можевме да ги откажеме. Од разговорот на последниот со еден наш нов човек излегува, дека на Јанков од Висока му е наредно по секоја цена да подигне востание. Дали е вистина дека Builder Цончев и Николов[305] ја минале границата? Јане Сандански информира преку Кавала,[306] дека неговиот реон е очистен од врховистите; тој силно негодува, зашто Принцот[307] е примен во Организацијата и дека според него сакал да замине за Пирин. Го успокоивме дека Принцот ќе биде во Малешевско.

Учителот Давков е убиен од нашите во Кавала, зашто верувале дека ќе предаде поради фатената бугарска литература кај него. Побрзо пишете му едно писмо на главниот учител во Долна Џумаја, дека Давков пристигнал во Бугарија и е назначен за учител во некое село.

Даскалов[308] добро е прифатен од кајмакамот во Кратово и ќе се потрудиме таму да остане учител. Татарчев[309] пишува дека е пре-

---

[305] Се однесува на генерал Иван Цончев и полковник Стефан Николов.

[306] Преку окружниот комитет во Сер.

[307] Принцот, псевдоним за Борис Сарафов.

[308] Јосиф Даскалов Попдимитров (1868, Кратово–1909, Скопје). Претседател на околискиот комитет на ТМОРО во Кратово. Во 1897 година во врска со Виничката провала е осуден и заточен во Мала Азија, а потоа е преместен на островот Родос. Амнестиран во 1902 година.

[309] Христо Татарачев, по амнестирањето во 1902 година на враќање кон Македонија, бил фатен и затворен од грчките власти во Атина.

местен во затворот на катилите и дека е без пари. Погрижете се за неговото ослободување.

Силните и многубројни потери во Лагадина,[310] Дојран и Порој ни пречат за пренос на оружје. Соопштете колку чини еден горски топ во Бугарија. Ние имаме ангажман пред Егзархијата за српската пропаганда во Скопје, па ангажманот од ваша страна во Србија ќе противречи; во секој случај да се пресмета што е покорисно.

Нашите чети треба побрзо да заминат за Малешевско, каде врховистите веќе се слаби за да се расчисти; со Јанков ако крене востание ние ќе се справиме.

Со братски поздрав,
*Давид*

ДАРМ, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 7; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 23 -24.

[310] Лагадина, псевдоним за Кукуш.

## Документ бр. 67

### Повик од Битолскиот револуционерен округ до населението во Костурско и Леринско

**Населението да се откаже од делумно и предвремено востание, бидејќи слободата на татковината може да дојде само преку едно повсеместно востание.**

10 септември 1902 г.

Управа на II Организациски округ
Х., 10 септември 1902 г.

*Повик*

Откако слушнавме неубави работи за вашите места, ние како наша света должност сметаме да ви ја кажеме и нашата братска мисла.

Браќа!

Во вашиот крај станува збор за востание! Тоа се зборува само во вашиот крај и никаде на друго место во нашата поробена татковина, ниту пак во нашата слободна братска земја. Ние до сега бевме заедно, заедно делевме добро и лошо и секогаш одевме рамо до рамо во подготовката за борбата против нашиот непријател; а сега ние гледаме дека вие се одделивте од нас, се одделувате од целата Организација, се одделувате од целиот народ и на своја глава сами осамени сакате да дигате востание. Што е тоа? Каков успех ќе имате. Никогаш не треба да заборавите, дека само успехот може да ни го даде тоа добро, за кое толку години работиме. А што имате готово, за да успеете? Никакво оружје, никаква бомба, никаков динамит, кои во востанието можат да кренат во воздух илјадници мостови по железниците и патиштата; одделени од целата Организација, од целиот народ, оставени сами на себе среде зима, кога никој од вас не ќе може да се движи по гори и планини, горатa која толку го плаши Турчинот во друго време, бидејќи од секој лист може да добие смртоносен удар, планината во која секој камен за нас станува кале; сред лутата зима без леб, без облека, сред многубројни турски и арнаутски башибозуци, многубројна редовна војска, вие за кусо време ќе бидете сосипани, борците истребени, децата и жените исклани, селата изгорени – или со еден збор, целата земја претворена во прав и пепел.

Тоа ли е успехот? Тоа ли го гониме? За тоа ли работевме толку години? За тоа ли ги положиле и уште ги полагаат коските толку наши браќа на секој чекор? Дали тоа не е глупост? Дали тоа не е непростлива грешка? И презираниот циганин има право да ни суди. А тоа не може да се случи при едно повсеместно востание, кога целиот народ ќе востане, кога целиот народ ќе биде со вас. Само тогаш ќе ја добиеме слободата и само тогаш непријателот може да биде смачкан.

Браќа!

Слушнете го нашиот братски совет! Тоа големо зло кое виси над вашата мила земја, која и за нас е еднакво мила и скапа, може да се избегне. Тоа е во ваши раце. Вие можете да ја запустите вашата земја, вие исто може и да ја спасите. Доволно е да се откажете од мислата да подигате востание и злото е отстрането.

Браќа во името на слободата на татковината ние ве молиме, а ве молат и илјадници браќа, не се делете од народот, откажете се од ненавременото востание, спасете ја земјата!

Со длабока увереност, дека ќе го послушате нашиот совет, Ве бакнува братски.

*Управата*

Печат: „Македонски револуционерен комитет"

*Објавено*: От София до Костур. Спомени. Полковник Анастас Янков..., стр. 161-162.

## Документ бр. 68

### Писмо од Борис Сарафов до Гоце Делчев

**Претставници на српската влада на Б. Сарафов му предлагаат соработка и поддршка за ТМОРО со намера да ја засилат српската пропаганда во Македонија; обиди за набавка на оружје од западноевропските земји.**

Виена, 11 септември 1902 г.

Драги Делчев,

Ти пишував од Белград. Со ова доаѓам да ја дополнам ситуацијата која ја оставив таму по средбата со Вуиќ[311] и главниот командант на нивната активна армија, генерал Марковиќ. Како едниот, така и другиот, откако ме помолија да не сум се докачувал за настанатото недоразбирање со мене, влегов во долги и широки разговори по нашето прашање.

Најпосле ми ветија, дека ќе ни дадат најширока слобода за дејствување во Србија, па дури и оружје, но за да го исполнат своето ветување требало да добијат согласност од кралот. Откако ќе средат сѐ, ми рекоа дека ќе ме повикаат, за да започнеме работа. Од сите мои разговори со овие големци дојдов до следните заклучоци:

Со внесувањето на оружје од српска страна тие сметаат, дека ќе станат симпатични на населението барем во оние реони, каде ќе влезе нивната пушка. Исто така, сметаат дека кога ќе бидат во пријателски врски со нас, помалку или никако нема да се пречи на нивната пропаганда во Македонија. Со други зборови тие преку нас сакаат да си извојуваат една стабилна положба таму, која ќе биде во хармонија со нивните претензии за дележ на Македонија. Со своите врски со нас, тие исто така ќе сакаат да ја сопрат Бугарија да се согласи на *дележот*. Истовремено со тоа, тие мислат да устројат комитет во Белград со друштва низ целата Србија, а со тоа сметаат уште посилно да воздејствуваат во Македонија и пред светот.

Тоа се моите заклучоци, а таму по нивниот разговор звучеше поинаку. Така тие ме уверуваа, дека сакаат автономија на Македонија, но да не се присоединува кон Бугарија, [дека] било потребно да ја отфрлиме Егзархијата и да ја побараме Охридската архиепис-

[311] Вуиќ, српски министер за надворешни работи.

копија. Кога им изјавив, дека немаме време да се занимаваме со црковни прашања во Македонија и дека на населението му е омрзнато од сите видови владици и попови, замолкнаа, но по нивните лица прочитав недоверба во Автономна Македонија и мисла за дележ.

Со предвид на сето гореизложено, јас предлагам меѓу другарите да се разгледа следното прашање: Дали треба да се прифати поткрепа од српската влада, притоа допуштајќи, дека таа сака да нѐ употреби за зајакнување на нејзината пропаганда во Македонија и сл? Впрочем таа поткрепа уште не ни е предложена, но ми кажаа дека ќе ме повикаат, кога сѐ ќе биде готово.

Толку за српското прашање.

Овде го најдов нашиот Василев.[312] Според тоа што зборувавме, јас мислам од тука да го испратам право во Берлин за повторно да влезе во преговори за купување на стоката, бидејќи наполно сметам, дека успешно ќе го извршиме преносот за Бугарија и тоа за брзо време.

Јас мислам дека уште од сега ќе можеме да испратиме [...] пратка (стока) на адреса – В[оено] М[инистерст]во. Така што Василев да отиде во Берлин и да ги започне преговорите. Што се однесува до мене, во петок заминувам за Париз за уредување на албанските работи, каде што ќе го очекувам писмото од тебе.

Молам пиши ми за сѐ што се случува. Дали Млечното[313] замина успешно, ами неговата жена? Кои од другарите заминале? Што станува со Јанков?

Ќе заборавев, на Давидката му дадов една декларација за „В[ечерна] пошта“. Дали е публикувана? Ако не е, публикувајте ја.

Мојата адреса во Париз е: Париз, Булевар „Паспаил“ 206, Владимир Долине, внатре пликот за мене.

Многу здравје на сите пријатели. Пак те молам, пиши ми за сѐ. Те прегрнувам братски.

Твој,
*Борис*

[312] Васил Василев, псевдоним на Димитар Љапов Гурин.

[313] Се однесува на Владислав Ковачев.

П. С. Шифрата ја скинав уште кога ме фатија во Ниш, бидејќи се плашев од претрес. Те молам испрати ми ја во Париз со твоето писмо. Исто така дај ми ја адресата на Стефанов.[314] Ако ти немаш време нека ми пишува Стефанов, само побрзо.

*Објавено*: Гоце Делчев. Спомени. Документи. Материјали..., стр. 338-339.

[314] Се однесува на Димитар Стефанов.

## Документ бр. 69

### ПИСМО ОД ЦК НА ТМОРО ДО ЗАДГРАНИЧНОТО ПРЕТСТАВНИШТВО

**Егзархијата не ги назначила сите учители според списокот на ТМОРО; врховистите продолжуваат со закани и предавства; Пожарлиев предизвикал разбегување на селаните во Воденско; Јанков е во Костурско – Леринско; недоразбирања во Кукуш.**

Солун, 13 септември 1902 г.

За Висока од Света Гора, тринаесетти септември

Егзархијата не изигра. Многу малку од назначувањата се исполнети,[315] само околу дваесет и пет души од препорачаните се назначени. И кај нас има вина, бидејќи од тука се правени распоредувања кои се противречни со нашиот список од Висока. При сето тоа, тие се виновни, бидејќи го оставаат Лазара пак без работа. Радославов[316] и други добри сили исто така. Ништо не ни одговорија и за заточениците.[317] Сепак веруваме дека ќе поминеме уште неколку души. Официјален список уште не е добиен, но нашите од Пиза[318] ни го испратија проектот за назначените.

Состојбата овде не е розова и не можеме да ја дознаеме во подробности, бидејќи соопштенијата се тешки, а врховистите не престануваат да ги заплашуваат нашите раководители со предавства и убиства. Во Радовиш се предадени двајца наши раководители, но затворен е и Шатоев, очигледно за прекривање на предавството. Арестувани се и селски раководители. Тоа ќе го видите од дописката во „Право“.[319]

---

[315] Назначувањето на егзархиските учители се вршело секоја учебна година преку Училишниот оддел при Бугарската егзархијата во Цариград. Во врска со тоа прашање ТМОРО речиси постојано била во судир со Егзархијата, бидејќи настојувала да ѝ наметне листа на учители според своите кадровски потребите.

[316] Цветан Радославов од Свиштов, учител во Македонија

[317] Станува збор за заточениците – раководители и активисти на ТМОРО кои во 1902 година биле амнестирани по повод денот на стапувањето на султанот на престолот. Меѓу нив се вбројуваат: Петар Поп Арсов, Христо Матов, Пере Тошев, Иван Хаџи Николов, Јосиф Даскалов и др. Егзархијата поаѓајќи од сопствените интереси не сакала да ангажира наставници кои веќе биле компромитирани пред власта.

[318] Пиза, псевдоним за Цариград.

[319] Весникот „Право“, излегува во Софија, го издаватНикола Наумов и Тома Карајовов. Весникот ги застапува ставовите на ТМОРО против ВМОК под раководство на Михајловски – Цончев.

Во Воден Пожарлиев насила забрал три – четири села. Од с. Тушим зел дваесет момчиња, а селаните и жените побегнале во горага. Отишол во Бизово при невооружени селани, а од таму во Струпино. Но за да заминат селаните со него ги запалил. Истото го направил во Тресино. Најпосле се запрел во С’борско. Таму се сретнал со поп Иван, кој пред шест дена беше кај мене и јас му реков, дека треба да умре за делото, без разлика од каков куршум. Поп Ивана го измачувале зашто доаѓал кај мене и го заплашувале со убиство. Во секој случај селаните се расколебале. Што станало понатака, не знам.

Се носат гласини, дека Серменин и Коњско се запалени, но не може да им се верува. Пред два дена за Воденско заминаа сто души аскер. Таму меѓу Турците владее полна паника, зашто Пожарлиев пратил абер дека ќе го запали со дваесетте момчиња од Мегленско. Има побегнати анами во Воден. Ние уште не ја губиме смелоста за задушувањето на Воденско.

Јанков издал прокламации кон населението како командант на вториот воен округ. Само Загоричани е со него, но и тие почнуваат да се колебаат. Тој сега е во Леринско. Наредбите му се толку диви, што човек треба да верува, дека тој е умоболен. Пишувал во Битолскиот затвор, дека набрзо ќе ги ослободи затворениците.

Ви пишував од Лимончев да земете 200 лири, ако не заминува за нашиот град. Зошто не одговоривте. Пратете ни уште пари и држете нè во тек со работите таму. Испратете му на Дечев[320] во Велес уште пет – шест момчиња, зашто во спротивен случај тој ќе се врати. Некои други чети да побрзат.

Недоразбирањата во Кукуш ќе ни ја сосипат работата, бидејќи нашите луѓе се незадоволни од решението Мицо да излезе од бирото и велат, зошто виновниците не се казнуваат, тогаш утре, ако почнат да се бунтуваат и другите работници, како ќе ги смирите. Манолев вели дека не може да повлијае на своите пријатели (10 на број), за да се одложи расправата. Ќе бидеме принудени да биеме, па како ќе дојде. Вано му рекол на Тишин: зашто не ме убиете, пак сум здрав. Дали гледа Ахил дека треба да се чисти? Може да се откажеме од тамошното решение по тоа прашање, бидејќи изгледа неприменливо.

---

[320] Никола Дечев (1880, Стара Загора–1903, с. Луково, Кратовско), велешки околиски војвода на ТМОРО.

Овде властите веруваат, дека во октомври ќе избие востание и е наредено собирање на редифите.[321] Впрочем тоа можеби е поради митровичката работа, која зема големи размери. Во нашите редови таму, изгледа има некое турско уво, зашто работите што ги зборувавме кога бев таму, ги знаат овдешниот англиски и француски конзул. Се сомневам, дека Панче Хаџимишев го известил Стег (ф[ранцускиот] конзул), дека сме зборувале за неговото фаќање. Кој му го соопштил тоа на Панче, не знам, па присетете се подобро. Ние нешто зборувавме ан парантес.[322] Внимание господа бидејќи и децата нè знаат.

Чекам одговор на сите прашања.

Со братски поздрав,
*Давид*

ДАРМ, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 8; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 24-26.

---

[321] Редифи (тур.), резервна војска.
[322] Ан парантес (фр.) – меѓу загради.

## Документ бр. 70

### Писмо од Битолскиот револуционерен округ до Анастас Јанков

**Управата му благодари на Јанков што го одложил почетокот на востанието, но одбива да испрати делегат за преговори со него.**

14 септември 1902 г.

Управа на II Организациски округ
№. 423, X., 14 септември 1902 г.
До Господин Полковник Јанков
Во Костурско

Вашето решение за одлагање на денот на востанието го пресретнавме со најголема радост; тоа со таква радост ќе биде пресретнато и од сите наши пријатели, бидејќи тоа е општата желба, а за тоа ние уште од сега Ви ги испраќаме нашите најголеми благодарности.

Сега без да се задржуваме на другите прашања, кои ги покренувате во Вашето писмо го прифаќаме Вашиот умесен предлог – да се испрати до Вас едно доверливо лице од Управата за разбирање и договарање на нашата идна дејност. Меѓутоа, најпосле настанатата воена положба во тамошниот реон ја одзема и најмалата можност за да замине некој преку засилените воени кордони. Ете затоа за сега се одлага делегирање на такво лице при што Вам ви оставаме да обмислите план и начин, ако можете да се приближите до нас. Во меѓувреме за најдобро сметаме да се разбереме писмено, откако час побрзо накратко ќе го слушнеме Вашето мнение за нашата идна дејност, што го очекуваме со нетрпение.

Со одлична почит и уважение,

*Од Управата*

Печат: „Македонски револуционерен комитет"

P. S. Од добиените сведенија до сега, никаде нема востание.

Истото.

*Објавено*: От София до Костур. Спомени. Полковник Анастас Янков..., стр. 162-163.

## Документ бр. 71

### Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

**Доставување оружје; назначување учители; успехот на Јанков во Костурско е нула; Сандански се заканува доколку Б. Сарафов влезе во неговиот реон; положбата во Поројско и Воденско.**

Солун, 16 септември 1902 г.

Година втора, шеснаесетти деветти, од Света Гора за Висока.

Вашите последни писма ги добивме, исто така и она од Митко,[323] но другото на адреса Иван Стојанов не го добивме, бидејќи, очигледно заборавил да напише Жимназ бюлгар.[324] Кон ова додавам и една расписка за двесте и шеснаесетте пушки од Марко Секулички, меѓутоа со услов да ни даде појаснување. Објаснете ни го тоа, ако не се подарок, зошто ни ја бара расписката, потоа какви се пушките, бидејќи писмото не можевме да го прочитаме и на крај чудно ни изгледа како така нашите момчиња биле фатени на границата. Немаме известување за пренесените двесте и педесет кримки, но уште денес пишувавме во Кавала да ни го објаснат тоа прашање, имено каде се распределени пушките и патроните. Пишувавме во Орлеан[325] да извадат полномоштво на Андреј Стојанов и да ви го испратат во Висока.

Имаме копија од списокот на назначените учители во земјата, но името на Радославов недостасува. Три пати пишувавме за него и за други наши луѓе, но од писмото што го добивме од нашите во Пиза, изгледа, дека тој што ни вети, без да ги отвора своите карти пред Училишниот оддел, гледал, да го помине ветеното, а сега се жали дека се компромитирал и вели: од направеното не може повеќе да се направи. Денес правиме енергични постапки, особено за заточениците и ако не нè послушаат ќе отидеме до крај. Направете и вие некакви постапки пред министерството.

Од Костур добивме писмо од кое се гледа, дека успехот на Јанков е нула. Заклал само тројца полјаци во Загоричани. Лажел дека отаде Вардар востанието е објавено. Костурчани сакаат да се дојде до некаков договор, па да има единство во работата. Санда-

[323] Веројатно Димитар Стефанов.

[324] Бугарската егзархиска гимназија во Солун „Св. Св. Кирил и Методиј“.

[325] Орлеан, псевдоним за Одрин.

нски заплашува, дека ќе се отцепи, ако Принцот влезе во неговиот реон, бидејќи му било познато какви штети направил на делото. Треба Ахил да му пишува и да се објасни со него.

Од Дојран известуваат, дека Алекса е во нивниот реон, но му ги изгубиле трагите. Меѓутоа, тој не отишол да крева востание, туку да се сокрие од потерите, кои многу се наплодија; тој имал два-три судири со нив. Пожарлиев пак почна да мирува, зашто сите села се зафатени од војска, регрутирана од редифите.



Јане Сандански

Во блиско време ќе ни требаат пари, па побрзајте да ни ги испратите ветените суми. Одново ќе треба да ни стокмите четири илјади лири за нас, Ерусалим и Скопје, каде се надеваме да отвориме канал за оружјето; ќе треба да се прегледа сметката на целата сума и да ни испратите една копија од неа, за да знаеме како е употребена ова сума. Без пари не нè оставајте, зашто ќе го затвориме каналот кој што засега е единствен. Неколку стотини лири има во касата, но тие се малку за купување на условените 788 пушки.

Ве поздравуваме братски и ве молиме да нè држите во тек со работите со сите подробности.

За браќата пишува,
*Давид*

Червениванова е назначена во нашиот град за учителка. Ако е потребно додајте во расписката какви пушки.

*ДАРМ*, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 9; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 26-27.

## Документ бр. 72

### Писмо од Задграничното претставништво до ЦК на ТМОРО

**Борис Сарафов е приведен па ослободен во Србија; во Србија постојат две теченија по македонското прашање: едно за автономија, другото за поделба; испраќање на чети.**

Софија [септември 1902 г.]

Писмо од градот Висока до браќата во Света Гора, единаесетти месец.[326] Вашите писма се добиени. Пред сè, многу нè радува вашиот бодар дух. Бараните пари ќе ви ги испратиме, ако не преку Лимончев, преку Батанџиев.[327] Арестувањето на Сарафов настана поради двете теченија по македонското прашање во Србија. Претседателот Вуиќ и нивниот шеф на пропагандата Симиќ,[328] се за автономија на Македонија, додека министерот за внатрешни работи Стефановиќ и воените се за дележ. Така Борис е жртва на интригите од страна на последниот лагер, иако како изговор за арестувањето послужила околноста што патувал со туѓ пасош. Тој веќе е ослободен, но планот за уредување канал преку Србија пропадна. Веќе заминал за Европа и оттаму чекаме да го видиме резултатот па ќе ве информираме.

Со испраќањето на четите брзаме и ние, колку што може да се брза. Досега пречеше недостатокот на патрони. Најпосле се набавија за околу 30 души, кои веднаш се подготвија и тргнаа, но завчера (8. IX) на Ќустендилската граница беа забележани и фатени. Минатата вечер ги доведоа овде, а сношти ги ослободија и овие денови пак ќе заминат.

---

[326] Веројатно се работи за грешка при дешифрирањето на датумот. Според наведените настани во писмото месецот треба да биде деветти, а не единаесетти, изгледа единаесетти е денот на пишувањето на писмото. На ова констатација нè наведува фактот што подолу во писмото се вели „завчера (8. IX) на Ќустендилската граница беа забележани и фатени. Минатата вечер ги доведоа овде, а сношти ги ослободија“.

[327] Христо Батанџиев (?, Гуменџе, Еницевардарско–1913, Егејско Море), еден од основоположниците на МРО во 1893 година, член на ЦК на ТМОРО, учесник на Солунскиот конгрес 1896 година.

[328] Св. Симиќ, началник на конзулскиот оддел при министерството за надворешни работи на Србија, дипломатски претставник во Софија, еден од организаторите на српската пропаганда во Македонија.

Крсто Асенов[329] со неколку момчиња избегал уште од таму, како и Ковачев. Најверојатно тие ќе поминат побрзо. Давидов ништо не го сопира, но нема патрони. Последниот обид за достава на гизли и куршуми од Виена половина е успешен, а половина не, бидејќи во Цариброд ги фатија куршумите.

Се прави сето возможно за да се забрза влегувањето на сите, кои што треба да влезат. Досега стоеја во Цариград за назначувањето на Радославов, Георги Василев,[330] бивш учител во Дедеагач и другите. Дали во Одрин има управно тело? Која е адресата за таму? Андреј Стојанов, поранешен учител во Бунархисар и тамошен раководител, сега е организатор на нивната чета, па е потребно полномоштво за него. Наредете да му се издаде од Одрин, или издадете му го вие.

Вчера ни соопштија од Самоков, дека 258 души и 1036 рамки патрони се испратени за Разлошко.

Со братски поздрав,
*Пандопулов*[331]

ДАРМ, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 11; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 29.

[329] Крсто Асенов (1877, Сливен–1903, с. Корнишор, Еницевардарско), солунски околиски војвода на ТМОРО, учесник во аферата Мис Стон.

[330] Георги Василев, секретар на Одринскиот окружен револуционерен комитет.

[331] Пандопулов, псевдоним на Кирил Прличев.

## Документ бр. 73

### Писмо од Задграничното претставништво до ЦК на ТМОРО

**Мисијата на Сарафов во Србија е неуспешна; нема потреба од топови бидејќи ТМОРО нема артилерија; распоредување на чети; испратени пари и оружје; учителското прашање.**

Софија, 17 септември 1902 г.

Од Висока за Света Гора. 17.IX.902. Одговор на вашите писма со дата 9 и 14 од овој месец.

Цончев не заминал, туку побегнал од затворот во Дреново и повторно е фатен. Николов успеа да избега и на 10. IX ја минал границата на чело на чета од 10–15 души. Што се однесувана за мисијата на Сарафов во Србија ви пишувавме, дека тој таму не успеал, така што не се дадени никакви ангажмани. Ни се чини, дека од топови нема да има потреба, дотолку повеќе, што немаме артилерија. Затоа носете колку што можете повеќе пушки. За четите исто така ви пишувавме. Крсто[332] и Ковачев[333] останаа околу границата и веруваме дека оваа вечер се префрлени. Првиот привремено ќе остане во Дојранско, а Ковачев и Васил Попов ќе заминат во Малеш. Овие денови се очекуваат патрони. Штом ќе се најдат, заминуваат сите чети.

Лимончев замина сношти и ви ги носи парите 200 турски лири. Со Ќљумов ви испративме 50. Со Батанџиев ќе испратиме уште 200. По никаков начин Дечев да не се враќа овде. Ако за сега не може да остане во Велес, нека се префрли во Тиквеш до заминувањето на Давидов. Или – не одделете неколку момчиња за него од Тиквешка чета, а кога ќе мине Давидов, ќе остави колку што треба.

Уредете го кукушкиот раздор како што ќе најдете за најсоодветно. Овде меѓу нас нема никакво турско уво. Ниту Ахил, ниту Митко помни дека сте имале разговор за грабнување на францускиот или англискиот конзул. Можно е сами да допуштат. Како дејствува Тиквешката чета?

Навистина Егзархијата се подигра со учителското прашање. Да се гледа по било каков начин Димитар Попатанасов да биде назначен како егзархиски, а во краен случај и како општински учител

---

[332] Крсто Асенов.

[333] Владислав Ковачев.

во Крушево. Истото да се направи и за Димитар Марков и Врбанов Димо за Мало Трново. Во краен случај за едниот.

Расписката за Марко Секулички за 216 пушки, за која ви пишувавме и последниот пат, неодложно испратете ја, бидејќи Ахил се ангажирал со својот чесен збор. Дали се добиени сите писма?[334]

*ДАРМ*, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 10; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 27-28.

[334] Писмото не е потпишано, но е од Кирил Прличев, кој понатаму ги потпишува писмата на ЗП со псевдоним Пандопулов.

## Документ бр. 74

### Писмо од Борис Сарафов до Задграничното претставништво

**Весниците во Париз пишуваат за востание во Македонија; ставот на Сарафов за врховистичкото востание.**

Париз, 18 септември 1902 г.

Другари,

Уште со пристигањето овде влегов во преговори за уредување на каналот. Ви пишував од овде писмо и сега не ми останува, освен да чекам одговор во позитивна или негативна форма; штом ќе го добијам ќе ви го соопштам.

Овдешните весници веќе имаат одделни рубрики „Востание во Македонија“. Изгледа, Јанков успеал да го подигне костурскиот крај, а покрај него се запалиле и другите. Ако е така, кому ќе носиме оружје? По задушувањето на тоа движење Битолско ќе остане мртво за долги и долги години.

Ако започнатите дејствија имаат сериозен карактер и ако има опасност дека сè ќе пламне, ако започне сеч ќе биде престапно ние да останеме надвор од огнот.

Молам пишете ми веднаш за сè инаку се враќам без задржување. Што стана со Млечното? Дали заминаа другите?

Молам пишете ми за сè.

Со поздрав до сите.

*Борис*

*Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 177.

## Документ бр. 75

### Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

**Гласините за востание во Македонија не одговараат на реалната состојба; востанието е објавено без востаници; има опасност од афери поради предавства од врховистите; П. Тошев е интерниран во Прилеп.**

Солун, 19 септември 1902 г.

Какво да ти прави деда Кога ти[335] за Висока од Света Гора, деветнаесетти септември, втора година.

Алармот кој го креваат весниците кај вас, па и во Европа, ни од далеку не одговара на она, што се случува кај нас. Востанието е објавено без востаници. Железниците и мостовите добро ги чува царската војска. Импровизираните востаници пак, не ни помислувале да им наштетат нешто. Точни и сигурни податоци немаме, но од она што ни го соопштуваат од Воден и Ерусалим, до сега ништо сериозно не е направено. Од Воден пишуваат: селаните од Тушим и С'борско уште се во планината. Пред два дена се вратија пет селани во С'борско, но ги арестуваа, ги доведоа во Воден и ги одведоа за Солун. Пожарлиев, бидејќи не може да успее, налутен, зашто му попречивме, пишуваат од таму, не предаде на кајмакамот, но среќата не избави. Тој го дал писмото на еден наш поранешен четник и ние, со изговор дека ќе го предадеме писмото на кајмакамот, го зедовме, и кога го отворивме, видовме дека предава единаесет души од градот, меѓу кои Радомир и Занешев.[336] Наредивме да ни го испратат писмото, па ќе ви го испратиме за да видат тамошните распалени патриоти какви се нивните востаници.

Од Ерусалим информациите се потажни, бидејќи се и поoскудни. Тие му пишувале на Јанков едно благо писмо а тој им одговорил, дека нема да крева востание. Подоцна, кога пристигнал се посрал врз писмото. Не добиле одговор и имено од тоа се вознемируваат, дотолку повеќе, што Јанков заминал за Леринско, а пак на таа страна секојдневно била испраќана војска и горска артилерија. Досега не ни е познат никаков судир, ако не ги сметаме гласините овде, дека наводно во С'борско во саботата се случил некаков судир

---

[335] Така е во оригиналот – веројатно клуч за дешифрирање на писмото.

[336] Димитар Занешев (1876, Воден–1962, Софија), трговец, водениски раководител и војвода на ТМОРО, учесник на Солунскиот конгрес 1903 година.

во кој паднале 150 души војници. Од тоа за нас е сигурно, дека во Воден довеле неколку ранети од Кавала. Пишуваат дека петричкиот кајмакам побарал воена помош од демирхисарскиот, па претпоставуваат дека има нешто.

Треба да забележам, дека во целата земја има гласини за востание, но никаде не го виделе. Струмица прашува за Воден и Ерусалим, а тие пак за Малешевско. Но во секој случај без афери нема да поминеме и тоа афери од предавства. Во Битолско пак има предадени 25 пушки.

Пере[337] е интерниран во Прилеп со овие зборови од башполицаецот[338] : „ташациве ли ми ги бараш овде, уште утре да тргнеш за Прилеп“. Каде сега се подвизува Тане Мурџев со својата чета? Од Ерусалим пак бараат добри војводи, па ќе треба да се откажете од испраќањето на легални луѓе за војводи за да не ги стигне судбината на Лазар.[339] За него било наредено да го ослободат како нападнат на стража, но војводата излегол потресен. Парите од Лимончев ги добивме. Кажете на Никова[340] да ѝ пишува на жена си да ги предаде двете расписки на учителот Божев, зашто тие расписки, иако се на Никово име, се издадени за членски вносови на тие учители. Испратете момчиња за четата на Дечев, па и другите нека брзаат со своето заминување, бидејќи работата напредува.

Со братски поздрав,
*Давид*

*ДАРМ*, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 12; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 30-31.

337 Пере Тошев.
338 Башполицаец – главен полициски чиновник..
339 Лазар Поп Трајков.
340 Атанас Ников (1858, с. Горно Броди, Серско–1906, Сер), член на Серскиот окружен комитет, касиер на Задграничното претставништво на ЦК на ТМОРО.

## Документ бр. 76

### Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

**Врховистите во Јужна Македонија се парализирани; постои опасност во Малешевско; врховистите проституираат со востанието; востание во Македонија нема; да се демантираат гласините за востание преку печатот; кадровски прашања; прекинати односите со Егзархијата.**

Солун, 21 септември 1902 г.

Месец септември, втора година, дваесет и први ден. За Висока од Света Гора.

Сите ваши писма ги добивме па и она на адреса Стефанов, но не ги разбравме добро, бидејќи многу лошо се отворија. Избирајте ја хартијата и добро подготвувајте го мастилото. Се гледа, дека и вие сте опфатени од галиматијата во која попаднаа генералите и жал ми е, дека и вас успеале да ве вовлечат во шашармата, на која сами не ѝ веруваат.

Ви приложувам едно писмо од Ерусалим од кое ќе ја разберете положбата на Јанков. Тој, смачкан, потпирајќи се на бастун е дојден до состојба да се предаде на руският или австриският конзул. Уште три други предлози, од кои ние го избравме најсоодветниот за делото, па и најдобриот за него и за нас: препорачавме да го испратиме под конвој за Бугарија. Пожарлиев е опседнат и не може да се движи, а никаде на друго место во Јужна Македонија тие немаат луѓе кои ќе преземат било што. Друго е прашањето во Малешевско од каде немаме информации, но од она што се случува во Струмичко и Петричко, можеме да заклучиме, дека ако врховистите прават нешто, тоа е блиску до границата и во главите на редакторите, кои распрснуваат вознемирувачки гласини. Смело може да кажете, дека тие луѓе проституираат со востанието, како што правеа и со комитетот овде. Овде пуштаат гласини дека двата комитета се согласиле сите заедно да дејствуваме. Уверен сум, дека тие сами се чудат на успехот, кој го прават со своите измислици. Моите зборови, дека тие ќе си ги скршат главите штом ќе стасаат до градовите се остварија, а вие ќе треба да се грижите за Малешевско од каде ние се плашиме. За другите места ние стоиме на висината на својата положба и не се плашиме, дека ќе паднеме, освен од предавство на нашите противници. (Ви пишував дека писмото на Пожарлиев со кое се предадени

11 души воденчани е во наши раце). Вие преку нашите органи ќе треба да информирате дека нема востание во земјата и дека тие вознемирувачки гласини се причина да се затворат многу невини селани, како во случајот со 7 души с’борчани и тројца од Неготино. На последните им е подметнато писмо наводно од некоја чета, а предавникот е во Солун, каде ќе биде назначен полицаец. Има многу други приведувања за кои подробно ќе ви пишуваме за весникот.

Добри Даскалов[341] е арестуван во Тиквеш, му фатиле печатени книги, но ништо комитаџиско. Брат му е овде, но ако не помогне рушветот, не ќе може да направи ништо. Некој си Стојан Донски[342] е фатен од нашите во Скопје. Кажете ни што човек е, бидејќи чекаат упатства. Атанасов од Кавала ни пишува дека му требаат пружини и исфрлачи, па и десет манлихерови пушки; ако не му се однесат, тогаш четите ќе откажат да ни служат. Голем беља имаме со Павле и Апостол. Тие ниту Аргир го слушаат, ниту раководителите, ниту последните се откажуваат, зашто при овие војводи ништо не може да се прави. Нека им го бере гревот оној, што ни ги прати. Тие имаат 26 момчиња. Во иднина ќе треба да се ослободиме од нив.

Со Егзархијата ги прекинавме врските заради неназначувањето на заточениците. Претходно им напишавме едно анонимно писмо со кое дававме примери за слични назначувања. Во друг плик ги испративме имињата, а пред три дена испративме еден работник со потпечатено писмо во кое се вели, дека ако не се назначат посочените лица, началникот на Одделот[343] треба за пет дена да ја напушти Пиза. Тоа важи и за неговиот заменик. Што ќе случи, не знаеме, но ќе одиме напред, санким да знаете и вие. Заплашен е и Софрониј.[344] Лазар Димитров е назначен во Сер, но ми изгледа страшен арнаутин и се плашам да не ни го расипе реонот со својот деспотизам и лични амбиции, кои и овде често ги пројавува. Тој досега извлекол 18 лири од делото, а како ќе се расправиме, не знам. Во секој случај ќе му земеме расписка.

---

341 Добри Даскалов (1884, Кавадарци–1912, Кавадарци), тиквешки војвода, учесник во грабнувањето на Мис Стон, делегат на Рилскиот (1905) и Ќустендилскиот конгрес (1908).

342 Стојан Донски (1869, с. Битуша, Битолско, денес Парорио, Грција–1904, с. Ѓуѓинци, Светиниколско), војвода, учесник во Мелничката акција (1895), учесник во одбраната на Смилево 1903 година.

343 Станува збор за началникот на училишниот оддел при Егзархијата во Цариград.

344 Архимандритот Софрониј.

Кукушани ни прават големи ѓурултии, но веќе ќе биеме, бидејќи таму е спасението. Влахов[345] беше тука и се договоривме. Побрзајте со нашите порачки, исто и со демантирањето дека нема востание. Штетата на населението со измислиците.

Одговорете веднаш!

Со братски поздрав

Пишува,
*Давид*

Повторете ни го писмото; расписката на Марко е добиена.

Испратете ни 40 Правилници на адреса на весниците.

ДАРМ, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 14; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 32-33.

[345] Христо Влахов (1871, Кукуш–1957, Софија), брат на Димитар Влахов, претседател на Кукушкиот околиски комитет на ТМОРО, учесник на Солунскиот конгрес 1903 година.

## Документ бр. 77

### Писмо од Борис Сарафов до Гоце Делчев

**Ставот на Б. Сарафов за Јанковото „востание“ отворање на канал преку Албанија.**

Париз, 21 септември/4 октомври 1902 г.

Драги Делчев,

Ти благодарам за писмото. Тоа дојде токму на време, бидејќи прокламираното „востание“ беше ми го однело спокојството за работа. Да се надеваме дека е така, како што пишуваат солунските другари, но и јас како тебе гледам скептично на нивниот заклучок.

За пропаднатите куршуми и масло не дигајте ѓурултија. Јас се надевам, дека преку оној пријател ќе успеам да ги извлечам. Штом тој (пријателот) ќе се врати во Софија, пишете ми кое лице да му го препорачам за да почне преносот. Јас сум убеден, и сега, иако конечно не сме се задржале на начинот на манипулацијата, ако испратиме извесни материјали и расписка на негова адреса, дека ќе ја добиеме пратката без никакви непријатности. Ете зошто пишував Василев да замине во Берлин и да испрати барем 200 парчиња. Но нејсе, нека се осигури добро, па тогаш да пишуваме.

*За Јанковото востание*, јас мислам дека добро ќе направиме ако Внатрешната организација излезе со едно изложение за неговите лудории, при што ќе се истакне, дека тој ја злоупотребил довербата, која му се дала кога се впуштил таму и дека и покрај неговите прокламации населението малку сакало да го слуша, бидејќи разбрало на каква безумна касапница се води.

*По мојата работа овде*. Уште чекам одговор. Можеби ќе има потреба наш човек да отиде до Дурацо и од таму преку нивни луѓе дури до Корча за средба со Лазар[346] и испитување на патот. Бидејќи ниту турскиот јазик го владеам добро, а од албански и грчки ниту копче на разбирам, со време да средите да има готов човек, кому кога ќе му се пишува при кого да отиде во Дурацо, веднаш да замине. Лицето може да тргне од Битола и од таму во Дурацо со кирации, а ако се испрати од Бугарија може да тргне директно за Белград – Фиуме – Бриндизи – од Бриндизи пак право со параброд за Дурацо. Кога ќе има таков наш човек можно е јас самиот со него да пропатувам од Дурацо до Корча.

[346] Лазар Поп Трајков.

На солунчани не сум пишувал *уште ништо*. Но утре мислам да им пишувам што сум правел до сега.

Многу поздрав на сите пријатели,

Те прегрнувам тебе и сите другари.

Твој,

*Хубост*[347]

П. С. Твоите писма адресирај ги секогаш ти и предавај ги *обично*.

*Објавено*: Гоце Делчев. Спомени. Документи. Материали..., стр. 340.

[347] Хубост, псевдоним за Борис Сарафов.

## Документ бр. 78

### Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

**Последици од врховистичките активности во Воденско; турски злосторства во Тиквешко; односите со Егзархијата; ЦК се интересира дали бугарската влада го променила ставот.**

Солун, 23 септември 1902 г.

Септември, дваесет и трети, втора година. Од Света Гора за Висока.

Ги читавме телеграмите за митингот на Михајловски[348] и брзаме да ви дадеме поточни сведенија за да не се [во]влечете во паниката, која што тие ја креваат за да заблудуваат. Ете што зборува специјално испратениот човек од Воден.

Тушимци и с'борчани се вратија по своите села, според тоа како што им предлагал алај – паша[349] и како најпосле ги советувал Пожарлиев кога ја видел безизлезната ситуација и негодувањето на селаните. Но, четириесет и двајца од Тушим и осум души од С'борско се арестувани и одведени во Воден. Во селото и по патот, толку биле измачувани, така што речиси едниот тушимски поп и други двајца селани се на смрт. [Тие] по патот се изгубиле, а бидејќи биле претепани, се претпоставува дека се закопани негде. Други дваесет селани се одведени во Еници. Во С'борско, Турците ги обесчестиле сите жени постари од осум години. Кога ги терале селаните врзани, додека аскерот одмарал по патот, потерџиите ги чувале селаните и безмилосно ги тепале.

Пожарлиев бил пресретнат од нашите во Саракиново во заседа. Од таму отишол во с. Пожарско и се изгубил во Костурско. Нема зашто да ви пишувам за Јанков бидејќи ја знаете неговата положба од моето вчерашно писмо. Соопштените факти од нас не ги употребувајте јавно во борбата со генералите, меѓутоа во интимните кругови користете се со нив. Подобро е да се опишува положбата и самото општество да ги осуди виновниците. Во брзо време овие луѓе

---

[348] На 20 септември (ст. стил) на плоштадот „Позитано“ во Софија бил одржан митинг за поддршка на наводното востание во Македонија што го провоцирале врховистите. Притоа на митингот зборувал претседателот на ВМОК Стојан Михајловски.

[349] Алај паша (тур.), полковник.

ќе бидат раскајани грешници, па уште од сега подгответе го општеството преку друштвата да ги осуди.

Турците воопшто се стреснати и ѕверени. Особено страда Тиквешко, каде за десет дена се извршени 15 убиства од Селим – чауш. Меѓу другите сведенија, кои подоцна ќе ви ги дадеме [како] и за поп Иван од Кавадарци, тиквешани испратија овде човек со потпишано барања од селата да се пожалат од потерите. Ќе направиме копија за конзулите. Тиквешани се жалат од своите чети, дека не ги слушале. Исто е и во Еница Вардар, каде Павле и Апостол се спротивставија дури на Аргир. Ахил да направи обиколака и да стави ред во четите.

За Добри Даскалов правиме постапка, но тешко ќе му помогнеме, бидејќи е предаден од Висока. Изгледа има многу предавства и многу од нив се потврдени од Стојанов Сливналијата кој што избега од Аргир и овде се држи под строг надзор. Пишете дали тој присуствувал на собранијата таму, кои и јас ги посетував? Софроний Одрински преку нашите од таму се моли да му простиме, бидејќи се исполнило тоа, што го баравме. Решивме да му простиме. Со прашањето за заточениците ќе треба да одиме до крај. Впрочем Матов[350] и Поп Арсов[351] денес се повикани во полицијата. Најверојатно е дека ќе ги интернираат.

Од Пиза ни соопштуваат, дека егзархот добил тескере од великиот везир со кое му се наредува да издаде окружно до Бугарите во државата со кое ќе ги покани да се потчинуваат на властите и да не се вовлекуваат во четите кои ги искушуваат и подлажуваат. Се гледа, дека егзархот е наклонет да го направи тоа, бидејќи Селџобалиев преку нашите ме моли да не обраќаме внимание на окружното од егзархот бидејќи тоа било принудно и на некој начин да му простиме на блаженството. Ќе ја осудиме ова постапка на егзархот, но нема да одиме до крај, зашто премногу одиме со неговите чиновници, па одеднаш ќе биде многу.

Од Пловдив добивме едно заплашувачко писмо од Хаџииванов со кое му бараат сто лири. Од Брод и нашите од Кавала претпоставуваат, дека тоа е пишувано од Тодор Калин, Сакзов и Петар

---

[350] Христо Матов по амнестијата во 1902 година кратко време престојувал во Солун

[351] Петар Поп Арсов (1868, Богомила, Велешко–1941, Софија), еден од основоположниците на МРО, член на ЦК на ТМОРО, автор на првиот устав на МРО и „Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници“, задграничен претставник (1905–1906). Поради Виничката провала (1897) бил осуден и заточен Подрум Кале. Амнестиран во август 1902 година, при враќањето од заточение се нашол во Солун

Стојков, бродчани. Наредете да им се каже, дека тие ќе бидат казнети, ако ја повторат својата постапка, а за ова да бидат опоменати.

Што станува во Малешевско не знаеме, освен соопштението на Јани,[352] дека го очистил својот реон од врховистите. Од Кавала пишуваат, дека заедно со Стојанов се појавил и Саракинов. Дали е вистина тоа? Како мисли сега бугарската влада? Пак така како порано или го промени погледот? Тоа прашање нас особено нè интересира. Кога мислат нашите да заминат и каков план имаат? Дали не треба Ахил да ја поодложи својата работа за која говоревме.

*ДАРМ*, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 15; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 33-35.

[352] Јане Сандански.

## Документ бр. 79

### Писмо од Задграничното претставништво на ТМОРО до ЦК во Солун

**Кадровски прашања; испраќање чети; врховистичките продолжуваат да навлегуваат во Македонија; ЗП ги демантира гласините за востание.**

Софија, 25 септември 1902 г.

За Света Гора од Висока, 25. IX. 902.

Вашите писма и двете пратки од архивата се добиени, не знаеме зошто не сте ги разбрале јасно писмата, кога хартијата на која пишувам е иста, а исто е и мастилото. И при секое пишување ги подгревам.

Испратената расписка за Марко Секулички не чини и ќе ја уништиме, бидејќи од неа произлегува, дека тој ги подарува односните 216 пушки, а ете како стои работата. Бившиот комитет му ги поверил на спомнатиот Марко горниот број пушки и сега наместо да ги даде на другиот, тој ги дава на Внатрешната организација. Расписката да гласи „Се добија од Марко Секул[ички] 216 манл[ихерови] пуш[ки], оставени кај него на чување од бившиот комитет". Ако може, во расписката да се внесе и малку благодарност за поттикнување; ако не може во расписката, тогаш на одделен лист потпечатен со печатот.

Бараните нешта, како исфрлачи, пружини и слично ви се испраќаат. Сожалувате, што и ние сме биле вовлечени во тревожните гласини. Да, но не можевме да бидеме ладнокрвни при отсуство на позитивни сведенија [од] таму. Дури вие самите пишувате дека немате такви позитивни. На еден начин самоуверено и смислено ги одрекувавте пуштените гласини. Потоа велевте, дека и костурчани искажале желба за спогодување и заемно дејство, а тоа го потврдуваше и една притурка на Цончевиот „Реформи"[353] во која се велеше, дека Јанков успеал да ги убеди своите сотатковинци и Силјанов,[354] дури направија десна рака на Јанков, кој што издал повик кон це-

---

353 Весник „Реформи", орган на ВМОК. По расцепот на ВМОК на X конгрес излегуваат два весника со истото име. Од нив едниот е орган на комитетот Михајловски – Цончев, а другиот на комитетот Станишев – Карајовов. Последниот ги брани и афирмира ставовите на ТМОРО.

354 Христо Силјанов (1880, Цариград–1939, Софија), четник и војвода на ТМОРО, автор на книгите„Освободителнитѣ борби на Македония", т. I – II, „Писма и исповед на еден четник".

лиот свет, потпишано од него и од 28 тамошни раководители. Па и од Гроздановото[355] писмо положбата на Јанков не изгледа таква, каква што ја претставувате. Како и да е, ние веќе поверуваме, дека востанието не ќе може да се подигне и силно демантиравме и ги демантираме сите гласини. Што се однесува за Малешевско, од таму немаме никакви известувања, а се знае, дека Попов Васил, Ковачев и Крсто Асенов ја минале границата среќно и сега се наоѓаат во Цумајско при Христо Чернопеев.[356]

Давидовата чета можеби веќе е готова и набрзо ќе тргне за Битолско. Со него (Давидов) ќе замине и Ќосето (Андон).[357] Ако Струмичко нема таква неизбежна потреба од неговото (Ќосево) присуство, туку може да тера без него, тогаш Ќосето може да замине во Еницевардарската чета на местото на Павел и Апостол, а овие последните да ги земе Давидов со себе за натаму. Ако се поправат добро, ако не, тегнете им го сатарот.

Уште ќе ви кажеме, дека овие денови заминале уште две врховистички чети, од кои едната од 50 члена и неколку офицери (меѓу нив и Канзирев)[358] со правец кон Разлог. Целта им била да го потпалат Разлог и Цумајско. Внимавајте четата од охриѓани да не се упати кон Охридско. Како така А. Мурџев се провлекол дури до Прилепско незабележан од ниедна наша чета. Од Самоков се внесени уште 10 товари материјал: 8 кримки и 1392 пакетчиња патрони. Вкупно 266 кримки и 2428 пакетчиња. За испраќање има уште 25 товари. Стојан Донски не ни е познат.

*ДАРМ*, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 17; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 36-37.

---

[355] Гроздан, псевдоним за Анастас Лозанчев.

[356] Христо Чернопеев /вистинско име Черно Пеев (1868, с. Дерманци, Плевенско–1915, Пепелиште, Криволак), војвода, раководител на Струмичкиот окружен комитет на ТМОРО, член на ЦК, учесник во аферата Мис Стон, учесник во походот на Цариград 1909 година како поддршка младотурците, загинал во во битка со француските војски во Првата светска војна.

[357] Андон Ќосето / А. Јанев Лазов (1854, с. Голозинци, Велешко–1953, Благоевград), терорист и војвода на ТМОРО, учесник во аферата Мис Стон, учесник во Илинденското востание.

[358] Владимир Н. Канзирев (1879, Разлог–1962, Њујорк), брат на Владислав Канзирев, офицер во бугарската армија, разлошки војвода.

## Документ бр. 80

### Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

**ЦК под притисок на врховистите го менува ставот за востание; ЦК се интересира за ставот на бугарската влада и предлага омекнување на ставот спрема врховистите.**

Солун, 26 септември 1902 г.

За Висока од Света Гора, дваесет и шести септември, втора година.

Од Битола и Воден нема ништо ново. Од нашите има писмо, но ништо не соопштуваат. Сношти заминаа за Серско петстотини души аскер – редифи. Денес под пареа се држат сите локомотиви и се зборува дека ќе замине уште војска. Денес, прснаа гласини дека во Мелничко имало судир во кој падналe осумдесет Турци. Писмено известување од таму немаме. Тука пристигна Цуцулов, испратен од Апостол Димитров[359] од Пловдив. Тој утре заминува за Костур. Му пишував на Димитров, но ќе треба да ги држите во тек со работите, за да не се вознемират и да преземат нешто без општа согласност.

Ви приложувам едно писмо од Пиза од кое ќе видите дека на дванаесетти наводно заминале 500 души вооружени со согласност на кнезот и владата. Во врска со тоа побрзо да ни пишете. Бидејќи од него многу ќе зависи нашето држење во иднина. Такви вооружени маси ние не можеме да сопреме и подобро ќе биде и ние да го развееме знамето. Ако бугарската влада се ангажира да го покрене прашањето, спрема врховистите јавно да не се држи многу остар јазик. Подобро е сè да се објаснува преку конфиденцијални писма до друштвата. Пишете и држете нè во тек со тамошните заткулисни работи.

Со братски поздрав, пишува *Давид*

Ви приложувам една расписка од затворот.

Сакав да ви испратам список на 88 политички затвореници, но не е подреден, па ќе бараме нов и потоа ќе ви го испратиме.

*ДАРМ*, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 18; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 37-38.

---

[359] Апостол Димитров (с. Д'мбени ), раководител на ТМОРО во Костурско.

## Документ бр. 81

### Писмо од Задграничното претставништво до ЦК на ТМОРО

**Врховистичката фама за востание во Македонија тешко се разбива; поведението на бугарската влада не е јасно; грофот Игнатиев смислено ги вознемирува духовите; тековни кадровски прашања; односи со Егзархијата; ЗП размислува за поставување на прашањето за востание.**

Софија, по 26 септември 1902 г.

Ви одговараме на писмото од 23. IX.

Најпрво по прашањето за распрснатите гласини за востание во Македонија. Нашата положба овде е неподнослива. Клевети иругања од секаде. Дури и пријателите се посомневаа во нас. Возбудата е засилена. Луѓето ја напуштаат својата работа и влегуваат во четите. Сите веруваат, дека има востание. Да ги трпиме укорите, би значело дека ги прифаќаме припишаните обвиненија. А од друга страна велите ние да се служиме со факти. Тогаш како да се расее оној густ пласт од магла, кој што ги опфаќа духовите и на оние друштва што го создадоа легалниот (Станишев)[360] комитет? Факти изнесуваме, не ни веруваат, но без факти, ситуацијата е одвратно грозна.

Дали е вистина, дека Јанков дошол до ситуација да се предаде на некое конзулство? Дали верувате, дека ќе го натерате да прифати да ни се потчини нам? Не би посакувале поблескава победа над нив. Но во таков случај да се земе лично потпис од Јанков за негово доброволно раскајување и потчинување на Внатрешната организација, која од своја страна врз себе ќе преземе грижа за неговиот живот. Дали може да се очекува послевен триумф од тоа?

Притурките на „Реформи“[361] непрекинато фрчат со најразлични известувања. Освен Битолскиот вилает, кој што е претставен веќе како пламнат, востанието се проширило по сите реони одовде Вардар – Џумајско, Разлошко, Струмичко, Петричко, Кукушко, Скопско и сите краишта се во отворено востание. Речиси сите други весници од престолнината ја прифаќаат истата песна, а како резултат –

---

[360] Се однесува на ВМОК на Христо Станишев, кој дејствувал како опозиција на ВМОК на Михајловски – Цончев, притоа застапувајќи ги ставовите на ТМОРО.

[361] „Реформи“, весник, официјален орган на ВМОК на Михајловски – Цончев.

дразнење на духовите, а како последица на тоа во период од десетина дена неколку стотици луѓе навлегле во внатрешноста.

Поведението на владата за нас не е јасно определено, но едно е сигурно, дека грофот Игнатиев не малку го подкладе огинот. Тој дури јавно и смислено ги буди инстинктите на толпата со разни ветувања на златни гори за Македонија и Бугарија воопшто.

Цветков[362] е назначен за учител по пеење во Битола. По него ви праќаме 50 турски лири. Му дадовме 8 на заем кои ќе ги плаќа од својата плата. Од овде тој доволно е запознаен со нашите работи, вам ви останува да го подведете под клетва. Соопштете во Ерусалим да го прифатат како што треба и да му дадат работа во управното тело. Со таква цел заминува човекот за Македонија. Исто така и на Јаранов[363] може да му укажат доверба. Господинов е назначен за учител во Солун. Нему ништо не му е зборувано. Гледајте му го паметот и кројте му капа.

Овде се зародила една идеја. Прашањето детално не е разгледувано, но ако генерлите не успеат да сторат нешто посериозно во Џумајско, или на друго место, тогаш ќе се разгледа поопстојно. Сега ви се предлага на претходно разгледување.

Како што изгледа од назначувањата во Одрин, Егзархијата упорно се спротивставува за назначување на наши луѓе, па наместо милост, не би било лошо да се повлече за увото, како што треба. Каква потреба имаме да го предупредуваме населението, дека егзархот бил принуден од министерот да го испрати односното послание. Ако добро ја сфаќа својата мисија, дали тој не би претпочитал да си даде оставка, отколку да го принудуваат да пишува посланија против волјата, убедувањата и сопствената совест?

Избеганиот од кај Аргир, Стојанов, не признава никој друг освен Ахил и Митрето. Саракинов изгледа не заминал бидејќи до неодамна беше овде и боледуваше од тешка неизлечива болест. Ников испрати расписка во Сер, која ја доставил на општинскиот претседател.

Денес го добивме препорачаното писмо. Задоцнивме да ви одговориме поради мали непредвидени случки. На Батанциев му дадовме само 20 турски лири, бидејќи повеќе не сакаше да земе.

---

[362] Парашкев Цветков (1875, Плевен–1903, с. Могила, Битолско), раководител на ТМОРО во Битолско, учесник на Смилевскиот конгрес (1903), набрзо потоа загинал во судир со османските војски.

[363] Атанас Јаранов (1878, Кукуш–1964, Софија), член на Битолскиот окружен комитет.

Осумте лири кои ги задржува како заем, според условите треба да ги плати во октомври.

Случајно испуштивме да ви пратиме пари кога се појавува таков случај. Завчера требаше да замине една учителка и планиравме да ви испратиме сто лири, меѓутоа, таа ненадејно се вери и остана овде. Прави сте по прашањето, поткачено од Аргир, но и пред тоа се правело можното за намалување на храненициите. Ќе се погрижиме да ги средиме сметките.

Џумајско востанало. Трајчо Христов е убиен.[364] Васил Попов – судир. Сега го добивме вашето писмо од дваесет и шести. Ќе ви одговориме друг пат.

*ДАРМ*, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 19; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 38-40.

[364] Трајчо Христов (1880, Еницевардар–1907, Софија), малешевски и гевгелиски војвода на ТМОРО. Во случајов станува збор за неточна информација.

## Документ бр. 82

### Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

**Врховистичко востание во Петричко; Турците испраќаат воени сили, но не се вознемирени; ЦК се интересира за улогата на бугарскиот кнез и владата.**

Солун, 27 септември 1902 г.

Дваесет и седми, деветти, втора година. Света Гора за Висока.

Ви препраќаме едно писмо од Кавала, од кое ќе видите, дека таму, од каде што се плашевме, востанието избувнало во Петрич. Востаниците се господари на ситуацијата. Таму веќе се испратени од тука и од Кавала 4000 души војска. Ситуацијата таму навистина е сериозна. Барем така ја сфаќаат овдешните конзули. Меѓутоа, Турците не се многу исплашени, па може да се заклучи, дека генералите не вовлекле многу луѓе. Кажете, за Бога, каква улога игра кнезот и владата во таа работа?

Некаква чета од 200 души, според сведенија од валијата, имала судри кај Железница или Черешница и од неа паднале 25 души. Тоа доаѓа како потврда на нашето известување за заминувањето на 500 души со знаење на владата. Необјасниво е од каде црпат генералите сила.

Во Костурско, Леринско и Воденско ситуацијата е по старо, т.е. нема ништо.

Пишува,
*Давид*

*ДАРМ*, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 20; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 40.

## Документ бр. 83

### ПИСМО ОД ЦК НА ТМОРО ДО ЗАДГРАНИЧНОТО ПРЕТСТАВНИШТВО

**Десетина востанати села во Петричко; ЦК нема прецизни информации за настаните.**

Солун, 28 септември 1902 г.

Месец деветти, дваесет и осми, втора година. Од Света Гора за Висока.

Денес не добивме никакви писма од провинцијата од кои може да се разбере ситуацијата, меѓутоа, сигурно е, дека отаде Вардар нема ништо сериозно. Пристигнатиот патник од Петрич расправа, дека таму востанале десет села и ги нападнале и опљачкале турските куќи, а исто така убиле неколку од Турите. Врховистичките чети избиле педесет и четири турски војници, кои ги изненадиле од заседа. Дали стравот од оваа случка ги тера Турците да преземат толку сериозни мерки со испраќање на толкава војска, или навистина има нешто многу сериозно, не ни е познато. Чекаме секојдневни известување од Кавала, но не добиваме. Очигледно и таму недостасуваат сведенија.

Расписката за Секулички ќе ви ја испратиме утре.

Пишува,
*Давид*

ДАРМ, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 21; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 41.

## Документ бр. 84

### Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

**Османлиските власти распоредуваат редифи; ЦК се интересира за улогата на бугарскиот кнез во врховистичкото востание.**

Солун, 29 септември 1902 г.

Датум дваесет и девет, втора година. Света Гора.

Денес кај мене се јави учителот Цветков[365] и ми предаде педесет лири. Тој утре заминува за Ерусалим. Изгледа дека е добро момче. Му правеле доста пречки по патот. Му дадовме упатства.

Од Воденско, Битолско и Костурско ништо посебно. Затворените тушимци и с'борчани уште не се пуштени, ниту пак се доведени овде. За Петричко и Џумајско ситуацијата до некаде ќе ја разберете од двете кавалски писма, кои ви ги приложувам.

Овде, па и во целата земја, олелекаат од редифите. Чудно е што овдешните редифи се кријат и одат да ги собираат ноќно време од нивните куќи. Од овде ова недела се испратија четиринаесет возови војска и муниција за Демирхисарско. Може ли да се мисли, дека генералите сосема полуделе, зашто како да се објасни таа постојаност во лажите пред толку препреки што ги среќаваат од населението. Внимавајте добро, дали кнезот не игра пак некаква комедија.

Одговорете ни на писмата и дајте некакви сведенија за општиот тек на работите. Испратете ни и други суми.

Со братски бакнежи.

Пишува,
*Давид*

Расписката утре ќе ви ја испратам.

*ДАРМ*, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 22; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 41.

---

365 Парашкев Цветков.

## Документ бр. 85

### Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

**Серското раководство негодува заради ненавремено испраќање на материјали; врховистите имаат делумен успех во Петричко и Мелничко; Јанков ветил помирување колку да се извлече.**

Солун, 30 септември 1902 г.

За Висока од Света Гора, триесетти септември, втора година.

Ви приложувам едно писмо од Кавала[366] за да видите како таму негодуваат, бидејќи не им се исполнуваат порачките навреме. Побрзајте да им ги испратите бараните нешта. Ако е невозможно да им испратите манлихерови пушки, тогаш барем по еден револвер – наган и пружините испратете ги побрзо. Од ова писмо ќе видите, дека успехот на генералите во Серско не е голем, меѓутоа во Петричко и Мелничко, тие изгледа имаат некаков успех, бидејќи овде се доведени 50–60 ранети, а се зборува дека имало и многу убиени. Турците испратија многу војска за Демирхисарско. Денес пристигнаа уште четири параброда азијатски војници. Изгледа дека тие се готови за војна со Бугарија, а таму дали прават некакви подготовки, или ќе го сопрат движењето, ако се постави круната на кнезот.

Јанков е веќе внатре во Бугарија заедно со Коте. Тој, според зборовите на ерусалимскиот Гроздов,[367] кој што е во нашиот град, многу ветувал за наша корист и за смирување кога ќе пристигне во Бугарија. Кој знае дали не итрува додека се искубе. Трагите на Пожарлиев не се познати.

Денес стаса телеграма од Егзархијата до општината со познатата вам содржина. Колку за лице беа повикани и некои од претседателите. Како што знаете ние сме во затегнати односи со Егзархијата.

Денес добивме едно писмо од Принцот, кој што пролева солзи, бидејќи не сме успеале да го зачуваме редот и дека загубил

---

[366] За писмово кое овде се споменува види: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 42-43.

[367] Гроздов, псевдоним за Анастас Лозанчев, (1870, Битола–1945, Софија), учител, фотограф, член на Битолскиот окружен комитет и негов претседател, учесник на Солунскиот конгрес (јануари, 1903 г.) и на Смилевскиот конгрес (мај, 1903 година), член на Главниот штаб во Битолскиот револуционерен округ, член на Привременото претставништво на бившата ВМРО (1919).

надеж во својата мисија за каналот, но пак ќе се потруди. Му пишував, го утешив, дека и за него останува работа и дека треба да си ја исполни мисијата до крај.

Секојдневно ви пишуваме, а вие само кротите. Одговарајте и исполнувајте ги нашите порачки. Што стана со расписките и правилниците? Испраќајте по три броја од „Реформи“ и „Право“ во Пиза на адреса: Константинопол, Пера пасаж в Одвһ'о.[368] Пишете дали ја добивате архивата што ја испративме на Ефка Стефанова? Дајте уште три четири адреси за побрзо да се ослободиме од архивата.

По два – три дена Христо[369] ќе тргне по канал за вашиот град. Притоа ве бакнува и ви посакува повеќе енергија и успех. Зошто престанавте да праќате пари?

Пишува,
*Давид*

*ДАРМ*, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 23; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 42.

[368] Така е во оригиналот.

[369] По Христо Матов заминал од Солун за Софија како нов задграничен претставник на ЦК на ТМОРО.

## Документ бр. 86

### Писмо од Задграничното претставништво до ЦК на ТМОРО

**Ставот на ЗП за врховистичкото востание; центарот и тежината треба да биде во Македонија и никаде на друго место; препораки до ЦК на ТМОРО да биде на висина на положбата; при евентуално усложнување на положбата ЗП допушта покренување востание.**

Софија, [септември 1902 г.][370]

Од Висока до Света Гора

Ние сакаме да бидеме последователни во сите свои дејствија. Како што теоретски расправавме, дека тркалото на нашите работи воопшто треба да се врти од самата Внатрешна организација, а не од некакви надворешни фактори, биле тие комитети или влади, така и во пракса треба да докажеме, дека центарот на тежината е и треба да биде во Македонија и никаде на друго место. Сега е времето, кога треба да го покажеме тоа нешто. Познато е дека Организацијата во моментот ја преживува најострата криза.

Кога ќе го добиете оваа писмо, не е чудо голем дел од населението таму да биде вовлечено предвремено во борбата. Од овде има навлегувања и веројатно ќе се засилат. Комитетот (противничкиот) прави секакви усилби за да го возбуди општеството. Се пуштат севозможни информации за внатрешноста, веќе има и тревожни додатоци во весниците. При сета наша ладнокрвност овие нешта се од природа што ќе не стреснат. Нашата положба и онаа на нашите сомисленици овде е многу калпава. „Внатре има востание, а вие седите овде" – ни велат пријателите, кои не можат да се воздржат од општото преувеличување.

Впрочем сега од вас се бара тактичност, умешност, срчност и воопшто сите квалитети, неопходни вам како на врховни раководители, квалитети кои што ќе ви послужат веднаш да ја сфатите вистинската положба на земјата и веднаш да ни ја опишете точно таква, каква што е во стварност. Застанете на висината на својата положба, држете ги добро нишките на целата мрежа, препорачувајте мерки. И без востание нашите чети влегуваат, но нема сомнение, дека при влегувањето сосема друго би било нивното поведение.

---

[370] Документот е датиран според содржината на писмото.

Впрочем запознајте нѐ, а после тоа распоредувајте сѐ, а ние ќе исполнуваме. Следствено ако пак вие предвидувате усложнување таму, не останува друго, освен да побрзаме и да го засилиме започнатото движење, во кој што случај ќе имате едно мнение на Ахил; ако сте убедени, дека тоа движење е само еден фишек, кој што нема да ги промени коренито нашите дела таму, туку ќе згасне без трага, добро. Во секој случај бидете трезвени, мислете најопстојно. Со еден збор, повикувајте ги на помош сите свои умствени и душевни способности и сили, за да не направиме штета, кога се мачиме да го сопреме овој бран (востанието), или кога ќе се пуштиме во авантура, ако нема востание.

Пишувајте секој ден.

*ДАРМ*, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 24; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 44.

## Документ бр. 87

### Писмо од Задграничното претставништво до ЦК на ТМОРО

**Врховистичкото востание има делумен успех во Петричко и Џумајско; врховистичка чета се судрила со бугарската погранична стража; ослободени тројца затвореници од Грција.**

Софија, 1 октомври 1902 г.

Град Висока, послание до Света Гора, 1. X 1902

Сите ваши писма до сега ги добивме. Одговорете дали и вие ги добивте нашите од 25 и 28 септември.

Генералите конечно се решени да подигнат бунт, но колку ќе успеат, уште не се знае. Возбудата овде уште трае, иако не така силно, како во почетокот. Нивниот обид во Петричко изгледа најуспешен. Кога би можеле уште во неколку реони да го направат истото, тие до некаде ќе ја спасат својата чест. За сега не можат да се надеваат на сличен успех, освен во Џумајско. Во Разлошко селаните се подготвувале силно да им се спротивстават.

Најпосле една многубројна генералска чета на чело со Софониј Стојанов и Сугарев се судрила со бугарската погранична стража. Имало ранети од двете страни, четата делумно се распрснала, а другиот дел успеал да се вовлече во турско, каде била пресретната од турските стражи. При сето тоа, пак се вовлекла внатре при што завлекла и неколку души од стражата (бугарска).

Сношти Давидов тргна кон границата. Ако горепосочената случка со генералските чети, која дала повод да се засилат караулите, не му попречи за успешно навлегување, ќе ви пишеме што ќе се случи.

Од Грција соопштуваат дека затворениците во Лариса Дамјан Илиев, Калканџиев и Попов биле ослободени, а потоа веднаш заминале за Македонија. Тие се, како што вели Ахил, три добри сили и ако испратените од порано во Костурско веќе се поставени добро, тогаш овие тројца може да бидат на располагање, каде што има најголема потреба. Ако пак оние не се поставени како што треба, тогаш може да се сменат.

Ете ги буквално зборовите на министерот Радев,[371] искажани пред специјално испратениот кај него наш човек по прашањето за поведението на кнезот и владата по однос на нашето прашање: (препис).[372]

Ништо не пишувате како стои прашањето по пренесувањето оружје. А пари нема ли, зарем не сте зеле од оние места, каде веќе е внесено оружјето?

*ДАРМ*, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 25; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 45.

[371] Александар Радев, актуелен министер за правосудство.

[372] Зборовите на А. Радев не се внесени во писмото.

## Документ бр. 88

### Писмо од Задграничното претставништво до ЦК на ТМОРО

**Тековни материјални и кадровски прашања; да се спречи преминувањето на врховистичките чети преку Вардар.**

[Софија], 3 октомври 1902 г.

3. X. 902 за Света Гора.

Се гледа, дека некои од нашите последни писма не сте ги добиле. Пишувано ви е на 25, 26, 28 септември, први октомври и на сѐ ви е одговорено.

Правилници и расписки порачавме во Ќустендил и штом ќе пристигнат ќе ви испратиме. Пред да тргне Матов поразговарајте по прашањето за привременото претставништво.[373] Соопштете на кавалската Осојница,[374] дека манлихерови пушки нема, но револвери и другите порачки ќе бидат исполнети со пристигањето на Ахил, кој што ќе тргне за таму по десетина дена.[375]

Расписката за Марко ја ветивте завчера, но не ја испративте. Побрзајте и со неа. (И Митката[376] ви пишувал, па и јас ви повторив за полномошното на Герџиков, Павлов и Стојанов – зошто не испраќате). Што стана со полномоштвото на Герџиков,[377] за кое ви пишувал Митката, па и јас ви повторив. Истото направте го и за Павлов. Погрижете се преку Ерусалим да се издејствува учителско место за Владимир Попатанасов во Крушево. Ерусалимци нека не ја остават на самоволието судбината на семејството на нивниот стар сограѓанин, работник и четник Него.[378]

---

373 Во текстот стои привременото правителство наместо претставителство. Најверојатно оваа грешка настанала при дешифрирањето. Дотогаш задгранични претставници биле Туше Делииванов и Димитар Стефанов, а нивен секретар Кирил Прличев. ВМОК на Михајловски – Align Цончев откако влегол во судир со ТМОРО, наполно ги игнорирал задграничните претставници, притоа инсистирал за нивна смена. Поради тоа во овој период ЦК за задгранични претставници ќе ги испрати Христо Матов и Христо Татарчев.

374 Станува збор за серскиот деец Атанасов.

375 Гоце Делчев во Македонија, поточно за Серскиот револуционерен округ заминал дури во почетокот на јануари 1903 година.

376 Димитар Стефанов.

377 Станува збор за издавање на полномоштво на Михаил Герџиков како ревизор на четите во Одринско.

378 Така е дешифрирано.

По прашањето за генералите ние мислиме, дека треба да се преземат сериозни мерки за да им се попречи навлегувањето во регионите отаде Вардар. Дознавме дека Софрониј Стојанов бил назначен специјално за Прилепско, а Саракинов, кој што исто така замина, бил за Воденско. Ќе ги употребат сите усилби за да одбегнат секаков судир до нивното пристигање на определените места. За таа цел по патот ќе бидат претпазливи и спроведени од специјална чета. Ова нивно решение кај нас вдахнува извесен страв, а за да се осуети, треба строго да се заповеда на нашите луѓе да бидат по патот и на никој начин да не ги пропуштат да го минат Вардар.

*ДАРМ*, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 26; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 46.

## Документ бр. 89

### Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

**ЦК бара да се испрати специјана делегација кај бугарскиот премиер Данев; тековни кадровски и технички прашања.**

Солун, 4 октомври 1902 г.

Година втора, четврти октомври. За Висока од Света Гора.

Вашето писмо од први го добивме, меѓутоа тоа не содржи директен одговор на нашето последно писмо. Ние сакаме да се испрати делегација од наше име до министерот Данев[379] и да ни се соопшти неговиот одговор. Ви препраќам писмо од Воден и Струмица, а во друго писмо до Евка,[380] ви испраќам и две писма од Сер и Ѓаково,[381] за д ја видите ситуацијата.

Ми омрзна да ви пишувам за момчињата од Дечевата чета за пружини и други дребулии, а вам не ви омрзна да молчите; на Дечев ќе му испратиме момчиња од кукушката чета или ќе го препратиме во Струмичко, но испратете ги бараните нешта. Ете затоа со првата пошта испратете ни неколку правилници на адресата на која ги испраќате весниците, па кога ќе ги добиеме, испратете ни и расписки.

Изгледа не сте го добиле писмото во кое се зборува како постапивме со Егзархијата, па велите да и го потегнеме увото. Ние сме на мнение да и ги извадиме очите, а не да и го повлечеме увото, иако таа нè сондираше за телеграмата.

Овој пат оружјето задоцни, но се надеваме овие денови да пристигне. За сега најразработен е Охридскиот канал, иако по мал-

---

[379] Стојан Данев, (1858, Шумен–1949, Софија), бугарски политичар. Бил потпретседател на Народното собрание (1894–1896); министер за надворешни работи и вероисповед (1891); министер претседател на Бугарија и министер за надворешни работи и вероисповед (1901–1903); претседател на Великото народно собрание (1911); претседател на Народно собрание (1911–1913); премиер и министер за надворешни работи и вероисповед (јуни–јули 1913); министер за финансии (1919–1920).

[380] Евка Станишева, сопруга на Христо Станишев.

[381] Ѓаково, псевдоним за Велес.

ку се доставува. Какво било тоа собрание во кое зборувал Христо и давал некакви ветувања.

За браќата пишува
*Давид*

*ДАРМ,* ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 27; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 47.

## Документ бр. 90

### Писмо од Задграничното претставништво до ЦК на ТМОРО

**Доставување адреси за испраќање на архивата на ЦК; ВМОК апелира кон бугарската јавност и европските дипломати и научници за поддршка на врховистичкото востание.**

Софија, 4 октомври [1902 г.]

Од Висока за Света Гора, дата четврти октомври, оваа година.

Ете ви адреса за побрзо испраќање на архивата: 1/ Божија Јанкова (за Туше),[382] улица „Цар Борис“, број сто; 2/ Данаил Крапчев,[383] студент; 3/ Борис Мончев,[384] исто студент; 4/ Кирил Прличев, студент; Георги Курубинов, кројач, улица „Нишка“, број 99.

Со жал ви соопштуваме дека речиси половината чета на Давидов е фатена околу границата и сношти се доведени овде.

Вчера ви пишувавме преку Иван Стефанов. Дали го добивте? Последната акција на Михајловскиот комитет досега се состои во издавањето на еден апел до сите сталежи на општеството во Бугарија за помош на востанатиот роб и во испратените телеграми до видни европски дипломати и научници.

Во Џумајско завршил и последниот куршум на вовлечените селани, а Николов[385] собрал околу себе околу триста момчиња и мирува при селото Бистрица додека аскерот кој што се зголемува не го принуди да се врати во Бугарија.

Ве молам испратете го прикаченово писмо во град Воден.

Братски поздрав, *Пандопулов*

ДАРМ, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 28; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 48.

---

[382] Туше Делииванов.

[383] Крапчев Данаил, родум од Прилеп, публицист, деец на ТМОРО.

[384] Борис Мончев (1881, Прилеп–1942, Софија), завршил гимназија во Солун (1902) и право во Женева (1912), член на ЦК на ТМОРО (1903–1904), учесник на Рилскиот конгрес 1905 година, член на бугарските конституциони клубови, пратеник во бугарското народно собрание (1920–1923; 1938–1939).

[385] Стефан Николов.

## Документ бр. 91

### Писмо од Борис Сарафов до Гоце Делчев

**Испорака на материјали; каналот преку Албанија; написите за врховистичкото востание не влијаат многу врз јавното мнение; Сарафов предлага востание со напади на големите градови, рушење железници и европски фабрики за да се предизвика европското внимание.**

Париз, 5/18 октомври 1902 г.

Драги Гоце,

Туку што се разделивме со Манијакот. Му направив строг приговор, при што му реков дека на настаната *грешка може* да се погледне и како на *шпекулација*, на која самиот тој не е туѓ. Тоа го порази како гром. Токму кога беше го натоварил во сандаци истиот тор,[386] веднаш отрча [...][387] го загуби умот и зборовите, како што се вели, *наводно* да се кара со фабрикантот за смена на стоката со првокласна. Сега, пред да ги натовари, каква и да е стоката, јас ќе сакам да присуствувам на испробувањето и да направиме споредба помеѓу претходниот материјал и *сегашниот*.

Најпосле од Солун добив писмо. Новините се доста смирувачки, како и твоите. Ми порачуваат за побезбедно важните писма да ги испраќам преку Софија, како што веќе постапив со писмото за каналот. Покрај сè, ќе им пишувам накратко по прашањето, те молам препрати го моето писмо со исечената поштенска картичка.



Борис Сарафов

Од овде ништо посебно. Подвизите на *притурциите*,[388] овде прават многу мал впечаток, прво бидејќи Внатрешната организација која веќе печатот ја коментира често и насека-

[386] Експлозивни материјали.

[387] Нечитлив збор.

[388] Се однесува на на врховистите кои преку тн. притурки (додатоци) во весникот „Реформи“ – орган на ВМОК, ги преувеличувале „востаничките подвизи“ на полковник Јанков и другите врховистички водачи во Македонија.

де е против, и второ, зашто биење со аскер, горење на колиби и селски куќи не дејствува врз овдешните мозоци.

Сеч и оган во *големите* градови, разрушување на железници, уништување на некои европски фабрики – тоа е она, кое овде чекаат да го видат од нас, за да се вмешаат во разрешување на прашањето. Кон тоа треба да се подготвиме. Колку побрзо, толку подобро. Што се однесува до подигањето на масите да се ограничиме да гледаме само на оној дел од населението, на кој ќе му доставиме пушки. Јас верувам, дека најпосле и во тоа ќе успееме: за Источна М[акедо]нија преку Бугарија, за западна – новиот канал. Тактично и енергично прашање и ете нè готови по неколку месеци. Принцот (Албанија)[389] ми вели, дека тој ќе навлезе заедно со нас во Битола и понатаму. Мене сè ми се чини, дека ветерот го вее, но ако работата се сврши со капели, и на тоа берикет версин – ќе кажеме.

Многу здравје на сите пријатели.

Те прегрнува твојот

*Хубост*

П.С. Пиши ми побрзо. Човекот за Дурацо да биде таму (во Дурацо) *најкасно* по 15 дена.

Кој од офицерите освен Јанков, Николов, Саев и Стојанов уште се подвизуваат?

Симеон и Робев држат сказки во Женева. Бидејќи се отсутни од тука, редакцијата треба да се затвори, дали му пишуваше на Љапов да дојде овде. Сега и тој е тука. Гилзите во Виена ќе се предадат на Манјакот.

*Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 183-184.

[389] Веројатно се однесува на Кастриоти, чие име се среќава и во други материјали кога станува збор за отворање на канал на ТМОРО преку Албанија.

## Документ бр. 92

### Писмо од Задграничното претставништво до ЦК на ТМОРО

**Тешко може да се сфати суштинското мнение на бугарската влада во врска со македонското револуционерно движење.**

Софија, 7 октомври 1902 г.

За Света Гора од Висока, 7. X. 902

Вашите писма од втори и четврти овој месец се добиени.

Да се дознае суштинското мнение на владата по нашето прашање не може поинаку, освен на истиот начин, т.е. со посредство и преку заобиколување. Немојте да си претпоставувате, дека Данев[390] или било кој ќе ги отвори своите карти пред било кој наш пратеник. Тоа што ви го пишувавме завчера како кажано од страна на Радев[391] е фатено строго стенографски од Христо Станишев. Испраќањето на специјален пратеник при Данев едвај ќе ни го даде баранкот резултат, ако се имаат предвид признаците, дека владата малку сака да знае за Внатрешната организација и за нејзините претставници овде.

Правилници и расписки ќе ви испратиме веднаш штом ќе се добијат од Ќустендил. За Дечев ви одговоривме како да постапите. За Егзархијата ви пишував да ѝ ги потегнете ушите врз основа на она, што вие ни го пишувавте, ќе ѝ опростите. Не можам да се сетам за какво собрание зборувате во кое Христо давал некакви ветувања. Ако знаете, пишете подробности за обесувањето на Танчо во Рибница. Нашите во Лешко (Џумајско), најпосле имале судир со врховистите од кои паднале неколку момчиња, а од нашите ниту еден. Но, после тоа нашите требало да се расправаат со турскиот аскер, па паднале две наши момчиња. Изгледа, дека чета на Давидов срećно ја минала границата. Вчера овде имаше огромен митинг. Оратор, Михајловски. Резолуција: да не се слушаат оние, кои го одрекуваат очигледното востание во Македонија, туку да се поткрепи и засили. Последен обид за спогодување.[392]

*ДАРМ*, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 29; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 49.

---

[390] Стојан Данев, бугарски премиер.

[391] Александар Радев, тогашен министер за правосудство.

[392] Станува збор за обидите за помирување помеѓу двата врховни комитети.

## Документ бр. 93

### Писмо од Задграничното претставништво до ЦК на ТМОРО

**Различни проценки помеѓу ЦК и ЗП за успехот на врховистичкото востание; доколку „генералското“ востание се пролонгира преку зимата, ТМОРО треба здраво да мисли за востание на пролет.**

Софија, 12 октомври 1902

12. X. 1902, од Висока за Света Гора

Пишувате дека ќе испратите два бели листа, само потпечатени, за да се напишат врз нив полномоштвата за Герџикот и Павлов. Одговорете дали ги испративте. Ако ги испративте, сетете се кога и на која адреса, бидејќи две писма (една пратка од архивата), испратени на адреса Данаил Крапчев се фатени од Комитетот (противничкиот). Ако пишувате на негово име, пишете бездруго на адреса „во Вишето училиште“. Никој не ви рекол (да пишувате) поинаку.

Ја добивме сета архива испратена до сега. Во своето последно писмо искажувате извесно стравување за засилување на востанието. Значи си ги заменивме улогите: кога ние бевме вовлечени во распрснатата шашарма овде, вие изгледавте многу спокојни; а сега кога ние речиси се успокоивме, бидејќи гледаме дека секој ден се враќаат оние, кои до пред малку навлегуваа со големи чети, вие се обезпокојувате. Како и да е, меѓутоа треба да се следи вистинската положба на нештата и ако генералите го пролонгираат движењето преку зимата, тогаш ќе треба здраво да му мислиме за пролетта. Но за да си обезбедиме подобар успех, треба да внесеме колку што може повеќе оружје.

Најдоцна денес го очекуваме вашиот одговор за пренесување оружје преку Албанија. Зошто не одговоривте?

*Пандойулов*

ДАРМ, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 30; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 50.

## Документ бр. 94

### Писмо од Борис Сарафов до Гоце Делчев

**Каналот преку Албанија; обезбеден експлозив кој се активира со електричен детонатор од далечина и многу е погоден за дигање на возови во воздух.**

Париз, 15/28 октомври 1902 г.

Драги Гоце,

Кастриоти тврди со сигурност, дека луѓето, кои ќе се занимаваат со манипулација на стоката се чесни и стојат на дадениот збор. Но, и покрај тоа, неопходно ќе биде стоката да се конвоира и од наши луѓе зашто пустиот материјал е примамлив за нашите услужници, па да не ја погазат својата беса пред тоа искушение.

Јас добро ја сфаќам сета сериозност на прашањето, кое го поврзувам со својот живот, и од кое зависи судбината на цел еден крај, па ќе се погрижам да направам сè што е возможно за да се осигури успехот на нашето преземање.

Направивме проба со Мањаштвото. Јас го одобрив компромираниот (згуснатиот), а не оној, кој што е во зрна и со кој вие таму сте правеле обиди. Но бидејќи доцна го добивме твоето писмо, само половина од материјалот е во згусната форма, а другата половина е иста како испратената и фатената.

Вие таму ќе ги направите сите проби, кои што ние тука ги направивме. Мојот заклучок е, дека ако успееме да ги употребиме овие материјали, како што треба, [тие] ќе го дадат целиот ефект на најквалитетен материјал. Нема сомнение, дека ако Мањаштвото беше помалку лаком, за истите пари ќе имавме двојно посилен материјал. Она што најмногу ме зарадува при обидите, беше успешното активирање на експлозивот преку електричен детонатор. Замисли си, од 500 метри далечина го притискаме копчето и експлозивот се активира моментално. Многу добра операција за дигање на возови во воздух.

Сега за патувањето на Карата.[393] Кога ќе стигне во Берлин, нека отиде при студентот по медицина Страшимир Дочков[394] (Сту-

[393] Тома Карајовов.

[394] Страшимир Дочков (1873, Цариград–1936, Пловдив). Завршил гимназија во Солун, а медицина во Берлин (1905). Работел како лекар во Битола, Одрин, Цариград и други места. Во 1908 станал член на Одринскиот окружен комитет.

дент медицина „Готештрасе“ 37 – 38 I С. Ф. Л. Шарлотенбург, В. Е. И. Берлин). Ако не го најде на оваа адреса, нека отиде во универзитетот и да праша; таму ќе му кажат каде се преместил. Кај истиот студент ќе отидам и јас на 23 ст. стил или на 24 вечерта, значи среда 23 или четврток 24 октомври. Би сакал веднаш да заминам за Берлин, но на 22 во вторник овде доаѓа еден Албанец во врска со каналот и тоа ме запира. Најпосле два дена порано или покасно е ништо. Томата заедно со Дочков нека отидат при Ѓорга, фабрикантот и да му кажат, дека *согласно искажаната желба од него во писмото до Кучбах, кој сега живее во Букурешт, да ме види, јас пристигам во среда или четврток во Берлин со единствена намера да позборувам со него*. Апсолутно ништо друго да не презема Томата. Сакам да верувам, дека нема да се посрамиме и ќе средиме сѐ, како што треба. Ајде нека е аирлија!

Имам уште некоја друга пара, но ако ги свршам, те молам, пиши му на Томата да држи на мое располагање 300–400 лева.

Што имаш да ми пишуваш во Берлин, пиши ми на адресата на Дочков. Гледај адресата да ја пишуваш без грешки, бидејќи многу е сложено.

Генералската ѓурултија[395] многу ми попречи во однос на наоѓањето средства. Сите луѓе изгубија вера во сѐ, по оваа авантура. Пак ќе се обидам, но не верувам. Норман се наоѓа на лекување во Монтро (Швајцарија).

Со братски поздрав до сите другари.

Твој,
*Борис*

*Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 186-187.

[395] Се однесува на т.н. Горноџумајското врховистичко востание.

## Документ бр. 95

### ПИСМО ОД БИТОЛСКИОТ РЕВОЛУЦИОНЕРЕН ОКРУГ ДО АНАСТАС ЈАНКОВ.

**Предупредување до Јанков да се потчини на Организацијата, или да го напушти регионот.**

16 октомври 1902 г.

Управа на II Организ[циски] округ
№. 503, 16 окт[омври] 1902 г.

Господин Јанков,

Од твоето доаѓање во нашиот округ ние имавме можност да ти испратиме три писма како одговор, на кои што за жал добивме само едно. На третото писмо, со кое од овде ти го предлагавме сето тоа што е најскапо да го направиш за делото, т.е. да се разбереме за твојата бедна дејност, се гледа, дека ти, не си обрнал ни најмало внимание. Слушај, ако си работник на тоа свето дело, за кое гинат и ќе треба да гинат толку млади сили, ти ќе треба да го сториш она, што ние ќе ти го предложиме и кое што ние го вадиме од длабочината на своето срце. Нема потреба да ти наведуваме факти за историјата за ослободувањето на робот, веруваме дека ти тоа добро го знаеш и не бидувај причина да се внесуваат оние грозни меѓусебни недоразбирања, кои што покосиле и покосуваат толку народи. Спомнавме недоразбирања и подвлекуваме, бидејќи тоа веќе е создадено. Тоа е создадено надвор во Бугарија и ти, повлијаен од тоа, се гледа, го внесуваш овде, за да немаме ниту момент спокојство во работата, а што се однесува за другото спокојство, ние сме се опростиле од него уште кога сме влегле во редовите на скромните борци. Ти треба да престанеш да ја разигруваш таа улога што ја играш. Веруваме, дека ти веќе си се уверил, оти ние немаме и не сме имале ништо против тебе, но ти не престануваш да сееш раздор кој што е сосипувачки за делото и кој што ќе му нанесе смртоносен удар и така ќе го врати сето тоа, што е направено од нашите скромни работници кои гнијат во црната земја и од оние несреќници, на кои уште им се слушаат офкањата од затворите. Ти му пакостиш на делото бидејќи зборуваш неубави работи по селата за оние, кои во текот на толку години ја делеле тагата и радоста со тој народ, со кој што ти сакаш да работиш; ти ги нарекуваш изедници оние, кои што се откажале од сè свое, па дури и од својот живот; ти ги растројуваш

селата грижејќи се да ја земеш онаа власт, која што само времето и твојата искрена, а не егоистичка преданост кон народот, може и да ти ја дадат; ти ги заплашуваш со смрт комисиите по селата кои што би дале прием на оние со кои што работеле до сега; ти пред да се разбереш со центарот, кој е во тек со работите, си го предрешил прашањето за твојата бедна дејност при што отворено си изјавил, дека ја сакаш смртта на видни работници по делото во Костурско и на други места, па дури и на твои луѓе, кои не се согласни со твоите грешки.

Господин Јанков, по решението овде, решение земено не од коцкари и кокошкари, како што ги нарекуваш ти, решение кое зрело се обмисли од луѓе во кои влегуваат и лично тебе познати, ние ти го предлагаме следното кое што ти треба да го прифатиш: или треба да се слееш со внатрешните работници и да работиш солидарно како војвода на чета во почетокот, а потоа, ако заслужиш, како инспектор на нашите чети, кои засега се околу 15, или во спротивен случај да си заминеш од каде што си дошол. Се надеваме, дека ќе нè послушаш и дека ќе нè ослободиш од тешкотиите за во иднина, затоа чекаме одговор во рок од 10 дена. Ако тоа не го сториш во тоа време, тогаш знај, дека ние ќе бидеме убедени дека ти не сакаш да послушаш едно тело, кое искрено сака да се изгладат недоразбирањата што изникнале во нашето ослободително дело. Знај дека тој кој што совесно внесува недоразбирања во делото, па ако сака нека биде и од највидните работници, прави голем грев пред името на загинатите борци и пред неослободените робови на нашата земја.

*Од Управата*

[Печат: „Македонски револуционерен комитет“]

*Објавено*: От София до Костур. Спомени. Полковник Анастас Янков..., стр. 162-163.

## Документ бр. 96

### Писмо од А. Јанков до Управата на Битолскиот револуционерен округ

**Јанков одбива да се потчини на ТМОРО, а луѓето на Организацијата ги нарекува „коцкари“ и „кокошкари“, кои му попречиле да крене востание.**

20. X. 1902 г. с. Рулја, Костурско

До Управа на II округ

Непознати за мене господа,

Вашето послание од 16 овој [месец] под №. 503 го добив. Ви јавувам, дека јас не го внесов овде партизанство од Бугарија, туку го внесовте и го внесувате Вие, бидејќи сте гајда, која што ја дуваат разни господиновци од Софија и за срам ги прифаќате сите, дури и гадните личности што тие Ви ги препорачуваат за началници и војводи овде, кога од луѓе што се хранат по народните кујни и скитници во слободна Бугарија, Вие овде ги произведувате во офицери и со нив го лажете несреќниот Македонец, дека со такви некадарни личности ќе го водите на бојното поле. Дрско лаже вашиот овдешен Равашол (Чекаларов), кој ве информира, дека јас сум бил против Вас и делото и дека овде сум сакал да убивам комисии и видни работници. Ако го сакав тоа, јас ќе го направев во Статиската гора, каде што вашиот јунак Равашол попадна во моите раце со целата чета. Не, Јанков уште не си ги извалкал рацете со невина македонска крв, како што прави Вашиот Равашол по Ваша заповед. Тоа да го знаете добро. Што се однесува до Вашиот прекар коцкари, тоа име го спечаливте, а како доказ служи Вашиот повик од 10 с[ептември]. Откако го обравте и соголивте невиниот Македонец и кога лажете, дека со земените пари од него подготвувате фабрика за бомби, динамит и пушки, излеговте и му кажавте, дека не можете да правите востание бидејќи ги немате горните предмети, а тогаш народот Ве праша каде се нашите пари, и ете го Вашето историско име коцкари, бидејќи само тие така ги лажат народите.

За кокошкари, исто така го спечаливте бидејќи Вашиот Равашол само кокошки јаде по селата, но не сака да се бие со Турците, а исто така и Вие се исплашивте да дојдете да се сретнеме и да се разбереме. Тоа не го прават револуционери, туку кокошкари, тогаш зошто се лутите?

Ве известувам, дека Костурско е уништено од глупостите на Равашол, тој вулгарен братоубиец на невини мажи и жени. Потрудете се еден од Вас и обиколете ги селата, од самиот народ ќе дознаете сè што извршил Чекаларов. Тој човек во секое село со тепање создал отпадници кои што бегаат од него. Ве уверувам, ако ја оставите овде оваа мизерна личност дека меѓу него и народот ќе станат многу несакани случки, ако сакате верувајте.

Ви благодарам за предлогот. Знајте дека јас не сум како Кољо Мокрешки и Папанчев,[396] па да војводствувам како нив и да одам да го тепам народот, да му вадам на невиниот Македонец револвери и да мушкам со штикови невини мажи и жени, како што тие направиле во с. Желина и на друго место.

Еден совет! Дали сакате делото да оди добро! Престанете да го тероризирате тој несреќен народ, прекинете со насилното обирање на пари и со убиства и оставете им на селските комисии сами да купуваат оружје бидејќи, ако Вие не им ги земавте парите, до сега народот ќе беше вооружен. Од собраните пари до сега снабдете го народот со пушки за да продолжи да Ви се доверува и немојте да си мислите, дека ако работите за светото ослободително дело Вие сте непогрешливи како папите, па кај другите ја гледате сламката во окото, а не ги гледате гредите во Вашето око.

Два збора за затворениците. Тие несреќници ми се оплакуваат, дека од Вас не ги добиваат собраните пари за нив и дека гладуваат. Тие со нетрпение очекуваа востание за да се ослободат, затоа добив поздрави од нив. За во иднина нека Ве проколнуваат Вас, бидејќи не го допуштивте востанието тогаш, кога на другите места народот е во планините и се бие со душманот.

Четворицата убијци што по Ваша заповед беа испратени во с. Черновиште не успеаја [да го натераат] народот да допушти да се изврши такво подло дело. Сега чекаат соединети чети, кои што ќе ги испраќате да му убиваат. Побрзајте додека не дошла зимата. Несреќници, така ли правеа Љубен Каравелов, Левски и Ботев, кои што ја ослободија Бугарија.

Напред, пијте невина македонска крв, народот ќе ви изгради споменици.

Полковник *Јанков*

*Објавено*: От София до Костур. Спомени. Полковник Анастас Янков..., стр. 162-163.

[396] Ѓорѓи Папанчев (1872, Сливен–1903, с. Баница, Леринско), потпоручник, костурски и леринско војвода (1902–1903), учесник на Смилевскиот конгрес (1903).

## Документ бр. 97

### Писмо од Христо Чернопеев и Крсто Асенов до Задграничното претставништво

**Состојбата во Струмичко е драматична; ЦК на ТМОРО веднаш да прогласи востание.**

Малешевско, 20 ноември 1902 г.

За браќата во Висока, писмо од Христо и Крсто. Пишувано на дваесетти ноември, втора година.

Браќа, не знам дали имате точни сведенија за положбата овде. Денес тукуречи сѐ е свршено. Во Струмичкиот реон речиси половината од оружјето е прибрано, околу сто души работници се затворени, другите побегнати скитат и не знаат што да прават. Каналот е отворен и продолжува до кај границата. Населението е потресено и скита по горите. Не може повеќе да се чека. Организацијата, како што гледате, совршено се распаѓа. Оружјето, кое со толку труд и жртви е внесувано, денес го предаваат како жени. Ние посакавме во Света Гора да го прогласат востанието и чекаме одговор, но не знаеме дали ќе можеме да го дочекаме, затоа најбрзо испраќајте оружје, резерви и луѓе. Нема што – изгледа, таква била, судбината на Организацијата. Впрочем, да живее револуцијата.

Со братски поздрав
*Христо Чернопеев и Крсто.*

Динамит, по можност и бомби, испратете во големо количество.

*Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 103.

## Документ бр. 98

### Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

**ЦК инсистира за помирување со ВМОК; положбата во Воденско е сложена; тековни прашања.**

Солун, 26 ноември 1902 г.

Втора година, дваесет и шести ноември, Света Гора за Висока.

Вашето писмо од дваесет и втори овој месец го добивме. Тоа нè поуспокои, но не нè смири, бидејќи изгледа, дека се е матеница. Нејсе. Продолжете, направете ги сите постапки до минимум, но брзо завршете, помирувањето ќе го спаси делото од пропаѓање. Но, кога човек го чита органот на генералите, не може да разбере како тие луѓе ќе се помират, а притоа ја напаѓаат Внатрешната организација, бидејќи им ја попречила авантурата. Како ги изврќуваат фактите за Воденско и Костурско, како ги пресретнале. Нека послужи барањето на с'борчани кое ви го испратив во оригинал пишувано на грчки од него.

Пративме подробен препис по пошта преку Кожухаров,[397] инсистирајте да го препечатат. Од Лефтер[398] одговор немаме и се плашат да не е арестуван, бидејќи во Прилеп имало афера за еден коњ фатен со алишта за четата. Одговор од другите реони за помирувањето немаме, но сите го посакуваат од сè срце, но при посочените услови од вас, а некаде едноставно велат да стане помирување, та подобро ќе тргнеме.

За односниот печат од Битолско ни соопштуваат, дека тој зел и надзел повеќе пари, отколку што му чинеле стварите. Четата во Воденско е растурена. Шаламанов е во нашиот град и се трудиме да го испратиме со тескере или по канал. Тука се и раководителите со нивните објаснувања. Реонот е многу опаднат. Таму сега е отцепен Грков со 4 момчиња со препорачаниот од Пандо Пано Паловнасо од Острово. Другите 4 момчиња на чело со Лазо ја образуваат нашата чета. Го испративме Аргир, но дали ќе се направи нешто не знаеме. Таму се случило убиството на Аргир Јанчев, кое покрена голема бура и покрај сето одрекување на раководителите и Шаламанов, дека

[397] Кожухаров, псевдоним за Александар (Сандо) Китанов.

[398] Лефтер, псевдоним за Пере Тошев.

немало големо влијание врз реонот. Сепак изгледа крушата има опашка. Од Вирово нема известување и не знаеме што се случува.

Ви испраќам сметка до 22 овој месец, а исто на адреса Данаил Глигоров 17 расписки. Штом ќе ја добиете сметката, пишете ни во писмото: добивме сметка №. со толку приходи и расходи и моменталната состојба. Сметките и расписките треба да се чуваат добро. Сметката што ја добивте преку летото, вратете ја, бидејќи ја има во сегашната архива. На адреса на Борис ја праќаме мислата за динамит. Беше за орцевите науки,[399] но не најде никаков материјал. Во секој случај тие се надеваат наскоро да добијат.

Пишува,
*Давид*

*ДАРМ*, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 33; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 51-52.

[399] Станува збор за обезбедување на динамит за потребите на гемиџиите.

## Документ бр. 99

### Писмо од Лазар Киселинчев до Гоце Делчев

**Јанков е во Атина; можности за спогодба со Македонците во Атина во интерес на македонското ослободително дело.**

Атина, 28 ноември 1902 г.

Од Атина за Софија, до г. Ахил

Вашето последно писмо кое го добивме уште во затворот беше од 9 септември. За жал поради една грешка не можевме да го прочитаме. Еднаш кога нè претресоа во затворот ни го најде прокуророт. Писмата беа исчезнати и никако не разбраа што криеме. Бидејќи од тогаш не ни пишувавте постојано, мислиме, дека веќе не сте таму. Затоа двете последни писма ги испратив до Силјанов. Завчера овде дојде Палчев и тој ни кажа, дека уште сте таму.

Засега од тука нема ништо посебно да ви пишувам. Кога излеговме од затвор, пак започнавме да го уредуваме овдешното настојателство. Токму кога веќе дојдовме до една согласност, ни пристигна и *славниот полковник Јанков* и кога почна да расправа и да [...][400] внатрешните воопшто, нашите овдешни Македонци толку се изладија, така што за да се поправи тоа ќе треба долго време. Јанковото доаѓање, освен што нè размеша нас тука во однос на расположението, не направи друго добро. Грците и особено печатот веќе започнаа... да молчат, а тој се помачи да се спогоди со некои од нив. Така да се рече, дека Јанковото доаѓање овде направи добар впечаток меѓу видните Грци – Македонци. Особено Геројани (потполковник од грчката армија) од Солунско и брат му (доктор медицински) и уште некои други зборуваа со Јанков по однос на Организацијата и избувнувањето на едно сенародно востание. Геројани дојде до следниот заклучок: *да се одложи востанието за 3–4 години,* за да се стаса до спогодба меѓу раководителите на македонското дело и Македонците што живеат во Атина за да може подробно да ја разберат целта на македонските комитети. Според мене со овдешните Македонци треба да се постигне едена спогодба. Многу тешко ќе биде друг човек да купи, ако тој не е Грк. Затоа се надевам во таа спогодба. И доколку не ни помогнат со ништо, барем нема да ни пречат.

---

[400] Нечитлив збор.

Стамати Папалазару, овде адвокат (од с. Габреш, Костурско) од пред две години наваму го имаме како претседател на овдешната Комисија. Ми велеше, дека и тој може да се спогоди со сите овдешни Македонци, но за да има поголемо значење и за да постигне подобар резултат од таму да се испрати специјално официјален пратеник, кој треба добро да е запознаен со работите и најглавно да е ***Македонец***. Што се однесува за г. Папалазару од сега може да го приготвува духот (од сега) за една слична спогодба, а пак за рокот, како што сака г. Геројани, тоа е лесна работа.

Молам, ако сакате да ни одговорите побрзо по прашањето дали треба да имаме односи со тие луѓе или не, на каков начин да им се зборува и што да се бара и дали има надеж за испраќање на специјален пратеник? Потоа за уредувањето на тукашната комисија нема да се надеваме многу. Од сега се гледа што ќе излезе.

Ве молиме пратете ни малку бугарски весници. Адреса за испраќање: Д. Узунов, ул. „Пандросу" 47 и Лазо Киселинди, „Валтциу" 15. Писмата до Анд. Стефану, улица „Солому" 35. Писмата сега може да ги пишувате со отворено мастило.



Лазар Киселинчев

На Коста Калканциев од овде му дадовме мои пари (25) драхми. Тој не остави никаква расписка, а освен тоа зел и други 20 драхми од еден десетар заеднички пари, ни за нив не оставил рас-

писка. А сега не може да ги оправда. За 20 драхми треба да испрати расписка, а другите 25 како мои земете ги и нека се сметаат како една претплата за „В[ечерна] пошата“ за мене. Узунов сака да се запише за в. „Право“.

Од Костурско има неколку новини, но уште не се знае вистината. Утре – други ден, чекаме да пристигнат патници од таму. Ќе ја дознаеме вистината и ќе ви пишувам. Пак се говори, дека сега набрзо имало судир на чети со турската војска кај с. Смрдеш. Не знаеме која чета. На 6 овој месец биле нападнати трите Јанкови чети. Едната во Бобишта била сосема уништена, подвојводата Гајков[401] убиен [...][402] 3 селани, една жена и 3 најдобри куќи изгорени. Јанковистите тоа го препишуваат на предавство наводно од Манол Розов.[403] За ова лице јас никогаш не верувам да стори предавство. Кога се враќаше од проведението Јанков беше нападнат во Четирок. Исто и некој друг во Трсје.

Четата на Никола Андреев[404] беше предадена од игуменот на Чуриловскиот манастир. Подробности не знам. Заедно со Јанков овде пристигнаа и неколку нивни четници од кои си ја најдовме бељата и најпосле на сите им отпуштивме по 35 драхми околу 5 дена, иако нашата каса е празна.

За кореспонденцијата за Костурско и од [таму] е лесно, засега немаме канал само за весници. Денес ќе пишувам внатре за да распоредат курири од таму.

Бидејќи немам што друго да ви пишувам, останете со поздрав ваш *Лазо Киселинчев*, ноември, 28. XI. 902.

Кај Смрдеш немало никаков судир.

*Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 193-194.

---

[401] Петар Гајков, подофицер од бугарската армија, врховистички војвода во Костурско.

[402] Нечитлив збор.

[403] Манол Розов, (1878, с. Бобиште, Костурско–1903. врв „Сокле“, Нице), учител и раководител на ТМОРО во Костурско, член на Костурското горско началство во Илинденското востание.

[404] Никола Андреев (1879, с. Мокрени, Костурско–1911 с. Мокрени, Костурско), костурски војвода, учесник при ослободувањето на Невеска и Клисура (1903).

## Документ бр. 100

### Писмо од ЦК на ТМОРО до Задграничното претставништво

**Положбата во Струмичко; да се направат отстапки за помирување со врховистите; продолжувањето на борбата со врховистите ја истоштува Организацијата и го расипува населението; да се забрзаат подготовките за востание на пролет; Делчев да ги уреди односите со гемиџиите бидејќи трпението кон нив е на граница.**

Солун, 29 ноември 1902 г.

Од Света Гора за Висока, дваесет и деветти ноември, втора година.

Денес ви го испраќаме ова на адреса „Шипка“, две, Борис, Данаил и Кирил.[405] Од писмото од Вирово [...] ќе видите, дека движење во Струмичко нема да биде. Селани од Муртино, Моноспитово, Робово и Ново Село веќе пристигнаа во нашиот град и утре ќе им направиме барања до валијата. Измачувањата биле очајно во Бориево, Ново Село и Моноспитово. Извадете белешки од двете вировски писма и објавете ги. По два дена ќе ви испратиме подробни сведенија за останатите во Вировско.

Вашето последно писмо кое со нетрпение го чекавме го добивме, но пропаднаа сите наши надежи. Толку ли се несрдечни луѓето, па и пред несреќите на измачениот роб не ја заборавaат својата амбиција, а својот егоизам го држат повисоко од крвта и насилството на населението, врз чиј што грб тие сакаат да печалат слава. Ние сме на мнение, дека борба одново ќе нè истошти и ќе ги внесе нашите најдобри сили во затвор, а населението ќе го расипеме до коски и тоа ќе вика аман и од вас, и од генералите.[406] И едните и другите ќе почне да ги предава на властите. Енергија и дух веќе не остана кај населението и греота е да го казнуваме. Ако уште е возможно да се направат повеќе отстапки од наша страна, нека се направат, доволно да не дојдеме до самоистребување. Ако пак егоизмот на генералите не отстапува пред ништо, тогаш побрзо да си ги расчистиме сметките со нив и да ги скршиме во Бугарија и овде.

---

[405] Се однесува за Борис Мончев, Данаил Крапчев и Кирил Прличев.

[406] Се однесува на врховистите.

Ние многу држиме до публикацијата на протоколот, кој ќе го направат професорите. Ќе треба да се распоредат сите наши горски сили и уште од сега да навлезат во земјата, да се стокми побрзо динамит и повеќе пушки, та напролет, дај боже здравје, да си ја испробаме среќата. Во секој случај ќе треба на долго да се разбереме за сите прашања. Ахил да се разбере со Мечева[407] за неговите другари, зашто по наше сведение овдешните анархисти со посредникот Вано Манолев кокетираат со генералите. Тие веќе лошо зборуваат по адреса на Организацијата, ние само набљудуваме. Можеби набрзо ќе се решиме на крајности, бидејќи тоа ги охрабрува лагадинските врховисти и тие испраќаат курир до Карасулијата,[408] за да дојде во Лагадин и да им ги предаде селата. На ова прашање чекаме побрзо одговор.

Пишува,
*Давид*

ДАРМ, ф. Гоце Делчев, мф. 4263, писмо бр. 34; *Објавено*: Из архивата на Гоце Делчев..., стр. 52-53.

---

[407] Димитар Мечев – Мечето (1870, Велес–1903, Солун), анархист, гемиџија, учесник во Солунските атентати 1903 година.

[408] Иван Карасулијата.

## Документ бр. 101

### Окружно №. 111 на ВМОК на Христо Станишев

**Предлог реформи за Македонија претставени на рускиот министер за надворешни работи грофот Ламсдорф; претставени од Задграничното претставништво на ТМОРО, од претставници на ВМОК и македоно–одринската емиграција.**

Софија, 20 декември 1902 г.

Пристигањето во Софија на грофот Ламсдорф,[409] руски министер за надворешни работи, му беше познато на Комитетот неколку време пред тоа. Сфаќајќи ја важноста и политичко значење на неговото патување, Комитетот своевремно презеде соодветни мерки за да може да му ги претстави. Веројатно Вие од весниците веќе сте дознале дека на 15 м[инатиот] м[есец] околу ручек Комитетот имаше чест да биде претставен преку својот претседател и потпретседател пред грофот Ламсдорф во руското конзулство во присуство на министер претседателот г-н Данев[410] и на рускиот дипломатски агент г-н Бахматиев.[411] Меѓутоа, сведенијата кои што недостасуваат во весниците, Комитетот смета за своја должност да ги сподели со господата членови на друштвата.

Освен претставниците на Комитетот, пред грофот Ламсдорф во исто време беа претставени уште две групи – секоја поодделно: господата д-р Милетич и д-р Георгов како претставници на софиската македоно–одринска емиграција и господата д-р Хр. Татарчев и Хр. Матов како претставници на Внатрешната организација.

Комитетот, бидејќи денес се воздржува да ги соопшти подробностите од разговорот со рускиот министер за надворешни работи, со радост може да изјави, дека општите впечатоци од тој разговор

[409] Владимир Николаевич Ламсдорф (1845–1907), руски министер за надворешни работи (1901–1906). По Горноџумајското востание 1902 година во врска со македонското прашање ги посетил Виена, Белград и Софија. Мисијата на Ламсдорф претставува дипломатска подготовка на Февруарските (Падарски) реформи со кои требало да се превенира ескалацијата на македонското револуционерно движење. За време на престојот во Софија (13–15 XI 1902), Ламсдорф покрај официјалните средби со претставници на бугарската влада, исто така се сретнал со задграничните претставници на ТМОРО, како и со претставници на двата врховни комитети. Притоа од име на претставниците на македонското революционерно движење му бил предаден предметниот проект за реформи во Македонија.

[410] Стојан Данев, тогашен бугарски премиер.

[411] Јуриј Бахматиев, дипломатски претставник на Русија во Бугарија.

даваат голема надеж, дека нашето дело тргнало по патот на еден благопријатен развој.

Комитетот при средбата со грофот Ламсдорф си постави за цел да му ја објасни жалната и неподнослива положба на нашите браќа во Турско – положба, од која произлегуваат сите беди и нереди, и да му ги претставиме барањата од кои зависи смирувањето на земјата.

Ете ги тие барања:

А

I. Од денешниот Солунски, Битолски и Скопски вилает да се образува една област со седиште во Солун.

Пограничната линија на таа област ќе започнува од српската граница на северозапад од Врање, ќе оди по северозападните граници на казите Прешевска, Кумановска и преку врвот Љуботен по билото на Шар Планина ќе достигне до Кораб, највисок врв на Дешат Планина, од каде ќе тргне по потокот Велештица, на кој се наоѓа големото с. Радомир, до вливот на тој поток во Црн Дрим. Од таму ќе оди по последната река и спроти Дебар ќе се оддели по западните граници на Охридската каза до местото, каде таа каза ја пресекува р. Девол, по која ќе оди до врвот Грамос. Од таму до јужните граници на Костурската, Кајларската и Караферијската каза до каде што границата на последната каза ја пресекува р. Бистрица и по неа до Белото Море. Од таму по брегот на Белото Море до устието на реката Места, а од таму по неа до притоката, на која се наоѓа с. Радибожд и по овој приток до бугарската граница, од каде понатаму ќе се совпаѓа со границите на Бугарското кнежество и Српското кралство.

II. На таа област за главен управник со согласност на Силите да се назначи еден христијанин, кој што немал никакви врски со турската администрација.

III. Главниот управник да ја управува областа со помош на едно Обласно собрание, кое ќе се избира непосредно од самото население при строго набљудување на правата на малцинствата и да ги решава сите прашања за внатрешната уредба на областа во административен и финансиски однос.

Сите обласни чиновници да се назначуваат од главниот управник.

IV. За одржување на редот и мирот во областа да се организира една обласна милиција, заснована врз начелата на регрутниот систем и непосредно потчинета на главниот управник.

V. Јазикот на главните народности во областа да биде официјален еднакво со турскиот во сите обласни институции, при што

на административната единица да ѝ се остави правото да избере еден од тие јазици за своите официјални односи.

VI. Да се даде општа и полна амнестија на сите политички престапници, осудени или не, како и на сите месни жители осомничени за неблагонадежност, кои се надвор од својата родина.

VII. Овие реформи да се воведат од една европска комисија во содејство со меѓународна воена сила под странска контрола.

Б

VIII. Слични реформи да се воведат и во Одринскиот вилает, кој ќе образува одделна област.

Како што гледате, претставените барања овој пат не се исти, со оние што беа изработени во 1896 година. При преработувањето на овие барања Комитетот се раководеше од следниве две околности:

1) да ги претстави во пократка форма и 2) да бара некои суштествени нешта, пропуштени во првиот проект; бидејќи дадените жртви од 1896 година па до сега и особено идната опасност што ја претставува нашата кауза за мирот, ни дава право да ги зголемиме нашите претензии. За исполнување на првата околност, Комитетот, иако во основа го усвои проектот од 1896 година, ги собра суштинските и еднородни нешта во помалку параграфи; а некои сосема ги изостави, бидејќи тие произлегуваат како неопходни последици од првите. По тој основ се испуштени § 4, 7, 9 и 10 од стариот проект. За исполнување пак на втората околност, Комитетот ја сведе власта на султанот врз областа само во однос на назначувањето на главниот управник – се разбира во согласност со државите. По таа причина главниот управник и Обласното собрание стануваат влијателни фактори: сите чиновници без исклучок се назначуват од првиот, а второто ги разрешува сите прашања од административен и финансиски карактер (§ III). Освен тоа, Комитетот, наоѓа за умесно да ја намали границата откај Корчанската каза, која е населена со Арнаути.

Претседател: *Хр. Станишев*
Секретар: *А. п. Стојанов* [412]

*Објавено*: Документи и материали за историята на българския народ, София 1969, 302-304; Македония. Сборник от документи и материали..., стр. 440-442.

[412] Антон Поп Стојанов (1873, с. Стојаково, Гевгелиско–1903, Готен, Малешевско). Секретар на ВМОК на Х. Станишев, четник во четата на Христо Чернопеев.

## Документ бр. 102

### Протокол на Солунскиот конгрес 1903 година

**Одлука за востание во Македонија и Одринско во 1903 година.**

Солун, 4 јануари 1903 г.

Централниот македоно-одрински комитет, откако ја зеде предвид положбата во земјата, исклучителните услови во кои се најде Организацијата по прогласувањето на Џумајско–петричкото востание од Врховниот македонски комитет, кога се сообрази со тоа дека на Организацијата ѝ се заканува опасност од нови обиди за востание, опустошувања и деморализирање на нови реони; кога ја зеде предвид искажаната желба од некои реони за едно општо советување и, најпосле, кога го зеде предвид расположението и интересите на европската дипломатија кон нашето народно дело, реши да свика конгрес од претставници на окружните и поважните околиски реони за разгледување на сето тоа. На Конгресот присуствуваа: членовите на Централниот комитет: Иван Гарванов, Спас Мартинов[413] и Димитар Мирчев, двајца скоро ослободени и заслужни дејци на народното дело – Христо Коцев[414] и Тодор Лазаров,[415] и претставници од дванаесет реони: од Цариградскиот Никола Петров,[416] од Одринскиот Велко Думев,[417] од Серскиот Лазар Димитров, од Кукушкиот Влахов, од Солунскиот Иван Сапунаров,[418] од Гевгелискиот Хрлев,[419] од Воденскиот Димитар Занешев, од Велешкиот Пејков,[420] од

[413] Спас Мартинов (1872, Битола–1937, Софија), член на ЦК на ТМОРО (1902–1903), претседател на Одринскиот окружен револуционерен комитет (1901–1902).

[414] Христо Поп Коцев (1876, Ново Село, Штипско–1933, Варна), основач на првиот комитет на ТМОРО во Одрин (1895), учесник на Солунскиот конгрес (1903), градоначалник на Скопје (1917–1918).

[415] Тодор Лазаров (1869, Штип–1912, Софија), еден од првите членови на ТМОРО во Штип (1894), учесник на Солунскиот конгрес (1903), член на бугарските конституциони клубови.

[416] Никола Петров (? Кукуш – ?), член Цариградскиот комитет на ТМОРО, учесник на Солунскиот конгрес (1903), член на Кукушкиот комитет (1905).

[417] Велко Думев (1869, Воден–1945, Софија), учесник на Солунскиот конгрес (1896) и (1903), раководител на Одринскиот окружен комитет на ТМОРО (1902–1903), потпретседател на Конгресот на Одринскиот округ на „Петров Нива“ (1903).

[418] Иван Сапунаров (? Загоричани, Костурско – ?), претседател на Тајниот македоно-одрински кружок во Санкт Петербург (1900), член на Солунскиот окружен комитет (1902–1903), учесник на Солунскиот конгрес (1903).

[419] Никола Хрлев (1873, с. Горно Броди, Серско–1931, Софија), претседател на Тиквешкиот околиски комитет (1895), член на Гевгелискиот околиски комитет, учесник на Солунскиот конгрес (1903).

Скопскиот Ганчев,[421] од Струмичкиот Ингилизов,[422] од Битолскиот Лозанчев и од Радовишкиот Георги Варналиев.[423] Отсуствуваа поканетите претставници од Штип и Тиквеш, првиот бидејќи власта го попречила неговото идење, а вториот, бидејќи бил арестуван. При сета голема важност и значење на Конгресот, Централниот комитет не можеше да повика претставници и од другите реони поради големата будност на полицијата и можната опасност од негово откривање.

Во горниот состав Конгресот го почна заседанието на втори јануари 1903 година во девет и пол часот пред пладне, отворен од господинот Иван Гарванов, кого го избра за претседател, а за секретар се определи Димитар Мирчев.

Поради тесната врска и зависноста на сите претстојни прашања за решавање од Конгресот на прашањето за едно блиско востание, по општа желба на членовите, претседателот побара секој претставник да ја изложи состојбата на секој реон, од каде понатаму ќе се суди за прашањето за востание.

Потоа претседателот го постави на разгледување прашањето: дали треба на пролет да има востание? Сериозни и долги расправии се започнаа од страна на сите членови, се отворија и се разгледаа сите страни на прашањето. Претресувањата продолжија и другиот ден, на 3 јануари. Откако се утврди дека прашањето е наполно исцрпено, најпосле се пристапи кон гласање и сите едногласно гласаа во потврдна смисла. Тоа се случи на 3 јануари во единаесет часот и дваесет минути пред пладне, минута света и судбоносна за еден петвековен роб. Нека таа, излегувајќи од темното минато, ја осветли со среќа иднината на еден страдален народ! Тоа беше општ и срдечен клик на членовите, кои ја решаваа судбината на народот. Разгледувано е и прашањето какво треба да биде востанието, делумно или повсеместно стратешко, се реши да биде повсеместно – стратегиско. Се направи уште еден преглед на активните војводи во моментот и уште колку такви се потребни за денот на востанието, за Централ-

---

420 Тодор Пејков (? Велес –?), претседател на Велешкиот околиски комитет.

421 Димитар Ганчев (1875, Русе–1912, Бунар Хисар), член на Скопскиот окружен комитет на ТМОРО, учесник на Солунскиот конгрес (1903).

422 Иван Ингилизов (1882, с. Чифлик, Пехчевско–1944, Горноџумајско), член на Струмичкиот окружен комитет, учесник на Солунскиот конгрес (1903), пратеник од македонската парламентарна група во XXII народно собрание на Бугарија.

423 Георги Варналиев (? Велес–1919, Струмица), член на првиот комитет на ТМОРО во Кичево (1895), претседател на околискиот комитет во Радовиш (1903), учесник на Солунскиот конгрес (1903).

ниот комитет да преземе мерки за понатаму. Се постави на разгледување и прашањето за начинот на дејствување во големите градови.

Заседанието продолжи до четири и половина часот и продолжи другиот ден, 4 јануари, од четири часот попладне до пет и половина, кога се прогласи за затворено со срдечни желби.

(Потпишале): Иван Гарванов, претседател на конгресот, Спас Мартинов и Димитар Мирчев, членови на Ц[ентралниот] комитет, и членови претставници: Лазар Димитров, Тодор Пејков, Иван Сапунаров, Велко Думев, Никола Петров, Влахов, Хрлев, Д. Занешев, Лозанчев, Димитар Ганчев, Иван Ингилизов, Георги Варналиев, Тодор Лазаров, Христо Поп Коцев.

Солун, четврти јануари, илјада деветстотини и трета година.

*Објавено*: Спомени на Дамян Груев, Борис Сарафов и Иван Гарванов, Материяли за историята на македонското освободително движение, кн. V, СообЀава: Л. Милетич, София, 1927, 105-107; Л. Милетич, Конгресното решение в Солун, да стане востанието през пролетта на 1903 г., Сборник „Илинден“ 1903-1921, София, 1921, 5-6; Хр. Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония, том първи, София, 1933, 197-198; Љ. Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел..., стр. 413-415.

## Документ бр. 103

### Управата на Вториот (Битолски) револуционерен округ до реонските и центровите началници и до сите работници

**Денот за одмазда наближува; да се забрзаат подготовките за конечната победа и слободата; да се остават настрана националните расправии; европската дипломатија е заинтересирана за македонското прашање.**

Управа на II организационен округ
Град X, 9 јануари 1903
До реонските, центровите началници и сите работници

Браќа

Ние ви ги знаеме болките, зашто и ние страдаме од нив! Замислете, браќа, што сме биле пред некоја година и што сме сега! Навистина дека ние и сега тргаме маки, но сега не може да се наречеме такви робје, какви што бевме тогаш. Во секој од нас врие крвта за одмазда, за отплата на нашиот петвековен тиранин. Денот за одмазда наближува, браќа, за тоа еве што треба да правиме.

Да го запазиме оружјето, да го запазиме и она на нашите браќа, тоа да биде чисто и готово за првиот повик;

Да се трудиме да се обезбеди со оружје секој што такво нема;

Да се обучуваме во воената вештина, да ги учиме и другите;

Секој од нас да си подготви алишта, опинци и сè што е потребно за еден четник;

Да ги оставиме на страна сите расправии, кавги и др. и да правиме сè што е потребно за да тргнат нашите работи по ред;

Да го следиме и безмилосно да го казнуваме секој шпион ако се докаже дека е навистина таков;

Да се вардиме себе си од секаков морален разврат;

Да ги оставиме настрана националните прашања: Бугари, Грци, Срби, кои треба да се губат пред интересите на делото, пред интересите на слободата;

Ве известуваме дека се готвиме ние, се готват и нашите началници со сè што е потребно за тој толку чекан ден;

Целиот свет: Европејците, Русите се готват да ни помогнат, но ние самите повеќе од сите да се подготвиме за да си помогнеме.

Ние до сега извојувавме неколку победи: една над себе си, кога се разбудивме од петвековниот сон, друга над европскиот свет: влади, весници и многу учени Европејци, итри дипломати, министри на големи држави, крунисани глави на чело со рускиот цар ги заинтересиравме за нашето прашање. Сите бараат слобода за Македонија. Но без да чекаме таа слобода да ни се даде на дар, да се подготвуваме да ја извршиме последната победа. Во борбата со нашиот тиранин ќе ја извојуваме нашата слобода. Турчинот трепери иако уште не видел колку боли македонскиот куршум. Турчинот е убеден дека овој е последниот и најтежок удар што ќе му се направи овде во Европа. Но нека си оди таму во Азија, од каде и дошол!

Браќа, да се подготвуваме за борбата и машки да се бориме, кога ќе дојде времето. Сè што е наше: имотот, нашата чест и честа на нашите фамилии е погазена од тиранинот. Ништо наше свето не е поштедено од него. Ни животот наш – ни за минута не е сигурен. Што има да жалиме?

Да се подготвуваме тогаш за да умреме за нашата слобода, за слободата на нашата татковина.

*Од управата*

*Објавено*: Љубен Лапе, Одбрани текстови..., стр. 467-468.

## Документ бр. 104

### Писмо од Задграничното претставништво до Михаил Герџиков

**Покана за М. Герџиков да присуствува на средбата со делегатите на ЦК на ТМОРО во врска со решението за востание од Солунскиот конгрес; Г. Делчев заминал за Македонија.**

Софија, 12 јануари 1903 г.

Лично. Брзо. За Мих. Герџиков

Michel,

Генадиев[424] го предаде твоето телеграфско барање од 150 лева. Ти ги праќам на адреса доктор Костов.

Повикан си овде поради следниве околности. Познато ти е, дека за време на празниците во Св[ета] Гора се одржа конгрес. Завчера ги добивме решенијата на овој конгрес, кои што се однесуваат до принципиелните прашања, покренати и во овдешните собранија. Во своето пропратното писмо уште соопштуваат, дека се ополномоштени двајца делегати за усно да ги изложат и поткрепат доводите и решенијата на конгресот. Тие двајца се: Давид (Г[а]рв[анов] и Орлеански[425] – Д[уме]в. Кога го соопштуваат тоа, брзаат да ги стасаат овде другарите што се подготвуваат да заминат за да се разменат погледите. Но, Ахил веќе замина. А бидејќи ти уште си во Пловдив, одложи го својот план за два дена и откако ќе ја наредиш својата работа со другарите, веднаш тргни наваму за да се разберете со делегатите, кои најкасно во вторник пристигаат во Софија.

Чок селјам од Христо,[426] Пере[427] и другите.

Твој,

*К. Прличев*

*Објавено*: Д-р Христо Татарчев. Спомени, документи, материали, съставител: Цочо Билярски, София 1989, стр. 233.

---

[424] Д-р Н. Генадиев.

[425] Орлеански, псевдоним за Велко Думев.

[426] Веројатно Христо Матов.

[427] Пере Тошев.

## Документ бр. 105

### Писмо од Пере Тошев до Никола Малешевски

**Информација за решението на Солунскиот конгрес и за доаѓањето на Иван Гарванов и Велко Думев за да учествуваат на советувањата во Софија, кои според П. Тошев претставуваат „комедија“.**

Софија, 16 јануари 1903 г.

Кољо,[428]

Добро си направил, што си го задоволил Развигоров[429] за да не си го губи времето.

Пријателот, изгледа, сака таму да се одмаздува за неговите овдешни непријатности. Биди попретпазлив и повнимателен.

Ако бараните пари од тебе се во врска со барањето на Стефанов, прашањето е решено, ако се за друго, пиши повторно.

Овде пристигнаа тајно (колку да знае и Ферух беј)[430] двајца големци од доле како делегати на уште потајниот (?!) „конгрес“. Го решиле прашањето за востание со општи сили. Овде пак започнаа собранијата и лигавењето во нив. Ќе го видиме крајот и на оваа комедија. Тоа е за твое лично запознавање.

Чекаме да замине Савата,[431] а потоа ќе слезе и Манијакот.[432]

Со гостите кои му пристигнаа таму на Минѓо,[433] верувам дека си се сретнал. Белким ќе не зарадуваат.

Поздрав,
*П. Т.*

*Објавено*: Архив Христо Матов..., стр. 73.

---

[428] Никола Малешевски.

[429] Мише Развигоров (1873, Штип–1907 Штип), учител, штипски војвода, нелегален член на Скопскиот окружен комитет.

[430] Али Ферух беј, турски императорски комесар во Софија.

[431] Сава Михајлов.

[432] Манијакот, можеби Борис Сарафов.

[433] Димитар Лазаров Тодев – Минѓо, (1873, Банско–1952, Софија), претседател на разлошкиот околиски комитет на ТМОРО (1896–1903), учесник на конгресот на Серскиот револуционерен округ (1903), член на востаничкиот штаб во Разлошко.

## Документ бр. 106

### Писмо од Пере Тошев до Никола Малешевски

**Потреба од манилхери; преминување на чети; бугарската влада презема строги мерки против комитациите; на советувањето во Софија биле наклонети за востание; Делчев е информиран за решенијата од советувањата.**

Софија, 24 јануари 1903 г.

Кољо,

Просто не измачија со прашањето за Стефан. Ако ставивте крај, објасни како се случи тоа и зошто. Јазк. Гледај да не се остава.

Исто така јави што направивте со оние 9, како и за другите кои што мислеше да ги купиш. Многу ни требаат и тоа за брзо време. Веднаш одговори што е направено и што подлежи да направиш. Што имаш кај тебе?

Имаме незаситна потреба од манлихери за некои чети и тоа во рок од 5 –10 дена. Дали можеш да ни бидеш корисен за доставка на такви?

Од овде ништо ново особено. Се претпоставува, како што рекол Данев[434] во собранието, дека за брзо време ќе уследат строги мерки против комитациите, мерки кои ќе се одразат и врз нас. Имајте го предвид тоа и вие таму. Тука ги фаќаат момчињата, како овци од улиците и ги интернираат, независно чии се. Манијакот поминал срећно. Млечното[435] е жив и здрав. Распрснатите гласини за него не се вистина.



Пере Тошев

Од Дељо[436] дали нема известување? Се пушти новина, дека Дончо[437] поминал – дека убил две наши момчиња. Што има навистина.

---

434 Стојан Данев, бугарски премиер.

435 Млечното, псевдоним за Владислав Ковачев.

436 Станува збор за Гоце Делчев.

Хаџијата[438] полуде и изненадно замина со Manијакот со обврска да го префрли кај Крсто,[439] а при можност и кај Јане.[440]

Прашањето за помирување, фала Богу не се подига. За востанието се јави голема наклонетост, но ќе видиме. Јас не присуствував во собранијата. Му пишувале на Гоцета за новите решенија сега. Сакам и јас да му пишувам. Јави за можноста.

Поздрав, *П. Т.*

*Објавено*: Архив Христо Матов..., стр. 76-77.

437 Дончо Златков.

438 Димо Хаџи Димов (1875, с. Горно Броди, Серско –1924, Софија), учител, публицист, истакнат деец на македонското револуционерно движење, главен редактор на „Револуционерен лист“ и на „Конституциона зора“, учесник во Борбата во Баница при загинувањето на Гоце Делчев ( 4 мај 1903), автор на книшката „Назад кон автономијата“, член на БКП.

439 Станува збор за Крсто Асенов.

440 Јане Сандански.

## Документ бр. 107

### Известување од ЦК на ТМОРО за одлуката за востание

**ТМОРО реши да крене востание; предупредување до врховистите да не преземат иницијативи кои би попречиле на планираното востание и покана да ја поткрепат борбата на македоно–одринското население.**

[Солун, јануари 1903 г., ][441]

Т. М. О. Организација е натоварена од сите раководители на револуционерните реони во земјата и од сите видни дејци на Т. М. О. Организација да ве извести за следното:

1. Т. М. О. Организација реши во блиска иднина на оваа година да подигне востание во Македонија и Одринско и да се бори со сите средства, додека не извојува човечки права за робот.

2. Организацијата ги осудува стремежите на сите официјални и неофицијални фактори во Бугарија, кои без нејзина согласност настојувале и настојуваат да го вовлечат народот во востание, зашто тие фактори свесно или несвесно ја поткопувале и ја поткопуваат од основа каузата на македоно-одринскиот роб, при што со своите дејствија на борбата и давале колорит на надворешно поттикнување – околност, толку силно експлоатирана од Турција и од европската дипломатија.

3. Организацијата изјавува velегласно, дека до денот на востанието ќе се бори со сите комитети, корпорации или приватни лица, кои со своите постапки би ја изнасилиле предвреме да се фрли во нерамна борба, и би го расипале нејзиниот план за дејствување. Таа ќе води сметка за сите оние, кои под било какви околности и влијанија ќе посакаат да ја искористат борбата на робот за други цели, а не за подобрување на неговата положба.

---

[441] Ова известување ЦК на ТМОРО го испратил по враќето на Иван Гарванов од Софија каде заминал за да ги запознае учесниците на тамошните советувања со одлуката за востание. Известувањето било испратено до двата Врховни комитети во Софија, како и до Гоце Делчев, кој во тоа време се наоѓал во Неврокопско на својата последна обиколка по Македонија.

4. По објавата на востанието сите борци, подготвени да го поткрепат робот во неговата борба, ќе бидат пресретнати со отворени прегратки. Меѓутоа, пожелно е, сите боеви сили да влезат во претходна согласност со Организацијата.

*Објавено*: Хр. Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония..., т. I, стр. 207-208.

## Документ бр. 108

### Апел од македоно–одринското друштво во Атина кон Македонците во Атина за учество во претстојното востание

Атина, 5 февруари 1903 г.

*Апел кон Македонците што живеат во Атина*

Браќа!

На сите Ви се познати крвавите сцени кои постојано се шират низ нашата поробена татковина; за никој од Вас исто така не е тајна, дека само со силата на оружјето ќе можеме да го премавнеме петвековното црно ропство и да ги добиеме своите човечки права.

Браќа!

Дванаесет часот наближува! Ние сме пред прагот на крвавата одмазда. Блиску е часот во кој што низ цела Македонија ќе екне викот „Слобода или смрт“!

*Централниот Мак[едоно] – Одрински комитет* со официјално писмо од 30 јануари, нè извести, дека е решено оваа пролет да се развејат македонските знамиња по сите краишта на нашата поробена татковина.

Браќа!

Со оглед на важните настани, кои настапуваат за нашата мила татковина, овдешното М[акедоно]–О[дринско] дру[штво] апелира кон патриотското чувство на сите искрени љубимци на својата татковина да се подготват, за да го исполнат достојно татковинскиот долг, кој што им се налага. – Крвта на нашите убиени браќа, која вика за одмазда, стенкањата на ранетите и срцепарателните писоци на нашите: мајки, сестри, жени и чеда се слеваат во еден општ очаен вик, кој треба да најде одзив во нашите срца. – Свет долг ни се налага да не останеме глуви пред очајните викови за помош, кои што ни доаѓаат од земјата на солзите. – Сите да се собереме со време под диплите на македонското знаме, за да го запазиме животот и честа на своите ближни од разјарената турска џган.

Браќа!

Нашата родина, мајка Македонија, ги протега своите крвави раце кон нас прокудените по туѓина и со очаен вик нè кани да ѝ

притекнеме на помош. Бестрашните борци од врвовите на македонските планини со нетрпение нè чекаат да ги згустиме нивните редови. Сенките на починатите народни херои од височините на синото небо нè повикуваат за борба со тиранинот, за да го довршиме онаа што тие не успеале да го довршат. – Нас, робовите ништо не треба да не плаши. Време е или да заживееме човечки, или да се избавиме од овој црн свет за нас. Срамно е за нас уште да се превиткуваме под рѓосаните вериги на варварското ропство.

Браќа!

Напред! Без страв во борба и Бог ќе ни помогне. Блиску е крајот на теглилата. Скоро ќе блесне слободата со сето свое величие над македонскиот небосклон.

Да живее Македонија! Да живее револуцијата! Поклон пред правот на погинатите херои! Долу разнебитената Турција!

(Округол печат; Макед. Одр. Друштво во Атина; во средина крст со прекрстени бедра).

*Објавено*: Шкендер бей (Л. Киселинчев), Българитѣ в Гърция за Илинденското възстание (Страници из дневника ми), Сборник, Илинден 1903-1922. В памет на големото македонско възстание, София, 1922, стр. 9-10.

Книга 10 ИЛЮСТРАЦИЯ ИЛИНДЕНЬ Стр. 5

# АПЕЛЪ

## къмъ живущитѣ въ Атина македонци.

Братя!

На всички Ви сж известни кървавитѣ сцени, които постоянно се разшираватъ въ нашето поробено отечество; за никого отъ Васъ сжщо не е тайна, че само съ силата на оржжието ще можемъ да прѣмахнемъ петвѣковното черно робство и здобиемъ човѣшкитѣ си права.

Братя!

Дванадесетия часъ наближава! Прѣдъ прага сме на кървавото отмъщение. Близо е часа, въ който изъ цѣла Македония ще екне викътъ:

„Свобода или смъртъ“!

Централния Македоно-Одринский Комитетъ съ официялно писмо отъ 30-и януарий, ни извѣстява, че е рѣшено тази пролѣть да се развѣятъ македонскитѣ знамена по всички крайща на поробената ни татковина.

Братя!

Прѣдъ видъ важнитѣ събития, които настжпватъ за милото ни отечество, тукашното М. О. Дружество апелира къмъ патриотическото чувство на всички искренно милеющи татковината си, да се приготвятъ за да испълнятъ достойно отечествения дългъ, който имъ се налага. — Кръвьта на убититѣ наши братя, която вика за отмъщение, стененията на ранénитѣ, и сърдцераздирателнитѣ писъци на нашитѣ: майки, жени, сестри и чеда се сливатъ въ единъ общъ отчаянъ викъ, който трѣбва да намѣри отзивъ въ нашитѣ сърдца. — Священъ дългъ ни се налага да не останемъ глухи прѣдъ отчаянитѣ викове за помощь, които ни идътъ отъ земята на сълзитѣ. — Нека съ врѣме се съберемъ всинца подъ диплитѣ на Македонското знаме за да запазимъ животьта и честьта на ближнитѣ си отъ разярената турска зганъ.




Първиятъ пасажъ на апела.

Братя:

Робинята ни Майка Македония протяга окървавенитѣ си ржце къмъ насъ прокуденитѣ по чужбина и съ отчаянъ викъ ни подканя да й се притечемъ на помощь.

Неустрашимитѣ борци отъ върховетѣ на македонцкитѣ балкани съ нетърпение ни чакатъ да згъстимъ редоветѣ имъ.

Сенкитѣ на починалитѣ народни герои отъ височинитѣ на синото небе ни призоваватъ въ борбата съ тиранина за да довършимъ онова, което тѣ не сполучиха да довършатъ. — Насъ робитѣ нищо не трѣбва да ни плаши. Врѣме е или да заживѣемъ човѣшки или да се избавимъ отъ тоя черенъ за насъ свѣтъ. Срамно е за насъ още да се прѣвиваме подъ ръждясалитѣ вериги на варварското робство.




Последниятъ пасажъ на апела.

Братя!

Напрѣдъ! безъ страхъ въ борбата и Богъ

Стр. 6 ИЛЮСТРАЦИЯ ИЛИНДЕНЬ Книга 10

ще ни помогне. Близо е края на теглилата. Скоро ще блѣстне свободата съ всичкото си величие, надъ Македонския небосклонъ. Да живѣе Македония! Да живѣе революцията! Поклонъ прѣдъ праха на починалитѣ герои! Да живѣятъ неустрашимитѣ борци! Долу полумѣсеца! Долу червения Султанъ! Долу разглобената Турция!

5-ий февруарий 1903 год.

Македоно-Одринско Дружество въ Атина.

(Печатъ)

Факсимил од повикот до Македонците во Атина

## Документ бр. 109

### Доверливо Окружно №. 45 од Министерството за надворешни работи и вероисповед до бугарските трговски агенти во Солун, Одрин, Битола и Сер

**Упатство за бугарските агенти да ги убедат водачите на населението против кревањето на востание во Македонија, во спротивно да не се надеваат на бугарска помош.**

Софија, 5 февруари 1903 г.

... Од извештаите на кнежевските трговски претставници во Македонија очигледно се истакнува, дека духовите на бугарското население во оваа провинција се возбудени до тој степен што едно востание се смета за неизбежно. Кнежевската влада, која со големо внимание го следи развојот на настаните во таа област, оваа положба праведно ја смета за обезспокојувачка, но и крајно опасна за македонската кауза.

Познато Ви е, господине агенте, дека благодарение на тактот и усилбите на кнежевската влада, таа успеа да ги заинтересира Големите сили за судбината на македонското население. Преговорите кои се водат по ова прашање помеѓу Европските кабинети од пред една година, посетата на грофот Ламсдорф во Софија, неговите уверувања, дека македонското прашање е поставено на масата и кон негово барем делумно разрешување неодложно ќе се пристапи уште ова пролет, доволно ако се има уште малку трпение, се факти, кои што нè принудуваат да гледаме со верба кон иднината. А реално од сведенијата, кои што ги имаме, проектот за реформи веќе конечно е прифатен од Русија и Австрија и по секоја веројатност овие денови ќе и биде претставен на Портата за исполнување; овие реформи, какви и да бидат тие, барем ќе гарантираат поднослива ситуација на македонското население, доволно само ако бидат совесно применети.

Следствено, за да може Европа слободно да дејствува, неопходно е да се избегне сè, што би и дало повод на Портата да ја оправда неможноста за воведување на реформите, таков претекст таа ќе најде во едно ненавремено востание, кое не само што ќе ги осуети добиените резултати до сега, туку може и да ги изложи на опасност македонските Бугари, против кои со сигурност може да се очекува дека ќе добие carte blanche да дејствува.

Ете зошто кога ви го соопштуваме гореизложеното, Ве задолжуваме, господине агенте, да ги употребите сите усилби да ги убедите водачите на населението во вилаетот, дека тоа не треба да се оддава на влијанието на разни агитатори, туку да се вооружи со трпение и засега да ги чека резултатите на проектираните реформи.

Сметам за должност дополнително да Ве помолам на сите категорично да им јавите, дека ако не бидат земени под внимание благоразумните совети на Кнежевската влада и ако оваа пролет се прибегне кон востание, не треба да сметаат на Бугарија. [442]

Министер: *С. Данев*

*Објавено*: Величко Георгиев и Стайко Трифонов, История на Българите 1878-1944 в документи, том I, 1878-1912, част втора. София, 1996, стр. 404.

---

[442] Бугарскиот трговски агент во Битола, Н. Колушев на 9 февруари 1903 година врз овој документ запишал: „Содржината на ова окружно ќе се соопшти на сите бугарски учители и граѓани, како во Битола, така и на оние првенци од другите градови во вилаетот, кои што имаат влијание врз населението“.

## Документ бр. 110

### Многу доверлив извештај №. 112 на бугарскиот трговски агент во Битола до министер–претседателот Стојан Данев

**Водачите на револуционерната организација во Битолскиот вилает се самоуверени и не сакат да ги прекинат подготовките за востание по барање на бугарската влада; Востанието може да се одлага до крајот на мај, но не воопшто да се одложи.**

Битола, 27 февруари 1903 г.

Господине министре,

Имам чест да Ви јавам, дека за исполнување на Вашето окружно претписание од 5 февруари под №. 45 повикав мнозина од водачите на револуционерната организација и видни Бугари во Битолскиот вилает и им ги соопштив погледите на бугарската влада во однос на подготвуваното востание за претстојната пролет. Им ја објаснив катастрофата за бугарското население и нашето народно дело во Македонија во случај на едно неуспешно востание, кое сигурно ќе биде такво, штом востанатото население ќе биде оставено без секаква поддршка и без секакво странско вмешување; им обрнав внимание за големата одговорност што ќе падне врз водачите и интелигенцијата воопшто, за пропаста, која фатално ќе се растовари врз нашата многугодишна дејност.

Категоричната изјава на кнежевската влада, дека никако не треба да се смета на Бугарија во случај, ако благоразумните совети на кнежевската влада не бидат послушани, и ако се прибегне кон востание ова пролет, предизвика длабок впечаток кај мнозина. Но, како што требаше да се очекува, крајните елементи на револуционерното движење ова соопштение го пресретнаа со сомнеж и не ги кријат своите надежи, дека во претстојното востание ќе успеат да го вовлечат бугарското население од Кнежеството и дека ќе предизвикаат европско вмешување. Во таа смисла и при такви надежи тие агитираат меѓу маста и не го кријат своето големо незадоволство од распространувањето на содржината на споменатово окружно на кнежевската влада меѓу населението, кое природно полесно се поддава на благоразумните совети пред претстојната опасност за него од едно востание.

Водачите на револуционерната организација во Битолскиот вилает отворено ми кажаа, дека се решени да дигнат востание во те-

кот на ова пролет и во таа смисла на секаде испратиле окружни до началниците на одделните револуционерни реони. Многу пати ми повторувале, а сега пак ми кажаа, дека тие не можат да го попречат востанието дури и да посакаат да го направат тоа.

Тие би се помачиле да го запрат избувнувањето на востанието, доколку им се дадат осетливи докази, дека судбината на населението ќе се подобри. „Во таков случај, додаваат тие, ние ќе имаме можност да се појавиме посилни во своите убедувања и подоследни пред тоа население, пред кое толку години до сега агитиравме и го подготвувавме за востание". На моето прашање што подразбираат под „осетливи докази", тие приближно ми го одговорија следново: „Колку што е можно побрзо објавување на реформите и нивна примена. Од тие реформи ние очекуваме: 1) суштинско подобрување на положбата на христијанското население во Македонија; 2) амнестија на сите политички престапници, при што под ова подразбираме слободно враќање на сите емигранти и затвореници, ослободување на сите заточени и арестувани; 3) да не се преследува бугарското население за да го предава своето оружје, додека муслиманското е вооружено така добро; 4) учество на христијанското население во управата".

Во секој случај сите се решени да чекаат до половината или до крајот на 73532.[443] Но, подготовките за востанието трескаво продолжуваат и пред очите на власта. Теророт кој се спроведуваше од порано сега е посилен од било кога. Зголемениот број на револуционерните чети му дава уште поголема сила на тој терор. Брзата примена на наложените казни од комитетот, кои се одликуваат со својствената жестокост на револуционерната епоха, всадиле таков страв кај населението, така што тоа не е во состојба да направи ни најмала опозиција на револуционерните чети и на револуционерниот комитет. Клоновите на тој комитет се распространети на долго и широко насекаде во бугарскиот дел во Битолскиот вилает. Денес, тој од населението се смета за пострашна сила од Владата и нему побрзо и со задоволство му се потчинуваат. Ова ситуација им вдахнува таква самоувереност на водачите на револуционерната организација, така што тие во многу случаи се појавуваат како непомирливи со сè што им противречи или што не се согласува со нив. Инструкциите, кои што ги доби и ги разгласи рускиот конзул во Битола (за тоа имав чест да Ви соопштам своевремено), окружното претписание, кое управуваното агентство од мене го доби по неколку дена и на кое му даде

[443] Бројот 73532 е шифриран израз за месец мај.

широка гласност помеѓу бугарското население – дојдоа на време за да ја засилат уште повеќе оваа самоувереност кај револуционерите. Тие се почувствуваа, дека се силни меѓу населението, а нивната сила и значење го свртело вниманието дури на руската императорска влада. Складот и насоката на мислите на револуционерите секогаш бил таков, затоа се одликува со чудна нелогичност, со која единствено може да се објасни нивната непримирливост.

Најпосле објавените реформи од сите се пресретнуваат како недоволни и со голема недоверба, дека искрено ќе бидат приложени. Уште никој не знае во што точно се состојат реформите и како ќе се приложат. А големата недоверба, која населението ја има кон искреноста на сите ветувања од страна на турската влада, претставува добро подготвена почва за подобра агитација. А таа агитација продолжува и се засилува. Турските власти – барем во Битолскиот вилает – не направиле ништо за да му вдахнат доверба на населението кон реформите кои се прифатени со императорското ираде. Валијата, кој што им соопшти на некои од конзулите во Битола за прифатените реформи, до сега не направи ништо за да ги популаризира кај населението овие нови мерки. До сега тој уште не соопштил во вилаетскиот ираде – меџлис (Вилаетски административен совет), дека има императорско ираде за реформи. Според моето скромно мнение, за да се постигне таа цел, која што се гони со прифатените реформи – смирување на земјата и успокојување на возбудените духови – власта треба да даде широка јавност и големо значење на Императорското ираде. Навистина, можеби, нема можност да се пристапи кон реализирање на овие реформи, меѓутоа, сепак надежите и очекувањата на населението би биле многу поголеми, ако насекаде во вилаетот се соопштеше, дека е прифатен принципот за административни и финансиски преобразувања, како и амнестирање на политичките престапници и дека наскоро ќе се пристапи кон нивно прилагање. Тоа би дало сила на ветувањата од управуваното агентство од мене, кое што советува на спокојство бидејќи Големите сили се загрижиле за судбината на христијанското население во Македонија.

Сите видни Бугари и началници на револуционерните реони од казалиските градови на Битолскиот вилает на кои им ги соопштив погледите и посакувањата на кнежевската влада ми кажаа, дека Централниот револуционерен комитет им испратил едно окружно со кое ги кани да се подготвуваат за востание, кое ќе се крене ова пролет, без да се определи датумот. Тие по своја сопствена иницијатива не можат ниту да ги запрат подготовките, ниту да проповедаат

против проектираното востание. Но, доколку им дојде заповед во таква смисла од 52295[444] или од 52199,[445] тогаш тие ќе ги употребат сите усилби, за да не допуштат избувнување на востанието, иако не биле убедени во успехот на таквата агитација, доколку условите не се променат. Така што во тие центри ќе треба најмногу да се дејствува. Тие допуштаат, дека прилагањето на објавените реформи ќе може да послужи како основа, врз која ќе се проповеда спокојство и сопирање на немирите.

Според моето скромно сфаќање, господине министре, сериозните немири во Битолскиот вилает се неизбежни, доколку не се побрза со изработување на правилник за прилагање на објавените реформи и неодложно пристапување кон нивното прилагање. Сите многу очекуваат од европската контрола над реформите и од преустројството на жандармеријата од европски началници. Овде се крепат сите надежи. Постојаните и безсмислени прогони на бугарското население од страна на турските власти го разочарале тоа население. Само во последните денови две села беа опустошени, а селаните побегнаа во планината: нетактичноста на турската власт и во овој однос беше типична. Ете го најсвежиот случај за кој што дознав сношти. Блиску до градот Прилеп било пронајдено телото на еден Турчин, Сефеџи ага, кој поседувал чифлиг во селото Лениште. Последната околност, дала сомнеж дека убијците може би се од тоа село, иако, телото на убиениот било најдено подалеку преку две села, блиску до градот. Војската и башибозукот навлегле во мирното село и започнале преследување на селаните како убијци и комити! Жени нажалени, деца исплашени, мажите лошо измачувани. Целото село се разбегало. Само во Битола денес се наоѓаат 30 жени и деца и околу 15 мажи, кои побегнале и дошле да се пожалат. Голем дел од мажите, по секоја веројатност, веќе нема да се вратат во селото. Таква била тактиката секогаш при иследувањето на најобичен инцидент во селата. Имено тука се крие најголемото зло, а во исто време и најголемата опасност за немирите.

Мнозина од водачите на револуционерната организација ми изјавија дека предвремени нереди можат да избијат дури и покрај нивните желби и заповеди, ако турската влада сака да ги предизвика. Ако таа, владата, се обиде да го разоружа населението, или ако преземе поединечно преследување на вооружените чети, кои што

---

[444] Бројот 52295 е шифриран израз за Солун, што подразбира од ЦК на ТМОРО.

[445] Бројот 52199 е шифриран израз за Софија, што подразбира од Задграничното претставништво на ТМОРО.

постојат и имаат односи и големо влијание над населението, нередите ќе избијат и ќе бидат до толку посилни, колку што се пожестоки преземените мерки.

Дозволете ми, молам, господине министре, да повторам, дека единствен спасителен излез од таа положба е забрзување и прилагање на објавените реформи. Најважното прашање на кое најпрво ќе треба да се обрне внимание е прашањето за селската полиција и жандармеријата. Тоа е мислењето речиси на сите странски претставници во Битола. Австроунгарскиот конзул г-н Крал во еден разговор по тоа прашање ми рече, дека тој прашањето за жандармеријата и селската полиција го смета за многу важно и мисли, дека првите и неодложни преобразувања треба да започнат од него. И, навистина, г-не министре, добро уредената селска полиција, поставена под контрола на селскиот кмет, ќе направи пресврт во сегашната положба на несигурното селско население од било која страна. Тоа ќе го подигне неговиот дух и ќе го обезбеди од секаков страв и надворешно влијание.

Воопшто положбата во Битолскиот вилает е многу сериозна. На сите ветувања да се трпи и чека добив еден одговор: востанието може да се одложи до крајот на м. 73532[446] а водачите на револуционерната организација ветија да ги употребат сите свои усилби за тоа, но тоа нема да биде избегнато ова година во случај, доколку не настанат сериозни подобрувања на положбата во управувањето на земјата. Имам должност г-не министре да ве известувам за сѐ во врска со ова прашање.

Управник на Агенството,
*Н. Колушев*

*Објавено*: В. Георгиев и С. Трифонов, История на Българите 1878-1944 в документи, том I,... стр. 406-408.

[446] Шифриран израз за месец мај.

## Документ бр. 111

### Писмо од Гоце Делчев до Пеју Јаворов

**Делчев го разрушил мостот на Ангиста и блискиот тунел; набрзо заминува за Солун за средба со луѓето од ЦК и со Даме Груев во врска со прашањето за востание.**

25. март 1903

Брате П.,

Го разрушивме кај Ангиста мостот на железницата и блискиот тунел кај него, ги прекинавме на едно место шините и на две места телеграфските жици.[447] Сѐ се изврши така толку успешно, така што и најдобриот воен инженер би ни завидел. Од страна на Турците до сега нема никакви движења. Кога ќе пишуваш во весникот за извршеното,[448] немој тоа да ѝ го припишуваш на четата, туку воопшто на онаа сила што се наоѓа низ целата земја под името Тајна революционерна организација.

Утре или другиден ќе заминам за Х.,[449] каде што ќе се сретнам со тебе *познатите*[450] и со мојот најсакан другар Груев,[451] кој што неодамна стигнал таму од Подрум. Во Х. ќе се задржам најмногу десетина дена и ќе гледам да се установиме на општо гледиште по онаа прашање.[452]

*Објавено*: П. К. Яворов, София 1980, стр. 105; Гоце Делчев. Писма и други материали..., стр. 298-299; Христо Андонов Полјански, Гоце Делчев – Преписка, Скопје 1972, стр. 178-179.

---

447 Атентатот кај Ангиста бил извршен ноќта 18 спроти 19 март (ст. стил) 1903.

448 Се однесува на хектографираниот весник „Слобода или смрт“, кој го уредувал Пеју Јаворов. Во врска со овој настан во бр. 10 од весникот од 7 април 1903 година меѓу другото пишува: „Ангиста е почетокот на судбоносниот за Турција крај во нашите борби. Тоа нека го знае Султанот, нека го знае и целиот свет... *Ангиста е дело на Тајната революционерна организација*! “.

449 Се однесува на Солун.

450 Подвлечено во оригиналот, а се однесува на членовите на ЦК на ТМОРО во Солун.

451 Се однесува на Даме Груев кој во Февруарските (Падарски) рефоми бил амнестиран и ослободен од заточението во Подрум Кале. Делчев и Груев во Солун се сретнале за време на Велигденските празници и разговарале за прашањето за востание.

452 Се однесува на прашањето за востание. Од оваа реченица се гледа дека Делчев во Солун заминал со намера да изградат општ (заеднички) став по прашањето за востание, а не да противречи, како што често се толкува во историографијата.

## Документ бр. 112

### ПРОТОКОЛИТЕ ОД СМИЛЕВСКИОТ КОНГРЕС 1903 ГОДИНА

**Одлуката за востание во Битолскиот револуционерен округ и мерки за негова реализација.**

Смилево, 19–24 април 1903 г

ПРОТОКОЛ

На революционерниот конгрес на Вториот македоно-одрински револуционерен округ

I ЗАСЕДАНИЕ

Денес, деветнаесетти април, илјада деветстотини и трета година, дванаесет часот по турски претпладне, по покана од раководителите на II – от Македоно-одрински округ се собравме во местото посочено од него, село Смилево – Битолско, окружните раководители на Битола: Анастас Лозанчев, Ѓорѓи Поп Христов,[453] Ѓорѓи Пешков.[454] Делегатите од Централниот комитет: Даме Груев, Борис Сарафов, Димитар Дечев.[455] Делегати од подвижните горски раководни тела (и неподвижните градски) на Битолско – Пелистерски дел: Ѓорѓи Сугарев,[456] Смилевски–Ѓаватски: Цветков, Мариовско: Никола С. Петров;[457] Костурско: В. Чекаларов и Кљашев; Леринско: Ѓор-

---

[453] Ѓорѓи Поп Христов (1876, с. Крстофор, Костурско–1962, Софија), член на Битолскиот окружен комитет (1900–1903), учесник на Смилевскиот конгрес (1903), еден од раководителите на востанието во Леринско (1903), учесник на Прилепскиот (1904) и Рилскиот конгрес (1905), член на ЦК на ВМРО (1925).

[454] Ѓорѓи Пешков (1872, Прилеп–1913, с. Лахна, Солунско), член на Битолскиот околиски комитет (1895–1901), член на Битолскиот окружен комитет (1901–1903), учесник на Смилевскиот (1903) и на Прилепскиот конгрес (1904).

[455] Димитар Дечев (1883, Сливен–1903, с. Слб, Велешко), битолски војвода, учесник на Смилевскиот конгрес (1903), воен раководител на востанието во Демирхисарскиот регион.

[456] Ѓорѓи Сугарев (1879, Битола–1906, с. Паралово, Битолско), раководител и војвода на ТМОРО во Битолскиот револуционерен округ, учесник на Смилевскиот конгрес (1903), член на горското началство за Пелистерскиот реон, учесник на Прилепскиот конгрес (1904).

[457] Никола Петров Русински (1875, с. Русиново, Малешевско–1942, с. Русиново), раководител и војвода на ТМОРО во Битолскиот револуционерен округ (1900–1903), учесник во акцијата на МК (1895), четник во првата организациска чета во Малешевско (1897), учесник на Смилевскиот конгрес (1903), член на Прилепското горско началство.

ѓи Папанчев и Чеков;[458] Ресенско: Кокарев,[459] Славко Арсов,[460] Велјан Илиев[461] и Панајотов[462] (поручник), отсуствуваа делегатите од реоните: Демир Хисарски, Крушевски, Кичевски, Прилепски и Охридски, но беа на пат и се очекуваше да пристигнат. Пред да се пристапи кон дневниот ред и пред да се отвори конгресот, окружните раководители објавија дека овој конгрес се свикува, за на него да се предложат редица прашања, но најпрво за да се запази редот ќе треба да се избере еден претседател и потребниот број секретари. За претседател беше предложен и избран Даме Груев, а за секретари: П. Цветков и Ѓорѓи Поп Христов. Потоа се пристапи кон разгледување на прашањата предложени од окружните раководители. Со оглед на тоа, дека некои од делегатите отсуствуваа за дневниот ред првобитно се поставија и се разгледаа следните прашања:

*Прво:* Распределување на воените и моралните сили; подготовка до и во време на востанието.

*Второ*: Должности и права на началничкиот персонал.

*Трето:* Што да се прави со невооружените и неспособни стари луѓе, жени и деца во време на востанието.

*Четврто:* Кој е сопственик на оружјето.

*Петто:* Рамномерно распределување на оружјето.

*Шесто:* Определување на време за востанието.

По сестрано обмислување на наведените прашања се реши:

1. За да има правилно раководење на востанието, силите на округот и командувањето се распределија како што следува: еден главен штаб за целиот округ, реонски началници, војводи и востаници. За во Главниот штаб се избраа следниве лица: Даме Груев, Борис Сарафов и Ташко Лозанчев, а како нивни заменици во случај на несреќа да се дополнат за Груев – Ѓорѓи Поп Христов, за Сарафов – Петар Ацев,[463] за Лозанчев – Лазар Поп Трајков. Споменативе ли-

---

[458] Михаил Чеков (1873, с. Екши Су, Леринско–1957, Велинград), лерински војвода, учесник на Смилевскиот конгрес, член на Леринското реонското началство.

[459] Никола Кокарев (1876, с. Царев Двор, Ресенско–1903, Ресенско), преспански војвода, учесник на Смилевскиот конгрес (1903), реонски началник во Долнопреспанскиот регион.

[460] Славејко Арсов (1878, Штип–1904, с. Ѓуѓинци, Кратовско), војвода во Битолскиот округ, учесник на Смилевскиот конгрес (1903), раководител на востанието во Ресенско.

[461] Велјан Илиев Чипуров (1878, с. Смилево–1903, Ресенско), преспански војвода, учесник на Смилевскиот конгрес, член на Преспанското горско началство.

[462] Александар Панајотов (1878, Трново–1903, с. Перово, Ресенско), потпоручник, учесник на Смилевскиот конгрес (1903), реонски началник во Ресенско.

[463] Петар Ацев (1877, с. Ораховец, Прилепско–1939, Пловдив), прилепски околиски војвода, член на Битолскиот окружен комитет (1906).

ца се определуваат од конгресот и ќе дејствуваат од сега натаму, а доколку дојдат некои нови сили, на Штабот му се остава да ги распореди нив, како што ќе најде за добро, притоа строго да се придржува до раководните принципи на Организацијата. Основниот Штаб кој што се конструира подлежи на сменување само од окружниот конгрес. Се состави список на реонските раководни тела во време на востанието, но неговото конечно прифаќање се одложи до доаѓањето на другарите од другите реони.

Што се однесува до назначувањето на месните војводи и распределувањето на востаниците, тоа се остави да го сторат реонските началства. За да може да се подготват сите оние сили што наново се проектираат за војводи во време на востанието, за таквите се реши да се устројат специјални подготвителни курсеви во неколку пунктови, каде што ќе можат за едно кратко време да се обучат, а потоа да ја преземат наложената работа.

Откако ќе се разотидат сите раководни тела по реоните, веднаш да ги распределат вооружените сили во своите реони на чети во бројност од 30–50 души и со нив да се изведува тајна практична обука (походен ред, поединечен, стрелба и сл.). Доколку дозволуваат месните услови да се започне со собирање на храна: жито, сол, крупен и ситен добиток на доброволен начин, со убедување, а за време на востанието и со принуда, при што на стопанот за земеното од него му се издава расписка потпечатена со окружниот печат и потпишана најмалку од еден од раководителите – началници. Да се преземат брзи мерки за подготвување на алишта, обувки, лекарства и сл., да се изберат специјални луѓе за интендантска служба како и за подготвување на патрони итн. Што се однесува за правата и должностите на началничкиот персонал се реши да се изработи специјален востанички дисциплински устав. Заседанието се затвори во 12 часот вечерта.

II Заседание

Заседанието се отвори во десет часот утрото по турски, на него присуствуваа сите лица од претходното заседание, како и прилепските делегати кои пристигнаа преку ноќта: Тале Христов[464] и Јордан Тренков.[465] Откако на новодојдените им се објасни целта на

---

[464] Тале Христов (1878, Прилеп–1903, с. Беловодица, Прилепско), член на Прилепскиот околиски комитет, учесник на Смилевскиот конгрес (1903), член на Прилепското горско началство.

[465] Јордан Тренков (1880, Прилеп–1960, Русе), член на Бугарското тајно револуционерно братство (1897–1899), претседател на Прилепскиот околиски комитет на

конгресот и им се прочита извршеното во првото заседание се пристапи кон дневниот ред:

Што да се прави во време на востанието со невооружените луѓе, старци, жени и деца? По кратка дебата се реши ова прашање да се одложи за кога ќе се разгледува начинот на востанието. Се пристапи кон разгледување на прашањето: Кој е сопственик на оружјето во време на востанието? Се прифати дека сопственик на приватното оружје е секој што го набавил со сопствени средства, но, тоа му се остава на мислење на месното началство. Уште од сега на мирен начин да го соберат оружјето од неспособните и да го распоредат како што ќе најдат за добро, а за време на востанието да се прибере по каков било начин што тогаш ќе се најде за нужно од оние кои не ќе се сообразат со заповедите на началството. Што се однесува до прашањето за рамномерно распоредување на оружјето во округот и реоните се реши: чифтињата, кременарките и евзалиите, кои се излишни во еден реон да се дадат на друг. За во иднина на Штабот му се остави при купувањето на оружје во подготвените реони да го распределува каде што смета за потребно. Се прочита изработениот дел од востаничкиот дисциплински устав и се прифати со некои измени. Заседанието се затвори во дванаесет часот вечерта.

III Заседание

Заседанието се отвори во единаесет часот претпладне во присуство на сите делегати од вчерашното заседание и пристигнатите делегати преку ноќта: Петар Ацев од Прилепско, Никола Карев[466] од Крушевско, Иван Димитров[467] од Порече, Јордан Пиперката[468] и Димитар Матлиев[469] од Демир Хисарско, Христо Узунов,[470] Тасе

---

ТМОРО, учесник на Смилевскиот (1903) и на Прилепскиот подвижен конгрес (1904).

[466] Никола Карев (1877, Крушево–1905, с. Рајчани, Кочанско), организатор на Крушевската република, еден од основачите на македонската социјалистичка група, учесник на Смилевскиот конгрес (1903), началник на Крушевското горско началство.

[467] Иван Димитров / Иван Наумов Алабакот (1878 с. Ораовец, Велешко–1907, с. Белица, Кичевско), крушевски војвода, неговиот одред извршил напад на турската касарна во Крушево (1903).

[468] Јордан Силјанов – Пиперката (1870, с. Козица–1903, с. Слб, Кичевско), демирхисарски војвода, учесник во акцијата на МК (1895), учесник на Смилевскиот конгрес (1903), учесник во Илинденското востание.

[469] Димитар Матлиев (1875, Охрид–1903, кај с. Брезово, Битолско), демирхисарски војвода, учесник на Смилевскиот конгрес (1903), учесник во Илинденското востание.

Христов,[471] Дејан[472] и Аргир Маринови[473] од Охридско. Откако на новопристигнатите им се објасни целта на конгресот и извршеното во двете претходни заседанија на дневен ред се поставија следните прашања:

1. Да се определи составот на реонските раководни тела на кои што им се доверуваат реони до и во време на востанието;

2. Начинот на водење на востанието и што да се прави со невооружените и неспособните за востание. По долги дебати по првите две прашања се реши: составот на раководните тела за секој револуционерен реон да биде 3–5 лица и тие се конструираа со општа согласност како што следува:

*а) Битолскиот реон* се раздели на два самостојни дела: а) Пелистерски реон: Ѓорѓи Сугарев; б) Смилевски реон: Цветков, Иван Делев[474] и Ѓорѓи Павлев;[475] в) Мариовскиот дел отаде реката „Црна" се присоединува кон Прилепскиот реон.

*б) Лерински реон:* Ѓорѓи Папанчев, Лечо[476] и Коста Груев.[477]

*в) Костурско* – Васил Чекаларов, Пандо Кљашев, Лазар Поп Трајков, Манол Розов и Михаил Николов. [478]

*г) Преспански* – Никола Кокарев, Веле Илиев и Н. Фотев.[479]

---

470 Христо Узунов (1878, Охрид–1905, с. Цер, Демирхисарско), охридски војвода, член на Охридскиот околиски комитет на ТМОРО, учесник на Смилевскиот конгрес (1903), член на Охридското горско началство, учесник на Прилепскиот конгрес (1904).

471 Тасе Христов (1868, с. Присвојани, Охридско – ?), војвода на ТМОРО во Малесија, учесник во Балканските и Првата светска војна.

472 Дејан Димитров (1873, с. Лактиње, Охридско–1912, с. Песочан, Охридско), охридски војвода, учесник во борбите кај „Сирулски рид".

473 Аргир Маринов (1870, Охрид–1903 с. Куратица, Охридско), охридски војвода, учесник на Смилевскиот конгрес (1903), учесник во Илинденското востание.

474 Иван Делев (1888, Охрид – ?), член на началството во Пелистерскиот реон.

475 Ѓорѓи Павлев – Чуранов (1860, с. Смилево, Битолско–1956, Смилево), претседател на Смилевскиот комитет на ТМОРО, член на горското началство за Смилевскиот реон.

476 Лечо Церовски / Александар Ѓошев Попнастев (? с. Церово, Леринско–1903, Леринско), војвода, учесник на Смилескиот конгрес (1903), реонски началник во Леринско.

477 Коста (Константин) Груев (1869, Битола–1933, Пловдив), член на Леринскиот околиски комитет на ТМОРО, учесник во Балканските војни.

478 Михаил Николов (1874, с. Бобишта, Костурско–1934, Варна), костурски војвода, еден од основачите на ТМОРО во Костурско, член на Костурското горско началство.

479 Наум Фотев (1867, с. Герман ?), преспански војвода, член на Преспанското горско началство, учесник во Илинденското востание.

*ѓ) Ресенски*: Славејко Арсов, Драган Петков, [480] Александар Панајотов.

*ѓ) Охридски*: Христо Узунов, Андон Кецкаров,[481] Наум Чакаров,[482] Наум Анастасов[483] и Димитар Стојков[484] (поручник).

*е) Кичевски:* се дели на два самостојни дела: а) Горна и Долна Копачка и Долна Река – Лука Ѓеров,[485] Јанаки Јанев,[486] Арсо Мицов;[487] б) Рабетин Кол и Порече: Ѓорѓи Пешков, Ванче Мичуков,[488] Јанаки Петров (Ирландски), Цветан од с. Световраче;

*ж) Демир Хисарско* – Јордан Пиперката, Ѓорѓи Поп Христов, поп Кузман (с. Бобина),[489] Христо Пасков. [490]

*з) Крушевски*: Тома Никлев,[491] Никола Карев, Тодор Христов (офицер).[492]

---

[480] Драган Петков (1879, Ресен –?), член на Ресенското горско началство, за време на востанието е фатен и затворен, амнестиран во 1904 година, емигрант во САД (1906–1911).

[481] Андон Кецкаров (1865, Охрид–1945, Охрид), член на ТМОРО од 1893, учесник на Смилевскиот конгрес (1903), член на Охридското горско началство, член на Бугарските конституциони клубови, активист во Илинденската организација.

[482] Наум Чакаров (1869, Струга–1903, крај Охридското Езеро), секретар на Охридскиот околиски комитет, член на Охридското горско началство.

[483] Наум Атанасов Цветинов (1873, Охрид – ?), член на Охридскиот околиски комитет (1902), член на Охридското горско началство.

[484] Димитар Стојков (1875, с. Гајтаниново, Неврокопско – ?), поручник, братучед на Борис Сарафов, воен раководител на востанието во Охридско.

[485] Лука Ѓеров (1870, Битола–1948, Софија), соработник на Лозарите (1892), учесник во акцијата на МК (1895), член на Битолскиот окружен комитет (1901), учесник на Смилевскиот конгрес, началник на Кичевскиот револуционерен реон.

[486] Јанаки Јанев (?, с. Лахчани, Кичевско – ?), се појавил со српска чета во Поречието (1901), но брзо преминал во ТМОРО и станал дебарски околиски војвода, учесник на Смилевскиот конгрес, член на Кичевското горско началство.

[487] Арсо Мицков (? с. Подвис, Кичевско–1905, с. Подвис, Кичевско), кичевски војвода, учесник на Смилевскиот конгрес, член на Кичевското горско началство.

[488] Ванче Мичуков / Ванчо Србакот – Иван Мицков Србакот (1871, с. Вранештица, Кичевско–1905, с. Цер, Кичевско), кичевски војвода, член на Кичевското горско началство.

[489] Поп Кузман Попдимитров (? с. Бабино, Битолско–1906, с. Сопотница, Битолско), член на Демирхисарското началство, учесник во Илинденското востание.

[490] Христо Пасков (1874, с. Пателе, Леринско–1936, Софија), активист на ТМОРО, член на Демирхисарското горско началство.

[491] Тома Никлев (1860, с. Светомитрани, Крушевско–1909, кај с. Могила, Битолско), претседател на првиот комитет на ТМОРО во Крушево, член на Крушевското горско началство.

[492] Тодор Христов (1878, Велес–1903, Скопско), потпоручник, крушевски војвода, член на Крушевското горско началство, воен стратег на востанието во Крушевско.

*ѕ) Прилепски:* Петар Ацев, Веле Христов, Ордан Тренков, Никола Петров;

Сите посочени лица се дополнуваат и заменуваат по мислење на Штабот.

По однос на начинот како да се води востанието по долги разгледувања се прифати:

а) Востанието да биде повсеместно, сите реони во округот да востанат.

б) Со оглед на тоа, дека само еден дел од населението е вооружено, за да може воените дејствија да бидат подолготрајни и поупорни, како и за да се ангажира вооружениот дел од населението се реши: Еднодушно да се дејствува партизански; карактерот и начинот на овие дејствија се определи вака: на денот на востанието сите вооружени сили од реоните да се кренат во чети, според предвидените распоредувања од месните началства, согласно земеното решение во првото заседание на конгресот.

На останатиот дел од христијанското население да му се сугерира да не ги придружува четите, освен кога последните би имале потреба од нивната активност. На вооружените сили покренати на таков начин им се налага следново:

*Прво:* Прекинување на патните, телеграфските и поштенските врски и да не се допушти нивно воспоставување од страна на турската власт за време на востанието.

*Второ:* Разоружување на турското население до колку се може.

*Трето:* Напаѓање на владините институции.

*Четврто:* Напаѓање според околностите на секоја турска команда, било војска или башибозук.

*Петто:* Бранење на христијанското население, вклучително и туѓите поданици од турските напади.

*Шесто:* Се забранува напад на мирното турско население и посегање по турските жени, деца и старци.

*Седмо:* Четите вообичаено да дејствуваат распрснати по реоните, тие можат да се групираат 2–3 или повеќе за некакви крупни акции, но потоа пак да се растурат.

*Осмо:* Се задолжуваат сите војводи со своите чети да притекнат на помош на секоја чета која заврзала битка со противникот.

*Деветто*: Началниците да ја доведат до максимум курирската служба во време на востанието.

*Десетто:* Пројавувањето на иницијатива во духот на горепределениот начин во време на востанието е задолжително за сите.

Заседанието се затвори еден часот вечерта.

IV Заседание



Анастас Лозанчев

Заседанието се отвори на 24 април во седум часот попладне. Присуствуваа сите претходни делегати и пристигнатите од Кичевскиот реон, свештеник Тома,[493] Арсо Мицков, Димитар Спространов[494] и Васил Попов. Откако се посочи целта на конгресот и се прочитаа земените решенија во минатите заседанија со кои се согласија пристигнатите се пристапи кон дневниот ред: Определување на времето за востание. Се реши, земените решенија на конгресот по однос на подготовката и распределувањето на силите да се приведат час побрзо кон исполнување, а реоните да бидат готови за востание, не подоцна од крајот на месец мај. Претставниците на Штабот да го определат датумот за востание, согласно гореизложените околности. Притоа реонските началници се задолжуваат навремено да соопштат за застрашувачката положба во нивните реони. На крај се прочита востаничкиот дисциплински устав и конечно се прифати.

Заседанието заврши во дванаесет и половина часот вечерта и конгресот се прогласи за затворен.

За верноста на гореизложеното следуваат потписите на претставниците.

*Објавено*: Оригиналнитѣ протоколи от Смилевския конгресъ, сообщава Скендер–бей. Ил. Илинденъ, бр. 87, София 1937, стр. 7-12; Љ. Лапе, Одбрани текстови..., стр. 448-453; Васил Чекаларов, Дневник 1901-1903, София 2001, стр. 220-229.

---

[493] Поп Тома Николов (1862, с. Вранештица, Кичевско–1946, Софија), член на Битолскиот окружен комитет, учесник на Смилевскиот конгрес. Ги пренел протоколите од Смилевскиот конгрес од Смилево до Задграничното претставништво во Софија.

[494] Димитар Спространов (1882, Охрид–1958, Софија), кичевски војвода.

## Документ бр. 113

### Востаничкиот дисциплински устав, усвоен на Смилевскиот конгрес

**Права, должности и одговорности на учесниците во востанието во II (Битолски) револуционерен округ.**

Смилево, 24 април 1903 г.

Глава I

§1. Дисциплината е строго определен ред, кој што сите востаници (од најмалиот до најголемиот) треба да го почитуваат.

§2. Нарушителите на овој ред подлежат на казни, наведени само во овој устав.

§3. Секој, кој што со пушка, секира или какво било оружје стои под револуционерното знаме е востаник.

§4. Началник е секој, што е назначен од погорното началство да раководи, да носи грижи и одговорност за луѓето што му се доверени, како во бојот, така и надвор од него.

§5. Заповедта е задолжителна, кога е издадена од лица (началници), кои што имаат право да заповедаат и да издаваат заповед во законска форма.

Глава II

§6. Востаникот е должен:

а) Да го чува интересот на својата татковина до последната капка крв, исполнувајќи ја дадената клетва. Виновникот се казнува со смрт.

б) Строго, точно, безусловно и навреме да ја исполнува заповедта од своето началство.

в) Да им притекне на помош и да се жртвува себе си за своите другари кога се загрозени од опасност. Виновникот се казнува со смрт.

г) Да биде храбар. Виновникот за прв пат се изобличува пред четата, а ако повтори се казнува со смрт.

д) Напразно куршум да не се стрела. Виновникот за прва пат се изобличува пред четата како страшливец, а ако повтори, се разоружува.

ѓ) Да ги почитува началниците и постарите. Виновникот се казнува со преместување во друга чета во истиот реон, а за втор пат – со смрт.

е) Додека е жив да го чува знамето и секој е должен да му направи скапа постела од сопственото тело, па тогаш да падне. Виновникот се казнува со смрт.

ж) Мародерство се забранува строго. Виновникот се казнува со смрт.

*Забелешка*: Мародерство се вика обирање на убиени за лична корист.

з) Пијанство, блудство и силување на жени е строго забрането. Виновникот се казнува со смрт.

### Должности и казни за десетарите

§7. Сите должности и казни предвидени за востаниците во параграф 6 се однесуваат и за старешините, освен тоа тие се должни:

а) Да го следат поведението на своите потчинети.

б) Да се грижат за редот во своето одделение и одговараат за грешките на своите потчинети.

в) Тие ги смируваат малите спорови меѓу своите потчинети, се грижат да го зајакнат другарството меѓу нив, да го развиваат взаемното помагање и да ги приучуваат своите потчинети на почит и уважение кон началниците.

г) Старешината го следи точното исполнување на секоја заповед која се однесува на неговите потчинети.

д) Со личен пример ги подучува потчинетите на востаничкиот ред.

ѓ) Татковски се грижи за здравјето и бодроста на своите потчинети.

е) Меѓу своите потчинети праведно ја распределува храната што му припаѓа на одделението, без да ползува некакви привилегии.

ж) Точно го следи правилното воспоставување на службата како и нејзиното исполнување.

з) Во време на бојот го следи точното исполнување на службата и ги поттикнува своите потчинети.

ѕ) За сè што однесува за неговото одделение го информира својот војводата.

и) За помалку важни престапи на старешината првиот пат му се прави забелешка на само, а вториот пат пред началството. За многукратно повторување на една и иста грешка се сменува од должноста, му се одзема звањето и се преместува во друга чета.

ДОЛЖНОСТИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ВОЈВОДАТА

§8. Забелешка: Сите претходни параграфи се однесуваат и на војводата. Освен тоа:

Војводата е одговорно лице пред реонското началство.

а) За состојбата на четата.

б) Исправната состојба на оружјето во четата.

в) Самиот војвода, или неговиот помошник води дневник во кој секојдневно накусо ги запишува настаните поврзани со четата.

г) Им прави забелешки и укори на сите од четата за направени помалку значајни грешки;

д) Ги пофалува храбрите пред целата чета, ги изобличува страшливците и води сметка за тоа.

ѓ) На секој сообразно неговата грешка му наредува да оди на работа од еднаш до три пати по ред.

е) Праведно ги задоволува молбите на своите потчинети. За решавање на заплетканите прашања го информира реонското началство.

ж) При изрекување казна е должен да го ислуша виновникот, да ја испита работата подробно и дури тогаш да казнува.

з) За оние што подлежат на казна според § 6 (точка, а, б, в, е, з) војводата го известува реонското началство и до пристигањето на наредбата ги држи под строг надзор.

ѕ) Придобиените нешта (трофеите) војводата ги употребува по наредба на реонското началство.

и) За неуспесите и несреќите кои произлегле од немарност, прекалена строгост, страв или бездејство, војводата се казнува со смрт.

ј) За неодење на помош на соседна чета во град или село, без оправдани причини се казнува со смрт.

к) За непревземање соодветни мерки за безбедност, или за невешто водење на четата во бој се казнува со смрт.

л) За лично предавање на противникот, или заедно со четата, се казнува на смрт со бесење.

м) За губење на знамето војводата заедно со четата се погубува по разгледување од реонското началство.

н) За малкуважни грешки, од кои не дошло ништо лошо за делото, војводата се казнува со укор од реонското началство, а при повторување на малкуважните грешки се казнува со преместување во друг реон на пониска служба, а за престапи, кои по себе повлекуваат лоши последици за ослободителното дело се казнува со примерна смрт преку бесење.

њ) Војводата го држи во тек реонското началство за сѐ (движењето на четата, разни случки и др.).

ДОЛЖНОСТИ И ОДГОВОРНОСТИ НА РЕОНСКОТО НАЧАЛСТВО

§9. Предвидените одговорности и казни во претходните параграфи §§ се однесуваат и на реонското началство, Освен нив, тоа:

а) Го раководи востанието во својот реон.

б) Точно ги исполнува заповедите и распоредувањата од Главниот штаб.

в) Се грижи за правилно функционирање на курирската и интендантската служба.

г) Во својот реон го следи точното исполнување на сите заповеди, правилници и инструкции дадени од Штабот.

д) Го спроведува исполнувањето на пресудите издадени од Штабот.

ѓ) Заповедите на реонското началство ги исполнуваат без приговор, сите војводи, десетари и востаници.

е) Тоа го следи поведението и дејствијата на војводата во реонот.

ж) Реонските началници при своите дејствија се раководат според општиот план за движењата. Само при исклучоци, наложени од околности, кои не трпат одлагање, дејствуваат по свое наоѓање, но за стореното веднаш подробно го известуваат Штабот.

з) За нарушување на ова, реонското началство се казнува од Штабот и согласно значењето на престапот и последиците од него подлежат на следниве казни: укор, сменување или смрт.

Должности и одговорности на Главниот штаб

§10. Штабот е врховно раководно тело во II Рев. Округ.

§11. Заповедите на Штабот се исполнуваат без приговор од сите активни сили во округот.

§12. Штабот го раководи востанието во целиот округ.

§13. Водењето преговори со туѓинци, посредници и со непријателот му припаѓа исклучиво на Штабот.

§14. Тој одржува врски со другите востанати окрузи, а по можност и со надворешниот свет.

§15. За своите постапки Штабот одговара пред Конгресот, кој налага казни предвидени во овој устав за виновниците.

§16. Правото за свикување на Конгресот му припаѓа на Штабот, но доколку се однесува на прашања кои го засегаат самиот Штаб, може да се свика и по барање на реонските началства кога бројот на овие надминува половина од општиот број во округот. Во таков случај Штабот неодложно треба да се извести за да свика конгрес.

*Објавено*: Н. П. Русински, Въстанически дисциплинарен устав, Ил. Илиндень, г. XI, №. 1 (101), София, януари, 1939, стр. 2-3; Љ. Лапе, Одбрани текстови..., стр. 453-457.

## Документ бр. 114

### ЦИРКУЛАР ОД ГЛАВНИОТ ШТАБ ДО РЕОНСКИТЕ РАКОВОДНИ ТЕЛА НА II МАКЕДОНО-ОДРИНСКИ РЕВОЛУЦИОНЕРЕН ОКРУГ

**ГШ ги потврдува избраните реонски началства; пренесување на ингеренциите од градските управни тела врз подвижните реонски началства; формирање на градски дежури; канали за кореспонденција меѓу реонските началства и Главниот штаб; забрзување на подготовките за востание.**

14 мај 1903 г.

Главен штаб №.1

14 мај 1903 год.

До реонските раководни тела на II македоно-одрински револуционерен округ

Познато ви е дека по налог на окружното началство беше свикан еден таен конгрес во кој учествуваа претставници од сите реони на округот. Веруваме, дека претставниците од вашиот реон на овој конгрес ви соопштиле за земените решенија на неговите заседанија.

Со ова ви соопштуваме, дека согласно со земените решенија на конгресот, како одбрани за Главен штаб, ние тројцата: Борис Сарафов, Дамјан Груев и Анастас Лозанчев веќе стапивме кон исполнување на својата должност. Едновремено со тоа ги потврдуваме назначените раководни (подвижни) тела, при што ве известуваме дека за реонски началници на вашиот реон се назначени лицата: Ѓорѓи Папанчев, Михаил Чеков, Александар Поп Настев и К. Груев.

Раководителите да им ги предадат работите на новоназначените подвижни реонски началници, кои се должни да ја сосредоточат во свои раце управата и тековните работи во реонот. Оние од членовите на бившите градски раководни тела што не се погодни за одење со селски чети и кои уште можат да живеат без опасност во градовите се задолжуваат да состават градски управни тела, кои ќе служат како помошни дежури на подвижното реонско началство. Во градови каде што не останале, или пак нема мажи погодни за составување на овие дежури, за исполнување на истата должност можат да се назначат и жени со докажан патриотизам и опитност. Под-

вижното реонско началство ги назначува лицата во овие градски помошни дежури. Тие ќе работат во градовите како сега, така и за време на востанието. На реонските началници им се остава да ги натоварат своите помошни дежури со работа каква што ќе најдат за нужно. Меѓутоа, ние овде ќе спомнеме за некои од нивните должности, а тоа се следниве: 1) Да му ја олеснуваат кореспонденцијата на надлежното реонско начластво со соседните тела од реоните или со Штабот; 2) Да го известуваат на време за мерките на власта по однос на делото и неговиот тек и за движењето на градскиот аскер; 3) Да ги охрабруваат како граѓаните, така и селаните што одат во градот и да настојуваат да се види дека комитската мрежа продолжува да постои во градот; 4) Да ги упатуваат сите европски кореспонденти, ако дојдат такви, кон подвижното реонско началство; 5) Да ги извршуваат купувачките за реонското началство и да известуваат за поважни настани што се извршуваат во крајот. Овие податоци ќе ги доставуваат до градското помошно тело – дежурот – што се создава во Битола. Своите курири во Битола ќе ги праќате до луѓето што ќе ви бидат препорачани од таму.

За кореспонденцијата меѓу нас, реоните и четите ќе си определиме канали и тоа: Костурско и Леринско со директни врски низ Ресенско преку Ѓавато; Прилепско, Мариовско со дел од Битолско отаде Црна Река преку полето за Ѓавато, а ако полскиот пат се затвори преку Крушевско; Кичево и Поречка река преку Демирхисарско; Охридско и Струга преку Ресенско или Демирхисарско и Пелистерскиот реон на Ѓавато. Додека патиштата се слободни писмата до Штабот може да се испраќаат преку Битолско како што правевте до сега, но некои од писмата уште од сега треба да се испраќаат преку кажаниве канали и да ги привикнувате сите пунктови со курирската служба за време на востанието.

Со предвид на засилените мерки што ќе бидат преземени за време на движењето, нужно е во секој реон да се преземат соодветни мерки за да се спаси од непријателските полјаци и контрабандисти. За такви мерки препорачуваме: 1) Сите повидни дејци од реоните кои се под надгледување на власта уште од сега да ги напуштат истите и да се присоединат кон некоја од четите; 2) Четите по можност да не дејствуваат по селата, туку уште пред разденување да излезат по горите или високо обрастенитениви низ полињата; 3) Да се убедат селаните добро да го кријат оружјето, зашто во секој момент може да се очекува претрес.

Едновремено со мерките за претпазување, нужно е да се развие најсилна активност за подготвување на востанието; што побрзо

да се приберат храните и да се изнесат на разни безопасни места; барут, куршуми, капсули и машинки за полнење патрони да се набават уште сега и да се изнесат каде што ќе се најде за нужно. Новоназначените војводи да се запознаат добро со потчинетите и да ги проучат местата во реонот; накусо кажано: сѐ да биде готово до крајот на овој месец. Со оваа ви испраќаме 3 (три) примероци од востаничкиот дисциплински устав изработен од конгресот. Бидејќи за време на востанието секоја чета ќе треба да го има овој устав, уште од сега да си препишете од нив колку што ќе ви бидат потребни примероци. Ве бакнуваме братски. Овој циркулар да го прочитаат сите бивши и сегашни реонски началници.

*Од Главниот штаб*

*Објавено*: Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија, редакција и коментар: Љубен Лапе, Скопје, 1954, стр. 260-262; Љ. Лапе, Одбрани текстови..., стр. 458-459.

## Документ бр. 115

### Васил Пасков[495] до Задграничното претставништво на ТМОРО

**Да не се прифаќа иницијативата на бугарската влада за одлагање на востанието, бидејќи тоа ќе го поткрепи убедувањето на дипломатијата дека македонското движење се поттикнува, поддржува и раководи од Бугарија која има завојувачки цели, а тоа ќе има штетни последици за ослободителното дело.**

Татар Пазарџик, 15 мај 1903 г.

Сега веќе станува јасно од каде му било подшушнато на Начович[496] да се нагрби со улогата на посредник[497] и каква цел се гони со тоа.

Владата навистина ќе се обиде да ве натера да го примените своето влијание за едно привремено смирување на духовите во Македонија и Одринско. Не знам како ќе го пресретне тоа и на што ќе се решите, но сепак сакам со вас да ги споделам мислите, кои што го возбудија тоа прашање кај мене. Во прво време, се разбира, не треба да се дава никаков позитивен одговор. Неопходно е да се сондираат барем највидните дејци на Организацијата. Едно привремено сопирање на тоа пред време предизвикано востаничко движење, додека уште трае подготвителниот период и додека востанието не е објавено формално, е неопходно и би било од голема полза, но од друга страна, тоа би ја поткрепило дипломатијата во нејзиниот стремеж

---

[495] Васил Пасков (1874, с. Осиково, Неврокопско–1934 с. Лџене, Чепинско), член на Битолскиот окружен комитет, во 1900 година е осуден на 12 години затвор, амнестиран е во 1902 година. Во 1903 година бил претседател на Конгресот на Одринскиот революционерен округ. Бил редактор на „Революционерен лист“ (1904–1906) и весникот „Илинден“ (1907–1908).

[496] Глигор Начович (1845–1920), бугарски политички деец и публицист. Повеќе пати бил: пратеник во Народното собрание; министер за финансии; министер за внатрешни работи; министер за надворешни работи и вероисповед; министер за трговија и земјоделство; дипломатски агент во Букурешт, Виена и Цариград (1903–1906).

[497] Откако ЦК на ТМОРО донел одлука за востание во Македонија, бугарската влада презела повеќе иницијативи за одлагање на востание, како и за подобрување на турско-бугарските односи. Во тој контекст, на 15/28 мај 1903 година Григор Начович заминал со специјална мисија во Цариград да ја убеди Високата Порта во пријателската политика на Бугарија кон Империјата и нејзините заложби за смирување на ситуацијата во Македонија. Токму оттука произлегува и реакцијата на Васил Пасков во предметново писмо.

да утврди, дека, револуционерното движење во Македонија и Одринско се поттикнува, поддржува и раководи од Бугарија, која преследува завојувачки цели, а во очите на оние сфери, чии што симпатии се наша страна, Внатрешната организација ќе го изгуби својот карактер на самостојна и независна, а тоа ќе биде на штета на ослободителното дело.



Васил Пасков

Ви пишувам набрзина и сега не можам да ви искажам сè што мислам. Како и да е, но ако најпосле дојдете до убедување, дека ќе биде многу позгодно да се поткрепи владата во нејзината акција што ја презема, отколку ако и се попречи – тогаш да не се заборави наспроти тоа да и се побара: 1) да се обврзе, дека овде, во Кнежевството, не само што нема да ја попречува нашата дејност за собирање пари, купување на боеви материјали, нивен пренос, но и да ни содејствува преку своите доверливи приврзаници во земјата (се разбира, треба да се убеди од наша страна, дека сето тоа ќе се прави со претпазливост), 2) да се обврзе со своето влијание да парализира секаква дејност од страна на самонаречениот комитет – Цончев – Михајловски, инаку, и не би можеле да се ангажирате за времено запирање на започнатото револуционерно движење, 3) да се обврзе, дека ако таа со својата политика не донесе никакви сериозни резултати, нешто што уште од сега може да се предвиди – да не ни пречи на четите, кои ќе заминат од тука, кога востанието ќе биде објавено.

Со што ќе се обврзе владата, дека ќе ги исполни своите обврски, е прашање, на кое треба да се обрне сериозно внимание.

*Објавено*: Д-р Христо Татарчев. Спомени, документи, материали..., стр. 239-240.

**Документ бр. 116**

**ОПШТ ПЛАН И ЦЕЛИ НА ВОСТАНИЕТО 1903 ГОДИНА**

Софија, мај 1903 г.

ОПШТ ПЛАН И ЦЕЛИ НА ВОСТАНИЕТО

1. Како што се реши уште зимоска на конгресот во Света Гора[498] и на собранието од старите внатрешни раководители и боевите началници во Висока,[499] при сегашната подготовка општиот план за востаничките дејствија *е партизанска борба*. Со други зборови, сите боеви сили ќе се оформат во востанички чети и ќе почнат да дејствуваат *едновремено и повсеместно* на начин, што ќе го изложиме подолу. Значи нема да влеземе во борба со цели маси, сконцентрирани на извесни стратегиски пунктови, бидејќи во таков случај на турската војска ќе и се даде можност лесно и брзо да се справи со нас.

2. *Целта на борбата е: не ние да ја победиме Турција, туку таа да не може да нѐ победи нас*; колку е подолготрајна борбата, толку е посигурно, дека порано или покасно еден ден европските сили ќе бидат натерани да ги извадат своите војски на суво.

3. За претпочитање е едно долготрајно востание иако послабо, отколку силно, но краткотрајно, зашто во последниот случај, штом ќе се задуши востанието, Турција ќе го искористи случајот за да ѝ каже на Европа: „Редот е воспоставен“ – и ние губиме исто како во Ерменија: додека Ерменците беа страшни, ерменското прашање беше на масата; штом ги уништија, нивното прашање изгасна. Остана само еден жален спомен – ништо повеќе. На некој начин се успокои и Турција, и Европа.

4. Од горното следува, дека партизанската борба треба да се постави така што да продолжи *бездруго* барем до зимата. Тогаш ќе се каже, дека дејствијата на некој начин се прекинати за на пролет; преку зимата може да се прават подготовки, па Турција никогаш да не може да рече: „Редот е воспоставен“. И не само Турција да не мо-

---

[498] Станува збор за одлуката на Солунскиот јануарски конгрес.

[499] Станува збор за советувањата на Софија на кои присуствувале голем број стари истакнати дејци на ТМОРО. Види: Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт. Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает (1893–1903), Скопје, 2003, 464-467.

же да каже, туку и самата Европа да чувствува, да гледа, дека никогаш не ќе бидеме уништени до крај.

5. Кога велиме приготвувања за на пролет со тоа не сакаме да кажеме, дека три – четири месеци постојани востанички дејствија не ќе бидат во состојба да ја натераат Европа да се вмеша со својата војска. Асли таму ни е надежта. Но бидејќи крајот на нашето прашање сепак е во рацете на Европа, а не во наши раце, за секој случај треба да имаме предвид, дека може да има потреба да ги продолжиме дејствијата и преку идната пролет. Да имаме предвид да го пресретнеме потешкото, па ако спечалиме полесно и за кратко време, да ни се види ќар.

6. Без да прогласиме востание, од февруари наваму судирите стануваат сѐ почести и почести. Оваа положба во очите на Европа е востаничка положба. Најпосле некои европски весници пишуваат, дека „востанието“ не можело да продолжи, бидејќи ние сме ја привршиле муницијата. А, штом, е така, т.е. штом Европа ја смета оваа положба не само за анархична, туку и за востаничка положба, ние во иднина можеме и треба така да ги распределиме своите сили и средства, така што земјата да се наоѓа во *вистинска востаничка положба, како што ние разбираме*, а од друга страна да не си ја потрошиме храната и муницијата уште во првите неколку денови, туку да можеме да продолжиме до зимата. Со други зборови: *прв услов е – борбата да биде долготрајна* и според тоа да ги распределиме силите и средствата, за да не бидеме предвремено истоштени.

7. Ете зашто, кога едните дејствуваат, другите по секој начин би требало да ги одбегнуваат дејствијата. За нашата кауза капитал пред светот е дури и самиот факт, дека внатре ќе има многубројни чети, независно од тоа дали дејствуваат или не.

### Кога да започнат дејствијата

Потребни се три главни услови од чисто внатрешен карактер:

1. Да има леб, значи да созрее житото, па макар и да не е дособрано.

2. Малку од малку да наголеми ноќта, или барем да почне да се наголемува, а то е во месец јуни.

3. Бидејќи знаеме што муниција имаме, за да не запре востанието пред зимата, траба да започне не порано од месец јуни. Но и поради многу други причини дали може да се мисли за понатаму.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВОСТАНИЕТО

1. Штом ќе започнат партизанските дејствија, успехот зависи од иницијативата, сообразителноста и искуството на началниците на четите, како и од издржливоста и самопожртвуваноста на востаниците. Еднородноста на мерките и инструкциите во тој општ план, изработен по нарачка од Тајниот Централен револуционерен комитет, ќе даде општ колорит на сите востанички дејствија.

2. Цела Македонија се разделува на шест востанички окрузи, со Одринско стануваат седум. Тие се следните:

*Прв востанички округ: Битолски.* Во него влегуваат Костурско, Леринско, Битолско, Охридско, Дебарско, Кичевско, Демирхисарско, Крушевско, Прилепско, Велешко и Мариовско.

*Втор востанички округ*: *Кожув.* Во него влегуваат Гевгелиско, Еницевардарско, Воденско и Тиквешко.

*Трет востанички округ: Беласица.* Во него влегуваат Кукушко, Солунско, Дојранско, Поројско и Петричко.

*Четврти востанички округ: Пирински.* Западна граница – река Струма. Во него влегуваат Мелничко, Кресненско со Џумајско (левиот брег на р. Струма), Разлог, Неврокопско, Драмско, Серско и Демирхисарско.

*Петти востанички округ: Струмичко–Малешевски.* Центар – Готен планина. Во тој округ влегуваат Струмичко, Радовишко, Малешевско, Пијанечко и дел од Џумајско (десниот брег на р. Струма).

*Шести востанички округ: Овчеполски.* Центар Црн Врв – Лисец. Во округот влегуваат Штипско, Скопско, Тетовско, Кумановско, Паланечко, Кратовско и Кочанско.

*Седми востанички округ: Одрински.* Во него влегуваат Малкотрновско, Бунархисарско, Лозенградско, Чокенско, Мустафапашинско, Дедеагачко, Ѓумурџинско, Ахчелебиско и Скеченско.

3. Секој округ се дели на неколку востанички околии сообразно со природните граници (реки, планини, гребени и друго) и согласно со месната револуционерен подготовка (оружје, калени борци и слично).

4. Во секоја околија дејствуваат неколку чети. Секоја чета се состои од петнаесет до триесет души според месните потреби и стратегиските услови.

5. Големите чети се непрактични и дури бесполезни за целите што ги гони востанието, бидејќи силата на една востаничка чета се состои во нејзината прикриеност, недофатливост, нераранливост и

брзина во движењето и нејзиното дејствување, а во тој однос големите чети, отстапуваат пред малите. Чета од петнаесет до триесет души е доволно силна за да ја исполни својата задача, и доволно мала, за да се провлече, да се скрие, да се нахрани на секаде.

6. Секоја чета, освен началник (војвода) за секој случај *бездруго* треба да има и подначалник (подвојвода).

7. Секоја востаничка чета треба да се состои од *кадар и пополнување*. Кадарот го сочинуваат: началникот на четата, подначалникот и двајца – тројца стари четници. Пополнувањето се состои од месни работници на возраст од осумнаесет до четириесет години, се претпочитаат познати искалени и добри работници.

8. Четата никогаш не треба да се состои само од неопитни селани; задолжително во нејзиниот состав треба да влезат два – три стари четници.

9. Во секоја чета треба да се определат двајца четници на кои ќе им се довери економскиот дел: специјално да се грижат за набавка на храна.

10. Четите обично се номерирани според околиите; како на пример „трета чета од втора околија на четвртиот востанички округ".

### Задачи за четите и начин на дејствување

1. Напаѓање на незначителни турски војски, распоредени на логер во христијанските села и паланки.

2. Напаѓање:

а) турски аванпостови;

б) одделни караули и стражари;

в) мали воени и полициски одделенија;

г) башибозучки потери;

д) уќуматски курири и слично;

2. Напаѓање воени складови: или за ограбување, или за уништување. Тоа се има предвид особено во првите денови.

4. Разрушување на јавни европски постројки:

а) патнички возови;

б) железнички мостови;

в) тунели;

г) шини;

д) телеграфски жици;

ѓ) *макази* по железницата;

е) телеграфски станици;

ж) железнички станици, особено оние, кои имаат *водоснабдувалишта и складови за машини*.

5. Разрушување;

а) зградите при рудниците, кои се експлоатирани од Европејци: Рожден (Мариовско), Ѓурециk (Драмско) и други;

в) кредитни институции, банки;

г) фабрики и слично;

6. Рушење на турски општествени постројки:

а) телеграфски жици и столбови;

б) мостови по патиштата на поголемите реки;

в) државни телеграфско–поштенски станици;

г) владини објекти и други.

7. Преку целото време додека трае востанието телеграфските линии треба постојано да се прекинуваат. Тоа не е тешко ниту за четите, ниту за легалните селани; а пак ползата е доста голема; Турците не ќе имаат брзи соопштенија, па не ќе можат брзо да испраќаат војска на помош.

8. Кога четата ќе види дека по патот иде војска, може да подготви т.н. фугас (се разбира, ако има доволно експлозивни средства); од една страна на патот се копа јама и во неа се става некој килограм динамит, врз него се натрупуваат ситни камења, а од горе се посипува земја за да не се познава. Така подготвен, фугасот се поврзува со жица со машинката за потпалување и фугасот изгрмува: бидејќи камењата се ситни ќе исплашат можеби мнозина од војниците, а главно ќе внесат паника, а четата може да ги истреби со куршуми, наместо динамит (ако нема доволно, или ако е потребен за поважни преземања), фугас може да се припреми и со бертолова сол или со бомби (од големите, фортификациски). Можат да се направат два па и три фугаси и да се запалат истовремено.

Бидејќи експлозивните средства не се во изобилство, фугас се прави само тогаш, кога четата гледа дека ќе биде опколена.

9. Напаѓање на турски села, чифлизи и слично има смисла само тогаш, кога се сака да се прогонат Турците, за да може четата слободно да оперира по тоа место.

10. Напаѓање на турски села, чифлизи и други би можело да се преземе и со цел да се запалат, па и да се истребат нивните жители, ако последните правеле пакости на нашите села или ако одат рамо до рамо со потерите. *Жени и деца по никој начин да не се убиваат.*

11. Има смисла да се напаѓаат и куќи на христијани, турски шпиони, или отворени непријатели на востанието.

12. Да се избегнува посегање врз *личноста* на туѓинци.

## Инструкции

1. Сите напади би требало да се изведуваат ноќно време.

2. За секој напад претходно да се подготви план; секогаш се определува пунктот, каде треба да се соберат востаниците по нападот.

3. Во некои случаи задачата се исполнува од одделни чети; а кога задачата е посложена, за нејзино исполнување треба да се соберат две, три или повеќе чети, на определен собирен пункт. Меѓутоа, откако ќе се изврши акцијата, четите веднаш се распрснуваат.

4. Во нападите треба да се дејствува брзо, енергично и решително, при што ќе се помни дека секоја изгубена минута, може да чини живот за целата чета.

5. Кога се напаѓа, особено внимание треба да се обрне како да се зачува самата чета; за таа цел, дел од четата го набљудува непријателот, а другиот дејствува.

6. Кога се напаѓа мост (или друго нешто) што го чува војска, тогаш обично половината сили се нафрлаат на војската и ја одвлекуваат настрана во судир, а другата половина во тоа време ја извршува акцијата.

7. *По принцип четите треба да избегнуваат средби со турските војски, особено кога последните се побројни.* Секогаш треба да се помни правилото: дека за една востаничка чета е успех, ако може да одбегне, да не дојде до судир, ако непријателската војска е побројна; *воопшто вистински бој треба да се одбегнува.*

8. Војска вообичаено се напаѓа ненадејно: во дол, на кривина, на мост и слично. За таа цел секогаш треба да се ангажираат посебни селски курири, или пак некои месни четници.

9. Четите во секоја околија секогаш треба да одржуваат постојани контакти меѓу себе, за да можат во случај на опасност да притекнат на помош едни на други.

10. Кога непријателот е на штрек и испраќа силни потери, имено тогаш, четите треба најмногу да се притајуваат и не треба да се собираат на едно место.

11. Воопшто нормалниот и најсоодветен начин за акција треба да биде дејствувањето на одделни, не големи чети (од петнаесет до триесет души). Со поголеми востанички маси има смисла да се дејствува (и тоа не на секаде) главно во два случаи: а) првата ноќ, кога започнуваат дејствијата, за да се изненади непријателот, да се компромитира, да се охрабри милицијата и да се направи уште посилен ефект; б) последните денови пред зимата, за повторно да се заврши со ефект, ефект кој ќе се памти до идната пролет.

12. Првиот и последниот ефект не треба да се разбере како некој генерален судир (отворена битка), бидејќи тој може да заврши со таков неуспех што ќе ја разниша кај народот вербата во востанието, а пак пред европската дипломатија да предизвика директно спротивен ефект од оној, кој што се преследува (дипломатијата може да смета, дека веќе сме разбиени и разнебитени). Под силен ефект треба да се подразбираат крупни терористички акции, пожар, истребување на војските од заседа и слично.

13. Нека се помни и тоа, дека од успехот или неуспехот на првата акција многу ќе зависи успехот на борците, особено на селската милиција. Ете зашто планот за првиот удар треба добро да биде осмислен. За прва акција може да се препорача следното:

а) *Прекинување на сите телеграфски линии по сите околии.*

б) Напаѓање ноќно време на град: главно се дејствува со експлозивни средства и со пожар.

в) Напад на воен склад.

14. Најслабата страна на секое востание е тешкотијата за набавка на храна и патрони. Во својата борба против востанието, непријателот главно настојува да нè лиши имено од храна и патрони. Ете уште една од главните причини, поради која настојчиво им се препорачува на четите да не се ангажираат во продолжен и отворен судир (па да не ги трошат своите патрони), освен, се разбира, во случај, кога не зависи од нас (пример кога четата е опколена).

15. На некои можеби ќе им се види чудно, што се ограничуваме само со тој општ план за дејствија, а не со специјален подробен план или со специјални инструкции поодделно за секој востанички округ или околија. Слично нешто според укажувањата на компетентни луѓе е невозможно и крајно непрактично. За најцелесообразно и најумесно за едно партизанско движење е: да се оставаат начални-

ците слободни – сами да решаваат според времето, потребите и според можностите – слободната иницијатива на началниците им вдахнува храброст и решителност; а доколку се обврзани со подробен план, тогаш на своја глава не ќе преземаат ништо и ќе пропуштат многу погодни моменти. Воопшто во решителни моменти, началниците ќе бидат нерешителни, а тоа лошо ќе се одрази врз целото востание.

ШТО ДА ПРАВИМЕ СО НЕВООРУЖЕНИТЕ
СЕЛАНИ, СО ЖЕНИТЕ И ДЕЦАТА

1. За пополнување на четите, рековме, се избираат најдобрите, некомпромитираните и искалените работници. Сите други селани, како и жените и децата треба да останат во село. Тие ќе помагаат и се должни да помагаат на четите во секој однос.

2. Ние знаеме, дека прашањето за жените и децата, па и за другите (невооружени постари селани), е едно од најтешките. Мнозина ќе сакаат да бидат или блиску до своите – до селото, или пак ќе сакаат да ги земаат со себе во горага. Меѓутоа, и во едниот и во другиот случај е поризично за исходот на востанието и за населението. Невооружените ќе ја изедат скриената храна за востаниците. Турските војски полесно ќе ги опколат и едните и другите и во таков случај ќе постапат безмилосно.

3. Востаниците наместо да се држат до партизанското напаѓачко поведение ќе бидат принудени да стојат на едно место и да држат одбранбена положба, а притоа без да има сигурност, дека ќе ги заштитат своите и самите себе.

4. Со тоа пак да не се помисли, дека сосема треба да ги оставиме жените и децата. Напротив, ако видиме, дека се случува сеч, блиските востанички сили треба да нападнат на непријателот.

5. Во повеќето случаи, откако населението ќе види, дека доаѓа разјарена џган и дека ќе настрада, да се отстрани надвор од селото, а откако ќе помине опасноста да се врати. Во многу случаи така се спасувале и до сега.

6. Овие мерки по прашањето за жените и децата се препорачуваат, се разбира, не како нешто добро, туку како помало зло; особено пак се има предвид крајната цел: успехот, исходот на востанието.

*Објавено*: Цочо Билярски, Планът на Илинденско–Преображенското въстание 1903 година, ВИС, София 1987, кн. 6, стр. 213-222; Архив Христо Матов ..., стр. 277-282.

## Документ бр. 117

### Проект – Мемоар на бугарскиот кнез Фердинанд до рускиот император

**Положбата на славјанското население во Македонија е лоша; революционерното движење не може да се запре; предлог за реформи: христијански управник – губернатор, обласно собрание, посебен буџет, полна политичка амнестија; македонскиот народ ќе биде восхитен од реформите, бидејќи не се води од панбугарски идеи.**

Софија, 8 јуни 1903 година

Ваше Императорско Височество,

Ако и овој пат имам смелост да се јавам пред вашето Величество, јас тоа го правам само од длабока верба, дека само најблагородниот, највеликодушниот европски монарх, брануван секогаш од чувствата на висока хуманост, надарен со срце кое е способно да ги разбере сите болки на страдалното човештво, будно го следи жалниот развој на настаните во блиската Турска империја; јас го правам тоа и од длабоко убедување, дека Вашето Величество е врховен покровител на славјанството, природен арбитер на неговите судбини, најправеден судија во неговите дела, Вие сте единствениот, од кого може да се очекува задоволително разрешување на една ситуација, која е опишана во моето писмо од 14 окт[омври] мин[атата] год[ина] само во магловита форма, која денес, за жал стана неподносливо, ужасна. Така што сите сведенија што се добиваат од несреќните турски провинции, населени од славјани ни исцртуваат една потресна слика: цели области кои до вчера цветаа, сега се обезлуѓени и економски сосипани. Интелигенцијата и народот еднакво се измачуваат, при што не се прави разлика меѓу пол и возраст. Училиштата и црквите се запустени и осквернавени, најсветите чувства на човекот се погазени. Диви воени толпи ги осрамотуваат домашните огништа и семејната чест на населението. Една тристаилјадна армија разнесува страв и трепет во најдалечните катчиња. И што е најгрозно, најужасното е: како последица на општото економско разорување и на крајната беда веќе се појавуваат престапниците на најгрозната смрт: гладната смрт. На многу места, славјанското население во Македонија веќе се храни со корења и земја: сè што не е побегнато во горите, старци, жени и деца е жртва на тешки епидемии.

Тифусот наскоро ќе покоси многу души, отколку најгрозната војна. При такви услови, не е чудно, дека македонскиот роб, поставен пред алтернативата да избира меѓу бавната адска смрт од глад, или брзата разрушувачка смрт од турското оружје, да ја претпочита последната. Чудно е што и со најголеми усилби до денес не може да се сопре революционерното движење во несреќната земја? Но моето слабо перо не е во состојба, Ваше Величество да ги опише сите грозотии на една ситуација, која Вашите конзули Ви ја оцртале бездруго со многу поголема точност и подробност и која Вашиот посланик во Цариград по Ваша Висока заповед се грижи да ја олесни со сите можни средства. Ваше Величество, искрена, длабока благодарност, за тоа сочувство за страдањето на едно словенско племе! Но, настаните се одвиваат со таква поразителна брзина, така што сите признаци зборуваат така јасно, дека се приготвува некаква катастрофа, а знаејќи ја Вашата желба да се запази мирот на Балканот со сите возможни средства, јас си дозволувам додека уште не е касно да го предложам следниот план за едно наполно задоволувачко уредување на тревожното и опасно македонско прашање:

I. Да се назначи еден христијански главен управник за трите вилаети на Турската империја во кои преовладува словенскиот елемент, помеѓу најдостојните кандидати за овој пост, црногорскиот кнез Мирко, данскиот принц Валдемар или принцот Франц Јосиф Батембергски.

II. Главниот губернатор да ја управува областа со помош на едно обласно собрание, избрано од самото население.

III. За одржување на редот во земјата да се организира специјално обласно собрание.

IV. Буџетот и даноците во областа де се определат од самото обласно собрание.

V. Да се даде општа и полна политичка амнестија на сите политички престапници.

Бидете уверени, Ваше Величество, дека овој проект од македонскиот народ, кој никако не се води од панбугарски идеи, ќе биде пресретнат со неопислив восхит; јас сум длабоко убеден, дека со исполнувањето на мојот скромен предлог, за кој е потребна само Вашата семоќна заповед, ќе се обезбеди полно спокојство на мојот народ, кој денес е растревожен од грозната судбина на населенијата

отаде Рила и попречен во својот внатрешен, економски, умствен и морален развој.[500]

Најпредан на Вашето Величество.

*Фердинанд Сакскобурготски*

*Објавено*: Валентин Китанов, Принос към дипломатическата история на България. Григор Начович и Българо–турското споразумение от 1904 г, София, стр. 2004, 32-33.

[500] Овој проект е напишан од проф. Иван Шишманов, тогашен министер за народна просвета на Кнежеството Бугарија.

## Документ бр. 118

### Мемоар од Григор Начович до Младотурците од бугарско потекло за подобрување на турско–бугарските односи

**Македонците се стремат кон слободен живот одделен од Бугарите и од Кнежеството; тие се против Сан Стефанска Бугарија и сакаат македонска автономија; Македонците се многу влијателни во Бугарија, а од нив се плаши дури и кнезот; турско–бугарска војна може да доведе само до руска окупација на Бугарија и австриска окупација на Македонија, а Македонците пак си остануваат Македонци и ќе се бунтуваат ако не се спроведат реформи.**

[Софија, пред 24 јуни 1903 г.]

Сведенијата, коишто ми ги давате од Цариград покажуваат, дека тамошните високи кругови се многу лошо информирани за вистинската положба на работите во Бугарија и во Македонија. Таму мислат, дека како Грција пред неколку години,[501] така сега ѝ Бугарија сака да ги прошири своите граници и затоа го бунтува бугарското население во вилаетите. Тоа убедување е сосема неосновано. Вистина е, дека Грците се стремат да ја завојуваат Кандија и затоа ѝ објавија војна на Турција, а по поразот се смирија. И Бугарија едно време мечтаеше за Сан Стефанска Бугарија, а тоа беше кога Македонија се тркалаше во тињата на незнаењето. Сега, по дваесет години, Македонија се промени, училиштата го дадоа својот плод и Македонците се стремат кон слободен живот, одделен од Бугарите и Кнежеството. Како што ние станавме непријатели на Русите и сме против нивните завојувачки планови, така и Македонците се против Сан Стефанска Бугарија. Тие сакаат да образуваат одделна област од Кнежеството, тие сакаат македонска автономија. Ако Турците добро го разберат тоа, тогаш ќе знаат да најдат лек за болеста.

Знам, дека таму излез од сегашната неподнослива положба очекуваат од една победоносна војна; тие очекуваат исход од една војна, бидејќи имаат криво разбирање за состојбата на работите. По мое длабоко убедување, Портата нема да има мир, дури и десет пати да ја победи Бугарија. Напротив, колку повеќе, Бугарија се столчува, толку повеќе Македонците ќе се размрдаат и ќе ѝ прават штети на Империјата. Ако тие денес се господари во Бугарија причина за тоа

[501] Се однесува на грчко–турската војна од 1897 година.

е, имено, слабоста на бугарската влада на која што уставот и симпатиите на населението ѝ ги врзуваат рацете.

Неблагодарни од турската управа, лишени од важни правдини, изложени на сите можни прогони, Македонците бегаат во Грција, Србија и најмногу во Бугарија. Тука има 150 000, од кои само во Софија 30 000 од едно население од 75 000. Бугарите им сочувствуваат, како што Турците им сочувствуваат на Черкезите и Татарите во Русија и на муслиманите во Индија. Младотурчинот Мурат беј е руски Татар, но штом се пресели во Цариград му дадоа добра служба. Ако се кренат Черкезите и Татарите во Русија, нема сомнеж дека турското население, зад грбот на Високата Порта, ќе им помага на своите едноверци од сè срце, а ако не им помага, причина ќе биде неговото недостоинство. По примерот на тоа сочувство, Македонците се честити во Бугарија, тие се примаат во сите служби, прават трговија и се најбогатите. Има Македонци министри, и пратеници, и адвокати, и владици, и свештеници и секакви. Министрите треба да им платат клучари зашто се влијателни, дури кнезот се плаши од нив, бидејќи можат да му сторат големи пакости. Бидејќи тој не им објавува војна на Турците, тие постојано го зборуваат тоа, дека ќе ги пренесат бомбите од Македонија во Бугарија, од Солун во Софија. Од друга страна, сочувството на едно население не се уништува со војна, напротив, страдањата го зголемуваат уште повеќе.

Бидејќи положбата е таква, каква полза ќе има Портата од една војна со Бугарија? Македонците пак си остануваат Македонци и по војната тие пак ќе продолжат со своите атентати во вилаетите со уште поголема сила, бидејќи бугарската влада ќе биде послаба од сега. Дури и да допуштиме, дека господството на султанот за секогаш ќе се поврати до Дунав, Македонците пак ќе ги прават своите востанија, како што ги прават и сега, како што си доставуваат оружје и динамит преку Солунското пристаниште во рибни буриња. Но, Турците по војната ќе се вратат во своите граници и ќе знаат, дека и по победата ништо не завршиле.

По нашиот пораз Русите ќе навлезат во Варна и Бургас, ќе го избркаат Кнезот, ќе го заменат со некој руски губернатор, ќе донесат руски министри, генерали и полковници, а нашата војска ќе стане аванс и гарда на руските војски: тоа ќе биде резултатот од нашиот пораз. Меѓутоа, во исто време тие ќе се служат со Македонците за да ги поткопуваат основите на Империјата без да може Портата да им објави војна.

Во Илдиз знаат повеќе работи, отколку во Министерството за надворешни работи и затоа не ни објавуваат војна. Таму знаат, дека

Македонските комитети не се поттикнуваат од бугарската влада, туку од Австрија; таму знаат, дека Сарафов од Австрија добива милиони левови, динамит, пушки и слично, вчера еден поранешен министер ми рече, дека во негово време Македонците добиле од Австрија 4000 манлихерови пушки, кои тој тајно ги пропуштил во Бугарија, бидејќи го заплашувале, дека ќе го убијат ако се спротивстави. Таму знаат, дека Австрија ја бунтува Македонија со цел за да ја грабне и затоа во Илдиз не сакаат да водат војна со Бугарија, туку со неа да направат сојуз. Тие таму тоа го сакаат, но не знаат како да го постигнат, бидејќи се полни со предрасуди.



Григор Начович

Но тој сојуз, што го сакаат и Бугарите, не може да се случи, освен ако се задоволат Македонците, т.е. ако се внесат широки реформи во трите вилаети. Ако тоа се случи, Македонците, кои денес ја повикуваат Австрија за да ги окупира, ќе се бијат рамо до рамо со турските низами против Австрија, па дури и против Бугарија, ако таа се осмели да ги протегне своите раце кон Македонија. Тоа е излезот кој ние Бугарите го сакаме.

Ние го сакаме, без меѓутоа да веруваме во неговото постигнување, бидејќи луѓето на Портата не се способни да ги користат лекциите од историјата. За да се уверите во тоа отворете ги протоколите од Конференцијата во Топхане од 1876 година[502] и прочитајте.

Ако Портата, тогаш ги прифатеше предлозите од оваа Конференција, денес Бугарија уште ќе беше турска област. Портата ги

[502] Се однесува на Цариградската конференција од 1876/1877 година на која учествувале претставници на Англија, Русија, Австро–Унгарија, Франција, Германија, Италија и Османлиската империја. На конференцијата биле разгледувани повеќе предлог–проекти за изнаоѓање на мирно решение за Источна криза. Меѓутоа, за време на конференцијата, Османлиската држава прогласила Устав со што ја минирала конференцијата. Набрзо потоа, Русија и објавила војна на Османлиската држава. Војната завршила со Санстефанскиот мировен договор од 3 III 1878 година, со кој меѓу другото, било предвидени создавање на Сан Стефанска Бугарија. Решенијата од овој договор биле ревидирани на Берлинскиот конгрес 1878 година.

отфрли овие решенија со изговор, дека ќе воведе устав и ја загуби Бугарија, Босна, Херцеговина, Тесалија и други. А проектот на уставот, кој што можеше да ја спаси, денес отиде при Хатихумајунот и Хатишерифот.[503]

Вашите пријатели говорат, дека прифаќаат да ни ја отстапат Македонија ако ги победиме, дека ќе се потчинат на Англија, Германија и други. Тоа се зборови на луѓе, кои немаат појма од патриотизам. Еден патриот не допушта пропаѓање на својата татковина, туку ги употребува сите средства за нејзин спас. Како што во 1876 година, Портата ќе ја избегнеше катастрофата со воведување на некои промени од кои и самото турско население ќе имаше корист, така и сега таа ќе ја избегне катастрофата и конечно ќе се оттргне од македонските мешаници, ако ги воведе реформи, кои што Начович ги беше предложил. Тоа е единствениот лек, а сите други мудрувања се детски приказни.

Бугарите не сакаат војна, зашто војната е нешто безбожно, а освен тоа и зашто знаат дека дури и да бидат победници, пак ништо нема да спечалат. Како по Сливница,[504] така и по нова победа и тие и Турците ќе се вратат назад без некое проширување на границите, зашто тоа нема да го допушти ниту Австрија, ниту Русија. Тие сакаат бурекот да остане цел, бидејќи не се задоволуваат само со дел од него. Тие не сакаат на исток да има силни држави за да може полесно да ги голтнат и да го сомелат. Бугарите се против бунтовите во Македонија, бидејќи се плашат, дека Австрија ќе најде причина да навлезе во таа област, а Русија за компензација ќе ги завладее Цариград и Дарданелите, тогаш Франција, Англија и Италија ќе гледаат кој дел од Турската империја да го докопаат. Бугарите не го сакаат бунтувањето на Македонија, но не можат да го сопрат, бидејќи се слаби и бидејќи Австрија им помага на бунтовниците и ќе продолжи да им помага.

А сето тоа ќе се случи бидејќи Портата не фати да ја усреќи државата да го следи примерот на *Јапонија* и да се цивилизира!

Денес во Македонија, еден се труди, а друг јаде. Повеќе од илјада села им припаѓаат на беговите, а се обработуваат од потчинети и згора на тоа во секое село има по еден падар, кој го прибира тоа

[503] Ѓулханскиот хатишериф од 1839 година и Хатихумајунот од 1856 година се два значајни султански акти за преобразба на Османлиската империја со кои меѓу другото сите поданици на Империјата биле прогласени за еднакви пред законите.

[504] Станува збор за српско–бугарската војна од 1885 година.

што бегот заборавил да го дигне. Во дваесеттиот век таква управа не се трпи. И додека тоа трае, револуциите нема да престанат.

Каков интерес има државата да подржува една положба, колку неправедна, толку и опасна за самото нејзино постоење? Каков интерес има државата да онеправдува милиони граѓани за да се прехрануваат неколку стотини готованџии од кои таа нема никаква корист. Разбирам, во поранешните векови, кога беговите кои се господари над селата, одеа да умираат за татковината, меѓутоа, сега тие умираат само од повреди на стомакот и од пијанчење. И за такви непогодни државата се изложува на пропаст!

Следствено, спасот не е во една војна, туку во реформи на областите. Штом овие реформи ќе се воведат, Кнезот, којшто денес трепери од Македонците и неговата влада, ќе ги зауздат комитетите, бидејќи со себе ќе го имаат целото општествено мнение во Бугарија. Сега тоа мнение е во корист на Македонците и динамитациите, зашто животот во Македонија е невозможен; но по реформите тоа ќе се сврти против Македонците, зашто тие веќе не ќе имаат причина да се бунтуваат, бидејќи животот, имотот и честа во Турција ќе бидат безбедни.

Реформите, бидејќи воведуваат ред, сигурност и правосудство во вилаетите ќе го подигнат нивното производство, бидејќи трудот и имотот ќе бидат безбедни. Под турска власт, Бугарија не извезуваше стоки ниту за дваесет милиони, сега извезува за близу сто милиони, нејзиниот буџет е тежок сто милиони, а населението е задоволно. Таа има банки, каси, осигурителни друштва, државни железници, пристаништа, војски, пароходи, а сето тоа е постигнато за 25 години, благодарени на редот во земјата, на сигурноста, правосудството и на чесноста. Колку повеќе од овие нешта ќе се добијат во Турција, ако и таму се воведе проебразувањето?

Вашите пријатели мислат, дека Бугарите не биле искрени и се преметале ту кон Русија, ту кон Турција. Тоа е мачно, но причината за тоа е само македонското прашање. Бугарите мечтаат по својата независност, но македонското прашање ги става во голема опасност. На нашата граница сега има 200 000 турска војска и тоа нè тера да бараме покровители. Кога ќе се премавне ова прашање, Бугарите ќе имаат само една мисла: да ја бранат својата независност. Ова независност е загрозена само од Русија и поради тоа, Бугарите ќе се прилепат само за Високата Порта.

Вашите пријатели говорат за покровителство на Англија или Германија. Дали не е подобро да ја подобрат својата управа, да нап-

реднат и да се засилат, наместо да паднат под ропство? Дали не е подобро да ги задоволат Македонците наместо да ги стаса судбината на Египет, на Тунис, на Алжир, на Крит? Ние сме мал народ и не сакаме никој да не покровителствува, не ги сакаме ниту Русите, ниту Австријците, ниту Французите. Зашто вашите пријатели не го следат нашиот пример? Дали тој не е повеќе доблесен и поусогласен со државните интереси?

Во Јилдиз сакаат да ја видат нашата искреност. Ние ја имаме, а ако не ја покажавме, причина се Македонците кои нѐ завладеале и кои, благодарение на австриските интриги, станаа наши господари. Направете реформи, дајте им една татковина, а тие тогаш ќе се одделат од Австрија и ќе станат ваши и наши пријатели, добри патриоти, готови да ја пролеат својата крв против Австрија, дури и против Бугарија.

***

Овој Мемоар го испратив на Д. Маринов во Цариград во 1903 година, кога тој уште беше при Егзархијата за да го покаже на некои свои пријатели Младотурци од бугарско потекло, а сега високостоечки влијателни лица и по прочитувањето да ми го врати.

*Објавено*: В. Китанов, Принос към дипломатическата история на България..., стр. 40-43.

## Документ бр. 119

### Главниот штаб до Дирекцијата на Ориенталните железници[505]

**Предупредување за почетокот на востанието и опасноста од невини жртви поради евентуални атентати по железницата.**

Битола (планина Пелистер), [12 / 25 јули,[506] 1903 г.]

Господине директоре,

---

[505] Овој документ во поинаква верзија е публикуван кај: Христо Силянов, Освободителните борби... 357. Истата верзија е преобјавена во повеќе зборници на документи меѓу кои: Љ. Лапе, Одбрани текстови..., 485; Даме Груев – Спомени. Кореспонденция... 218; Вътрешната македоно–одринска революционна организация..., 305-306. Ние се одлучивме за верзијата според Д. Зографски, која е автентична. Во прилог на тоа овде ќе укажеме на некои од разликите во документот што е предаден според Силјанов и верзијата кај Д. Зографски. Така во верзијата кај Силјанов стои дека Главниот штаб „реши востанието да почне денес", додека во верзијата кај Зографски ова формулација гласи „овие денови реши да отпочне со востанието". Понатаму кај Силјанов стои дека востанието е во името на слободата на христијанското население „во Македонија и Одринско", додека во верзијата кај Зографски стои „во Македонија и Одринскиот вилает". Кај Силјанов на крајот од документот се наведени имињата на тројцата членови на Главниот штаб: Д. Груев, Б. Сарафов и А. Лозанчев, меѓутоа, во верзијата кај Зографски, која е поткрепена и со факсимил стојат само имињата на Д. Груев и Б. Сарафов. Последното се потврдува и од писмото на Великото везирство до турското воено министерство од 21 јули (ст. стил) 1903 г., во кое се вели дека „тоа писмо било потпишано од раководителите на востанието Сарафов и Дамјан", (Даме Груев – Спомени. Кореспонденция..., 219). Најпосле на крајот од документот во верзијата и факсимилот што се дадени кај Зографски стои „Битола (планина Пелистер)", и датумот „25 јули 1903", што воопшто ги нема кај Силјанов.

[506] Овде ги даваме двата начини на датирање (Јулијанскиот и Грегоријански) за зачувување на принципот. Меѓутоа, источниот православен свет во овој период како во црковниот така и во секојдневниот живот го практикувал Јулијанскиот календар. Оттука сите акти на Организацијата како и приватната кореспонденција е датирана според Јулијанскиот календар. Но, сепак постојат исклучоци како овој, бидејќи документот бил наменет за Дирекцијата на Источната железница, која се раководела според Грегоријанскиот календар, датирањето е извршено според овој календар. Ваквото датирање според „нов стил" му оставило впечаток на австроунгарскиот конзул во Солун, Рихард Хикел. Освен тоа Хикел во својот извештај од 2 август 1903 година, нагласува дека документот бил доставен од непознат човек, при што било очигледно дека пликот во кој бил документот подолго време бил фаќан и носен, но дека документот го смета за „наполно оригинален". (Извештаи од 1903–1904 година на австриските претставници во Македонија..., 61).

Главниот штаб на Македоно-одринскиот революционерен комитет има чест да ја извести почитуваната Дирекција на Ориенталните железници, дека овие денови реши да отпочне со востание во името на слободата на христијанското население во Македонија и во Одринскиот вилает, против турскиот режим, кој што од пет столетија наваму не само што не ги признава најосновните човекови права, туку не покажал и не дава ни најмала гаранција за животот, среќата и честа на христијанското население, кое како последица на овој режим, дојде до последната крајност, поради што е принудено да му објави борба на својот крвен непријател со повикот „Слобода или смрт!“

Бидејќи ова востание по апсолутна неопходност ќе мора да биде проследено со некои атентати врз железничките патишта – горешпоменатиот Главен штаб има намера (како човечка должност) да ја извести Вашата почитувана Дирекција таа да има предвид во текот на овие денови да не им дозволи на жителите од овие краишта да патуваат со ориенталната железница, за да не станат невини жртви.

Примите, господине, израз на наша длабока почит.

Ова писмо го праќаме преку брз курир заради ова.

Членови на Главниот штаб
*Дамјан Груев*
*Борис Сарафов* итн.
Битола (планина Пелистер)
25 јули[507] 1903 г.

*Објавено:* Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија, Превод, редакција и коментар Данчо Зографски, Скопје 1955, стр. 62-63, факсимил на стр. 271-273.

[507] Според Грегоријанскиот календар.



A la Direction
des Chemins de Fer Orientaux en Turquie.

Monsieur le Directeur!

L'Etat Major Général du Comité Revolutionnaire de Macédoine et Andrinople à l'honneur d'informer l'honorable Direction des Chemins de Fer Orientaux, qu'il a pris la resolution à commencer ces jours une insurrection au nom de la Liberté de la population Chretienne en Macédoine et au Vilayet d'Andrinople contre le régime Turque, qui depuis cinq siècles, non seulement n'a pas reconnu les plus simples des droits humains mais encore n'a pas montré et ne donne pas la moindre garantie pour la vie, la fortune et l'honneur de la population chrétienne qui en

PH. XXXVIII/316

Факсимил од писмото на Главниот штаб до
Дирекцијата на Ориенталните железници

## Документ бр. 120

### Окружно од Главниот штаб на II (Битолски) револуционерен округ до Центровите и селските началници и до народот[508]

**Повик за почеток на востанието на 20 јули 1903 година.**

Врв Победоносец, 15 јули 1903 г.

Окружно

До Центровите и селските началници и народот

Главен Штаб на Вториот Мак. Одр. Револуционерен Округ

Врв Победоносец, 15 јули 1903 г.

Браќа!

Најпосле многу очекуваниот ден за расправа со нашиот вековен душман веќе дојде.

Крвта на нашите невино загинати браќа од турската тиранија вика високо за отплата.

Погазената чест на нашите мајки и сестри го сака своето воспоставување!

Стига толку маки, стига, толку срам!

Илјада пати подобро смрт, отколку срамен и скотски живот.

---

[508] Споменатово Окружно во нешто видоизменета верзија е објавено во драмата Илинден од Никола Киров Мајски (види: Н. К. Майски, Илинденъ. Драма въ петъ дѣйствия. Картини изъ великото македонско възстание прѣзъ 1903 год., София, 1923, 49). Без сомнение Н. К. Мајски пред себе ја имал автентичната верзија на документот. Притоа за потребите на драмата, Мајски текстот го прилагодил на крушевски дијалект. Оттука се појавуваат извесни јазични и стилски отстапувања од автентичниот документ. Покрај тоа во верзијата кај Н. К. Мајски постојат конкретни отстапувања од автентичниот текст. Така во оригиналната верзија од документот стои: „Определениот ден на кој народот од цела Македонија и Одринско ќе треба да излезе јавно со оружје в рака против душманите е 20 јули“. Додека кај Мајски стои „Определениот ден, кога народот од цела Македонија ќе требит да излезит јавно со оражие в раце, спроти душманот, јет Илинден – 20 јули 1903 г. “. Очигледно, кај Мајски е испуштен зборот „Одринско“, а притоа се додадени зборовите „Илинден“ и „1903 г.“. Верзијата од Окружното кај Мајски, е публикувана во Документи за борбата на македонскиот народ..., том I, стр. 396, како и од Љ. Лапе, Одбрани текстови..., стр. 483-484, под редакција на Љубен Лапе.

Определениот ден на кој народот од цела Македонија и Одринско ќе треба да излезе јавно со оружје в рака против душманите е 20 јули.

Браќа, на тој ден следете ги вашите началници и соберете се под знамето на слободата.

Браќа, бидете упорни во борбата! Само во упорноста и долготрајната борба е нашето спасение.

Нека бог го благослови нашето праведно дело и денот на востанието.

Долу Турција! Долу тираните! Смрт на душманите!

Да живее народот! Да живее слободата! Ураа!

Ве бакнуваме братски,
*Штабот*

*Објавено*: Хр. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., стр. 281.



Нар. Библиотека, София
Н. Библиотека 191

Петръ Н. Стрѣзовъ, Ресенъ.

Окрѫжно

Щабъ на Втори Мак. Одр. Революционенъ Окрѫгъ

Връхъ „Побѣдоносецъ" 15ий Юлий 1903 год.

До Центровитѣ, селскитѣ началници и народа

Братя!

Найсетнѣ многоочаквания день за расправа съ вѣковния ни душманинъ дойде вече.

Кръвьта на нашитѣ невинно загинали братя отъ турската тирания вика високо за отплата.

Погазената честь на нашитѣ майки и сестри иска възтановяванието си!

Стига толкова [illegible]ки, стига толкова позоръ!

Хайде до пътя по[illegible] въ смъртъ отъ [illegible]

[illegible] и окотени жо[illegible]ото.

Опрѣдѣления день въ който народа [illegible] Македония и Одринско ще трѣбва да излѣзе явно съ орѫжие въ рѫка срѣщу душманина е 20ий Юлий.......

Послѣдвайте братя, вашитѣ началници [illegible] този день и се съберете подъ знамето на свободата!

Упорствувайте, братя, въ борбата! Само въ упорита и дълготрайна борба е спасението н[illegible]

Нека Богъ благослови правото ни дѣло и д[illegible] на въстанието.

Долу Турция! Долу тиранията! Смърт на душманитѣ.

Да живѣе Народа! Да живѣе Свободата! Ура!

Цѣлуваме ви братски

Щабътъ

[Печат: ...кедонский революционенъ комитетъ ... Свобода или смърть]

Повикот за почеток на востанието

## Документ бр. 121

### Окружно писмо №. 212 од Охридското горско началство до војводите во Охридската околија

**Востанието почнува вечерта на 20 јули; да се прочитаат повиците од Главниот штаб; инструкции за дејствување според Општиот план за востание.**

„Давидова долина“, 16 јули 1903 г.

Браќа,

Согласно Окружното од 14 јули Ви го соопштуваме следното: Востанието ќе започне на дваесетти јули вечерта, за таа цел Ви праќаме три повици од Главниот штаб, кои сте должни да ги прочитате во центрите на Вашиот реон. Споменатата вечер, датумот за денот на востанието ќе го напишете во повиците. Согласно Окружното од Штабот врз основа на решението на Конгресот ќе го имате предвид следното: условите за успех ќе зависат од долготрајноста на востанието. Успех за нашата борба ќе биде не да ја победиме Турција, туку да не ѝ дадеме можност, за да не победи. За тоа подобро е едно послабо востание, отколку силно, но краткотрајно. Ако ние умееме да ја продолжиме борбата подолго време, тогаш вмешувањето на европските држави е неминовно, зашто ќе настрадаат нивните интереси. За таа цел според решенијата на сите конгреси во Македонија и Одринско се прифаќа партизанска војна со следните задачи:

1) Вечно да ја обеспокојуваме Турција;

2) Никогаш да не започнеме судир, ако гледаме дека ќе има големи загуби за нас;

3. Да се дејствува со помали чети според инструкциите што ви се дадени од порано. Во случај на потреба се собираат повеќе чети; а потоа пак се растураат;

4. Секогаш да напаѓаме и никогаш да не допуштиме да нè нападнат;

5. Брзина при движењето и ненадејно да напаѓаме;

Ето што треба да се прави во првите дни и за цело време на востанието:

1. Да се прекинат телеграфските линии и да не се дозволи нивна поправка за време на востанието. Така што со прекинувањето на телеграфот Европејците ќе разберат, дека сме востаници;

2. Да ги растуриме сите мостови и патишта;

3. Да ги растуриме поштенските станици и владините објекти, каде што можеме;

4. Да ја нападнеме сета војска по селата уште првиот ден;

5. Да се избијат сите мемури, полјаци, спахии и заптии и било какви други турски чиновници;

6. Да се изгори сета храна на непријателот по полето и во амбарите;

7. Да посееме терор кај турското население, за да не оди на помош на аскерот;

8. *Забелешка*: Турски жени и деца не се убиваат. Христијанските села, кои што им сочуствуваат на Турците и одбиваат да дадат храна на востаниците, да се изгорат;

9. Да се попречува слободното движење на аскерот и башибозуците и на нивните курири;

10. Да се напаѓа и ограбува сета храна и резерви на аскерот;

11. И најпосле да се преземат дејствија со кои ќе се компромитира положбата на Турција. За олеснување на дејствијата да се уреди курирската должност со најголема точност.

Дополнителни сведенија за дејствијата во вашиот реон ќе ви испратиме во најкратко време.

Долу тиранијата! Да живее слободата – братски ве бакнуваме.

*Од реонското горско началство*

*Објавено*: Борис Николов, Непубликувани документи из архива на Христо Узунов, Исторически преглед, София 1990, кн. 5, стр. 84-85.

## Документ бр. 122

### Прокламација до турскиот народ во Крушевската револуционерна околија (Крушевскиот манифест)

Крушево, 20 јули 1903 г.

Слобода или смрт
Штаб на крушевските востаници
Илинден 1903 г.
Прокламација до турскиот народ во Крушевската околија[509]

Браќа земјаци и мили комшии!

Ние, вашите вечни комшии, пријатели и познаници од убавото Крушево и од неговите китни села, без разлика на вера, народност, пол и убедување, не можејќи веќе да ја трпиме тиранијата на жедните за крв и гладните за човечко месо муртати, што гледаат и нас и вас, да нѐ дотераат до нож, и нас и вас да нѐ дотераат до питачки стап и нашата мила и богата земја Македонија да заприлега на пуста пустина, денеска дигнавме глава и решивме да се браниме со пушка од тие наши и ваши душмани и да добиеме слобода. Вие мошне добро знаете оти ние не сме лоши и разбирате, дека од мака си ја кладовме главата во торба, за да заживееме човечки, или пак да умреме јуначки! Бидејќи од дедо–прадедо си живееме како браќа на оваа земја, ние ве имаме како свои и сакаме до крај да останеме свои. Ние не дигнавме пушка против вас – тоа би било срам за нас; ние не дигнавме пушка против мирниот, трудољубивиот и чесниот

[509] Овој текст засега е познат единствено според драмата „Илинден“ од Н. К. Мајски, која е објавена во 1923 година. Оригинален примерок од документот сè уште не е пронајден. Оттука се појавуваат разни мислења околу автентичноста на верзијата што е презентирана кај Н. К. Мајски, па дури се доведува во прашање постоењето на самиот документ. Меѓутоа, повеќе индиректни информации укажуваат дека таков документ постоел. Најдобра потврда за тоа има кај турскиот автор Шемсудин Селаникли во неговата книга „Македонија – Историја на револуционерниот период“ од 1908 година. Конкретно, кога зборува за настаните во Крушево од 1903 година овој автор изрично пишува: „До муслиманското население бил испратен еден ваков проглас: *Ние нема да ја нападнеме вашата земја, вашите животи, вашиот имот и вашата вера. Ние имаме почит кон исламската вера и ние дојдовме заради лошите луѓе. Предајте го вашето оружје, не соработувајте со војската...* и слични работи“. (Шемсудин Селаникли, Македонија – Историја на револуционерниот период, предговор, превод и коментари д-р Драги Ѓоргиев, Скопје, 2011, 69.). Несомнено во неколкуте цитирани редови се препознаваат елементи од „Крушевскиот Манифест“, односно, Прогласот до турското население што ни го два Мајски.

турски народ што се прехранува како нас со крвава пот – тој е наш брат и со него сме живееле и пак сакаме да живееме; ние не излеговме да колиме и да грабаме, да палиме и да крадеме – доста ни се зулумите на безбројните деребеи по нашата сирота и окрвавена Македонија; ние не излеговме за да ги порисјанчуваме и да ги бесчестиме вашите мајки и сестри, жени и ќерки: треба да знаете, дека вашиот имот, вашиот живот, вашата вера и чест ни се толку скапи, колку што ни се скапи нашите. Анџак, за да си го зачуваме имотот, животот, верата и честа, ние сме зеле пушка. Ние не сме муртати на својата земја што не родила, ние не сме арамии и јанкесеџии, туку революционери под клетва да умираме за правото и за слободата; ние се бунтуваме против тиранијата и против ропството; ние се бориме и ќе се бориме против муртатите, против арамиите, против зулумќарите и јанкесеџиите, против насилниците на нашата чест и нашата вера и против тие што ја смукаат нашата пот и го експлоатираат нашиот труд. Од нас и од нашите села да не се плашите – никому зијан не ќе сториме. Ние нè само што ве имаме како свои браќа, туку и ве жалиме како свои браќа, бидејќи разбираме дека и вие сте робје како нас, робје на царот и царските бегови, ефендии и паши, робје на богатите и силните, робје на насилниците и зулумќарите што ја запалија царштината од четири страни и што нè натераа нас да дигнеме глава за право, за слобода и за човечки живот. За право, за слобода и за човечки живот ве каниме и вас да дојде заедно да водиме борба! Елате, браќа муслимани, при нас да тргнеме против вашите и наши душмани! Елате под бајракот на „Автономна Македонија“! Македонија е наша заедничка мајка и вика за помош. Елате да ги скршиме синџирите на ропството, да се куртулиме од маки и страдања, и да ги пресушиме реките од крв и солзи! Елате при нас, браќа, да ги слееме душите и срцата и да се спасиме, та ние и нашата челад и пречелад да живеат мирно, да си работат спокојно и да напредуваат !... Мили наши комшии! Како Турци, Арнаути и муслимани, разбираме, вие сè си мислите, дека царството е ваше и дека вие не сте робје, штом на царскиот бајрак нема крст, туку има ѕвезда и месечина. Дека не е така и дека грешите, вие бргу ќе се сетите и ќе го разберете. Ама ако ви е намуз[510] да дојдете при нас и да се објавите против царската тиранија, ние, вашите по татковина и по страдања браќа, нема да се докачиме и не ќе ве мразиме. Ние сами ќе се бориме и за нас и за вас, ако е потребно, до еден ќе умреме под бајракот за наша и ваша слобода за нашето и за вашето право. „Слобода или смрт“ е напишано на нашите чела и на нашиот крвав бајрак. Ние веќе го дигнавме тој бајрак и нема враќање. Ако и вие нè имате како ваши браќа и ни сакате добро, ако сметате пак да живеете со нас како што сте живееле до сега и ако сте верни и достојни синови

[510] Под чест.

на мајка Македонија, можете да ни помогнете само со едно нешто, да не дојдете со пушка против нас и да не правите зулуми по рисјанските села!

Нека Господ Бог ја благослови светата борба за правото и слободата!

Нека се живи борците за слободата и сите чесни и добри македонски синови!

Ураа! За „Автономна Македонија“

*Објавено*: Н. К. Майски, Илинденъ. Драма въ петъ дѣйствия. Картини изъ великото македонско възстание прѣзъ 1903 год., София, 1923, 36-38.

## Документ бр. 123

### Известување од Задграничното претставништво на ТМОРО до сите партии, весници и дипломатски претставници во Софија за избувнувањето на востанието

**Народот во Македонија на 20 јули се крена на востание и ќе се бори до извојување на својата слобода.**

Софија, 21 јули 1903 г.

Задграничното претставништво на Внатрешната организација има чест да го извести Вашето превасходство, дека, вчера 20 јули 1903 година народ во Македонија се дигна на вооружено востание и го отфрли петстогодишното ропство на султанот. Востанатиот народ ќе се бори до извојување на својата слобода, црпејќи сили од праведноста на својата кауза и верува, дека цивилизираните и слободољубиви народи на Европа и Америка ќе бидат на негова страна.

Задграничното претставништво го моли Вашето превасходство да благоповели горното да го доставите на знаење на Вашата влада како и до печатот и општественото мнение во Вашата земја.

Задграничното претставништво на Внатрешната организација го моли Вашето превасходство да остане уверено во нашата највисока почит.

*Христо Матов и д-р Христо Татарчев*

*Објавено*: Архив Христо Матов..., стр. 112-113.

## Документ бр. 124

### Писмо од кметот на село Алданци до Крушевските востаници

[с. Алданци, околу 23–24 јули1903 г. ]

Драги соседи

Од вашите писма разбравме дека вие не сте лоши луѓе, дека сте ги напуштиле куќите не да го напаѓате мирното население како нас, туку дека сте против лошите луѓе и уќуматот што ги штити. Но, оние што вие ги барате не се меѓу нас, туку избегаа во градовите. Што се однесува до нас, ви ветуваме дека ќе бидеме мирни. Ако сакате да убивате невини луѓе, дојдете. Бог да ѝ помогне на онаа земја што ја бара правдата.

Другите писма ги испративме до соседните села кои исто така се согласни со нас.[511]

(Печат)

кмет *Синан*

*Објавено*: Н. К. Майски, Крушово и борбите му за свобода, София, 1935, 57.

[511] Овој документ во поинаква варијанта го дава и англискиот филантроп Хенри Ноел Брејлсфорд кој по Илинденското востание престојувал во Македонија. Кај него документот гласи: „Од ставот во вашите писма гледаме дека вие не сте лоши луѓе, дека не сте ги напуштиле огништата за да го напаѓате мирното население (како нашево) и дека се спротивставувате само на оние кои прават зло како и на власта што нив ги заштитува. Но оние што ги барате не се наоѓаат меѓу нас. Тие избегаа во градовите. Што се однесува до нас, ние ветуваме дека ќе бидеме мирни. Ако намерата ви е да убивате невини луѓе, тогаш треба само да дојдете овде. Господ нека им помогне на оние кои бараат правда! Другите ваши писма им ги испративме на соседните села, кои мислат како нас“. (Хенри Ноел Брејлсфорд, Македонија, Нејзините народи и нејзината иднина (второ издание), Скопје, 2003, 217).

## Документ бр. 125

### ПИСМО ОД СЕЛО АЛДАНЦИ ДО КРУШЕВСКИТЕ ВОСТАНИЦИ

[с. Алданци, околу 23–24 јули1903 г.]

Браќа сотатковинци!

Ја добивме вашата братска прокламација, којашто не трогна. Ја прочитавме на целото население пред џамијата и бидејќи ве познаваме уште како деца, сметаме дека сте доволно чесни и искрени за да си достоите на зборот како борци за правото и како кавалери. Свечено ви ветуваме, дека имотот, животот и честа на вашите сонародници, нашите вековни соседи со кои при досегашниот, како и при идниот режим на нашата мила татковина ќе општиме без да може ништо да нè раздели, ќе бидат зачувани и кавалерски заштитени во кругот на можноста. Кој човек го сака сопственото зло? Вашиот пат е навистина опасен. Великиот Алах нека ја излее својата благодет за триумф на правдата, која што е божествена и вековечна и нека ве чува, драги соседи, од напаст.

*Објавено*: Н. К. Майски, Илинденъ. Драма въ петъ дѣйствия..., стр. 38.

## Документ бр. 126

### Писмо од Али – командант на крушевскиот гарнизон до Крушевските востаници

Јунаци,

Вашата прокламација до моите сонародници живо ме заинтересира. Од неа, а овие два дена и од вашите дела разбрав дека залудно сме ве сметале за „ешкија“.[512] Целта ви е голема, а борбата смислена. Јас ве поздравувам со акламација. Напред по тој страшен и славен пат по кој сите народи се добрале до слободата. Молејќи го великиот Алах да ја заштити правата страна, дозволете ми да ви упатам две молби: 1) немојте да ме оставите гол, туку испратете ми ги алиштата што ми останаа во касарната која храбро ја напаѓавте и ја заседовте и 2) за секоја евентуалност, уништете ја разменетата кореспонденција меѓу нас.

Командант на
гарнизонот во Крушево
*Али*

*Објавено*: Н. К. Майски, Крушово и борбите му за свобода..., 57-58.

[512] Разбојници.

**Документ бр. 127**

### Писмо од Васил Пасков до Главното боево тело на VII (Одрински) востанички округ

**Бугарскиот министер – претседател Рачо Петров го прекорува Христо Матов, бидејќи Организацијата не го одложила востанието и настојува да ја вовлече Бугарија во војна; Организацијата не сака ништо од Бугарија, бидејќи не им верува на празните ветувања и лаги; Битолскиот вилает е во хаос, побрзо да се објави востанието во Одринско.**

Пловдив, 24 јули 1903 г.

На 22 о[вој] м[есец] Рачо Петров го повикал Матов и му рекол дека ние сме злоупотребиле со некакво вмешување на Бугарија за да се објави востанието (!). Се лутел, бидејќи не сме го одложиле и зашто порано не сме му го соопштиле денот, туку сме удриле на „сикиме“. Бугарија не била готова. Немале повеќе од 150 патрони по пушка. Се лутел, зашто другарите повикале по двајца од повидните раководители на секоја партија, при што на партизански начин сакале да ги ангажираат партиите и да ја вовлечат Бугарија во војна. Матов му одговорил: Наш долг беше да ви соопштиме дека се објавува востанието и тоа најпрво и најрано на бугарската влада, заради оние врски кои постојат меѓу Бугарија и Македонија. Ги повикавме некои од бившите и идните министри и некои видни претставници на општеството за да им јавиме, дека востанието се објавува, бидејќи тие се ѝ претставници на Бугарија. Ние ви соопштивме за да не нѐ обвинувате еден ден, а што ќе правите – тоа не е наша работа; ние не сакаме ништо, ниту од вас, ниту од нив. Навикнавме да слушаме и да не веруваме на никакви севозможни ветувања на министри, кои изјавувале, дека нѐ лажат и кои што сакале да си играат со ослободителното дело.

Повиканите претставници од нашите другари решиле: откако ќе добијат позитивни сведенија, дека востанието е објавено, да се соберат сите со веќе определен став. Тие им наложиле на професорите да ги свикаат. Собранието ќе има за цел да се изработи општ бугарски, а не партизански поглед за востанието, ќе се гледа да го усвои и владата, за да се помогне реално на каузата.

Востанието е објавено. Железничките линии Солун – Битола, Скопје – Солун, Солун – Дедеагач се разрушени на неколку места. Станиците „Суровичево“ и „Градско“ се дигнати во воздух. Телеграфските линии се прекинати. Телеграми за Турција не пристиг-

нат. Целиот Битолски вилает според тајните телеграфски известувања претставува хаос. Турската влада сигурно ќе преземе брзи и енергични мерки за да ги зачува барем оние места во кои востаничките дејствија уште не започнале. Затоа треба да се брза и еден ден побрзо да се објави востанието во нашиот округ. Овде веќе се забележува големо воодушевување. Информирајте за сè.

Срдечен поздрав и братски бакнеж за сите.

*В. Пасков*

*Објавено*: Д-р Христо Татарчев. Спомени, документи, материали..., стр. 243-244; Архив Христо Матов..., стр. 113-114.

## Документ бр. 128

### Демант од Задграничното претставништво на ТМОРО против турските клевети за наводна жестокост на востаниците

Софија, 29 јули 1903 г.

Веднаш по објавувањето на востанието турската влада започна да распространува во странство невистинити соопштенија за жестокости, вршени од востаниците во Битолскиот вилает спрема мирното муслиманско население во тој крај. Очигледно тоа се прави однапред со умисла, за да бидат оправдани како предизвикани, оние башибозучки истапи, на кои светот ќе биде сведок при смирувањето на побунетите робови. Затоа делегатите на Револуционерната организација наоѓаат за потребно да истакнат пред заблуденото општество, дека на општиот организациски конгрес, одржан на 5 јануари во Солунско, и на окружните конгреси, одржани на 22 април во Битолско, на 10 јуни во Пиринско,[513] на 28 јуни во Одринско, и 5 јули во Скопско,[514] се земени решенија согласно кои во повикот за востание, веќе испратен кон боречкото македоно–одринско население е кажано: „... Ние зедовме оружје против тиранијата и бесчовечноста; ние војуваме во името на слободата и човештината; впрочем нашето дело стои повисоко од секакви национални и племенски разлики. Поради тоа ние треба да ги наречеме свои браќа сите страдалници во темното царство на султанот. Како нас Бугарите страдаат и Власи, страдаат и Грци, страдаат и самите Турци селани. Ако денес Гркот и Турчинот не се борци во нашите редови, ние тоа го препишуваме на нивното незнаење и не можеме да ги третираме како непријатели, ниту дури да ги спомнеме како такви. Наш непријател е само турската влада и оној, кој што ќе излезе со оружје или со клевета против нас, или ќе отиде да се расправа со незаштитените

[513] Засега не постојат индиции дека во овој период во Пиринско се одржал конгрес. Конгресот во Серскиот револуционерен округ во врска со востанието се одржал во периодот помеѓу 18 и 20 август (ст. стил) 1903 година.

[514] Засега во историографијата не постојат информации за одржување на конгрес во Скопскиот револуционерен округ во овој период. Оттука се поставува прашањето кој бил мотивот Задграничното претставништво во овој демант да наведе два окружни конгреси (Пирински и Скопски) за кои не постојат никакви информации дека се одржале во тоа време. Можеби станува збор за блефирање со цел текстот да има поголема тежина и легитимитет?!

старци, жени и деца наместо со нас; со него ќе се биеме, нему ќе му се одмаздуваме...“.[515]

Затоа на сите им заповедаме да дејствуваат согласно решенијата на Централниот м[акедоно] – о[дрински] конгрес и на реонските конгреси. Точка 4, 5 и 6 од овие конгресни решенија гласат:

4. Напаѓање според околностите на сите турски вооружени сили, биле тие војска или башибозук.

5. Бранење на христијанското население, вклучително и странските поданици, од турските напади.

6. Се забранува да се напаѓа мирното турско население и да се посега на турски жени, деца и старци.

Востанатото население добро ги разбра своите раководители. Делегатите на Револуционерната организација, отфрлајќи ги со огорченост клеветите на турските власти, изјавуваат со најголема сигурност и категоричност, дека востаниците досега не повредиле дури ни влакно од косата на невин Турчин или воопшто човек од небугарска народност.

*Објавено*: Бюлетин на в. „Автономия“ (Задграничен лист на Вътрешната македоно–одринска организация), София, г. I, 29 юли 1903: Македония. Сборник от документи и материали, София 1978, 465-466.

---

[515] Цитираниов дел од овој документ во поинаква форма го дава Х. Брејлсфорд. Кај него документот гласи: „Ние се кренавме на оружје против тиранијата и варварството; нашето дело е над сите предрасуди во однос на националноста или народот. Затоа ние треба да се однесуваме како кон браќа кон сите што страдаат во мрачната Империја на Султанот. Денес сето христијанско население е несреќно, не треба да ги исклучиме ниту турските селани. Турската власт ја сметаме за наш единствен непријател и сите оние кои се изјаснуваат против нас, било како отворени непријатели, или пак како шпиони, а исто така и сите оние кои наместо нас да нè нападнат, напаѓаат старци, жени и немоќни деца, ние токму ни им ги упатуваме нашите удари и ним ќе им се одмаздиме“. (Х. Н. Брејлсфорд, Македонија, Нејзините народи и нејзината иднина..., стр. 216-217.) Х. Брејлсфорд овој фрагмент го нарекува Проглас со кој било објавено востанието. Поаѓајќи од ова констатација, Иван Катарџиев во предговорот кон македонското издание на оваа книга во врска со тоа пишува: „Би можело да се претпостави дека тоа е обраќање на Крушевското раководство до соседните муслимански села. Би можело да се рече дека цитираниот текст, по дух има нешто блиску со духот на Крушевскиот манифест, но не е тој“ (Х. Н. Брејлсфорд, Македонија, Нејзините народи и нејзината иднина..., стр. 37). Очигледно, Катарџиев прво сугерира на претпоставка, дека тоа можеби е од Крушевскиот манифест, но сепак вели дека тоа не е тој. Меѓутоа, фрагментот што го дава Брејлсфорд, всушност е дел од Демантот на Задграничното претставништво, каде Претставништвоото вели дека тоа стои во повикот за востание.

## Документ бр. 129

### ГЛАВНИОТ ШТАБ ДО ДИПЛОМАТСКИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ГОЛЕМИТЕ СИЛИ ВО БИТОЛА

**Протест поради жестокоста на власта при задушувањето на востанието со палење на села и убивање на жени и деца.**

Врв Победоносец, 30 јули[516] /12 август 1903 г.

Главен штаб на
Вториот Мак. Одр. Рев. Округ
Врв Победоносец 30/VII 1903
№. 368
До дипломатските Претставници на Големите сили
Во град Битола

Натоварени од нашите другари и од народот да го раководиме Ослободителното движење во Битолскиот вилает, сметаме за свој долг да Ви го ставиме до знаење следново:

Турската влада, чувствувајќи се бессилна да ги уништи директно нашите вооружени сили, им препорача на своите војски еден од највtotварварските начини за задушување на движењето кој што се состои во ограбување и горење на христијански села и во обесчестување и убивање на жени и деца.

Изгорени се следниве села:

Во Ресенска каза на 21 овој [месец] селата Леорека и Круше, а на 24 овој [месец] с. Болно.

---

[516] Овој документ во поинаква варијанта која отстапува од оригиналот е објавен во публикацијата: Британските конзули во Македонија 1797–1915, документи, редакција: Драги Ѓоргиев, избор и превод: Драги Ѓоргиев – Зорица Божиновска, Скопје, 604-605; Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први, Скопје, 19981, 400. Додека пак, Цочо Билјарски овој документ последователно погрешно го датира на 30. IV 1903 година во неколку зборници. (Види: Даме Груев – Спомени. Кореспонденция, предговор, съставителство и бележки: Цочо Билярски, София, 1999, 214-215; Даме Груев – живот и дело (сборник), II част, предговор, съставителство и бележки: Цочо Билярски, София, 2006, 604-605; Вътрешната македоно–одринска революционна организация (1893–1919г.). Документи на централните ръководни органи, том I, част I, съставителство: Цочо Билярски, Ива Бурилкова, София, 2007, стр. 267-268.

Во Охридска каза – од 21 до 25 овој [месец] изгорени се селата: Оздолени, Лешани, Сирула, Таш–Маруништа, Мешевишта, Ботун, Црвена Вода, а исто така и Лештанскиот манастир „Свети Јован“.

Во Демир Хисарска каза – изгорен е дел од Смилево и дел од с. Загорич. Сите овие села претходно се ограбувани, а потоа запалени.

Ако незаштитените жени и деца од споменатите села не избегале во планина, сигурно би биле исклани. Дека тоа е така, докажуваат следниве факти:

Во село Смилево, војската што продре, најде една жена, која не успеала да побегне; без никакво испрашување таа беше убиена.

Во селото Сирула (Охридско) се заклани една жена и една мома, кои исто така не успеале да побегнат.

Знаме сигурно, дека и по другите кази на Вилаетов има изгорено христијански села, но за нив ќе ви соопштиме дополнително ако има потреба, кога ќе добиеме точни податоци.

Повторуваме уште еднаш, дека сите гореспоменати села се изгорени некаде само од војската, а некаде од последната следена од башибозукот.

Соопштувајќи ви го ова, Господине агенте, изјавуваме, дека ако досега успевавме да го сопреме христијанското население во Вилаетов од дејствија против турските села, како оние на војската и башибозукот спрема христијанските, тоа во иднина не ќе биде можно.

За сѐ што ќе случува во иднина, нека одговара турската влада, која дава слични наредби на својата редовна војска и башибозук.

Примите, Господине агенте, искрено уверување за почит.

*Од Главниот револуционерен штаб*

Печат: „Македонски револуционерен комитет – Пелистер“

*Објавено*: Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија..., стр. 71-72, факсимил на стр. 269-270.



ГЛАВЕНЪ ЩАБЪ
НА
ВТОРИ МАК. ОДР. РЕВ. ОКРЪГЪ
Върхъ Петровъ ... 20/VII 1903.
№ [redacted]

До Дипломатическит[ѣ]
Прѣдставители на Великитѣ
Сили

Въ г. Битоля.

Натоварени отъ другаритѣ ни и народа да ръководимъ Освободителното движение въ Битолския Вилаетъ, считаме за свой дългъ да донесемъ до знанието Ви слѣдующето:

Турското Правителство чувствувайки се безсилно да унищожи направо нашитѣ въоръжени сили прибѣгнало е на войскитѣ си единъ отъ най-варварскитѣ начини за потушаване на движението, състоящи се въ ограбването и изгорването на християнскитѣ села, и въ обезчестяването и убиването на жени и дѣца.

Изгорени сѫ слѣдующитѣ села:

Въ Ресенска Каза на 21-ий того селата Леоре-ко и Крушье, а на 24-ий того с. Бално.

Въ Охридска Каза — отъ 21-ий до 25-ий того изгорени сѫ селата Сзболени, Лѣшани, Сирулѫ, Таши, Мурунища, Мешевища, Ботунъ, Червена-Вода, а тако сѫщо и Лѣшанския Мънастиръ „Св. Иванъ".

Въ Демиръ Хисарската каза — изгорено е часть отъ с. Смилево и часть отъ с. Загоричъ. Всичкитѣ тѣзи села прѣдварително сѫ ограбвани и послѣ запалвани.

Писмото до дипломатските претставници на големите сили

## Документ бр. 130

### Декларација од ЦК на ТМОРО испратена преку Задграничното претставништво до претставниците на Големите сили

**Причини за избувнување на востанието и политичките барања на Организацијата.**

[Софија, крајот на јули 1903 г.]

Едновремено со прогласувањето на востанието Централниот м[акедоно] – о[дрински] револуционерен комитет преку своите претставници во странство до Големите сили ја испрати следнава декларација:[517]

„Неказнетите насилства на мохамеданите и систематското преследување на администрацијата ги натераа христијаните од Македонија и Одринско неопходно да прибегнат кон една масовна вооружена одбрана. Тие ја прифатија ова крајност, откако ги исцрпеа сите мирни средства, за да го предизвикаат вмешувањето на Европа во духот на договорите, кои ја уредуваат положбата на овие населенија. Тоа вмешување и досега останува уште како единствено средство, за да се отстрани злото и да се запре крвопролевањето.

Бидејќи до сега преземените постапки од европскиот концерт за подобрување на турскиот режим со палиативни мерки беа без резултат, тие доведоа само до едно засилување на муслиманскиот фанатизам и на државниот притисок – стана очигледно, дека тоа вмешување може да биде ефикасно само ако би имало претходен и непосреден резултат:

1. Назначување со согласност на големите држави на еден главен управник – христијанин, кој што никогаш не ѝ припаѓал на турската администрација и да биде независен од Високата порта при исполнувањето на неговите должности.

2. Воспоставување на една постојана колективна меѓународна контрола со широки права на санкции.

Изнесувајќи ги причините, кои што го предизвикаа очајниот акт на востанатите населенија, како и мерките, кои што можат да ги запрат неговите последици, Внатрешната организација ја отфрла од себе сета одговорност и изјавува, дека таа ќе ја продолжи борбата до

[517] Оваа Декларација своевремено е публикувана во англиските весници „Daily Chronical“ од 10 август 1903 г., како и „Times“ од 11 август 1903 година.

целосно постигање на својата цел, црпејќи енергија од сознанието за својот долг и од симпатиите на цивилизираниот свет“.

*Објавено*: Македония и Одринско (1893-1903). Мемоаръ на Вѫтрешната организация, София, 1904, 119; Илинден 1903-1922. Сборник в памет на голямото македонско въстание. София, 1922, 8; Христо Силянов, Освободителните борби на Македония, том I,... стр. 355-356; Д-р Христо Татарчев. Спомени, документи, материали..., 247-248; Љубен Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ..., 484; Документи за борбата на македонскиот народ..., 399-400.

## Документ бр. 131

### Писмо од Задграничното претставништво до Јане Сандански и Димитар Лазаров Минѓо

**Информации за текот на востанието; барање да започнат востаничките акции во Серскиот округ.**

[Софија], 29 јули 1903 г.

Од Задграничното претставништво за бојниот началник на Пиринско – Јане Сандански и оној на Разлог – Минѓо.[518]

Од 20 јули целиот Битолски округ е во најшироко прокламирано востание. Од 25 наваму движењето го зафати и Вториот востанички округ – Кожуф. И Одринскиот округ исто така почнува да дејствува. Востанието останува необјавено одовдевардарските окрузи.

Од 20 наваму станале овие најважни и крупни работи: Крушево и Кичево[519] се во рацете на востаниците; Ресен и Лерин се нападнати, а исходот не се знае; Во Екши–Су станицата е кренатa; мостовите по железниците и по патиштата се пресечени; железните жици и државните телеграфски линии и дирeци се прекинати и разрушени низ целиот Битолски вилает и до Воден од Солунскиот [вилает]. Кај Воден е кренат мост од 20 метри меѓу Воден и Острово; линијата и жиците таму се расипани; изгорени и разурнати десетина турски села; секој ден по неколку судири; во Крушево Турците 9 пати залудно ги напаѓале нашите; воопшто, досега востанието во тие места е во разгор и со успех кој остава најсилен впечаток во очите на целиот свет; сите што го симпатизираат нашето дело се многу радосни од покажаната сила и доблест на Организацијата во востанатите места. На 27 попладне царинарницата кај Зибавче е турната – дигната е во воздух и до темел разрушена. Воопшто, досега за востанието сѐ се развива благопријатно и од нас зависи со нашата решителност и тактичност да го подржуваме досегашниот впечаток и да обезбедиме долготрајност на движењето за да ја имаме расположеноста од надвор на која сега се радуваме. Дополнително ќе ви пишуваме за Разлог. Овие 4–5 дена ќе гледаме да ви испратиме една сериозна сила за да ги раководи акциите во вашиот крај, ако тоа не се случи, ќе ви пишеме дополнително за да ги започнете акциите

[518] Димитар Лазаров Тодев – Минѓо.

[519] Кичево, иако било нападнато, не било заземено од востаниците.

наеднаш кога ќе ги распределите улогите меѓу луѓето со кои располагате. Ете зошто веднаш, штом ќе го добиете ова, треба да издадете заповед и да ги почнете акциите во вашиот округ. Од писмото на Минѓо се гледа дека не сте ги примиле нашите писма со кои ве каневме да ги започнете акциите. Овие денови од овде веќе ќе можат да заминат и други чети. Баждаров[520] ќе тргне по два – три дена за Дамир-Хисарско, Општо, за сè што се случува гледајте да ни јавувате со курири, зашто колку што е нужно час побрзо да се дејствува, уште толку е понеопходно да го известуваме светот за сè што се случува. Имајте на ум дека телеграфските жици секогаш треба да се сечат. Во турски места нивите да се горат.

За *Брут*,[521]
пишува *Кадров*[522]

*ДАРМ*, ф. ВМРО – поединечни документи, к. 1/1, а.е бр. 4; *Објавено*: Љубен Лапе, Нови документи за Илинденското востание, Илинденски зборник 1903-1953, Скопје, 1953, 22-23.

---

[520] Георги Баждаров (1881, с. Горно Броди, Серско–1929, Варна), револуционер и публицист, член на Дамирхисраскиот околиски комитет (1900–1901); четник на Ј. Сандански (1902), секретар на четата на Илија Крчовалијата (1902), учесник во востанието во Серскиот округ, член на Задграничното претставништво на ТМОРО (1920–1928), еден од основачите на македонскиот научен институт (1923), редактор на повеќе весници и автор на неколку книги за Македонија.

[521] Брут, псевдоним за Христо Матов.

[522] Кадров, псевдоним за Велко Думев.

## Документ бр. 132

### Писмо од Задграничното претставништво до раководството на Серскиот револуционерен округ

**Текот на востаничките дејствија во востанатите окрузи; неофицијално помирување со врховистите; навлегување на врховистите во Серско, неопходност од започнување на востанието во Серско.**

Софија, 11 август 1903 г.

Преку беровското реонско тело
за Окружното пиринско тело
Висока, 11. VIII 1903

1. Три недели поминаа од Илинден, денот кога се прогласи востанието во Битолскиот округ. По една недела се крена II востанички округ – Кожуф. На 5 август се дигна VII востанички округ – Одринскиот. Вашиот и другите одовдевардарски окрузи, многу задоцнија. Само Скопскиот округ даде знак на живот со две терористички акции. Черно Пеев ќе крене врева по 5–6 дена во Струмица – Радовиш. Исто така и Ковачев и другите.

2. Врховистите веќе навлегуваат во Џумајско и во Кресна. Јанков со наше, и со одобрение на Чернопеев, можеби ќе влезе во Малеш. Дрвингов[523] божем се токми за кон Беласица, а Стоенчев[524] за Петричко.

3. Со врховистите формално овде помеѓу нив и нас ништо не е сторено, но откако се виде дека во Битолскиот крај се случуваат чуда, тие се најдоа изолирани и сами предложија: а) колку суми ќе се соберат, нам, на Претставништвото да ни се предадат; б) нема веќе Врховен комитет; в) Револуцијата ќе ја претставува само Претставничкото тело; г) Претставничкото тело ќе дава суми за вооружување на нивните чети.

---

[523] Петар Дрвингов (1875, Кукуш–1958, Софија), полковник во бугарската армија, војвода на чета во одредот на Ј. Стојанов во Мелничко и Горноџумајско, началник на штабот на Македоно–одринското ополчение (1912–1913), началник на штабот на Моравската воено–инспекциска област во Првата светска војна.

[524] Љубомир Стоенчев (1876, Трново–1952, Софија), офицер во бугарската армија, член на ВМОК, учесник во Горноџумајското врховистичко востание, учесник во востанието 1903 во Серскиот револуционерен округ.

4. Малчанков[525] и Чаков ќе влезат кон Ковачевица со чета од стотина души. Шеесет души се со шнајдери и кримки. Можеби сношти влегле.

5. По 4–5 дена од Самоков ќе влезат за Разлог 100 – 150 души разложани. Со нив за Разлог ќе влезе и капетан Шипков,[526] совесен и скромен офицер, исто така и Аџаров, резервен офицер и Канзирев. Им се соопшти кои се во окружното тело, а кои во реонското. Шипков е тактичар – како што бараше Минѓо.

6. Бидејќи дедо Илија[527] уште не поминал со материјалите, тешко ќе ви биде да ги започнете акциите. Страшно се измачувавме за тоа што до сега се забави. Помогнете му побрзо да го помине Пирин. Сигурно веќе треба да имате план на кое место и што треба да извршите првата вечер. Изгледа дека врховистите ќе започнат на 19 вечерта, а Чернопеев кога ќе има можност.

7. Соопштете ни кои да ги сметаме за бојни тела во Неврокопско и во Драмско. Исто така и списокот на луѓе што ќе дејствуваат во разните сектори. Треба да знаете дека издаваме билтен (ви го праќаме). Кога се преземат напади, судири, жртвите – треба да се исползуваат пред светот, а не да поминуваат глуво, нешто што е во интерес на Турција.

8. Светот се чуди на нашето востание. Никој не се надевал дека вакво нешто ќе се случи; особено во Битолско, Крушевско, мостовите и др.

Немојте да си мислите дека вашиот крај ќе излезе слаб. Одринско со 2500 кримки многу нешто направи за 3–4 дена. Селаните се покажаа доста добри.

Ете зошто вашата прва грижа треба да биде да ги повлечете со себе вооружените селани, макар и со кримки. На границата ќе ви стојат на располагање бомби.

---

[525] Стојан Малчанков (1875, с. Скребатно–1920 Момина Клисура), војвода на ТМОРО. Учесник во востанието 1903 во Серскиот округ, 1905 е осуден на доживотно заточение, амнестиран е во 1908 година. Во 1909 година повторно е осуден на доживотно заточение, амнестиран во 1911 година, Учесник во македоно–одринското ополчение (1912–1913); народен пратеник во бугарското народно собрание (1919).

[526] Антон Шипков (1868, Казанлак–1913 ?), капетан, член на реонското раководно тело за време на востанието 1903 во Разлошко, учесник во Балканските војни.

[527] Илија Аргиров / Дедо Иљо Крчовалијата (1856, с. Крчово, Серско–1918, с. Крчово), војвода на ТМОРО. Учесник во Македонското (Кресненско) востание (1878 –1879); војвода во Серско и Демирхисарско, војвода во востанието во Серскиот округ (1903), учесник во македоно–одринското ополчение (1912–1913).

9. Општа политика добро врви. Уште не е сигурно дали Бугарија ќе води војна.

Со братски поздрав
од Претставничкото тело
*Брут*

*ДАРМ*, ф. ВМРО – поединечни документи, к. 1/1, а.е бр. 5; *Објавено*: Љубен Лапе, Нови документи за Илинденското востание..., стр. 46-47.

## Документ бр. 133

### Писмо од Задграничното претставништво до раководството на Серскиот револуционерен округ

**Неопходност од започнување на востанието во Серскиот округ; врховистите се стават на услуга на ТМОРО без претензии, поради што не треба да се гонат, туку да се искористат.**

Софија, 14 август 1903 г.

Преку беровското реонско тело
за Окружното пиринско тело
Од Задграничното претставништво во Висока
14. VIII 1903

За дополнување и појаснување на писмото од 11 овој месец.

1. Откако востанието зеде толку широки размери опфаќајќи ги и оние реони што се послабо подготвени, не само што е неопходно да се започнат акциите и во вашиот округ, туку ќе биде престапна грешка од наша страна ако продолжиме да стоиме уште пасивни. Ние се зачудивме кога разбравме, дека сега, кога се неопходни акции, кај вас се свикува конгрес. Од друга страна веруваме, дека сè што може и што треба да се преземе во вашиот округ доволно се зацврстило во вашите души и добило решение во смисла на план, барем за првите работи во првите денови. Повторуваме дека акциите ни се налагаат поради горните причини, но и поради една друга многу важна околност: ние не треба да дозволиме празни простори помеѓу разните окрузи и реони при кревањето на востанието, особено празнини што ќе ја покажат слабоста на еден реон и дигањето на друг. Токму ние треба да го одвлекуваме вниманието на светот од едни во други реони и тоа природно и едноподруго, како и турските сили и од помошта на заслабените места. Со оглед на тоа, ние одеднаш чекавме извештај за акција и во тој поглед пак повторуваме дека курирската служба треба здраво да биде уредена.

2. Во земјата навлегуваат и врховистичките чети, колку што ги има: треба да ви биде јасно и прифатливо ова што овде се случи меѓу нив и нас – тие се ставаат на наша полна услуга внесувајќи ги сите парични средства на наше располагање, дури и сите сили на нивните војнички тела таму. Ние овде нив ги сметаме како морална сила која што ќе му помогне на општото дело. Тие не претендираат на ништо особено; според тоа ние не можевме и немавме право да

ги игнорираме нив како сила; зашто ќе пропуштевме еден случај кога можеме да го искористиме; а ќе им дадевме можност сами да навлезат, природно со претензии; а поради несовесноста ќе наштетевме на вистинските интереси на делото, наместо да му служиме. Ете зошто кога денес од нас се бараат акции, кога сите спознаваме дека востанието печали со обемот и квалитетот на работите, кога тие, врховистите, се ставаат на располагање не како сила и организација, туку како луѓе што сакаат да се борат подеднакво со нас, немаме причина да се откажуваме и да не ги примиме и да не работиме заедно за време на востанието, особено откако и тие признаваат само една Внатрешна организација и само едно нејзино Претставничко тело и едно добротворно друштво со клонови во провинцијата. Во оваа смисла и вие ќе се држите кон врховистите, наместо да ги гоните.

*ДАРМ*, ф. ВМРО – поединечни документи, к. 1/1, а.е бр. 6; *Објавено*: Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание..., стр. 48-49.

## Документ бр. 134

### Писмо од Христо Татарчев до Христо Матов

**Претстои средба на рускиот цар со англискиот крал и германскиот кајзер во врска со македонското прашање; да се дадат поголеми ефекти на движењето; Србија предлага морална и материјална помош за ТМОРО.**

Софија, 20. VIII 1903 г.

Лука,[528]

Дешифрирај го ова и со брз курир испрати му го на Матов.

Матов,

1. На Радулов се испратени 500 лева и неговите порачки се задоволија; во неделата резервниот полковник Николов замина за Рила за да им советува на своите да не одат, додека нѐ се сретнете.

2. Движењето се наложува независно од нашите внатрешни околности, туку и од политичките: сега ќе се одржи средба меѓу рускиот и англискиот цар, а подоцна во Виена на рускиот со германскиот и Ламсдорф, каде што конечно ќе се реши судбината на Македонија и Одринско. Тоа ќе се случи при крајот на месец август.

Затоа треба да се дадат поголеми ефекти за да се повлијае врз нив како за пошироки реформи, така и за да се разбијат инсинуациите на непријателските држави кон нашето дело;

3. Черњо Пеев ќе се задржи и го менува патот преку Кочанско. Славчо и Атансов, а исто така и другите чети уште се овде, иако постојано им се наредува да заминат;

4. Откако ти замина за внатре нема никакви податоци – им пишувавме.

5. Од Србија предлагаат секакви морални и материјални олеснувања: нашите куршуми ќе ни ги вратат;[529]

6. Неопходно е еден од нас двајцата да замине за Србија за да се разбере; тоа се знае врз база на нашите принципи.

---

[528] Лука Поп Теофилов, (1868, с. Белица, Разлошко–1911, Созопол), претседател на Серскиот револуционерен округ на ТМОРО.

[529] Веројатно станува збор за задржувањето на 11 сандаци со куршуми во Белград, кои биле испратени од Виена за Софија под форма на книги и шајки. (в. „Застава“, бр. 167 од 29. VIII. 1903 г, стр. 4.)

За Татарчев, пишува *Думев*

Со поздрав, *В. Думев*

*Објавено*: Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание..., стр. 66-67.

## Документ бр. 135

### ПИСМО ОД ХРИСТО ТАТАРЧЕВ ДО Д-Р ЛАМБРЕВ

**Татарчев бара прием кај бугарскиот кнез Фердинанд во врска со македонското прашање.**

Софија, 22 август 1903 г.

Почитуван г-н д-р Ламбрев,

Со оглед на развојот на настаните во Македонија и Одринско Ве молам да благоволите да издејствувате пред Неговото царско височество да бидам удостоен со честа да бидам примен на аудиенција по можност во најбрзо време.

Оваа аудиенција молам да остане тајна.

Со почит,
*д-р Хр. Татарчев*

*Објавено*: Д-р Христо Татарчев. Спомени, документи, материали..., стр. 254.

## Документ бр. 136

### Писмо од Задграничното претставништво на ТМОРО до Главниот штаб во Битолскиот револуционерен округ

**Текот на востанието; меѓународна положба на македонското прашање; Русија и Австро–Унгарија имаат главна улога за балканското прашање; бугарскиот кнез се плаши да објави војна на Турција заради својата положба; Романија ѝ се заканува на Бугарија; Грција предлага сојуз на Турција против востаниците; Србија предлага морална и материјална помош за ТМОРО; Мемоар до големите сили; Татарчев ќе разговара со бугарскиот кнез.**

[Софија, помеѓу 20-30 август1903 г.]

Стасаа трите ваши писма; и ние ја сфаќаме сериозноста на положбата внатре; го правиме тоа со што можеме да помогнеме – Ѓорче, веќе сигурно стасал во Прилепско; четите за Струмичко, Серско, Штипско, Кратовски и Скопско заминуваат; за Разлог и Пирин исто така; по некој ден целиот крај одовде Вардар ќе избувне; Прличев се труди да стаса во Воденско; Мурџев и Дечев кои што одат за Велешко ќе се трудат да донесат 200 килограми барут и бомби за Битолско и ако успеат ќе дојадат до Мариовско. Четите на Цончев, исто така навлегле. Со нив е склучено примирје во смисла, дека ѝ се потчинуваат на Внатрешната организација и на нејзините наредби; дејствуваат заедно и братски, а сите пари собрани низ Бугарија ги испраќаат во општата каса на Внатрешната организација. Од 5 август вечерта востанието е во разгор и во Одринско и се развива со успех: тоа со Битолскиот округ, направи посебен впечаток и предизвика општ интерес. Значи овие денови, движењето ќе се развие по сите места. Ќе гледаме да ви испратиме пари за кажаната цел. Со средства не сме сосема скудни, но особено многу пари голтаат четите.

Еве ја положбата на нашите работи овде и во надворешниот свет: владата го распушти собранието и се подготвува за нови избори, а по прашањето [за војна со Турција] е без палан и пат, бидејќи не зависи од владите во Бугарија да решаваат за една војна; општеството, населението го стегаат од горе, како да е дресирано да го прави она што му се диктира од власта, слуша по диктатот, поправо му се потчинува на кнезот; кнезот иако е најмалку одговорен за положбата и за исходот, субјективно расудува: да не изгуби во Бугарија (во случај да нападне Романија), да не загуби во војната, зашто од не-

срeќната војна, најголемата несреќа ќе биде за него; да не дозволи некој авторитетен генерал–губернатор во Македонија да му биде пречка (во случај на една победоносна војна); сака да се обезбеди некако со реформи кои ќе бидат погодни за него и добиени по дипломатски пат. Неговата грешка е стравот од војна и од внатрешната положба во земјата: при најнесреќниот случај војната ќе биде успешна и ќе донесе подобрување за Македонија; опасно е неговото мислење дека некој авторитетен генерал–губернатор ќе биде трн за неговите замисли. Се разбира дека тој ја зема предвид и другата страна од работите: без војна, неговата положба е опасна во Бугарија поради последиците од востанието во Македонија (истребување, иселување, возбуда во Бугарија, политичките и економските заплети и друго по однос на самиот кнез); од двете зла при субјективни околности, кнезот го претпочита последното: пасивност и дипломатствување. Но тој не го зел предвид најверното што ќе му се истакне. Државите како да немаат можност за инцијатива и тоа им го остават на Русија и Австрија, барем официјално, а Англија, Франција и Италија неволно им го отстапуваат балканското прашање на Русија и Австрија; Грција е готова на сојуз со Турција, дури и против востаниците; Романија под заштита на Австрија ја заплашува Бугарија во случај последнава да ја нападне Турција; Србија се премисли и ни предлага нам и на Бугарија секаква морална и материјална поддршка за ослободувањето на Македонија: нам ни предлага и средства и луѓе и бара еден од нас да замине за Белград како претставник на Внатрешната организација за формирање на чети; на Бугарија пак ѝ предлага заедничка борба против Турција, дури врз базата на автономија. При оваа положба мислиме да ги направиме овие чекори: а) Д-р[530] ќе му изјави лично на кнезот, дека населението и борците во Македонија сметаат оти тој ги дотерал работите до оваа положба (95 и 902),[531] дека на крајот на краиштата сите имале полна вера во неговото застапување и тоа преку војна со Турција за ослободување на земјата и дека него го држи лично одговорен за своите несреќи. Тоа е последно средство за да му се повлијае на кнезот и веруваме дека тој ќе се позамисли пред овој нов момент; б) ќе им испратиме еден мемоар на силите – слика за положбата – и предупредување дека робот ќе ги употреби сите средства, дури и најопасните, бидејќи е уверен во бездушноста на дипломатијата; в) на секаде се препорача, и вам ви се препорачува безмилосно горење, ко-

[530] Се однесува на д-р Христо Татарчев, тогаш задграничен претставник.

[531] Се однесува на двете врховистички провокации во Македонија од 1895 и 1902 година, кои имале поддршка од кнезот.

лење во селата, атентати, посегање во градовите на сè што е туѓо и непријателско; г) последното, само за да се заплаши кнезот. Веруваме дека сите овие мерки при средствата со кои располагаме ќе ја постигнат својата цел поради што положбата не е очајна и најмалку борците треба да очајуваат; со нашето решение, и покрај загинатите во борбата за успех на работите, борците нека црпат храброст за иднината. А ние, нема да пропуштиме се што можеме да се направи.

*Објавено*: Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание..., стр. 67-69.

## Документ бр. 137

### ХРИСТО ТАТАРЧЕВ БАРА ПРИЕМ ОД РАЧО ПЕТРОВ, МИНИСТЕР – ПРЕТСЕДАТЕЛ НА БУГАРИЈА

Софија, 7 септември 1903 г.

*Почитувам г-н Петров,*

По два пати доаѓав во Вашата куќа и во Министерството, меѓутоа не можев да ве видам. Затоа молам да благоволите да ми определите еден час, кога и каде би можел да разменам неколку зборови.

Примете моја најдлабока почит.

*д-р Хр. Татарчев*

*Објавено:* Вътрешната македоно–одринска революционна организация... том I, част I, стр. 319.

## Документ бр. 138

### Писмо од Главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ до бугарската влада

**Поради влошената положба, Главниот штаб бара бугарската влада да објави војна на Османлиската империја.**

с. Слоештица, Демирхисарско, 9 септември 1903 г.

До почитуваната влада на кнежеството Бугарија[532]

Со оглед на критичната и ужасна положба во која се најде бугарското население во Битолскиот вилает по извршените опустошувања и жестокости од турската војска и башибозук, со оглед на тоа, дека тие опустошувања и жестокости продолжуваат на систематски начин и не може да се предвиди до каде ќе одат, со оглед на тоа, дека овде се што е бугарско ризикува да изгине и да биде избришано без спомен од насилствата, гладот и мизеријата што настапуваат, Главниот штаб како свој долг смета да обрне внимание на Почитуваната Бугарска влада за штетните последици за бугарската нација, ако таа не го исполни својот долг кон своите еднородни браќа овде на еден сугестивен и активен начин, каков што се налага од силата на околностите и опасноста, која што воопшто ја загрозува бугарската татковина денес.

Верувајќи, дека Почитуваната влада е доволно запознаена за конечното опустошување на вилаетот, ние сметаме дека е излишно овде да ги повторуваме фактите со нивните подробности, туку ќе се ограничиме само да ја резимираме создадената ситуација во некол-

---

[532] Писмото е напишано врз бланко на Главниот штаб на Вториот револуционерен округ. Истото е доставено до бугарскиот трговски агент во Битола, Георги Кожухаров, кој од своја страна, со својот извештај од 17 септември 1903 го препратил до Рачо Петров (бугарски премиер и министер за надворешни работи). Кожухаров во пропратното писмо во врска со оваа пишува:

„Господине министре,

Вчера попладне, еден непознат човек, селанец, тропнал на вратата и на чуварот на агентството му предал еден бел неадресиран плик за да ми го предаде, по што без трага се изгубил во градот. Кога го отворив пликот, во него најдов една записка, пишувана со молив со потпис на 84636,55053, и еден друг бел плик, неотворен, во кој се наоѓаше приложеново (88 888) овде писмо №. 534. Во записката која беше адресирана лично до мене, замолуваат да го доставам реченово писмо№. 534 до почитуваната бугарска влада. Испраќајќи Ви го споменатово писмо, Ве молам, Господине Министре, бидете уверени во мојата искрена почит кон Вас. Управник на агентството: д-р Кожухаров.“

ку точки и загрозеноста за нашиот народ од претстојните последици.

1. Како во изгорените или напуштените, така и во останатите бугарски села, со мали исклучоци реколтата остана несобрана, бидејќи секоја жена или маж, што ќе се појави пред очите на аскерот и башибозукот што снове се убива – храната постојано се прибира од турското население под протекција на турската власт. Голем дел од неа, како и заграбениот добиток се употребуваат за издршка на војските.

2. Сите материјали, орудија и рогат добиток со кој што се обработуваше земјата изгореа во запалените села, а останатите беа заграбени од војската и башибозукот.

3. Речиси сиот дребен добиток, кој го сочинуваше поминокот на поголемиот дел од планинското население, беше уништен или однесен по заповед на власта.

4. Сите изгорени села беа ограбени пред нивното палење, истата судбина буквално ги сполета и сите уште неизгорени села, при што нивните куќи останаа само со голи ѕидови, а побегнатите жители, мажи, жени и деца, само со кошулите на своите грбови.

5. Религиозните обреди во изгорените села се изоставени, бидејќи изгореа црквите, а во неизгорените тие беа ограбени, оштетени и осквернавени. На многу места, Турците за време на престојот во селата ги употребуваа за коњушници и нужници, како на пример во селото Таш–Маруниште, Смилево, Кривени, Круше и др.

6. Ниту едно бугарско училиште не е отворено, ниту ќе се отвори, бидејќи: а) населението е распрснато како последица на турскиот терор; б) речиси сите учители, како и свештеници се во четите, а следствено невозможни пред турската власт за звањето што го имале; в) никој не мисли за наука, кога е поставен надвор од законите на земјата, бидејќи го носи името Бугарин и се бори со гладот.

7. На многу места, турската власт на неизбеганото население му соопштила, дека ако сака да биде поштедено, треба да помине под покровителство на Патријаршијата. Случаи: во Охридско, Битолско, Леринско и Костурско, каде што војските, придружени од грчкиот владика го принудувале населението да го предава своето оружје и да ја признае Патријаршијата.

8. По нашите први напаѓачки дејствија ние бевме принудени да држиме пасивно поведение, или барем, секогаш да заврземе судир со мобилизираните турски табури, било од заседа, било од позиција сообразно со нашата тактика на дејствување, Турците по за-

вршувањето на судирот се нафрлат врз околните невооружени мажи, врз жените и децата, ги палат неизгорените села и гори и го забираат добитокот, зачуван од нивните претходни навлегувања. Случаи во селата: Армнеско (Леринско), каде избија 114 старци, жени и деца, Круше, Леорека, Кривени, Златари, Болно, Подмочани, Ехла и др. (Ресенско), Плаќе, Речица, Сирула, Куратица и др. (Охридско); Смилево, Ѓавато (Битолско) и др.

Како последица на сето гореизложено ѝ обраќаме внимание на Почитуваната бугарска влада за тешката и беспомошна положба во која сега се наоѓа нашиот народ и жестоката и жална судбина која го загрозува во блиска иднина, како во материјален и здравствен, така и во духовен и образовен однос. Како очевидци на оваа очајна положба, ние се осмелуваме со сигурност да Ви ја нацртаме мрачната перспектива на иднината во следново:

1. Како последица на гладот, мизеријата и зимата што настапува една третина од нашиот народ е осуден на јавна смрт.

2. Бидејќи добитокот и земјоделските орудија беа опљачкани и опожарени од Турците, населението дури да биде оставено на мир, бидејќи нема со што да ја обработува земјата ќе биде принудено да ја отстапи на Турците и на фанатиците гркомани и целосно ќе биде претворено во чифлигарско.

3. Останатиот дел од населението, опаднато во духовен однос и лишено од основните средства за живот, не ќе има можност да противречи на турската власт и соблазнителните и заплашувачки агитации на побеснетите грчки владики и нивните органи и сигурно ќе помине под покровителство на Грчката патријаршија, по што за секогаш ќе биде загубено за бугарската црква и нација.

4. Да не го пропуштиме и следното: Од пред неколку време наваму, овде на бугарското население започнаа да му се прават тајни предлози од католичките и протестантските мисионери за минување под покровителство на нивните цркви, доколку сака да биде заштитено од турските ѕверства. Не ќе биде чудо, ако оној дел од населението кое нема да се подаде на грчките подлажувања да ја прифати унијата или протестантството.

После сето ова, нам ни е чудно, како Почитуваната влада која ги раководи интересите на бугарскиот народ, продолжува да гледа со ладнокрвност на систематското истребување на бугарското население и пропаѓањето на бугарското име и чест пред светот.

Поставени на чело на нашето народно движење овде, ние апелираме кон Вас од името на робот Бугарин да му се притече на

помош на нејефикасен начин преку војна. Веруваме дека е ист одгласот и на народот во слободна Бугарија.

Очекувајќи го вашето патриотско вмешување, пријатно ни е да ви соопштиме, дека ги држиме на располагање нашите вооружени сили кои ги штедевме до сега.

*Од Главниот штаб*

*Објавено*: Македония. Сборник от документи и материали..., стр. 489-495.




До Почитаемото Прави-
телство на Княжество Бъл-
гария.

Предъ видъ на критичес-
кото и ужасно положение въ което испадна бълга-
ското население отъ Битолския вилаетъ следъ извър-
шенитѣ опустошения и жестокости отъ турскитѣ
войски и башибозукъ; предъ видъ на туй че тези опусто-
шения и жестокости по систематиченъ начинъ про-
дължаватъ и не може да се предвиди до кѫдѣ ще отидатъ;
предъ на туй още че тукъ всичко българско рискува да
изгине и се затрие безъ споменъ отъ насилия, гладъ и
настѫпающата мизерия. Главният щабъ, счита
за свой дългъ да обърне вниманието на Почитаемото
Българско Правителство върху гибелнитѣ последствия
за българската нация, ако то не изпълни дълга си спря-
мо своитѣ еднородни братя тукъ по единъ внушите-
ленъ и активенъ начинъ, както се налага отъ сила-
та на обстоятелствата и опасността, която грози
общебългарското отечество днесъ. Вървайки, че Почи-
таемото Правителство е достатъчно осветлено за
окончателното опустошение на вилаета, ние считаме
за излишно тукъ да повтаряме фактитѣ съ подробно-
ститѣ имъ, а ще се ограничимъ само да резюмираме въ
нѣколко точки създалото се положение и грозящитѣ наро-
да ни близки последствия отъ него.

Факсимил на писмото од главниот штаб на битолскиот
револуционерен округ до бугарската влада

## Документ бр. 139

### Меморандум од ТМОРО до претставниците на големите сили во Софија

**Турските жестокости во Македонија при обидите за задушување на востанието.**

Софија, 11 септември 1903 г.

Нов Меморандум на Организацијата

Претставниците на Внатрешната организација во странство денес на дипломатските агенти на големите сили им предадоа нов меморандум, чиј што текст го објавуваме подолу:

Уште на 12 август[533] (н. ст.) Штабот на Вториот революционерен округ им пишуваше на конзулите на големите сили во Битола, за да ги запознае, дека Турците во својата бессилност за да го задушат востанието со средства како што се користат во цивилизираните земји, започнале да го уништуваат мирното население и за таа цел ги разрушуваат христијанските села и ги избиваат нивните жители. Генералниот штаб додаде, дека ако Европа не ја сопре Турција од патот по кој што тргнала, тој не ќе може да ја продолжи започната борба на цивилизиран начин и дека востаниците, обземени од несовладливиот и природен очај ќе се оддадат на оправдани репресии.

Тоа предупредување, наметнато од хуманите околности, и залегнато во основите на воените закони, не беше проследено со никаква постапка на големите сили пред Високата порта. Дури, некои од нив, сообразувајќи се со околностите, кои не подлежат на проценка од наша страна, направија изјави, како последица на што дрскоста на Турците неминовно нарасна и им вдахна смелост да продолжат со тактиката на колење и разрушување, која така често завршува со окрвавените на Ориентот. Факт е, дека следејќи го својот план за истребување, применет на дело во Ерменија пред вџашените очи на Европа, Турците – редовна војска и башибозук, при исполнување на заповедите на воените власти отворено и методски го довршуваат своето разрушувачко дело. Ете и грижливо проверени сведенија,[534] кои ги добивме од местото на настаните.

[533] Види: документ бр. 124.

[534] Табелата ја поместивме на крајот од документот.

65 000 души, од кои повеќето старци, жени и деца се останати без покрив над глава и страдаат во најужасна мизерија. Овие факти говорат, дека Турција, наместо да земе поука од своето минато, таа продолжува систематски да ги уништува христијаните во востанатите области. Нејзината дрскост најмногу се објаснува со поведението на големите сили. Реално тие го посоветуваа султанот да ги преземе сите можни мерки за воспоставување на редот, а Турците ја протолкува ова препорака за колење и разрушување. За жал вистина е, дека по овие ужасни настани, Европа не преземе ништо, за да го натера султанот да ги толкува советите на похуман начин. И така кај Турците се зацврсти убедувањето, дека Европа ќе остане безразлична кон нивните злосторства. Лесно можеме да предвидиме до какви последици ќе доведе тоа убедување: во најкратко време христијаните во Македонија и Одринско ќе бидат целосно уништени.

Исправени пред ова алтернатива, која веќе се применува пред нивните очи, востаниците нема да можат да ја зачуваат неутралноста кон своите непријатели, како што им беа заповедале нивните раководители. [Бидејќи] по премолчаното одобрение на големите сили, турските репресии се изродија во колење, дејствијата на востаниците нема да се ограничат само на напаѓање на редовната војска. Од нивна страна неминовно ќе уследат репресии и тоа безмилосни.

Внатрешната организација соопштува за нив не за да ги објави, туку за сличните дејствија одговорноста да ја префрли врз големите сили, бидејќи тие се рожба на нивната пасивност и на гибелното толкување на политиката.

*Објавено*: Д-р Христо Татарчев. Спомени, документи, материали..., стр. 261 -267.

| **Име на село** | **Население** | **куќи** | **Вилает Монастир** | **дата (ст. стил)** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Каза Монастир** | | | | | |
| 1. Смилево | христијанско | 430 | Опожарено | 15 август | |
| 2. Свиништа | √ | 9 | √ | 14 август | |
| 3. Метимер | √ | 25 | √ | 14 август | |
| 4. Раково | √ | 74 | √ | – | |
| 5. Битоше | √ | 40 | √ | – | |
| 6. Загориче | √ | 13 | √ | – | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7. Цапари | √ | 250 | √ | – | |
| 8. Дихово | √ | 60 | Опожарено и ограбено | – | Гранатирано, останале само 3 куќи |
| 9. Ѓавато | √ | 240 | √ | 31 јули | Убиени старци, жени и деца |
| 10. Могила | √ | 89 | Ограбено и половина опожарено | – | |
| **2. Нахија Ресен** | | | | | |
| 11. Круше | христијанско | 84 | Опожарено | 21 јули | |
| 12. Леорека | √ | 61 | √ | 21 јули | |
| 13. Болно | √ | 117 | √ | 24 јули | |
| 14. Дупени | √ | 93 | √ | – | |
| 15. Подмочани | √ | 118 | √ | – | |
| 16. Избишта | √ | 42 | √ | – | |
| 17. Ехла | √ | 86 | √ | – | |
| 18. Петрино | √ | 13 | √ | – | |
| 19. Езерани | √ | 55 | √ | – | |
| 20. Сботско | мешано | 118 | Ограбено | 17 август | 100 бугарски христијански куќи, 18 муслимански, двајца убиени старци |
| 21. Перово | христијанско | 105 | Опожарено | 11 август | |
| 22. Покрвени | √ | 51 | √ | 11 август | |
| 23. Волкодери | √ | 22 | √ | 11 август | |
| 24. Прељубие | √ | 20 | √ | 12 август | |
| 25. Шурленци | √ | 20 | √ | 12 август | |
| 26. Златари | √ | 72 | √ | 15 август | Војската ги опожарила и шумите во околината |
| 27. Кривени | √ | 95 | √ | 15 август | |
| **3. Нахија Преспа** | | | | | |
| 28. Љубојно | христијанско | 89 | Опожарено | 13 август | |
| 29. Брајчино | √ | 33 | √ | 13 август | |
| **4. Нахија Крушево** | | | | | |
| 30.Крушево (град) | мешано | 1667 | Делумно опожарено | 1 август | Превземено од востаниците, кои во не- |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | го се задржале 12 денови, градот е заземен од Турците, кои запалиле повеќе од 350 куќи и убиле повеќе од 40 души |
| 31. Бирино | мешано | 35 | Опожарено | – | |
| 32. Дивјаци | √ | 65 | Опожарено | – | |
| **5. Нахија Демир Хисар** | | | | | |
| 33. Журче | христијанско | 58 | Опожарено | – | Соседниот манастир е запален |
| 34. Света | √ | 57 | √ | – | |
| 35. Растојца | √ | 32 | √ | – | |
| 36. Цер | √ | 202 | Ограбено и опожарено | – | |
| 37. Белче | √ | 7 | Опожарено | – | |
| **6. Каза Охрид** | | | | | |
| 38. Сирула | христијанско | 55 | Опожарено | – | |
| 39. Оздолени | √ | 26 | √ | – | |
| 40. Злести | √ | 80 | √ | – | |
| 41. Лешани | √ | 60 | √ | – | Соседниот манастир е ограбен |
| 42. Белчишта | √ | 90 | √ | – | |
| 43. Ботун | √ | 49 | √ | – | |
| 44. Арбино | √ | 35 | √ | – | |
| 45. Црвена Вода | √ | 30 | √ | – | |
| 46. Велмеи | √ | 75 | √ | – | |
| 47. Слатино | √ | 135 | √ | – | |
| 48. Сливово | √ | 52 | √ | – | |
| 49.Грко-Поле | √ | 6 | √ | – | |
| 50. Средoрече | √ | 10 | √ | – | |
| 51. Издеглавје | √ | 28 | √ | – | |
| 52. Брежани | √ | 67 | √ | – | |
| 53. Лескоец | √ | 30 | √ | – | |
| 54. Скребатино | √ | 80 | √ | – | |
| 55. Опеица | √ | 60 | √ | – | |
| 56. Косел Горни | √ | 40 | Опожарено | – | |
| 57. Косел Долни | √ | 3 | √ | – | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 58. Завој | √ | 34 | √ | – | |
| 59. Свиништа | √ | 60 | √ | – | |
| 60. Плаќе | √ | 15 | √ | – | |
| 61. Речица | √ | 15 | √ | – | |
| 62. Куратица | √ | 45 | √ | – | |
| 63. Мешеишта | √ | 119 | √ | – | |
| 64. Мислешево | √ | 62 | √ | – | |
| 65. Лажени | √ | 29 | √ | – | |
| 66. Присвојани | √ | 60 | √ | – | |
| 67. Збажде | √ | 80 | √ | – | |
| 68. Аржано | √ | 39 | √ | – | |
| 69. Локово | √ | 30 | √ | – | |
| 70. Вевчани | √ | 360 | Опожарено и ограбено | – | Двајцата попови на селото Петре и Партениј и двајца првенци се стрелани, над 30 души жестоко се тепани |
| 71.Ташмаруништа | мешано | 62 | Опожарено | – | 50 христијански куќи, 12 албански муслимански куќи |
| 72. Буринец | √ | 82 | √ | – | 52 христијански куќи, 30 бугарски муслимански куќи |
| 73. Велгошти | √ | 183 | Опожарено и ограбено | 26 јули | 170 христијански куќи, 5 бугарски муслимански, 60 души убиени, едно обесено дете, 12 жени и деца запалени |
| 74. Белица | √ | 125 | Ограбено | 13 август | 100 влашки куќи, 25 албански муслимански. Ограбено од башибозукот од Дебар. Многу жени силувани. |
| **7. Каза Дебар** | | | | | |
| 75. Јабланица | мешано | 137 | Опожарено и ограбено | – | 125 бугарски христијански куќи, 14 бугарски муслимански. |
| 76. Селци | христијанско | 143 | Опожарено | – | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **8. Каза Лерин** | | | | | |
| 77. Љуботино | христи-јанско | 40 | Опожарено | 18 август | |
| 78. Буф | √ | 218 | √ | – | |
| 79. Неокази | мешано | 115 | √ | – | 90 христијански ку-ќи, 25 турски куќи |
| 80. Арменско | христи-јанско | 180 | Ограбено и опожарено | – | 67 души убиени, 9 изгорени, 70 силу-вани жени |
| 81. Прекопана | √ | 175 | Опожарено | 28-29 јули | Старците, жените и децата што не ус-пеале да побегнат се убиени |
| 82. Неволјани | мешано | 340 | Ограбено и опожарено | – | 260 христијански куќи, 80 муслиман-ски куќи |
| 83. Врбени | христи-јанско | 75 | Ограбено | – | |
| 84. Воштарени | мешано | 235 | √ | – | 115 христијански ку-ќи, 100 муслимански куќи, 6 души у-биени, на 1 селанец му го исекле носот, 2 девојки со сила исламизирани |
| 85. Живојно | √ | 115 | √ | – | 75 христијански ку-ќи, 15 муслимански куќи. Тројца убиени овчари, тројца зак-лани на патот за Лерин, убиено е ед-но дете. |
| 86. Кранештина | христи-јанско | 50 | Ограбено и опожарено | 28-29 јули | Старците, жените и децата кои не ус-пеале да побегнат се убиени. |
| **9. Каза Костур (Касторија)** | | | | | |
| 87. Мокрени | христи-јанско | 183 | Ограбено и опожарено | 16 август | Жените и децата кои отишле кај турскиот командант да молат за милост, откако ја добиле на враќање биле убиени од вој-ниците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 88. Бобишта | √ | 115 | √ | √ | |
| 89. Загоричани | √ | 476 | √ | √ | |
| 90. Черешница | √ | 80 | √ | √ | |
| 91. Смрдеш | христијанско | 295 | √ | √ | Убиени мажи, жени и деца. Многу силувани жени. |
| 92. Личишта | мешано | 100 | √ | Средина на август | 70 христијански куќи, 30 муслимански куќи |
| 93. Косинец | христијанско | 200 | √ | √ | Колење и силување |
| 94. Дмбени | христијанско | 260 | √ | √ | √ |
| 95. Жупаништа | √ | 123 | √ | √ | √ |
| 96. Лобаништа | √ | 64 | √ | √ | √ |
| 97. Шестово | √ | 130 | √ | √ | √ |
| **10. Каза Кичево** | | | | | |
| 98. Карбуница | христијанско | 50 | Ограбено | – | 8 жени и деца убиени |
| **Вилает Косово** | | | | | |
| **1. Каза Скопје** | | | | | |
| 99. Кожле | христијанско | 90 | Ограбено и опожарено (делумно 40 куќи) | 3 август | Колење |
| 100. Нерези | √ | 38 | Ограбено | – | Ограбено од Албанци и Турци, 3 селани се убиени. |
| **2. Каза Штип** | | | | | |
| 101. Кнеже | христијанско | 60 | Опожарено | 1 август | |
| 102. Неманци | √ | 180 | √ | 1 август | |
| 103.Долно Трогирци | √ | 31 | Ограбено и опожарено | 15 август | Колење и силување |
| **3. Каза Велес** | | | | | |
| 104. Ветерско | христијанско | 13 | Ограбено | 10 август | Многу силувани жени |
| **Вилает Солун** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Каза Еницје Вардар** | | | | | |
| 105. Крива | христи-јанско | 193 | Опожарено | 10 август | Селото било запалено од редовна војска под изговор дека имало скриено оружје |
| 106. Гуменџе | христи-јанско | 495 | | Средина на август | Бугарската црква е ограбена и осквернавена од редовна војска |
| **2. Каза Воден** | | | | | |
| 107. Чегане | христи-јанско | 96 | √ | √ | 8 селани убиени |
| **Вилает Одрин** | | | | | |
| 108. Стоилово | христи-јанско | – | Опожарено | 16 август | |
| 109. Бунар Хисар | √ | – | √ | 8 август | Опожарено од башибозук, убиства |
| 110. Пенека | √ | – | √ | – | |
| 111. Јатрос | √ | – | √ | – | Жителите се малтретирани |

## Документ бр. 140

### Писмо од Задграничното претставништво на ТМОРО до бугарскиот егзарх Јосиф I во Цариград

**Барање за назначување на учители од редот на ТМОРО, независно дали се компромитирани, или не, пред власта.**

[Софија, по 19 септември 1903 г.]

Ваше блаженство,

Пред 5 дена добивме писмо од Штабот со кое нè известува дека крвавата борба се прекратува, а бидејќи прашањето се префрла од бојното поле на дипломатска маса, нема зошто повеќе да се држат училиштата затворени. Согласно ова, ние одеднаш им наредивме на нашите во внатрешноста да не пречат при отворањето на училиштата. Но во врска со ова прашање, е ѝ прашањето за назначување на сите наши учители. Со ова ние ја молиме Св. Егзархија да не се противи на нашава желба. За да не биде одговорна, таа може мирно да ги назначи како компромитираните, така и некомпромитираните ѝ да ја препушти грижата на власта за таа да ги прибере, или да ги отпушти.

Многу сакаме Св. Егзархија да не нè поставува во тешка положба и да ја сметаме за виновна за неможноста од нашето останување во земјата, која ќе има потреба од Организацијата. Дури и при воведувањето на полна автономија. Во Случај, ако Св. Егзархија биде принудена од власта да поставува само некомпромитирани луѓе, таа би можела (доволно ако сака да помогне, и да нема одговорност) да ги провлече и нашите, правејќи се како да не ги познава. Ние се надеваме дека и власта нема многу да пречи, бидејќи ќе ја стави во тешка положба Св. Егзархија, која не може да најде некомпромитирани учители. Кајмакамот во Гевгелија, му понудил на претседателот на бугарската општина 4 лири за да го отвори училиштето, без да ја чека наредбата од Св. Егзархија. Се разбира дека претседателот го отфрлил рушветот. Ова го потврдува нашето мислење, дека владата настојува да ја претстави положбата како нормална и на секој начин ќе се труди да ги отвори училиштата. Св. Егзархија треба да ја искористи оваа положба на владата. Ако Св. Егзархија благоволи да ја земе оваа наша молба под внимание, би било пожелно да не отпушта ниту еден од бившите учители и учителки од нејзиниот ресор, отпуштените да бидат барем преместени, при што упорно бараме да бидат назначени и овие:

Поп Арсов, родум од Богомила (Велешко), завршил универзитет во Софија, учителствувал 4–5 години, како егзархиски и општински учител, да се назначи во Скопје или во Солун. Сега живее во Скопје.

Хр. Поп Коцев, родум од Штип, завршил универзитет во Софија, учителствувал 5–6 години како егзархиски и општински учител, да се назначи во Скопје, каде што сега е интерниран, кога му е дозволено да биде учител.

Б. Мончев, родум од Прилеп, завршил Солунска гимназија, продолжил во универзитетот, да биде назначен во Солун.

Г. Г., родум од Штип, завршил два курса во Ќустендилското педагошко училиште, учителствувал 3–4 години, како општинско, да се назначи во Скопје.

Ќе си дозволиме да ја искажеме желбата, г. Раев, бездруго да биде преместен, или назначен како учител во Солун, а Хр. Тенчев да биде отпуштен. Тоа е во наш, во ваш и во нивен личен интерес.

Ние се надеваме дека Св. Егзархија, нема да нѐ принудува да влегуваме во несакана и опасна борба.

P. S. Писмото се праќа препорачано со повратна расписка за да се увериме дека е примено.

*Објавено*: Љубен Лапе, Нови документи за Илинденското востание..., 67-69.

## Документ бр. 141

### Отворено писмо од Даме Груев до Хусеин Хилми Паша

**Османските сили да се придржуваат до правилата на воената чест и да престанат жестокостите над мирното христијанско население, во спротивно се заканува со палење на турските села; не е далеку денот кога над Македонија ќе светне сонцето на слободата.**

[септември 1903 г. ]

Паша ефенди,

Се обраќам кон Вас, не дека толку ми е пријатно и дека нешто сакам од Вас, да не даде Алах да сакам нешто од турски паша! – не, јас едноставно Ви препорачувам да обрнете внимание на моите зборови. Можам да ве уверам дека нема да ги повторувам. Досега сте можеле да се уверите дека Македонците си стојат на зборот, и Вам, имено Вам, би Ви следело да ги научите од нас правилата на воената чест.

Но, да не говориме за тоа што нема да биде. Да, познато Ви беше, дека општото востание се крена по ваша вина. Вие, и само Вие сте виновни, за сите ужаси и насилства извршени по ваша заповед. Ние долго и многу трпевме и нашето трпение се исцрпува. Ве предупредувам, дека ако во септември не наредите да прекинат насилствата, грабежите и колежот на мирното немухамеданско население, тогаш ние со волјата на Семожниот создател, откако ќе ѝ се покориме на злата неопходност, ќе извршиме такви ужаси над мухамеданското население, така што ќе Ви се крене косата на главата. Вие можете да ги убедите претставниците на европските држави, дека речиси сте го задушиле Востанието, може да говорите сè: може да говорите што сакате; но Вие, никогаш нема да нè убедите, дека откога ќе се покориме и ќе го положиме оружјето, дека ќе имаме гаранции за нашиот живот и имот. Јас веќе дадов заповед по цела Македонија на никој начин да не Ве слушаат и да не Ви веруваат, а кој ќе Ве послуша Вас, ќе плати со својот живот. Впрочем, Вие сте должни со нас да водите правилна војна, бидејќи во спротивен случај, ние ќе ги опожариме сите турски села и ќе ги истребиме турските жители.

Ние не очекуваме помош од Европа. Ние се надеваме со нашите сопствени сили да ги уништиме Вашите храбри војници и можеби не е далеку часот, кога над облеаната во крв Македонија ќе за-

свети сонцето на слободата. До Вашето назначување, ние ќе се задоволевме со обични реформи, но сега нема да нè купите така евтино. Имајте предвид, дека нашите чети се обезбедени со доволно количество на потребности и ние ќе умееме да се бориме со Вас десетици години. Ако Бурите го зачудија светот со својата борба против Англија, тогаш ние уште повеќе ќе го зачудиме. Јас кажав. Ваша работа е да верувате на моите зборови.

*Објавено*: в. „Отзив", бр. 533, 30 септември 1903 г; Даме Груев – Спомени. Кореспонденция..., стр. 223.

**Документ бр. 142**

**ПОВИК ОД IV ПИРИНСКИ (СЕРСКИ) РЕВОЛУЦИОНЕРЕН ОКРУГ ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ВОСТАНИЕ**

Серско, есента 1903 г.

ПОВИК КОН НАСЕЛЕНИЕТО ОД СЕРСКИОТ САНЏАК

Насилствата, самоволието, обесчестувањата и беззаконијата на кои сме подложени толку време и кои од ден на ден се засилуваат, наместо да ослабнуваат ја преполнија чашата на трпението; денес нам не ни останува друго, освен со оружје в рака да протестираме против постојниот ред во нашата земја, да срушиме сè што е старо и изживеано и да создадеме нови подобри услови за живот. Кога ја започнуваме оваа борба, ние не ја започнуваме само во името на една националност ниту за некакви привилегии, туку во името на оние исти принципи, кои што се легнати во основите на Великата француска револуција, во чие што име станало досегашното ослободување на робјето, имено принципите, без чие всадување е незамислив прогрес, без кои што секогаш ќе царува мракот, самоволието, насилството и беззакониетo. Тие исти начела лежат во основите на нашата организација (§1, 2 и др. од уставот на ТРМ – Одринска организација) во нив е и нашата сила, во нив е и нашата надеж за посветла иднина.

Прифатената од нас борба следствено е, борба за општо благо, за општ напредок во нашата родина. Ете зошто ние ги каниме сите страдалници од било каква вера и националност биле тие, при што не го исклучуваме турското население и турскиот војник да се присоединат кон нас, со општи усилби ние полесно ќе го срушиме досегашниот режим, за да го издигнеме царството на слободата и правдата. Можеби меѓу вас ќе се најдат луѓе, кои ќе сакаат да ѝ пречат на нашата борба, кои и какви ѝ да се тие, нека знаат, дека ќе се сметаат како непријатели на светлината и ќе бидат преследувани како такви.

Знамето на слободата веќе се развива по нашите прекрасни планини и долини, искрените синови на ропска Македонија нека се соберат под него и заедно сите да викнеме:

Слобода на робот

Смрт на тиранијата

Смрт на непријателите

Да живее Револуцијата

Од управното тело на IV (Четвртиот) Пирински Револуционерен округ.

Потпишале:
Јане Сандански, Димитар Стефанов,
Димитар Бошков, Симеон Молеров,
Александар Радославов и Васил Ангелов.

*Државен архив* – Благоевград, фонд 742, оп. 2, а.е. 52, л. 39-42, препис, ракопис; *Објавено*: Яне Сандански, Спомени, (съставители: Ива Бурилкова и Цочо Билярски, София 2003, стр. 159-160.


Насилията, произволите, безчестията и беззаконията на които от толкова време сме подложени, и които от ден на ден се усилват вместо да отслабват, преполниха чашата на търпението; днес веч нам не остава друго освен с оръжие в ръка да протестираме против
Знамето на свободата се веч 46
развява из дивните ни балкани и долини, нека всичките синове на робска Македония се съберат под него и в едно всички дружно да викнем

Свобода на роба
Смърт на тиранина
Смърт на враговете
Да живее Революцията

От управителното тело на IV (четвърти) Серски Революционен окръг
Подписали:
Яне Сандански, Димитър Стефанов, Димитър Божков, Симеон Молеров, Александър Радославов и Васил Ангелов

Факсимил од преписот на повикот на Серскиот револуционерен округ

## Документ бр. 143

### Протест од Задграничното претставништво до весник „Нов век“

**Протест против провладиниот в. „Нов век“ бидејќи објавил неоснован демант од Османското комесарство во Софија за гласините за турските ѕверства за време на востанието.**

Софија, 9 октомври 1903 г.

*Соопштение*:

Замолени сме да дадеме гласност на следново:

Весникот „Нов век“, број 653 од 6 октомври објави еден демант од турското комесарство, кој ја има следнава содржина:

„Сведенијата и сижеата на слики, објавени во последно време во неколку весници во престолнината во однос на божемните иступувања на војската и полициските органи спрема христијанското население во европските вилаети, безусловно се неточни и се измислени со тенденциозни цели“.

Претставниците на Внатрешната организација, исполнети со едно чувство на сожалување и огорченост, протестираат пред бугарскиот народ, не против дрскоста на Османското комесарство да демантира работи, познати на целиот свет, туку против поведението на една бугарска редакција, која му дала место на спомнатиов демант во својот весник.

Кажавме и пак ќе повториме, дека овој акт на односната редакција е од таква природа за да ги возбуди чувствата на сожалување и огорченост кај секој Бугарин и кај секој христијанин. Бидејќи, ако некој е лишен од можноста да помогне на толку големите беди на нашиот народ во Македонија, тој не може без ризик – да се поставува себе си во противречност со најелементарните начела на моралот и со најнежните чувства на сожалување – да се солидаризира со мачителот, при што му допушта средства да го заблудува светот за вистинската положба на нештата.

Тој акт е дотолку поодвратен, бидејќи произлегува од официјалниот орган на бугарската влада, која во своите декларации и досега поднесените ноти повеќепати го истакнувала нечовечкиот однос на турските државни органи и оние на башибозукот кон мирното бугарско население.

Претставниците на Внатрешната организација, објавувајќи уште еднаш дека демант на Отоманското комесарство е тенденциозен и без основа, заедно со страдалниот народ искажуваат сожалување и огорченост од постапката на в. „Нов век“.

*Објавено*: Д-р Христо Татарчев. Спомени, документи, материали..., стр. 273-274.

## Документ бр. 144

### Писмо од Даме Груев и Анастас Лозанчев до Борис Сарафов

**Груев и Лозанчев бараат Сарафов да го врати знамето на Битолскиот револуционерен округ, бидејќи неговото место не е во Софија.**

без место, 15 ноември 1903 г.

За другарот Борис Сарафов

Многу места се израдуваа за твоето и на другарите живо и здраво пристигање во Бугарија. Нема потреба да те каниме, дека е потребно, да направиш сѐ што можеш, за да им се помогне на овдешните несреќници, чии што болки не можел да го почувствува никој повеќе, освен оние кои што требаше да го креваат знамето.

Три пати нѐ излажа со тоа знаме. Ако сакаш да речеш дека не е така, ќе ти кажеме дека и ние сме од твојата сорта и разбираме од извртување. Ти чисто и просто сакаше да го задоволиш твоето его. На знамето не му е местото во Софија. Предај му го на Матов и Татарчев за да ни го испратат при првата можност.

15. XI 1903

Братски бакнежи

*Даме и Ташко*[535]

*ДАРМ,* ф. Македонско револуционерно минато, к. 1, ВМРО, а.е.11; *Објавено*: Љубен Лапе, Нови документи за Илинденското востание..., стр. 136.

---

[535] Ташко – Анастас Лозанчев

## Документ бр. 145

### Писмо од Задграничното претставништво до Михаил Герџиков.

**Подготовки за испраќање на Борис Сарафов и Михаил Герџиков во Западна Европа.**

Софија, 25 ноември 1903 г.

Драги Michel,

Ја добивме твојата телеграма и ти телеграфираме, бидејќи задоцнивме со писмото. Утре вечер тргнува и Б. Сарафов; ќе ви биде определи еден секретар и ќе ви се даде полномоштво. Ќе ви се определи и маршрута. Можеби и Матов ќе дојде во Белград за да се договорите, или пак ќе ви се напише потребното. За секретар ќе се определи Паскалев или Карајово, повеќе Паскалев.

За Матов и Татарчев
Со поздрав
Твој, *В. Думев*

P.S. Бога ти, кажи ми ми некој збор за иднината на Одринско – барем кон што да се стремиме за сега. Ништо не се прави и не можеш да се разбереш со оние одринчани што се овде.

*Истиот*

*Објавено*: Михаил Герджиков и подвигът на тракицийте 1903 г. Документален сборник, съставители: Надежада Неткова, Евдокия Петрова, София 2002, стр. 156.

## Документ бр. 146

### Писмо од Задграничното претставништво до Михаил Герџиков.

**Издавање полномошство за Борис Сарафов и Михаил Герџиков за нивната мисија во Западна Европа.**

Софија, 26 ноември 1903 г.

Драги Michel,

Оваа вечер заминува и Борис: во Белград ќе се сретнете – таму ќе останете само 24 часа. *Секаде ќе одите двајцата*. Нема да се испраќа трето лице, како што ти соопштив синоќа. На Борис му се даде полномошство вака: „Задграничното претставништво на ВМО го ополномошти Б. Сарафов, член на Битолскиот штаб, и М. Герџиков од Одринскиот да ја претставуваат организацијата во Англија, Италија и Франција". Со ова полномошство ќе се служите во прво време, потоа наместо него ќе ви се испрати друго од Централниот комитет. Во Англија ќе ве услужува и подготвува Божидар Татарчев, кому ќе му се пише. Таму ќе имате и подробно писмо. Во средби и сл. особена умешност и воздржаност – принципите на Организацијата и ништо надвор од нив.

Цончев заминал, ако е за Англија (ако дознаете), вие во Италија и воопшто, откако ќе се сообразите.

Со срдечни поздрави и добри желби од Матов и Татарчев.

Поздрав, *В. Думев*

P. S. На Борис за вас двајцата му се дадени 97 наполеони, половината ќе ти ја врачи.

*Истиот*

*Објавено*: Михаил Герджиков и подвигът на тракийците 1903 г,..., стр. 156-157.

## Документ бр. 147

### Писмо од Петар Самарџиев до тиквешкиот војвода Петар Јуруков

**Негодувања на советувањата во Софија поради заминувањето на Б. Сарафов во Европа да собира пари за ослободителното дело.**

Софија, 6 декември, 1903 г.

Братко Петре![536]

Твоето затворено писмо од 1 овој месец го добив. Карадаш, овде владее голема раскапаница. Пред две вечери имаше едно собрание во Аеропагот на кое се расправаше за заминувањето на Сарафов и Герџиков. Ние ги прашавме претставниците: зошто не прашавте некој од старите работници дали е добро и дали имаат доверба во Сарафов и Герџиков да заминат во Европа и да собираат средства. Тие одговорија: Вие во собранието од тесен круг ни дадовте такво право да се грижиме за собирање на средства. Но, ние не претпоставувавме, дека ќе ги испратите овие шмеќери.

Сарафов, ако земе пари, тој ќе диктира. Ете каде е опасноста.

По ова собранието, откако ја имаше предвид опасноста од Сарафов со средства, најде за потребно да се вратат двајцата од Европа. Претставниците засегнати од тоа; Татарчев рече – јас му дадов полномоштво, не можам да му го барам без причина. Овде се повредува неговото честољубие, затоа не можам да го повикам, рече докторот. Ние го викаме Сарафов, т.е. сакаме да го вратиме, зашто: ако тој најде пари, [тие ќе] сакаат да го продолжат движењето напролет, т.е. востанието, па какво и да е тоа. Но, како што се гледа, тие ќе си останат на свое од многу причини, а главно и да го повикаат, тој нема да се врати.

Ние се подготвуваме за заминување, правиме 40 чифта арнаутски алишта. За Чернопеев, за нас и за Жекоолу.[537] Тие се речиси готови. Но заминувањето уште не е определено.

Од внатрешноста се вратија: Аргир,[538] Савата,[539] Андон Ќосето и Стамен.[540]

---

536 Петар Јуруков (1882, Карлово–1906, Прилеп), тиквешки и крушевски војвода на ТМОРО.

537 Никола Жеков (1880, Стара Загора–1944, Софија), радовишки околиски војвода, учесник во Балканските војни.

538 Аргир Манасиев.

Петре, пари, кардаш, речиси нема, затоа докторот одбегнува секакви средби.

Затоа, гледај белким ќе најдеш од таму, но за секој случај јас пак ќе барам, белким ќе најдам од некаде.

За сега толку. Прими искрен поздрав, исто те поздравуваат другите: Добре,[541] Лазо,[542] Жекоолу, Христо и Иванчето.

Петре, ајде доста ти е толку седење дома! Дојди си овде, да видиме што ќе правиме.

Поздрави ги карловските моми.

Со поздрав,
*П. Самарџиев*[543]

*Објавено:* Вътрешната македоно–одринска революционна организация... том I, част I,..., стр. 334.

539 Сава Михајлов.

540 Стамен Темелков (1864, с. Ораовица, Радовишко – ?), терорист на ТМОРО, радовишки војвода. Учесник во македонското ополчение за време на Балканските војни.

541 Добре Даскалов (1884, Кавадарци–1912, Кавадарци), учесник во Аферата Мис Стон, учесник во Илинденското востание, учесник на Прилепскиот конгрес (1904), на Вториот окружен солунски конгрес (1905), на Рилскиот конгрес (1905) и на Ќустендилски конгрес (1908), активист на Народната федеративна партија за време на Уриетот. Бил убиен по наредба на Тодор Александров.

542 Лазар Мишев (1881, Кавадарци–1951, Софија), претседател на тиквешкиот околиски комитет, тиквешки војвода.

543 Петар Самарџиев (1878, с, Подлес, Велешко–1906, Тиквешко), тиквешки војвода, учесник на Прилепскиот конгрес 1904).

## Документ бр. 148

### Предлог од Кирил Прличев до Задграничното претставништво

**Предлог за заземање на австрискиот и рускиот конзулат во Битола од страна на дејците на ТМОРО.**

Софија, 10 декември 1903 г.

Во едно писмо од Битола од есента 1903 година до Претставништвото се велеше дека австрискиот конзулат „станал спасителен мост за четниците, кои доаѓаат од горага во градот; и сите, дури и најмалите поплаки на населението нашле задоволување во него“.

„По повод на ова писмо ете каков писмен предлог сум направил до Задграничното претставништво:

Наместо да преспиваме со такви заблуди, јас мислам да им го поднесеме (на комитетските луѓе, кои го пишуваат Битолското писмо) следниов предлог: Додека во споменатово конзулство има пристап за сите што имаат потреба од помош, да се подготви една група од 5–10 добри момчиња на чело со една моќна интелигентна сила (Даме, Пере, Ѓорче, Лозанчев) да влезат внатре во конзулатот под заеднички изговор за поплака или помош и веднаш да објават дека конзулатот е окупиран, а конзулот и целиот персонал арестувани. (Нема сомнеж, дека момчињата треба да бидат вооружени најмалку со по еден – два револвери, а може да се снабдат и со по 1–2 бомби и сл.). Ако може, а ми се чини, дека може, истовремено да се подготват и други 5–10 момчиња за во рускиот конзулат, тоа ќе биде уште подобро. Па не само тоа, туку [истото] може да се препорача и уреди за во Солун и во Скопје (за во Цариград не верувам), па да излезе толку славно, така што наместо да чекаме да ни ја стават примката и можеби да бидеме уништени, ние да им поставиме една примка на нашите „благодејатели“ и да застанеме на една положба која ќе ни даде можност да диктираме излез за каузата на робот, а не понижувачки услови од гнасната дипломатија“.

*К. Прличев*

*Објавено:* 36 години във ВМРО..., стр. 404.

## Документ бр. 149

### Окружно писмо од Главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ

**Историска оцена за востанието; Турција е изнемоштена; симпатиите на слободољубивото човештво во Европа и Америка се освоени; прогласените реформи не се доволни; револуционерното знаме ќе развие одново при поблагопријатни моменти.**

10 декември 1903 г.[544]

Главен штаб
на II Македоно-одрински
револуционерен округ
10. XII 1903 г.
До реонските, центровите и селските началници

Браќа и другари!

Во нашата совест уште се свежи убавите спомени од бурното време, кое нашиот народ го помина во последното лето, а тие ќе бидат уште позначајни за идните поколенија, кога секогаш ќе им споменуваат за овој велик акт, кој нè постави во редот на достојните народи за слобода. Тоа е прв пат, кога нашиот народ нагледно виде, дека и тој може да биде силен и дека само од него зависи кинењето на ропските пранги.

Ретко се случуваат такви моменти, кога нашиот народ бил толку сплотен и така опасен за нашиот непријател, како во последно време. На дадениот повик, ние сите се видовме собрани под револуционерното знаме и докажавме, дека веќе не сакаме да бидеме робови. Нашите сочувственици во Европа продолжуваат да се восхитуваат од нашата херојска борба со која го стреснавме цариградскиот палач. Тогаш беше неопислив стравот на непријателите, кои долго време не се решаваа да влезат во отворена борба. Огорчени од својот неуспех против востанатите борци, тие со жестокост се нафрлија врз незаштитениот Бугарин: ги грабеа и гореа нашите села, убиваа жени и деца со цел да нè задушат, но жестоко се измамија. Наместо веѓите – си ги извадија очите. Бедата која настапи од нив-

[544] Овој документ во нешто поинаква варијанта е објавен во: Извештаи од 1903–1904 година на австриските претставници во Македонија..., 142–144. За разлика од кај Силјанов, овде документот е датиран на 25 декември (нов стил) 1903 година.

ните варварски дејствија возбуди сочувство кон нашиот народ кај сите човекољубиви срца во Европа и во далечната Америка. Целиот просветен свет се возбуди од жестокоста на непријателот и посака вмешување на Европа. Самите влади не можеа да останат рамнодушни пред крвавите сцени, извршени пред нивните очи од султанската војска. Речиси сите јавно го осудија непријателот за неговите нечовечни дела и конечно посакаа да завршат со прашањето во полза на нашиот народ, ако не се вмешаа некои сили, кои се зафатија сами да го уредат.

Плод на нивните грижи се прогласените од нив само на хартија реформи, кои со ништо не ги отстрануваат вековните лошотии на турскиот режим. Не треба, ниту збор, дека нашиот народ не може да биде задоволен од тие мерки, бидејќи се ништожни пред целта која ја гониме. Секој знае, дека ние не се бориме за жандарми и за падари, туку за премавнување на омрзнатиот турски гнет. Да ги наведнеме главите одново пред душманот, тоа би било цело предавство пред дадената клетва, предавство пред крвта на нашите браќа и останатите без покрив мајки и сестри. Слично предавство ние нема да направиме, особени сега, кога цела Европа го признала нашето право и кога сме го довеле непријателот до гробот. А тој, притиснат однадвор, истоштен материјално, тој – велиме – е сосипан духовно и едвај се крепи. Уште еден удар и тиранијата е смачкана. Тој удар ќе го нанесеме – од нас се бара. Ние ќе го исполниме дадениот завет и нема да го оставиме лошиот непријател да ни ја погази родината. Ќе го развееме револуционерното знаме што го свиткавме есеноска за да блесне одново при поблагопријатно време. А тоа време е наскоро. А кој од нас во тој момент ќе го заборави татковиот гроб, мајчиниот плач, тагите на нашите сестри – вдовици и нашиот долг кон нив? Кој доблесен син ќе прости пред новите гробишта и ќе замиже пред новите теглила?...

На одмазда браќа! На одмазда нѐ вика погазената чест на народот! Верните синови на Македонија нема да останат глуви кон овој свој глас, тие нема да ја изневерат нашата девиза:

„Смрт или слобода“

*Од Штабот*

*Објавено* Хр. Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония, т. II, София, 1943, 18-19.

## Документ бр. 150

### Окружно писмо од Главниот штаб на Битолскиот револуционерен круг

**Востанието ќе се обнови при благопријатни услови; распуштање на Главниот штаб и на горските началства; ТМОРО ќе дејствува согласно Уставот и Правилникот од пред востанието.**

[Битола], 12/25 декември 1903 г.

Главен штаб
на II Македоно-одрински револуционерен округ
До револуцион. реонски началства и војводите во Округот

ОКРУЖНО

Имајќи ги предвид новите услови, кои настапија по прекратувањето на летошните бурни воени дејствија за да се избегнат и најмалите недоразбирања и погрешни толкувања за нашата идна дејност помеѓу револуционерните работници, сметаме за потребно да го обрнеме вашето внимание врз следните околности:

1. Кака што бевте известени своевремено овогодишното наше востание беше прекинато поради зимата, но тоа ќе се обнови штом ќе се најдеме во благопријатни услови за воени дејствија.

2. Револуционерната организација во иднина останува верна на својата цел и ќе продолжи да дејствува во духот на својата стара програма.

3. Службата на Главниот штаб се затвара, привремено, а раководењето на округот се доверува на Окружниот комитет.

4. Исто се однесува за реонските и горските началства, чија што служба ќе се исполнува од неподвижните раководни тела, освен во оние реони, каде што месните услови не го дозволуваат тоа.

5. Уставот и Правилникот на Внатрешната М[акедоно] – О[дринска] Револ[уционерна] Организација, што беа активни до востанието, повторно влегуваат во сила.

6. За ревизија на округот се предвидува формирање на специјално инспекторско тело.

*Од Штабот*

Печат: Македонски револуционерен комитет Пелистер. Слобода или смрт.

*Објавено:* Глигор Тодоровски, Неколку нови документи од активноста на Внатрешната организација по Илинденското востание, Гласник на ИНИ, г. XV/3, Скопје 1971, стр. 206-210; Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија..., 141-142.[545]

[545] Во последната публикација овој документ е преведен од германски на македонски јазик, меѓутоа претходно, истиот бил преведен од српски на германски јазик. При овие неколкукратни преводи документот изгубил прилично од својата автентичност.

## Документ бр. 151

### Писмо од Христо Татарчев до Борис Сарафов и Михаил Герџиков

**Инструкции за ставовите кои треба да се застапуваат при интервјуа во Западна Европа: подобро да се зборува за минатото, а не за востание во иднина, Мирцштегските реформи не ги задоволуваат минималните барања на Организацијата.**

Софија, 16 декември 1903 г.

Драги Сарафов и Герџиков,

Вашето молчење не зачудува. И покрај сета залисаност, пак би требало да одделите некоја минута за да нѐ држите во тек. Во вашите интервјуа често станува збор за прашања, кои што го засегаат животниот интерес на нашата организација. Затоа за нашата идна дејност е пожелна голема резервираност. За прашањето за востание на пролет зборувајте, дека зависи од условите, а сега не можеме да се искажеме.

Што се однесува до реформите, ќе ја покажувате нашата декларација: Губернатор европеец и меѓународна контрола, а сегашните реформи не ги содржат нашите минимални барања, туку како палиативни не можат да го отстранат постоењето на злото. Ваша тема главно да биде минатото: опис на судирите; истакнување на свирепоста на турската власт; страдањето на населениеto и сл.

Ги приклучувам кон ова полномоштвото за кое станувашe збор. По однос на вашето држење кон Цончев и Comite Balcanique[546] пишувано му е на докторот[547] за да Ви го прочита разговорот со Noel Buxton[548] и да Ви каже за нашата желба за заедништво со Цончев, дотолку, доколку не се повредува авторитетот на Организацијата.

---

[546] Балканскиот комитет во Лондон бил формиран по задушувањето на Илинденското востание за материјално помагање на настраданото население во Македонија. Меѓу неговите водачи се вбројуваат браќата Ноел и Чарлс Бекстон, лорд Џејмс Брајс, Едвард Бојл и др.

[547] Се однесува на Божидар Татарчев.

[548] Ноел Едврд Бекстон (1869–1948), англиски пратеник од Либералната партија (1905–1906) и (1910–1918) и од Лабуристичката партија (1922–1030), претседател на извршниот комитет на Балканскиот комитет (1903–1946). Преку Балканскиот комитет пред британскиот парламент се залага за заштита на жртвите од Илинденското востание.

Инаку не би имало смисла и препорачливо е да се држите до таму, отколку да го ризикуваме до сега создаденото со толку жртви.

Ви се испратија плати преку докторот само 1300 fr.

За двајцата,
*д-р Хр. Татарчев*

*Објавено:* Архив Христо Матов..., стр. 156-157.

## Документ бр. 152

### Резиме од писмото на Никола Пушкаров до Христо Шалдев

**Советувањата во Софија; морална криза во Организацијата; Х. Матов се залага за вештачко востание за следната пролет; формирана комисија за изработка на Директивата за привремено раководење на Организацијата.**

Софија, 22 декември 1903 г.

Се извинува дека досега не можел да одговори на двете испратени писма, бидејќи очекувал писмо од Д. Владов, кој заминал за учител во Солун и му ветил, дека ќе му ја соопшти својата адреса и дека тој заедно со Петар Поп Арсов, таму ќе можат да ги уредат работите. „Ние се собираме тајно, наводно поинтелигентните и со еднакво убедување, за да видиме што да правиме. Во тие собранија, јас се убедив, дека ние немаме револуционери по убедување, ниту дејци со изградени карактери, кои си изградиле еден мироглед за да го подржуваат и применуваат. И ми беше и тешко, и одвратно. Но, сепак со тие сили видов, дека може што годе нешто да се направи. И започнавме други собранија и заедно со делегатите можевме да го наложиме нашиот поглед. Велам наложиме, зашто тие и сега, особено Матов, се за едно вештачко востание за напролет, како да не се ослободува народот, туку ние сме повикани од Провидението да наложиме една слобода, за која ни влакно не е подготвено и, природно е, дека по Турците ние ќе се појавиме како уште полоши негови тирани. За да бидеме обезбедени, ние избравме една комисија, по еден од четирите вилаети, која што ќе ги преземе сите работи во свои раце и ќе има еднакви права со претставниците при решавањето на сите прашања. Во оваа комисија ги поставивме: Д. Мирасчиев,[549] Д. Стефанов, Г. Поп Христов и Стефан Петров.[550] Четворицата ги споделуваат нашите погледи и веруваме дека ќе ги чуваат. Се избраа привремени комисии за да изработат правилници за делегатите и директиви за војводите и за легалните. Во двете комисии влегу-

[549] Димитар Мирасчиев (1872, Штип–1934, Софија), учесник во акцијата на МК (1895 г), активист на ТМОРО. Во врска со Виничката афера (1897) бил осуден на доживотно заточение во Мала Азија, амнестиран е во 1902 година. За време на востанието (1903) бил војвода во Кривопаланечко. Бил главен редактор на в. „Конституциона зора“ (1908–1909).

[550] Стефан Петров (1873, Скопје–1926, Софија), член на Скопскиот окружен комитет (1896–1912), и негов претседател (1905).

вам јас и Стефанов, па поради оваа причина уште не сум заминал внатре. Директивите ќе служат за привремено раководење, додека се одржи конгрес. Кога ќе ги литографираме ќе ти испратам еден примерок, затоа пиши ми на кој начин.

Но, брате мој, правилници и директиви не подготвуваат револуционери. Таму е работата и верувај, дека на овие правилници гледам како на историски архив. Луѓе, луѓе се потребни, луѓе кои првенствено ја разбираат својата работа, или барем луѓе со изградени убедувања. А такви нема! Нема луѓе, коишто ќе проникнат во опачината на настаните, да го сфатат нивниот вистински карактер. Нема... Но верувам во иднината, бидејќи си велам, дека тој народ е способен за во иднина да даде и вистински револуционери. Ние треба да се ослободиме од славољубивата и глупава мисла, дека имено ние треба да ја ослободиме Македонија! Прими го мојот братски поздрав и за сите пријатели.

Твој,
*Н. Пушкаров*

*Објавено:* Вътрешната македоно–одринска революционна организация..., т. I, ч. I, стр. 339-340.

## Документ бр. 153

### Писмо од Битолскиот револуционерен округ до Задграничното претставништво на ТМОРО

**Незадоволство поради слабото учество на другите окрузи во востанието; потреба од општ конгрес во Македонија; потреба од преустројство на Централниот комитет; идната дејност на Организацијата; прегледување на сметките; недоверба кон српските предлози за соработка.**

[Битола, крајот на 1903 г.]

Бидејќи некои од нас заради месни потреби беа задржани по разни реони, ние едвај сега можевме да се собереме и со заедничко учество да одговориме на добиените писма од вас, при што за некои прашања го зедовме мнението на некои од задржаните началници во реоните во округот. Во советувањата учество зедоа Даме, Пере Тошев, Лозанчев, Павел Христов и Дорев. Користејќи го случајот, ние пред сѐ сметаме да го искажеме нашето незадоволство од пасивноста на некои окрузи за време на востанието. Нас нѐ зачудуваат добиените сведенија, дека во реоните Воденски, Тиквешки и Велешки, а можеби и на друго место по добивањето на соопштението од каде што треба за едновремено востание на 20 јули, од Солун уследило контранаредба за одлагање. Не беше доволно тоа, во разгорот на востанието, воденскиот и некои од гевгелиските војводи дрско изјавиле дека откажуваат прием на секоја чета од друг реон и ќе ја преследувале со вооружена сила во случај, ако би се обидела да дејствува и во нивниот реон. Овие и некои други факти ни даваат можност да судиме, дека Организацијата во многу места се отклонила од своите основни принципи, при што допуштила да се вгнезди и духот на децентрализацијата. Што се однесува до поставените прашања од вас во трите писма, нашево мнение е следно:

1. Ја одобруваме неопходноста од свикување на општ конгрес внатре во Македонија и желбата да се одржи колку може побрзо.

2. Ја признавме неопходноста од преустројство на Центр[алниот] комитет, кој во иднина треба да остане со седиште во истиот град; а потребата од подвижен Цент[рален] комитет, може да се реализира, откако ќе се образуваат ревизорските чети.

3. Прегледувањето на делата и сметките на сегашното претставништво во Софија да се наложи само на Централниот комитет;

истото се однесува и за градските раководства, горските началства и војводите во земјата, притоа да се гледа да не биде на штета на тековните работи на комитетот.

4. По однос на предлозите, дадени од Србите, ние сме во полна неизвесност, меѓутоа во секој случај, какви и да се тие, ние не веруваме во нивната искреност и сме против секакво зближување.

5. Што се однесува за идната дејност на Организ[ацијата], ние сме на мнение последната и натаму да продолжи по својата стара програма, притоа да се засилат подготовките за терористички дејствија. Неспорно, дека би било пожелно во идната пролет да може да се обноват нашите воени дејствија, но при постојната реакција во II округ и при задржувањето на воените сили на противникот овде, дејствувањето на четите како во време на востанието, во иднина едвај ќе може да се случи во споменатиот округ, наместо тоа би можело овде – онде да се извршат некои акции со експлозивни средства. Засега не можеме да се искажеме поопределено по последното прашање и покрај неговата важност, бидејќи не го знаеме духот и подготвеноста во другите окрузи по летошната акција. Поздрав.

Од пред 5 дена Брајан, Лефтер и Лозанчев се во градот за да поседат – размислуваат за тековните прашања. Ѓорче остана во Прилеп.

За Ефтимов, дека дошол и завлекол околу 100 т[урски] л[ири]. Поплаки од неговите четници, за да не го подигаат прашањето, тој им дал по неколку лири, а наместо да се јави при нас, заминал за Софија. Побарајте сметка.

Исто така од Лазарополе за Амвросија завлекол 400–500 т[урски] л[ири]. Од нив 50 т[урски] л[ири] внел кај Кичевското горско началство, да се побара и од него сметка.

Крушевското началство е таму, а што направија со собраната сума за време на востанието од 700–800 т. лири, тие никому не внеле ништо од оваа сума. Нè прашуваат крушевчани. Да ни одговорите.

Двајцата цариградски раководители што биле во болницата, Калчев и Хр. Панајотов, беа интернирани овде и сега се ослободени. Сакале да заминат за Софија да информираат за работите во Цариград.

Во Ресенско, Турците убиле неколку Бугари, двајца во с. Сопотско, а еден е ранет во с. Дрмени.

Во Лер[инско] во разни села се арестувани неколку души четници кои се беа предале за време на демобилизацијата.

5 и[љјади] л[ева] добивме преку агентството.

*Објавено*: К. Пандев, Документи за македоно–одринското националноосвободително движение..., стр. 109-110.

# Индекс

**А**
Абдул Хамид II 190, 195
Аврам, псевдоним 225, 232
Аврам Киселац, псевдоним 221
Аврамов Кочо 23, 31,147,162
Австрија 98, 211, 366, 405, 406, 408, 444
Австријци 408
Австро–Унгарија 41, 97, 405, 443
Автономна Македонија, весник 14, 288, 419
Автономија, весник 168,
Азиец 69
Азија 49, 73, 214, 269, 283, 356, 481
Акија 253
Аканџали 277
Алах 422, 423, 462
Алабакот-Димитров Наумов Иван 377
Албанија 36, 37, 104, 306, 331, 332, 334, 335
Албанец 336
Албанската внатрешна организација 215
Алданци, село 40, 421, 422
Александров Тодор 473
Алжир 408
Али, командант на крушевскиот гарнизон 40, 423
Амвросија 484
Америка 42, 420, 475, 476
Анастасов Наум 379
Ангелов Васил 465
Англија, 143, 405-407, 444, 471,
Англо–Бурскат војна, 166,
Андреев Никла 346
Антуан 98
Арменско, село 457
Арнаути 304, 418
Арсов Славејко 375, 379
Архимандрит Софрониј 280
Асенов Крсто 37, 297, 298, 312, 341, 360
Атанасов Радомир 100, 272
Атила, псевдоним за Иван Гарванов 156, 168
Атина 33, 34, 37, 38, 220-222, 225, 231, 283, 344, 363-365
Ахил, псевдоним за Гоце Делчев 122, 123, 128, 191, 194, 195, 204, 222, 225, 228-229, 231, 271
Ахчелебиско 32, 165, 169, 394
Ацев Мирче 258
Ацев Петар 211, 375, 377, 380
Аџаров 436
Аџиица, врв 239

**Б**
Бабамов Ефтим 258,
Бабино, село 379
Баждаров Георги 434
Балкански војни 378, 436, 472, 473
Балканскиот Полуостров 13, 78, 82
Балкански комитет 479
Баница, село во Серско 72, 239, 360
Баница, село во Леринско 234, 340
Банско 128, 248, 249, 358
Баово, село 100
Батанџиев Христо 12, 296, 298, 315
Батембергски Јосиф Франц 401
Бања, село 74, 85, 175
Бахматиев Јуриј 349
Башев А. 80
Бекстон Чарлс Ноел 479
Беласица 394, 435

Белгија 117
Белград, псевдоним за Охрид 210
Белград 46, 104, 214, 230, 287, 306, 349, 440, 444, 470, 471
Белев Георги 233, 273
Белезелков 47
Белица, село 456
Белица, село во Разлошко 177, 178, 440
Беловодица, село 376
Белоградчиско 257
Бело Море 252, 350
Белчев Христо 117
Бер, псевдоним за Енице Вардар 228
Берлин 104, 288, 306, 335, 336, 405
Берлински договор 11-13, 48
Берлински конгрес 11
Берово 121, 257
Беровско 438
Бесарабија 212
Бесвина, село 236
Бигла, село 257, 259
Бизовец Гаци 100
Бизово, село 100, 291
Бистрица, река 350
Бистрица, село 330
Битола 29-30, 32, 38-40, 42, 47, 53-54, 80, 88, 96, 100, 104, 131, 157, 175, 176, 210, 212, 223, 270, 306, 313, 315, 320, 332, 345, 352, 366-372, 374, 378, 379, 388, 409, 410, 424, 428, 447, 452, 474, 477, 483
Битолски вилает 18, 39, 40, 131, 160, 271, 281, 314, 350, 368-372, 424-426, 428, 433, 447
Битолски окружен комитет 23, 32, 88, 138, 175, 208, 222, 277, 315, 320, 374, 375, 379, 390
Битолски револуционерен округ 8, 34, 35, 37-43, 49, 157, 176, 221, 273, 279, 281, 285, 293, 320, 337, 339, 355, 374, 375, 382, 412, 433, 435, 443, 447, 451, 475, 477, 483
Битолско 175, 221, 271, 272, 300, 302, 304, 312, 315, 319, 342, 374, 377-379, 388, 394, 426, 436, 443, 449, 474
Битуша, село 304
БМОРК 16-19, 21, 22, 56-57
Бобина, село 379
Бобишта, село 73, 346, 378, 458
Бобошево, село 208
Богомила, село 309, 461
Боз Дагски, псевдоним 162
Бозуков Антон 166, 173, 175, 237, 243, 244
Божев 302
Бојл Едвард 479
Бојмица, село 228
Болград 85
Болградско 212
Болно, село 428, 449, 454
Босна 406
Ботев 275, 340
Ботун, село 455
Ботушанов 270
Бораново, село 121
Бориево, село 347
Бочуков Владимир 23, 32, 169
Бошков Димитар 465
Брајан Митрев, псевдоним за Даме Груев 86, 99, 484
Браќа Иванови 79-81, 121, 168
Брезово, село 377
Брејлсфорд Хенри Ноел 421, 427
Бриндизи 215, 306
Брут, пседоним за Христо Матов 434, 437
Бугарија, 9-11, 13-14, 24-25, 32-34, 39-41, 47-48, 50-51, 68, 73-78, 80, 85, 87, 89, 117, 121-122, 132, 151, 157, 161, 169, 170, 174, 179, 195, 200-201, 204, 208, 215, 217-230, 243, 246, 247, 251, 253, 256, 258, 261, 263-265, 275, 277-283, 284, 287-288,

303, 306, 315, 320, 328, 330, 332, 337, 339-340, 347, 349, 353, 361, 367-368, 390, 391, 402-408, 424-444, 446, 447, 450,
Бугарин (Бугари), 10, 12, 15, 18, 19, 56-57, 61, 66, 76, 96, 132, 135-136, 141, 145, 149, 150, 152, 154, 155-160, 166, 167, 196, 217, 219, 231, 259, 309, 366, 368, 370, 403, 405-407, 426, 448, 449, 467, 475, 484
Бугариево, село 129
бугарска влада 7, 29, 31, 34, 36-39, 41, 73, 76-79, 83, 104, 129, 131, 134-137, 141, 144, 157, 218, 265, 277, 308, 310, 313-314, 333, 349, 359, 368, 390, 404-405, 424, 447, 449, 451, 467
Бугарска егзархија, (Егзархија) 7, 15, 19, 29, 31, 35-36, 50-51, 73, 117-118, 124, 130, 136, 144, 157, 160, 268, 269, 280, 284, 287, 290, 294, 298, 303-304, 308, 314, 315, 320, 328, 333, 408, 460, 461
Бугарски Македонски Комитет 16, 29
Бугарско кнежество (Кнежество Бугарија) 25, 141, 145, 282, 350, 368, 402, 403, 447
Бугарски конституциони клубови 104, 330, 352, 379
Бугарско тајно револуционерно братство 7, 23, 30-32, 47, 87, 117, 118, 124-125, 129, 138, 140, 147, 149, 151, 153-158, 160, 162, 166, 167, 172, 376
Будинарци, село 218
Будимпешта 214
Букурешт 48, 336, 390
Бунар Хисар 297, 353, 459
Бунархисарско 394
Бургас 177, 212, 247, 353, 404
Бури 463

**В**

Вазов Иван 145
Валдемар, дански принц 401
Вардар, река 34, 37, 268, 270, 281, 294, 314, 318, 326, 327, 443
Вардарски, псевдоним за Петар Поп Арсов 9, 12, 34, 51
Варна 247, 352, 378, 404, 434
Варналиев Георги 353-354
Варош 53
Василев Георги 297
Василев (Васил), псевдоним за Д. Љ. Гурин 288, 306
Велинград 375
Величков Константин 118
Велков Никола 54
Велес 87, 124, 165, 227, 257, 291, 298, 328, 348, 353, 379, 458
Велештица, село 350
Велешки околиски комитет 353, 483
Велешко 89, 239, 309, 312, 374, 377, 394, 443, 461, 473
Венедиков Димитар 32, 175, 177, 179
Венедиков Јордан 73
Ветрен, село 32, 72, 190
Виена 46, 80, 104, 214, 287, 297, 332, 349, 390, 440
Виница 69-71, 96, 132
Виничка провала / афера 70, 132, 143, 144, 309, 481
Вирово, псевдоним за Струмица 343, 347
Висока, псевдоним за Софија 190, 192, 228, 268, 270, 279, 283, 290, 294, 296, 298, 301, 308-309, 311, 313, 317, 318, 320, 322, 324, 328, 330, 333-334, 341, 347, 392, 435, 438
Висока Порта 390, 404, 407, 431, 452
Вишени, село 223
Вишин Лазар 48
Владимирово, село 257

Владов д-р Димитар 206, 208, 481
Владово, село 100
Влав 222
Власи 10, 19, 222, 426
Влахи, село 173, 190, 218, 245
Влахов Димитар 229, 230, 305
Влахов Христо 305, 352, 354
Влашето Коле 222
Влашко 125
ВМРО 10, 16, 18, 54, 102, 116, 219, 221, 320, 374, 434, 437, 439, 469, 474,
ВМРО– Обединета 212, 230
Внатрешна организација 9, 13, 16, 21, 25, 34, 75, 174, 177, 179, 195, 200-201, 203, 206, 213-214, 233-239, 242-244, 246-248, 267, 270-271, 306, 311, 314, 322, 331, 333, 342, 349, 391, 420, 431, 439, 443-444, 452-453, 467, 468, 477-478
Воден, 30, 100-101, 270-272, 279, 291, 301, 302, 308, 313, 328, 330, 352, 433,
Воденско, 34-37, 175, 270-271, 279, 283, 290-291, 294, 308, 317, 319, 327, 342, 394, 443, 459, 484,
Востаник, весник 102
Вранештица, село 379, 381
Врање 350
Враца 87, 239
Врбанов Димо 299
Врховен македонски комитет, ВМК, ВМОК 15, 24-25, 29-34, 37-38, 73, 80-81, 85, 87-89, 91-96, 103-104, 117, 147, 151, 153, 156-157, 160, 162, 164-169, 173-175, 177-180, 190, 192, 195, 204-209, 212-214, 217-218, 229, 233, 247, 271, 274-275 277, 279, 290, 308, 311, 314, 326, 330-331, 342, 349, 351, 435
Вршец 46
Втор (II) - Битолски револуционерен округ, (Втор македоно-одрински округ) 7, 39-40, 273, 281, 285, 293, 337, 339, 355, 374, 382, 386, 387, 412, 435, 475, 477, 484
Втор (II) востанички округ - Кожуф 433, 435
Втор (II) Македонски конгрес 29, 73, 85, 87, 91, 93
Вуиќ 287, 296

**Г**

Габрово 172
Габрово, село 175
Габреш, село 345
Гавазов Јордан 159, 160
Гајков Петар 346
Гајтаниново, село 379
Ганов Христо 119
Ганчев Димитар 353-354
Гаруфалов Стојчо 173, 177
Гарванов Иван, 23, 31, 32, 38, 118-120, 124, 126, 140, 147, 148, 151, 156-158, 160-162, 214, 227, 230, 256, 352-354, 358, 361
Гацев Таши 100
Гевгелија 460
Гевгелиско 228, 244, 258, 268-271, 280, 351
Гевгелиски околиски комитет 352
Генадиев 165, 357
Гент 117
Георгов д-р Илија 83, 349
Герман, село 379
Германија 87, 104, 405, 407
Германос Каравангелис 223
Геројани 344, 345
Герџиков Михаил 34, 38, 42, 208, 270, 272, 326, 334, 357, 470-472, 479,
Гешев Костадин 100
Главен штаб на Битолскиот револуционерен округ / Главен Штаб на Вториот Мак.–Одр.

Револуционерен Округ 375, 387, 410, 412, 428, 475, 477,
Глас Македонски, весник 54
Глигоров Данаил 343
Годлевски 245
Голозинци, село 312
Горанов Тале 211
Горничево, село 236
Горно Броди, село 302, 352, 360, 434
Горно Родево, село 100
Горна Џумаја 32, 121, 191-193, 244, 268
Горноџумајско 34, 36, 121, 123, 175, 233-244, 248, 256-257, 260, 266, 312, 314, 315, 319, 324, 330, 333, 353, 394, 435
Горноџумајско востание 173, 175, 177, 336, 349, 352, 435
Господинов 315
Готен, врв 351, 394
Градево, село 248
Градинаров 119
Градско, село 424
Грамос 350
Гребенаров Георги 101
Грков 342
Грлјани 257, 259
Гроздов, псевдоним за Анастас Лозанчев 320
Груев Дамјан, види: Дамко; Д. Богој; Брајан Митрев; Јосиф 9, 12, 29-32, 39, 41-42, 46, 49-53, 55, 86, 91, 92, 94, 96, 99, 103, 105, 129, 131-134, 136, 141, 146, 210-211, 244, 354, 373-375, 387, 409, 410, 428, 462, 463, 469
Груев Димитар 48, 49
Груев Коста (Константин) 378, 387
Грција 10, 11, 14, 33, 36, 41, 131, 132, 220-222, 231, 304, 324, 403, 443-444,
Грк, (Грци) 10, 19, 159, 219, 221, 223, 225, 344, 355, 403, 426
Грчка патријаршија 448, 449
грчко–турската војна 33, 220, 221, 403
Гуменџе 220, 239, 271, 296, 459

**Д**

Д. Богој, псевдоним за Даме Груев 55
Давид, псевдоним за Иван Гарванов 230, 296, 278, 280, 284, 292, 295, 302, 305, 313, 317-319, 321, 329, 343, 348, 357
Давидов Тома, 272, 279, 297, 298, 312, 324, 333,
Давидова долина 415
Дамко, види: Дамјан Груев 52
Данев Стојан 37, 39, 328, 330, 349, 359, 367, 368
Данчев Георги 248, 257
Дарданели 252, 406
Даскалов Добре (Добри) 304, 309, 473
Даскалов Попдимитров Јосиф 283, 290
Дебарско 394, 268
IX конгрес на ВМК 233, 235
Девол, река 350
Дедеагач 297, 424
Дедеагачко 394
Дедото Димо 77
Дејков Никола 29, 46, 50, 53, 55
Делев Иван 378
Делииванов Туше (Петруш) 24, 25, 33, 212, 213, 215, 218, 243, 326, 330
Делјана 162
Делчев Гоце (Дељо) види: Ахил 6, 9, 13, 18, 22, 24, 26, 29-35, 37-39, 68-70, 72, 87, 89-90, 96, 121-123, 127, 128, 141, 181, 190-194, 197, 204-209, 212, 214, 215, 221-222, 224-234, 239, 246, 248, 250, 255-256, 267, 269, 270, 272, 274, 276, 278-280, 284, 287, 289, 292, 295, 297,

299-300, 302, 305-307, 310, 312-313, 316-321, 323, 325-327, 329-336, 341, 343-344, 346-348, 357, 359-361, 373
Демирево, село 121
Демирхисарско 239, 319, 320, 321. 388, 394, 436, 447
Демирхисарското горско началство 379
Демир Хисарска каза 429
Дерманци, село 312
Десковски 119
Деспот 121
Дечев Димитар 298, 302, 328, 333, 374,443
Дечев Никола 291
Дешат Планина 350
Диамандиев В., 87, 91
Дикања, село 258
Димитров Андон 12
Димитров Апостол 313
Димитров Бл. 119, 168
Димитров Владимир 206, 208, 209
Димитров Дејан 378
Димитров Иван 377
Димитров Лазар 119, 268, 280, 304, 352, 354
Димитров Трпче 101
Димитров Христо - Кутрулот 218
Димов Васил 100
Дирекција на Источната (Ориентална) железница 40, 409, 410, 411
Дмбени, село 458
Добри Лаки, село 239
Долине Владимир 288
Долна Вереница, село 243
Долна Копачка 379
Долна Преспа 223
Долна Река 379
Долна Џумаја 283
Долни Порој, село 155, 239, 245
Дојран 165, 284, 295
Дојранско 150, 298, 394
Донсанлијски Костадин 100, 101, 102
Донски Стојан 304, 312
Доре Книжарот 54
Дорев 483
Доревски Трајче 54
Дочков Страшимир 335, 336
Драмско 239, 394, 396, 436
Дрвингов 435
Дрезден 87
Дренков Иван 229
Дреновени, село 222
Дреновска Клисура 88
Дреново, село 173, 298
Дренок, село 268
Дрмени, село 484
Думев Велко 38, 352, 354, 357, 358, 434, 441, 470-471
Думов Петар 100
Дунав 125, 404
Дупница 121, 123, 233, 234-235, 238-239, 242, 243
Дурацо (Драч) 306, 332

**Ѓ**

Ѓавато, село 388, 449, 454
Ѓаков Ил. 49
Ѓаково (псевдоним) 328
Ѓеров Лука 379
Ѓорга 336
Ѓуѓинци, село 375, 394
Ѓурецик 396
Ѓумурџинско 394

**Е**

Евреин 221
Европа 42, 78, 80, 82, 143, 145, 214, 251, 296, 301, 356, 366, 392, 393, 420, 431, 452-453, 462, 470, 471, 472, 475, 476, 479
Европејци 355, 356, 415
Европска Турција 252
Египет 408
Екатерина, псевдоним за Гуменџе 220

Екши Су, село 433, 375
Енице Вардар 220, 228, 270, 271, 308-309, 316
Еницевардарско 220, 228, 296, 297, 394, 459
Ерменија 80, 392, 452
Ерменци 82, 84, 136, 158, 215, 392
Ерменско востание 82
Ерусалим, псевдоним за Битола 210, 270, 271, 277, 280, 301-303, 315, 319, 326
Ерусалимци, пседоним за битолскиот окружен комитет 277, 326
Ефтимов 484
Ехла, село 449, 454

**Ж**

Жеков Никола 472
Жекоолу, псеводним на Никола Жеков 472
Железница, село 247, 257, 317
Желина, село 340
Женева 33, 214, 216, 330, 332

**З**

Загоричани, село 173, 291, 294, 352, 458
Загорич, село 492, 453
Задгранично претставништво 7, 9, 25, 33-43, 138, 209, 214, 217, 220, 228, 233, 235, 268, 270, 275, 277, 279, 283, 290, 294, 296, 298, 300-303, 308, 311, 313-314, 317-320, 322, 324, 326, 328, 330, 333-334, 341, 342, 347, 349, 357, 371, 381, 390, 420, 426, 427, 433-435, 438, 443, 460, 467, 471, 474
Занешев Вангел 100
Занешев Вани 100
Занешев Васил 100
Занешев Димитар 100, 301, 352
Занешев Зано 100
Занешев Ѕано 100, 101
Занешев Иван 100, 101
Занешев Ичо 100, 101
Занешев Михаил 100
Земун 97
Зејтун 82
Зибавче, село 433
Златари, село 449, 454
Златков Дончо 30, 123, 218, 242, 244, 248, 249, 256, 257, 259, 359, 360
Зографов Никола 14, 30, 89, 177, 179, 180

**И**

Иванов Георги 70, 72
Иванчев д-р Сава 81
Иванчето 473
Игнатиев 36, 315
Игуменец, село 244, 257
Изгрев, весник 48
Икономов Иванов Димитар 245
Илдиз 404, 405, 408
Илинден 12, 14-15, 18, 20, 27, 72, 156, 247, 364, 390, 412, 417, 419, 422, 432, 435
Илинденско востание 5, 54, 173, 175, 178, 244, 228, 268, 346, 364, 377-379, 381, 421, 434, 437, 439, 441, 445, 461, 469, 473, 478, 479
Илиев Александар 239, 240, 242, 256, 258-259
Илиев Велјан (Веле) 375, 378
Илиев Дамјан, 220, 222, 324,
Илиев Иван 246
Индија 404
Ингилизов Иван 353, 354
Исус 47
Италија 73, 215, 405-406, 444, 471
Ирландски - Петров Јанаки 379

**Ј**

Јаворов Пеју 229, 251, 373
Јамбруки Христо 231
Јанев Јанаки 379

Јанев Аце 53
Јанков Анастас 34-37, 119, 173, 233, 248-249, 268, 270-271, 273, 275, 277, 279, 281, 283, 284, 288, 290-291, 293-294, 300-301, 303, 306, 308, 311-312, 314, 320, 330-332, 337-340, 344, 346-435
Јанкова Божија 330
Јанушев И. 129
Аргир Јанчев 342
Јапонија 406
Јаранов Атанас 315
Јилдиз 408
Јована 47
Јосиф, бугарски егзарх 41, 460
Јосиф, псевдоним за Д. Груев 211
Јуруков Петар 42, 472
Јунчиј, село 139

**К**

Кавадарци 124, 304, 309, 473
Кавала, псевдоним за Сер, 277, 280, 283, 294, 302, 304, 309, 310, 317-318, 320
Кадров, псевдоним за Велко Думев 434
Казанлак 436
Казанџиев 123
Казлагач 213
Казлагачко македоно–одринско друштво 33, 213
Кајларска каза 350
Калигула 125
Калин Тодор 309
Калиново, село 258
Калканџиев Коста 324, 345
Калугер, село 257
Калчев 484
Камбуров 166
Каменица 192
Камчагези 223
Канзирев Владислав 312
Караагач, село 212
Карабиберов 270
Каравелов Љубен 340
Карајовов Тома 83, 104, 290, 311, 335
Каранов Ефрем 13, 29, 68
Карасуле, село 228
Карасулијата - Христов Иван 228, 245, 279, 348
Карата, псевдоним за Т. Карајовов 335
Караферијска каза 350
Караџа Стефан 275
Карев Никола 377, 378-379
Карлово 472
Карпузов Димитар 100
Карсбад 78
Кастриоти 332, 335
Катеринско 223
Кепов Иван 206, 208, 209
Кецкаров Андон 379
Кешишот, псевдоним 211
Кина 53
Кипре 245
Киркалово, село 220
Киселиндис Христо 231
Киселинчев Лазар 33, 37, 220-222, 224-225, 231, 344-346, 364
Китанов Александар (Сандо) 244, 249, 257, 342
Китанчев Трајко 74, 175
Китан 249
Кичево 353, 388, 433, 458, 381
Кичевско 377, 379, 394
Кичевското горско началство 379, 484
Клисура 346, 436
Кљашев Пандо 222-223, 374, 378
К’нчов Васил 87, 118, 158
Ковачев Владислав (Славчо) 178, 272, 288, 297, 298, 312, 359, 435,
Ковачев Јосиф 83, 89, 124, 151
Ковачевица, село 436
Кожуф 433, 435
Кожухаров Георги 118, 447

Кожухаров, псевдоним за Александар Китанов 342
Козица, село 377
Кокарев Никола 375, 378
Коларов 221
Колушев Н. 119, 367, 372
Кондов Јосиф 129, 140
Конев Ал. 72, 119
Кониково, село 228
Кониковски Граматиков Павле 228, 283, 304, 309
Константинов А. 81, 83
Константинов Димитар 231
Константинопол 321
Коњско, село 291
Косинец, село 221, 458
Костадинов Сарафов В'лчо 172
Костадинов Стефан 123
Костов д-р 357
Костур 48, 210, 221-223, 233, 279, 282, 286, 293, 294, 313, 338, 340,
Костурска каза 350, 457
Костурско 33-35, 73, 173, 220-223, 225, 270-273, 279, 281, 285, 290, 293, 294, 308, 317, 319, 324, 338-340, 342, 345-346, 352, 374, 378, 388, 394, 448
Кораб 350
Корештата, село 223
Корзика, псевдоним за Костур 210, 222
Корнишор, село 297
Корсиканско, псевдоним за Костурско 222
Кортен, село 166
Корча 306
Корчанска каза 351
Кочанско 72, 234, 257, 377, 394
Кочариново, село 123
Коцев Христо (Поп Коцев Христо) 352, 354, 461
Коцов 119
Крал Аугуст 372
Кратово 68, 283
Кратовско 178, 234, 270, 278, 291, 375, 394
Крапчев Б. 160
Крапчев Јордан 48-49
Крапчев Данаил 330, 334, 347
Кресненско 394
Кресненско востание 16, 252, 263, 436
Кривени, село 448, 449, 454
Криволак 312
Крит 408
Кронцелево, село 100
Крстофор, село 374
Крчово, село 436
Крчовалијата Дедо Илија 434, 436
Крушари, село 228
Круше, село 428, 446, 449, 454
Крушево 139, 208, 211, 299, 326, 377, 417, 433, 454
Крушевско 377-3379, 388, 394, 423, 436
Крушевско горско началство 377, 379, 484
Крушевска револуционерна околија 417, 40
Кукуш 33, 35, 49, 72, 117, 139, 212, 228-230, 284, 290-291, 305, 315, 352, 394, 435
Кукушко 314, 352, 150, 258
Кумановско 239
Кумановска каза 350
Куратица, село 378, 449, 456
Курубинов Георги 330
Курумов 229
Кусев Јордан 100, 140
Кутрулот - Димитров Христо 218, 245, 256
Кучбах 336
Кушев Бано 165

**Л**

Лабуристичката партија 479
Лагадин, псевдоним за Кукуш 229, 230, 284, 348
Лагадинско 130

Лажев Вани 100
Лажев Иван 100, 101
Лажев Христо 100
Лажев Туши 100
Лазаров ден 512
Лазаров Никола 117, 118, 119
Лазаров Тодор 352, 354
Лазарополе 484
Лактиње, село 378
Ламбро А. Б. 98
Ламбрев д-р 442
Ламсдорф Николаевич Владимир 38, 349, 350, 366, 440
Лариса 222, 224, 225, 231, 324
Лахна, село 374
Лахчани, село 379
Левски 275, 340
Лениште, село 371
Леонида, псевдоним за В. Чакаларов 224
Леорека, село 428, 449, 454
Лерин 433, 457, 210, 279
Леринско 34-35, 234, 317, 236, 270-271, 285, 290-291, 301, 340, 374-375, 378, 379, 388, 394, 448, 449
Лесково, село 228
Лефтер, псевдоним за Пере Тошев 342, 484
Лечо Церовски - Александар Ѓошев Попнастев 378
Лешани, село 429, 455
Лешко, село 101, 144, 244, 248, 249, 333
Лештанскиот манастир 429
Либерална партија 31, 129, 479
Либјахово, село 157
Лиеж 214
Лисец, врв 394
Лимончев Димитар 280, 291, 296, 298, 302
Ловеч 279
Ловча, село 245
Ловчанско друштво 80
Лозенград 177
Лозенградско 394
Луковит 50, 55
Луково, село 291
Лцене, село 390

**Љ**

Љапчев Андреј 13, 80, 83, 90, 94, 96-97, 103, 151, 160-161,
Љапов Димитар–Гурин 73, 288
Љуботен 350

**М**

Мадрид, псевдоним за Лерин 210
Мазнеов Ангел 248
Мајски Киров Никола 412, 417
Мајска спогодба 24, 32, 173, 177, 179, 235-236, 238-239
Македонија 5, 9-16, 18, 20, 22, 24-25, 27, 29, 31-36, 38-41, 43, 47, 49-51, 56, 68-69, 70-72, 74-76, 80-81, 83-84, 87, 89, 91, 93-94, 104, 106, 111, 118, 122, 124-126, 131-132, 135, 137, 139, 142-145, 149-151, 155, 157-158, 160-161, 163, 174, 195-196, 206-207, 215, 217, 219, 221-222, 228-229, 233-234, 247, 251-252, 255, 258, 264-265, 269, 274-276, 287-288, 290, 296, 300-301, 303, 308-309, 311, 314-315, 322, 324, 326, 331, 333, 349, 352, 357, 361, 363-364, 366, 368-369, 389-391, 394, 400, 403-407, 409-410, 412-413, 417-421, 424, 427-428, 434, 442, 444, 452-453, 462, 464, 467, 476, 482-483
Македоно–одрински народ 25, 253
Македоно–одрински преглед, списание 48
Македоно–одринско ополчение 435-436
Македоно–одринските тајни революционерни комитети 107, 267

Македоно–Одрински Централен Револуционерен комитет 17, 25, 107, 212, 255, 352, 410
Македонска федеративна емигрантска организација 73-74, 90
Македонски комитет - Софија 73-74
Македонски револуционерен комитет 176, 273, 282, 286, 293, 338, 429, 478
Македонски револуционерен комитет - Цариград 73-74, 352
Македонски Револуционерни Комитети 59
Македонски централен револуционерен комитет 29, 86
Македонско друштво - Ќустендил 29, 68
македонско прашање 11-12, 29, 35, 38, 41, 78, 81, 143, 296, 366, 401, 407, 440, 442-443
Македонско студентско друштво 46, 48-49
Македонец (и) 14, 15, 19, 22 25, 27,29, 33-34, 37-389, 47, 76, 93, 106, 122, 125, 220-221, 252, 254, 274, 276, 339-340, 344-345, 363, 365, 403-405, 407-408, 462
Македонки 69
Мала Азија 49, 73, 214, 269, 283, 481
Малесија 378
Малеш 298, 435
Малешевско 34-35, 49, 175, 178, 218, 233-234, 244, 246, 256, 260, 265, 283-284, 302-303, 310, 312, 341, 351, 374
Малешевски Никола 30-32, 38, 121, 123, 127, 190, 192, 209, 358-359
Малко Трново 173
Малкотрновско 394
Малчанков Стојан 436
Манасиев Аргир 268, 271, 472
Манијакот, прекар 331, 358-360
Манов 158
Манолев Вано (Иван) 228-229, 280, 291, 348
Манолев Димитар 121
Манчов Трајчо 194
Марат 167-168
Маринов Аргир 378
Маринов Д. 408
Мариовско 374, 388, 394, 396, 443
Марко, псевдоним за Ѓ. Петров 172, 192, 195, 204, 305, 326
Марков А. 102
Марков Андон 100-101
Марков Димитар 299
Марков Христо 100
Мартинов Спас 270, 352, 354
Матлиев Димитар 377
Матов Димитар 83, 87
Матов Христо 17, 23, 26, 31, 41, 43, 103, 138, 141, 144, 159, 269, 290, 309, 321, 326, 349, 357, 420, 424, 434, 440, 469-471, 481
Мачуково, село 244, 270
Маџаров Иван 130
Мегленско 291
Меѓурек, село 228
Мелник 78, 190, 245, 248
Мелничко 36, 150, 173, 190, 218, 313, 320, 394, 435
Месимер, село 100
Места, река 350
Мечето - Мечев Димитар 348
Мечково, село 245
Мешеишта, село 456
Милетич д-р Љубомир 349
Милосрдие, братство 167
Минѓо - Лазаров Тодев Димитар 40, 358, 433-434, 436
Министерството за надворешни работи и вероисповед 31, 38, 135, 248, 366, 404
Минков Георги 177, 179
Минхен 214

Мирасчиев Димитар 481
Мирко, црногорски кнез 401
Мирчев Димитар (Мирчо) 46, 52-53, 148, 269, 352-354
Мирцштегските реформи 42, 479
Мис Стон 190, 244, 246, 297, 304, 312, 473
Митрашинци, село 218
Мичуков Ванче 379
Михајлов Петар 32, 176
Михајлов Сава (Савата) 244, 358, 472-473
Михајловски Стојан 117, 206, 233, 236-237, 240, 308, 333
Михајловски - Цончев 104, 214, 233, 275, 290, 314, 326, 391
Мицев Ташо 258
Мицков Арсо 379, 381
Мишев Лазар 473
Млада македонска книжевна дружина 46
Млечното, псевдоним за Владислав Ковачев 288, 300, 359
Могила, село 315, 379, 454
Мокрени, село 346, 457
Мокрешки Кољо 340
Молеров Симеон 465
Момина Клисура 436
Моноспитово, село 347
Мончев Борис 330, 347, 461
Моравска воено–инспекциска област 435
Московлазар 223
Мурат беј 404
Муртино, село 347
Мурџев Атанас (Тане) 173, 234, 302, 312, 443
Мустафапашинско 394
Мутафов 49

**Н**

Назарет 47
Народна федеративна партија 117, 230, 473
Наумов Атанас 118-119, 140, 153, 157-159, 165, 168
Наумов Никола 48, 54, 81, 290
Начович Глигор 39, 390, 403, 405-406
Невеска 346
Неврокоп 173, 245, 268
Неврокопско 157, 245, 268, 361, 379, 390, 394, 436
Неврокопски околиски комитет 245
Негован, село 130
Неофит 54
Нивичино, село 246
Никлев Тома 379
Ников Атанас 302
Николаев Данаил 30, 73, 83, 85, 87, 89-91
Николов Киро 223, 232
Николов Стефан 173, 177, 208, 236-237, 240, 245, 282-283, 298, 330, 332, 440
Николов Михаил 378
Ниш 289
Ниџе 346
Нов Век, весник 42, 467-468
Нови Сад 214
Ново Село, Струмичко 347
Ново Село, Штипско 352

**О**

Овчеполски 394
Огражден 239
Одринско 16, 20, 22, 24, 34, 38, 40, 56, 61, 106, 111, 142, 174, 207-208, 234, 251-252, 255, 269, 326, 352, 361, 390, 394, 412, 415, 424, 426, 431, 440, 442-443, 453, 470
Одринец (и) 15, 22, 25, 252, 254
Одрински вилает 351, 409-410
Одрински округ 40, 268, 352, 390, 394, 424, 433, 435
Одрински окружен револуционерен комитет 297, 335, 352

Оздолени, село 279, 429, 455
Олчев Спиро 224
Ораовец, село 89, 377
Ораовица, село 473
Ораховец, село 258, 375
Орлеан, псевдоним за Одрин 294
Орлеански, псевдоним за Велко Думев 357
VIII конгрес на ВМК 24, 32, 204, 206
Осиково, село 390
Острово 270, 342, 433
Осојница 326
Отоманската банка 226-227
Охридско 211, 279, 312, 378-379, 388, 394, 429, 448-449
Охридска каза 350, 429
Охридски околиски комитет 32, 210, 378-379
Охридско Езеро 379
Охридско горско началство 378-379, 415

**П**

Павлев Ѓорѓи 378
Павлов 326, 334
Падијас Селаматија 231
Паисиј 275
Паланка 236
Паланечко 394
Палат, село 123
Палестрон 231-232
Паљанга Мици 100
Панајотов Александар 375, 379
Панајотов Хр. 484
Панаѓуриште 130
Пандопуло(в), псевдоним за Кирил Прличев 101, 297, 299, 330, 334
Паница Тодор 118, 157
Панов 103
Панта 48
Панчарево, село 191-192, 194
Папалазару Стамати 345
Папанчев Ѓорѓи 340, 374-375, 378, 387
Паралово, село 374
Париз 35, 214, 288-289, 300, 306, 331, 335
Партенон 166
Парчев Јордан 100
Паскалев 470
Пасков Васил 39-40, 390-391, 424-425
Пасков Христо 379
Пателе, село 379
Патера Христо 283
Патчев Методи 211
Паунчев Г. 83, 87, 91
Пејков Коце 257-259
Пејков Тодор 352-354
Пејчиновски 166
Пеливанот Васил 218, 259
Пелистер 409-410, 429, 478
Пенџерков Григор 54
Пепелиште 312
Пера, затвор 321
Перник, псевдоним 192
Перово, село 375, 454
Песочан, село 378
Петков Апостол 228, 271, 304, 309, 312
Петков Вангел 100
Петков Драган 379
Петлец, врв 49
Петрич 240, 317
Петричко 34, 36, 123, 177, 239, 242, 244, 256-257, 260, 277, 303, 314, 317, 319-320, 324, 394, 435
Петровалијата - Петровски Атанас 283
Петров Георги 178, 206, 208
Петров Д. 129
Петров Ѓорче 22-24, 26, 32, 53, 103, 118-119, 124, 127, 141, 151, 154, 158, 160-161, 166, 168-169, 171-172, 177, 179-181, 190, 192, 195, 197, 204, 209, 214-215, 229, 256, 443, 474, 484

Петров Јанаки 379
Петров Рачо 40-41, 160, 424, 446-447
Петров Стефан 481
Петров С. Никола 374
Пехчевско 353
Пешков Ѓорѓи 374, 379
Пиза, псевдоним за Цариград 290, 294, 304, 309, 313, 321
Пијанечко 234, 394
Пиперов Хр. 129
Пиперката - Силјанов Јордан 377, 379
Пирдоп 280
Пирин 283, 443
Пиринско 426, 433
Плаќе, село 449, 456
Плевен 315
Плевенско 312
Плевенски округ 50
Пловдив 27, 129, 159, 169, 208, 268, 309, 313, 335, 357, 375, 378, 424
Победоносец, врв 412, 428
Подвис, село 379
Подлес, село 473
Подмочани, село 74, 449, 454
Подрум Кале 88, 138, 253, 309, 373
Пожарлиев Иван 35, 270-271, 279, 290-291, 301, 303, 308
Пожарлиев Тома 270
Пожарско, село 100-101, 270, 279, 308
Попатанасов Владимир 326
Попатанасов Димитар 298
Попдимитров Јосиф 283
Попкиров Киро 225
Поп Арсов Петар 12-13, 51, 87, 149, 269, 290, 309, 461, 481
Поп Јорданов Јордан (Орце) 33, 226-227, 229
Поп Коцев Христо, види: Коцев Хр.
Поп Настев Александар 387
Поп Николов Тома 381
Поп Ставрева провала 49
Поп Стојанов Антон 351
Поп Теофилов Лука 440
Поп Тончев Стамат 129
Поп Трајков Лазар 223, 231, 302, 306, 375, 378
Поп Христов Ѓорѓи 374-375, 379, 481
поп Иван 291, 309
поп Јане 245
поп Кузман 379
поп Туше 100
Попев Гр. 138
Попето - Апостолов Михаил 258-259
Попов Анго 229
Попов Георги 100
Попов Васил 234, 248, 257, 298, 312, 316, 381
Порече 377, 379
Порој, село 155, 239, 277, 284
Поројско 35, 245, 268, 294, 394
Поројлијата - Николов Алекса 233, 239
Право, весник 13, 15, 229, 274, 290, 321, 346
Правилник на Бугарските Македоно-Одрински Револуционерни Комитети 16, 18-19, 21, 29, 57-63,
Правилник на ТМОРО 16-17, 19, 21-24, 26-27, 30, 42, 108-109, 171, 174, 181, 269
Правилник за четите на Тајната македоно–одринска револуционерна организација 32, 181, 184
Прв (I) македонски конгрес 74
Прва фалканска војна 190
Прва светска војна 11, 312, 378, 435
Преспанско 223, 236
Преспанско горско началство 375, 378
Претставничко тело 435, 437, 439
Пречистански Козма 50

Прешевска каза 350
Прилеп 35, 46, 51, 53, 88, 124, 129, 138, 151, 157, 159, 165, 167, 173, 211, 272, 301-302, 330, 342, 371, 374, 376, 461, 472, 484
Прилепски конгрес 49, 54, 88, 374, 377-378, 473
Прилепско 53, 258, 312, 327, 375-377, 388, 394, 443
Прилепски околиски комитет 376
Прилепско горско началство 376
Принцот, псевдоним за Б. Сарафов 228-229, 283, 295, 320, 332
Присвојани, село 378, 456
Прличев Кирил 30, 42, 100, 297, 299, 326, 347, 357, 474
Прогресивно либералната партија 80
Пушкаров Никола 42, 280, 481-482

**Р**

Рабетин Кол 379
Радев Александар 80, 325, 333
Радев д-р А. 80, 83, 147
Радибожд, село 350
Радовиш 290, 353, 435
Радовишко 233, 249, 394, 473
Радомир, село 272, 279-280, 301, 350
Радомирско 258
Радославов Александар 465
Радославов Васил 73
Радославов Цветан 290, 294, 297
Радулов 440
Раев 461
Развигоров Мише 358
Разлог 312, 394, 433, 436, 443
Разлогов, псевдоним за Јурдан Стојанов 245, 248-249, 266
Разлошко 74, 178, 248, 297, 314, 324, 436, 440
Рајново, село 100, 102
Рајчани, село 377
Рали Ламбро 231
Революционерното братство 7, 23, 30-32, 47, 87, 117-118, 124-125, 129, 138, 140, 147, 149, 151, 153-158, 160, 162, 166-167, 172, 376
Револуционерен лист, весник 14, 360, 390
Ресен 73-74, 80, 208, 211, 379, 433, 454
Ресенско 74, 375, 388, 449, 484
Ресенското советување 49, 73
Ресенско горско началство 379
Речица, село 449, 456
Реформи, весник 206, 246, 311, 314, 321, 331
Рибница, село 277
Рила 234, 252, 402, 440
Рилски конгрес 9, 49, 54, 157, 190, 304, 374, 473
Ризов Димитар 23, 31, 83, 91, 104, 132, 146
Ризов Никола 218
Рим 104
Робев Симеон 332
Робово, село 218
Робово, село 347
Родос 253, 283
Родопи 234, 252
Розов Манол 346, 378
Рожден, село 396
Романија 10, 41, 443-444
Рошанов Тома 268
Рука Наум 231
Руменов д-р Валдимир 208, 236
Русе 212, 353, 376
Русија 70, 85, 143, 247, 251, 253, 349, 366, 404-407, 443-444
Руси 247, 355, 403-404, 408
Русиново, село 244, 374
Русински Петров Никола 374
Руља, село 223

**С**

Сабљер, село 173
С'борско, село 100, 291, 301, 308
С'ботско, село 100-101

Савов Иван 257-259
Саев Тодор 177, 179, 234, 242, 248-249, 332
Сакзов Петар 309
Самарџиев Ил. 160
Самарџиев Коне (К. Самарџиев) 51, 129, 140, 166
Самарџиев Петар 42, 472-473
Самоков 297, 312, 436
Сандански Јане 14, 34-35, 40, 118, 157, 190, 209, 283, 294-295, 310, 360, 433-434, 465
Санкт Петерсбург 104, 352
Сан Стефанска Бугарија 39, 403, 405
Сапунаров Иван 352, 354
Саракиново, село 100-101, 175, 270, 308
Саракинов Христо 175, 178, 180, 249, 271, 310, 315, 327
Саракинчев Гаци 100-101
Сарафов Борис 33-37, 42, 89, 118, 157, 160, 164, 166, 169, 178, 180, 195, 204, 206-207, 214, 220, 228, 233, 270, 272-273, 283, 287, 294, 296, 298, 300, 306-307, 331, 335, 358, 375, 379, 405, 409-410, 469-472, 479
Сарафов Михаил 46, 48, 50, 117-118
Света Гора, псевдоним за Солун 204, 220, 228, 268, 270, 272, 279, 283, 290, 294, 296, 298, 301, 303, 308, 311, 313, 317-320, 322, 324, 326, 328, 330, 333-334, 341-342, 347, 392
Светагорци, псевдоним за членовите на ЦК на ТМОРО 204
Светимиров А., псевдоним за Христо Татарчев 86
Светиниколско 304
Световраче, село 379
Светомитрани, село 379
свештеник Илија 245
свештеник Тома 381
свештеник Христо 129
Свиштов 290
Седми VII (Одрински) востанички округ 40, 424, 435
Секулица, село 278
Секулички Марко 278, 294, 299, 311, 318
Селим чауш 309
Селиште, село 248
Селцобалиев Константин 268
Сер 38, 48, 87, 124, 140, 155, 157-158, 165, 248, 268, 277, 280, 283, 302, 304, 315, 328, 366
Серменин, село 291
Серско 41, 72, 150, 212, 239, 248, 302, 313, 320, 352, 360, 394, 434-436, 443, 464
Серски револуционерен округ 41-42, 190, 212, 268, 326, 358, 426, 435, 438, 440, 464, 466
Серски окружен комитет 245, 302
Серски округ 41, 190, 433-434, 436, 438
Серски санџак 464
Сефеџи ага 371
Сехово, село 268
Силјанов Христо 311, 344, 409, 475
Симиќ Св. 296
Синан, кмет 421
Сирула, село 429, 449, 455
Сирулски рид 378
Скеченско 394
Скопје 48, 104, 132, 208, 268-269, 280, 283-284, 295, 304, 352, 424, 458, 461, 474, 481
Скопска епархија 143
Скопски вилает 131, 350
Скопски окружен комитет 234, 353, 358, 481
Скопско 268, 379, 394, 426, 443
Скребатино, село 436, 455
Слб, село 374, 377
Сливен 297, 340, 374
Сливналијата Стојанов 309
Сливенско 166

Слоештица, село 447
Смилево, село 49, 304, 374-375, 378, 381-382, 429, 448-449, 453
Смилевскиот конгрес 39, 49, 157, 222-223, 234, 315, 320, 340, 374-379, 381
Смол, село 244
Смолјанскиот околиски комитет 169
Смрдеш, село 220, 222-223, 346, 458
Созопол 440
Солун 12, 24, 26, 29-31, 33, 36, 38-39, 46, 50-51, 53, 73, 85, 87-88, 91, 93, 96, 98, 100, 103, 117, 129-131, 134-135, 138-139, 141, 146-149, 151, 154-155, 157, 159-160, 162, 164, 166-167, 175, 181, 190, 199, 204, 212, 214, 222, 226-228, 233, 268-270, 277, 279, 283, 290, 294, 301, 303-304, 308-309, 311, 313, 315, 317-321, 328, 330-331, 335, 342, 347-348, 350, 352, 354, 361, 366, 371, 373, 404, 409, 424, 461, 474, 481, 483
Солунска бугарска општина 129
Солунска егзархиска гимназија 29-30, 46, 87, 117-118, 124, 129, 149, 157, 294, 461
Солунска егзархиска црковно–училишна општина 29, 31, 50, 129
Солунската провала 32, 49, 73, 88, 118, 129, 138, 181, 190, 195, 199, 227
Солунски вилает 131, 258, 350, 433, 458
Солунски комитет 87
Солунски конгрес (1896) 9, 15, 19, 21-22, 49, 54, 72-73, 88, 138, 148, 296, 352
Солунски конгрес (1903) 38, 47, 118, 268, 270, 301, 305, 320, 352-353, 357-358, 392
Солунскиот окружен комитет 129, 352
Солунскиот окружен револуционерен комитет 118
Солунско 129, 139, 196, 198, 344, 374, 394, 426
Солунско пристаниште 404
Сопотница, село 379
Сопотско, село 484
Софија 29-31, 33, 38, 40-43, 46, 48-49, 53-54, 68, 70, 72-75, 78, 80, 83, 85, 87, 89, 91, 93, 103-104, 117-118, 121, 123-124, 127, 129-132, 134-135, 138-139, 147, 154-163, 169, 173, 175, 177-180, 190, 192, 206-208, 212-213, 215, 217, 220-222, 225-226, 228, 233-234, 239, 243, 253, 263, 265, 270-271, 275-277, 280, 290, 296, 298, 301, 305-306, 308-309, 311, 314-316, 320-322, 324, 326, 328, 330-331, 333-334, 339, 344, 349, 352, 357-361, 366, 371, 374, 379, 381, 392, 400, 403-404, 420, 426, 431, 433, 435, 438, 440, 442-443, 446, 452, 460-461, 467, 469-474, 479, 481, 483-484
Софиски советувања 49, 72
Софрониј Одрински 130, 280, 304
Спространов Димитар 381
Србакот - Ванчо Мицков 379
Србија 7, 10, 14, 35, 41, 215, 284, 287, 296, 298, 404, 440, 444
Срби 10, 159, 219, 355, 484
Српско кралство 350
Станишев Христо 30, 38, 104, 117, 124-125, 151, 233, 273, 314, 333, 349, 351
Станишева Евка 328
Стамболов Стефан 117, 218
Стара Загора 118, 234, 291, 472

Старчиште, село 245, 268
Стег, 292
Стефанов Димитар 24-25, 33, 212-213, 218, 243, 280, 289, 294, 303, 326, 465, 481-482
Стефанов Иван 330
Стефанов П. Ил. 129
Стефанова Ефка 321
Стефановиќ 296
Стефану Анд. 345
Стоенчев Љубомир 435
Стоилов Георги 249
Стоилов Константин 17, 31, 103, 118, 124, 129, 131, 133-134, 136-139, 141-142, 144-145, 160
Стоилово 459
Стојанов Андреј 294, 297
Стојанов Иван 294
Стојанов Јурдан 243, 245, 248, 265-266, 435
Стојанов Софрониј 32, 174, 246, 310, 315, 324, 326-327, 332
Стојанович Иван 97
Стојанчев 100
Стојаково, село 351
Стојков Димитар 379
Стојков Минчо 165
Стојков Петар 309-310
Страшимир, псевдоним за Спас Мартинов 270-271
Струма 245, 394
Струмица 78, 258, 302, 328, 353, 435
Струмичко 37-38, 150, 236, 272, 312, 314, 328, 341, 347, 394, 443
Струмички окружен комитет 258, 312
Струга 138, 379, 388
Струпино, село 100, 291
Сугарев Ѓорѓи 324, 374, 378
Суровичево, село 424

**Т**

Тајната Македоно–Одринска Револуционерна Организација 30, 32, 106, 181
Тајната революционерна организација во Македонија и Одринско 208
Т. Р. Централен Комитет 24, 207
ТРЦМ–Одрински комитет 17, 24, 179-180
Тајниот Централен Македоно–Одрински комитет 25, 107
ТЦМОРК 107
ТЦМО комитет 25, 212
Тајниот централен револуционерен комитет на Македонија 25, 217
Тајниот Централен Револуционерен Комитет 206-207, 394
Тајното бугарско револуционерно братство 7, 23, 30-31, 47, 51, 87, 117-118, 124, 129, 138, 140, 149, 157, 172, 376
Тајните офицерски братства 175
Танчо (Танче) 277, 333
Татари 404
Татар Пазарџик 118, 390
Татарчев Божидар 103, 479
Татарчев д-р Христо 12-13, 15, 17-18, 21-22, 31, 34, 41-42, 73, 79, 86, 93, 103, 129, 138, 152, 155, 160, 167, 227, 269, 283, 326, 349, 420, 440-444, 446, 470-472, 479-480
Таш–Маруништа, село 429, 456
Ташков Вани 100
Темелков Стамен 473
Тенчев Христо 30, 117-118, 124, 140, 269, 461
Теофилакт, архимандрит 130
Тесалија 231, 406
Тетовско 394
Тефиков 166
Тиквеш 298, 304, 353
Тиквешко 36, 308-309, 394, 473
Тиквешки околиски комитет 473
Тишин 280, 291
ТМОРО 9, 15-19, 21-27, 30-43, 47, 54, 72, 88, 104, 106-107, 117-

118, 121, 123-124, 129, 131-132, 134-135, 138, 147, 152, 157-158, 160, 162, 165, 169, 172-173, 175, 181, 184, 190, 192, 195, 206-209, 212-213, 214, 217, 220-223, 225, 227-231, 233-235, 239-240, 244-245, 248, 251, 256, 258, 260, 268, 270, 275, 277, 279-280, 283, 287, 290-291, 294, 296-298, 301-303, 305, 308-309, 311-322, 324, 326, 328, 330, 332-334, 339, 341-342, 346-347, 349, 352-353, 357-358, 361, 371, 373-374, 377-379, 390, 392, 420, 426, 431, 434, 436, 438, 440, 443, 452, 460, 472-474, 477, 481, 483
Топчилешов 132
Топхане 405
Торино 73
Тошев Андреј 31, 157
Тошев Пере 35, 38, 88, 138, 148, 159, 171, 269, 279, 290, 301, 302, 342, 357-359, 483
Тошев Стојанов Доне 30, 96
Трајков Нишо 34, 274
Трајков Мицев Ташо 258
Тренков Јордан 376, 380
Тресино, село 100, 291
Трикала 222
Трново 117, 375, 436
Трново, село 223
Трсје, село 346
Трпчев Никола 100
Тунис 408
Турска империја 400-401, 406
Турска влада 77, 82, 114, 136, 143-144, 195, 370-371, 425-426, 428-429
Турско комесарство 161, 467
Турци 36, 79, 118, 122, 143, 154, 182, 196, 200, 219, 249, 254, 257, 259, 263, 265, 291, 308-309, 313, 317-318, 339, 373, 396, 403-404, 406, 416, 418, 426, 433, 448-449, 452-453, 455, 458, 481, 484
Турција 33, 41-42, 74-75, 81-82, 156, 173, 217, 241, 251-253, 260, 361, 364, 373, 392, 403, 407, 413, 415-416, 424, 436, 443-444, 452-453, 475
Туфекчиев Наум 74, 76, 79-81, 84-85, 90
Тушим, село 101, 270, 291, 301, 308

**Ќ**

Ќазим ага 132
Ќосето - Јанев Лазов Андон 312
Ќулева 272, 280
Ќљумов 298
Ќустендил 29, 68, 70-72, 89, 96, 121-122, 127-128, 233-234, 240, 278, 326, 333
Ќустендилско 173, 190, 208, 243
Ќустендилски комитет 68, 70-72
Ќустендилски конгрес 73, 304, 473
Ќустендилско друштво 68

**У**

Узунов Димитар 231, 345-346
Узунов Христо 377-379
Уљанци, село 258
Училишниот оддел при Бугарската егзархијата 50, 117, 268, 290, 294, 304
Устав на Бугарските Македоно–Одрински Револуционерни Комитети 16-19, 21-22, 29, 56, 58
Устав на МРО 309
Устав на ТМОРО 15, 17-19, 21-27, 107
Устав на Тајната Македоно–Одринска Револуционерна Органиација 15, 30, 106, 108

**Ф**

Фердинанд, бугарски кнез 39, 41, 77-78, 98, 144, 254, 275, 400, 402, 442

Февруарските (Падарски) реформи 349, 373
Ферух (Али) беј 358
Филипов (Николов) Стојан 245-246, 268
Фиуме 306
Франција 118, 143, 159, 274, 405-406, 471
Французи(те) 408
Француска револуција 464
Фотев Наум 378

**Х**

Хајне 162
Хаљо - Михаил Ставрев 218, 236-237
Харлаков Никола 206
Хасково 129
Хаџи Николов Иван 12, 49, 98, 138, 155, 158-160, 290
Хаџи Димов Димо 360
Хаџимишев Панче 292
Хаџимишев Т. 129
Хаџи Пејов Т. 100
Х. Димитар 275
Херцеговина 406
Хикел Рихард 409
Хлебаров Георги 100
Хлебаров Петар 100
Хотово, село 123
Христов Веле 380
Христов Коте 223
Христов Павел 221, 483
Христов Тале 376
Христов Тасе 377-378
Христов Тодор 379
Христов Трајчо 272, 316
Хрлев Никола 352, 354
Хубост, псевдоним за Б. Сарафов 307, 332
Хусеин Хилми Паша 41, 462

**Ц**

Цакони, село 100
Цакончев Иван 100
Цапарево, село 177
Цапари, село 221, 454
Царев Двор, село 375
Цариброд 297
Цариград 51, 50, 73-74, 84, 93, 117, 158, 160, 162, 164, 195-196, 226, 268, 271, 290, 297, 304, 311-312, 335, 390, 401, 403-404, 408, 460, 474
Цариградски комитет на ТМОРО 352
Цветинов Атанасов Наум 379
Цветков Парашкев 315, 319, 374-375, 378
Централниот комитет (Централниот); 7, 9, 12, 18, 24, 52, 108-109, 114-116, 148-150, 152-153, 167, 173-175, 182-183, 192, 199, 201, 203-204, 206-207, 215, 227, 236, 243, 245, 268-269, 352-354, 374, 471, 483
Централниот Бугарски Македоно–Одрински Револуционерен Комитет / ЦБМОРК 56-57, 59, 61, 65-66
Централниот Македонско–Одрински Револуционерен Комитет / ЦМОР Комитет / ЦМОРК 17, 23, 25, 31, 107-108, 114, 116, 141
Централниот македоно–одрински комитет 24, 212, 352, 363
Централниот македонски револуционерен комитет / ЦМРК 12, 17, 21, 23, 25, 29, 75, 86, 91-95, 145-146, 212, 431
Централниот револуционерен Македоно–одрински комитет / ЦРМ–ОК 16, 23, 57, 146, 169, 255
Централниот револуционерен македонски комитет 16, 73, 85, 370
Централниот Таен Револуционерен Македоно–Одрински Ко-

митет / ЦТРМ - Одрински комитет 17, 24-25, 107, 180, 206-207, 217, 394
Цер, село 175, 378-379, 455
Церово, село 378
Цијан, псевдоним за Димитар Мирчев 269
ЦК на МРО 29, 30, 49, 51, 72-73, 87-88, 93-94, 98, 100, 103, 149
ЦК на ТМОРО 21, 26, 30-38, 40, 47, 53-54, 88, 117-118, 138, 152, 173, 175, 181, 190, 192, 195, 204, 212, 214, 227-230, 233, 235, 251, 256, 260, 268, 270, 277, 279, 283, 290, 294, 296, 298, 301-303, 308, 309, 313-314, 317-322, 324, 326, 328, 330, 333-334, 341-342, 347, 352, 357, 361, 371, 373, 390, 431
Цончев Иван 104, 117, 173, 209, 214, 233, 235, 237, 240-241, 282-283, 298, 443, 471, 479
Црвена Вода, село 429, 455
Црн Врв 394
Црн Дрим 350
Црна, река 388
Цуцулов 313

**Ч**

Чакаров А. 29, 69-72, 168
Чакаров Наум 379
Чаков Михаил 239, 436
Чамов Адамаки 100
Чариков 87
Чекаларов Васил / Равашол 33, 220-223, 225, 339-340, 374, 378
Чеков Михаил 375, 387
Чемков Христо 159-160
Чепеларе 169, 171-172
Чепинско 390
Червениванова 295
Черешница, село 317, 458
Черкези 404
Чернодрински Војдан 223
Черновиште, село 340
Чернопеев Христо (Черно Пеев) 37, 312, 341, 351, 435-436, 472
IV Пирински (Серски) револуционерен округ 42, 464-465
Чифлик, село 353
Чолачев Никола 100
Чокенско 394
Чугунци, село 258
Чуранов Павлев Ѓорѓи 378
Чуриловскиот манастир 346
Чучков Ефрем 234, 240

**Џ**

Џејмс Брајс, лорд 479

**Ш**

Шаламанов Трпче Димитров 101, 270, 280, 342
Шалдев Христо 42, 481
Шарлотенбург 336
Шар Планина 350
Шатоев 290
Шахов Коста 233
Швајцарија 98, 336
VI Македонски конгрес 31, 147, 160, 169
Шестово, село 223, 458
Шипка 247, 270, 347
Шипков Антон 436
Шишманов Иван 402
Шлопница, село 258
Шопов Атанас 31, 124, 129-131, 134-136, 138-140
Шопов Спиридон 173, 175
Штип 48, 72, 89, 96, 173, 178, 212, 234, 352-353, 358, 375, 458, 461, 481
Штипско 234, 258, 352, 394, 443
Шулева Елена 269
Шумен 328